ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ПОНИЖЕНИ И НАВРЕДЕНИ

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ПОНИЖЕНИ И НАВРЕДЕНИ

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЈ
УНИЖЕННЬЕ
И ОСКОРБЛЕННИЬЕ

Превел од руски
ТРАЈАН БАВТИРОСКИ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

ПОНИЖЕНИ И НАВРЕДЕНИ

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

КНИГА ПРВА

ПРВ ДЕЛ

ПРВА ГЛАВА

Минатата година, на дваесет и втори март, квечерината, ми се случи една чудна работа. Цел ден одев низ градот и барав стан. Стариот стан ми беше многу влажен, а јас, пак, тогаш почнав некако сомнително да кашлам. Уште есеноска сакав да се селам, но некако останав до пролетта. По цел ден не можев да најдам ништо згодно. Пред сè сакав да најдам посебен стан, а не кај некакви станари, а потоа, макар само една соба, но на секој начин голема, а, се разбира, во исто време што поевтина. Сум забележал дека во тесен стан и мислите на човека му се стеснети. А јас, кога ќе ги смислував своите нови раскази, секогаш сакав да шетам низ собата. Навистина: мене секогаш ми беше попријатно да ги смислувам своите дела и да замислувам како ќе ги пишувам, отколку да ги пишувам, и, навистина тоа не беше мрзливост. А во што беше работата?

Уште изутрината чувствував дека не ми беше добро и околу зајдисонце ми беше сосем лошо: почнуваше нешто како треска. Предвечер, токму пред стемнување, минував низ Вознесенски проспект. Јас го сакам мартовското сонце во Петроград, особено зајдисонцето, — се разбира кога е ведра, студена квечерина. Целата

улица тогаш наеднаш болснува, опсипана со силна светлина. Сите куќи наеднаш како да затреперуваат од сјај. Нивните жолти и матнозелени бои, како да ја губат за момент целата своја стушеност; во душата на човека како да му се разведрува, просто затреперува, или се сепнува како некој да го шибнал со лакот. Нов поглед, нови мисли... Чудна работа, што е кадар да направи еден сончев зрак од човековата душа!

Но сончевиот зрак угасна; мразот стегаше сè повеќе, и почнуваше да штипе за нос; се стемнуваше сè повеќе; светилките на гас заблескаа од продавниците и дуќаните. Кога стасав до Милеровата слаткарница, наеднаш застанав како вкочанет, па се загледав на другата страна од улицата, како да претчувствував дека во тој миг ќе ми се случи нешто необично; и токму во тој миг, на спротивната страна, здогледав старец и неговиот пес. Многу добро се сеќавам дека срцето ми се стегна од некое непријатно чувство, така што ни самиот не можев да си објаснам какво беше тоа непријатно чувство.

Јас не сум мистик; во претчувства и гатања не верувам; но мене, можеби како и на сите, во животот ми се случиле неколку доста необјасниви работи. Ете, на пример, токму тој старец: зошто, при тогашната моја средба со него, веднаш почувствував дека таа вечер ќе ми се случи нешто необично? Најпосле, јас бев болен, а чувствата на болен човек се секогаш лажни.

Старецот со својот лесен, несигурен чекор се приближуваше до слаткарницата, кревајќи ги и спуштајќи ги нозете како дрвени, како да не ги свиткува, наведнат и полека удирајќи со стапот на тротоарските плочки. Во мојот живот немав видено толку чудна и нескладна појава. И порано, кога го затекнував кај Милера тој секогаш болно ме изненадуваше. Неговата висока става, згрбавени плеќи, безживотното лице на

осумдесетгодишник, излитениот капут, распаран по рабовите, истутканата, којзнае од кога паларија, што ја покриваше неговата ќелава глава, на која имаше преостанато, на самиот тил, едно перче коса, сега веќе не бела, туку жолтеникава: сите негови движења, што ги правеше тој некако бесмислено, како навиткан федер, — сето тоа не сакајќи го изненадуваше секого што ќе го сретнеше првпат. И навистина беше чудно да се види таков старец, што го преживеал својот живот, беспомошен, — уште повеќе што изгледаше како некаков умоболен што побегнал од своите чувари. А многу се чудев и поради неговата необична мршавост: месо на него како и да немаше и како над коските да му беше наврена кожата. Големите, но матни очи, наоколу со сини прстење, секогаш гледаа вкочането, право пред себе, никогаш настрана, и ништо не забележуваа, — јас сум уверен во тоа. Макар што гледа во вас, оди право на вас, како да е празен простор. Тоа го забележав неколкупати. Тој кај Милер почна да доаѓа од неодамна, не се знае од каде, и постојано со својот пес. Никогаш никој од гостите во слаткарницата не се впушташе со него во разговор, а ни тој самиот не почнуваше разговор со никого меѓу нив.

„И зошто ли се влечка тој кај Милера, и што бара овде?“ — си мислев стоејќи на другата страна од улицата и без да сакам се загледував во него. Ме опфаќаше некаков јад, последица на болеста и замореноста. „За што ли мисли тој?“ — продолжував во себе, — „што ли му се врти во главата? А мисли ли тој воопшто уште за нешто? Лицето му е до таа мера мртво што веќе совршено ништо не изразува. И каде ли го најде само тој пусти пес, што не се помрднува од него, исто како да прави со него неразделена целина, и што толку личи на него?“

Па и тој несреќен пес, како да имаше осумдесетина години. Да, тоа сигурно и беше така. Пред сè, тој

изгледаше толку стар колку што не можат да бидат пците стари, а потоа, зошто мене, штом го видов, веднаш ми падна на ум дека тој пес не може да биде таков какви што се другите пци; дека е тој — необичен пес; дека во него мора да има нешто фантастично, волшебно; дека е тој, можеби, Мефистофел во вид на пес, и дека судбината му е со некакви тајни, непознати синџири, соединета со судбината на неговиот господар. Кога би го погледнале, вие веднаш би помислиле дека сигурно дваесет години поминале откако јадел последен пат. Мршав како некаков скелет, или (каде има подобра споредба?) како неговиот господар. Целиот беше се олитил, дури и на опашката, што му висеше секогаш многу свиткана. Долгоушестата глава секогаш стушено спуштена. Никогаш во животот не сум видел толку грозен пес! Кога одеа обајцата по улица, господарот напред, а песот веднаш зад него, тогаш муцката на песот сосема ги допираше полите на капутот од старецот, исто како да е залепена на нив. И нивното одење, и целиот нивни изглед само што не велеа на секој чекор: „Сме остареле братко, сме остареле, — многу сме остареле!“

Се сеќавам уште, како еднаш ми текна, дека старецот и песот некако како да се измолкнале од страниците на Хофмановите приказни со илустрации од Гаварни, па сега шетаат по белиот свет, како живи реклами за ново издание на тие приказни.

Јас преминав преку улицата и веднаш влегов по стариот во слаткарницата. Во слаткарницата стариот се однесуваше некако чудно, и Милер, стоејќи зад тезгето, во последно време веќе почна да покажува на лицето незадоволство кога ќе влезеше тој немил гостин. Како прво тој чуден гостин никогаш ништо не порачуваше. Секогаш чинеше појди право во аголот кај печката, па таму седеше на стол. А ако беше за-

фатено неговото место кај печката, тој чинеше постој некое време во бесмислена недоумица кон господинот што му го зафатил местото, и преминуваше, често збунет, во другиот агол кај прозорецот. Тука ќе избереше некој стол, полека ќе седнеше на него, стапот ќе го ставеше покрај паларијата, а потоа, чинеше потпри се на потпирачот од столот и така остануваше неподвижен три-четири часа. Тој никогаш не земаше в раце никаков весник, не изговораше ни еден збор, никогаш не испушташе од себе глас; само седеше, гледајќи пред себе со ококоравени очи и со таков неопределен и безживотен поглед, што човек со сигурност би можел да тврди дека тој ништо не гледа и ништо не слуша околу себе. А песот пак чинеше заврти се околу себе два-трипати на исто место и нерасположен ќе се свиткаше околу неговите нозе, ќе ја нурнеше муцката меѓу неговите чевли, длабоко издивнувајќи, па ќе се издолжеше со целата своја должина по подот, и остануваше неподвижен цела вечер: како да беше мртов цело време. Изгледаше како да лежат тие две суштества по цел ден некаде мртви, па штом ќе падне сонцето, тие одеднаш оживуваат само за да дојдат до Милеровата слаткарница, па со тоа да исполнат некоја таинствена, за никого непозната и несфатлива должност. Откако ќе се наседат така три-четири часа, старецот, најпосле, станува, си ја зема паларијата и оди некаде дома. Стануваше и песот, па пак ја свиткуваше опашката и ја спушташе главата и со бавен чекор како порано, механички одеше по старецот. Гостите во слаткарницата, најпосле, на сите начини почнаа да го избегнуваат старецот, дури и не седнуваа крај него, и како да почнаа да се гадат од него. Но тој ништо не забележуваше од сето тоа.

Гостите во оваа слаткарница повеќето беа Германци. Тие се собираа овде од целиот Вознесенски про-

спект; сите сопственици на разни работилници: бравари, пекари, молери, шапкари, седлари, — сите патријархални луѓе во германска смисла на зборот. Кај Милера воопшто се одржуваше патријархалност. Често слаткарот им приоѓаше на познатите гости, ќе седнеше со нив на маса, па така во друштво ќе испиеја доста пунч. И кучињата и малите деца на домаќинот им излегуваа понекогаш на гостите, и гостите ќе ги милуваа и децата и кучињата. Сите беа меѓу себе познати и сите заемно меѓу себе се ценеа. Гостите кога ќе се задлабочеа во читање на германски весници, зад вратата, во станот на домаќинот, ќе се разнесеше „Августин", што го свиреше на разнишаниот клавир најстарата ќерка на слаткарот, русата Германка со локни, што личеше на бел глушец. Валцерот го примаа со задоволство. Јас одев кај Милера секој месец првите денови за да ги читам руските списанија што ги добиваше тој.

Кога влегов сега во слаткарницата, забележав дека старецот веќе седи крај прозорецот, а песот лежи, како и порано, издолжен крај нозете на старецот. Молчејќи седнав во аголот, па самиот се прашав: „Зошто влегов овде кога немам никаква работа, кога не се чувствувам добро, и кога би било подобро брзо да си одам дома да испијам чај, па да легнам в постела? Зар навистина овде дојдов единствено за да го посматрам овој старец?" Ме фати јад. „Што ме интересира мене тој", — размислував сеќавајќи се за она чудно, болно чувство со кое го посматрав уште на улица. — „И што ме интересираат мене тие здодевни Германци? Зошто ми е тоа непотребно возбудување што го забележувам во себе во последно време, а кое ми пречи да живеам и јасно да гледам на животот, за што ми забележа веќе еден мудар критичар, оцену-

вајќи го мојот последен расказ?“ Но така размислувајќи и јадосувајќи се, сепак стоев на местото, па најпосле и ми беше жал да ја напуштам топлата соба. Го зедов Франкфуртскиот весник, прочитав два-три реда и задремав. Германците не ми пречеа. Тие читаа, пушеа, и само понекогаш си соопштуваа меѓу себе полугласно, некоја новост од Франкфурт, или некој виц или досетка од познатиот германски хуморист Сафир, по кое со двојна национална гордост пак се задлабуваа во читање.

Предремав околу половина час и се разбудив, зашто ме тресеше треска. Крајно време беше да си одам дома. Но во тоа време една нема глетка, што се случуваше во собата, уште еднаш ме задржа. Веќе реков како старецот, штом ќе се наместеше на некој стол, веднаш во нешто вкочането се загледуваше, па потоа цела вечер не го свртуваше погледот на друго место. Се случуваше некогаш и јас да паднам под тој негов поглед што беше тап и упорен и кој ништо пред себе не распознаваше; тоа чувство ми беше непријатно, дури и неподносливо, и јас обично што побргу го менував своето место. Во овој момент жртва на старецот беше едно малечко, полничко и необично уредно Германче, со тврда, убаво колосана јака и необично црвено лице, гостин кој допатувал од Рига, трговецот Адам Иванич Шулц, како што дознав подоцна, близок пријател на Милера, но кој уште не го познаваше старецот, како и многу други меѓу посетителите. Читајќи го со задоволство Селски бербер и шмркајќи пунч, тој наеднаш, кога ја крена главата, забележа како старецот се загледал во него вкочането. Тоа го збуни. Адам Иванич беше многу чувствителен човек и се навредуваше, како и другите „благородни“ Германци. Нему сега му се стори чудно и навредливо што некој го гледа толку настојчиво и дрско. Со скриено него-

дување тој го симна погледот од тој неделикатен гостин, промрмори нешто за себе, па молчејќи се затскри со весникот. Но не издржа, па по две-три минути пак сомнително зирна од зад весникот: пак тој истиот настојчив поглед, истото бесмислено посматрање. Адам Иванич и овојпат премолчи. Но кога истото тоа се повтори и по третпат, тој пламна и сметаше дека треба да го земе под заштита своето достоинство и пред оваа чесна публика да не го посрами прекрасното гратче Рига, веројатно сметајќи се за негов претставник. Со нестрпливо движење го фрли весникот на маса, налутено тресна со стапот што го држеше весникот, па и тој, веројатно чувајќи си го личното достоинство, целиот поцрвенет од пунчот и од честољубивоста, се загледа со своите ситни вжештени очи во немилиот старец. Изгледаше дека двајцата, и Германецот и неговиот противник, сакаат да се надвладаат еден со друг со магнетската сила на своите погледи, па очекуваа кој ќе се збуни прв и ќе ги спушти очите.

Удирот со стапот и ексцентричниот став на Адам Иванич им го свртија вниманието на сите гости. Сите веднаш ги оставија работите со кои беа зафатени, па значително, со немо љубопитство почнаа да ги посматраат противниците. Глетката стануваше многу смешна. Но магнетизмот на предизвикувачките очиња на Адам Иванич пропадна сосем попусто. Старецот, не обрнувајќи внимание на ништо, и натаму, без да трепне, го гледаше разјарениот господин Шулц, и воопшто, не забележуваше дека стана објект на љубопитност на сите — главата како да му беше на месечина, а не на земја. Најпосле Адама Иванич го изневери стрпливоста и тој пламна:

— А зошто вие така гледате во мене? — му се брецна тој на старецот на германски со остар продорен глас и со заканувачки израз на лицето.

Но противникот и натаму молчеше, како да не разбра или дури да не чу што го прашува. Адам Иванич реши да му проговори руски:

— Јас вас прашал зошто вие мене така внимателно гледало? — се издра тој со двоен бес. — Јас познато во двор а вие не позната на двор! — додаде тој и скокна од столот.

Но старецот ниту помрдна. Германците почнаа да мрморат. И самиот Милер, откако ја слушна вревата, влезе во собата. Кога виде во што е работата, помисли дека е старецот глув и му се наведна на увото.

— Господин Шулц молело вас не гледате внимателна на него — изговори тој, колку што можеше погласно, убаво загледувајќи се во непознатиот гостин.

Старецот махинално го погледна Милера и одеднаш на неговото досега неподвижно лице се јавија некои знаци на немирна мисла, некаква неспокојна возбуденост. Почна да мрда, стенкајќи се наведна по паларијата, бргу ги грабна и паларијата и стапот, стана од столот, па со некаква бедна насмевка — понижена насмевка на бедник кого го тераат од местото што не му припаѓа, се приготви да излезе од собата. Во таа смирена, покорна забрзаност на клетиот, гровнат старец имаше нешто што многу предизвикува сожалување и што човека понекогаш ќе го жегне в срце, така што сите присутни, почнувајќи од Адама Иванич, одеднаш го промениј своето поранешно држење. Јасно беше дека тој старец не само што не можеше никого да навреди, туку самиот во секој момент чувствуваше дека можат отсекаде да го истераат како питач.

Милер беше добар и жаловит човек.

— Не, не, — рече тој, потчукнувајќи го старецот по рамо и храбрејќи го, — остани. Абер хер Шулц многу молила не гледала така внимателно на него. Тој познато во двор.

Но кутриот ни тоа не го разбра: тој се забрза уште повеќе, се наведна да го крене своето старо искинато шамиче што му падна од шапката, па почна да го ваби песот, што лежеше неподвижно на подот и, очигледно, цврсто спиеше, засолнувајќи ја муцката со двете шепи.

— Азорка, Азорка! — промрмори тој со треперливиот старечки глас. — Азорка.

Азорка не се мрдна.

— Азорка, Азорка! — тажно повтори старецот па го потурна со стапот песот, но тој остана неподвижен како што си лежеше.

Стапот му падна од раце. Тој се наведна, клекна, па со двете раце ја поткрена муцката на Азорка. Кутриот Азорка! Песот беше мртов. Пцовисал нечујно, крај нозете на својот господар, можеби од старост, а можеби и од глад. Старецот го гледаше некое време, како столчен, не можејќи да сфати дека неговиот Азорка веќе е мртов. Потоа тивко се наведна кон својот бивш слуга и пријател, па го допре своето бледо лице до неговата мртва муцка. Помина една минута молк. Сите бевме трогнати... Најпосле клетиот се исправи. Беше блед и трепереше како во треска.

— Може пес препарирало, — почна Милер милозливо на некој начин да го утешува старецот. — Може добро препарирало; Фјодор Карлович Кригер направило добро; Фјодор Карлович Кригер прекрасна мајстор за препарирање, — повторуваше Милер кревајќи го стапот од земја и подавајќи му го на старецот.

— Да, јас прекрасно ќе го препарирам, — скромно прифати самиот Хер Кригер одејќи напред.

Тој беше висок, слабуњав, многу уреден Германец со руса извиткана коса и очила на орловскиот нос.

— Фјодор Карлович Кригер има голем талент да препарира секакво животно, — додаде, Милер, кого сè повеќе го одушевуваше неговата идеја.

— Да, јас имам голем талент да препарирам секакво животно, — повторно потврди Хер Кригер, — и јас вашиот пес препарирало сосема без пари, — додаде во настап на великодушност и самопрегор.

— Не, јас платил вас за то што вие препарирале, — извика како надвор од себе Адам Иванич Шулц,

целиот поцрвенувајќи и од своја страна, топејќи се од великодушност и без причина сметајќи дека е тој виновен за целата несреќа.

Старецот го слушаше сето тоа без да разбере и сè уште треперејќи со целото тело.

— Почекајте! Испијте чашка добар коњак! — му викна Милер, кога виде дека загадочниот гостин се готви да си оди.

Донесоа коњак. Старецот механички ја зеде чашката, но рацете му се тресеа и, пред да ја донесе чашката до уста, тој половината ја истури, па без да лизне од пијачката, ја врати чашата на послужавникот. Потоа се насмевна со некаква чудна насмевка што не одговараше за оваа прилика и со забрзан, нерамномерен чекор излезе од слаткарницата, оставајќи го мртвиот Азорка.

Сите беа вчудоневидени; почнаа извици:

— Schwernot! Was für eine Geschichte[1]? извикаа Германците и се кокоравеа еден на друг.

А јас полетав веднаш по старецот. На неколку чекори од слаткарницата, кога ќе се сврти вдесно од неа, има едно уличе, тесно и темно, омеѓано со огромни куќи. Нешто ми зборуваше дека старецот бездруго свртил ваму. Тука се видаше друга куќа, десно, и целата беше опколена со скелиња. Оградата околу куќата имаше зафатено половина од улицата; пред оградата имаше наместено штици за минувачите. Во мрачниот агол, меѓу оградата и куќата го најдов старецот. Седеше на работ од тротоарот направен од штици и, налактен на колената, со двете раце ја потпираше главата. Јас седнав покрај него.

— Слушајте, — му реков, скоро не знаејќи како да почнам, — немојте толку да тагувате за Азорка. Ајде, јас ќе ве одведам дома. Смирете се. Одам веднаш по пајтон. Каде станувате вие?

Старецот не ми одговори. Јас не знаев на што да се решам. Минувачи немаше. Одеднаш тој почна да ме фаќа за рака.

---

[1] Незгода. Што се случи сега?

— Ме гуши! — проговори тој со заритнат, глас кој одвај се слушаше, ме гуши!

— Ајде во вашата куќа! — викнав станувајќи, и кревајќи го сосила и него; — ќе испиете малку чај па ќе легнете в постела... Сега ќе ви донесам пајтон. Ќе ви викнам и доктор... Познавам овде еден...

Не се сеќавам уште што му зборував. Тој сакаше да стане, но, откако потстана малку, повторно падна наземи, пак почна нешто да мрмори, со заритнатиот и задушен глас. Јас се наведнав уште поблиску до него за да чујам што сака да каже.

— На Василевскиот остров, — кркореше старецот, — на шестата линија... на ше-ста-та линија... И замолча.

— Вие живеете на Василевскиот остров? Но не сте тргнале каде што треба; тоа е влево, а не вдесно. Јас ќе ве одведам...

Старецот не се помрднуваше. Го зедов за рака. раката му падна како мртва. Му го погледнав лицето, се допрев до него, — веќе беше мртов. Ми се чинеше дека сето тоа го сонувам.

Тој настан ми зададе многу главоболие, но во сето тоа мојата треска сама од себе помина. Станот на старецот беше пронајден. Само, тој не живеел на Василевскиот остров, туку на неколку чекори од местото каде што умре, во Клугеновата куќа, под самиот покрив, на четвртиот кат, во посебен стан од мало претсобје и една голема, многу ниска соба со три отвори нешто како прозорци. Живеел многу сиромашки. Од мебел имаше само маса, два стола и едно старо — престаро канабе, тврдо како камен и од кое на сите страни висеше лико; па дури и тоа беше од газдата. Печка, изгледа, одамна не беше запалена; а ни свеќа не можеше да се најде. Јас сега сериозно мислам дека старецот одел кај Милера единствено за да поседи на светлото и да се погрее малку. На масата стоеше празно земјено чиниче и тврда корка леб. Не се најде ни скршена пара. Дури немаше ни руво за преоблекување за да го закопаат; некој ја даде својата кошула.

Јасно е дека тој вака не можел да живее сосема сам, и дека сигурно некој, макар одвреме навреме, го посетувал.

Во масата му беше најдена легитимацијата. Покојниот беше странец, но руски државјанин, стар седумдесет и осум години. Се викаше Еремија Смит. На масата имаше две книги: кратка географија и Новиот завет во руски превод, испишан со молив на страните, и со белези од нокот. Тие книги ги зедов за мене. Се распрашавме кај станарите, кај сопственикот на куќата, никој за него скоро ништо не знаеше. Во таа куќа има многу станари, скоро сите занаетчии и Германки кои издаваат стан со храна. Надзорникот на куќата, благородник, исто така, малку знаеше да каже за својот бивш станар, освен тоа дека е станот издаден за шест рубли месечно, дека покојникот живеел во него четири месеци, а дека за двата последни месеци не платил ни пара, така што морале да го тераат од станот. Прашувавме дали му доаѓал некој. Но никој на тоа не можеше да даде задоволителен одговор. Куќата е голема: зар малку луѓе доаѓаат во таков Ноев ковчег? Кој ќе го запамети сето тоа. Вратарот, кој служел во таа куќа пет години, и кој веројатно нешто би разјаснил, две недели пред тоа беше отишол во своето родно место, на гости, оставајќи го на неговото место својот внук, младо момче, кое уште не ги имаше запознато ни половина станари.

Не знам точно како заврши тогаш целото тоа распрашување, но старецот, најпосле го погребаа. Тие денови, покрај другите работи, отидов на Василевскиот остров, на шестата линија, и дури кога дојдов таму, самиот си се поднасмевнав себеси: што би можел да видам на шестата линија, освен низа обични куќи? Но зошто старецот, кога умираше, ја спомнуваше шестата линија и Василевскиот остров? Да не беше тоа бладање?

Го разгледав опустошениот Смитов стан, и тој ми се допадна. Јас го зедов за себе. Што беше за мене многу важно, таа соба беше голема, макар што многу ниска, така што во прво време ми се чинеше дека ќе

удрам со глава во таванот. Впрочем, бргу се навикнав. За шест рубли месечно и не можеше да се најде нешто подобро. Ме привлекуваше што беше станот засебен; остана уште само да се погрижам за послуга, зашто сосем без послуга во него не можеше да се живее. Вратарот за прво време ми вети дека ќе доаѓа барем еднаш на ден, да ме послужи ако има потреба. А којзнае, си мислев, можеби некој и ќе намине да праша за старецот!

Меѓутоа, поминаа веќе пет дена како умре тој, а никој не дојде.

ВТОРА ГЛАВА

Во тоа време, пред една година, јас уште соработував и по списанија, пишував статии, и цврсто верував дека ќе ми тргне од рака да напишам некоја добра поголема работа. Тогаш работев на мојот голем роман; но работата се сврши со тоа што, еве, стасав в болница каде што сум сега, и ми се чини дека бргу ќе умрам. А ако умрам бргу, зошто ми е, си мислев, да пишувам спомени?

Се сеќавам не сакајќи и постојано на целата таа тешка, последна година од својот живот. Сакам сега сè да забележам; и да не си го измислев самиот тоа занимање, ми се чини, ќе умрев од тага. Сите изминати впечатоци понекогаш ме возбудуваат до болка, до мачење. Под перото тие ќе добијат помирна и похармонична форма; помалку ќе личат на бладање, на кошмар. Така ми изгледа. И самиот механизам на пишувањето нешто вреди; тој ќе ме смири, ќе ме разлади; ќе ги оживее во мене поранешните авторски навики, ќе ги претвори моите спомени и болни соништа во стварност, во работа... Да, добро се сетив за тоа. А после — ќе му биде тоа наследство на мојот лекар: барем ќе може прозорците да ги излепи со моите спомени кога ќе става зиме двојни прозорски крила.

Туку, јас ова свое раскажување, не знам ни самиот зошто, го почнав од средината. Ако сакам веќе сè да опишувам, тогаш треба да почнам отпрвин. Значи, да почнам отпрвин. Впрочем, мојата биографија нема да биде голема.

Јас не сум се родил овде, туку далеку одовде, во Воронешката губернија. Судејќи по сè изгледа дека моите родители биле добри луѓе, но уште во детството ме оставиле сираче, па израснав во куќата на Николај Сергејич Ихмењев, мал поседник, кој ме зел кај себе од сожалување. Тој имаше само една ќерка, Наташа, девојче три години помладо од мене. Јас и таа растевме како брат и сестра... О, мило мое детство! Колку е глупо да тагуваш и да жалиш за себе во дваесет и петтата година и, умирајќи единствено да се сеќаваш само на себе со восхитување и благодарност! Тогаш на небото беше толку светло, со такво непетроградско сонце, и толку немирно и весело чукаа нашите срца. Тогаш на сите страни околу нас беа полиња и шуми, а не куп мртви камења, како сега.

Каков прекрасен парк и бавча имаше во дворјанството Василевско, каде што Николај Сергеич беше управител на имотот; во таа бавча одевме јас и Наташа да шетаме, а зад бавчата имаше голема, влажна шума во која ние, децата, еднаш заскитавме... Златно, прекрасно време! Првпат пред нас се отвори животот, таинствено и примамливо, и беше толку слатко да се запознае. Тогаш, зад секоја грмушка, зад секое дрво, како да живееше уште некој, за нас таинствен и непознат; светот на бајки се стопуваше со вистинскиот свет; и во длабоките долини кога се згустуваше вечерната магла, па како бели, извиткани кадели запинаше на грмушките кои се беа прилепиле по камените рабови на нашата голема карпеста долина, — јас и Наташа, на работ, држејќи се за рака, со уплашена љубопитност се загледувавме во длабочината и чековме некој одеднаш да излезе пред нас или да нѝ се одзове од маглата, од дното на долината, и приказните од гувернантката да се покажат како вистинска, несоборлива вистина.

Едно време, доста по тоа, јас некако ѝ спомнав на Наташа како тогаш нѝ дадоа еднаш „Четиво за деца“, како веднаш отрчавме во градината, на езерото, под стариот, густ клен каде што беше нашата сакана зелена клупа; како седнавме таму и почнавме да ја

читаме „Алфонс и Далинда“ — волшебна приказна. Јас и денеска не можам да не се сетам за таа приказна без некое чудно чувство: па пред една година кога ја потсетив Наташа на првите два реда: „Алфонс, јунакот на мојата приказна, се родил во Португалија; Дон Рамиро, неговиот татко, итн., — за малку не заплакав. Тоа сигурно излегло страшно глупо, па Наташа веројатно затоа толку чудно се насмевна на тоа мое восхитување. Впрочем, веднаш се сепна (се сеќавам за тоа) па, за да ме утеши, почна и самата да се сеќава на минатото. Збор по збор па и самата се разнежи.

Прекрасна беше таа вечер. Во разговор се потсетивме на сè, и за тоа кога ме поведоа во губерниското гратче на училиште — господи, колку плачеше тогаш Наташа! — и нашата последна разделба кога засекогаш го оставив Василевско. Тогаш веќе имав завршено со школувањето во губернијата, па одев во Петроград за да се подготвам за универзитет.

Јас имав седумнаесет години, а таа петнаесет. Наташа вели дека тогаш сум бил толку недоделкан и долгач што човек морал да се насмее штом ќе ме видел. Кога се проштавав со неа, јас ја тргнав настрана за да ѝ кажам нешто многу важно; но јазикот наеднаш ми застана и занемев. Таа се сеќава дека сум бил страшно возбуден. Се разбира, од нашиот разговор не излезе ништо. Јас не знаев што да ѝ кажам, а таа тешко би ме разбрала. Само горко заплакав, па така заминав без да ѝ кажам што било.

Се видовме дури по многу време, во Петроград. Тоа беше пред две години. Стариот, Ихмењев беше дошол тогаш овде да направи нешто околу својот судски спор, а јас само што бев влегол меѓу писателите.

ТРЕТА ГЛАВА

Николај Сергеич Ихмењев беше од фамилија која одамна осиромашила. Впрочем, сепак од родителите му останал имотот со сто и педесет кметови. Кога имал дваесет години, тој решил да оди во гусари. Сè добро одело; но во шестата година од неговата служба, една несреќна вечер, го изгубил на карти целиот свој имот. Цела ноќ не спиел. Идната вечер пак седнал на карташка маса, го ставил на карта својот коњ, — последно нешто што му останало. Картата му добива, по неа втора, па трета, и по половина час го повраќа едниот од своите имоти — селцето Ихмењевка, кое според последниот попис, имало педесет кметови. Тука престанал да игра, а утредента побарал пензија. Стотина кметови изгубил во неврат. По два месеца се пензионирал. Никогаш после во својот живот не зборуваше за таа загуба на карти, и покрај целата своја добродушност, бездруго би се скарал со секого кој би се осмелил да му го спомне тоа.

Во селото вредно почнал да се занимава со земјоделско стопанство, и кога имал триесет и пет години се оженил со сиромашна благородничка без трошка мираз, Ана Андреевна Шумилова, која имаше добиено образование во губерниски благороднички пансион, кај емигрантката Мон-Ревеш, со што Ана Андреевна цел живот се гордееше, макар што никој не можеше никогаш да види всушност во што се состоеше тоа нејзино образование.

Николај Сергеич стана вонреден економ. Од него се учеа соседните дворјани. Така поминаа неколку го-

дини, кога наеднаш во соседниот имот, во селото Василевско, што броеше деветстотини кметови, допатува од Петроград дворјанин, кнезот Петар Александрович Валковски. Неговото доаѓање во целата околина остави доста силен впечаток. Кнезот беше уште млад човек, макар што не во првата младост, имаше поголем чин, влијателни врски; убава појава, доста имашлив, и, најпосле, вдовец, што беше особено интересно за дамите и девојките од целата околија. Се расправаше за сјајниот пречек што му го приреди во губерниското гратче губернаторот, кому му беше некаков роднина; за тоа како сите губерниски дами го „изгубија умот од неговите љубезности", и тн. и тн. Со еден збор, тој беше еден од прекрасните претставници на високото петроградско општество, кој ретко се јавуваше по губерниите, а кога ќе се појави прави вонреден ефект.

Кнезот не беше љубезен, особено кон луѓето што не му беа потребни и кои ги сметаше макар малку пониски од себе. Со своите соседи од имотот тој не најде за потребно да се запознае, со што веднаш се здоби со многу непријатели. И затоа многу се зачудија кога му текна наеднаш да го посети Николаја Сергеич. Вистина, Николај Сергеич беше еден од неговите најблиски соседи.

Во фамилијата на Ихмењеви тој направи силен впечаток. Тој двајцата ги занесе. Особено беше одушевена Ана Андреевна. По кусо време тој им доаѓаше како свој; доаѓаше секој ден, ги покануваше кај себе, правеше досетки, расправаше вицеви, свиреше на нивниот беден клавир, пееше. Ихмењеви не можеа да се начудат како може за толку мил, златен човек да се зборува дека е надуен, горделив, дека е ладен егоист, како што се развикале во еден глас сите соседи. А, се разбира, и на кнезот морал да му се допадне Николај Сергеич, едноставен човек, искрен, необичен. Впрочем, наскоро сè се објасни. Кнезот беше дошол во Василевско да го истера својот управител на имотот, еден разуздан Германец, амбициозен човек, агроном, малку побелен, со очила и орловски нос, но кој и покрај сите

тие предности сепак крадеше без обѕири и стеснување, и покрај сето тоа уште отера в гроб неколку селани. Иван Карлович најпосле беше откриен и фатен на дело, се најде многу навреден, многу зборуваше за германската чесност, но и покрај сето тоа беше истеран, и тоа доста срамно.

На кнезот му беше потребен управител и неговиот избор падна на Николај Сергеич, прекрасен економ и многу чесен човек, за што, се разбира, не можеше да има ни најмалку сомневање. Изгледа дека кнезот многу сакаше Николј Сергеич сам да му се понуди за управител: но овој тоа не го направи, па кнезот едно убаво утро тоа сам му го предложи, во вид на најпријателска и најучтива молба. Ихменьев во почетокот одбиваше; но високата плата ја придоби Ана Андреевна, а двојните љубезности на молителот ги отстранија и сите други сомневања. Кнезот ја постигна својата цел. Тој мора да беше голем познавач на луѓето. За кусо време од своето познанство со Ихменьеви сосем виде со кого има работа; сфати дека Ихменьев мора човек да го освои со пријателски, срдечен начин, дека треба да го привлече кон себе неговото срце, и дека без тоа парите малку ќе можат да направат. А нему му беше потребен таков управител на кого би можел слепо и засекогаш да му се довери, така што да не мора никогаш да доаѓа во Василевско, на што навистина и сметаше. Тој така го привлече Ихменьева што овој искрено поверува во неговото пријателство. Николај Сергеич беше еден од оние предобри и наивно-романтични луѓе, кои се толку добри кај нас во Русија, па нека зборува кој како сака за нив, и кои кога ќе го засакаат еднаш некого, тогаш му се предаваат со целата душа, одејќи некогаш во својата оданост до комичност.

Од тоа време поминаа многу години. Имотот на кнезот цветаше. Врските меѓу сопственикот на Василевско и неговиот управител се одржуваа без секакви и најмали непријатности од обете страни и се ограничуваа на сува деловна преписка. Кнезот не мешајќи се ни најмалку во наредбите на Николај Сергеич, му

даваше понекогаш совети кои го изненадуваа Ихмењева со својата необична реалност и практичност. Се гледаше дека кнезот не само што не сака да прави непотребни издатоци, туку дури умееше да заработува. Пет години по посетата на Василевско, тој му испрати на Николај Сергеич полномошно за да може да купи друг одличен имот, со четиристотини кметови, во истата губернија. Николај Сергеич беше восхитен со успесите на кнезот, со гласовите за неговата среќа, за неговиот напредок; се радуваше како да се работи за негов роден брат. Но неговото восхитување дојде до најголем степен кога кнезот навистина во еден случај му ја даде својата најголема доверба. Еве како се случи тоа... Туку, на ова место сметам за потребно да спомнам некои особени подробности за кнезот Валковски, донекаде едно од најглавните лица во мојов расказ.

ЧЕТВРТА ГЛАВА

Јас веќе порано спомнав дека кнезот беше вдовец. Бил оженет уште во раната младост, а се оженил за пари. Од своите родители, кои беа пропаднале материјално во Москва, не добил скоро ништо. Василевско било заложено и по вторпат; тоа било оптоварено со долгови. На младиот кнез (имаше дваесет и две години), кој тогаш бил принуден да служи во Москва во некаква канцеларија, не му останала од тој имот ни копејка, и тој стапил во животот како „гол-потомок на древната лоза". Женачката со презреаната ќерка на некој трговец закупец на алкохолни пијачки го спасила.

Закупецот, се разбира, не му го дал целиот мираз, но кнезот за парите од жената сепак можел да го откупи фамилијарниот имот и да застане на нозе. Ќерката на трговецот која ја добил кнезот, одвај знаела да пишува, не умеела да состави два збора, била грда и имала само една важна особина: била добра и покорна. Кнезот сосем ја искористил таа нејзина особина. По првата година од бракот, тој својата жена, која во тоа време му родила син, му ја оставил на врат на нејзиниот татко, закупец во Москва, а самиот отишол да служи во Воронѣската губернија каде што под покровителството на некој одличен петроградски роднина си обезбедил доста угледно место. Душата му жеднеела за одликувања, за напредување, за кариера, а кога пресметал дека со својата жена не може да живее ни во Петроград, ни во Москва, тој решил, додека не се појави нешто подобро, да ја започне својата карие-

ра во внатрешноста. Кажуваат, уште првата година од животот со жена му, за малку што не ја отерал в гроб со своето грубо постапување. Таквите гласови секогаш го лутеа Николај Сергеич и тој силно го бранеше кнезот. Николај Сергеич, кога ќе чуеше нешто за тоа, секогаш му се лутеше на тој што ќе речеше такво нешто, и секогаш беше на страната на кнезот, тврдејќи дека кнезот не е способен да направи нешто нечесно. Но по седум години кнегињата најпосле умрела, а нејзиниот вдовец сопруг веднаш се преселил во Петроград.

Во Петроград тој дури беше и забележан. Уште млад, убавец, имашлив, надарен со многу сјајни особини, со несомнена духовитост, вкус, неисцрпно добро расположение, тој не се појави како барач на среќа и протекција, туку доста самостојно. Се зборуваше дека тој навистина има нешто што восхитува, нешто што покорува, нешто силно. Тој необично им се допаѓаше на жените, и врската со една велесветска убавица му проби скандалозна репутација. Тој растураше пари беспоштедно, наспроти вродената штедливост, што се граничеше со скржавост; губеше на карти кога беше потребно и не се муртеше дури и кога имаше огромни загуби. Но тој не дојде во Петроград за да бара забава: нему му беше потребно еднаш да застане на цврсто тло и да си обезбеди кариера. И тоа го постигна. Грофот Наински, неговиот висок роднина, кој не ќе го забележеше ако му се јавеше како обичен молител, многу изненаден од неговите успеси во општеството, најде за потребно и сметаше дека е можно и пристојно нему да му обрне посебно внимание, па дури го удостои да го земе во својата куќа на воспитување неговиот седумгодишен син. Точно во тоа време се погоди и патот на кнезот во Василевско и неговото познанство со Ихмењеви. Најпосле, откако доби со посредство на грофот многу убаво место во едно поважно пратеништво, тој отпатува во странство. Потоа гласовите за него беа доста нејасни; се зборуваше за некаква непријатна случка што му станала во странство, но никој не мо-

жеше да објасни во што била работата. Се знаеше само дека успеал да присобере четиристотини кметови, кое веќе го спомнав.

Се врати од странство дури по многу години со голем чин и веднаш зафати во Петроград угледно место. Кај Ихмењеви се прочу дека стапува во втор брак, и дека ќе се сроди со некаква многу угледна богата и јака фамилија. „Отиде во велможи!“ — велеше Николај Сергеич, триејќи ги рацете од задоволство. Јас тогаш бев во Петроград на универзитет, и се сеќавам дека Ихмењев еднаш специјално ми пиша и ме молеше да дознам дали се точни гласовите за таа женачка. Тој му пиша и на кнезот, молејќи го да се заземе за мене; но кнезот неговото писмо го остави без одговор. Знаев само толку дека неговиот син, кој се воспитуваше прво кај грофот, а потоа во лицеј, го заврши тогаш своето школување, и имаше деветнаесет години. Јас за сè им пишав на Ихмењеви; а и за тоа дека кнезот многу го сака својот син, дека го разгалува, и дека уште сега прави планови за неговата иднина. Сето тоа го дознав од другарите студенти кои го познаваа младиот кнез. Но во тоа време Николај Сергеич еден убав ден доби од кнезот писмо, кое го зачуди преку секоја мера...

Кнезот, кој дотогаш, како што веќе реков, се ограничуваше во односите со Николај Сергеич само на ладна, деловна преписка, му пишал сега многу опширно, многу искрено и пријателски за своите семејни прилики: се жалел на својот син; му пишал дека синот му задава многу јадови со своето лошо однесување; дека, се разбира, на лошите постапки од такво момче не мора уште премногу сериозно да се гледа (тој, очигледно, се трудел да го одбрани), но дека решил да го казни синот, да го заплаши, поточно да го испрати за некое време во село, под надзор на Ихмењев. Кнезот пишал дека сосема се потпира на „својот предобар, благороден Николај Сергеич, а особено на Ана Андреевна“; ги молел двајцата да го примат неговиот ветрушка во своето семејство, да му го дотераат умот во селската самотија; да го засакаат, ако е возможно, а што

е главно — да му ја поправат лекомислената нарав и да му „влеат спасоносни и строги начела, толку потребни во животот".

Се разбира, стариот Ихмењев со воодушевување се прифати за таа работа. Дојде и младиот кнез. Го примија како сопствен син. Николај Сергеич страсно го засака, не помалку од својата Наташа. Дури и подоцна, дури по целосниот раскин меѓу таткото-кнез и Ихмењеви, старецот понекогаш со уживање се сеќаваше за својот Аљоша, — така се беше навикнал да го вика младиот кнез Алексеј Петрович. И навистина тој беше необично мило момче: убава појава, слабуњав и чувствителен како девојка, но во исто време весел и простодушен, со отворена душа и способна за благородни чувства, со топло, искрено и благодарно срце, — тој стана идол во куќата на Ихмењеви. И покрај своите деветнаесет години уште беше вистинско дете. Тешко беше да се погоди поради што можел татко му да го истера кога, како што се зборуваше, многу го сакаше. Се зборуваше дека момчето во Петроград водело празен и лекомислен живот, дека не сакало да служи и дека со тоа го јадосувало татка си.

Николај Сергеич не го испрашуваше Аљоша, зашто кнезот Петар Александрович очигледно ја премолчуваше во своето писмо вистинската причина заради која го оддалечи својот син. Впрочем, се зборуваше за некаква неопростива лекомисленост на Аљоша: за некаква врска со една дама, за некакво предизвикување на двобој, за некаква неверојатна загуба на карти; се зборуваше дури за некакви туѓи пари, кои наводно момчето ги проневерило. Се слушна и тоа дека кнезот не решил да го оддалечи својот син поради некаква вина, туку по некои особени себични планови. Николај Сергеич со осуда го отфрлаше тој глас, уште повеќе што Аљоша необично го сакаше својот татко, кого не го познаваше за време на неговото детство и младешство. Тој зборуваше за него со восхитување, со занес; јасно беше дека сосем му се потчинил на татковото влијание. И Аљоша понекогаш расправаше за некоја графица, околу која и тој и татко му во исто време

се опсукале, па тој, Аљоша, победил, а татко му за тоа страшно му замерил. Тој за ова секогаш расправаше со воодушевување, со детска простодушност, со звонлива, весела насмевка; но Николај Сергеич веднаш ќе го сопреше. И Аљоша ја потврдуваше веста дека татко му сака да се жени.

Тој така помина во прогонство скоро цела година; во извесни растојанија му пишуваше на татка си учтиви и паметни писма, но, најпосле, толку се навикна на Василевско што кнезот сам кога дојде летото во селото (за што порано го извести Ихмењева), — прогонетиот почна да го моли татка си да му дозволи што подолго да остане во Василевско, уверувајќи го дека селскиот живот е неговото определување. Сите решенија и страсти од Аљоша потекнуваа од неговата претерана, нервна чувствителност, од огненото срце, од лекомисленоста, која понекогаш се граничеше со бесмислица; од особената способност да му се потчинува на секое надворешно влијание и од целосниот недостиг на волја. Но кнезот некако презирно ја прими неговата молба... Воопшто, Николај Сергеич тешко можеше да го познае својот поранешен „пријател": кнезот Петар Александрович многу се изменил. Тој стана без причини ситничар во односот кон Николај Сергеич; при проверувањето на сметките од имотот појави некаква одвратна алчност, скржавост и необјаснета недоверливост. Сето тоа многу го загрижуваше честиот Ихмењев; тој долго време не сакаше да си верува себеси. Овојпат сè одеше обратно во споредба со првото кнезово доаѓање во Василевско, пред четиринаест години. Овојпат кнезот се запозна со сите соседи, се разбира, со најважните; а на Николај Сергеич ни еднаш не му дојде во посета, и кон него се држеше како кон свој потчинет.

Но еден ден се случи нешто сосема несфатливо: без каква било видна причина дојде до огорчен раскин меѓу кнезот и Николај Сергеич. Се слушнаа избувливи, навредливи зборови од обете страни. Длабоко навреден, Ихмењев го напушти Василевско; но работата со тоа уште не беше свршена. По целата околина наед-

наш се рашири одвратна сплетка. Уверуваа дека Николај Сергеич, насетувајќи го карактерот на младиот кнез, имал намера да ги искористи сите негови недостатоци; дека неговата ќерка, Наташа (која тогаш веќе имаше седумнаесет години), успеала да му го сврти паметот на дваесетгодишното момче; дека и таткото и мајката се согласувале со таа љубов, макар што се правеле дека ништо не гледаат; дека итрата и безобѕирна Наташа, најпосле, сосем го збудалила тоа момче, кое заради неа цела година не видело скоро ни една вистинска благородничка девојка, кои во голем број стасуваат по чесните куќи на околната аристократија. Уверуваа, најпосле, дека заљубената девојка се договорила да се венча, во селото Григорјево, на петнаесет врсти од Василевско, божем потајно од Наташините родители, а кои, всушност, знаеле сè до најмала ситница и ја упатувале ќерката со своите гнасни совети. Со еден збор, во целата книга не би можело да се смести сето она што порано двата пола низ целата околија испреплетоа по повод тој случај.

Но најчудно е што кнезот поверувал во сето тоа, така што допатувал во Василевско единствено поради тоа, по едно анонимно писмо, што му го испратил некој од внатрешноста во Петроград. Сигурно дека никој кој барем малку го знаеше Николај Сергеич не би можел да поверува во ниеден збор од сите тие обвинувања што ги измислуваа против него; а меѓутоа, како што се случува тоа сите се опсукаа, сите зборуваа, сите се оградуваа, сите мавтаа со глава и... сепак го осудуваа, конечно. А Ихмењев премногу беше горд да ја брани својата ќерка пред пријателките, а на својата Ана Андреевна строго ѝ забрани да стапува во објаснување со соседите. Самата Наташа, така наклеветена, и по една година уште не знаеше скоро ни еден збор од сето тоа дрдорење и сплетки: од неа грижливо ја криеја целата таа работа, и таа беше весела и невина како дванаесетгодишно дете.

А за тоа време недоразбирањето и раздорот стануваа сè поголеми. Услужните луѓе не стоеја со скрстени раце. Се појавија потскажувачи и очевидци, па најпо-

сле го убедија кнезот дека долгогодишното работење на Николај Сергеич во Василевско ни трошка не се карактеризирало со примерна почит. Напротив: дека Николај Сергеич пред три години, при продавањето на шумата, скрил во своја корист дванаесет илјади во сребро, и дека за тоа можат да се поднесат најјасни, несомнени докази пред суд; уште повеќе што тој за продажбата на шумата немал од кнезот никакво законско полномошно, туку работел на своја рака, уверувајќи го дури подоцна кнезот за големата потреба од таа продажба и предавајќи му на кнезот за шумата многу помала сума, отколку што добил. Се разбира, сите тие беа чисти клевети, како што се покажа подоцна, но кнезот на сето тоа му поверува, и пред сведоци го нарече Николај Сергеич крадец. Ихмењев не се стрпи, туку одговори, исто така, со навреда; дојде до страшна сцена. Потоа веднаш почна и судски спор. Николај Сергеич бидејќи немаше некои документи, а, што е главно, немајќи ни заштитник, ни опит во водењето на такви работи, веднаш почна да ги губи изгледите дека ќе го добие спорот. На имотот му ставија забрана. Навреденият старец остави сè и реши најпосле да се пресели во Петроград за да поработи лично околу своите работи, а во губернијата на неговото место остави вешт адвокат. Меѓутоа, кнезот набргу како да почна да сфаќа дека без причина го навредил Ихмењева. Но навредата од обете страни беше толку голема што не можеше да стане збор за помирување, и налутениот кнез ги употребуваше сите средства за да ја сврти работата во своја полза, поправо да му го одземе на својот бивш управител и последното парче леб.

ПЕТТА ГЛАВА

И така Ихмењеви се преселија во Петроград. Нема да ја опишувам мојата средба со Наташа, по многу долгата разделба. За сите тие четири години јас никогаш не ја заборавив. Се разбира, јас сосем не го сфатив чувството со кое ѝ се секавав; но кога се видовме повторно, набргу видов дека судбината ми ја доделила неа. Од почетокот, првите денови по нивното доаѓање, мене сè ми се чинеше дека таа некако малку се развила за тие неколку години, како ни трошка да не се изменила, и дека останала уште детиште какво што беше и пред нашата разделба. Но подоцна, секој ден забележував кај неа по нешто ново дотогаш мене сосема непознато, од мене токму како специјално скриено, како да се криеше во неа специјално од мене девојката, — и како да беше прекрасно тоа откривање! Старецот, откако сè пресели во Петроград, во прво време беше нерасположен и жолчен. Неговите работи одеа лошо, тој негодуваше, беше надвор од себеси, се плеткаше со акти, и не му беше дојдено до нас. А Ана Андреевна одеше како изгубена, и во прво време ништо не можеше да сфати. Петроград ја плашеше. Таа издишуваше и паѓаше душевно. Плачеше за поранешниот живот, за Ихмењевка; плачеше поради тоа што Наташа веќе беше возрасна девојка, а за неа никој не ни помислуваше; и се впушташе со мене во многу чудна доверливост, во недостиг на некој друг кој би бил поспособен за таква пријателска искреност.

Токму во тоа време, некако пред нивното доаѓање, јас го завршив својот прв роман, оној со кој започна

мојата кариера; и, како почетник, во првиот миг не знаев каде да го дадам. Кај Ихменьеви за тоа ништо не зборував; а тие за малку што не се искараа со мене што ги „губам попусто деновите", поправо што не сум во служба, а и не се грижам да си најдам за себе место. Старецот горко, дури и луто ме укоруваше, се разбира, од татковско сочувство кон мене. А јас просто се срамев да им кажам што работам. И навистина, како да им кажам отворено дека не сакам да одам во служба, туку дека сакам да пишувам романи! И затоа едно време ги мамев, им зборував дека не ми даваат место, а дека го барам колку што можам. Старецот немаше време да го провери тоа. Се сеќавам како еднаш Наташа, откога се наслуша од нашите разговори, таинствено ме тргна настрана па со солзи во очите ме молеше да помислам за својата иднина и ме стави на испит: всушност што работам јас тука? И кога не сакав ни нејзе да ѝ се исповедам, таа ме натера да се заколнам дека нема да се упропастам како мрза и безделничар. Навистина, макар што и нејзе не ѝ признав со што се занимавам, но се сеќавам, бев готов за еден нејзин пофален збор за мојата работа, за мојот прв роман, да ги дадам сите најласкави одзиви за мене, што ги слушав подоцна од критичарите и познавачите.

Најпосле, еден ден се појави и мојот роман. Веќе многу пред неговото појавување беше се кренала цела врева и лом во литературниот свет. Белински се израдува како дете кога го прочита мојот ракопис. Не! Ако сум бил некогаш среќен, тогаш тоа не беше за време на првите занесни моменти од мојот успех, туку тогаш кога уште ниту го читав ниту го покажував некому својот ракопис: во долгите ноќи во восхитените надежи и соништа и страсната љубов кон работата, кога се соживував со резултатите од својата фантазија, со личностите што ги создадов, како со мои — токму како вистински да постоеја; ги сакав, им се радував ним и сочувствував со нив, а понекогаш плачев со најискрени солзи над својот едноставен јунак. Јас сега не можам да опишам колку се израдуваа старите на мојот

успех, макар што во првиот момент не можеа доволно да се начудат: толку ги изненади тоа. Ана Андреевна, на пример, воопшто не сакаше да поверува дека тој нов писател кого сите го фалат и издигнуваат, — дека е тоа овој наш Вања, кој итн., итн., и постојано нишкаше со главата. Старецот долго не попушташе, и отпрвин, кога првпат почна за мене да се зборува — тој дури се уплаши; почна да зборува за упропастената чиновничка кариера и за недоброто однесување на сите писатели воопшто. Но непрекинатите нови гласови, известувањата по списанијата, и најпосле неколкуте пофални зборови што ги чув за мене од такви личности на кои тој со страхопочит им веруваше, — го принудија да го измени своето гледиште на работата. А уште кога виде дека јас одеднаш добив пари, и кога дозна каков хонорар може да се добие за литературната работа, тогаш и последните негови сомневања исчезнаа. Брз во премините од сомневање кон целосна, пламена верба, радувајќи се како дете поради мојата среќа, тој наеднаш почна со претерани надежи, со најблескави соништа за мојата иднина. Секој ден смислуваше некои нови кариери и планови за мене; а што сè немаше во тие планови! Почна дури и да ми укажува некое особено, дотогаш невидено почитување. Па сепак, се сеќавам, се случуваше одеднаш да го опфати некое сомневање, често меѓу највосхитените фантазии, па тоа пак го збунуваше.

„Писател, поет! Некако тоа ми е чудно! Зашто, кога станувале луѓе поетите, кога добивале чинови? Сепак тој свет е ветерничав, несигурен!“

Подоцна уште забележав дека такви сомневања и сите тие деликатни прашања му доаѓаа најчесто предвечер, кога се стемнуваше (така се сеќавам на сите тие ситници и на сето тоа златно време!). Предвечер нашиот старец секогаш стануваше некако особено нервозен, чувствителен и недоверлив. Јас и Наташа тоа веќе го знаевме, па однапред му се смеевме. Се сеќавам како го храбрев со анегдоти за генералството на Сумароков, за тоа како на Державин му била испра-

тена од дворот табакера полна со златници, како самата царица го посетила Ломоносова; му расправав за Пушкина и за Гоголя.

— Знам, братче, сето тоа јас го знам, — одговараше старецот, кој тоа можеби првпат во животот го слушаше. — Их! Слушај, Вања, а знаеш, сепак ми е мило што таа твоја работа не е напишана во стихови. Песните, брате, се трици и колчишта; ти молчи и веруваj ми мене; јас ти сакам добро; сешто — попусто губење време! Песните треба да им се остават на гимназистите; песните ве доведуваат вас, младината, до лудница... Признавам, Пушкин е великан, тоа никој не го оспорува! Но, сепак тоа се само песнички, и ништо повеќе; така нешто ефемерно... Впрочем, јас малку и сум го читал. А прозата е веќе нешто друго! Тука писателот дури може и да поучи, — ете, да речеме, за љубовта кон татковината, или така воопшто за добродетелството... да! Јас, брате, само не можам да се изразам, но ти, секако, ме разбираш; јас тоа од љубов ти го зборувам. Ајде, ајде — прочитај ни нешто! — заврши тој со некаков покровителски израз, кога јас, најпосле, ја донесов книгата, и кога, по чајот, седнавме сите околу тркалезната маса, — прочитај ни што си склепал. Многу нешто се расприкажале за тебе! Де, де, да видиме!

Ја отворив книгата и се подготвив да читам. Таа вечер само што излезе од печат мојот роман, и јас, откако добив најпосле еден примерок, дотрчав до Ихмењеви за да им го читам своето дело.

Колку жалев и се јадосував што не можев да им го прочитам порано, од ракопис, кој беше во рацете на издавачот! Наташа дури плачеше од јад, ме караше, ми префрлаше што туѓи ќе го прочитаат мојот роман пред неа... Но, еве, најпосле, седиме околу масата. Старецот направил необично сериозна и критичарска физиономија. Тој сакаше строго, строго да суди, „сам да се увери“. Старицата, исто така, изгледаше многу свечено, и за малку што не стави на глава за читањето ново капче. Таа уште одамна беше забележила дека јас со бескрајна љубов гледам во нејзината нео-

ценлива Наташа; дека ми застанува здивот и дека ми се стемнува пред очи кога ќе почнам разговор со неа, а дека и Наташа некако поведро гледа во мене отколку порано. Да! Дојде, најпосле, тоа време; дојде во часовите на успех, златни надежи и најцелосна среќа, сè заедно, сè одеднаш дојде! А забележа старичката и тоа дека и нејзиниот старец некако премногу почна да ме фали и некако особено гледа во мене и во ќерка си... па старичката одеднаш се уплаши, зашто, сепак, јас не бев ниту гроф, ниту кнез, ниту некаков принц, па дури ниту колегијален советник, млад, со ордени и убав. Ана Андреевна немаше обичај да сака нешто наполу . . .

„Го фалат човеков", размислуваше за мене, „а не знаеш зошто. Писател, поет . . . А што ли е тоа — писател?"

ШЕСТА ГЛАВА

Им го прочитав мојот роман за една вечер. Почнавме веднаш по чајот, па преседевме до два часот по полноќ. Старецот од почетокот се смурти. Тој очекуваше нешто недостижно високо, што веројатно ни сам не би можел да го разбере, само бездруго високо; но, наместо тоа, одеднаш — чиста катадневност и сè нешто толку познато, — просто, во влакно, истото што обично се случува околу нас.[1]) Па барем мојот јунак да беше некој голем или интересен човек, или кога би било нешто историско, како на пример Рославалев или Јуриј Милославски; туку ни изнесол некакво мало, загубено и дури приглупо чиновниче, на кое и копчињата од вицемундирот му паѓаат; и сето тоа со толку едноставен јазик опишано, без да се претерува, исто како што зборуваме ние самите . . . Чудно!

Старичката прашално погледна во Николај Сергеич па дури и малку се наду, како да се најде навредена поради нешто: „Па има ли тоа смисла, такви глупости да се печатат и слушаат; уште и пари им даваат за тоа?, можеше да се прочита на нејзиното лице.

Наташа целата се беше претворила во уво, слушаше жедно, не ги симнуваше очите од мене, ми се загледала во усните, внимаваше како го изговарам секој збор, па и самата мрдаше со своите прекрасни уснички.

---

[1]) Достоевски овде мисли на својот прв роман „Бедни луѓе".

И што се случи? Пред да го дочитам до половина, на сите мои слушатели им течеа солзи низ образите. Ана Андреевна искрено плачеше, жалејќи го од срце мојот јунак и пренаивно сакајќи со што било да му помогне во неговите незгоди, што го видов од нејзините извици. Старецот повеќе не очекуваше нешто високо: „Ете, од првиот чекор се гледа дека на желката ѝ е далеку до орелот. Онака, обична приказна. Но затоа човека го жегнува в срце, — велеше, — ти станува јасно и ти се врежува в глава затоа што се случува околу тебе; чувствуваш дека и најбедниот, последниот човек, сепак е човек, и дека ти е брат".

Наташа слушаше, плачеше и под масата скришум силно ми ја стегаше раката. Читањето се заврши. Таа стана; образите ѝ гореа, во очите имаше солзи; наеднаш таа ја зеде мојата рака, ја бацци и истрча од собата. Татко ѝ и мајка ѝ се загледаа.

— Ете! Гледаш како се занесе, — проговори старецот, многу изненаден од постапката на својата ќерка. — Тоа, впрочем, не е ништо, тоа е добро, добро, тоа е благороден порив! Таа е добра девојка... — мрмореше, преоѓајќи со погледот преку неговата жена, како да сакаше да ја оправда Наташа, а во исто време некако мене да ме одбрани.

Но Ана Андреевна и покрај тоа што за време на читањето беше некако возбудена и трогната, сега гледаше така како да сакаше да рече: „Се разбира, дека Александар Македонски бил јунак, но зошто да се кршат столови?" и тн.

Наташа набргу се врати, весела и среќна, и проаѓајќи крај мене скришум ме штипна. Старецот пак рече дека „сериозно" го оценува мојот расказ, но од радост не издржа во својата улога туку се занесе:

— Е, брате Вања, убаво е, убаво! Ме израдува! Толку ме израдува што воопшто не се надевав. Не е високо, но е големо, тоа се гледа... Ене, онде ми е „Ослободувањето на Москва" — во Москва е и напишано — но тука, брате, од првиот ред се гледа дека човекот се залетал некако во орловски височини .. А знаеш ли, Вања, кај тебе тоа е некако попросто,

поразбирливо. А јас го сакам токму тоа што е поразбирливо! Некако ми е поблиско; исто како да ми се случува мене. А она таму високото, што е тоа? Ни тој што го пишал не би го разбрал. Но стилот би ти го поправил; зашто, јас ова го фалам, но, како било, сепак има нешто малку возвишено... Туку, сега е веќе доцна: напечатено е. Можеби во второто издание? А што, брате, сигурно ќе има и второ издание? И тогаш пак пари... Хм!

— Па зар навистина толку пари добивте, Иване Петрович? — забележа Ана Андреевна. — Ве гледам вас, па сè некако не можам да верувам. О, господи, ете, за што дава светот пари денеска!

— А знаеш што, Вања? — продолжи старецот, загревајќи се сè повеќе; — макар што не е служба, сепак е кариера. Ќе го прочитаат тоа и високи личности. Ете ти рече дека Гоголь добива годишна поткрепа и дека го испратиле во странство. А што велиш кога би било и со тебе така? А? Или можеби тоа уште е рано. Треба уште нешто да напишеш? Е, па тогаш пишувај, брате, пишувај — што побргу! Не спиј на славата! Немој да денгубиш!

И тој тоа го зборуваше со толку уверливо лице, со таква добродушност, што човек немаше срце да го запре и малку да му ја олади фантазијата.

— Или, на пример, ете ќе ти дадат табакера... Што велиш? За подароци нема прописи. Ќе сакаат да те поттикнат. А којзнае, можеби ќе стасаш и до дворот; — додаде тој со тивок глас и со важно лице, намигнувајќи со левото око, — или не? Можеби за дворот уште ти е рано?

— Е, вие бргу и на дворот! — рече Ана Андреевна како да се навреди.

— Уште малку па и за генерал ќе ме произведете, — одговорив јас, смеејќи се од срце.

Старецот, исто така, се засмеа. Беше необично задоволен.

— Ваше височество, ќе заповедате ли да вечерате? — викна немирната Наташа, која за тоа време ни беше приготвила да вечераме.

Таа брбна во смев, му притрча на татка си па силно го прегрна со своите топли раченца:

— Добар, добар мој татко!

Старецот се разнежи.

— Е, е де, добро, добро! . . . Јас тоа . . . така — од срце го зборувам. Генерал или не, а ние сега ќе вечераме. О, ти си чувствителна, — додаде тој чукајќи ја по рамо и по вжарените образи својата Наташа, што имаше обичај да го парви во секоја згодна прилика. — Знаеш, Вања, јас тоа ти го кажувам од сè срце! Туку, макар што не си генерал (далеку сме уште од генерали!) но сепак си прочуен човек, списател.

— Денеска, тате, велат: писател.

— А не списател? Не сум знаел. Но, да речеме и писател. Туку, еве што сакав да кажам: за дворски советник, сигурно, нема да те постават затоа што си напишал роман, на тоа не вреди да се мисли; но сепак човек можеш да станеш; на пример, да станеш аташе. Можат да те испратат во странство, во Италија, за поправка на здравјето, или заради некое усовршување во науките, да речеме; ќе ти помогнат парично. Се разбира дека сето тоа и од твоја страна треба да биде отмено; за работа, за вистинска работа пари и одликувања да примаш, а не така, со некоја протекција . . .

— Па немој тогаш да се занесеш, Иване Петрович, — додаде, смеејќи се, Ана Андреевна.

— Море нему треба веднаш ѕвезда да му дадат, тате, а вие тука постојано аташе, па аташе!

И таа пак ме штипна за рака.

— А оваа постојано ми се потсмева! — викна старецот, со уживање посматрајќи ја Наташа, на која ѝ се беа вжариле образите, а очите весело ѝ блескаа како ѕвезди. — Јас, деца, навистина малку далеку отидов, ми се чини се затрчав, вечно сум бил таков . . . Јас само тебе те гледам, Вања: колку си ми ти нешто обичен.

Ох, господе мој! Па каков би можел да биде, татенце?

— Но не, не го велам јас тоа. Само сепак, Вања, лицето ти е, брате, некако онака . . . поправо, сосем

како да не си поет: тие се некако, знаеш бледи, велат тие поетите, па со таа нивна коса, а во очите некако... Знаеш, каков е Гете, или некој друг... јас тоа сум го читал во Абадон... А што? Да не сум погрешил нешто пак? Гледај само, ѓавол еден, како ми се смее! Јас, пријатели мои не сум учен, но можам да насетам. Најпосле, лицето — лицето, — тоа баш не е толку голема несреќа; мене и твоето лице ми е добро и многу ми се допаѓа; и не сакав тоа да ти го кажам... Туку само да бидеш чесен, Вања, да бидеш чесен, тоа е главно; живеј чесно, и немој да се вообразуваш! Пред тебе е широк патот. Служи им чесно на твоите работи; тоа сакав да го кажам, токму тоа сакав да го кажам.

Прекрасно беше тоа време! Сите слободни часови, сите вечери ги поминував кај нив. На стариот му носев вести за литературниот свет, за писателите, за кои тој одеднаш, не знам од каде, почна необично да се интересира; дури почна да ги чита критичките статии од Белински, за кого многу му зборував и кого тој скоро не го ни разбираше, но воодушевено го фалеше и многу се нафрлаше на неговите непријатели, што пишуваа во „Северен трут". Старичката со будно око внимаваше на мене и на Наташа; но сè ѝ беше попусто! Меѓу нас веќе беше изговорено едно зборче, и јас чув, најпосле, како Наташа, наведнувајќи ја главата и наполу отворајќи го своето устенце скоро со шепот ми рече: да. Но и старите дознаа; почнаа за тоа да размислуваат, да се советуваат; Ана Андреевна долго нишаше со главата. Ѝ беше некако чудно, а по малку и се плашеше. Не беше многу сигурна во мене.

— Зашто, убаво е кога е тука успехот, Иване Петрович, — зборуваше таа, — а ако наеднаш не дојде успехот, или ако се случи нешто друго, што ќе правиме тогаш? Барем да имате каква било служба!

— А знаеш што ќе ти кажам јас тебе, Вања, — се реши стариот по долго размислување; — јас уште таму тоа го видов, забележав и, ти признавам, дури и се израдував што ти и Наташа... но, што овде цел ден!... Гледаш, Вања: Вие двајца уште сте многу млади, и мојата Ана Андреевна арно вели. Да приче-

каме. Ти, да речеме, си талент, дури необичен талент... но, не си баш гениј, како што почнаа во почетокот за тебе да трубат, туку така, просто талент (токму денес, ете, читав критика за тебе во „Трут“. Туку, многу лошо, брате, таму те касапат; но зар тоа, пак, е некој весник!). Да! Значи, гледаш: тоа сè уште не се пари в банка — тој твој талент; а вие двајцата сте сиромашни. Туку да причекаме, барем година и половина, или макар и година: па ако ти тргне добро, ако се зацврстиш сигурно на својот пат, — Наташа е твоја; но ако не успееш, размисли и сам. Ти си чесен човек; размисли!...

На тоа и останавме. А по една година еве што стана:

Да, тоа беше скоро точно по една година! Еден ведар септемвриски ден, предвечер, јас дојдов кај моите стари, болен, со треперливо срце, и се плеснав на столот скоро во несвест, така што тие дури се уплашија гледајќи ме таков. Но, мојата вртоглавица и болката во срцето не доаѓаа оттаму што тој ден десетпати се доближував до нивната врата и десетпати се враќав назад пред да влезам; не затоа што не успеав во мојата кариера, и што уште немав ни слава ни пари, — ниту затоа што уште не станав некакво „аташе“ и што бев далеку од тоа да ме испратат во Италија заради поправка на здравјето: — туку затоа што човек може да проживее десет години за една, а за таа една година проживеа десет години и мојата Наташа. Цела бесконечност се испречи меѓу мене и неа... И еве, се сеќавам како седев тогаш пред старецот, молчев и го туткав со расеаната рака и инаку истутканиот обод на мојата паларија, седев и чекав, не знам ни сам зошто, кога ќе се појави Наташа. Мојата облека беше бедна и лошо ми стоеше; во лицето се бев изгубил, смршавел, пожолтел — па сепак ни оддалеку не личев на поет; во очите пак немав ништо големо, кое некогаш толку го сакаше добриот Николај Сергеич. Старичката ме посматраше со искрено и претерано сожалување, а во себе мислеше:

„Господи брани — овој за малку што не стана Наташин младоженец!“

— Па, Иване Петрович, дали сте за чај? (самоварот вриеше на масата). — Па како живеете, вие баќушка? Нешто многу сте ми се изгубиле, — ме запраша таа со жаловит глас, како да ја слушам сега.

И како да ја гледам сега: ми зборува таа, а во очите ѝ се гледа друга грижа, онаа иста грижа од која и нејзиниот старец се загрижил и со која сега седеше над изладената чаша чај и го мислеше своето. Знаев дека тогаш ги загрижуваше спорот со кнезот Валковски, кој беше зел не сосема поволен тек за нив, и дека кај нив се случија уште некои нови непријатности, што му го нарушија дури и здравјето на Николај Сергеич. Младиот кнез, заради кого почна целата таа парница, пет месеци пред тоа нашол прилика да ги посети Ихмењеви. Старецот, кој го сакаше својот мил Аљоша како роден син, и на кого се секаваше скоро секој ден, го пречекал радосно. Ана Андреевна се сетила на Василевско, па заплакала. Аљоша почнал да им доаѓа сè почесто, скришно од татко си. Николај Сергеич, чесен, отворен, искрен, со негодување ја отфрлил секоја претпазливост. Од благородна гордост тој и не сакал да помисли што ќе рече кнезот ако дознае дека неговиот син пак е примен во куќата на Ихмењеви, и во мислите ги презирал сите тие лоши сомневања. Но старецот не знаеше дали ќе има сила да издржи нови навреди. Младиот кнез почнал да им доаѓа скоро секој ден. И на старите им било многу пријатно и весело со него. По цели вечери и долго по полноќ останувал тој кај нив.

Се разбира дека таткото најпосле дознал за сè. Испаднала најодвратна сплетка. Тој го навредил Николај Сергеич со едно ужасно писмо, пак со истата тема како и порано, а на синот му дал забрана да ги посетува Ихмењеви. Тоа се случило две недели пред моето доаѓање кај нив. Стариот страшно се загрижил. Како! Зар неговата Наташа, невина, благородна, пак да се вплетува во таква гнасна клевета, во таа нискост! човекот кој веќе еднаш толку го навреди... И зар

сето тоа сега да се остави без задоволство! Првите денови тој легна в постела од очај. Сето тоа јас го знаев. Целата таа работа дојде до мене во сите подробности, макар што, болен и столчен, за тоа последно време, околу три недели, не се појавував кај нив; лежев во мојот стан. Но јас знаев уште и... но не! Тогаш само претчувствував; знаев, но не верував дека, освен тие работи, има кај нив нешто што морало да ги вознемири повеќе од сè на светот, и со болен јад ги посматрав. Да, јас се мачев; се плашев да не погодам, се плашев да верувам, и со целата сила сакав да го оддалечам кобниот миг. А, меѓутоа, и токму заради него бев дојден. Како нешто да ме влечеше кај нив таа вечер.

— Да, Вања, — праша одеднаш старецот, како да се сети на нешто, — да не беше болен? Што те нема толку долго? Јас се чувствувам виновен пред тебе: одамна сакав да те посетам, па сè некако... — и тој пак се замисли.

— Бев болен, — одговорив.

— Хм! Болен, — повтори тој по пет минути. — Сигурно, болен! А нели ти зборував и те опоменував јас тогаш, а ти не слушаш! Хм! Не, Вања, брате мој: се гледа дека музата, откако постои светов и веков, седела на мансарда гладна, па така и отсега ќе седи. Се разбира!

Да, старецот не беше расположен. Туку, да немаше тој своја рана на срцето, не ќе започнеше со мене разговор за гладната муза. Јас му се загледав в лице: пожолтело, во очите му се огледуваше некаква недоумица, некаква мисла во вид на прашање на кое тој не беше кадар да одговори. Беше некако жесток и како никогаш жолчен. Жената го погледна грижливо, и нишкаше со главата. Еднаш кога тој се сврти на другата страна, таа скришум ми покажа со главата на него.

— Како е Наталија Николаевна? Дома ли е? — ја запрашав загрижено Ана Андреевна.

— Дома е, чедо, дома, — ми одговори таа, исто како да ја доведував во незгода со моето прашање. — Сега ќе дојде таа да ве види. Не е шега — три недели не ве видела! Но нешто чудно ни стана, — не можеш

да видиш здрава ли е, или е болна, не знае човек што ѝ е. — И тука плашливо погледна во мажот.

— Како: Ништо не ѝ е, — се одзва Николај Сергеич, невесело и отсечно, — здрава е. Просто, возрасна девојка, престанала да биде дете, и тоа ти е сѐ. Кој може да ги разбере — во тие момински нарави?

— Ете сега, нарави! — прифати Ана Андреевна со навреден глас.

Старецот замолча и почна да тропка со прстите на масата.

„Господи, да не било веќе нешто меѓу нив?“ — помислив со страв.

— Па, како е таму кај вас? — почна тој пак. — А што Белински сѐ уште пишува критики?

— Да, пишува, — одговорив.

— Ех, Вања, Вања, — заврши тој, одмавнувајќи со раката. — Ништо, брате, од тие ваши критики!

Вратата се отвори и влезе Наташа.

СЕДМА ГЛАВА

Во рацете носеше шапка, а кога влезе ја стави на клавирот; потоа ми пријде мене и молчејќи ми ја подаде раката. Усните малку ѝ затреперија; токму како да сакаше да ми каже нешто, некаков поздрав, но ништо не рече. Поминаа три недели откако не се видовме. Јас ја гледав со недоумица и со страв. Колку се изменила за овие три недели! Срцето ми се стегна од тага кога ги видов тие пропаднати, бледи образи, усните запечени како од треска и очите што ѝ блескаа под долгите темни клепки од трескав огин и некоја страсна решителност.

Но, господе мој, колку беше убава! Никогаш, ни порано, ни подоцна, не ја видов таква каква што беше тој судбоносен ден. Зар ова е таа, онаа Наташа, зар ова е девојчето, кое пред една година, не симнувајќи ги од мене очите и мрдајќи ги по мене усничките, го слушаше мојот роман, и која толку весело, толку безгрижно се смееше и се шегуваше вечерта со татко си и со мене, на вечерата? Зар тоа е онаа Наташа која таму, во собана, наведнувајќи го главчето и целата поруменета, ми рече: да!

Се разнесе задушен глас на камбаната што повикуваше на вечерна молитва. Таа се сепна; старата се прекрсти.

— Ти сакаше да одиш на вечерна, Наташа, а ете веќе бие, — ѝ рече мајка ѝ. — Оди, Наташа, оди, помоли се, добро што е близу. Па и прошетај. Постојано си в соба. Погледај колку си бледа; — како да те зарекле!

— Денеска . . . можеби . . . нема да одам, — одговори Наташа лесно и тивко, скоро шепотејќи. — Не ми е добро, — додаде таа и побледе како крпа.

— Подобро е да одиш, Наташа! Па сакаше пред малку, и шапката ете си ја донесла. Помоли се, Наташењка, помоли се господ да ти даде здравје, — ја убедуваше Ана Андреевна, уплашено гледајќи во ќерката, исто како да се плаши од неа.

— Да, да — оди; па малку и ќе прошеташ, — додаде стариот, кој исто така затрижено беше загледан во лицето на својата ќерка, — добро вели мама. Ете, Вања ќе те попрати.

Мене ми се стори горка насмевка како да прелета преку Наташините усни. Таа пријде кон клавирот, ја зеде шапката и ја стави на главата; рацете ѝ трепереа. Сите движења ѝ беа сосем несвесни, — исто како да не сфаќаше што прави. Таткото и мајката грижливо се загледаа во неа.

— Збогум! — рече таа одвај чујно.

— А што се проштаваш, ангеле мој, нема да одиш на некој далечен пат! Барем малку ветар ќе те продува; погледај се колку си бледа. А, господе! А јас и заборавив (сега сè нешто заборавам!), — ти ја довршив амајлијата, ја сошив во неа молитвата, ангеле мој; тоа ланската година монахињата од Киев ме научи; молитва која помага; пред малку ја сошив. Стави ја околу вратот. Наташа. Само господ бог здравје да ти даде. Ти си ни нас сè.

И старичката извади од својата кошничка за работа златно крвче; на лентичката беше и амајлијата, пред малку зашиена.

— Носи ја со здравје! — додаде таа, ставајќи ѝ го крстот и прекрстувајќи ја ќерката. — Некогаш вака секоја вечер те крстев пред спиење, молитва читав, а ти по мене ја повторуваше. А сега нешто ни се измени, и не ти дава господ душевен мир. Ах, Наташа, Наташа! Не ти помагаат сега ни молитвите мајчини. — И старичката се расплака.

Наташа молчејќи ѝ ја баци раката и пречекори кон вратата но наеднаш бргу се врати назад и му пријде на татка си. Градите силно ѝ се шириа.

— Татенце! Прекрстете ме и вие... својата ќерка, — проговори таа со задушен глас, и клекна пред него.

Ние сите бевме збунети од оваа ненадејна и премногу свечена постапка. Татко ѝ ја гледаше неколку мига целиот збунет.

— Наташенька, чедо мое, ќерко моја, злато мое, па што станува со тебе! — викна тој најпосле, а солзи му гргнаа од очите. — Што си толку тажна? Зошто плачеш и дење и ноќе? Јас гледам сè; јас цели ноќи не спијам, станувам и наслушувам кај твојата соба!... Кажи ми сè, Наташа, исповедај ми се слободно, па ќе...

Не заврши, туку ја крена и силно ја прегрна. Таа грчевито му се впи на градите и на раменатa го скри лицето.

— Ништо, ништо, тоа е само така... не се чувствувам добро... — повторуваше, задушувајќи се од непролеаните и задушени солзи.

— Господ нека те благослови како што те благословам јас чедо мое мило, мило мое дете! — ѝ рече татко ѝ. — Тој нека ти испрати засекогаш душевен мир и нека те чува од секоја неволја. Помоли му се на господа, мила моја, мојата грешна молитва да стаса до него.

— И моја, и мојот благослов нека е со тебе! — додаде старичката, облеана со солзи.

— Збогум! — прошепоти Наташа.

На вратата застана, уште еднаш ги погледна како да сакаше уште нешто да каже, но не можеше и бргу излезе од собата.

Јас брзо отидов по неа, претчувствувајќи зло.

ОСМА ГЛАВА

Одеше молчејќи, бргу, со наведната глава и не ме гледаше. Но кога ја премина улицата и излезе на кејот, одеднаш застана и ме фати за рака.

— Не можам да дишам! — прошепоти таа, — ме стега нешто околу срцево... одвај дишам!

— Врати се, Наташа! — викнав, јас, исплашен.

— Па зар ти не гледаш, Вања, дека јас заминав засекогаш, дека заминав од нив, и дека никогаш повеќе нема да им се вратам? — рече таа, гледајќи ме со неискажана тага.

Срцето престана да ми чука. Сето тоа јас го претчувствував уште додека одев кај нив; сето тоа го насетував, како во магла, можеби уште многу порано пред тој ден, но сега нејзините зборови ме вчудовидија како гром од ведро небо.

Тажно чекоревме по кејот. Не можев да зборувам; сакав да ја разберам работата, размислував, и сосем се изгубив. Главата почна да ми се врти. Тоа ми се чинеше толку бесмислено, толку невозможно!

— Ти ме осудуваш, Вања, — рече таа најпосле.

— Не, но... јас не верувам; тоа не може да биде!... — ѝ одговорив, не знаејќи ни самиот што зборувам.

— Не, Вања, сега тоа е готово. Јас заминав од нив, и не знам што ќе биде со нив... а не знам што ќе стане и со мене!

— Ти одиш кај него, Наташа? Нели?

— Да! — одговори Наташа.

— Но тоа е невозможно! — викнав јас целиот избезумен, — знаеш ли ти дека е тоа невозможно, Наташа, сирота моја! Тоа е лудост. Ти ќе ги убиеш, а и самата ќе се запустиш. Го знаеш ли ти тоа? Наташа?

— Знам; но што да правам, тоа е посилно од мене, — рече таа, а во гласот имаше толку очај како да оди на губилиште.

— Врати се, врати се, додека не е доцна — ја молев, и колку што чувствував повеќе дека се попусто моите советувања и дека се неумесни во овој момент, толку посилно и поупорно ја молев. — Разбираш ли ти, Наташа, што ќе стане со татко ти? Дали си размислувала за тоа? Зашто неговиот татко му е непријател на твојот татко; зашто кнезот го навреди твојот татко, се посомнева на него дека присвоил пари; го нарече крадец. И тие сега се тужат... Но тоа уште не е ништо, тоа е ситница. А знаеш ли ти, Наташа (О, господи па ти сето тоа го знаеш!) — знаеш ли ти дека кнезот се посомнева во твоите родители оти тие намерно те местеле за Аљоша кога беше Аљоша кај вас во селото? Размисли само колку препати твојот татко заради таа клевета. Па тој, ете, целиот е побелен за овие две години, — погледај го! А што е важно: ти сето тоа добро го знаеш, Наташа, ох, госпоги! Јас нема ни да зборувам како ќе им биде ако те изгубат засекогаш! Ти си нивно богатство, сè што им остана уште во староста. Јас за тоа просто не сакам ни да зборувам; ти тоа и сама треба да го знаеш; сети се дека твојот татко смета оти си лажно наклеветена, навредена од тие горделивци, и дека уште не стасала одмаздата! А сега, токму сега сето тоа одново се распламти, се зајакна старото, мачно непријателство поради тоа што Аљоша го примавте дома. Кнезот пак го навреди татко ти, кај стариот уште врие навредата од таа нова клевета, и сега одеднаш сè, сето тоа, сите тие обвинувања ќе се покажат како оправдани! Сите тие што знаат како течеше работата, сите тие ќе му дадат право на кнезот, а ќе те обвинуваат тебе и твојот татко. Па што ќе биде тогаш со

нив? Тоа наместо ќе го убие! Срамота, а поради кого? Поради тебе, неговата ќерка, неговото единствено, мило дете! А мајка ти? Таа нема да го преживее стариот... Наташа, Наташа! Што правиш ти? Врати се! Освести се!

Таа молчеше; најпосле ме погледна, просто прекорно, и толку лута болка, толку страдање имаше во нејзиниот поглед, што сфатив дека и без моите зборови нејзиното рането срце сега се облева со крв. Разбрав колку ја чинеше неа тоа решение, и колку ја мачев и убивав со своите залудни зборови кои сега веќе беа задоцнети; сето тоа јас го разбрав, па сепак не можев да се воздржам, туку и натаму зборував.

— Па ти самата пред малку ѝ рече на Ана Андреевна дека, м о ж е б и, нема ни да одиш од дома... на вечерна. Значи, ти си помислувала и да останеш; не си била, значи, уште сосема решена?

Таа, наместо одговор, само горко се насмевна. И зошто воопшто ја прашував? Зашто, можев да разберам дека сè беше неповратно решено. Но, и јас бев надвор од себеси.

— Па зар токму толку си го засакала? — викнав и целиот претрпнав, гледајќи ја и скоро ни самиот не разбирајќи што прашувам.

— Што да ти одговорам, Вања? Гледаш и сам! Ми рече да дојдам, и јас сум овде, го чекам, — проговори таа, со истата горка насмевка.

— Но, слушни ме, слушни ме само, — почнав пак да ја заколнувам, фаќајќи се за сламка, — сето тоа уште може да се поправи, може тоа на друг начин да се направи, на некој сосем поинаков начин! Можеш и да не одиш од дома. Ќе те научам што да правиш, Наташенька. Јас земам на себе да сторам сè, сè, и повеќе средби, и сè... Само не заминувај од дома! Јас ќе ги носам вашите писма; зошто да не? Зашто, и тоа би било подобро отколку ова. Ќе можам јас сето тоа да го направам, ќе ве задоволам вас двајцата. Ќе видите дека ќе ве задоволам. И ти тогаш нема да се запустиш, Наташенька, како сега. Зашто вака сосема ќе се запустиш! Признај и сама, Наташа:

сè ќе биде и прекрасно и среќно, а вие ќе се сакате, колку што ви сака срцето... А кога ќе престанат татковците ваши да се караат (а тие бездруго ќе престанат да се караат), — тогаш...

— Доста, Вања, немој, — ме прекина таа, цврсто стегнувајќи ми ја раката и насмевнувајќи се низ солзи. — Добар, добар мој Вања! Колку си добар, чесен! Себеси ни со еден збор не се спомнуваш! Јас те оставив тебе, а ти сè ми прошташ, па само за мојата среќа мислиш. Па дури и писмата сакаш да ни ги носиш.

Таа заплака.

— Јас знам, Вања, колку ме сакаше, колку ме сакаш и сега, а со ниеден прекор, со ниеден лош збор не ме прекори за сево ова време. А јас, јас... Господе мој, колку многу сум виновна. Се сеќаваш ли, Вања, се сеќаваш ли и за нашето време? Ох, подобро него да не го познавав, никогаш да не го видев. Би живеела со тебе, Вања, со тебе, златен мој, мил мој!... Не, јас тебе не те заслужувам! Еве гледаш каква сум јас: во ваков момент јас уште те потсетувам на нашата минатa среќа, како ти и без тоа да не страдаш! Ете, три недели не доаѓаше: ти се колнам, Вања, ни еднаш не ми падна на памет дека си ме проколнал и дека ме мразиш. Јас знаев зошто отиде: не сакаше да ни пречиш и да ни бидеш жив укор! А зар тебе не ти беше тешко да ме гледаш? А како те чекав, Вања како те чекав! Слушај, Вања: макар што јас Аљоша го сакам како безумна, како збудалена, но тебе јас, како свој пријател, можеби дури и повеќе те сакам. Јас веќе чувствувам и знам оти без тебе не ќе можам да живеам. Ти си ми потребен, твоето срце ми е потребно, твојата златна душа... Ох, Вања! Колку горко, колку тешко време доаѓа!

Таа се задушуваше во солзи. Да, ѝ беше тешко.

— Ах, колку сакав да те видам! — продолжи таа, задушувајќи ги солзите. — Колку си ослабел, колку си болен и блед! Навистина ли беше болен, Вања? А јас и не те прашувам! Само за себе зборувам! Но, ка-

ко одат твоите работи со журналистите? Како твојот нов роман, оди ли?

— А зар мене сега ми е до романот, Наташа? А и зошто ми се тие мои работи! Така, добро, и нека одат со господ напред! Туку, знаеш што, Наташа: самиот тој ли го бараше ова, да одиш кај него?

— Не, не самиот тој, туку повеќе јас. Тој, вистина, спомнуваше, но јас и самата... Гледаш ли, мил мој, јас ќе ти раскажам сè: за него бараат една девојка, богата и од угледно семејство; во сродство е со луѓе со голема функција. Таткото бездруго бара овој со неа да се ожени, а неговиот татко, тоа ти го знаеш, е страшен интригант; ги употребува сите можни средства, зашто таква прилика нема да му се даде ни за десет години. Тука се врски и пари... А таа, велат, е многу убава; а и образование, и срце... сè ѝ е добро. Аљоша е веќе восхитен од неа. А освен тоа, таткото и сам би сакал што побргу да го симне од вратот: тој и самиот би сакал да го жени, па затоа бездруго, и по секоја цена, решил да ја раскине нашава врска. Тој се плаши од мене и од моето влијание на Аљоша...

— Па зар кнезот знае за вашата љубов? — ја прекинав јас со чудење. — Па тој само се сомневаше, и тоа беше несигурно.

— Знае, сè знае.

— А кој му кажал?

— Па Аљоша му кажал сè, неодамна. Самиот ми рече дека му кажал на татка си сè.

— Господи! Па што правите вие! А зар токму тој сам кажал, и уште во такво време...

— Немој да го обвинуваш, Вања, — ме прекина Наташа, — немој да му се смееш! Него не можеш да го осудуваш како другите. Биди правичен. Зашто тој не е таков како, ете, јас и ти. Тој е вистинско дете; него и не го воспитувале како нас. Зар тој го сфаќа тоа што го прави? Првиот впечаток, првото туѓо влијание е во состојба да го одбие од сè на кое пред неколку мига му се оддавал и заколнувал. Тој е слабак. Тој сега ќе ти се заколне дека ќе биде твој, а

истиот тој ден, исто така вистински и искрено, ќе му се сврти на друг; и уште сам прв ќе дојде да ти раскаже. Тој е дури кадар и да направи нешто лошо; но човек нема да го обвини за таа лоша постапка, туку уште ќе го жали. Тој е способен за самопожртвување, и тоа какво! Но и тоа само до новиот впечаток, — а тогаш пак ќе заборави сè. Па така и мене ќе ме заборави ако не бидам постојано крај него. Ете каков е тој.

— Ах, Наташа, па можеби ништо од тоа не е вистина — можеби тоа се само приказни. Зашто од каде тој, уште момче, да се жени!

— Татко му има некои особени, свои планови, ти велам.

— А од каде знаеш ти дека девојката му е толку убава и дека тој се занесол по неа?

— Па самиот ми кажа.

— Што? Зар тој самиот ти рече дека може да сака друга, а од тебе да бара таква жртва?

— Не, Вања, не! Ти не го знаеш него, ти малку си бил со него; него човек одблиску мора да го запознае, па дури потоа да суди. Нема на светов поправедно и почисто срце од неговото. Па, убаво! Зар убаво ќе беше да ме мамеше? А тоа што се занесол — знаеш, доста е јасно со него само една недела да не се видам, тој ќе ме заборави и ќе засака друга; а после кога ќе ме види, тој пак ќе биде крај моиве нозе. Не! Тоа е дури и добро што јас знам и што не скри од мене; зашто инаку би умрела од сомневање. Да, Вања! Јас сега знам на што сум: Ако не бидам јас крај него, секогаш, постојано, во секој миг, тој ќе се оладе кон мене, ќе ме заборави и ќе ме остави. Таков е тој. Него секоја друга може да го занесе. А што ќе правам јас тогаш? Јас ќе умрам тогаш! Јас и би сакала сега да умрам! Вака... Зошто ми е животот без него! Тоа е полошо од самата смрт, полошо од сите маки! О, Вања, Вања! Тука мора да има нешто, кога јас, еве, сега заради него и мајка и татко оставив! Немој да ме одвраќаш, сè е решено. Тој мора да биде крај мене

секој час, секој миг; јас не можам да се вратам. Јас знам дека пропаднав, дека другите ги запустив ... Ах, Вања! — викна таа одеднаш и целата затрепери, — а што ќе правам ако навистина тој не ме сака повеќе! Што тогаш, ако пред малку ја кажа вистината за него (јас тоа никогаш не сум го рекол), дека тој мене само ме мами и дека само се прави така правичен и искрен, а, всушност, е лош и суетен! Јас, еве, него сега го бранам овде пред тебе; а тој можеби во исто време сега е со некоја друга и ми се смее во себе ... а јас, јас, ниска, сум оставила сè, и одам по улици, го барам ... Ох, Вања!

Тој извик со таква болка ѝ се откина од срцето што душава ме заболи од тага. Видов дека Наташа веќе изгубила секаква власт над себе. Само слепа и безумна љубомора во највисок степен можела да ја доведе до вакво лудо решение. Но кај мене самиот пламна љубомора и ми изби од срцето. Не издржав: ме занесе грдо чувство.

— Наташа, — реков, — јас само едно не разбирам: како можеш ти да го сакаш по сево ова што го зборуваше пред малку за него? Не го почитуваш, не веруваш дури ни во неговата љубов; а ваму неповратно одиш кај него и сè запустуваш поради него? Па што е тоа? Ќе те измачи за цел живот, а и ти него. Премногу го сакаш, Наташа, премногу! Не ја разбирам оваа љубов.

— Да, го сакам како луда, — одговори таа, побледувајќи како од болка. — Тебе јас никогаш толку не сум те сакала, Вања. А и сама знам дека сум го изгубила паметот и дека не сакам како што треба. Ова не е добра љубов ... Слушај, Вања: јас и порано знаев, па дури и во нашите најсреќни часови претчувствував дека од него ќе доживеам само страдања. Но што да правам кога дури и тие страдања од него сега ми се среќа? Зар јас на добро одам кај него? Зар јас уште сега не знам што ме чека кај него и што ќе препатам кај него? Тој и ми се колнеше дека ќе ме сака, само колку ми ветуваше; но јас на сите негови ветувања ни малку не верувам, за ништо

не ги сметам, ниту некогаш сум ги сметала, макар што знаев дека не ме лажел, ниту може да ме измами. Јас самата му реков, самата, дека со ништо нема да го врзувам. Со него така е подобро: синџир никој не сака, па и јас, прва. Па сепак сакам да бидам робинка, доброволна робинка; да трпам од него сè, сè, само да е крај мене, само да можам да го гледам! Ми се чини дека би се согласила и друга да сака, само тоа да биде пред мене, и јас да бидам тука крај нив... Каква нискост, Вања? — ме запраша таа одеднаш, гледајќи во мене со некаков трескав, распламтен поглед. (Во еден миг ми се стори како да блада.) — Па тоа е нискост, да се има вакви желби? Но ако! И самата велам дека е нискост, но ако ме напушти ќе појдам по него на крајот од светот, дури и да ме одбива и да ме тера од себе. Еве, ти сега ме советуваш да се вратам; а што би било од тоа? Ќе се вратам, а утре пак ќе појдам кај него, ќе ми заповеда, и ќе појдам; ќе ми свирне, ќе ме намами како кученце, а јас ќе потрчам по него... Страдања! Не се плашам јас од никакви страдања заради него, ќе знам јас дека страдам за него.. Ох, па сето тоа и не може да се искаже, Вања!

„А татко ти, а мајка ти?“ — помислив јас. Таа веќе како да ги заборавила нив.

— Па зар тој ќе се венча со тебе, Наташа?

— Вети, сè вети. И тој сега затоа ми вика утре тајно да се венчаме, надвор од градот, но тој не знае што прави. Тој можеби не знае ни како се венчава. И зар тој личи на маж! Смешно, жими бога. А кога ќе се ожени, ќе се почувствува несреќен, ќе почне да ми префрла... А јас не би сакала тој кога било заради нешто да ме прекори. Сè ќе му дадам, а тој мене не мора ништо... Зашто ако биде тој несреќен поради женачката, зошто тогаш да го онесреќувам?

— Не, тоа е некаков матеж, Наташа, — реков. — И ќе одиш ли ти сега право кај него?

— Не, тој вети дека ќе дојде ваму, да ме одведе; се договоривме... — И таа желно погледна во далечината, но уште никој немаше.

— И него уште го нема; и ти прва дојде! — викнав јас со негодување.

Наташа се затетерави како удрена. Лицето болно ѝ се искриви.

— Тој лесно може и да не дојде, — проговори таа со горка насмевка. — Завчера ми пиша, ако не му дадам збор дека ќе дојдам, дека тогаш, и против својата волја, ќе мора да го одложи своето решение да оди со мене на венчавање; а татко му ќе го одведе кај неговата свршеница. И тоа толку просто, толку природно го напиша, како да е тоа некаква ситница... А што ако навистина отишол кај неа, Вања?

Јас не одговорив. Таа силно ми ја стегна раката и очите ѝ заблескаа.

— Тој е кај неа, — проговори таа одвај чујно. — Тој мислел дека јас нема да дојдам овде, затоа отишол кај неа, за после да рече дека тој не е виновен, зашто однапред ми кажал, а јас не сум дошла. Јас му здодеав, па сега ме избегнува... Ах, господи! Побудалив! А тој и самиот онојпат ми рече дека сум му здодеала... И што чекам тогаш?

— Ене го! — викнав, здогледувајќи го одеднаш во далечината на кејот.

Наташа целата затрепери, писна, се загледа во Аљоша кој се приближуваше, и одеднаш, испуштајќи ја мојата рака се стрча кон него. И тој ги забрза чекорите, и по една минута таа веќе беше во неговата прегратка. На улицата, освен нас, немаше скоро никого. Тие се бакнуваа, се смееја; Наташа и се смееше и плачеше во исто време, исто како да се состанале по бескрајна разделба. Руменило ѝ го облеа бледото лице; беше како надвор од себеси...

Аљоша ме забележи и веднаш ми пријде.

ДЕВЕТТА ГЛАВА

Јас внимателно се загледав во него, макар што порано повеќепати го имав видено, му се загледав в очи, како да можеше неговиот поглед да ги разбие сите мои сомневања, со што и како ова дете можело да ја плени, да предизвика во неа таква безумна љубов, љубов што одеше до заборав на најважната должност, до неразмислено жртвување на сето она што за Наташа дотогаш беше најголема светост? . . . Кнезот ме фати за двете раце, силно ги стегна, а неговиот поглед, краток и ведар, ми продре в срце.

Почувствував дека сум можел да се мамам во своите заклучоци за него, затоа, што беше мој соперник. Да, јас не го сакав и, признавам, никогаш и не можев да го засакам, — можеби единствен јас меѓу сите тие што го познаваа. Многу нешта на него воопшто не ми се допаѓаа, па дури и неговата отмена и убава појава, — можеби токму поради тоа што таа беше некако и премногу убава. Подоцна увидов дека во тоа сум судел пристрасно. Тој беше висок, ставест, виток; лицето му беше долгманесто, секогаш бледо; руса коса, големи сини очи, благи и замислени, во кои понекогаш ќе заблескаше најпростодушна, најдетска веселост. Полните мали, румени усни, вонредно оцртани, имаа скоро секогаш некаков сериозен израз; дотолку понеочекувана и дотолку позаносна беше насмевката што ќе се појавеше одеднаш на нив, толку наивна и простодушна што и самите, веднаш по него, во какво и да сте расположение, во истиот момент би почувствувале потреба и вие нему исто така

да му се насмевнете. Тој не се облекуваше префинето, но секогаш елегантно; се гледаше дека таа елеганција воопшто не му беше тегоба, туку му беше вродена. Вистина е дека тој имаше неколку лоши особини, неколку лоши навики на отмениот свет; лекомисленост, вообразеност, учтива дрскост. Но во срцето беше премногу ведар и едноставен, па самиот, прв ги осудуваше своите навики, се каеше поради нив и ги исмеваше. Ми се чини дека тоа дете никогаш, дури ни во шега, не би можело да измами, а и ако измами, верувајте, тоа би било затоа што не би го сметал како нешто лошо. Дури и себичноста кај него беше некако привлечна, и тоа можеби затоа што беше отворена, а не искривена. Во него немаше ништо прикриено. Беше слаб. Доверлив и со кротко срце; своја волја воопшто немаше. Да го навредиш, измамиш, него би било и гревота и жално, како што е гревота да се измами и да се навреди дете. Тој за своите години беше и премногу наивен, и скоро ништо не разбираше од вистинскиот живот; впрочем, и со четириесет години тој од животот не би научил ништо. Такви луѓе како да се осудени на вечна малолетност. Јас мислам дека немаше човек кој не би можел да го засака; тој би ви се умилкувал како дете.

Наташа добро кажа: тој би можел да направи и нешто лошо, принуден на тоа од чие било јако влијание; но откако ќе ја види последицата на таквата своја постапка, мислам дека би умрел од каење. Наташа инстинктивно чувствуваше дека ќе биде негова господарка и владарка; дека тој дури ќе биде нејзина жртва. Таа уште сега ја чувствуваше сладоста; да се сака безумно и да се мачи од болка тој што го сакаш, — токму затоа што го сакаш; па можеби затоа и побрзала прва да му се жртвува.

Но и во неговите очи сјаеше љубов, и тој со занес гледаше во неа. Таа ликувајќи ме погледна. Заборави во тој момент сè — и родителите, и разделбата со нив, и сомневањата . . . Беше среќна.

— Вања, — викна таа, — крива сум пред него, и не сум му достојна! Јас мислев дека нема веќе ни да дојдеш, Аљоша. Заборави ги моите лоши мисли, Вања. Сето тоа јас ќе го поправам! — додаде, загледувајќи се во него со бескрајна љубов.

Тој се насмевна, ѝ ја баци раката, па, не испуштајќи ја, ми рече мене:

— Ни мене не обвинувајте ме. Уште одамна сакам да ве прегрнам како вистински брат; колку многу таа за вас ми расправала. Јас и вие одвај се познаваме, и некако не се спријателивме. Да бидеме пријатели и... простете ни, — додаде тој полугласно и малку поцрвенувајќи, но со таква прекрасна насмевка што не можев да не се одзовам со целото свое срце на неговиот поздрав.

— Да, да, Аљоша, — прифати Наташа, — тој е наш брат, тој веќе нас ни опрости, и ние без него не можеме да бидеме среќни. Јас веќе ти зборував... Ох, колку сме ние немилосрдни деца, Аљоша! Туку, ние тројца ќе живееме заедно... Вања, — продолжи таа а усните ѝ затреперија, — ете, ти сега ќе им се вратиш ним, дома; ти имаш толку златно срце што тие, макар што нема да ми опростат, кога ќе видат дека ти си ми опростил, можеби ќе бидат барем малку поблаги кон мене. Раскажи им сè, сè, со с в о и зборови од срце. Најди такви зборови... Одбрани ме, спаси ме; кажи им ги сите причини, така како што сам разбра. Знаеш ли, Вања, дека јас можеби и не би се решила на о в а ти да не се најдеше денеска крај мене! Ти си мој спас: веднаш станав сигурна во тебе дека ќе умееш така да им раскажеш, дека барем ќе им го ублажиш тој прв ужас. О господе мој, господе!... Кажи им од моја страна, Вања, дека јас знам оти сега и не може да ми се прости: зашто тие токму и да ми простат, господ нема да прости. Но, и ако ме проколнат, јас сепак ќе ги благословам и ќе се молам за нив цел век. Целово срце ми е кај нив! Ах, што не сме сите среќни! Зошто, зошто!... Господе, што направив јас! — викна таа одеднаш, како да се освести, и целата тресејќи се од ужас, го покри ли-

цето со раце. Аљоша ја прегрна и молчејќи силно ја привлече кон себе. Поминаа неколку мига молчење.

— Како сте можеле да барате од неа таква жртва! — реков јас, погледувајќи го со прекор.

— Не обвинувајте ме, — повтори тој, — ве уверувам дека сите овие несреќи, макар што се големи и тешки, се само за момент. Јас сум сосема уверен во тоа. Сега треба да се има само решителност за да се издржи тој момент: истото ми го зборуваше и таа. Вие знаете: за сè е причина таа семејна гордост, тие сосем непотребни караници, и некакви си спорови!... Но... (јас за тоа долго сум размислувал, ве уверувам)... сето тоа мора да престане. И сите пак ќе се согласиме и тогаш сигурно сите ќе бидеме сосем среќни, така што и нашите стари ќе се помират посматрајќи нè нас. Којзнае, можеби токму нашиот брак ќе послужи како почеток на нивното смирување. Јас мислам дури и не може поинаку да биде. Како мислите вие?

— Вие рековте: брак. Па кога ќе се венчате? — запрашав, погледнувајќи во Наташа.

— Утре или задутре; но задутре веќе сигурно. Еве гледате, јас уште и самиот не знам точно и, право да ви кажам, ништо од тоа не сум подготвил. Јас мислев дека Наташа можеби нема да дојде денес. Освен тоа, татко ми бездруго сакаше да ме води денеска кај мојата свршеница (зашто мене ми најдоа свршеница; ви расправала ли Наташа? Но јас не се согласувам). Значи затоа и не можев точно да смислам сè. Но сепак сигурно задутре ќе се венчаме. Барем мене така ми се чини, зашто поинаку и не може. Утре тргнуваме по псковскиот друм. Јас имам тука блиску, во селото, еден другар од лицејот, многу добар човек; можеби ќе ве запознам со него. Таму во селото има и свештеник, впрочем, точно не знам дали има или нема. За тоа требаше порано да се распрашам, но ете, не стасав... Впрочем, ако сакаме поправо, сите тие се ситници. Само за она главното треба да се води сметка. А може и од некое соседно село да се повика свештеник; што мислите вие? — зашто

таму наблизу има села! Само едно ми е криво, што досега не стасав да испратам таму барем два-три збора; требаше да се јави порано. Којзнае, можеби мојот пријател не е дома... Но тоа е најмала ситница! Само човек што има решителност, и покрај сè оди само по своето, така ли е? А сега, до утре, или макар и до задутре, таа ќе престојува овде кај мене. Зедов посебен стан, во кој ќе живееме и кога ќе се вратиме од пат. Зашто и јас нема да се вратам кај татко ми нели? Вие ќе дојдете кај нас. Станот го средив вонредно пријатно. Мене ќе ми доаѓаат нашите лицеи; ќе приредувам вечери...

Го посматрав со двоумење и тага и не знаев што да мислам за него. Наташа ме преколнуваше со погледот да не судам строго за него и да бидам поблаг. Таа го слушаше неговото расправање со некаква меланхолична насмевка, а во исто време и како да уживаше во него, така како што се ужива во мало весело дете, слушајќи го неговото неразбирливо но мило брборење. Јас со прекор погледнав во неа. Ми беше неподносливо тешко.

— А вашиот татко? — прашав јас, — дали сте вие цврсто убедени дека тој ќе ви прости?

— Сигурно, зашто не му останува ништо друго? Поправо, се разбира, тој во прво време ќе ме проколне; јас дури сум убеден во тоа. Таков е тој; и премногу е строг кон мене! Се разбира, можеби на некого ќе му се пожали; ќе ја употреби, со еден збор, татковската власт... Но сето тоа не е толку сериозно. Тој неизмерно ме сака; ќе се разлути па и ќе прости. Тогаш сите ќе се смират, и сите ќе бидеме среќни. Па и нејзиниот татко.

— А ако не ви прости? Дали сте помислувале и на тоа?

— Се разбира дека ќе прости, само можеби не толку брзу. Па што тогаш? Јас ќе му докажам дека и јас имам карактер. Тој постојано ме грди како немам карактер, и дека сум лекомислен. Па сега ќе види дали сум лекомислен, или не сум. Зашто, да се биде женет човек, тоа не е шега; тогаш повеќе нема

да бидам момче... поправо, сакав да кажам, јас тогаш ќе бидам ист како другите... семејни луѓе. Ќе живеам од својата работа. Наташа вели дека е тоа подобро отколку да се живее на туѓа сметка, како што живееме сите ние. Само кога би знаеле колку многу убави работи таа ми зборува! Јас на сето тоа никогаш не би можел да се сетам; не сум се развивал како што треба, погрешно ме воспитувале. Навистина, и јас самиот знам дека сум лекомислен и дека не сум за ништо способен; но, знаете ли, пред извесно време ми се јави чудна мисла. Па, макар што за тоа сега не е време, но јас сепак ќе ви ја раскажам, зашто тоа и Наташа треба да го чуе, а вие ќе ми дадете **совет.**

Значи, гледајте; јас би сакал да пишувам раскази и да им ги продавам на списанијата, како вас. Вие ќе ми помогнете кај журналистите, нели? Сигурен бев во вас, и целата минатa ноќ смислував еден роман, така, колку за проба; и знаете ли: прекрасна работичка може да испадне. Сижето го зедов од една Скрибова комедија... Но тоа после ќе ви го расправам. Главно е дека за него ќе добијам пари... па и вам, ете, ви плаќаат!

Не можев да издржам да не се насмевнам.

— Вие се смеете, — рече тој, насмевнувајќи се веднаш по мене. — Не, ве молам, — додаде со неразбирлива простодушност, — не гледајте каков впечаток оставам јас. Не, жими бога, јас имам необично голема моќ на забележување; ете, ќе видите и самиот. Најпосле, зашто да не пробам? Можеби нешто и ќе биде од тоа... Впрочем, вие можеби сте во право; зашто јас не знам ништо од вистинскиот живот; и Наташа така ми вели; тоа, впрочем, сите ми го зборуваат; па тогаш каков писател ќе бидам? Смејте се, смејте, се, поправајте ме; зашто со тоа и за неа нешто ќе направите, а вие неа ја сакате.

Јас ќе ви ја кажам вистината: Наташа не ја заслужувам; јас тоа го чувствувам; тоа ми е многу тешко, и јас не знам заради што таа толку ме засака. А јас, ми се чини, дека целиов свој живот би го дал

за неа! Жими бога, досега ни малку не се плашев, а сега се плашам: што ли сме намислиле ние?! О, господе! Па зар навистина на човека, кога сосем ѝ се предал на својата задача токму како спротивност, ќе му недостасува вештина и решителност да ја изврши? Помогнете ни барем вие, пријателе наш! Вие уште ни останавте единствен пријател. Зашто, како ќе се снајдам јас самиот во сето ова! Простете што сметам така на вас: јас ве сметам за премногу благороден човек и за многу подобар од себе. Но, јас ќе се поправам, бидете уверен, и ќе ви бидам достоен на двајцата.

Тука пак ми ја стегна раката, и во неговите прекрасни очи заблеска прекрасно, добро чувство. Тој толку доверливо ми ја подаде раката, толку веруваше дека сум му пријател!

— Таа ќе ми помогне да се поправам, — продолжи тој. — Впрочем, немојте да мислите нешто сосем лошо, немојте многу да очајувате поради нас. Јас имам многу надеж, а во материјален поглед сосема ќе бидеме згрижени. Јас, на пример, ако не ми тргне од рака романот (да ви кажам право, уште пред малку помислував дека романот е глупост, а сега го спомнав само така, за да го чујам вашето мислење) ако не ми успее со романот, па јас, во краен случај, можам да давам часови по музика. Вие не сте знаеле дека сум учел музика? Јас не се срамам да живеам ни од таква работа. Јас во тој поглед сум човек со сосем нови идеи. А освен тоа, имам многу скапи ситнурии, украсни работи; зошто ми се тие? Ќе ги продадам, и знаете ли колку време ќе живееме од тоа! Најпосле, кога ќе дојде докрај, јас можеби навистина ќе стапам во служба. На татко ми тоа ќе му биде мило; тој постојано ме тера да барам служба, а јас се бранам дека не сум здрав. (Јас, најпосле, веќе некаде и се водам како чиновник.) А кога ќе види дека женачката ми донесла корист, дека ме направила сериозен, и дека навистина сум почнал да служам, — тој ќе се израдува и ќе ми прости.

— Но, Алексеј Петрович, дали сте помислувале каква расправија сега ќе испадне меѓу вашиот и нејзиниот татко? Како мислите вие, што ќе биде вечерва во нивната куќа?

И јас му покажав на Наташа, која премре од моите зборови. Бев немилосрден.

— Да, да, вие имате право, тоа е ужасно! — ми одговори тој, — јас веќе мислев за тоа и патев!... Но што да правам? Вие добро велите: само нејзините родители да ми простат! А колку ги сакам јас двајцата, кога би знаеле само! Зашто, тие ми се исто како мои; а јас, ете, како им се оддолжувам! Ох, таа проклета неслога, тие спорови. Вие нема да верувате колку ни е сега тоа непријатно! И зошто толку да се караат! Ние сите еден со друг толку се сакаме, а се караме! Треба убаво да се помириме и работата е свршена! Жими бога, јас така би направил да сум на нивно место. По ова што ми го рековте сега, мене ми е страв! Наташа, страшна работа е ова, на кое се решивме јас и ти! Јас тоа и порано го зборував... Но ти сама тоа го сакаш... Туку, знаете што, Иване Петрович, можеби сепак сето тоа ќе се сврти на добро; што мислите вие? Зашто, кога-тогаш, тие сепак ќе мораат да се смират! Ние ќе ги принудиме. Тоа има да биде, — бездруго ќе биде; тие не ќе можат да се спротиват на нашата љубов... Па и нека нè проколнуваат, ние сепак ќе ги сакаме, тие ќе мораат да попуштат. Нема да ми верувате колку добар е понекогаш мојот стар. Тој само гледа така попреку на човека, а инаку е необично паметен и разбран. Само кога би знаеле колку благ беше денеска со мене во разговорот, како ме советуваше! А јас, еве, денеска работам против неговата волја; и тоа ми е многу тешко. А само поради тие проклети предрасуди! Просто — лудило! А што би било ако тој само малку подобро ја погледне и помине со неа барем половина час? Веднаш би ни дозволил сè.

Зборувајќи го тоа, Аљоша нежно и страсно погледна во Наташа.

— Јас илјадапати со уживање замислував, — продолжи тој со своето брборење, — како ќе ја засака тој кога ќе ја запознае, и како ќе ги восхити таа сите. Зашто никој од нив ваква девојка никогаш и не видел! Татко ми е уверен дека е таа просто некаква интригантка. Моја должност е да ја повратам нејзината чест, и јас тоа и ќе го направам! Ах, Наташа! Тебе сите те сакаат, сите; нема човек што би можел да не те сака, — додаде тој одушевено. — И макар што јас не сум ти достоен, ти сепак ме сакаш, Наташа, а јас веќе... туку ти мене веќе ме знаеш! И зар нас многу ни треба за нашата среќа?! Не, верувам, верувам дека оваа вечер мора да ни донесе среќа, мир и слога на сите! Нека е благословена оваа вечер! Така ли е, Наташа? Но што ти е тебе? Господе мој, што ти е?

Таа беше бледа како смрт, а целото време додека зборуваше Аљоша таа внимателно посматраше; но нејзиниот поглед стануваше сè поматен и повкочанет, лицето сè побледо и побледо. Мене ми се чинеше дека таа веќе и не го слушаше, туку беше во некаков занес. Аљошиниот извик одеднаш како да ја разбуди. Таа се сепна, погледна околу себе и наеднаш полета кон мене. Веднаш потоа, како да брза, и како да се крие од Аљоша, таа извади од џебот писмо и ми го даде. Писмото беше за нејзините стари, и уште вчера напишано. Откако ми го даде, таа ме гледаше без да трепне, како да се заковала за мене со својот поглед. Во тој поглед имаше очај; никогаш нема да го заборавам тој страшен поглед. Страв ме опфати и мене; видов дека таа дури сега сосема ја почувствува целата стравотија на својата постапка. Таа се напрегаше нешто да ми каже; дури почна и да зборува, но одеднаш се онесвести. Јас ја задржав, Аљоша побледна од страв, ѝ ги триеше слепоочниците, ѝ ги бацуваше рацете, усните. По две-три минути таа се поврати. Недалеку стоеше кочијата во која дојде Аљоша. Тој го викна кочијашот. Откако седна во кочијата, Наташа, како надвор од себе, ја грабна мојата рака, и врела солза ги изгоре моите прсти. Ко-

лата тргна. И уште долго време стоев на местото, следејќи ја со поглед. Сета моја среќа пропадна во тој миг, и животот ми се прекрши надве. Јас тоа болно го почувствував... Повторно тргнав назад, по истиот пат, кај старите. Не знаев што да им речам, како ќе излезам пред нив. Моите мисли трпнеа, нозете ми се пресекоа...

И ете — тоа е целата приказна за мојата среќа. Така се сврши и реши мојата љубов. А сега да го продолжам прекинатиот расказ.

ДЕСЕТТА ГЛАВА

Околу пет дена по Смитовата смрт, јас се преселив во неговиот стан. Целиот тој ден чувствував неподнослива тага. Времето беше влажно и студено; паѓаше лапавица, помешана со дожд. Дури предвечер, само за малку, се покажа сонце, па некаков заскитан зрак, можеби од љубопитност, зирна и во мојата соба. Почнав да се каам што се преселив овде. Собата, навистина, беше поголема, но толку ниска, исчадена, задушлива и толку немило празна, макар што во неа имаше малку мебел. Веднаш помислив дека во овој стан сигурно ќе го изгубам и тоа малку преостанато здравје. Така и беше.

Целото тоа утро се задржав околу своите ракописи, разгледувајќи ги и доведувајќи ги во ред. Бидејќи немав торби, ги пренесов во навлаката за перница; а тука сè се стуткало и измешало. Потоа седнав да пишувам. Јас тогаш уште го пишував мојот голем роман; но работата пак не ми одеше од рака. Со други мисли беше зафатена мојава глава . . .

Го фрлив перото и седнав крај прозорецот. Се стемнуваше, а во душата ми беше уште потемно. Ме опфатија разни тешки мисли. Сè ми се чинеше дека во Петроград сосем ќе пропаднам. Се приближуваше пролетта; мислев, просто би се препородил кога би се извлекол од својата пештера на господова светлина, кога би можел да се надишам од мирисот на свежите полиња и шуми, а јас толку одамна не сум ги видел . . .

Се сеќавам, и ова ми падна на памет: колку до-

бро би било кога би можел со некаква маѓија или чудо сосем да заборавам сè што било, што сум преживеал последниве години. Сè да заборавам, да ја освежам главата, па пак да почнам со нова сила. Тогаш уште фантазирав за тоа и верував во својата преродба. „Макар во лудница да одам“, решив јас најпосле, „целиот мозок во главата некако да ми се преврти и да заземе нова положба, па потоа пак да се излекувам“. Тоа беше жед за живот и верба во него!... Но се сеќавам, веднаш се насмевнав. „Што би правел по лудницата? Зар пак да пишувам романи?“

Така фантазирав и тагував, а времето, меѓутоа, минуваше. Дојде ноќ. За таа вечер имав договорено состанок со Наташа; таа со писмо многу ме молеше да појдам уште сношти. Скокнав и почнав да се готвам. Јас и без тоа сакав што побргу да се откачам од овој стан, па каде било, — макар и на дожд и на лапавица.

Колку повеќе што се стемнуваше, собата ми стануваше некако попространа, како да се шириле сè повеќе. Си бев вообразил дека секоја ноќ, во секој агол, ќе го здогледам покојниот Смит: тој ќе седи и ќе гледа неподвижно во мене, како тогаш во слаткарницата кај Адам Иванович, а крај нозете ќе му лежи Азорка. И ете, токму во тој момент ми се случи настан кој многу ме потресе.

Впрочем, морам сè отворено да признам: дали поради растројството на нервите, поради новите впечатоци во новиот стан, или од неодамнешната потиштеност, — но јас малку по малку и постепено од првата приквечерина почнав да доаѓам во онаа душевна состојба во која толку често се наоѓам и сега, вака болен, ноќе, а кое го викам мистичен страв. Тоа е најтешкиот мачен страв од нешто што ни самиот не можам да го определам; од нешто непоимливо, и во редот на работите непостојано, но кое неизоставно, можеби уште во овој момент, ќе се оствари, како за подбив на сите причини на разумот; ќе ми дојде па ќе ми застане пред мене како незадрж-

лив факт, ужасно, одвратно и неумоливо. Тој страв расте обично сè повеќе и повеќе, без оглед на сите можни причини на разумот, така што најпосле разумот, наспроти тоа што во тие моменти добива уште поголема острина, сепак се лишува од секоја можност да се бори со чувствата. Него никој не го слуша, тој станува непотребен, и тој расцеп уште повеќе го зголемува товарот од стравот на очекувањата. Мене ми се чини дека, донекаде, таквиот душевен товар го има кај луѓето што се плашат од мртовци. Но во моето чувство неопределеноста на опасност уште повеќе го зголемува мачењето.

Се сеќавам, стоев, свртен со плеќите кон вратата, и ја земав од масата паларијата, и одеднаш, во тој миг, ми текна дека, кога ќе се свртам, задолжително ќе го видам Смит првин полека ќе ја отвори вратата, ќе застане на прагот, па ќе погледне во собата. Потоа полека, со наведната глава, ќе влезе, ќе застане пред мене, ќе ги управи во мене своите матни очи и одеднаш право в очи ќе ми се насмее со долга, беззаба и нечујна насмевка, а телото ќе му се затресе, и уште долго ќе му се тресе од смевот. Целиот тој привид необично јасно и силно ми се оцрта во мојата фантазија, а во исто време утврди во мене длабоко непоколебливо уверување дека тоа неминовно и ќе се случи, дека тоа веќе и се случило, но јас само не гледам бидејќи сум свртен со плеќите кон вратата, а, можеби, точно во овој миг, вратата веќе се отвора. Бргу се свртив, и што мислите? Вратата навистина се отвораше, лесно, нечујно, исто така како што ми се привидуваше пред малку. Викнав. Долго никој не се појавуваше, вратата како да се отвораше сама. Одеднаш на прагот се појави чудно суштество: нечии очи, колку што можев да видам во мракот, ме посматраа внимателно и упорно. По целото тело ми полазија морници. За да биде ужасот уште поголем, јас видов дека е тоа дете, девојче, — да беше тоа дури и самиот Смит, ни тој, можеби не би ме уплашил како оваа чудна, неочекувана појава на непознато дете во мојата соба, во овој час, и во ова време.

Веќе реков дека таа ја отвори вратата толку нечујно и полека, како да се плашеше да влезе. Откако се појави, таа застана на прагот па долго ме гледаше изненадено, скоро скаменето. Најпосле, тивко, полека пречекори два чекори напред па застана пред мене уште ништо не зборувајќи. Ја разгледав подобро. Тоа беше девојче на дванаесет-тринаесет години, сниско, слабичко, бледо, како неодамна да преболело тешка болест. Дотолку посјајно блескаа нејзините крупни црни очи. Со левата рака задржуваше на градите стара искината шамија покривајќи ги со неа градите, што се тресеа од вечерното студенило. Нејзината облека навистина можеше да се нарече партал. Нејзината густа, црна коса беше неисчешлана и растурена. Стоевме така едно време, гледајќи еден во друг без да трепнеме.

— Каде е дедо? — праша девојчето најпосле, со одвај чујниот зарипнат глас, како да ја болеа градите и грлото.

Целиот мој мистичен страв исчезна со тоа прашање? Го бараше Смита; одеднаш му се јавуваа трагите.

— Твојот дедо? Па тој умре! — реков јас одеднаш сосем неподготвен да ѝ дадам одговор на тоа нејзино прашање но веднаш се покаав. Стоеше неколку мига во поранешната положба, па потоа одеднаш целата затрепери, и тоа толку силно како да ќе добие нервен напад. Јас скокнав да ја задржам, да не падне. По неколку минути ѝ беше полесно, и јас јасно видов колку страшно се напрега за да го скрие од мене своето возбудување.

— Прости ми, прости ми, малечка! Прости ми, дете мое! — зборував, — јас тоа толку одеднаш ти го кажав, а којзнае — можеби тоа и не е точно... кутро дете!... Кого го бараш? Старецот што живееше овде?

— Да, — прошепоти таа, посматрајќи ме со напрегање и вознемирено.

— Тој се вика Смит? Нели?

— Д-да!

— Значи, тој е... па да, тој умре... Само, немој многу да очајуваш, малечка моја. А зошто не дојде досега? Од каде доаѓаш сега? Вчера го закопавме; умре одненадеж, набрзина... Значи, ти си му внука?

Девојчето не одговараше на моите брзи и несредени прашања; таа молчејќи се сврти па полека се упати кон излезот на собата. Бев толку изненаден што повеќе и не ја задржав, ниту натаму ја испитував. Таа уште еднаш застана на прагот и, откако се сврти наполу кон мене, праша:

— И Азорка ли умре?

— Да, и Азорка, — ѝ одговорив, и ми се стори чудно тоа нејзино прашање: и таа како да беше уверена дека Азорка задолжително морала да умре заедно со старецот. Откако го чу мојот одговор, девојчето нечујно излезе од собата, внимателно затворајќи ја по себе вратата.

Јас веднаш истрчав по неа да ја стасам, и ми беше многу криво што ја пуштив да си оди. Таа излезе толку тивко што и не чув како ја отвори другата врата што излегуваше на скалите. Јас мислев дека уште не е спуштена низ скалите, па застанав во ходникот да наслушнам. Но сè беше мирно, и никакви чекори не се слушаа. Само некаде на долниот кат тресна врата, па пак стивна сè.

Почнав бргу да слегувам. Скалите токму од мојот стан, од четвртиот до третиот кат, беа вртени, а од третиот почнуваа вистински скали. Тие беа нечисти, последни и секогаш мрачни скали, едни од оние што се гледаат обично по големите куќи со мали станови. Во тој момент на нив беше веќе сосем темно. Алкајќи, слегов до третиот кат, застанав, и одеднаш нешто како да ми прошепна дека тука, во ходникот, има некого, и се крие од мене. Јас почнав да алкам со раце; девојчето беше тука во самиот агол и, свртено со лицето кон ѕидот, тивко и нечујно плачеше.

— Па од што се плашиш! — почнав. — Јас толку те исплашив; јас сум виновен. Дедо ти, кога умираше, зборуваше за тебе, тоа беа последните негови збо-

рови... Кај мене се останати и неговите книги, сигурно се твои. Како се викаш? Каде живееш? Тој ми рече дека си негде на шестата линија...

Но јас не завршив. Таа писна од страв, токму како поради тоа што јас знам каде живее таа; ме турна со своите слабуњави, ковчести раце и стрча по скалите. Јас по неа, нејзините чекори уште можев да ги чујам по скалите. Одеднаш ги снема. Кога истрчав на улица, неа таму веќе ја немаше. Отрчав сè до Вознесенскиот проспект, видов дека сите мои трагања се попусто: таа исчезна. „Мора да се скрила некаде од мене, — помислив, — уште кога слегуваше по скалите".

ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА

Но само што стапнав на калливиот мокар тротоар, од Проспектот, наеднаш се судрив со еден минувач, кој длабоко замислен, со наведната глава, очигледно одеше некаде брзајќи. На мое најголемо изненадување го познав стариот Ихмењев. Тоа беше за мене вечер со изненадни средби. Знаев дека старецот, пред три дена беше сериозно разболен, кога одеднаш, го сретнувам по вакво невреме на улица. А освен тоа, тој и порано скоро никогаш не излегуваше навечер; а од времето кога замина Наташа, т. е. веќе скоро половина година, тој стана вистински домашар. Тој сега не ми се израдува како инаку, туку, како човек кој, најпосле, го нашол пријателот со кој може да ги подели своите мисли, — ме фати за рака, силно ја стегна, и не прашувајќи ме каде сум тргнал, ме повлече по себе. Беше од нешто вознемирен, забрзан, експлозивен. „Каде ли одел тој?“ Си помислив во себе. Да го прашам, би било незгодно; тој стана ужасно недоверлив па понекогаш во најобично прашање или забелешка гледаше некоја злонамерна опомена или навреда.

Јас го измерив попреку: лицето му беше како на болен, за последното време многу ослабил; брадата веројатно една недела не ја бричел. Косата, сосема побелена, му стрчеше во неред под истутканата паларија и, во долги перчиња, лежеше на јаката од неговиот стар, износен горен капут. Уште отпорано имав забележано дека тој во извесни моменти како да се занесува; чинеше заборави, на пример, дека не е сам во

собата, и ќе разговараше самиот со себе, и ќе гестикулираше. Тешко беше да се гледа.

—Па како си ми, Вања, како си ми? — почна тој. — Каде си тргнал? А јас, еве, излегов по работа... Па здрав ли си?

— А вие здрав ли сте? — одговорив јас, — пред извесно време бевте уште доста болен, а веќе излегувате.

Старецот не одговори, исто како да не ме чул.

— Како е со здравјето Ана Андреевна?

— Здрава е, здрава... Впрочем, и таа не е најдобро. Нешто многу се растажила... се сеќаваше за тебе: што те нема? Па ти сега кај нас ли си тргнал, Вања?... Нели? Да не те спречив нешто; можеби ти пречам во нешто? — запраша тој наеднаш, некако недоверливо и сомнително загледувајќи се во мене. Сомнителниот старец стана толку чувствителен и раздразлив што, кога би му одговорил дека јас сега не сум тргнал кај нив, бездруго би се нашол навреден, и ладно би се разделил со мене. Јас брзо му одговорив потврдно, дека токму сум тргнал да ја посетам Ана Андреевна, макар што знаев дека на тој начин не само што ќе задоцнам, туку дека можеби воопшто нема ни да стасам да наминам кај Наташа.

— Е, тоа е добро од тебе, — рече старецот, сосема смирен со мојот одговор, — тоа е добро... — па одеднаш замолчи и се замисли како да премолчува нешто.

— Да, да, тоа е убаво! — механички повтори тој по пет минути, исто како да се сепна од некоја длабока замисленост. — Хм... гледаш, Вања, ти секогаш си ни бил како роден син. Мене и Ана Андреевна не нè надари господ... со син.. но, ете, те испратил тебе; јас секогаш така сум мислел. И старата така... да! И ти секогаш се однесуваше кон нас внимателно, нежно како наш, благодарен син. Нека те благослови господ за тоа, Вања, како што и ние двајцата старци те благословуваме и сакаме... да!

Гласот му затрепери, тој запре за миг.

— Да... е, па како е? Да не си бил нешто слаб? Зошто те нема толку долго кај нас?

Му ја раскажав целата случка со Смит, извинувајќи се дека Смитовата смрт ме задржала, дека освен тоа, за малку што не се разболив, и дека, покрај сите тие грижи, ми беше и далеку да доаѓам кај нив на Василевско (тие тогаш живееја на Василевско). Јас за малку што не се истрчав да кажам дека сепак, и за тоа време, најдов прилика да наминам кај Наташа, но моментно се воздржав.

Смитовиот случај го заинтересира старецот. Тој стана позаинтересиран. Кога дозна дека е мојот стан влажен и дека е можеби уште полош од поранешниот, а дека плаќам шест рубли месечно, тој дури вивна во пламен. Тој воопшто беше станал необично прав и избувлив. Само уште Ана Андреевна знаеше како треба да се постапува со него во такви случаи, но и таа не секогаш.

— Хм... сето тоа твојата литература, Вања! — извика тој скоро налутено; — кога те доведе до таван, ќе те доведе и до гробишта! Нели ти зборував тогаш и ти претскажував!... А како твојот Белински пишува ли уште критика?

— Па тој веќе умре, од туберкулоза. Јас вам, ми се чини, веќе ви зборував за тоа.

— Умрел, хм... умрел! Се разбира. А дали им остави нешто на жената и на децата? Зашто ти како да ми зборуваше дека имал и жена... И зошто само ли се женат тие луѓе!

— Не, ништо не остави, — му одговорив.

— Ете, велам јас! — викна тој со таква жестокост како таа работа да се однесуваше на нешто блиско, роднинско, и како Белински да му беше вистински брат. — Ништо! Ете, гледаш — ништо! А знаеш, Вања, јас уште одамна претчувствував дека тој така ќе сврши, уште тогаш кога ти, се сеќаваш, често ми го фалеше. Не е тоа шега да се каже: ништо не остави! Хм... слава постигна... Да речеме, можеби и бесмртна слава, но, брате, од слава човек не може да биде сит. Јас

и за тебе тогаш сето ова однапред го погодив, Вања; те фалев, а во себе сè насетив сè. Значи, умре Белински? Како и да не умре? И животот му беше красен, и . . . местото красно, ете погледај!

И тој со брзина, со несвесно движење на раката ми ја покажа магливата перспектива на улицата, слабо осветлена со фенери, кои одвај мижуркаа во влажната магла; извалканите куќи, плочите на тротоарот сјајни од влага, смуртените, налутени и накиснати минувачи, целата таа слика, што ја опфаќаше црната, како со туш прелеана купола на Петроградското небо. Излегувавме веќе на плоштадот; пред нас, во мракот, се креваше споменикот, осветлен одоздола со гасни светилки, а таму подалеку се креваше мрачната, огромна маса на Исаевскиот храм која нејасно се одвојуваше од мрачното небо.

— Ти зборуваше, Вања, дека тој човек бил добар, великодушен, симпатичен, чувствителен, со добро срце, но ете, сите тие се такви, сите тие твои симпатични и срдечни луѓе! Сè што знаат, тоа е да множат сираци! Хм, можам да помислам како му било да умре! Е — е-ех! Да се штукне, каде било одовде, макар и во Сибир! . . . Што е, малечка? — праша тој наеднаш, откако забележа на тротоарот дете што проси.

Тоа беше малечко спечено девојче, на седум-осум години, не повеќе, облечено во извалкани партали; малечките ножиња ѝ беа обуени во искинати чевли на боса нога. Таа се трудеше своето малечко, изземнато тело да го покрие со некакво бедно капутче, кое веќе одамна беше надраснато. Нејзиното мршаво, бледо и болно лице беше свртено кон нас; таа уплашено и без зборови гледаше во нас, па со некој покорен страв да не биде одбиена, го подаваше своето треперливо раче. Старецот просто целиот затрепери кога ја забележа, и така брзо се сврти што дури ја уплаши. Таа затрепери, и одеднаш се тргна од него.

— Што е, што ти е тебе, девојче? — викна тој. — Што е? Ти просиш? Нели? Еве, еве ти . . . На, земи!

И тој, брзајќи и тресејќи се од возбуда, почна да бара по џебот, па извади две или три сребрени пари. Но му се стори дека е тоа малку. Го извади ќесето па, ваѓајќи од него банкнота од рубља — сè што имаше внатре — ги пушти парите во рацете на малото просјаче.

— Христос нека те чува, малечка... чедо мое! Ангелот господов нека е со тебе!

И тој неколкупати со треперливата рака ја прекрсти кутрата; но наеднаш, забележувајќи дека сум и јас тука и дека го гледам, се смурти, па со брзи чекори продолжи натаму.

— Види, Вања, јас не можам да го гледам ова — почна тој по доста долго налутено молчење; — како тие мали, невини суштества се тресат од студ на улица... поради тие несреќни мајки и татковци. Туку и тоа... каква мајка би испратила вакво дете на ваква стравотија ако и самата не е најнесреќна!... По сè изгледа, таму во собниот агол, земен под наем, ѝ седат и други сирачиња, а ова е најстаро. Мајката и сама им е болна; и... хм! Не се к н е ж е в с к и деца! Многу има, Вања, на светов... не кнежевски деца! Хм!

Помолчи малку, како да му беше нешто неарно.

— Јас, Вања, гледаш, ѝ ветив на Ана Андреевна, — почна тој, збунувајќи се и заплеткувајќи се, — ѝ ветив... поправо, јас и Ана Андреевна се договоривме да земеме некое сираче на гледање... така, какво било, сирото и мало, — дома, сосем разбираш ли? Зашто вака ни е здодевно нам старите: сами сме, хм... Само гледаш: Ана Андреевна почна нешто да се спротивставува. Па, значи, разговарај ти со неа, онака, знаеш, не како од моја страна, туку како од твоја... убеди ја... разбираш? Одамна сум се наканувал да те замолам... да ја наговориш да се согласи... Некако ми е незгодно, многу, самиот јас да ја молам... Туку, не вреди околу тоа да се трошат зборови! Што ме интересира тоа девојче? Не ми треба! Јас тоа туку така, за да ја заборавам грижата... да чујам детски глас...

а, впрочем, ако сакаме поправо, јас повеќе тоа поради старата го правам; нејзе ќе ѝ биде повесело отколку со мене самиот! Туку, сето ова е ветар! Знаеш, Вања, вака ние ќе стасаме скоро дома, ајде да земеме кола; има дотаму уште доста да се оди, а и Ана Андреевна веќе одамна нè чека.

Беше седум и половина кога стасавме кај Ана Андреевна.

ДВАНАЕСЕТТА ГЛАВА

Старите многу се сакаа еден со друг. И љубов и одамнешната навика беше ги врзала неразделно. Но Николај Сергеич, не само сега, туку дури и порано, во најсреќното време, бил некако затворен кон својата Ана Андреевна, некогаш дури и остар, особено пред туѓиот свет. Кај некои луѓе, кои инаку нежно и фино чувствуваат, се јавува некогаш некакво упорство, некакво срамежливо стеснување да се откриваат, и дури на својот најмил да му ја укажуваат својата нежност, не само пред други туку дури и насамо; насамо уште повеќе. Само понекогаш милозливоста избива од нив, и избива толку пожешко, толку незапирливо колку што била подолго задржувана. Таков во извесна смисла беше и стариот Ихмењев кон својата Ана Андреевна, уште од младоста. Тој ја ценеше и безгранично ја сакаше, и покрај тоа што беше само една добра жена која ништо друго не знаеше освен да го сака, и му беше многу криво што таа, од своја страна, заради својата простодушност, беше кон него понекогаш дури и премногу и непретпазливо отворена.

Но по Наташиното заминување тие станаа некако понежни еден кон друг; тие болно почувствуваа дека останале сами на овој свет. Па макар што Николај Сергеич понекогаш бидуваше необично мрачен, тие сепак ни два часа не би можеле без тага и без бол да се разделат еден од друг. За Наташа тие, некако премолчно, се разбираа да не прозборуваат ни збор, како да ја нема на светот. Ана Андреевна дури и не се осмелуваше ниту трошка појасно да напомне за неа пред мажот

макар што тоа ѝ беше многу тешко. Таа на Наташа веќе одамна во срцето ѝ прости. Меѓу мене и неа беше некако утврдено јас при секое доаѓање да ѝ донесам некаква вест за нејзиното мило незаборавно чедо.

Старичката ќе се разболеше кога не ќе добиеше подолго вести, а кога ќе ѝ ги донесев, таа се интересираше и за најмала ситница, ќе ме испитуваше со грчовита љубопитност, па ќе ѝ „олеснеше на срцето" од моите раскажувања. А еднаш за малку што не умре од страв, Наташа кога се разболи, па дури за малку што не отиде кај неа. Но тоа беше краен случај. Од почетокот Ана Андреевна дури и пред мене не се осмелуваше да изрази желба да се види со ќерка ѝ, скоро секогаш по нашите разговори, откако ќе ме испиташе за сè, сметаше за потребно пред мене да го стегне срцето, па бездруго да потврди дека, макар што таа се интересира за судбината на својата ќерка, Наташа е сепак грешница, на која не може да ѝ се прости. Но сето тоа беше наместено. Се случуваше Ана Андреевна да тагува до изнемоштеност, плачеше, ја викаше пред мене Наташа со најмило име, горко се жалеше на Николај Сергеич, а пред него ќе почнеше да прави алузии, вистина многу внимателно, на човечката лошотија, на бездушноста, на тоа дека не знаеме да ги простуваме навредите, па дека ни господ нема да им прости на тие што не простуваат; но повеќе од тоа пред него не одеше.

Во такви моменти старецот стануваше ладен и мрачен, па мрачно молчеше, или одеднаш, обично и премногу невешто и гласно, започнуваше разговор за нешто друго, или, најпосле, одеше во својата соба, оставајќи нè нас сами, и овозможувајќи ѝ на тој начин на Ана Андреевна со солзи и тага наполно да ја излее својата болка пред мене. Исто така, чинеше појди во својата соба секогаш кога ќе им дојдев јас, и тоа веднаш, штом ќе се поздравевме, за да ми даде на тој начин време да ѝ ги соопштам на Ана Андреевна сите последни вести за Наташа. Така направи и сега.

— Целиот сум мокар, — ѝ рече тој само што влезе во собата, — одам јас во мојата соба, а ти, Вања, ос-

тани овде. А да видиш што му се случило нему со станот; де, раскажи ѝ, а јас веднаш ќе се вратам...

И тој побрза да замине, трудејќи се дури и да не нè гледа, како да се срамеше што нè составува тој. Во такви случаи, а особено кога ќе се вратеше после, тој стануваше секогаш смуртен и јадосан, и кон мене и кон Ана Андреевна, па дури и зајадлив, како да се лутеше самиот себеси и се прекоруваше поради својата благост и попустливост.

— Ете, таков е тој, — рече старата, која во последно време во однесувањето кон мене ја изостави целата своја важност и сите свои задни мисли, — секогаш е таков кон мене; а добро знае дека целата таа лукавост ја разбираме. Што му треба тоа пред мене да изигрува улоги! Дали сум му јас туѓа, што ли? Па таков е и кон ќерката. Зашто може да ѝ прости, дури и понекогаш како да сака да ѝ прости. Господ ќе го знае! Ноќе плаче, сама сум чула! А ваму се јуначи. Лошотија го фатила... Драги Иване Петрович, расправај ми бргу: каде одеше тој?

— Николај Сергеич? Не знам; јас токму вас сакав да ве прашам.

— Целата премрев кога излезе од дома. Болен, и уште по вакво време, и ноќе; сигурно, си мислам јас, тргнал по некоја важна работа; а што би било поважно од работите што ви се познати и вам? Го мислам јас тоа во себе, а сепак не смеам да го прашам. Зашто јас повеќе за ништо не смеам да го прашам. Господе боже, целата премрев и поради него и поради неа. Но, мислам, ако тргнал кај неа? Да не се решил можеби да ѝ прости? Зашто тој разбра сè за неа ги знае сите последни вести; сигурна сум дека ги знае. А од каде ги разбира, не знам. Вчера беше многу натажен, а и денеска така. Но зошто молчите? Зборувајте, баќушка, што има уште ново таму? Како ангел господов ве чекам, очите ми побелеа од гледање по вас. А што? Оној проклетиот ја остава Наташа?

Јас веднаш ѝ раскажав на Ана Андреевна. Со неа бев секогаш и сосема искрен. Јас ја известив дека како што изгледа меѓу Наташа и Аљоша ќе дојде до рас-

кин, и дека ова е сега посериозно отколку поранешните несогласувања; дека Наташа вчера ми пиша и ме молеше да појдам вечерва, во девет часот, и дека според тоа дури и не помислував да наминам денеска кај них, туку ме доведе самиот Николај Сергеич. Ѝ раскажав и ѝ објаснив подробно дека сега состојбата воопшто е критична; дека Аљошиниот татко, кој пред две недели се врати од пат, не сака ништо ни да чуе, и дека почнал со Аљоша многу строго; но поважно од сè е тоа што Аљоша, изгледа, ни самиот не бега од свршеницата, и дека, како што се слуша, дури и се заљубил во неа. Додадов уште дека можев да забележам оти Наташиното писмо е напишано со голема возбуда. Таа пишува дека вечерва ќе се реши сè, а што, тоа не се знае. Чудно е и тоа што писмото го пишала уште вчера, а ми пишува да појдам денес, па дури и време ми определила: во девет часот. Па сега бездруго морам да одам, и тоа што побргу.

— Оди, оди, баќушка, бездруго оди, — забрза старата, — ете, штом тој ќе дојде, ти напиј се чај, па... Ах, па таа уште не го донесла самоварот! Матрјона! Што е со самоварот? Разбојничка, а не слугинка... Така, па кога ќе го испиеш чајот, ти најди некој добар изговор, и бргу оди. А утре бездруго дојди за да ми раскажеш сè; и намини што порано. Господи! Да не се случила уште некоја несреќа? Туку, зар има поголема несреќа од оваа! Ама Николај Сергеич веќе дознал сè. Срцево ми кажува дека дознал. Јас преку Матрјона многу дознавам, а таа преку Агаша, а Агаша, пак, ѝ е кумче на Марија Василевна, таа што живее кај кнезот... но сето тоа ти веќе го знаеш. Мојот Николај денеска беше страшно лут. Јас де ова, де она, а тој за малку што не ми се развика мене; после како да му стана жал па вели: останавме без пари. Како божем викал за парите. Ти веќе ги знаеш нашите прилики. Попладнето отиде да прилегне. Јас свирнав низ пукнатината во неговата соба (има една таква пукнатина на вратата; тој и не знае за неа); а тој, кутриот тој, на колена пред иконата, му се моли на господа. Кога го видов тоа, нозеве ми се пресекоа. Ниту чај пиеше, ни-

ту спиеше, туку ја зеде паларијата и замина. Во пет часот отиде. Не смеев ни да го прашам: би ми се развикал. Почна често да вика, повеќе по Матрјона, а, жими бога, вика и по мене; па штом ќе викне, а мене веднаш нозете ми се закочуваат, и срцево ми отрпнува. А тој тоа само така, знам дека е само така, но пак е страшно. Му се молев на господа цел час, кога замина, да го наведе на добра мисла. А каде ти е нејзиното писмо, дај да го видам.

Јас ѝ го покажав. Знаев дека Ана Андреевна има една омилена, засолнета мисла: дека Аљоша, кого таа го нарекуваше ту злосторник, ту нечувствително глупо детиште, ќе се ожени најпосле со Наташа, и дека неговиот татко, кнезот Петар Александрович, тоа ќе му го дозволи. Таа неколкупати и несакајќи се испушти за тоа макар што после се каеше и се откажуваше од своите зборови. Но за ништо не би се осмелила да ги искаже своите надежи пред Николај Сергеич, макар што знаеше дека старецот кај неа ги насетува, па уште, не еднаш, ја прекорувше. Јас мислам дека тој најпосле би ја проколнал Наташа и би ја искорнал од своето срце засекогаш кога би дознал дека постои можност за тој брак.

Сите ние тогаш така мислевме. Тој ја очекуваше и ја сакаше ќерка си со целото свое срце, но ја очекуваше сама, како покајничка, која би го искорнала од своето срце дури и спомент за нејзиниот Аљоша. Тоа беше единствениот услов за проштавање; вистина, неискажан, но за старецот разбирлив и несомнен.

— Тој е слабак — детиште без своја волја — без волја и бездушно, јас тоа секогаш сум го зборувала, — почна пак Ана Андреевна. — Не знаеја ни да го воспитаат, па така испадна ваков ветрушка; ја остава покрај таква нејзина љубов. Господи боже! Што ли ќе биде од неа, кутрата! И само кога би можела да знам што најде во таа новата?

— Чув, Ана Андреевна, — забележав јас, — дека таа свршеница е прекрасна девојка, па и Наталија Николаевна го кажува тоа за неа . . .

— Море, не верувај! — ме прекина старата. — Каква пак сега прекрасна девојка? Вам, на писателиштата, секоја ви е прекрасна, само нека е во здолниште. А Наташа, ја фали неа зашто има благородно срце. Не знае таа да го задржи: сè му проштава, а самата пати. Колкупати ја изневерил! Злосторници немилосрдни! Мене, Иване Петрович, просто страв ме фаќа. Сите поулавеле од лошотија. Барем овој мојот да сака да се смири, да му прости на моето чедо, па да ја доведеме дома. Сум се натажила да ја видам и да ја прегрнам. Ослабена ли е?

— Ослабена е, Ана Андреевна.

— Срце мое! А јас сум на мака Иване Петрович. Цела ноќ и целиов денешен ден ги преплакав; а и како не! После ќе ти расправам! Колкупати сум потфрлала така оддалеку, да ѝ прости: отворено не смеам, туку само така наоколу, така на вешт начин. И сè се плашам: ќе се разлути, мислам, па дефинитивно ќе ја проколне! А проклетство уште не сум чула од него . . . па сега ќе се плашам да не ја проколне. Зашто што ќе стане тогаш? Таткото ако ја проколне, и господ ќе ја остави!

Ете, така и живеев, по цели денови се тресам од страв. А и тебе, Иване Петрович треба да ти е срам: ти во наша куќа си израснал, и родителска љубов кај нас си уживал, а сега си измислил — прекрасна! А што те интересира тебе тоа? Од каде е прекрасна? А ете, нивната Марија Василевна попаметно зборува. (Зашто јас погрешив, па еднаш ја викнав на кафе, кога овој мојов цело претпладне беше излезен поради работа.) Па таа сè до ситница ми објасни. Тој кнезот, Аљошиниот татко, бил со графицата во недозволена врска. Графицата одамна, расправаат, му префрлала што не сака да се венча со неа, а тој постојано се извлекувал. А таа графица, уште додека ѝ бил жив мажот, се одликувала со лошо однесување. Штом ѝ умрел мажот, таа во странство: почнала со Италијани и Французи, имала некои барони; таму и кнезот Петар Андреевич го чапнала! А паштерката, од првиот маж, ќерка на закупец, меѓутоа, постојано растела. Графицата, маш-

теа, сè поминала, а Катарина Фјодоровна, меѓутоа, попораснала, а пораснале и тие два милиони што татковото вистинскиот закупец, ѝ ги оставил во банка. Сега таа, велат, има три милиони; а на кнезот му текнало: како би било да го ожени Аљоша! (Мајстор е тој: тој не пропушта кога ќе му се даде прилика!) А грофот, тој што е на дворот, големец, се сеќаваш, нивниот роднина, исто така, се согласува; три милиони не се шега! Добро, вели, разговарајте со таа графица. И кнезот ѝ ја соопштува на графицата својата желба. Таа се согласила: некоја жена, — велат, — без морал и бесна. Овде веќе, — велат, — некои и не ја примаат, не е тоа како во странство. Не, — рече таа, — туку ти, кнезу, мене да ме земеш, а мојата паштерка нема да појде за Аљоша. А девојката, паштерката, ја сака од сè срце, гледа во својата маштеа како во господ, и за сè ја слуша. Таква некако кротка, велат, ангелска душа! Гледа кнезот во што е работата, па вели: ти, графице, не грижи се. Ти својот имот си го изела и си се задолжила до гуша. А твојата паштерка кога ќе се омажи за Аљоша, тоа ќе биде брак: и таа твоја наивна и мојот глупавичок Аљоша. Ќе ги земеме в раце и заеднички ќе се грижиме за нив, па тогаш и ти ќе дојдеш до пари. А вака, што ти вреди да се омажиш за мене? Видра човек! Фрамазон! Така било пред половина година, — графицата не сакала да се согласи; а сега, слушам, во Варшава отпатувале, и таму се договориле. Ете како чув јас. Тоа ми го кажа Марија Василевна, сè до ситница а таа, пак, чула од сигурен човек. Значи, ете во што е работата: пари се тука, милиони, а не... прекрасна.

Расправањето од Ана Андреевна ме изненади. Тоа сосем се поклопуваше со она што и самиот неодамна го чув токму од Аљоша. Расправајќи ми, тој се храбреше дека за ништо на светов нема да се ожени за пари. Но Катарина Фјодоровна го освоила и го занесла. А и тоа го чув од Аљоша, дека и неговиот татко можеби ќе се ожени, макар што тој ги побива таквите гласови — за да не ја налути графицата пред време.

Веќе реков дека Аљоша многу го сакаше татко си и се фалеше со него и веруваше во него како во пророк.

— Зашто не е од грофовски род, ни таа, таа твоја — прекрасна! — продолжи Ана Андреевна, многу навредена што ја пофалив идната свршеница на младиот кнез. — А Наташа за него би била уште подобра партија. Зашто онаа е ќерка на еден закупец, а Наташа од старински големопоседнички род, девојка од благороден сој. Мојот стар сношти (заборавив да ви кажам) го отвори своето ковчеже, она искованото, — знаете — па цела вечер спроти мене седеше и ги прелистуваше нашите стари повелби. Многу беше станал сериозен. Јас плетам чорап, па и не гледам во него, се плашам. Гледа тој јас молчам, се налути, па само ме викна, и цела вечер ми го објаснуваше нашето потекло. Му дојде, значи, дека ние, Ихмењеви, сме биле благородници уште во времето на царот Иван Василевич Грозни, а мојот род Шумилови, бил познат уште во времето на Алексеј Михаилович, и документи има, и тоа се спомнува во Карамзиновата историја. Значи, ете ти, баќушка, како стои тоа: ни ние не сме во тој поглед полоши од другите. Кога почна стариот да ми објаснува, јас веднаш видов што мисли. Очигледно, и нему му е криво што гледаат на Наташа попреку. Зашто тие само со богатство се подобри од нас. Па нека го, тој разбојник, Петар Александрович, нека се грижи за богатството: но целиот свет знае дека е тој бездушен човек и ненаситна ламја. Велат дека во Варшава потајно се запишал во езуитите. Дали е тоа вистина?

— Глупави приказни, — одговорив, и не сакајќи заинтересиран од упорноста на тие гласови. Но веста за Николај Сергеич, дека ги разгледувал своите хартии, беше многу интересна. Порано тој никогаш не се фалеше со своето потекло.

— Сите тие се бездушни злосторници! — продолжи Ана Андреевна; — а како е таа, чедото мое, тагува и плаче? Ах, време е веќе да одиш кај неа! Матрјона, Матрјона! Разбојник, а не слугинка! А да не ја навредувале? Па, зборувај, Вања!

Што можев да ѝ одговорам? Старата се расплака. Ја прашав каква незгода ѝ се случила, за која сакаше пред малку да ми расправа.

— Ах, баќушка, зар малку ми беше овој јад, туку ете, како уште да не сум ја испила целата чаша до дно. Се сеќаваш ли мил мој, или си заборавил: имав златен медаљон за спомен, а во него Наташиниот портрет, кога беше малечка, осум години имаше тогаш, чедо мое. Јас и Николај Сергеич тогаш го порачавме кај еден минувач сликар, но ти тоа, изгледа, си го заборавил. Сликарот беше добар, ја наслика како Купидона: косичката тогаш ѝ беше светла, лелеава. Во муслинска кошулка ја прикажа, така што скоро и нејзиното мало тело се прозираше, — и испадна толку убава што човек не можеше да ѝ се нагледа. Јас го замолив сликарот да ѝ додаде уште и крилца, но уметникот не се согласи. Е, па, ете, баќушка, јас по таа наша несреќа го извадив медаљонот од шатула, па со гајтан го обесив на мене. И само го носев на гради покрај крстот, но во исто време се плашев да не го забележи тој. Зашто тој тогаш беше заповедал сите нејзини работи од дома да се исфрлат или да се изгорат, нас ништо повеќе да не нè потсетува на неа. А мене, пак, ми беше дојдено до тоа макар само да го погледам нејзиниот портрет, некогаш да се исплачам гледајќи го, па да ми биде полесно, а другпат, кога ќе останам насамо, не можам да му се наситам од бацување, како да ја бацувам неа; нежни имиња ѝ давам, а и ноќе секогаш ја прекрстувам. Разговарам со неа гласно кога ќе останам сама, ја прашувам нешто и замислувам како да ми одговара, па пак нешто ја прашувам! Ох, Вања, мил мој, тешко ми е и да ти расправам! Е па ете: јас бев среќна што тој барем за медаљонот не знае, и не го забележал. Вчера изутрината кога погледнав, медаљонот го нема, само гајтанот виси, сигурно се скинал, па медаљонот паднал. Целата претрпнав. Почнав бргу да го барам. Го барав, барав, никаде го нема! Го нема, како да пропаднал в земја! И каде да се вденал? Сигурно, помислив, в постела ми се скинал. Сè испревртев, — го нема! Ако се скинал и паднал некаде, тогаш некој и го нашол, но кој да го најде освен тој и Матр-

јона? Но, на Матрјона и не можам да помислам, таа ми е предадена со целото срце... (Матрјона, ќе биде ли најпосле готов самоварот?) Но, помислив, ако го нашол тој, што ли ќе биде тогаш? — Седам така натажена и јадосана, плачам, плачам, не можам солзите да ги задржам. А Николај Сергеич е сè повнимателен и повнимателен кон мене. Гледа во мене и тагува, како да знае зошто плачам и ме жали. А јас уште мислам: од каде би можел тој да знае? А да не го нашол тој медаљонот, па го исфрлил низ прозорец? Зашто во лутината тој би бил кадар и тоа да го направи. Го исфрлил, а сега му е тешко, жали што го фрлил. Веќе одев со Матрјона да го барам надвор под прозорецот — но ништо не најдовме. Како да пропаднал в земја! Цела ноќ ја преплакав. Таа вечер за првпат не ја прекрстив. Ох, тоа не е на добро, Иване Петрович! Веќе втор ден како плачам непрекинато. Вас ве чекав, мил мој, како ангел господов, да ми олесни малку на душава.

Тука старата горко заплака.

— Ах, да! — за малку ќе заборавев да ви кажам, — почна таа одеднаш, радувајќи се што се сетила, — дали сте чуле од него нешто за сирачето?

— Сум чул, Ана Андреевна, ми кажуваше дека вие двајцата сте намислиле да земете кај вас некое сирото девојче. Вистина ли е тоа?

— Не сум ни помислила, баќушка, не сум ни помислила! Ниту сакам да знам за некакво сираче! Тоа само би ме потсетувало на нашата горчлива судбина, на нашата лоша среќа. Освен Наташа, никој не ми треба. Една ќерка сум имала, една и ќе остане. Само што му значи тоа, баќушка, што измислил сираче? Што мислиш ти, Иване Петрович? Дали за да ме утеши мене, зашто му е тешко да ги гледа моите солзи, или својата сопствена ќерка сосема да ја исфрли од срце, па да се добере до некое друго дете? Што зборуваше патем тој со вас за мене? Каков ви се стори, — намуртен, лут! Пст! Еве го, иде! После, мил мој, ќе ми кажите, после!... А утре немој да заборавиш да дојдеш...

ТРИНАЕСЕТТА ГЛАВА

Влезе стариот. Тој нè погледна љубопитно и, како да се срами од нешто, се смурти па приjде кон масата.

— Што стана со самоварот?, — праша тој, — зар досега уште не можеле да го донесат?

— Го носи, го носи; еве го, — се возбуди Ана Андреевна.

Матрjона веднаш се појави со самоварот штом го догледа Николај Сергеич, како да чекала само тој да влезе па веднаш да го изнесе. Таа беше стара, искусна и предана служителка, но веројатно најтврдоглава од сите служителки на светот, која вечно мрмореше и беше на своја глава и упорна.

Од Николај Сергеич таа се приплашуваше, и секогаш пред него ќе се „поткасаше за јазик". Но тоа сосем го надополнуваше на сметка на Ана Андреевна ѝ пркосеше на секој чекор, и отворено покажуваше претензија да господари над својата госпоѓа, макар што во исто време и од срце ја сакаше и неа и Наташа. Матрjона јас ја знаев уште во Ихмењевци.

— Хм... непријатна работа е кога ќе се намокри човек до кожа; па уште после не сакаат да ти приготват чај, — мрмореше полугласно стариот.

Ана Андреевна веднаш ми намигна. Тој страшно мразеше такво таинствено намигнување и, макар што во тој миг се трудеше да не нè гледа, по лицето можеше да му се прочита дека Ана Андреевна мене сега токму за него ми намигна и дека тој тоа точно го знае.

— Одев по работа, Вања, — почна тој одеднаш да зборува. — Работите се свртија на лошо. Нели ти збо-

рував? Ќе ме осудат, жими бога. Божем, нема никакви докази; нема потребни уверенија; податоците, божем, се неточни... Хм...

Тој тоа го зборувше за својт судски спор со кнезот. Тој спор постојано се одолжуваше, но сега земаше најлош правец против Николај Сергеич. Јас молчев, не знаејќи што да му одговорам. Тој сомнително ме погледна.

— Па што! — прифати тој одеднаш, како да се лутеше што молчиме ние — колку побргу, толку подобро. Подлец не можат да ме направат, па макар тие таму и да пресудат дека морам да платам. На мојата страна е, — мојата совест. А тие таму нека пресудуваат. Барем работата еднаш ќе се заврши, ќе ме разрешат, ќе ме запустат... Ќе оставам сè, па ќе одам во Сибир.

— Господи, каде да одиме! Зошто во таква далечина! — не издржа да не каже Ана Андреевна.

— А зошто си овде блиску? — ја запраша тој грубо, исто како да се израдува поради нејзината забелешка.

— Па сепак... на луѓето... — почна да му одговара Ана Андреевна, па натажено погледна во мене.

— На какви луѓе? — викна тој, пренесувајќи го вжарениот поглед од мене на неа, и обратно, — на какви луѓе? На пљачкосувачи, клеветници и предавници? Такви секаде има многу, не грижи се, и во Сибир такви ќе најдеш. А ако не сакаш да дојдеш со мене, остани си овде; јас не те принудувам.

— Николај Сергеич, баќушка! Па со кого би останала јас овде без тебе? — викна кутрата Ана Андреевна. — Па јас немам никого на светов, освен тебе.

Таа замолчи, и му го упати својот уплашен поглед, како да ме моли за помош и за заштита. Старецот беше озлобен, сè му пречеше, никој не смееше да му се спротивставува.

— Не плашете се, Ана Андреевна, — реков јас, — во Сибир не е токму толку лошо како што изгледа. А кога би се случила несреќа, па би морале да ја продадете Ихмењевка, тогаш намерата на Николај Сергеич

дури е и многу добра. Во Сибир може да се најде пристојна приватна служба, и тогаш . . .

— Ех, му благодарм на господа кога барем ти, Иване, паметно зборуваш. Јас така и мислев. Ќе оставам сè, па ќе појдам.

— Но, на тоа никогаш не би се надевала! — викна Ана Андреевна, плескајќи со рацете. — Па зар и ти, Вања? Е, такво нешто од тебе, Иване Петрович, не сум очекувала . . . Јас мислам дека вие освен добрина, ништо друго од нас не сте дочекале, а сега . . .

— Ха, ха, ха! А што помисли ти! А од што ќе живееме, помисли! Парите ги потрошивме, последната копејка ја трошиме. Да не сакаш, можеби, да ми посоветуваш да појдам до кнезот Петар Александрович да го замолам за прошка?

Кога слушна за кнезот, старата целата затрепери од страв. Лажичето за чај во нејзините раце звонливо почна да звечка на чиничето.

— Не, навистина, — прифати Ихмењев, распалувајќи се себеси со лута и упорна радост, — како мислиш ти, Вања? Па, жими бога, и да одам! Зошто да одам во Сибир? Туку, ете утре убаво да се дотерам, да се исчешлам и измазнам. Ана Андреевна ќе ми подготви чиста колосана кошула (зашто кај таков господин и не се може поинаку) а за да биде бонтонот целосен, треба и нараквици да купам, па да појдам до неговата светлост; господине, ваша светлост, хранителу наш, татко роден! Прости ми и смилувај ми се, дај ми парче леб, — жена, мали деца! . . . Така ли е, Ана Андреевна? Го сакаш ли тоа?

— Ништо јас не сакам, баќушка. Јас тоа така, од глупост, го реков; прости ми ако сум те налутила нешто, само не викај, — одговори таа, сè повеќе тресејќи се од страв.

Јас сум уверен дека срцето му се цепеше во тој момент гледајќи ги солзите на својот кутар другар; јас сум убеден дека нему му беше многу потешко отколку нејзе; а и тој не можеше да се воздржи. Така бидува тоа понекогаш со инаку многу добри или слаби нерви на луѓето кои, и покрај целата своја добрина, толку

се занесуваат со својата жалост и гнев (па просто уживаат во тоа), барајќи да кажат по секоја цена што им е на срцето, па макар и на штета на другиот, главно најблискиот нивни човек, кој тука за ништо не е виновен. Жената, на пример, има понекогаш просто потреба да се чувствува несреќна и навредена, па макар воопшто немала никакви навреди и несреќи. Има многу луѓе кои во тој поглед се слични на жените, и тоа луѓе што не се слабуњави, во кои воопшто нема толку многу женско. Старецот чувствуваше потреба да се кара, макар што страдаше од таа потреба.

Се сеќавам, мене ми светна во тој миг мислата: а навистина да не направил тој пред тоа некаков испад, во таа смисла како што претпоставуваше Ана Андреевна? Којзнае, да не го упатил бог, па можеби тргнал кај Наташа, но патем се предомислил, или таму нешто не му тргнало од рака, се расипало нешто од неговите намери — како и што морало да се случи — па сега се вратил дома, лут и понижен, срамејќи се од своите желби и чувства од пред малку и барајќи сега на кого би го искалил срцето поради својата с л а б о с т, и избирајќи ги токму тие на кои најмногу се сомневаше дека истото тоа го сакаат и чувствуваат. Можеби, сакајќи да ѝ прости на ќерка си, тој всушност и го замислувал восхитувањето и радоста на својата кутра Ана Андреевна, и дури кога не успеала работата таа, се разбира, прва морала да одева.

Но нејзиниот столчен изглед и нејзиното треперење пред него од страв — го потресоа. Тој како да се засрами од својата лутина па за миг се воздржа. Сите молчевме; се трудев да не гледам во него. Но тој добар миг не потраа долго време. Нему на секој начин му беше потребно да се искаже па дури со некој силен испад, дури со проклетство.

— Гледаш ли, Вања, рече тој одеднаш, — мене ми е жал, јас не би сакал да зборувам, но дојде таков момент па морам да се објаснам отворено, без заобиколување, како што му личи на секој искрен човек... разбираш, Вања? Баш ми е мило што дојде и затоа сакам гласно да кажам пред тебе така што и д р у-

г и т е да чујат: дека мене сите тие глупости, сите тие солзи, издишки, несреќи — најпосле ми досадија. Тоа што сум го искорнал од своето срце, можеби и со крв и со болка, никогаш не ќе се поврати во моево срце. Да! Јас го реков тоа, па и така ќе направам. Јас зборувам за тоа што се случи пред половина година, разбираш ли, Вања! — и зборувам толку отворено, толку искрено токму за — за да не можеш ти воопшто погрешно да ги разбереш моиве зборови, — додаде тој, гледајќи ме со вжарени очи и очигледно избегнувајќи ги преплашените погледи на својата жена. — Повторувам: тоа се глупости; јас тоа не го сакам! . . . Јас особено сум бесен за тоа што мене, како будала, како најнизок подлец с и т е ме сметаат способен дека имам толку ниски, толку непостојани чувства . . . мислат дека ќе полудам од жал . . . Глупости! Јас ги отфрлив, јас ги заборавив старите чувства! За мене нема спомени . . . да! да! да! да! . . .

Тој скокна од столот и тресна со тупаница на масата, толку силно што чашите заѕвечија.

— Николај Сергеич! Па зар нè ви е жал за Ана Андреевна? Погледајте што правите со неа, — реков јас неможејќи да се здржам, и скоро со осуда гледајќи во него. Но со тоа само го спотнав огнот.

— И не ми е жал! — викна тој, затреперувајќи и пребледувајќи, — бидејќи и мене никој не ме жали! Не ми е жал затоа што во мојава куќа се прават заговори против мојава осрамотена глава, а за развратната ќерка што заслужува проклетство и казна! . . .

— Николај Сергеич, бачушка, не колни ја! . . . — Сè што сакаш, само ќерката не проколнувај ја! — писна Ана Андреевна.

— Ќе ја проколнам! — викаше стариот двапати посилно од пред малку, — зашто и од мене, навреден и посрамотен, се бара да одам кај таа проклета, па уште да ја молам за простување! Да, да, тоа е така. Со тоа ме мачат катадневно, дење и ноќе, во мојава сопствена куќа, со солзи, воздишки и глупави алузии! Сакаат да ме разжалостат . . . Види, види, Вања — додаде тој, забрзано вадејќи со треперливите раце од

страничниот џеб некои хартии, — еве овие се преписите на нашите спорни списи. Според овој спор денеска излегува дека јас сум крадец, дека сум измамник, дека сум го ограбил својот добротвор!.. Јас сум обесчестен и осрамотен поради неа! Еве, погледај, погледај само!...

И тој почна да исфрла од страничниот џеб разни хартии, едноподруго, на масата, нестрпливо барајќи ја меѓу нив таа што сакаше да ми ја покаже мене; но тој потребен спис, како за пакост, никако не можеше да го најде. Во нестрпливоста тој измолкна од џебот сè што зграпчи во него со рака, кога наеднаш — нешто падна на масата... Ана Андреевна писна: тоа беше изгубениот медаљон.

Јас не можев да им верувам на очиве. Крв гргна во главата на стариот, образите му поцрвенеа; тој затрепери. Ана Андреевна стоеше со скрстени раце, и колнејќи гледаше во него. Лицето ѝ светна од радост и радосна надеж. Тоа руменило во лицето, таа збунетост на стариот пред нас... да, таа не се измамила, таа сега сфати како го снемало нејзиниот медаљон!

Сфати дека тој го нашол, се израдувал на тоа што го нашол, па можеби, треперејќи од радосот, љубоморно го скрил кај себе од очите на секого; дека некаде сам, скришум од сите, со бескрајна љубов гледал во лицето на своето сакано чедо, — гледал и не можел да се нагледа; дека можеби и тој, како и кутрата мајка, се затворал и осамотувал од сите за да разговара со својата неоценлива Наташа, да ги измислува нејзините одговори па самиот на нив да одговара; а ноќе, опфатен од жалост, од придушно липање, ја милувал и ја бацувал сликата и, наместо проклетство, молел од господа прошка и благослов за таа што не сакаше да ја види и ја проколнуваше пред сите.

— Мил мој, ти значи ја сакаш! — извикна Ана Андреевна, не воздржувајќи се повеќе пред строгиот татко, кој пред малку ја колнеше нејзината Наташа.

Но само што го чу нејзиниот извик, безумна јарост му светна во очите. Го грабна медаљонот, силно го тресна на подот и почна бесно да го гази со нога.

— Довека, довека да си проклета од мене! — крокореше, губејќи здив, — довека, довека!

— Господи! — викна старата, — зар неа, па зар неа! Мојата Наташа! Нејзиното мало лице... го гази со нозе! Со нозе! Тиранину! Нечувствителен, немилосрден горделивец!

Кога го чу женината пискање, избезуменият старец застана, вцашен од тоа што го направи. И одеднаш го зеде од подот медаљонот, па отрча од собата, но, откако направи два чекора, падна на колена, се потпре со рацете на канабето што беше пред него и изнемоштен ја спушти главата.

Липаше како дете, како жена. Липањето му ги стегаше градите, како да сака да ги раскине. Страшниот старец во тој момент стана послаб од дете. О, тој сега веќе не можеше да проколнува: тој веќе не се сраме-ше од никого од нас, и во грчевит порив на љубов пак, пред сите нас, со безбројни бакнежи ја опсипа сликата, која до пред малку ја газеше со нозе. Изгледаше дека целата нежност, целата негова љубов кон ќерка му, што тој во себе така ја задушуваше, сакаше да избие и со незапирлива сила на својата јакост го сотираше целото негово битие.

— Прости ѝ, прости ѝ! — викаше Ана Андреевна липајќи, наведнувајќи се над него и прегрнувајќи го. — Врати ја во родителскиот дом, мил мој, па и самиот господ при страшниот суд ќе ти ја признае твојата смиреност и милосрдност!...

— Не, не! За ништо и никогаш! — викаше тој со зарипнат глас, како просто да се задушуваше, — никогаш, никогаш!

ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ГЛАВА

Кај Наташа дојдов веќе доцна, во десет часот. Таа тогаш живееше на Фонтанка, кај Семјоновскиот мост, во нечиста куќа под кирија кај трговецот Колотушкин, на третиот кат. Во прво време, по нејзиното заминување од родителската куќа, таа и Аљоша живееја во многу убав стан, малечок, но елегантен и удобен, на втори кат, на Литејна. Но паричните средства на младиот кнез бргу се исцрпија. Не стана учител по музика, но почна да зема пари назаем и падна во долгови кои за него беа огромни. Парите ги трошеше на дотерување на станот, на подароци за Наташа, која се бунеше против тоа негово растурање, го кореше а понекогаш дури и плачеше.

Чувствителен и со проникливо срце Аљоша, кој некогаш по цела недела со уживање смислуваше како да ѝ подари нешто, и како ќе го прими таа подарокот; кој од тоа за себе правеше празници и мене однапред ме известуваше за своите надежи и мечтаења во тој поглед, — ќе попуштеше со волјата од нејзините укори и солзи, така што ми се нажалуваше за него, а после меѓу нив двајцата поради тие подароци доаѓаше и до префрлања, до јадови и каранници. Освен тоа, Аљоша трошеше многу пари кришум од Наташа; се додворуваше како и неговите другари и ја изневеруваше. Чинеше оди кај разни Жозефини и Мини; а, меѓутоа, тој сепак многу ја сакаше. А ја сакаше некако страдајќи. Често ќе ми дојдеше нерасположен и невесел, зборувајќи како тој не вреди ни

колку малиот прст од Наташа; како е тој груб и лош, не е способен да ја разбере, и не ја заслужува нејзината љубов.

Донекаде имаше право. Тие двајца беа сосем различни. Тој пред неа се чувствуваше како дете а таа секогаш го сметаше за дете. Плачејќи се каеше пред мене за своето познанство со Жозефина, во исто време молејќи ме ништо да не ѝ зборувам за тоа на Наташа. И понекогаш, плашливо и стрептејќи, по сите тие исповеди, кога ќе појдеше со мене кај неа (бездруго со мене, уверувајќи ме дека се плаши по сите зли дела да ѝ погледне в очи, и дека тука само јас можам да му помогнам), — Наташа од прв поглед знаеше во што е работата. Таа беше многу љубоморна, но, не разбирам зошто, секогаш му ги простуваше сите тие негови несериозности. Обично тоа се случуваше вака: Аљоша ќе влезе со мене, збунето ќе почне да разговара со неа, со исплашена нежност ја гледаше в очи. Таа веднаш ќе погоди дека тој згрешил, но не се предава за да се познае тоа, никогаш прва нема да почне за тоа разговор; ништо не испрашува, туку, напротив, ја удвојува својата милозливост; станува понежна, повесела, — и тоа не беше никаква игра или смислено лукавство од нејзина страна. Не, за тоа прекрасно суштество беше прекрасна наслада да прошта и помилува; токму во самиот чин на проштавањето на Аљоша како да наоѓа некаква особена истенчена привлечност.

Навистина, тогаш уште целата работа се однесуваше само на Жозефина. Гледајќи ја така кротка и како прошта, Аљоша не можеше да се воздржува, и веднаш самиот се каеше за сè, без ничие барање, — за да му олесни на срцето, и — „за да биде како порано“, — зборуваше тој. Откако ќе добиеше прошка, тој се восхитуваше, понекогаш дури и плачеше од радост и милина, ја бацуваше и ја прегрнуваше. Потоа веднаш чинеше развесели се, па почнуваше со детинска искреност да ги расправа сите подробности од своите авантури со Жозефина: се смееше, се кикотеше, ја благословуваше и ја фалеше Наташа, и вечер-

та ќе се завршеше среќно и весело. Кога снема пари, почна да продава предмети. На настојување од Наташа, беше најден мал, но евтин стан на Фонтанка. Предметите и натаму се продаваа. Наташа дури ги продаде и своите фустани и почна да бара работа. Кога дозна за тоа Аљоша, неговиот очај немаше граница. Се проколнуваше самиот, викаше дека се презира, но работата не можеше да ја поправи. Во тоа време им пресушија дури и последните извори; им остана само работата, но заработувачката беше ништожна.

Во почетокот, додека живееја уште заедно, Аљоша беше се искарал поради тоа со татко си. Тогашните намери на кнезот да го ожени Аљоша со Катарина Фјодоровна Филимонова, паштерката, на графицата тогаш сè уште беа само во проект, но кнезот многу се заземаше за тој проект. Тој го водеше Аљоша кај идната невеста, го наговараше да гледа да ѝ се допадне, го принудуваше и со строгост и со причини; но работата поради графицата се расипа. Тогаш и таткото почна да гледа низ прсти на врската на синот со Наташа, оставајќи сè на времето, а знаејќи каква ветрушка и лекомислен е Аљоша, тој се надеваше дека таа љубов бргу ќе помине. А за да може Аљоша да се ожени со Наташа, од тоа кнезот сè до последно време скоро не се плашеше. Што се однесува до самите љубовници, тие целата работа ја одложуваа до формалното смирување со таткото и воопшто додека не се изменат приликите. Впрочем, Наташа очигледно не сакаше ниту да почне разговор за тоа. Аљоша ми се издрдори во доверба дека таткото како донекаде и да сакал работата да стои така, — нему во сето тоа му се допаѓало што е тоа понижување за Ихменьев. А тој само заради форма продолжуваше и натаму да изјавува незадоволство кон синот; му го смали, и инаку малото, издржување (тој кон него беше страшен скржавец, му се закануваше дека ќе му одземе сè). Но наскоро потоа, кнезот отпатува во Полска, по графицата, која имаше работа, — уште непрекинато и неуморно држејќи се за својот проект, да го ожени Аљоша. Навистина, Аљоша беше уште премногу млад за жене-

ње; но свршеницата беше премногу богата, — така што би било штета да се испушти таква прилика. Кнезот, најпосле, дојде до својата цел. До нас допреа гласови дека работата околу свршувачката, на крајот на краиштата, тргнала на добар пат.

Во времето, што го опишувам, кнезот само што се врати во Петроград. Синот го прими љубезно, но цврстината на неговата врска со Наташа непријатно го изненади. Тој почна да се сомнева и да се плаши. Строго и упорно побара раскин; но набргу се досети да употреби многу подобро средство; па го поведе Аљоша кај грофицата. Нејзината паштерка беше тукуречи убавица, скоро уште девојченце, но со ретко срце, ведра, нерасипана душа, весела, паметна, нежна. Кнезот пресмета дека сепак половина година морала да го направи своето; дека Наташа сега веќе за неговиот син немаше толку привлечност и новини, и дека тој сега веќе на својата идна свршеница нема да гледа со такви очи како пред половина година. Но погоди само донекаде... Аљоша навистина се занесе. Додавам уште дека таткото одеднаш стана необично нежен кон синот (макар што пари ни сега не му даваше). Аљоша чувствуваше дека под таа нежност се крие нечувствителна, неприкосновена одлука, и тој тагуваше, но не така како што би тагувал кога не би ја гледал секој ден Катарина Фјодоровна. Знаев дека веќе пет дена има како не го видела Наташа. Одејќи кај неа од Ихменьеви јас вознемирено си правев претпоставки што би сакала таа да ми каже. Уште оддалеку здогледав свелост во нејзиниот прозорец. Меѓу нас одамна беше договорено таа да ја остава свеќата во прозорецот кога ќе ѝ биде многу потребно да ме види, така што јас ако минувам оттаму (а тоа се случуваше скоро секоја вечер) тогаш сепак би можел, по необичната светлост во прозорецот, да заклучам дека ме чека и дека сум ѝ потребен. Во последно време таа често ја ставаше свеќата.

ПЕТНАЕСЕТТА ГЛАВА

Наташа ја затеков сама. Таа полека одеше по собата горе-долу, со рацете скрстени на гради, и длабоко замислена. Самоварот, што се ладеше, стоеше на масата и веќе одамна ме чекаше. Молчејќи и со насмевка на лицето таа ми ја подаде раката. Лицето ѝ беше бледо, со болникав израз. Во насмевката имаше нешто страдалничко, нежно, стрпливо. Нејзините сини, јасни очи станале просто поголеми од порано, косата просто погуста, — сето тоа изгледаше така зашто беше слаба и болникава.

— А јас мислев дека веќе нема да дојдеш, — рече таа, подавајќи ја раката, — штотуку сакав Мавра да ја испратам кај тебе да види што е. Помислив, да не си се разболил пак?

— Не, не сум се разболил, туку ме задржаа, сега ќе ти раскажам. Но што ти е тебе, Наташа? Што се случило?

— Ништо не се случило, — одговори таа просто како зачудена. — А што?

— Па ти ми пиша... вчера ми пиша да дојдам, па дури и часот го определи, ни порано ни подоцна; тоа некако не е како порано.

— Ах, да! Сноштн го чекав него.

— Па што станува со него? Тој воопшто не дојде?

— Не. Така и си мислев: ако не дојде, тогаш ќе биде потребно со тебе да поразговарам, — додаде помолчувајќи.

— А вечерва, го очекуваше ли?

— Не, не го очекував; тој вечерва е таму.

— Па што мислиш, Наташа: дека тој кај тебе воопшто нема да доаѓа?

— Се разбира дека ќе дојде, — одговори таа, некако чудно погледнувајќи ме.

Нејзе не ѝ се допаѓаше брзината на моите прашања. Замолчевме и натаму одејќи по собата.

— Јас постојано те очекував. Вања, — почна таа пак со насмевка, — и знаеш што правев? Шеткав овде горе-долу и напамет рецитирав стихови. Се сеќаваш — прапорче, зимски пат: „Самоварот врие на дабовата маса...“ Тоа го читавме заеднички:

Стивна фуртуната; месечината блеска,
Ноќта милиони гледа со матните очи...
— — — — — — — — — —
В миг како да слушам страстен глас се ори,
И прапорче складно со него звони:
„Ах, кога ли кога мојот мил ќе дојде!
На градиве мои дремка да му пројде!
Не е ли убав животот кај мене!
Зора штом ќе зарумени
И зраците ќе затреперат
На моите смрзнати прозорци,
Самоварот веќе врие на масата дабова,
А огнецот прпори и светка во аголот
Право на постела зад шарената завеса...“

— Колку е убаво! Колку болни се овие стихови, Вања! И колку фантастична широка слика. Тука е само основата, а даден е одвај модел — а ти натаму вези како што сакаш. Две чувства: поранешното и последното. Самоварот и платнената завеса, — сето тоа е толку блиско... тоа е како по малограѓанските куќи во нашево околиско гратче; јас и таа куќа како да ја гледам: нова, дрвена, уште необложена со штици...

А потоа друга слика:

Пак како да слушам: истиот глас пее,
Но овојпат тажно прапорец лее:
Каде ли е сега мојот стар пријател? Се плашам
ќе влезе,
За да ме препрне и помилува!
Каков ли е овој живот! И тажен и мрачен,
Собава ми здодеала, низ прозорец ветар вие...
Зад прозорец останала уште една вишна,
Но, стаклото смрзнато и неа ја крие,
И којзнае,
Можеби и таа одамна е сува?
Каков ли е овој живот? Завесата бледа;
Сал попусто акам — без свој и без близок,
Нема кој да ме искара — мојот мил го нема...
Сал старата баба мрмори...

Јас болна се шуткам... ова „болна“ како да е овде токму на своето место! „Нема кој да ме искара“, — колку нежност и милост има во овој стих и таги од спомените, и тоа таги што си ги предизвикал сам, па уживаш во нив... Господи, колку е тоа убаво! Колку често се случува тоа во животот!

Таа замолчи како да го совладува задушувањето во грлото.

— Добар мој Вања! — ми рече по еден миг, па одеднаш пак замолчи како да беше заборавила што сака да каже, или тоа го рече само така, без некоја мисла, по некое ненадејно чувство.

Меѓутоа, ние постојано шетавме по собата. Пред иконата гореше кандило. Во последно време Наташа стануваше сè попобожна и попобожна и не сакаше никој за тоа да започнува разговор.

— Празник ли е утре? — ја запрашав, — кандилово ти гори.

— Не, не е празник... Де седи, Вања, веројатно си се изморил. Сакаш ли чај? Па ти уште не си пиел.

— Да седнеме Наташа. А чај сум пиел.

— А од каде доаѓаш сега?

— Од кај них.

Јас и таа секогаш така го викавме нејзиниот родителски дом.

— Од кај нив? Како така? Сам ли намина? Или те повикаа? . . .

Таа ме опсипа со прашања. Од возбуда лицето уште повеќе ѝ побледе. Ѝ раскажав за средбата со стариот, за разговорот со мајка ѝ, за сцената со медаљонот, — сето тоа ѝ го раскажав до ситница и со сите нијанси. Јас никогаш ништо не криев од неа. Таа ме слушаше со голем интерес и ги голташе зборовите. Солзи ѝ ги наполнија очите. Случката со медаљонот многу ја возбуди.

— Чекај, застани, Вања, — велеше и ме прекинуваше додека ѝ расправав, — кажувај ми поподробно. Ти некако прекутрупа ми кажуваш!

Јас повторив по втор и третпат, кажувајќи ѝ подробности за кои се интересираше таа постојано.

— И зар навистина мислиш дека тој доаѓал кај мене?

— Не знам, Наташа, и дури не знам што да мислам. Дека тагува тој по тебе и дека те сака, тоа е јасно како ден; но дека тргнал кај тебе, тоа . . . тоа . . .

— И велиш го бацуваше медаљонот? — ме прекина, — а што зборуваше кога го бацуваше?

— Нешто без врска, некои гласови; те викаше со најубави имиња, те викаше . . .

— Ме викаше?

— Да.

Таа тивко заплака.

— Кутрите! — рече. Штом знае сè, — додаде по куса пауза, — не е ни чудо. Тој за татка му на Аљоша има сосем подробни податоци.

— Наташа, — реков колебливо, — да појдеме кај нив . . .

— Кога? — ме праша, погледнувајќи ме и незабележливо потстанувајќи од потпирачот.

Мислеше дека ја викам сега веднаш.

— Не, Вања, — додаде таа, ставајќи ми ги двете раце на ременици и смеејќи се тажно, — не, мил мој;

ти постојано ми зборуваш за тоа, но... подобро да не ми го спомнуваш тоа.

— Па зар никогаш, никогаш нема да се сврши тоа ужасно недоразбирање! — викнав јас натажен. — Па зар ти толку си проклета и нема да го направиш првиот чекор. Ти треба да го направиш тоа, — ти треба прва да почнеш. Можеби татко ти само тоа го чека, па да ти прости... Татко е, го навреди! Води сметка за неговото достоинство; тој има право и таков е редот! Ти мораш да го направиш тоа. Обиди се само, ќе видиш дека ќе ти прости без какви било услови.

— Без услови! Тоа е невозможно; и немој попусто да ме прекоруваш, Вања. За тоа сум мислела и мислам со денови и со ноќи. По моето напуштање, верувам дека немало ден кога не сум мислела за нив. А колкупати јас токму со тебе за тоа сум разговарала! Па ти и самиот знаеш дека е тоа невозможно.

— Обиди се!

— Не, пријателе, невозможно е. И ако се обидам, само што ќе го налутам уште повеќе против мене. Тоа што отишло во неврат не се враќа. И знаеш ли тука што е тоа што не може да се поправи? Никој не може да ми ги врати оние детски, среќни денови, што сум ги проживеала заедно со нив. И дури да ми прости татко ми, тој сега сепак не би ме познал. Тој мене ме сакаше како девојченце, големо дете. Тој уживаше во мојата детска простодушност; кога ќе ми изразуваше љубов, тој чинеше милувај ме по глава, исто како кога бев седумгодишно девојче, и кога, седејќи во неговиот скут, ги пеев своите детски песни. Од моето најрано детство па до последните денови, тој доаѓаше кај мојата постела, па чинеше прекрсти ме пред спиење. Еден месец пред нашата несреќа тој ми купи обетки, скришум од мене (јас дознав сè), и се радуваше како дете, замислувајќи како ќе се израдувам јас поради подарокот, и многу се налути за сè, а најмногу мене, кога разбра дека јас веќе одамна знам за тоа оти ги купил обетките.

Три дена пред моето заминување тој забележа дека сум натажена; веднаш и самиот толку се натажи,

скоро како да се разболи; и — што мислиш? — За да ме расположи му текнало да ми купи влезница за театар!... Жими бога, тој со тоа сакаше да ме излекува! Ти повторувам, тој ме знаеше и ме сакаше како девојченце, а не сакаше и да помисли дека и јас некогаш ќе станам жена... Тој воопшто не се сеќаваше за тоа. А сега, кога би се вратила дома, тој не би ме познал. Ете, дури и да ми прости, но кого ќе види сега во мене? Јас веќе не сум таа, не сум веќе дете, многу сум преживеала. Дури и да му направам по волја, — тој сепак ќе воздивнува за изминатата среќа, ќе тагува затоа што не сум веќе таа што бев порано кога ме сакаше уште како дете; а на човека секогаш поубаво му изгледа старото! Човек се сеќава со извесна болка! О, колку е убаво минатото, Вања! — викна таа, занесувајќи се и прекинувајќи се самата себеси со тој извик кој ѝ се откина со болка од срцето.

— Вистина е тоа што го зборуваш, Наташа — рековјас. — Значи, тој треба сега да те познае, па повторно да те засака. А што е најважно: да те познае. А што? Тој и ќе те засака. Ти сигурно не мислиш дека тој не е во состојба да те познае и да те разбере, — тој, тој, такво срце!

— Ох, Вања, не биди неправеден! Па што има во мене особено да се разбере? Јас не зборував за тоа. Туку еве што: и татковската љубов е љубоморна. Нему му е криво што сето тоа со Аљоша се почна и заврши без него, а тој не знаеше, — му се провлече. Тој знае дека тоа и не го претчувствуваше, а несреќните последици од нашава љубов, моето бегство, им ги припишува на мојата неблагодарна повлеченост. Јас не му појдов уште на самиот почеток, јас потоа не му се исповедав за секое движење на моето срце, од почетокот на мојата љубов; напротив, јас сето тоа го затаив во себе, јас се криев од него, и те уверувам, Вања, тоа уште повеќе навредува и боли во душата отколку и самите последици на љубовта — тоа што заминав од нив и целата му се предадов на љубовникот. Да речеме, тој сега би ме пречекал како татко, топло и благо, но никулците на непријателството ќе останат

Вториот, третиот ден ќе почне огорченост, сомневање, префрлање. А освен тоа, тој нема да прости без услови. Јас, на пример, би му ја кажала, и ќе му ја кажам вистината од длабочината на мојава душа: дека ми е јасно колку сум го навредила, колку сум виновна пред него. Дури и да ме боли, тој ако не сака да разбере колку ме чинеше самата мене целата таа среќа со Аљоша, колку препатив, сепак ќе ја задушам болката, сè ќе претрпам, — но нему и тоа ќе му биде премалку. Тој ќе бара од мене да го проколнам тоа минато, да го проколнам Аљоша и да се покаам за својата љубов кон него. Тој ќе го побара тоа што е невозможно: да го врати минатото, и да ја избрише од нашиов живот последната половина година. Но јас никого нема да проколнам, јас не можам да се покаам... Тоа ми било судено, така се сврши... Не, Вања, сега не можам. Уште не дошол часот.

— А кога ќе дојде часот?

— Не знам... Треба некако и нашата идна среќа пак да ја откупиме со страдања; да ја стекнеме со некакви нови маки. Со страдања сè се пречистува... Ох, Вања, колку е полн со болки животов!

Јас замолчив и замислено гледав во неа.

— Што ме гледаш така, Аљоша, поправо, Вања? — проговори таа и се насмевна поради својата грешка.

— Ја гледам сега твојата насмевка, Наташа. Од каде ти е таа? Преѓешната насмевка не ти беше таква.

— А што има во мојава насмевка?

— Вистина уште ја има во неа поранешната детска простодушност. Но, сега кога се смееш, како во исто време многу да те боли во срцето. Па еве и си ослабела, Наташа, а косата како да ти станала погуста... Каков ти е фустанот? Дома ли си го шиела?

— Колку ме сакаш ти Вања! — одговори таа погледнувајќи ме нежно. — А ти, што работиш ти сега? Како ти одат тебе работите?

— Сè по старо. Сè уште непрекинато пишувам роман. Но оди потешко, не ми оди од рака. Инспирацијата ми ослабна. Надве-натри би можело некако да се напише, и интересно би било; но жал ми е да ја

расипувам добрата идеја. Зашто оваа замисла сега ми е меѓу најмилите. На секој начин јас морам навреме да ја предадам во списанието. Јас дури мислам да го оставам романот, па да смислам некој расказ, малку покус, така, дури нешто лесно и милно а не во мрачен дух... Тоа никако... Сите треба да се веселат и радуваат!...

— Кутриот мој трудбеник! А како е Смит?

— Па Смит умре.

— А не ти дошол? Јас сериозно ти зборувам, Вања: ти си болен, твоите нерви се растроени; имаш некои чудни мисли. Кога ми расправаше како си го зел станот, јас сето тоа го забележав на тебе. А каков ти е станот? Влажен ли е, не е добар?

— Да! И уште една работа ми се случи, вечерва... Но за тоа ќе ти расправам после.

Таа веќе и не слушаше туку седеше длабоко замислена.

— Не разбирам како сум можела тогаш да заминам од н и в? Сум била во несвесна состојба, — проговори таа најпосле, гледајќи ме како да не очекува одговор.

Во тој момент ако почнев нешто да зборувам со неа, таа немаше да ме чуе.

— Вања, — рече таа скоро нечујно, — јас те молев да дојдеш заради една работа.

— А што е тоа?

— Јас се разделувам со него.

— Дали си се разделила, или се разделуваш?

— Треба да се прекине ваквиот живот. Те викнав, за да ти кажам сè, сè што се собра сега и што сум криела досега од тебе.

Таа секогаш така почнуваше со мене кога ќе ми ги доверуваше своите тајни намери, но јас скоро секогаш ѝ велев дека сите тие тајни уште одамна сум ги дознал од неа.

— Ах, Наташа, па јас тоа веќе стопати сум го чул од тебе! Се разбира, вие не можете да живеете заедно. Вашата врска е некако чудна. Вие немате ништо заедничко. Но, дали ќе имаш сила за тоа?

— Порано само помислував на тоа, Вања; а сега дефинитивно сум решена. Јас него бескрајно го сакам, а вака испаѓа дека сум уште најголем непријател. Јас ја запустувам неговата иднина. Треба да го ослободам. Зашто тој мене не може да ме земе; тој нема сила да тргне против татко му. А не сакам ни да го врзувам. И затоа дури и ми е мило што се зањуби сега во таа девојка, за која му прават работа. Барем ќе му биде полесно да се раздели од мене. Јас тоа морам да го направам. Тоа е моја должност... Ако го сакам сè треба да жртвувам за него, — треба да му ја покажам мојата љубов, тоа е моја должност! Не е ли така?

Но ти нема да го принудиш во тоа.

— Па јас нема да го принудам. Јас ќе бидам со него како и досега, па дури еве и сега да влезе. Но јас морам да најдам начин да му олеснам да ме остави без да го гризе совеста. Ете што ме мачи, Вања; помогни ми, можеш ли ти да ми дадеш некаков совет.

— Има само еден начин, — реков јас, — сосем да бидеш ладна кон него, и да засакаш друг. Но не верувам дека и тоа би бил згоден пат. Зашто ти го знаеш неговиот карактер. Тој сега, еве, пет дена не доаѓа кај тебе. Замисли сосема да те оставил; но доста би било ти само да му пишеш дека го оставаш, и тој во истиот момент би дотрчал кај тебе.

— Зошто не го сакаш, Вања?

— Јас?

— Да, ти, ти! Ти си негов непријател, таен и јавен. Ти не си во состојба да зборуваш за него без пакост. Јас веќе илјадапати сум забележала дека за тебе најголемо уживање е да го понижуваш и оцрнуваш! Особено да го оцрнуваш — вистина ти зборувам!

— Илјадапати веќе си ми го зборувала тоа. Доста, Наташа, да го оставиме тој разговор.

— Јас би сакала да се преселам во друг стан, — почна таа пак по малку молчење. — Но немој да се лутиш, Вања...

— Па тој ќе ти дојде и во другиот стан, а јас, жими бога, не се лутам.

— Љубовта е силна; а новата љубов може да го врзе. И ако се врати кај мене, тоа ќе биде само за кусо. Што мислиш ти?

— Не знам, Наташа; кај него сето тоа главно е измешано и не личи на ништо; тој сака и со неа да се ожени и тебе да те сака! Тој е некако способен во исто време да го направи и едното и другото.

— Кога — би можела јас сигурно да разберам дали ја сака неа, јас лесно би се решила... Вања! Немој да криеш ништо од мене! Знаеш ли ти нешто што не сакаш да ми кажеш, или не знаеш?

Таа се загледа во мене со немирен испитувачки поглед.

— Ништо не знам, драга Наташа, — ти давам чесен збор. Секогаш сум бил искрен со тебе. Најпосле, еве уште што мислам јас: дека можеби тој воопшто и не се заљубил во паштерката на грофицата толку многу како што мислиме ние. Просто моментален занес...

— Мислиш, Вања? Господи, кога би го знаела јас тоа сигурно! О, колку би сакала да го видам во овој момент; Јас сето тоа на лицето би му го прочитала! Но го нема! Го нема!

— Па зар го чекаш, Наташа?

— Не, тој е кај н е а; јас знам; Разбрав. А колку би сакала и неа да ја видам... Слушај, Вања, јас ќе кажам глупост, но зар мене ми е сосем невозможно да ја видам, зар никаде не би можела да се состанам со неа? Што мислиш ти?

Таа вознемирено очекуваше што ќе ѝ кажам.

— Да ја видиш уште и би можела. Но само да ја видиш — тоа ти е малку.

— Доста би било макар само и да ја видам, а после веќе јас и сама би разбрала. Слушај: јас сум просто оглувена: одам-одам овде, постојано сама, — па само мислам; а мислите ми се како некој виор. Колку ми е тешко! Па еве што измислив, Вања: би можел ли ти да се запознаеш со неа? Бидејќи, грофицата, — ти тоа еднаш сам ми го расправаше, — го пофалила твојот роман; ти понекогаш одиш на вечерна работа

кај кнезот Р., а таа доаѓа таму. Направи некако да те претстави. А можеби би можел и Аљоша да те запознае со неа. И така ти би можел сè да ми раскажеш за неа.

— Наташа, драга моја, после за тоа. Туку, се нешто друго: зар ти навистина мислиш дека ќе имаш сила да се одвоиш од него? Погледај се сега, дали си мирна?

— Ќ-е и-м-ам! — одговори таа со тивок глас. — За него сè ќе дадам! Но знаеш, Вања, јас не можам да го поднесам тоа што тој, ете, сега е кај неа, а не се сеќава за мене. Седи кај неа, зборува, се смее — се сеќаваш, исто како кога седеше овде некогаш... И гледа право в очи, — тој секогаш така гледа. — И не му текнува сега дека сум јас овде... со тебе.

Таа не заврши и со очај погледна во мене.

— Па, ти, Наташа, до пред малку... сега зборуваше...

— Сите — сите заедно да се разделиме! — ме прекина таа со секавичен поглед. — Јас сама ќе му дадам благослов за тоа... Но тешко е, Вања, зашто тој самиот, прв, ме заборави! Ах, Вања, какви маки се тие! Јас ни самата себеси не се разбирам: според разумот е така, а всушност не е. Што ли ќе биде со мене!

— Но, Наташа, доста, изморена си!...

— И еве веќе пет дена, секој час, секој миг... било да сонувам, или да спијам, — само за него, за него! Знаеш, Вања, ајде да одиме таму, испрати ме!

— Остави го тоа, Наташа.

— Не, да одиме! Јас само тебе те чекав, Вања! Веќе три дена мислам за тоа. Поради тоа и ти пишав... Ти мораш да ме испратиш; ти не треба да ми го одбиеш тоа... Јас веќе три дена те чекам... Таму денеска се приредува вечера... тој е таму... ајде!

Таа беше како во бесвесна состојба...

Во претсобјето се зачу некаква врева; Мавра како да се расправаше со некого.

— Чекај, Наташа, кој е тој? — прашав — слушај!

Таа наслушна со недоверлива насмевка и одеднаш страшно пребледи.

— Господе мој! Кој е овој? — проговори таа со тивок глас.

Таа веќе сакаше да ме задржи, но јас излегов во претсобјето кај Мавра.

Така е. Тоа беше Аљоша. Тој нешто ја прашуваше Мавра. Во првиот момент таа не сакаше да го пушти.

— А од каде ти? — го праша таа како да има некоја власт. — Каде скиташ ти? Па, влези, влези! Ти мене нема да ми ги замаглиш очиве. Влези, но како ќе се оправдаш!

— Од никого не се плашам! Јас ќе влезам! — зборуваше Аљоша, но сепак доста збунето.

— Тогаш влези! Види го ти него!

— Па и ќе влезам! И вие сте тука? — рече тој, кога ме догледа мене — колку е убаво што сте и вие тука! Па, еве сум и јас; ете гледате... Туку, како сега јас...

— Просто, влезете, — одговорив, — од што се плашите?

— Од ништо не се плашам, ве уверувам, зашто јас, жими бога, не сум виновен. Вие можеби мислите дека сум виновен? Еве гледајте: јас веднаш ќе се оправдам. Наташа, можам ли да влезам? — викна тој со некаква извештачена смелост, застанувајќи пред затворената врата.

Никој не му одговори.

— Па што е тоа? — праша тој вознемирено.

— Ништо, пред малку беше тука, — одговорив, — освен нешто да не се...

Аљоша внимателно ја отвори вратата, па уплашено фрли поглед по собата. Во неа немаше никој.

Наеднаш ја догледа во аголот, меѓу шкафот и прозорецот. Таа стоеше таму, како да се скрила, — ни жива ни мртва. И денеска, кога ќе се сетам за тоа, морам да се насмеам. Аљоша полека и внимателно ѝ приђе.

— Наташа, што станува со тебе? Здраво, Наташа, — уплашено почна тој, гледајќи ја некако со страв.

— Што, па што, ништо не е тоа... — одговори таа страшно збунета, како да беше самата виновна; — Сакаш ли чај?

— Слушај, Наташа... — ѝ рече Аљоша, сосем збунет. — Ти можеби си уверена дека сум јас виновен... Но јас не сум виновен; ни малку не сум виновен! Сè ќе ти раскажам сега.

— А што дека ќе ми раскажеш? — прошепоти Наташа, — не, не, немој... подобро дај ми ја раката... свршена работа... како секогаш...

И таа излезе од аголот; руменило почна да ѝ ги облива образите.

Таа се загледа в земи, како да се плашеше да погледне во Аљоша.

— О, господе мој! — извика тој восхитено, — да сум јас виновен, јас сега не би смеел ни в очи да ѝ погледнам! Ете, гледате! — викна тој, обрнувајќи ми се мене, — ете: таа ме смета за виновник; сè е против мене, сè очигледно е против мене! Зашто јас веќе пет дена не доаѓам! Се слуша дека сум кај свршеницата — и што се случува? Таа веќе ми проштава! Таа веќе вели: „Дај ми ја раката, и готово“... Наташа, мила моја, ангелу мој! Јас не сум виновен, да го знаеш тоа! Не сум виновен ни трошка! Напротив! Напротив!

— Но... но би требало сега да си таму... Тебе т а м у те викаа... Од каде ти овде? Кој... колку е часот?

— Десет и половина! Па, јас и бев таму... Но им реков дека сум болен, па заминав, и — еве првпат, првпат за овие пет дена како сум слободен, како се откачив од нив, и дојдов кај тебе, Наташа. Всушност, можев и порано да дојдам, но јас намерно не доаѓав! А зошто? Веднаш ќе дознаеш, ќе ти објаснам: дојдов за да ти објаснам. Само, жими бога, овојпат јас за ништо не сум виновен — за ништо!

Наташа ја крена главата и го погледна... Но во погледот со кој ѝ одговори сјаеше таква искреност, лицето му беше толку радосно, толку чесно, толку весело, што човек мораше да му верува. Јас мислев дека

тие сега ќе кликнат и ќе се спуштат еден кон друг во прегратка, како што стануваше неколкупати порано, при слично мирење. Но Наташа, како под навала на среќата, ја наведна главата, па одеднаш ... тивко заплака. Тука Аљоша не можеше да издржи. Тој ѝ падна пред нозе. Ѝ ги бацуваше рацете, нозете; беше како надвор од себеси. Јас ѝ го доближив потпирачот. Таа седна. Нозете ѝ се пресекоа.

ВТОР ДЕЛ

ПРВА ГЛАВА

По неколку мигови сите се смеевме како луди.

— Ама, пуштете ме, пуштете ме да ви кажам, — нѐ надвикуваше сите Аљоша со својот звучен глас. — Тие мислат дека е сето ова како порано... дека сум дошол јас заради какви било будалштини... Ви велам дека јас имам една многу интересна работа. Па ќе се замолчите ли веќе еднаш!

Необично сакаше да расправа. Од неговиот изглед можеше да се види дека има некои важни новости. Но неговата наместена важност поради наивното достоинство што има такви новости ја засмеа Наташа. И јас, и не сакајќи, веднаш се засмеав по неа. И колку повеќе тој ни се лутеше нам, ние сѐ повеќе се смеевме. Лутината, а потоа детскиот очај на Аљоша нѐ доведоа, најпосле, до тој степен што беше доста нам некој само прст да ни покаже, како на Гогољевиот потпоручник, па веднаш да гргнеме во смеа. Мавра, откако излезе од кујната, стоеше на вратата, и сериозно нѐ посматраше со негодување, лутејќи се што Наташа не му истри сол на главата на Аљоша, како што очекуваше сите овие пет дена, и што, наместо тоа, сите сме сега дури толку весели.

Најпосле, Наташа, кога виде дека нашиот смев го навредува Аљоша, престана да се смее.

— А што имаш ти да ни расправаш? — праша таа.

— Што велите, да го ставам ли самоварот? — праша Мавра, прекинувајќи го Аљоша без каков било респект.

— Оди, Мавра, оди, — ѝ одговори тој, мавтајќи ѝ со рака и брзајќи да ја истера. — Ќе ви расправам за сè што беше, сè што е и сè што ќе биде, зашто јас сето тоа го знам. Гледам пријатели мои: вие би сакале да чуете каде бев овие денови, — па тоа токму и сакам да ви го раскажам, а вие не ме оставате. Но, пред сè, јас целото време те мамев. Наташа, целово ова време, којзнае од кога сум те измамувал, и токму тоа и е најважното.

— Си ме измамувал?

— Да, измамувал . . . веќе цел месец. Почнав уште пред татковото доаѓање, а сега дојде часот на целосна искреност. Пред еден месец, уште додека не беше дојден татко ми, јас одеднаш добив од него едно страшно големо писмо, но тоа го скрив од вас. Во тоа писмо тој отворено и просто, — и, обрнете внимание, со таков сериозен тон што дури се исплаши, — ми соопштува дека работата со мојата свршувачка веќе е готова, и дека мојата свршеница е едно совршенство; дека јас нејзе, се разбира, не сум ѝ достоен, но дека сепак морам да се оженам со неа. И токму затоа да се подготвам за такво нешто, да си ги исфрлам од глава сите свои лудости, и така натаму, и така натаму, — но, знаеме веќе какви се тие лудости. И, ете, тоа писмо го скрив од вас.

— Кој вели дека си го скрил! — го прекина Наташа. — Нашол со што да се фали! А испаѓа дека горе-долу сè си ни кажал. Се сеќавам уште како одеднаш стана толку послушен, толку нежен, и не се тргнуваше од мене, како да си ми згрешил нешто, па целото тоа писмо малку — по малку, во одделни одломки, ми го раскажа.

— Тоа не може да биде! Најважното знам дека не сум ви го кажал. Можеби вие двајца сте насетувале нешто, тоа веќе е ваша работа, но јас не сум кажувал. Јас тоа го криев од вас, и ми беше страшно тешко.

— Се сеќавам, Аљоша, вие тогаш со мене секој час се советувавте, и сè ми раскажавте, едно по едно, се разбира, во вид на претпоставки, — додадов, погледнувајќи во Наташа.

— Сè кажа! Не фали се, те молам, — прифати таа. — Па зар ти си кадар да скриеш нешто од некого? Зар ти да бидеш измамник? Дури и Мавра дозна сè. Знаеше ли, Мавро?

— Ама, како не би знаела! — се одзва Мавра, подавајќи ја главата кон нас, — сè уште првите три дена раскажа. Зар ти некого да го измамиш?

— Уф, колку е здодевно да се разговара со вас! Сето тоа од лутина го правиш, Наташа! А и ти, Мавра се лажеш. Се сеќаваш, јас тогаш бев како луд; се сеќаваш ли, Мавра?

— Како не би се сетила. Па ти и сега си како луд.

— Не, не, јас не зборувам за тоа. Се сеќаваш? Тогаш немавме пари, па ти отиде да ја заложиш мојата сребрена кутија за цигари, а што е најважно, дозволи да ти забележам, Мавра, ти страшно ме забораваш мене. Наташа те има научено така. Но, да речеме, дека јас навистина сè сум ви раскажал уште тогаш едно по едно (сега се сеќавам). Но тонот на писмото вие не го знаете, а во писмото главната работа е — тонот. А сега за тоа зборувам.

— Па каков е тонот? — го праша Наташа.

— Слушај, Наташа, ти прашуваш — како да се шегуваш со мене. Немој да се ш е г у в а ш. Те уверувам, тоа е многу важна работа. Таков тон што просто главата ја изгубив. Никогаш татко ми со мене не разговарал така. Поправо, побргу Лисабон в земја ќе пропадне отколку да не биде како што сака тој; ете каков е тонот.

— И, и, расправај! А што ти требало да го криеш тоа од мене?

— Ах, господе мој! Па да не те уплашам. Се надевав дека самиот сè ќе доведам во ред. Но, ете, по тоа писмо, само што допатува татко ми, започнаа моите маки. Се подготвив да му одговорам решително, јасно, сериозно, но сè некако не ми одеше од рака. А тој друи и не ме праша, лисец! Напротив, изгледаше како да е целата работа веќе решена, па дека меѓу нас веќе не може ниту да има какви било разговори и прашања. Слушаш ли, дури н е м о ж е д а и м а, толку

е тој во себе сигурен. А со мене стана толку љубезен, толку мил. Јас просто се чудев. Само кога би знаеле, Иване Петрович, колку е паметен! Тој има читано сè и сè знае. Само еднаш ќе ве погледне, и веќе ги знае сите ваши мисли како своите. Затоа сигурно го нарекле езуит. Наташа не сака јас да го фалам. Немој да се лутиш, Наташа. Но, значи . . . А, навистина! Тој во почетокот не ми даваше пари, а сега даде, вчера! Наташа! Ангеле мој! Сега дојде крајот на нашата сиромаштија! Еве погледај! Сè што ми кусеше за казна за оваа половина година, сè вчера ми надополни; погледај колку — уште не сум ги избројал. Мавра, погледај што пари има овде! Сега веќе нема лажици и златни копчиња да залагаме.

Тој извади од џебот дебелко топче пари, околу илјада и петстотини рубли, па ги стави на маса. Мавра со уживање ги погледа парите и го пофали Аљоша. Наташа многу го забрзуваше.

— И, значи, се мислам што да правам! — продолжи Аљоша. — Како да му се спротивставам? Ви се колнам на двајцата: кога би бил тој лош кон мене, а не вака добар, јас не би се колебал. Јас просто би му рекол дека не сакам, дека сум веќе зрел човек, и дека сега — е крајот! И верувајте, би го направил своето! А вака — што знам да му кажам? Но немојте ни мене да ме обвинувате. Јас гледам, ти како да си незадоволна, Наташа. Што се загледувате вие двајца? Сигурно мислите: ете, веќе го заплеткале, и нема ни трошка решителност. Но, имам јас решителност, имам, и тоа повеќе отколку што мислите вие. А доказ ви е што јас, без оглед на својата положба, веднаш си реков себеси: тоа е моја должност; јас морам на татко ми да му кажам сè, па почнав да му зборувам, и му изнакажав сè и тој ме ислуша.

— Ама што? Што му изнакажа, всушност? — праша Наташа вознемирено.

— Па тоа, дека јас не сакам никаква друга свршеница, зашто веќе имам една, — а тоа си ти. Поправо, јас отворено уште досега не сум му рекол, туку само го подготвив, па утре ќе му речам; тоа е веќе сега го-

това работа. Најпрвин му реков дека е тоа срамота и неблагодарно да се жени чавек за пари, и дека е тоа просто глупаво што ние се сметаме за некои аристократи (зашто јас со него сум сосем искрен, како брат со брат). Потоа веднаш му објаснив дека сум јас tiers-état, а tiers-état c'est l'essentiel[1]; дека јас се гордеам со тоа што сум ист како другите, и не сакам да се одвојувам... Со еден збор му ги изнесов сите тие здрави идеи... Зборував пламено, воодушевено. И самиот си се чудев. Му докажав, најпосле, токму и од негово гледиште... отворено му реков: зар сме ние некои кнезови? Само по потекло; а всушност, што има кнежевско на нас? Пред сè, некое особено богатство нема, а богатството е главно. Сега е најважен кнезот — Ротшилд. Второ — во вистинскиот голем свет одамна веќе за нас не се чуло. Последен бил стрикото Семјон Валковски, но и тој само во Москва бил познат, па и тоа само затоа што своите последни триста кметови ги продал, и таткото да не спечалил пари, неговите внуци можеби земја би орале, како што имаме такви кнезови. Немаме, значи, причина да се правиме важни.

Со еден збор, сè му реков што ми беше на срце; — сè остро и искрено, нешто дури и додадов. Тој дури и не ми одговараше, туку просто почна да ми префрла што сум прекинал да одам во куќата на грофот Наински, а после ми рече дека треба да ѝ се умилкувам на кнегињата Кростовска, мојата кума, зашто вели, ако кнегињата Крестовска убаво ме прими, тоа значи дека секаде ќе бидам примен, и кариерата ми е осигурена, — па кога ќе почне да ти наврзува! Сето тоа се алузии на тоа што, откако се зближив со тебе, Наташа, сите ги оставив; дека е тоа, значи, твое влијание. Но тој отворено досега за тебе не зборувал, дури, очигледно, тоа го избегнува. Ние двајцата се снаоѓаме, демнеме и биди уверена, Наташа, дека и нам еднаш ќе ни се раздени...

— Па добро. Но на што се сврши? Што намислил сега тој? Тоа е главно. И каков дрдорко си ти, Аљоша...

---

[1]) „Трет сталеж, а третиот сталеж е главното".

— А го-спод ќе го знае-е, не можеш да му фатиш крај што намислил. Кој вели дека сум дрдорко? Сево ова сериозно го зборувам; тој дури и ништо не решаваше, туку на сите овие работи се насмевнувше, но така како да ме сожалува: „Јас, вели, разбирам дека е тоа понижување, но мене не ми е срам од тоа. Јас, вели, сосем се согласувам со тебе, но кога ќе појдеме кај грофот Наински, ти внимавај ништо од ова да не зборуваш таму. Зашто јас те разбирам, но тие нема да те разберат". Изгледа дека дури ни него сите тие не го разбираат сосем добро; нешто како да му се лутат нему. Воопшто, во светот татко ми сега како нешто да не го ценат. Грофот во прво време необично лошо ме прими, — сосем одвисоко; па дури како сосем да заборавил оти сум израснал во неговата куќа, почна да се присетува, жими бога! Тој просто ми се лути што сум неблагодарен, а верувајте ми, тука немаше од моја страна никаква неблагодарност: во неговата куќа е страшно здодевно — па не сакав да одам. Тој и татка ми го пречека многу невнимателно; толку невнимателно што јас просто не разбирам како може татко ми да му оди. Сето тоа мене ме разлути. Кутриот татко мора да му се клања скоро до земја. Јас разбирам дека е сето тоа поради мене, но мене ништо не ми треба. Јас веќе сакав после да му ги искажам на татка ми сите свои чувства, но се воздржав. А и зошто? Неговите убедувања со тоа нема да ги изменам, само ќе го онерасположам, а нему и без тоа му е тешко. Но, реков, да употребам итрост, сите да ги надмудрам; да го натерам грофот да ме почитува; — па што мислите? Веднаш постигнав сè: за еден ден сè се измени! Грофот Наински сега веќе не знае што да прави со мене. И сето тоа јас го направив, јас самиот; со своето сопствено лукавство, така што мојот татко само се крстеше од чудење!...

— Слушај, Аљоша, подобро расправај ни за работите! — извика нестрпливо Наташа. — Јас мислев дека ти ќе расправаш нешто за нашите работи, а ти само би сакал да кажеш како ти си се покажал кај грофот Наински. Што нè интересира грофот!

— Што те интересира? Ја слушате ли, Иване Петрович: што ја интересира? Но во тоа и се крие целата работа! И сама ќе видиш: подоцна сè ќе ти биде јасно. Само пушти ме да докажам . . . А, најпосле, зошто да не ви кажам искрено! Знаеш што, Наташа, а и вие, Иване Петрович: јас можеби навистина, понекогаш, многу, многу сум непромислен; но, дури да речеме — зашто и тоа понекогаш бидувало — просто глупав. Но овде јас, ве уверувам, покажав многу лукавство . . . па најпосле, дури и памет. Така што мислев дека и вие ќе се израдувате што јас токму секогаш не сум . . . неразумен.

— Ах, што зборуваш ти, Аљоша? Немој така! Мил мој!

Наташа не можеше да поднесува Аљоша да го сметаат неразумен. Колкупати таа ми се мултеше, мене, не зборувајќи ми ништо, кога јас, без заобиколување, му докажував на Аљоша дека направил некаква глупост. Тоа беше чувствително место во нејзиното срце. Таа не можеше да поднесува некој да го потценува Аљоша, и, веројатно, дотолку повеќе што и самата ја гледаше неговата ограниченост. Но своето мислење никогаш не му го искажуваше, и се плашеше да не го навреди неговото достоинство. А тој во такви случаи беше некако прониклив, па секогаш ги погаѓаше нејзините тајни чувства. Наташа тоа го гледаше и поради тоа многу се натажуваше, веднаш ќе почнеше да му се умилкува и да го гали. И затоа неа сега тие негови зборови болно ѝ продреа в срце.

— Доста, Аљоша, ти си само лекомислен, а воопшто не си таков, — додаде таа, — зошто ти самиот да се понижуваш?

— Па, добро; пуштете ме веќе докрај да ви кажам. По приемот кај грофот, татко ми дури ми се налути. Јас си мислам: чекај! Ние тогаш одевме кај кнегињата. Јас веќе одамна бев чул дека е таа од староста скоро сосем изветреана, а покрај тоа уште и глупава, и многу сака кучиња. Има цела сурија, а таа ги чува како капка вода на дланка. Покрај сето тоа,

таа има големо влијание во високите кругови, така што дури и грофот Наински тој le superbe[1], понекогаш мора да чека на ред да го прими таа. Значи, јас тогаш патем скроив план за сите свои идни постапки, па што мислите: на што го засновав? На тоа што мене сите кучиња ме сакаат, жими бога! Јас тоа го забележав. Дали има во мене некој магнетизам, или тоа што ги сакам животните, не знам, но кучињата ме сакаат, и тоа ти е! Туку, кога спомнав магнетизам, јас за тоа не сум ти зборувал, Наташа: овие денови духови повикувавме, бев кај еден таков повикувач, тоа е страшно интересно Иване Петрович, просто ме изненади. Јас го повикував Јулиј Цезар.

— Ах, господе мој! А зошто ти е Јулиј Цезар? — извика Наташа, задушувајќи се од смев. — Уште тој ти требаше!

— Ама зошто... па зар јас сум некој... Зошто јас да немам право да го повикувам Јулиј Цезар? Што ќе му биде? Види ја, те молам, како се смее.

— Па, се разбира, ништо нема да му биде... Ах, мил мој! Добро, а што ти рече Јулиј Цезар?

— Па ништо не рече. Јас само го држев моливот, а моливот сам одеше по хартијата и пишуваше. Тоа, велат, Јулиј Цезар пишува. Но јас во тоа не верувам.

— А што ти напиша?

— Па напиша нешто како „Обмокни", како кај Гоголь...[2]) но немој да се смееш.

— Ама расправај за кнегињата!

— Па вие, еве, постојано ме прекинувате. Значи дојдовме кај кнегињата, и јас почнав со тоа што фатив да ѝ се умилкувам на Мими. Таа Мими — тоа е некое старо, краставо куче, а покрај тоа уште и злобно, па сака да каса... Кнегињата просто лудува по него, само што не го става в пазува; како да ѝ е врсничка кучето. Јас почнав со тоа што фатив Мими да

---

[1] Величествен

[2] „Обмокни" — натопи. Овој израз значи да се напише нешто сосем нечитливо.

ја честам со слатки, а за неполни десет минути ја научив да ја подава шепата, што цел век никој не можел да ја научи. Кнегињата просто беше восхитена; само што не плачеше од радост: „Мими! Мими! Мими! Знае шепчето да го подава!“ Ќе ѝ дојде ли некој, таа веднаш:„Мими знае шепчето да го подава! Моето кумче, ете, ја научи“! Доаѓа грофот Наински: „Мими шепчето го подава!“ А во мене гледа скоро со милозливи солзи. Вонредно добра бабичка; просто ми е жал. Туку мене не ме мрзеше — па пак ѝ поласкав: на кутијата за бурмут таа има сопствен портрет, уште откога била свршеница, од пред околу шеесет години. Таа некако ја испушти кутијата. Јас ја кревам и ѝ велам, како да не знам: Quelle charmante peinture[1]! Тоа е идеална убавина! Тука таа веќе сосем се растопи, па почна со мене да разговара за она и ова, и каде сум се школував, и кај кого одам, и дека имам прекрасна коса, па почна да расправа без крај. А и јас неа ја насмеав и ѝ раскажав една скандалозна историја. Таа сака такво нешто; само што ми мавна со прстот, но инаку слатко се насмеа. На разделбата ме бацн и ме прекрсти, и ме повика да ѝ одам така секој ден да ја разонодам. Грофот ми ја стегна ракава; очите просто му станаа зејтинлии: а татко ми, макар што е многу добар и чесен и благороден човек, но — ќе ми верувате вие мене, или нема да ми верувате — за малку што не заплака од радост кога дојдовме дома. Ме прегрнуваше, почна да ми се исповеда, — некакви таинствени исповеди во поглед на кариерата, своите врски, парите, браковите, така што многу нешта и не разбрав. Па тогаш и пари ме ги даде. Тоа беше сноштн. Утре ќе одам пак кај кнегињата, но татко ми сепак е благороден човек — немојте да помислите нешто лошо а ме оддалечува од тебе, Наташа, затоа што е заслепен, што се полакомил на Катјините милиони, а ти ги немаш. А тие пари тој ги сака само за мене, и тој само затоа што не е запознат добро е неправеден кон тебе. А кој татко не сака среќа за својот син? Зашто тој не е

[1] Каква прекрасна слика!

виновен што навикнал милионите да ги смета за среќа. Такви се сите тие. На него треба да се гледа од таа призма, а не поинаку; и веднаш ќе видиш дека има право. Јас специјално брзав да дојдам кај тебе, Наташа, да те уверам во тоа, зашто јас знам, ти имаш некое предубедување спрема него и, се разбира, не си за тоа виновна. Јас и не те обвинувам . . .

— Значи, само тоа ти се случило што си направил кариера кај кнегињата? Тоа ли ти е целото твое лукавство? — го праша Наташа.

— Како? Што зборуваш? Тоа е само почеток . . . Јас расправав за кнегињата, разбираш ли, бидејќи со нејзина помош татко ми ќе го земам в раце, а главната моја историја уште и не почнала.

— Добро, раскажи ни ја!

— Мене денеска ми се случи уште еден настан, и тоа многу чуден. И јас и сега сум изненаден, — продолжи Аљоша. — Морам да забележам дека, иако татко ми и графицата ја договориле нашата свршувачка, но официјално досега уште ништо не станало, така што ние, ако сакаме, во овој час можеме да се разделиме, и никаков скандал нема да има. Единствено грофот Наински што знае, но тој се смета како роднина и покровител; па не само тоа, туку, макар што во текот на овие две недели поблиску ја запознав Катја, сè до оваа вечер јас и таа ни збор немавме проговорено за иднината, поточно за бракот и . . . па, па ни за љубов. Освен тоа, утврдено е првин да се добие согласност од кнегињата Крестовска, од која се очекува којзнае какво покровителство и — златен дожд. Како што ќе каже таа, така ќе каже и повисокиот свет; таа има големи врски. А мене на секој начин сакаат да ме воведат во високиот свет и да ми натокмат кариера, но за сите тие планови особено се зазема графицата, Катјината маштеа. Но работата е во тоа што старата кнегиња неа уште можеби нема ни да ја прими поради нејзиното несериозно однесување во странство; а штом не ќе ја прими кнегињата, тогаш, веројатно, ни другите нема да ја примат. На графицата ѝ дојде како порачана — мојата свршувачка со Катја.

Затоа графицата, која во прво време беше против таа свршувачка, денеска необично се израдува поради мојот успех кај кнегињата. Туку, тоа настрана, и еве што е главно: Катарина Фјодоровна јас ја знам уште од ланската година; но јас тогаш уште бев момче и ништо не можев да разберам, па затоа и не забележав ништо на неа.

— Подобро речи: ти тогаш ме сакаше мене, — го прекина Наташа, — затоа и не си ја загледал добро, а сега...

— Ни збор, Наташа, — викна Аљоша запален, — ти многу се лажеш и ме навредуваш!... Јас дури и не ти одговарам на тоа; слушај докрај, па сè ќе видиш... Ох, кога би ја познавала ти Катја! Кога би знаела ти колку е таа нежна, чиста, гулабова душа! Но ти ќе ја запознаеш; само ислушај ме докрај! Пред две недели, кога ме одведе татко ми кај Катја, по нивното доаѓање, почнав внимателно да ја посматрам. Забележав дека и таа мене ме посматра. Тоа сосем ја привлече мојата љубопитност; јас сега не зборувам за тоа како веќе имав особена цел да ја запознам поблиску, — цел уште од она татково писмо кое толку ме изненади. Нема ништо да зборувам, нема да ја фалам, ќе кажам само едно: таа е редок исклучок од целото тоа општество. Таа е толку оригинална природа, толку силна и искрена душа, силна токму со својата чистота и искреност, што јас во споредба со неа сум детиште, нејзин помал брат, и покрај тоа што таа има само седумнаесет години. И уште нешто забележав: таа е полна со некаква меланхолија, како некоја тајна; таа е молчалива, во куќата скоро секогаш молчи, како да е заплашена со нешто... Таа како да размислува за нешто. Од татко ми како да се плаши. Маштеата не ја сака, — тоа веднаш го забележав; тоа самата графица го зборува на сите страни, поради некакви цели, дека неа нејзината паштерка необично ја сака; сето тоа е измама. Катја неа само покорно ја слуша, и во тоа како да се спогодила со неа. Пред четири дена, по сите мои посматрања, се решив да ја извршам мојата цел и вечерва ја извршив. Тоа е: да ѝ кажам на Катја сè,

сè да ѝ признам, да ја придобијам на наша страна, и тогаш одеднаш да ја свртам работата.

— Како? Што да ѝ кажеш, што да ѝ признаеш? — го праша Наташа вознемирено.

— Сè, токму сè, — одговараше Аљоша, — и му благодарам на господа што ми ја даде таа мисла, но слушајте само, слушајте. Пред четири дена јас вака решив: да се повлечам од вас, па сè сам да свршам. Да останев со вас, јас постојано би се ломел, би ве слушал вас и воопшто не би се решил. А вака, сам и ставајќи се токму самиот во таква положба, каде што морав постојано да си повторувам себеси дека тоа треба да се сврши, и дека тоа јас м о р а м да го свршам, јас ги напрегнав сите сили, и — го свршив! Се решив да ви се вратам само со нешто готово, и еве — се вратив со свршен чин.

— Но, што е, што станало? Расправај побргу!

— Многу просто! Ѝ пријдов отворено, чесно и смело... Но, во прв ред, морам да ви кажам, една случка пред тоа, која страшно ме вчудовиди. Пред да тргнеме, татко ми доби некакво писмо. Јас во тој момент влегував во неговиот кабинет и застанав на врата. Тој не ме виде. Тој во толкава мера беше изненаден од тоа писмо што разговараше сам со себе, извикуваше нешто, како занесен одеше по собата, и најпосле почна да се смее, а в раце го држеше писмото. Јас дури се исплашив да влезам, подзастанав малку, па тогаш влегов. На татко ми му беше толку мило поради нешто, толку мило. Почна со мене некако чудно да разговара; потоа наеднаш прекина и ми рече веднаш да се приготвам за да тргнеме, макар што беше уште многу рано. Кај нив денеска немаше никој, освен нас, и ти погрешно си мислела, Наташа, дека таму биле повикани гости. Тоа погрешно ти го кажале...

— Ах, не оддалечувај се од главното, Аљоша, те молам! Кажи ни како ѝ го раскажа сето тоа на Катја!

— Среќа е што цели два часа останав насамо. Просто ѝ реков дека, макар што тие сакаат да нè свршат, нашиот брак сепак е невозможен; дека инаку, чувствувам кон неа многу симпатии, и дека само таа мо-

же да ме спаси. И тогаш ѝ открив сè. Замисли само, таа ништо не знаела за нашиве работи, за мене и за тебе, Наташа! Да можеше да видиш колку ја трогна тоа. Во почетокот дури и се уплаши. Целата пребледи. Јас ѝ ја раскажав целата наша приказна: како ти заради мене го остави родителскиот дом, како живеевме сами, како се мачиме сега и од сè се плашиме; и дека сега нејзе ѝ се обрнуваме (јас и во твое име зборував, Наташа), па и таа да дојде на наша страна и отворено да ѝ каже на маштеа си дека не сака да појде за мене; дека во тоа е целиот наш спас и дека ние немаме од никаде на ништо да се надеваме. Таа сето тоа го слушаше со таков интерес, со таква симпатија. Само да ѝ ги видеше очите во тој момент! Ми се чини дека целата душа ѝ се претвори во поглед. Очите ѝ се сосем сини. Ми се заблагодаруваше што не сум се посомневал во неа и ми даде чесен збор дека ќе ни помага колку што ќе може. Потоа почна да се распрашува за тебе. Рече дека многу би сакала да се запознае со тебе, ме замоли да ти кажам дека веќе те сака како сестра, па и ти како сестра да ја сакаш. А кога дозна дека јас веќе пет дена не сум те видел, веднаш почна да ме тера да дојдам кај тебе . . .

Наташа тоа ја трогна.

— И ти можеше да ни расправаш пред тоа за своите подвизи таму кај некаква глува кнегиња! Ах, Аљоша, Аљоша! — викна таа, гледајќи го прекорно. — А што Катја? Беше ли задоволна, весела, кога те пушти откај неа?

— Да, се радуваше што успеала да направи благородно дело, а плачеше. Бидејќи, Наташа, и таа ме сака! Ми призна дека веќе почнала да ме сака; дека таа просто со никого не се гледа и дека уште одамна сум ѝ се допаднал. Таа ме одвојувала особено затоа што секаде околу неа е само итрост и измама, а јас сум ѝ се сторил искрен и чесен човек. Таа стана и рече: „Нека ви е просто од бога, Алексеј Петрович, а јас мислев . . .“ Не заврши, заплака, и си отиде. Се договоривме утре да ѝ каже на маштеата дека нема да појде за мене, а и јас веднаш утре сè да му кажам на

татко ми, но тоа да му го кажам решително и смело. Таа ме прекоруваше што уште порано не сум му рекол, зашто: „Чесен човек од ништо не треба да се плаши!“ Таа е толку благородна. Ни таа не го сака татко ми; ми вели дека е тој препреден, и дека нему само до парите му е. Јас го бранев; таа не ми веруваше. А ако не успеам утре кај татко ми (а таа сигурно мисли дека нема да успеам), тогаш и таа се согласува да прибегнам кон покровителство на кнегињата Крестовска. Тогаш веќе никој нема да се реши да биде против нас. Јас и таа си дадовме еден на друг збор да бидеме како брат и сестра. О, кога би знаела ти за нејзиниот живот, — колку е таа несреќна, колку ѝ е одвратен животот кај маштеата, и сè што е околу неа... Таа ова не го зборуваше отворено, како да се плашеше и од мене, но јас сето тоа го насетив од некои зборови. Наташа, драга моја! Колку би се израдувала таа кога би те видела! И колку има добро срце! Со неа е толку лесно. Вие две сте создадени да си бидете сестри една на друга, и треба да се сакате една со друга. Постојано мислев за тоа. Не, жими бога: јас двете вас би ве составил заедно, па би стоел покрај вас и би уживал во вас. Немој да помислиш ништо лошо, Наташенька, и дозволи ми да зборувам за неа. Јас особено со тебе сакам да зборувам за неа, а со неа за тебе. А ти добро знаеш дека јас тебе те сакам повеќе од сите, повеќе од неа... Ти си ми сè.

Наташа молчејќи го посматраше нежно и некако меланхолично. Неговите зборови просто ја милуваа, а и како да ја мачеа со нешто.

— Одамна јас, уште пред две недели, ја оценив Катја, — продолжи тој. Зашто јас секоја вечер одев кај нив. Ќе се вратам, да речеме, дома, па сè мислам, за вас двете, постојано ве споредувам една со друга.

— Па која од нас двете ти излегуваше подобра? — праша Наташа смеејќи се.

— Понекогаш ти, понекогаш таа. Но секогаш ќе излезеше дека си ти подобра! А кога ќе зборувам со неа, секогаш чувствувам дека станувам некако подо-

бар, попаметен, поблагороден. Но утре, утре сè ќе се реши!

— Па зар не ти е жал за неа? Нели те сака таа тебе! Ти велиш дека и самиот тоа си го забележал?

— Па јас ја жалам, Наташа! Но ние сите тројца меѓу себе ќе се сакаме, а тогаш . . .

— А тогаш збогум, — проговори Наташа тивко, сосем за себе. Аљоша ја погледна со двоумење.

Но нашиот разговор беше ненадејно прекинат на начин на кој никој не би се надевал. Во кујната, која во исто време беше и претсобје, се слушна некаква нејасна врева, како да влегол некој. По кусо време Мавра ја отвори вратата, па скришум почна да му мавта со главата на Аљоша, повикувајќи го да излезе. Ние сите се свртивме кон неа.

— Овде те бара некој, излези еден час, — рече Мавра некако со таинствен глас.

— Кој би можел сега да ме бара? — рече Аљоша, погледнувајќи во нас со двоумење. — Ќе одам да видам!

Во кујната стоеше ливреисан лакејот од кнезот, неговиот татко. Кнезот, враќајќи се дома, ја запрел кочијата пред станот од Наташа, па го испратил лакејот да види дали е тука Аљоша. Откако го кажа тоа, лакејот веднаш излезе.

— Интересно! Тоа досега не се случило никогаш, — рече Аљоша, и збунето нè погледна, — од каде сега ова?

Наташа загрижено се загледа во него. Одеднаш Мавра пак ја отвори вратата.

— Кнезот! Тој лично, — рече таа со задржан шепот, па веднаш се изгуби.

Наташа пребледи и стана од своето место. Очите наеднаш ѝ пламнаа. Таа стоеше лесно потпирајќи се на масата и со возбудување гледаше во вратата на која се очекуваше да влезе неканетиот гостин.

— Воопшто не плши се, Наташа, ти си со мене! Јас нема да дозволам да те навредува, — прошепоти збунетиот, но сè уште прибран Аљоша.

Вратата се отвори, а на прагот се појави самиот кнез Валковски, лично.

ВТОРА ГЛАВА

Тој нè измери со брз, внимателен поглед. По тој поглед уште не можеше да се познае дали дошол како непријател или како пријател. Но да ја опишам подробно неговата надворешност. Таа вечер особено ме вчудовиди.

Јас сум го гледал и порано. Тој беше човек на околу четириесет и пет години, не повеќе, со правилни и необично убави линии на лицето, чиј израз се менуваше според приликите, а се менуваше одеднаш, сосема, со необична брзина, преминувајќи од најпријатен во најнамуртен или во најнезадоволен, како во еден миг да беше тргнат некаков федер. Правилна овалност на лицето, мало црномурно; вонредно убави заби, мали и доста танки усни, убаво одбележани; прав, малку подолгманест нос, високо чело, на кое уште не се гледаше ни најмала брчка; зелени, доста крупни очи, — сето тоа го правеше скоро убав, но лицето сепак не му оставаше пријатен впечаток. Тоа лице одбиваше особено со тоа што имаше некако туѓ израз, секогаш извештачен, пресметан, така што во вас се раѓа некое слепо убедување дека никогаш нема да ви успее да му го доловите вистинскиот израз.

Загледувајќи се повнимателно вие би почнале под катадневната маска да насетувате нешто лошо, подмолно и во најголем степен себично. Особено би го задржувале вашето внимание неговите, на прв поглед, прекрасни очи, зелени, отворени. И како единствено тие да не можеа сосема да се потчинат на неговата

волја. Тој како да сака да ве погледне благо и љубезно, но зраците на неговиот поглед како да се цепат, па меѓу благите, милозливи зраци избиваат и непријатни, недоверливи, љубопитни и лоши... Имаше доста висок раст, убаво развиен, малку слабичок, изгледаше необично млад за своите години. Темно костенливата и мека коса скоро и не почнала да му белее. Ушите, рацете, нозете му беа вонредно убави. Тоа беше вистинска расна убавина. Беше облечен со префинета елеганција, сè во ново, но со извесни младешки особини, кое, впрочем, добро му прилегаше. Изгледаше како да му е постар брат на Аљоша. Никој не би можел да верува дека е тој татко на толку возрасен син.

Тој ѝ пријде право на Наташа, па, гледајќи ја упорно ѝ рече:

— Моето доаѓање кај вас во ова доба и без најавување — е чудно, и отстапува од вообичаениот ред; но јас се надевам дека ќе ми верувате оти сум во состојба, ако не повеќе, тоа барем да ја согледам целата ексцентричност на мојава постапка. Јас знам и со кого имам работа; знам дека сте прониклива и великодушна. Посветете ми само десет минути, и се надевам дека и сама ќе ме разберете и оправдате.

Тој сето тоа го изговори учтиво, но силно и со некаква упорност.

— Седнете! — му рече Наташа, која уште не беше ослободена од првата збунетост и, по малку, исплашеност.

Тој благо се поклони и седна.

— Најпрвин, дозволете ми да му кажам само два збора нему, — почна тој, покажувајќи на синот. — Аљоша, само што замина, не дочекувајќи нè, па дури без да се поздравиш со нас, на грофицата ѝ јавија дека на Катарина Фјодоровна ѝ се слошило. Таа брзо отиде кај неа, кога одеднаш Катарина Фјодоровна влезе сама во собата, растроена и многу возбудена. Таа ни рече веднаш отворено дека не може да биде твоја жена. Рече уште дека ќе оди во манастир, дека си ја молел за морална поткрепа и дека си ѝ признал оти ја сакаш Наталија Николаевна. Такво неверојатно приз-

навање од Катарина Фјодоровна и, на крајот на краиштата, во таков час, се разбира дека било предизвикано од твоето премногу чудно објаснување со неа. Таа беше скоро избезумена. Можеш да помислиш колку бев исплашен и зачуден. А сега минувајќи овде, забележав светлост во вашиве прозорци, — продолжи тој, обрнувајќи ѝ се на Наташа. — Тогаш мислата која уште одамна ми се наметнува во толкава мера ме совлада што не бев способен да се спротивставам на првата побуда, па наминав кај вас. Зошто? Ќе ви кажам веднаш, но уште сега ве молам да не се чудите ако има извесна острина во моето објаснување. Сето тоа е многу ненадејно . . .

— Се надевам дека ќе разберам и како што треба ќе го оценам тоа што ќе ми го кажете, — проговори Наташа пелтечејќи.

Кнезот убаво се загледа во неа, како да сакаше подробно да ја п р о у ч и во еден миг.

— Јас сум сигурен во вашата проникливост, — продолжи тој, — и тоа што си дозволив да дојдам кај вас сега го направив особено затоа што знаев со кого имам работа. Јас одамна ве знам, макар што некогаш бев толку неправеден и виновен пред вас. Ислушајте ме! Вие знаете: меѓу мене и вашиот татко постојат одамнешни расправии. Јас сега не сакам да се оправдувам, јас можеби пред него сум повеќе виновен отколку што мислев досега. Но, ако е така, тоа значи дека сум бил измамен. Јас сум недоверлив и го признавам тоа. Јас сум предрасположен во сè да видам побргу нешто лошо, отколку добро — несреќна особина, својствена на ладно срце. Но јас немам обичај да ги кријам своите недостатоци. Јас им поверував на сите интриги, а вие кога ги оставивте своите родители, мене ме фати ужас за Аљоша. Но јас тогаш уште не ве познавав. Податоците што ги собирав малку — по малку сосема ме охрабрија. Посматрав, изучував, и најпосле се уверив дека сите мои сомневања се неосновани. Разбрав како сте се разделиле од своите родители, а го знам и тоа дека татко ви во голема мера е против вашиот брак со мојот син. И веќе самото тоа

што вие, која имате такво влијание, — таква, може да се рече, власт над Аљоша, — што не сте се користеле досега со таа власт, и не сте го принудиле да се ожени со вас, — веќе самото тоа ве прикажува во многу добра светлина. Па сепак, сосем признавам пред вас, јас тогаш решив со сите свои сили да ја спречам можноста за вашето мажење за мојот син. Јас знам, јас се изразувам премногу отворено, но во овој миг искреноста е најпотребна. Вие и сама ќе се согласите со тоа откога ќе ме ислушате докрај. Набргу потоа, откако останавте без родителска куќа, јас отпатував во Петроград; но, кога заминував, јас веќе не се плашев за Аљоша, зашто бев сигурен во вашето благородно достоинство. Јас разбрав дека и вие самата не сте сакале брак пред да се завршат нашите семејни непријатности. Вие не сте сакале да ги нарушувате добрите односи меѓу Аљоша и мене, зашто јас никогаш не би го простил бракот со вас. И не сте сакале светот потоа да расправа како сте барале младоженец кнез и врски со нашата куќа. Напротив, вие дури сте покажале некоја рамнодушност кон нас, па ете, можеби, уште сте чекале момент кога јас сам ќе дојдам со молба да ни направите чест, па да му ја дадете раката на мојот син. Но јас сепак упорно останував и натаму лошо расположен кон вас. Јас не сакам да се правдам; но своите причини од вас не сакам да ги кријам. Еве ги: вие не сте ниту од стара угледна фамилија, ни богата. А јас, макар што имам имот, нам сепак ни треба повеќе. Нашата фамилија пропаѓа. Потребни ни се врски и пари. Паштерката на графицата Зинаида Фјодоровна, макар што нема врски, многу е богата. Барем малку да се колебавме, ќе се појавеа и други кандидати, па ќе ни ја грабнеа девојката. А не смееше да се губи таква прилика, па, макар што е Аљоша млад, јас се решив да го оженам. Гледате, јас ништо не кријам. Вие сега можете да гледате со презир на таткото кој сам признава дека од себичност и од предрасуди го наведувал својот син на лоша постапка. Зашто да се остави великодушна девојка, која му жртвувала сè, и пред која е тој толку виновен — тоа е лоша постапка. Но, јас

себеси и не се правдам. Друга причина на проектираната женидба со паштерката на графицата Зинаида Фјодоровна е таа што девојката во голема мера заслужува љубов и почит. Таа е убава, многу добро воспитана, има вонреден карактер, и многу е интелигентна, макар што уште во многу работи е дете. Аљоша е слабак, лекомислен, многу непромислен, — во својата дваесет и трета година тој е уште вистинско дете — и можеби само со една убава особина, со добро срце, особина дури опасна кога се тука другите недостатоци.

Одамна забележав дека моето влијание врз него почнува да слабее; избувливоста, младешкиот занес земаат свое место и дури надвладуваат одделни вистински должности. Јас, можеби, и премногу силно го сакам, но доаѓам до убедување дека му е веќе малку само јас да го водам. Меѓутоа, тој на секој начин мора да биде под нечие постојано добротворно влијание. По природа се влијае, слаб е, но полн со љубов: повеќе би сакал и да се потчинува отколку да заповеда. Таков и ќе остане за целиот свој век. Можете, значи, да помислите колку се израдував кога најдов во Катарина Фјодоровна идеал од девојка која би ја сакал за жена на својот син. Но таа моја радост дошла доцна; над него веќе незапирливо загосподарило друго влијание — вашето. Јас будно го посматрав кога се вратив пред еден месец во Петроград, и со чудење забележав кај него видни позитивни промени. Лекомисленоста, она детското кај него се скоро исти, но кај него се зацврстиле и некои благородни настојувања. Тој почнува да не се интересира само за играчки, ами и за нешто возвишено, благородно, чесно. Неговите идеи се чудни, непостојани, некогаш и бесмислени; но неговите желби, склоности и срцето му се подобри, а тоа е основа за сè; и сето тоа најдобро во него — неоспорно е од вас. Вие сте го превоспитале. Ви признавам, мене тогаш ми светна во главата мисла дека вие, повеќе од кој било, можете да го усреќите. Но, јас ја отфрлив таа мисла, јас не ги сакав таквите мисли. Мене ми беше потребно на секој начин да го оттргнам од вас. Почнав да дејствувам, и мислев дека сум ја

погодил својата цел. Сè до пред еден час мислев дека победата е на моја страна. Но, настанот во домот на грофицата наеднаш ги пресврти сите мои планови, а над сè ме вчудовиди неочекуваниот факт: таа чудесна сериозност кај Аљоша непоколебливата оданост кон вас, жилавоста и упорноста на таа оданост. Ви повторувам: вие сосем сте го превоспитале. Одеднаш видов дека промената во него оди уште понатаму отколку што помислував. Денеска забележав кај него доказ за неговата интелигенција, која јас и не сум ја насетувал кај него, и во исто време за необичната нежност и чувствителност на срцето. Тој избрал најсигурен пат да се извлече од положбата што ја сметал за тешка. Тој ги допрел и ги предизвикал најблагородните особини на човечкото срце, а тоа е: да се проштава и да се враќа со великодушност за направеното зло. Тој ѝ се предал на власта на суштество кое го навредил, и му се обрнал со молба за учество и помош. Тој задрел во достоинството на една жена која веќе го сакала, отворено признавајќи ѝ дека таа има соперничка, и во исто време предизвикал кај неа симпатии кон нејзината соперничка, а за себе прошка и ветување за несебично братско пријателство. Да се реши за такво објаснување па сепак да не нанесе навреда — за тоа понекогаш не се способни дури ни најопитните мудреци, а способни се особено свежите чисти срца, со убави настојувања, како што е неговото. Јас сум уверен дека вие, Наталија Николаевна, не сте учествувале во неговата денешна постапка ни со збор ни со совет. Вие можеби дури сега сте дознале за сè од него самиот. Нели не се лажам? Така ли е?

— Не се лажете, — повтори Наташа, на која лицето ѝ гореше, а очите ѝ сјаеја со некаков чуден сјај, како од некоја инспирација. Говорничката вештина на кнезот почнуваше да го прави своето. — Јас пет дена не сум го видела Аљоша, — додаде таа. — Сè тој сам смислил, и направил.

— Сигурно е така, — повтори кнезот, — но, и покрај сето тоа, сета таа негова неочекувана проникливост, сета таа решителност, чувство за должност, нај-

после таа благородна истрајност, сè е последица на вашето влијание над него. За сето тоа јас размислив и најпосле се уверив пред малку возејќи се за дома; а откако го видов тоа, почувствував наеднаш сила и јас да се решам. Можноста да се спријателиме со куќата на грофицата е уништена и не може да се обнови; но и кога би можело, — тоа сега веќе не може да биде. А зошто да биде кога и јас самиот се уверив дека само вие можете да му донесете среќа, дека сте првиот негов раководител и дека сте го удриле темелот за неговата идна среќа.

Не скрив од вас ништо, не кријам ни сега; јас сум голем пријател на кариера, пари, углед, па дури и функција. Свесно сметам дека многу нешта од тоа се предрасуди, но ги сакам тие предрасуди и воопшто не сакам да се откажам од нив. Но има околности кога човек мора и поинаку да мисли, кога не е можно сè да се мери со иста мера . . . Освен тоа, јас многу го сакам својот син. Со еден збор, дојдов до заклучок дека Аљоша не треба да се разделува од вас, зашто без вас ќе пропадне. И сакате ли да ви кажам? Можеби има веќе еден месец како сум се решил за тоа, но дури сега и самиот се уверив оти сум се решил правилно. Се разбира, за да ви го кажам сево ова, можев да ве посетам и утре, а не скоро на полноќ да ве вознемирувам. Но оваа моја забрзаност можеби ќе ви покаже вам колку топло, и што е важно, колку искрено се зафаќаме за работите. Не сум дете; јас не би можел, во своиве години, да се решам за некој непромислен чекор. Кога влегував овде, јас имав веќе смислено и решено сè. Но јас чувствувам дека морам уште долго време да чекам за да ве уверам сосем во мојата искреност. Туку, да поминеме на работата! Треба ли сега да ви објаснувам зошто дојдов овде? Дојдов да ја извршам својата должност кон вас и — свечено, со целата своја безгранична почит кон вас, да ве молам да го усреќите мојот син и да му ја дадете вашата рака. О, немојте да сметате дека јас сега се јавувам како некој страшен татко, кој, најпосле, решил да им прости на своите деца, па милостиво да се согласи со нивната

среќа. Не! Не! Вие ќе ме понижите ако претпоставите дека имам такви мисли. Ниту сметајте дека сум бил однапред уверен во вашата согласност, сметајќи со тоа оти вие сè сте жртвувале за мојот син. Ни тоа не. Јас еве прв гласно ќе кажам дека тој вас не ве заслужува и... (тој е добар и со чисто срце), тој тоа и сам ќе ви го потврди. Туку, тоа уште не е сè. Мене не ме влечеше ваму, во ова доба, само тоа... дојдов ваму... (тој тука со почит и некако свечено стана од својот стол) дојдов ваму за да бидам ваш пријател! Знам дека за тоа немам никакво право, напротив! Но дозволете ми да го заслужам тоа право! Дозволете ми барем да се надевам!...

Откако ѝ се поклони со почит на Наташа, тој го очекуваше нејзиниот одговор. Целото време додека зборуваше, јас внимателно го посматрав. Тој го забележа тоа.

Својот говор го изрецитира студено, со некои претензии на беседничка вештина, а на некои места дури со некаква лежерност. Тонот на целиот говор понекогаш не одговараше на побудата што го натерала да дојде кај нас, на прва невообичаена посета, а особено во вакви односи. Некои негови изрази беа забележливо наместени, а на некои места од неговиот долг и со својата должна чуден говор, тој намерно како да се претставуваше како чудак што се труди во вид на хумор, небрежност и шега да го скрие чувството што избива. Но сето тоа го разбрав подоцна, а тогаш беше поинаку. Последните зборови тој ги изговори толку воодушевено, со такво чувство, со таков израз на најискрена почит кон Наташа што нас сите нè освои. Дури на трепките му се покажа нешто како солза. Благородното Наташино срце беше сосем победено. Таа, веднаш по него, потстана од своето место, па молчејќи, силно возбудена, му ја подаде раката. Тој ја прифати нежно, и трогнат ја баци. Аљоша беше надвор од себеси од восхит.

— Што ти зборував јас тебе, Наташа? — викна тој. — Ти не ми веруваше! Ти не веруваше дека е тој најблагородниот човек на светот! Гледаш, гледаш и сама!...

Тој се стрча кон татка си и силно го прегрна. Татко му му одговори исто така но побрза да ја прекине таа возбудлива глетка, како да се плашеше да ги искаже своите чувства.

— Доста! — рече тој, па си ја зеде паларијата, — јас одам. Ве молев само за десет минути, а преседов цел час, — додаде тој смеејќи се. — Но јас одам со силна желба повторно да се видам со вас што побргу. Ќе ми дозволите ли да ве посетувам што почесто?

— Да, да, — одговори Наташа, — колку што е можно почесто. Јас сакам што побргу . . . да ве засакам . . . — додаде таа збунето.

— Колку сте вие искрена, колку сте чесна! — рече кнезот смеејќи се поради нејзините зборови. — Вие не сакате да бидете неискрена дури ни кога изговарате обична учтивост. Но вашата искреност е подрагоцена од сите тие лажни учтивости. Да! Признавам дека ќе морам уште долго да се трудам за да ја заслужам вашата љубов.

— Немојте така да зборувате, немојте да ме фалите . . . — Доста! — шепотеше Наташа стеснувајќи се. Колку беше убава во тој миг!

— Па нека биде и така! — реши кнезот. — Туку уште два збора за тоа. Помислете само колку сум несреќен. Зашто, утре не можам да бидам кај вас; ни утре, ни задутре. Вечерва добив писмо многу важно за мене — тоа бара неодложно учество во една работа, што не можам воопшто да ја избегнам. Утре изутрина патувам од Петроград. Ве молам, немојте да помислите дека сум дошол кај вас олку доцна само затоа што утре не би имал кога, ни утре, ни задутре. Вие тоа, се разбира, нема да го помислите, но ете еден пример на мојата сомнежливост. Зошто ми се стори дека вие на секој начин би морале да помислите така? Да, таа сомнежливост многу ми пречела во животот, и целата расправија со вашата фамилија можеби е само последица на мојот несреќен карактер! . . . Денеска е вторник. В среда, в четврток и в петок нема да бидам во Петроград. В сабота, пак, на секој начин се надевам

дека ќе се вратам, и истиот ден ќе бидам кај вас. Кажете ми, може ли да дојдам кај вас за цела вечер?

— Секако, секако! — викна Наташа. — В сабота вечерта јас ве очекувам! Со нестрпливост ве очекувам!

— Ох колку сум јас среќен. Па на тој начин повеќе и подобро ќе ве запознам! Но... јас заминувам. Не можам да заминам а да не ви ја стегнам раката, — продолжи тој, свртувајќи се одеднаш кон мене, — извинете ми: ние сите сега говориме толку без врска. Јас веќе неколкупати имав задоволство да се видам со вас, па еднаш дури и бевме претставени еден на друг. Не можам да излезам одовде а да не изразам колку би ми било пријатно да го обновам познанството со вас.

— Јас и вие сме се гледале, тоа е вистина, — му одговорив прифаќајќи ја неговата рака, — но, извинете, не се сеќавам дека јас и вие сме се запознале.

— Кај кнезот Раевски минатата година.

— Извинете, сум заборавил. Но, ве уверувам, овојпат нема да заборавам. Оваа вечер за мене е многу важна.

— Да, имате право, и за мене исто така. Јас одамна знам дека вие сте им вистински искрен пријател на Наталија Николаевна и мојот син. Се надевам дека меѓу вас јас ќе бидам четвртиот. Така ли е? — додаде тој свртувајќи ѝ се на Наташа.

— Да, тој е наш искрен пријател, па треба да бидеме сите заедно! — одговори Наташа со длабоко чувство. Кутрата! Таа целата пламна од радост кога виде дека кнезот не заборавил да ми дојде и мене. Колку ме сакаше.

— Јас сум сретнувал многу почитувачи на вашиот талент, — продолжуваше кнезот, — и познавам две ваши многу воодушевени почитувачки. Тие многу би сакале лично со вас да се запознаат. Тие се графицата, мојот најдобар пријател и нејзината паштерка, Катарина Фјодоровна Филимонова. Дозволете ми да се надевам дека нема да ми ја откажете таа пријатност да ве претставам на дамите.

— За мене тоа е многу ласкаво, макар што сега имам малку познанства...

— Но вие ќе ми ја дадете вашата адреса. Каде живеете? Јас ќе имам задоволство . . .

— Јас не примам дома, кнезу; барем не сега.

— Но, макар што јас не сум заслужил да правите исклучок . . . јас . . .

— Повелете, ако сакате толку, и мене ми е многу пријатно. Јас живеам на Вальневска улица, во куќата на Клуген.

— Во куќата на Клуген! — викна тој како изненаден од нешто. — Ама што зборувате! А одамна ли живеете таму?

— Не, не одамна, — одговорив и не сакајќи се загледав во него. — Мојот стан е број четириесет и четири.

— Во четириесет и четвртиот? Сам ли живеете вие . . . сам?

— Сосема сам.

— Да-да! Јас како да ја знам таа куќа. Дотолку подобро . . . На секој начин ќе наминам кај вас! Потребно ми е за многу нешта да разговарам со вас, и јас многу очекувам од вас. Вие можете многу да ме задолжите. Гледате ли, јас веднаш почнувам со молба. Но довидување! Уште еднаш вашата рака!

Тој се ракува со мене и со Аљоша, уште еднаш ѝ баци рака на Наташа, па излезе не повикувајќи го Аљоша да оди со него.

Ние тројцата останавме многу збунети. Сето тоа се случи толку неочекувано, толку одненадеж. Сите чувствувавме дека во еден час се измени сè и дека почнува нешто ново, непознато. Аљоша молчејќи седна покрај Наташа и тивко ѝ ја бацуваше раката. Одвреме навреме ќе ѝ погледнеше во лицето, како да очекуваше што ќе каже таа.

— Драги Аљоша, оди веднаш утре кај Катарина Фјодоровна, — проговори таа најпосле.

— И јас мислам така, — ѝ одговори тој, — бездруго ќе одам.

— А можеби ќе ѝ биде и тешко сега да се види со тебе . . . Како би можело да се направи тоа?

— Не знам, мила моја. И за тоа мислев. Ќе гледам.. ќе видам... па ќе решам. А што велиш, Наташа, кај нас сега сè се измени, — не издржа да каже Аљоша.

Таа се насмевна, па го погледна со долг и нежен поглед.

— И колку е само деликатен. Виде каков ти е сиромашен станот, па ни збор...

— За што?

— Но... да се преселиш во друг... или така нешто, — додаде тој, поцрвенувајќи.

— Остави, Аљоша! Како би можел да спомне такво нешто!

— Па тоа и го велам — дека е многу деликатен. А колку те фалеше! Зашто, јас ти кажав... кажав! Не, тој е способен сè да разбере и да почувствува. А за мене како за дете зборуваше; сите тие за таков ме сметаат! Па ако!... Јас сум навистина таков.

— Ти си дете, но си попрониклив од сите нас. Ти си многу добар Аљоша!

— А тој ми рече дека ми пречи моево добро срце. Како може тоа? Не разбирам! А знаеш ли што, Наташа? Како би било што побргу да појдам кај него? А утре, штом ќе се раздени, да бидам кај тебе.

— Оди, оди, драги мој. Добро се сети. И бездруго јави му се, разбираш? А утре дојди колку што можеш порано. Сега сигурно нема да бегаш од мене по пет дена? — додаде таа итро, милувајќи го со погледот.

Сите бевме во некаква тивка, во некаква целосна радост.

— Ќе дојдеш ли со мене, Вања? — викна Аљоша, излегувајќи од собата.

— Не, тој ќе остане. Јас и ти уште малку ќе поразговараме, Вања. Но, внимавај, утре штом ќе се раздени!

— Штом ќе се раздени! Збогум, Мавра.

Мавра беше многу возбудена. Таа чу сè што зборуваше кнезот, сè наслушнуваше, но многу нешта неразбра. Сакаше и самата да погоди, и да праша. Но

засега изгледаше толку сериозна, дури достоинствена. И нејзе веќе ѝ беше јасно дека многу нешта се измениле.

Останавме сами. Наташа ме зеде за рака и некое време молчеше, како да бараше нешто да каже.

— Уморна сум! — проговори најпосле со слаб глас.

— Слушај, ти ќе одиш утре кај нашите!

— Бездруго.

— На мајка ми кажи ѝ, но н е м у не зборувај му.

— Па јас и без тоа за тебе со него не зборувам.

— Тоа е добро, зашто тој и без тоа ќе дознае. Туку, внимавај што ќе каже. Како ќе го прими. Господе мој, Вања! Зар тој навистина ќе ме проколне заради ова мажачка? Не, тоа не може да биде!

— Сето тоа мора кнезот да го среди, — прифатив јас бргу. — Кнезот на секој начин мора со него да се смири, па тогаш сè ќе се среди.

— Ох, господе мој! Само да се среди! Само да се среди! — викна таа како да моли.

— Смири се, Наташа, сè ќе се сврши добро. Еве, веќе тргна натаму.

Таа внимателно се загледа во мене.

— Вања, што мислиш ти за кнезот?

— Ако зборуваше искрено, тогаш мислам дека е благороден човек.

— Ако зборуваше искрено? Што значи тоа? Па зар би можел тој и неискрено да зборува?

— Па и јас би рекол, — одговорив јас. — „Сигурно ѝ се јавува некаква мисла“, си помислив во себе. — Интересно!

— Ти постојано гледаше во него . . . не ги тргнуваше очите . . .

— Да, тој мене ми се стори малку чуден.

— И мене. Тој сè некако така зборуваше . . . Изморена сум, мил мој. Знаеш што? Оди си и ти дома. А утре откај нив порано дојди. И уште ова: сигурно не беше навреда кога му реков дека сакам што побргу да го засакам?

— Не . . . а зошто да е навреда?

— И... не е глупо? Поправо: тоа значеше дека јас сега уште не го сакам.

— Напротив, тоа беше прекрасно, наивно, брзо. Ти беше толку убава во тој момент. Би било глупо кога не би го разбрал тоа, покрај своето светско воспитание!

— Ти како да му се лутиш, Вања? Туку, колку сум пак и јас лоша, се сомневам, и колку сум суетна! Немој да се смееш, зашто јас пред тебе ништо не кријам. Ах, Вања, мој мил пријателе! Ако повторно ме нападнат јадови, ти сигурно пак ќе се најдеш овде, крај мене. Единствено ти можеби ќе бидеш крај мене. Но со што да ти се оддолжам за сè? Немој никогаш да ме колнеш, Вања!

Кога се вратив дома, веднаш се слеков и легнав да спијам. Во мојата соба беше влажно и мрачно како во визба. Ме опфатија многу чудни мисли и чувства, и уште долго не можев да заспијам.

Но колку морал да се смее во тој час кутриот човек, пред да заспие во својата удобна постела, — ако воопшто нас и нè удостоил за да ни се подбива. По сè изгледа, не нè удостоил.

ТРЕТА ГЛАВА

Утредента околу десет часот, кога излегував од својот стан, брзајќи на Василевскиот остров кон Ихмењеви — за да појдам потоа што порано кај Наташа — јас одеднаш се судрив со својата вчерашна посетителка, Смитовата внука. Таа влегуваше кај мене. Не знам зошто, но се секавам, јас многу се израдував поради тоа. Вчера не стасав ни убаво да ја видам, а сега, дење, уште повеќе ме изненади. А тешко би било да се најде почудно и пооригинално суштество, барем по надворешниот изглед. Малечка, со блескави црни, некако неруски очи, со необично густа црна растурена коса, и со загадочен, нем и упорен поглед, таа принудно му го привлекуваше на себе вниманието на секој минувач по улицата. Особено вчудовидуваше нејзиниот поглед: во него блескаше ум, а заедно со него и некаква инквизиторска недоверливост, дури проникливост. Изветвеното и извалкано фустанче на дневната светлост уште повеќе отколку вчера личеше на партал. Ми изгледаше како да боледува од некоја долготрајна, упорна и постојана болест која постепено немилосрдно го разорува нејзиниот организам. Нејзиното бледо и мршаво лице имаше некако неприроден темножолтеникав, жолчен тен. Но воопшто, и покрај сите непријатни и грди траги на сиромаштија и болест, девојчето сепак беше убаво. Веѓите му беа силно одбележани, танки и убави; особено му беше убаво широкото чело, малку сниско; и усните, прекрасно одбележани, со некаков достоинствен, смел израз, но бледи, одвај забележливо румени.

— Ах, пак ти! — викнав, — и знаев дека ќе дојдеш. Ајде, влези.

Таа влезе полека пречекорувајќи го прагот како вчера, и недоверливо се обрнуваше околу себе. Внимателно ја разгледа собата во која порано живееше нејзиниот дедо, како да сакаше да забележи до која мера собата ја изменил наредниот станар. Но, каков дедо, таква внука, си помислив. А да не е мрдната од умот? Таа сè уште молчеше. Јас очекував.

— По книгите дојдов, — прошепоти таа најпосле, наведнувајќи ги очите.

— Ах, да! Твоите книги; еве, ги, земи ги! Јас намерно ти ги зачував.

Таа љубопитно ме погледна и некако чудно ја искриви устата, како да сакаше недоверливо да се насмевне. Но желбата за насмевка помина, па веднаш го смени поранешниот стипчав израз.

— А дедо ми зар ти зборуваше за мене? — праша таа иронично посматрајќи ме од глава до петици.

— Не, за тебе не ми зборуваше, но . . .

— Па од каде знаевте дека ќе дојдам? Кој ви рече? — праша девојчето прекинувајќи ме брзо.

— Затоа што ми се чинеше дека дедо ти не можел да живее сам оставен од сите. Тој беше толку стар и слаб, па затоа и помислив дека некој сигурно доаѓал. Еве, земи ги твоиве книги. Учиш ли ти од нив?

— Не учам.

— Па зошто ти се?

— Дедо ми ме учеше, додека доаѓав кај него.

— А зар после не доаѓаше?

— После не доаѓав . . . се разболев, — додаде девојчето, како да се правдаше.

— А имаш ли ти некој свој: мајка, татко?

Таа одеднаш ги смурти веѓите, па некако уплашено ме погледна. Потоа ги наведна очите, молчејќи се сврти и полека тргна да си оди од собата, без да ме удостои со одговор, исто како вчера. Јас со чудење ја следев со поглед. Но, таа застана на прагот.

— Зошто умре тој? — отсечно праша, одвај забележливо свртувајќи се, со сосема ист израз и движе-

ње како вчера, излегувајќи и со лицето кон вратата, кога ме праша за Азорка.

Јас ѝ пријдов и почнав накусо да расправам. Девојчето молчеше и љубопитно слушаше, наведнувајќи ја главата и свртувајќи ми ги плеќите. Ѝ раскажав и за тоа како старецот, на умирање, ја спомнуваше шестата линија. — Веднаш се сетив, — додадов, — дека таму сигурно живее некој од неговите сакани, па поради тоа и се надевав оти некој ќе дојде да се распраша за него. Тој сигурно те сакал штом те спомнуваше во последниот час.

— Не, — прошепоти просто несакајќи, — не ме сакаше.

Беше многу возбудена. Зборувајќи, јас се наведнав кон неа и ѝ се загледав во лицето. Забележав дека таа силно се напрегаше да го совлада своето возбудување како од достоинство кон мене. Таа сè повеќе и повеќе бледнееше, па силно се прекаса за долната уснa. Но особено ме изненади чудното чукање на нејзиното срце. Тоа чукаше сè посилно и посилно, така што најпосле можеше да се чуе на два-три чекори, како во аневризам. Мислев дека одеднаш ќе гргне во плач како вчера; но се совлада.

— А каде е плетот?

— Каков плет?

— Под кој умрел дедо ми.

— Ќе ти го покажам кога ќе излезиме. Туку слушај: како се викаш?

— Не ви е потребно . . .

— Што не е потребно?

— Не е потребно; ништо . . . никако не се викам, — изговори отсечно и како налутена, па направи движење како да сака да си оди.

Јас ја задржав.

— Чекај малку. Многу чудно девојче си ти! Па јас тебе ти сакам добро; мене ми е жал за тебе уште од вчера, кога плачеше во аголот на скалите. Тешко ми е и да се сетам за тоа . . . А после, твојот дедо умре на моиве раце, и сигурно на тебе мислеше кога ја спомнуваше шестата линија, а тоа значи како да ми порачал

за тебе... Јас често го сонувам... Еве и книгиве ти ги зачував, а ти си толку дива, како да се плашиш од мене. Ти сигурно си многу бедна и немаш никого свој. Можеби си кај туѓи; така ли е?

Јас од сè срце ја уверував, а самиот не знам со што толку ме привлече. Покрај тоа што ја сожалував, имаше и нешто друго. Дали таинствеността на сето тоа што беше во врска со тој настан, дали впечатокот што ми го остави Смит, дали фантастичноста на моето лично расположение — не знам, но нешто незапирливо ме привлекуваше кон ова дете. Почувствував дека моите зборови ја трогнаа; таа некако чудно ме погледна, но сега не скржаво, туку благо и долго. Потоа пак ги наведна очите како да размислува.

— Елена, — прошепоти таа одеднаш, неочекувано и сосем тивко.

— Ти се викаш Елена?

— Да...

— Ќе доаѓаш ли кај мене?

— Не можам... не знам... ќе дојдам, — прошепоти, како во некоја борба и размислување.

Во тој момент некаде почна да чука ѕиден часовник. Девојчето се стресе, па загледувајќи се во мене со неискажана болна тага прошепоти:

— Колку е часот?

— Веројатно е десет и половина.

Девојчето писна од страв.

— Господе мој! — проговори таа и одеднаш отрча.

Но јас уште еднаш ја запрев во ходникот.

— Јас нема да те пуштам така, — ѝ реков. — Од што се плашиш? Да не си задоцнила?

— Да, да, излегов скришум! Пуштете ме! Таа ќе ме тепа! — викна очевидно кажувајќи повеќе отколку што сакаше, и оттргнувајќи се од моите раце.

— Слушај и не бегај! Ти одиш на Василевскиот остров, а и јас одам таму, во тринаесеттата линија. И јас сум задоцнил, па ќе земам пајтон. Ќе дојдеш ли со мене? Јас ќе те одведам. Побргу е отколку пешки.

— Кај мене не можете, не можете, — викна уште повеќе исплашена. Дури и линиите на лицето ѝ се ис-

кривија од некаков ужас уште при самата помисла дека би можел јас да појдам таму каде што живее.

— Ама ти велам дека во тринаесеттата линија одам, по своја работа, а не кај тебе. Нема да идам по тебе. Со пајтон веднаш ќе стасаме. Ајде!

Бргу се стрчавме долу. Јас го зедов првиот кочијаш, што го забележав, со некоја бедна кола. Очигледно на Елена многу ѝ се брзаше штом се согласи да седне со мене. Најзагадочно беше тоа што дури не смеев ни да прашам. Таа само замавна со рацете, и за малку што не скокна од колата кога ја прашав, од кого ли таа дома толку се плаши. Каква е таа таинственост? — помислив јас.

Во колата ѝ беше многу незгодно да седи. Штом ќе треснеше колата малку повеќе, девојчето ќе се фатеше за мојот капут со левата рака, извалкана, малечка и испукана. Во другата рака цврсто ги држеше своите книги. По сè се гледаше дека книгите ѝ се многу мили. Поправајќи ја на себе облеката, таа одеднаш некако ја откри ногата, и јас, бев многу изненаден, кога видов дека беше обуена во некои искинати чевли, без чорапи. Макар што бев решен за ништо да не прашувам, — сега не можев да издржам.

— Па зар ти немаш чорапи? — прашав. — Како можеш да одиш боса на ваква влага и студ?

— Немам, — одговори одеднаш.

— Ах, господе мој, па ти сигурно живееш кај некого? Зошто не си побарала од некого чорапи, кога си морала да одиш.

— Јас самата така сакам.

— Но така ќе се разболиш и ќе умреш!

— Па што ако умрам.

Девојчето очигледно не сакаше да одговара и се лутеше поради моите прашања.

— Еве овде умре тој, — реков јас, покажувајќи ѝ ја куќата покрај која умре стариот.

Девојчето внимателно погледна, потоа наеднаш се сврти кон мене и рече заколнувајќи ме:

— Живи бога, не доаѓајте по мене. А јас ќе дојдам, ќе дојдам! Штом ќе можам, веднаш ќе дојдам.

— Добро, јас веќе ти реков дека не идам кај тебе. Но од што се плашиш ти? Ти мора да си многу несреќна. Тешко ми е таква да те гледам . . .

— Јас од никого не се плашам, — одговори девојчето со некаква лутина во гласот.

— Но пред малку рече: „Таа ќе ме истепа!"

— Па нека ме тепа, — одговори а очите ѝ молснаа.

— Нека тепа! — повторуваше горко, а горното устенце некако презриво ѝ се поткрена и затрепери . . .

Најпосле стасавме на Василевско. Девојчето го задржа кочијашот на почетокот од шестата линија и скокна од колата, плашливо обзрнувајќи се околу себе.

— Одете сега, а јас ќе дојдам, јас ќе дојдам! — повторуваше многу уплашено, молејќи ме да не одам по неа. — Одете си побргу, побргу!

Јас тргнав. Но откако поминав на кејот неколку чекори, го пуштив кочијашот, па се вратив назад во шестата линија, бргу претрчав на другата страна од улицата. Ја здогледав: уште немаше стасано да ми се скрие од погледот, макар што одеше многу бргу и постојано се обзрнуваше. Дури во еден момент и застана за миг, за подобро да разгледа дали одам зад неа или не. Но јас се скрив во портата на која наидов, па не ме забележа. Таа продолжи натаму, а јас по неа, од другата страна на улицата.

Мојата љубопитност беше разбудена во најголема мера. Макар што решив да не влегувам по неа, на секој начин сакав да ја видам куќата во која ќе влезе, за секој случај. Бев под тежок и чуден впечаток, сличен на оној што во слаткарницата го остави врз мене нејзиниот дедо кога му пцовиса Азорка . . .

ЧЕТВРТА ГЛАВА

Одевме долго, до самиот Мал проспект. Таа скоро трчаше; најпосле влезе во еден дуќан. Застанав да причекам. Но девојчето сигурно не живее во дуќанот, — си помислив.

И навистина, по една минута излезе, но веќе без книги. Наместо нив во рацете имаше некаков земјен сад. Откако пооди малку, влезе во портата на една неугледна куќа. Куќата беше мала, но од тули, стара, на кат, бојадисана со темножолта боја. Во еден од трите прозорци на приземјето стрчеше мал црвен мртовечки сандак — фирма на мал продавач на погребни потреби. Прозорците на катот беа необично мали и сосем квадратни, со матни, зелени и напукнати окна, низ кои се прозираа црвени памучни пердиња. Јас преминав преку улицата, се доближив до куќата и прочитав на железната плочка над портата: куќа на граѓанката Бубнова.

Но само што го прочитав натписот, одеднаш во дворот кај Бубнова се чу силен женски извик а потоа и пцоста. Јас погледнав низ портата. На скалите од дрвениот трем стоеше дебела жена, облечена како граѓанка, во црна капа и во зелен шал. Лицето ѝ беше со одвратно црвена боја; малите во сало зарастени и закрвавени очи молскаа од злоба. Се гледаше дека не е трезвена, макар што беше претпладне. Таа ѝ викаше на кутрата Елена, која стоеше пред неа како вкочанета, со садот в раце. Од скалите, зад плеќите на црвената жена се гледаше разбушавена, набелена и наруменета женска особа. Малку потоа се отвори вратата на скалите што водеа кон приземјето, и на нив, сигурно привлечена од викотницата, се појави сиромашки облече-

на средовечна жена, пристојна и со скромен изглед. Низ подотворената врата зиркаа и другите станари од приземјето, дооден старец и девојка. Ставестиот и силен селанец, по сè изгледа вратар, стоеше сред дворот со метла в раце, и мрзливо ја посматраше целата глетка.

— Ах, проклетнице, ах, крвопијко, гнидо една! — пискаше жената, одеднаш исфлајќи пцости, што се насобрале во неа, повеќето без запирки и без точки, некако задавувајќи се, — зар така да ми платиш за мојата грижа, буф еден! Јас ја испратив само по краставици, а таа здувнала. А знаев дека ќе ми здувне кога ја испратив. Го насетуваше тоа моево срце. Сношти, поради тоа, косата ѝ ја искубав, а таа и денеска побегна! Но, каде имаш ти да одиш, лишко една? Кај кого одиш, ѓавол проклет, гад ниеден, отров, кај кого? Зборувај, ѓубре едно, или веднаш ќе те задавам.

И тука разјарената жена му се нафрли на кутрото девојче; но кога ја забележа жената што гледаше на скалите, станарката од приземјето, одеднаш застана, па обрнувајќи ѝ се, почна да фучи уште посилно од пред малку, мавтајќи со рацете, како да ја вика за да посведочи за грешката на нејзината кутра жртва.

— Мајка ѝ пцовиса! Вие сите тоа го знаете, добри луѓе: сама остана на светов, како сува гранка. Гледам дека остана кај вас, во сиромаштија, а вие ни сами немате што да јадете; па дај, реков, да се помачам, поради господа да го земам сирачето. И ја зедов. Па што мислите? Ја држав еве веќе два месеца, — целата крв за два месеца ми ја исцица, белото тело ми го изеде! Пијавице! Ламјо ненаситна! Сатано низаедна! Можеш да ја убиеш — таа молчи, како ладна карпа. Срцево ми го кине, — молчи. Но што мислиш ти за себе, што се сметаш себеси, небиднице, мајмун крастав? Па да не бев јас ти на улица од глад ќе скапеше. Нозеве да ми ги миеш, и водата да ја пиеш, изрод еден, 'рѓосан меч француски. Ќе пцовисаше без мене!

— А зошто се вознемирувате толку, Ана Трифоновна? Што ве навредила пак? — учтиво ја праша жената на која ѝ се обрна разјарената вештица.

— Како што, жено, како што? Јас не дозволувам да работи против мојата волја! Твоето нека е од злато, а моето од кал, сепак тоа ќе го правиш, — ете таква сум јас! Таа за малку денеска в гроб ќе ме отераше! Јас ја испратив в чаршија по краставици, а таа се врати дури по три часа. Срцето ми претчувствуваше кога ја испратив; ме тиштеше, тиштеше, тиштеше! Каде била? Каде ли одела? Каков заштитник нашла? Зар малку добро видела од мене? Па јас на нејзината никаквица — мајка и четиринаесет рубли долг ѝ опростив, на мој трошок ја погребав, нејзиното куче под себе го зедов, сестро слатка, знаеш, добро знаеш! Па зар јас, и покрај сето тоа, немам некоја власт над неа? Би требало да го чувствува тоа, но таа наместо тоа оди против мене. Јас ѝ сакав среќа. Па јас неа, гад ниеден, ја облеков во муслински фустан, в чаршија ѝ купив чевли, како пауница ја накитив — да застанеш и да ја гледаш. И што мислите, добри луѓе! За два дена целиот фустан го искина, на парчиња го распарчи, па сега оди како некое плашило. И што мислите — намерно го искина. Нема да лажам, самата видов. „Токму, во искинато ќе одам, не сакам во муслински!“ ете што вели. — Но тогаш си ја олеснив душата на неа, ја истепав, па потоа и лекар викнав, и му платив. А да те удавам, гнидо една, само една недела да не пијам млеко, — тоа би ми била целата казна. За казна ѝ наредив да го чисти подот. И што мислите? Чисти, чисти, гадната, чисти! Ми го кине срцето — чисти. Но, реков, оваа сигурно ќе бега од мене! И само шо си го помислив тоа — а таа вчера навистина ја здувна! Сами чувте луѓе, како ја истепав за тоа вчера, рацете си ги набив од неа, чевлите и чорапите ѝ ги зедов, нема боса да ми здувне, си мислев. А таа, ете и денеска! Каде беше? Зборувај! — На кого си му се жалела, — змијо, кому си му плачела? Зборувај, скитнице, циганиште едно, зборувај!

И во тоа беснило таа му се нафрли на девојчето, премрено од страв, го грабна за коса и го тресна од земја. Садот со краставици летна настрана и се скрши. Тоа уште повеќе ја разбесни пијаната мегера. Таа

ја тепаше својата жртва по глава, по лице; но Елена упорно молчеше не испуштајќи од себе ни глас, ни еден извик, ни еден повик за помош, — дури ни под нејзините удари. Јас втрчав во дворот, скоро избезумен од негодување, право пред пијаната жена:

— Што правите вие? Како смеете да правите вакво нешто со кутрово дете? — викнав јас, фаќајќи ја таа фурија за рака.

— Што е ова! Кој си ти? — писна таа, оставајќи ја Елена. — Што барате вие во мојава куќа?

— Го барам тоа што сте вие немилосрдна! — викав. — Како смеете да го упропастувате кутрово дете? Таа не е ваша; јас сум чул дека е таа ваше посвојче, сираче без родители . . .

— Господе Исусе! — завика фуријата, — а кој си ти, па што командуваш овде? . . . Ти со неа си дошол, а? Но јас сега веднаш ќе му кажам на старешината на квартов! Мене и самиот Андрон Тимофеич како благородничка ме почитува! А таа, сигурно, кај тебе доаѓа? Кој си ти? Си дошол во туѓа куќа да вревиш и да се дереш. Помош!

И таа ми се нафрли мене со стиснати тупаници. Но во тој момент одеднаш се разнесе продорен нечовечки писко т . . . Погледнав, — Елена која стоеше како скаменета, одеднаш, со страшен, неприроден писко т, се урна на земја, и почна да се прпелка во страшни грчеви. Лицето ѝ се искриви. Доби напад на падавица. Одоздола дотрчаа две жени, ја кренаа и бргу ја пренесоа горе.

— Воопшто не ми е грижа, нека пцовиса, проклета! — викна жената по неа. — За еден месец веќе трет напад . . . Марш, симсар еден! — па пак ми се нафрли мене.

— Што стоиш тука, вратару? Зошто примаш плата?

— Оди, оди! Сакаш да ти го испеглам вратот? — мрзливо промрмори вратарот колку заради форма. — Двајца кога се караат, трет нека не се меша. Збогум, и чисти се!

Што можев да правам, излегов на порта, убедувајќи се дека овој мој обид беше сосем некорисен. Но лутината вриеше во мене. Јас застанав на тротоарот спроти портата, па почнав да гледам низ вратничето. Само што излегов, и жената си отрча на катот, а вратарот, откако го направи своето, се изгуби некаде. По една минута жената што помагаше да ја однесат Елена слезе на скалите, брзајќи долу во својот стан. Кога ме забележа застана па љубопитно ме загледа. Нејзиното добро и мило лице ме охрабри. Јас, пак, влегов во дворот и ѝ пријдов.

— Дозволете ми да ве прашам, — почнав, — од каде овде ова девојче и што прави со него онаа вештица? Не мислете, ве молам, дека јас ова го прашувам од проста љубопитност. Јас сум го гледал ова девојче, и поради една околност многу се интересирам за него.

— Па кога се интересирате, тогаш подобор да го земете кај себе, или да му најдете некое место, отколку овде да пропаѓа, — проговори некако без да сака жената, правејќи движења како да сака да оди по својот пат.

— Но, ако не ме упатите вие, што можам да направам јас? Ви велам дека ништо не знам. Оваа мора да е самата Бубнова, газдарица на куќава?

— Да, газдарицата.

— А како достасало малечково кај неа? Мајка му овде ли умрела?

— Па, ете... стасало... Тоа не е моја работа...

И жената пак сакаше да замине.

— Но, ве молам, помогнете ми. Ви велам дека тоа многу ме интересира. Јас, можеби, би можел и да направам нешто. Кое е ова девојче? Која му била мајка? Го знаете ли тоа?

— Како да беше некоја од странство, доселеничка; живееше овде долу, кај нас; но беше многу болна, — од туберкулоза умре.

— Сигурно била многу сиромашна кога имала само постела во сутеренот?

— О, многу сиромашна! Срцето ми се кинеше кога ќе ја погледнев. Ете, ние и самите одвај крај со крај

составуваме, па и нас ни остана должна шест рубли за пет месеци што живееше кај нас. Ние ја закопавме; мојот маж ѝ направи сандак.

— А зошто вели Бубнова дека таа ја закопала:

— Зар таа неа ја закопала!

— А како се презиваше?

— Не можам ни да изговорам, господине; некако заплеткано; сигурно е некоја Германка.

— Смит?

— Не, некако поинаку. А Ана Трифоновна го зеде тоа сираче кај себе; вели — за воспитување. Но не чини тоа...

— Сигурно ја зела заради некакви свои цели?

— Не се зборува за неа добро, — одговори жената како да размислува и да се колеба дали да каже или не. — Но што да правиме; тоа не е наша работа...

— Тебе подобро би ти било да си го собереш јазикот! — се чу зад нас машки глас.

Тој беше човек веќе во години; носеше домашна кошула, а преку неа кафтан; по надворешност, некаков занаетчија, мажот ѝ на мојата соговорничка.

— Таа нема за што да дрдори со вас, господине; тоа не е наша грижа... — проговори тој намуртено погледнувајќи ме; а ти тргај се!... Проштавајте, господине; ние правиме мртовечки ковчези. Ако вас, да речеме, ви треба нешто по порачка, со наше најголемо задоволство. А надвор од тоа, ние со вас немаме ништо...

Јас излегов од куќата, замислен и длабоко возбуден. Не можев ништо да направам, но чувствував дека ми е тешко сето тоа така да го оставам. Некои зборови на жената од занаетчијата особено ме здоболеа. Зад тоа се крие некоја работа; јас го претчувствував тоа.

Одев со наведната глава и размислувајќи, кога одеднаш некој остар глас ме викна по презиме. Погледнувам — пред мене стои напиен човек, скоро тетеравејќи се, доста пристојно облечен, но во лош шинел и маслосан каскет. Лицето ми беше многу познато. Почнав да се загледувам во него, тој ми намигна, па иронично се насмевна:

— Не можеш да ме познаеш?

ПЕТТА ГЛАВА

— А! Па тоа си ти, Маслобоев! — викнав јас, одеднаш препознавајќи го во него некогашниот другар, уште од губернискатa гимназија, — каква чудесна средба!

— Да, средба! Шест години не сме се виделе. Поправо, сме се срекавале, но вашето височество ни со поглед не ме удостоило. Зашто вие сте денеска генерал, поточно книжевен! — зборувајќи го тоа, тој подбивно се насмевна.

— Ти, брате — Маслобоев, лажеш! — го прекинав јас. — Прво и прво, генерали, па макар и книжевни не изгледаат како мене, а второ, дозволи да ти кажам дека јас навистина се сеќавам оти едно двапати сум те видел на улица, но ти, очигледно, ме избегнуваше; а јас немам обичај да се наметнувам кога ќе видам дека човек ме избегнува. И знаеш што мислам: да не си пијан, ти и сега не би ме викнал. Зар не е така? Е па, здраво! Мене, брате, многу, многу ми е мило што те видов.

— Навистина? А можеби јас те компромитирам со овој мој... несоодветен изглед? Но, што да расправаме за тоа? Изгледот не е важен. Туку, брате Вања, јас секогаш се сеќавам, колку згодно момче беше ти! А се сеќаваш како те тепаа наместо мене тебе? Ти замолчи, мене не ме предаде, а јас наместо благодарност, цела недела ти се подбивав! Ти си адамско колено! Здраво, мил мој, здраво! (Се избацивме.) А јас, еве, веќе

толку години плеткам и отплеткувам — од денеска до утре — но старите денови не сум ги заборавил. Не се заборава тоа лесно! А како си ти?

— Ни мене не ми е лесно, и јас самиот плеткам...

Тој долго ме гледаше расположен, како човек кого го фатила пијачка. Тој, впрочем, и без тоа беше вонредно добар човек.

— Не, Вања, ти не си како мене! — проговори најпосле тој, со натажен тон. — Зашто јас сум читал; сум те читал тебе, Вања, сум те читал!... Туку слушај: арно да поразговараме! Брзаш ли некаде?

— Брзам и, морам да ти кажам, страшно сум загрижен за една работа. Туку подобро, кажи ми каде живееш.

— Ќе ти кажам. Но тоа не е подобро; дали да ти кажам што е подобро?

— Ајде, да чујам.

— Еве што. Гледаш ли — и тој ми ја покажа фирмата на десет чекори од местото каде што стоевме, гледаш ли: кафеана и ресторан или просто ресторан, — но згодно место. Ќе те предупредам: локалот е пристоен, а ракијата — и да не зборувам! Од Киев пеш стасала. Сум ја пиел, многукратно сум ја пиел, ја знам; а мене овде некаква водурлива не смеат да ми изнесат. Сите го знаат Филип Филипович. Зашто јас сум: Филип Филипович. А? Се муртиш? Не, пушти ме да се доискажам. Сега е единаесет и четврт, пред малку гледав; значи точно во единаесет и триесет и пет минути ќе те ослободам. А дотогаш да исушиме некоја. Дваесет минути за стариот другар! Се согласуваш ли?

— Ако е само дваесет минути, тогаш не се бранам; бидејќи, мил мој, жими бога, имам многу работа...

— Е, штом не се браниш, добро. Но сега уште нешто, три збора пред сè: нешто скислен изгледаш, како да те навредиле нешто.

— Така е.

— Гледаш како погодив. Јас сега, брате, сум ти се фрлил на физиономистика, и тоа е работа! Е, па ајде да одиме, да си поразговараме. За дваесет минути, на прво место, нека ме згрее адмиралот Чаински, па потоа

ќе го натопам грлово со превареница, па со брезовица, потоа со портокаловица, потоа parafait-amour[1], па потоа уште нешто ќе измудрам. Пијам, брате! Единствено што сум трезвен на празниците, пред божјата служба. А ти, ако не сакаш, не мораш. Мене просто ти самиот си ми потребен. А уште и ако исушиш некоја, ќе покажеш особена душевна благородност. Ајде! Да се наприкажеме, па после можеме пак десет години да не се видиме. Зашто јас, брате Вања, не сум твое друштво.

— Море не дрдори, туку да побрзаме. Дваесет минути се твои, а после пуштај ме.

Во ресторанот требаше да се качиме на кат преку дрвени скали со покриен влез. Но на скалите наеднаш се сретнавме со двајца господа кои беа добро цврцнати. Откако нè видоа нас, тие, тетеравејќи се се тргнаа настрана.

Едниот од нив беше многу младо и малечко момче, уште голобрадо, на кое само што му се зацрнуваа мустачињата, и со впечатливо приглуп израз на лицето. Беше контешки облечен, но некако смешно: исто како да беше во туѓа облека, со скапоцени прстење на рацете, со скапа игла на врската, и страшно глупо исчешлан, со некаква булка на косата напред. Тој постојано се смееше и се клештеше. Неговиот другар имаше веќе околу педесет години, набиен, мешлест, облечен доста небрежно, исто така со голема игла на врската, ќелав, со поднадуено, пијано и дамчесто лице, и со очила на носот слични на копчиња. Изразот на тоа лице беше злобен и блуден. Поганите злобни и подмолни очи му беа враснале во сало и ѕиркаа како од дупчиња. Изгледа дека двајцата го познаваа Маслобоев но мешлестиот, кога се сретна со нас, направи смуртена, макар што моментална, гримаса, а момчето цело се развлече во некаква сладникаво додворувачка насмевка. Тој дури го симна каскетот.

— Простете, Филипе Филипович, — промрмори, милозливо гледајќи во него.

— А што?

---

[1] Да испие чај

— Извинете ... ова... (тој се допре со прстот до јаката). Таму е Митрошка. Тој е, Филипе Филипович, подлец!

— Па во што е работата?

— Па ете... Зашто нему (тој го покажа другарот со глава) минатата недела поради истиот тој Митрошка, на непријатно место, муцката со кајмак му ја намачкаа... хи, хи!

Другарот налутено го буцна со лакотот.

— А ќе сакате ли со нас, Филипе Филипович, да пиете шампањско кај Дисо? Смееме ли да се надеваме?

— Не, баќушка, сега не можам, — одговори Маслобоев. — Имам работа.

— Хи! хи! А јас би имал една работичка со вас...

Другарот пак го турна со лакотот.

— После, после!

Маслобоев некако очигледно се трудеше да не ги гледа. Но само што влеговме во првата соба, во која се протегаше доста чисто кафеанско тезге, по кое беа наредени закуски: пирошки, буреци со риба, тиганици и шишиња со овошни ракии во разни бои — Маслобоев бргу ме одведе настрана и ми рече:

— Оној младион, тој е трговски син, Сизобрјухов, син на познатиот житарски трговец. Му остана од татка му половина милион па сега, ете, пирува. Беше во Париз, па и таму грдна пара прикоса. Ќе запустеше тој таму можеби сè до последен грош, но во тој момент уште едно наследство од стрика му му припадна па се врати од Париз. И ете, овде ќе го мавне останатото, а за една година, молејќи го господа ќе оди на питање. Глуп е како мисир. Можеш да го видиш и по првите ресторани, по визби и крчми, и кај артистки, сака да стане гусар, неодамна поднесе молба. Оној вторион е постар, Архипов, и тој е некаков трговец или управител. Работеше во монопол; непрокопсан крадец, и денеска пријател на Сизобрјухов, Јуда и Фалстаф — двајцата заедно. Двапати банкротирал, одвратно разблудно суштество со перверзни желби. Во тој поглед јас знам и за едно негово кривично дело, но се извлече. Поради една работа, мило ми е што наидов на него: од

кога јас него го барам. Архипов, се разбира, го пљачкосува Сизобрјухова. Ги знае тој сите сокачиња и дупки, затоа такви дечишта и го бараат. Јас веќе одамна ги острам забите за него, а ги остри забите и Митрошка, ене оној јуначиштено во фино палто, оној кај прозорецон со циганско лице. Тој е џамбаз — се познава со гусарите. Нема да веруваш: тој е таков неранимајко што пред твои очи лажна банка ќе направи, а ти, макар што си видел, сепак ќе му ја разменииш. Тој, навистина, носи кафтан од сомот, без ракави — и доста личи на словенофил (а тоа, ми се чини, и му прилега), но облечи го сега во фин фрак и слично, одведи го во англискиот клуб, па таму речи им: овој е благородниот гроф Барабанов, него таму цели два часа за вистински гроф ќе го сметаат, — тој со нив и партија вист ќе одигра, и грофовски ќе разговара, и никој во него нема да се посомнева. Ќе ги измами. Тој лошо ќе заврши. Па, ете, тој Митрошка токму сериозно ги остри забите за дебелиот, зашто на Митрошка сега не му оди најдобро, а дебелиот му го презеде Сизобрјухова, неговиот некогашен пријател, на кого тој уште не стасал руното да му го остриже. Штом се состанаа тие сега во ресторанов, тука мора нешто да се случило. Јас дури знам и што, и насетувам, зашто мене токму Митрошка, и никој друг, ме извести дека Архипов и Сизобрјухов ќе бидат овде и дека се врткаат овде поради некоја гнасна работа. Митрошкината омраза кон Архипов јас сега сакам да ја искористам, зашто за тоа имам свои причини; па сега дојдов овде, така да се каже, заради тоа. Не сакам Митрошка нешто да забележи, а и ти многу не загледувај се во него. А кога ќе излегуваме одовде, тој сигурно и сам ќе ми дојде и ќе ми го каже тоа што ми треба. А сега да одиме, Вања, во онаа соба, гледаш ли? Но, Степане, — продолжи тој обрнувајќи му се на келнерот, — ти сигурно знаеш што ми треба мене.

— Знам.

— И ќе ме задоволиш?

— Ќе те задоволам.

— Е, па задоволи ме! Седи, Вања. Што си се загледал така во мене? Зашто јас гледам, ти нешто се загледуваш. Ти се чудиш? Ништо, не чуди се. Сè може да му се случи на човека, па и тоа што на сон не му се сонило, а особено тогаш . . . па, да речеме, тогаш кога јас и ти го бубавме Корнелиј Непота! Туку, знаеш што, Вања, веруваj ми едно: макар што Маслобоев свртил од патот, срцето исто му останало, само приликите му се измениле. Зашто, ако сум црн, сепак уште не сум ѓавол. И за доктор учев, и за професор по национална книжевност се готвев, а за Гоголь и статија напишав, и копач на злато сакав да бидам, решавав и да се женам, — жива душа бара нешто да се наслади, и таа веќе се согласуваше, макар што во куќата имаше таква благосостојба што немаше со што мачка да се измами. Само сакав за свадбата и добри чизми да позајмам, бидејќи старите веќе година и пол крпа на крпа беа . . . Но некако не се оженив . . . Таа се омажи за учител, а јас почнав во биро да служам, но не во трговско туку така — просто во биро. Е тогаш сè се сврти поинаку. Поминаа годините, и јас сега, макар што не служам, сепак без маки пари заработувам: примам мито и ја бранам правдата; кај овците сум јунак, а кај јунаците овца. Имам и свои правила; знам, на пример, дека кај сила нема правина и, — правам работи. Јас сега се занимавам главно со дискретни работи . . . Разбираш?

— Ама да не си некој детектив?

— Не, не сум токму детектив, но се занимавам со некои работи — малку официјално, а малку од лична склоност. Туку, еве што е, Вања: пијам ракија! А бидејќи јас никогаш не сум го испил и паметов, ја знам и мојата иднина. Моето време помина, миј го ти црниот пес колку што сакаш тој и натаму ќе остане црн. Едно ќе ти кажам: ако во мене не живееше уште човек, јас, Вања, денеска немаше да ти пристапев. Добро велиш: јас тебе сум те среќавал, сум те гледал и порано, многупати сум сакал и да ти пријдам, но никогаш не сум се осмелувал, постојано тоа сум го одложувал. Јас не сум ти достоен. И ти имаше право, Вања, ова што ти

пријдов сега, тоа е само затоа што сум пијан. Па бидејќи сето тоа е ветар, за мене ќе завршиме. Подобро да разговараме за тебе. Но, драги мој: сум читал! Сум читал, и јас сум прочитал! Јас тоа, пријателе, го зборувам за твојот првенец. Па кога го прочитав, — за малку и јас што не станав чесен човек! За малку ти велам, за малку; но сепак се предомислив и решив дека е подобро и натаму да останам ваков гнаса каков што сум. Ете така.

И многу уште ми расправаше. Тој сè повеќе и повеќе се опијануваше, и почнуваше многу да се разнежува, скоро да се расплаче. Маслобоев секогаш бил добар другар, но не секогаш искрен, и развитокот не му бил во склад со неговите сили; лукав, досетлив, симсар и шило, уште додека беше на училиште, но сепак, не беше без срце; накусо — пропаднат човек. Такви луѓе има многу меѓу Русите. Тие често се многу талентирани; но сето тоа некако кај нив се испреврте-ло, а над сè, тие се во состојба да постапуваат свесно против својата совест — од слабости во одделни работи; па не само секогаш да пропаѓаат, туку уште и самите однапред знаат дека одат во пропаст. Маслобоев, меѓу другото, беше потонал во пијачка.

— А сега, пријателе, уште еден збор, — продолжи тој. — Слушав во почетокот како се шире твојата слава на сите страни; потоа читав разни критики за тебе (веруваj бога, читав; ти веројатно мислиш јас ништо не читам). Потоа те гледав во искинати чевли, по кал без галоши, во истуткана паларија; па видов во што е работата. Сега со перо си почнал леб да заработуваш.

— Да, Маслобоев.

— Значи, си станал поштенско коњче?

— Па, слично на тоа.

— Е, брате, знаеш ли што ќе ти кажам јас за тоа: подобро е да се пие! Еве, јас ќе се напијам, ќе се истегнам на канабето (а имам едно одлично канабе — на федери), па мислам дека сум јас, на пример, тамо некој Хомер или Данте или некој Фридрих Барбароса, — човек може сè да си замисли. А ти, гледаш, не мо-

жеш да бидеш ни Данте, ни Фридрих Барбароса, прво затоа што ти сакаш да бидеш свој, а второ, затоа што тебе секоја желба ти е забранета, зашто ти си поштенско коњче. Јас имам фантазија, а ти стварност.

А сега отворено и братски да ми кажеш (инаку за цели десет години ќе ме навредиш и понижиш): — ти требаат ли пари? Јас имам. Немој да се муртиш. Земи пари, раздолжи се со издавачите, симни ги тие амови од себе, потоа обезбеди живот за цела година, па седни, оствари ја мислата што ти е најмила, пишувај големо дело! А? Што велиш?

— Слушај, Маслобоев! Јас го ценам твојот братски предлог, но засега не можам ништо да ти одговорам, — а зошто? — за тоа би морал долго да ти расправам. Такви се приликите. Впрочем, ветувам, подоцна ќе ти раскажам сè како на брат. Ти благодарам за предлогот, ветувам дека ќе ти дојдам, и тоа повеќепати. А еве во што е работата: ти со мене си искрен, па затоа и јас решив од тебе да побарам совет, дотолку повеќе што си ти, изгледа, мајстор за такви работи.

И тогаш му го раскажав целиот случај со Смит и неговата внука, почнувајќи од слаткарницата. Чудна работа: кога му го расправав тоа, јас од неговите очи заклучив дека тој по нешто веќе знае за таа работа. Јас го прашав за тоа.

— Не, не знам, — одговори тој. Најпосле, за Смит така, по нешто сум слушал, — дека умрел некој старец во слаткарница. А за мадам Бубнова навистина по нешто знам. Од таа дама јас пред два месеца веќе зедов уцена. „Je prend mon bien, où je le trouve“,[1] — и само во тој поглед личам на Молиер. Но макар што ѝ дигнав сто рубли, јас сепак си дадов тогаш збор да ја олеснам не за сто туку и за петстотини рубли. Погана жена! Со недозволени работи се занимава. Најпосле, ѓавол да ја земе, но некогаш сосем претерува. Те молам, немој да мислиш дека сум некаков Дон Кихот. Целата работа е во тоа што мене тука може добра пара да ми падне, и пред половина час, кога го видов Си-

[1]) Јас го земам своето добро каде што ќе го најдам.

зобрјухов, јас многу се израдував. Сизобрјухов очигледно го донесле ваму, — а го довел оној мешлестиот; а бидејќи јас знам со каков вид работа тој мешко се занимава, и заклучувам... Туку, ќе го начекам јас него... Мене ми е многу мило што чув од тебе за тоа девојче, па сега наидов уште на една трага. Зашто јас, брате, се занимавам со разни приватни налози, и уште со секакви луѓе се познавам. Неодамна истражував една работичка за еден кнез, и можам да ти речам — таква работичка што за такво нешто од еден кнез никој не би очекувал. Или, ако сакаш друг случај за една омажена жена да ти раскажам? Ти, брате, дојди кај мене, јас сум насобрал такви сижеа, кога ќе ги опишеш, никој нема да ти верува.

— А како се презива тој кнез? — го прекинав јас, претчувствувајќи нешто.

— А зошто ти е тоа? Валковски.

— Петар?

— Да. Се познаваш со него?

— Го знам, но не многу. Но, Маслобоев, јас сега заради тој господин често ќе наминувам, — впрочем ти реков, — многу ме заинтересира.

— Ете гледаш, стари пријатели сме, па наминувај колку што сакаш. Знам да расправам бајки, но до извесни граници, — разбираш? Инаку би го изгубил кредитот и честа, се разбира, деловна, — и така натаму.

— А ти тогаш, колку што ти дозволува честа.

Јас бев дури и возбуден. Тој тоа го забележа.

— Па што велиш за тој случај што ти го раскажав сега. Дали смисли веќе нешто или не? — го прашав јас.

— За твојот случај? Па ете, причекај ме за малку, само да платам.

Тој тргна кон шанкот, и таму божем не сакајќи, наеднаш се најде покрај момчакот во капут, кого сите така фамилијарно го викаа Митрошка. Мене ми се стори дека Маслобоев го познаваше поблиску отколку што ми кажа. Во секој случај, беше очевидно дека не е првпат вака да се наоѓаат. Митрошка беше доста оригинален момчак. Во својот капут, во црвената сви-

лена кошула, со остри, но мирни линии на лицето, уште доста младолик, црнкав, со достоинствен сјаен поглед, — му оставаше на човека и интересен и пријатен, енергичен а, во ист момент, тој во овој миг очевидно се воздржуваше, сакајќи да изгледа особено деловен, солиден и достоинствен.

— Знаеш што, Вања, — рече Маслобоев, кога се врати, — намини ти денеска кај мене во седум часот, па можеби нешто и ќе ти кажам. Јас, како што ти реков, самиот ништо не значам; некогаш нешто значев а сега сум само една пијавица, а и се оддалечив од работата. Но сепак сум ги зачувал некогашните врски; можам по нешто да наалкам; во тоа лежи мојата сила. Навистина, во слободните, поправо, во трезвените моменти, и самиот по нешто работам пак преку познати... главно на прибирање податоци... Но, што тука цел ден! Доста... Еве ти ја и мојата адреса: Шестилавочна улица. А сега, брате, — јас малку повеќе цврцнав. Да истурам уште една златна, па дома! Малку да прилегнам. Кога ќе дојдеш, — со Александра Семјоновна ќе те запознам, а ако има време ќе разговараме за поезијата.

— Добро, а за она?

— Па добро, можеби и за тоа.

— Добро, ќе дојдам, — сигурно ќе дојдам...

ШЕСТА ГЛАВА

Ана Андреевна веќе одамна ме чекала. Тоа што ѝ го кажав вчера за Наташиното писменце многу ја возбуди нејзината љубопитност, па ме очекувала изутринава многу порано, барем до десет часот. А кога се појавив кај неа после еден, маките на очекувањата достигнале кај кутрата старица веројатно последен степен. Освен тоа, таа одвај чекаше да ми ги довери своите нови надежи што изникнале вчера кај неа, и да разговара со мене за Николај Сергеич, на кого вчера нешто не му било добро, па станал нерасположен, а во исто време со неа бил некако особено нежен.

Кога се појавив, таа ме дочека со незадоволен и ладен израз на лицето, одвај го процеди низ заби отпоздравот, и не покажувајќи ни малку љубопитност, како да сакаше да каже: па, што си дошол? Што си запнал, баќушка, секој ден со тие твои визити! Таа се лутеше што дојдов толку доцна, но јас брзав, па затоа, без големо заобиколување, ѝ ја раскажав целата вчерашна сцена кај Наташа. Штом чу старичката за посетата на стариот кнез и за неговото свечено барање на раката на Наташа, од неа одеднаш падна сета таа извештачена нерасположеност. Јас сега немам доволно зборови да опишам колку се израдува таа, дури некако целата се збуни, се крстеше, плачеше, се клањаше пред иконата длабоко до земја, ме прегрнуваше, и веднаш сакаше да отрча кај Николај Сергеич и да му ја соопшти својата радост.

— Те молам, баќушка, Николај Сергеич е нерасположен само поради разните понижувања и навреди,

а ќе видиш сега, кога ќе дознае дека Наташа добила полна сатисфакција, тој веднаш сè ќе заборави.

Одвај ја одвратив од тоа. Добрата старичка, макар што дваесет и пет години поминала со мажот, сè уште малку го познаваше. Сега таа, исто така, многу засака веднаш да тргне со мене кај Наташа. Јас ѝ кажав дека Николај Сергеич не само што можеби не ќе ја одобри нејзината постапка, туку дека со тоа на целата работа уште и ќе ѝ наштетиме. Таа одвај се предомисли, но сепак ме задржа уште половина час, за кое време таа постојано само зборуваше. — Па со кого ќе останам јас сега, — зборуваше таа, — со толку многу радост, па уште вака сама — меѓу четири ѕида? — Јас најпосле ја уверив дека треба да ме пушти да си одам, објаснувајќи ѝ дека сега Наташа со најголема нестрпливост ме чека. Старичката ме прекрсти неколкупати пред тргнување, ѝ испрати по мене на Наташа голем благослов, а за малку и ќе заплачеше решително кога ја одбив да дојдам уште еднаш тој ден, вечерта, ако не ѝ се случи на Наташа нешто особено. Николај Сергеич тој ден не го видов: тој цела ноќ не спиел, се жалел на главоболие, на треска, и сега спиеше во кабинетот.

И Наташа цело претпладне ме чекала. Кога влегов кај неа ја затеков како шетка по обичај низ собата, со скрстени раце, и размислувајќи за нешто. Дури и сега, кога ќе се сетам за неа, никако поинаку не можам да ја замислам, туку секогаш сама, во сиромашна собичка, замислена, оставена, во вечно очекување, со скрстени раце, со сведнати очи, како оди бесцелно нагоре-надолу по собата.

Таа тивко, не прекинувајќи го одењето, ме праша зошто задоцнив толку. Јас набрзина ѝ ги раскажав сите свои авантури, но таа скоро не ме слушаше. Очигледно беше дека поради нешто е особено нерасположена.

— Што има ново? — ја прашав.

— Нема ништо ново, — ми одговори таа, но со таков изглед што по него веднаш видов дека има нешто ново, па таа затоа и ме чекала, да ми ја каже новоста,

но, по својот обичај, нема да ми ја каже веднаш, туку дури кога ќе тргнам за дома. Така правеше таа секогаш. Јас на тоа веќе се навикнав, и ја чекав.

Се разбира, почнавме разговор за вчерашните настани. Мене притоа особено ме вчудовиде фактот што нашите впечатоци за стариот кнез беа сосем исти: тој нејзе ни малку не ѝ се допаднал, уште помалку отколку вчера. И кога ја претресувавме вчерашната негова посета до ситници, Наташа одеднаш рече:

— Слушај, Вања, па тоа секогаш така бидува, штом човекот не ќе ти се допадне во првиот момент, тоа е скоро сигурен знак дека после ќе ти се допадне. Барем кај мене секогаш така бидувало.

— Дај боже така да биде, Наташа. Но слушни го и моето последно мислење: јас претресував сè и заклучив дека, макар што е кнезот можеби и езуит, тој сепак се согласува со вашиот брак — вистински и сериозно.

Наташа застана сред собата, па смуртено ме погледна. Целото нејзино лице се измени; дури и усничките лесно ѝ затреперија.

— Па зар тој би можел во таква прилика да почне со итрост и... со лаги? — праша таа со лоша недоумица.

— Имаш право, имаш право! — побрзав јас да се согласам со неа.

— Се разбира, не лажеше. Мене ми се чини, за тоа не треба ни да се мисли. Не би можела да се пронајде дури ни причина за некаква итрост. И, најпосле, што сум јас во неговите очи за да може да ми се потсмева во толкава мера? Зар би можел човек да биде способен за таква навреда?

— Така е, така е! — потврдував, а во себе помислив: „Ти сигурно сега за тоа мислиш, шетајќи по собава, кутра моја, па се сомневаш можеби уште повеќе отколку јас.“

— Ах, колку би сакала тој што побргу да се врати! — рече Наташа. — Тогаш тој сакаше цела вечер да остане кај мене... Сигурно имал некои важни работи,

штом остави сè и замина. Не знаеш ли какви се тие работи, Вања? Да не си чул нешто?

— А гос-под би го зна-ел. Па тој постојано само пари грмади. Сум чул дека учествува во некоја лиферација, овде во Петроград. Ние, Наташа, воопшто не се разбираме од тие работи.

— Секако не се разбираме. Аљоша вчера спомна некакво писмо.

— Сигурно некаква вест. А дојде ли Аљоша?

— Дојде.

— Раното?

— Во дванаесет часот. Ти знаеш дека тој долго спие. Седеше малку време, па го натерав да оди кај Катарина Фјодоровна. Нема смисла, Вања.

— А тој зар не мислеше да оди таму?

— Да, и самиот сакаше . . .

Сакаше уште нешто да додаде, но замолчи. Јас се загледав во неа, и чекав. Лицето ѝ беше натажено. Сакав да ја прашам нешто, но таа понекогаш воопшто не сакаше човек да ја испрашува.

— Чудно момче е тој, — рече најпосле, искривувајќи ги усничките и настојувајќи да не гледа во мене.

— А зошто? Мора да се случило нешто со вас?

— Не, ништо; Така . . . Тој, најпосле, беше дури пријатен . . . Само . . .

— Па сега и сите негови грижи и јадови се завршија, — реков јас.

Наташа внимателно и испитувачки погледна во мене. Можеби таа самата сакаше да ми одговори: „Тој толку многу грижи и јадови немаше ни порано“; но нејзе ѝ се стори дека во моиве очи се крие истата мисла. И затоа ми се налути.

Веднаш потоа стана пријатна и љубезна. Сега таа беше необично кротка. Останав кај неа повеќе од еден час. Таа беше нешто многу загрижена. Се плашеше од кнезот. Забележав по некои нејзини прашања дека таа многу би сакала точно да дознае каков впечаток му оставила вчера на кнезот. Дали се однесувала како што треба? Да не ја покажувала премногу својата радост? Да не била премногу навредлива? Или, обратно,

дури и премногу пресретлива? Да не си вообрази тој нешто? Да не ја исмее? Да не почувствува презир кон неа? . . . При таа помисла образите ѝ пламнаа како огин.

— Зар може човек толку да се возбудува само поради тоа што еден лош човек ќе помисли нешто? Па нека мисли што сака! — реков јас.

— А зошто е тој лош? — праша таа.

Наташа беше претерано чувствителна, но со чисто срце и простосрдечна. Таа нејзина прекумерна чувствителност потекнуваше од чист извор. Таа беше достоинствена, и тоа благородно достоинствена, па не можеше да го поднесува тоа што ѝ беше нејзе повеќе од сè на светот да се изложува на потсмев, — и уште пред нејзините очи. На презирот на некој низок човек таа, се разбира, би одговорила исто така само со презир, но сепак сигурно би ѝ било тешко на душата ако некој се смее на оној што таа го смета за светост, без обѕир од кого доаѓа тој потсмев. И тоа кај неа не доаѓаше поради слабост на карактерот. Доаѓаше делумно поради премногу малото познавање на светот, поради тоа што не беше навикната на друштво, и поради нејзината повлеченост од светот. Таа целиот свој живот го помина во својот домашен кат, скоро и не излегувајќи од него. И, најпосле, особината на многу добродушните луѓе, која таа, можеби, ја наследи од татка си, — да го прецени и премногу да го фали некој човек, упорно да го смета за подобар отколку што е навистина, во првото воодушевување да го преувеличува сè што е добро на него, — кај неа беше развиена во голема мера.

Тешко им паѓа на таквите луѓе после, кога ќе се разочараат. Уште потешко кога чувствуваш дека си самиот виновен. Зошто си очекувал повеќе отколку што можат да ти дадат? А такви луѓе во секој момент ги очекува вакво разочарување. И тогаш за нив е добро мирно ако седат дома и не излегуваат во светот. Јас дури сум забележал дека тие многу ги сакаат своите соби така што подивуваат во нив. Најпосле, Наташа, претрпи многу несреќи, многу навреди. Тоа беше веќе

болно суштество, и грев би било човек да ја обвинува, ако претставуваат моиве зборови обвинување.

Но јас брзав, па станав да си одам. Таа се изненади и само што не заплака поради тоа што заминувам, макар што за целото време додека седев не беше со мене особено нежна, дури беше речиси поладна отколку обично. Таа силно ме бакна и некако долго ми се загледа в очи.

— Слушај, — ми рече таа, — Аљоша денеска беше многу смешен и дури ме восхити. Беше многу златен, изгледаше многу среќен, но влезе како пеперутка, вистинско конте, постојано се вртеше пред огледалото. Сега повеќе некако и не се стеснува премногу пред мене... а и не се задржа долго. Па замисли: бонбони ми донесе!

— Бонбони? Што? Па тоа е добро, и простодушно. Ех, какви сте вие двајца! Ете, уште сега почнавте да се демните еден со друг, да се шпионирате, еден на друг изразите на лицето да си ги фаќате, скриените мисли од нив да ги читате (макар што воопшто не се разбирате од тоа. Туку, тој е и така и така. Тој е весел и учениче, како и порано. Но ти, ти!

И секогаш Наташа кога ќе го менеше тонот, па ќе ми пријдеше било со жалба против Аљоша или за решавање на некои други чувствителни недоумици, или со некаква тајна и со желба од првиот збор да ја разберам, таа, се сеќавам, секогаш ме гледаше покажувајќи ги запчињата, и како да ме моли на секој начин некако да ја решам работата така што да ѝ олесни веднаш на срцето. Но се сеќавам и на тоа дека во такви случаи секогаш земав строг и остар тон, како да сакам некого жестоко да го искарам. И тоа се случуваше кај мене сосем ненамерно, но секогаш ми одеше од рака. Таа моја строгост и сериозност беа умесни, изгледаа поавторитативни, а човек некогаш чувствува несопирлива потреба некој да му се изназборува. Наташа на тој начин понекогаш остануваше од мене сосема утешена.

— Не, гледаш ли, Вања, — продолжи таа, со едната рака ми го држеше рамото со другата ми ја

стегаше раката, а со очите, умилкувајќи ми се, гледаше во моите очи, — ми се стори како кај него некако да немаше доволно чувствителност ... ми се стори како да е веќе вистински mari[1]), знаеш, како да е веќе десет години оженет, но сè уште љубезен човек кон жената. Зар не е тоа премногу рано? ... Се смееше, се врткаше овде, но сето тоа само така, колку заради ред како да се однесуваше на мене, а не како некогаш ... Многу брзаше да оди кај Катарина Фјодоровна ... Јас му зборувам, а тој не слуша или почнува некој друг разговор, знаеш онаа лоша господска навика, од која ние двајцата го одучуваме. Со еден збор, така беше ... скоро рамнодушен ... Но што ми е мене? Веќе почнав да ти здодевам. А, колку сме сите ние строги, Вања, колку сме ќудливи деспоти! Дури сега гледам! Ниедна безначајна промена на лицето на човека не можеме да му ја простиме, и господ знае зошто му се измени лицето така! Имаше право, Вања, што ме прекори пред малку! За сево ова сама сум виновна! Самите си задаваме јадови, па после се жалиме! Ти благодарам, Вања; ти сосем ме утеши. Ах, само ако дојде денеска ... Но што? Можеби уште и ќе се налути поради она пред малку.

— А да не сте се искарале веќе вие? — викнав зачудено.

— Јас со ништо не покажав! Само бев малку тажна, а тој, дотогаш весел, одеднаш се замисли и, како што ми се чини, се прости со мене доста ладно. Но јас ќе испратам по него ... Дојди и ти, Вања, вечерва.

— Сигурно, само ако не се задржам за една работа.

— Ете ти сега! Каква работа сега пак?

— Па си натоварив самиот грижа! Најпосле, се надевам дека по секој начин ќе дојдам.

---

[1]) Маж

СЕДМА ГЛАВА

Точно во седум часот бев кај Маслобоев. Тој живееше на Шестилавочна улица, во една малечка куќа во двор, во доста нечист стан од три соби, но тие не беа бедно наместени. Можеше да се забележи дури и тоа дека домаќините беа во добра состојба, а истовремено и доста лоши домаќини. Вратата ми ја отвори многу убава деветнаесетгодишна девојка многу просто но вкусно облечена, доста чиста и со многу убави, весели очи. Веднаш се сетив дека таа може да биде Александра Семјоновна за која тој патем ми спомна неодамна, како да ме намамуваше со неа да се запознам. Таа ме праша кој сум, и кога го чу името, рече дека Маслобоев ме очекува, но оти сега спие во неговата соба, каде што ме одведе. Маслобоев спиеше на прекрасно меко канабе, покриен со својот нечист капут, со кожна, излитена перница под глава. Тој беше многу лесен на спиење: само што влеговме, тој веднаш ме викна по име.

— А, ти ли си! Те чекам. Токму сега сонував дека си дошол, и ме будиш. Значи, време е. Ајде!

— Каде ќе одиме?

— Кај една дама.

— Која е таа дама? Зошто?

— Мадам Бубнова, да ја суредиме. Да знаеш какво задоволство е тоа! — растегна тој, обрнувајќи ѝ се на Александра Семјоновна, и дури си ги баци врвовите на прстите кога ја спомна мадам Бубнова.

— Тој веќе започна, смисли! — рече Александра Семјоновна, сметајќи дека притоа на секој начин мора малку да се налути.

— Не се познавате? Ајде, запознајте се: еве, Александра Семјоновна, му го препорачувам на твоето внимание, овој е литературен генерал; нив можеш само еднаш годишно бесплатно да ги посматраш, а во друго време, — за пари.

— Е сега, нашол будала. Немојте, ве молам, да го слушате: тој секогаш така се шегува со мене. Од каде е тој генерал?

— Па нели ви реков дека не е обичен? А ти, ваше височество, немојте да мислите дека сме ние глупави; ние сме, всушност, многу попаметни отколку што изгледаме на прв поглед.

— Но не слушајте го! Секогаш така пред финиот свет ме засрамува, бесрамник! А никогаш не се сеќава да ме однесе на театар.

— Ги сакате, Александра Семјоновна, своите домашни? А да не сте заборавиле какви домашни сум ви рекол дека треба да сакате? Не сте го заборавиле зборот? Знаете, тоа што ве учев вас!

— Се разбира не сум го заборавила. Сигурно значи пак некаква глупост.

— Но, ајде кажете ни кој е тој збор?

— Сигурно не сакате да се срамам пред гостинов. Што знам, можеби тоа значи и нешто срамно. Јазиков да ми се исуши ако кажам.

— Значи, сте заборавиле?

— Не сум заборавила: пенати! Сакајте ги своите пенати[1]) ... Ете гледате што измислил! Можеби тие пенати никогаш не постоеле; и што има да ги сакаме? Тој постојано блада.

— Но затоа кај мадам Бубнова ...

— По ѓаволите ти и твојата Бубнова ... И тука Александра Семјоновна излезе од собата страшно налутена.

— Време е! Да одиме! Збогум, Александра Семјоновна.

---

[1]) Пенати — стари римски богови.

Излеговме.

— Слушај, Вања, пред сè, да ја земеме оваа кола. Е, така. А потоа, јас, неодамна кога се разделивме со тебе, уште некои ситници дознав, но тоа не се некои претпоставки туку сигурна работа. Останав после на Василевскиот остров уште цел час. Оној мешлестиот е страшен подлец, нечист е, гнасен, со разни погани и животински барања. А и таа Бубнова уште одамна заради такви работи е прочуена. Овие денови за малку што не беше фатена со едно девојче од некоја чесна куќа. Не ми дадоа мир муслинските фустани во кои го облекуваше сирачето, (знаеш, што ми расправаше денеска), бидејќи и пред тоа нешто начув. А денеска уште нешто дознав, навистина сосема случајно, но изгледа, точно. Колку години има малечката?

— Приближно, можеби, околу тринаесет.

— А според растот изгледа како да има помалку. Е, така таа и ќе постапува. Ако ѝ затреба за муштерија, ќе рече единаесет, а може и петнаесет. Па бидејќи ова кутро нема одбрана, ни семејство, таа...

— Можно ли е тоа?

— А што мислеше ти? Сигурно мадам Бубнова од сожалување не го зела сирачето кај себе. А уште и мешлестиот кога се опсукал таму, знај дека е тоа така. А тој изутринава беше со неа. А на оној будалестиот, Сизобрјухов, му ветила за денес убавица, омажена, жена од висок чиновник. Тие трговски синови, кога пируваат, гинат за тоа: секогаш првин прашуваат за рангот. Тоа ти е како во латинската граматика, се сеќаваш: значењето на зборот е поважно од наставката. Впрочем, јас како да сум пијан уште изутрина. Но, а Бубнова не смее да се занимава со такви работи. Таа сака и полицијата да ја измами; но ние убаво ќе ѝ ја запржиме чорбата! Затоа ќе ѝ подвикнам, бидејќи таа знае дека кај мене нема шега... а и другото, разбираш?

Бев страшно изненаден. Сите тие вести ми ја возбудија душава. Постојано се плашев дека ќе задоцниме, па затоа настојував да побрза кочијашот.

— Немој да се плашиш; преземени се мерки, — зборуваше Маслобоев. — Таму е Митрошка. Сизобрјухов ќе плати во пари, а оној мешлестиот никаквец во натура. Така решивме уште изутринава. Што се однесува до Бубнова, — таа останува како мој дел... Зашто нема да ѝ дозволам...

Стасавме и застанавме пред ресторанот; но човекот што се викаше Митрошка не го најдовме таму. Откако му рековме на кочијашот да нè чека пред влезот, влеговме кај Бубнова. Митрошка нè чекаше пред порта. Од прозорецот излегуваше силна светлина и се слушаше пијаниот, гласен смев на Сизобрјухов.

— Сите се таму, веќе четврт час, — нè извести Митрошка. — Стигнавте токму навреме.

— Но како ќе влеземе? — прашав.

— Како гости, — одговори Маслобоев, — таа ме знае, а го знае и Митрошка. Навистина, сè е заклучено, но тоа не важи за нас.

Тој полека чукна на портата, и таа веднаш се отвори. Ја отвори настојникот, па му намигна на Митрошка, кој, исто така, му одговори. Влеговме полека; тие во куќата не нè слушнаа. Настојникот нè поведе по скали и зачука. Прашаа кој е; тој одговори дека е сам. „Имам работа" — рече. Вратата се отвори а ние нагрнавме сите одеднаш. Настојникот се изгуби.

— Ах, кои сте вие? — извика Бубнова, пијана и разбушавена, стоејќи во малечкото претсобје, со свеќа в раце.

— Кој е? — прифати Маслобоев. Па како така, Ана Трифоновна, зар вие вакви гости не познавате? Па ние сме, брате, — кој може да биде друг? Филип Филипович.

— Ах, Филип Филипович! Вие ли сте... Драг гостин... Па како вие така... јас, ете... ако, ако... повелете влезете ваму.

И таа сосем се збрка.

— Каде таму? Па овде има некаква преграда... Не, примете нè малку подобро. Ние ќе испиеме кај вас нешто ладно, а сигурно ќе имате и нешто младо?

Газдарицата веднаш се охрабри.

— За толку мили гости макар од под земја ќе ископам; од кинеското царство ќе ги набавам...

— Само уште нешто, драга Ана Трифоновна: тука ли е Сизобрјухов?

— О... овде е.

— Е, него го барам. Како смеел, никаквец, без мене да се забавува?

— Но тој сигурно не ве заборавил вас. Само чека некого, сигурно вас.

Маслобоев ја турна вратата и ние се најдовме во малата собичка со два прозорца, со цвеќиња во саксии, плетени столови и со некаков клавир во жална состојба; сè како што следува. Но уште пред да влеземе, уште додека разговаравме во претсобјето, Митрошка некаде се изгуби. После чув дека и не влегол, туку чекал пред врата. Разбушавената и набелена жена што ширкаше утрината зад плеќите на Бубнова му беше кума.

Сизобрјухов седеше на танко канабе од лажен махагон, до тркалезна маса, покриена со чаршаф. На масата имаше две шишиња смлачено шампањско и шише некој лош рум. Тука имаше и чиничиња со бонбони, медењаци, ореви. На масата, спроти Сизобрјухов, седеше едно одвратно суштество на околу четириесет години, сипаничава, во фустан од црн тафт, со месингани белегзии и брошови. Тоа беше жената на виш чиновник, очигледно — лажна. Сизобрјухов беше пијан и многу задоволен. Неговиот мешлест придружник не беше со него.

— Така ли се прави?! — рикна Маслобоев, — а ваму уште викаш кај Дисо!

— Филипе Филипович ме усреќивте — промрмори Сизобрјухов, доаѓајќи ни во пресрет, целиот блажен.

— Пиеш ли?

— Простете!

— Немој да се извинуваш овде, туку послужи ги гостиве. Дојдовме да се почестиме со тебе. Еве, ти доведов уште еден гостин: пријател.

Маслобоев ме покажа мене.

— Мило ми е, всушност ме усреќивте... Хи, хи!

— Хи, и тоа е некакво шампањско! Личи на сиратка!

— Вие ме навредувате.

— Па ти кај Дисо не смееш ни да се појавиш, а ваму уште и ме викаш.

— Пред малку ми расправаше дека бил и во Париз — прифати жената на виш чиновник, — но сигурно лаже!

— Федосја Титишна, не навредувајте. Сме биле. Сме оделе таму.

— Па зар и такви дудуши одат во Париз?

— Сме биле. Ни се можело. Јас и Карп Василич таму се покажавме. Го познавате ли ваша милост Карп Василич?

— А зашто да го познавам твојот Карп Василич?

— Па така... работата е политична. А ние таму, во местенцето Париз, кај мадам Жубер, англиско тримо[1]) искршивме на парчиња.

— Што велиш дека сте искршиле?

— Тримо, ќе ве молам. Беше тоа такво тримо преку целиот ѕид, сè до таванот. А Карп Василич толку се напи што веќе со мадам Жубер на руски ја сврти. Застана тој кај тримото, па се налакти. А Жуберка му викна по нивно: „Тримото чини седумстотини франкови, ќе го скршиш!“ (А франкот им чини наши два и пол гроша.) Тој се смешка, и во мене гледа; а јас седам спроти него на канабето, а зад мене убавица, не ваква муцка, како оваа, туку бонбона, да кажеш. А тој вели: „Степане Терентич, еј, Степане Терентич! Важи ли по половина, а?“ Јас му велам: „Важи!“ Кога тресна тој со рачиштето негово по тримото — трес! — Само парчиња се разлетаа. Жуберка писна, му се нафрли в очи: „Што ти е, разбојнику, што мислиш ти, каде си?“ (тогаш на нивни јазик). А овој ѝ вели нејзе: „Еве ти мадам Жубер, пари, колку што рече, а мојот

[1]) Тримо — големо огледало.

нарав немој да го сопираш, па веднаш тука ѝ изброи на дланката шестотини и педесет франкови. Педесет исценкавме.

Во тој момент се разнесе страшен, продорен пискот, што доаѓаше однекаде зад неколку врати, — две-три соби од таа во која што седевме ние. Јас затреперив, па и јас викнав. Го познав тој пискот: тоа беше Еленииот глас. Веднаш по тој очаен повик за помош се слушнаа други звуци, пцости, турканица, и најпосле јасна, звучна, разговетна шлаканица со дланка по лице. Тоа веројатно Митрошка со некого се пресметуваше. Одеднаш вратата бргу се отвори, а Елена бледа, со скаменети очи, во бел муслински, но сосема истуткан и искинат фустан, со исчешлана, но како во борба истргана коса, влета во собата. Јас стоев спроти вратата, а таа стрча право кон мене, па ме прегрна. Сите скокнаа возбудени. Кога втрча, се слушнаа звуци и чекори. Веднаш по неа на вратата се појави Митрошка, влечејќи го за коса својот мешлест противник, кој беше целиот искубан. Тој го довлече до прагот, па ни го турна в соба.

— Еве го! Земете го! — проговори Митрошка, сосема задоволен.

— Слушај, ми рече Маслобоев, мирно приоѓајќи и треснувајќи ме по рамо, — земи го нашиот кочијаш и земи го детево, па оди си дома, овде ти повеќе немаш работа. Утре ќе го завршиме другото.

Не чекав да ми се каже двапати. Ја зедов Елена за рака, ја изведов од таа пештера. Како завршија тие таму, не знам. Нас никој не нè задржуваше; газдарицата беше вчудовидена. Сето тоа се одигра толку бргу што не можеше ни да пречи. Кочијашот нè чекаше надвор, и за дваесет минути веќе бев дома. Елена беше како полумртва. Јас ѝ го откопчав фустанот, ја попрскав со вода и ја легнав на канабето. Кај неа почна да се јавува температура и несвестица. Го гледав нејзиното бледо лице, нејзините бескрвни усни, нејзината црна внимателно исчешлана и намирисана коса која

се имаше тргнато настрана, целата нејзина тоалета, црвените лентички што ѝ останале цели уште овде-онде на фустанот, — и јас најпосле го разбрав целиот тој одвратен случај. Кутрата! Ѝ беше сè полошо и полошо. Јас не се тргав од неа и решив таа вечер да не одам кај Наташа. Елена чинеше понекогаш крени ги своите долги трепки, па долго и упорно ќе се загледаше во мене, како да се напрегаше да ме познае. Дури подоцна, околу еден часот по полноќ, таа заспа. Јас заспав покрај неа на подот.

ОСМА ГЛАВА

Станав многу рано. Цела ноќ се будев скоро секој половина час, ѝ приоѓав на мојата кутра гостинка и внимателно се загледував во неа. Имаше температура и се префрлаше. Но пред зори заспа со цврст сон. Добар знак, си помислив, но кога се разбудив, решив што побргу, додека уште спие кутрата, да отрчам по лекар. Познавав еден лекар, неженет и добродушен чичко кој, којзнае од кога живее во Владимирска улица со својата газдарица Германка, па се упатив кај него. Тој ми вети дека ќе дојде во десет. Кога бев кај него, беше осум часот. Многу сакав да наминам патем и до Маслобоев, но се премислив; тој сигурно, по ноќешното пирување, уште спиеше, а освен тоа Елена би можела да се разбуди, па би можела уште и да се уплаши штом ќе се најде сама во мојата соба. Во болна состојба таа би можела и да заборави како, кога и на кој начин стасала кај мене.

Се разбуди во тој момент кога влегував во собата. Јас ѝ пријдов и внимателно ја прашав како се чувствува. Таа не ми одговори, туку само долго и неподвижно се загледа во мене со своите изразити, црни очи. Ми се стори, судејќи по нејзиниот поглед, дека знае сè и дека е наполно свесна. А не ми одговори, веројатно, поради тоа што така беше навикната. И вчера и завчера, кога доаѓаше кај мене, на некои мои прашања не одговараше воопшто, туку само чинеше погледни ме со својот долг и упорен поглед, во кој, заедно со чудење и плашлива љубопитност, се огле-

дуваше уште и некое чудно достоинство. А сега во погледот ѝ препознав крутост и некаква недоверливост. Ѝ ставив рака на нејзиното чело за да видам дали има температура, но таа молчејќи и полека ми ја тргна со нејзиното мало раче и го сврти лицето кон ѕидот. Јас се тргнав за да не ја вознемирувам повеќе.

Имав голем бакарен чајник. Веќе одамна го употребував наместо самовар и во него вриев вода. Дрва имав; чуварот наеднаш ми ги носеше за пет-шест дена. Го запалив ќумбето, донесов вода и го ставив чајникот. На масата го приготвив својот прибор за чај. Елена се сврти кон мене, па сето тоа љубопитно го посматраше. Ја прашав дали сака и таа нешто. Но таа пак се сврти од мене и ништо не ми одговори.

„Зошто ли ми се лути? — си помислив јас. — Чудно девојче!“

Мојот чичко доктор дојде, како што рече, во десет часот. Тој ја прегледа болната со целата германска точност, и многу ме охрабри, кога ми рече, дека и покрај треската сепак нема особени опасности. Додаде уште дека таа мора да има некоја друга, постојана болест, нешто како мана на срцето, „но дека таа работа бара посебно посматрање, а засега е надвор од опасност“. Препиша микстура и некои прашоци, повеќе по навика отколку од вистинска потреба, па веднаш почна да се распрашува на кој начин стасала кај мене. Во исто време само со чудење го разгледа мојот стан. Чичкото беше многу разговорлив.

Елена го изненади; таа ја тргна нејзината рака кога ѝ го мереше пулсот, и не сакаше да му го покаже јазикот. На сите прашања ни збор не му одговори, туку цело време упорно гледше во неговиот голем Станиславлев орден, кој се нишаше на вратот. „Неа сигурно многу ја боли глава, — забележи старецот, — но како гледа таа! Како гледа!“ Сметав оти не е потребно многу да му расправам за Елена, туку му кажав дека е тоа долга историја.

— Вие јавете ми ако е потребно, — рече тој на заминување. — А засега нема опасност.

Решив да останам цел ден покрај Елена и колку што е можно, сè додека не оздрави, да ја оставам што помалку сама. Но бидејќи знаев дека Наташа и Ана Андреевна живи ќе се изедат попусто исчекувајќи ме, реков барем Наташа да ја известам со писмо по пошта дека денес не можам да појдам кај неа. Што се однесува до Ана Андреевна, нејзе не можев да ѝ пишам. Таа и сама ме молеше, еднаш засекогаш, да не ѝ испраќам писма, и тоа по оној случај кога ѝ се јавив за времето на Наташината болест. „И стариот се мурти кога ќе види твое писмо, — ми рече таа, — зашто тој, кутриот, многу би сакал да дознае што има во писмото, а не може да праша, не може да се реши. И тогаш цел ден е нерасположен. А покрај тоа, мил мој, со писмо само возбудуваш. Колку ми чини што ќе ги добијам тие десетина реда! Би сакала подробно да те распрашам, а тебе те нема“. Затоа писмо ѝ напишав само на Наташа, па кога го носев рецептот в аптека, патем го пуштив и писмото.

Меѓутоа, Елена пак заспа. Во сонот тивко јачкаше и се плашеше. Докторот погоди: многу ја болеше главата. Понекогаш силно ќе писнеше и се разбудуваше. Мене ме погледнуваше скоро налутено, како тешко да ја погодуваше моето внимание. Признавам дека тоа многу ме заболи.

Околу единаесет часот дојде Маслобоев. Беше загрижен и просто расеан; наминал само за малку, и многу брзаше за некаде.

— Знаеш, брате, јас насетував дека ти не живееш којзнае како, — рече тој, вртејќи се околу себе, — но, жими бога, не мислев дека ќе те најдам во ваква дупка. Зашто ова е дупка, а не стан. Туку тоа можеби уште не е ништо, но најлошо е што тебе само туѓи грижи те одвлекуваат од работата. Јас за тоа размислував уште вчера, кога одевме кај Бубнова. Јас, брате, по својата природа и по мојата општествена положба им припаѓам на оние луѓе кои сами ништо сериозно не работат, а на други им попуваат за работа. Сега слушај: јас, можеби утре или задутре ќе наминам кај тебе а ти, во секој случај, дојди кај мене в недела изу-

трина. Дотогаш работата околу девојчево, се надевам, сосем ќе заврши; а тогаш и со тебе сериозно ќе поразговарам, зашто и со тебе мора нешто сериозно да се направи. Вака повеќе не смееш да живееш. Јас тоа вчера само попатно ти го спомнав, а сега логички ќе ти излагам. И најпосле, кажи: зар сметаш дека е нечесно ако земеш од мене пари за извесно време? . . .

— Ама, немој да бладаш! — го прекинав. — Подобро кажи како заврши таму сношти.

— Остави, се сврши на најповолен начин, и целта е постигната, разбираш? Туку, сега немам време. Наминав само за малку, да ти кажам оти брзам и дека сега не ми е до тебе; освен тоа, сакав да видам дали мислиш малечкава да ја дадеш некаде или ќе ја задржиш кај тебе? Затоа што за ова треба да се размислува и да се донесе некакво решение.

— Не знам ни самиот што да правам, и ти признавам: те чекав да се посоветувам со тебе. Зашто, врз која основа, на пример, би можел да ја задржам кај себе?

— Ама, што зборуваш, па, да речеме, како слугинка.

— Те молам, само потивко зборувај. Бидејќи таа и покрај тоа што е болна, сепак е сосем при свест, и кога те виде, забележав како просто се сепна. Значи, се сети за сношното . . .

Тогаш му кажав каков нарав има таа, и сè што забележав кај неа. Моите зборови го заинтересираа Маслобоев. Додадов дека можеби ќе ја дадам во една куќа, и само така попатно ги спомнав и старите Ихменьеви. Бев изненаден, со тоа што тој веќе во извесна мера го знаеше случајот со Наташа; а кога го прашав од каде го знае тој тоа — ми одговори:

— Така, одамна, сосем случајно, нешто начув. Беше во врска со една работа. Ти знаеш, јас веќе ти расправав дека го знам кнезот Валковски. А тоа ти е паметно што сакаш девојчево да им го дадеш на старите. Инаку тоа може да ти биде товар. Туку, уште нешто: нејзе сепак мора да ѝ се дадат некои документи. Не

грижи се за тоа: тоа јас го земам на себе. Збогум, па ќе наминеш. Што е, спие ли?

— Изгледа, — одговорив.

Но само што излезе, Елена ми викна.

— Кој е тој? — ме праша.

Гласот ѝ трепереше, но ме гледаше со истиот упорен и по малку лош поглед. Поинаку не можам да се изразам.

Јас ѝ го кажав името на Маслобоев и додадов дека со негова помош ја грабнав од Бубнова и дека Бубнова многу се плаши од него. Образите наеднаш ѝ пламнаа, како пожар, — веројатно поради тоа што се сети за нешто.

— И таа сега никогаш нема да дојде ваму? — праша Елена гледајќи ме испитувачки.

Побрзав да ја охрабрам. Таа замолчи, ми ја зеде раката со своите врели прстиња, но веднаш ја испушти како да се сепна. „Не е возможно таа навистина да чувствува таква одвратност кон мене“, си помислив. Тоа е само нејзин начин на однесување, или . . . или просто, кутрата, толку јадови доживеала што сега никому на светов не му верува.

Во одредено време отидов по лековите па наминав и во познатата гостилница во која понекогаш ручав и каде што ми даваа на кредит. Овојпат, кога тргнав од дома, понесов со себе и садови па зедов во гостилницата порција пилешка чорба за Елена. Но таа не сакаше да јаде, и така чорбата остана на печка.

Откако и дадов лек, седнав да работам. Мислев дека спие, но случајно ја погледнав, и забележав дека ја кренала главата и дека внимателно следи како пишувам. Јас се направив како да не сум забележал ништо. Најпосле, таа навистина заспа, и тоа, на мое најголемо задоволство, мирно, без бладање и јачкање. Јас се замислив: Наташа не само што можеше, и не знаејќи во што е работата, да ми се налути мене затоа што денеска не отидов, туку дури и сигурно тешко ќе ѝ падне моето невнимание, токму во овој момент кога сум ѝ, можеби, најмногу потребен. Таа дури, веро-

јатно, имала некаква потреба, некаква работа да ми порача, а мене, како за инает ме нема.

Што се однесува до Ана Андреевна, јас просто не знаев како ќе се оправдам утредента пред неа. Мислев, мислев, па одеднаш решив набрзина да скокнам и до едната и до другата. Целото мое отсуство би можело да трае вкупно само два часа. А Елена и така сега спие, па нема да чуе кога ќе заминам. Јас скокнав, го наврев капутот, ја зедов капата, но токму кога сакав да излезам, Елена ми викна. Се зачудив: можно ли е таа да се правела само дека спие?

Меѓу другото да напоменам: макар што Елена се правеше дека не сака да разговара со мене, сепак тие повикувања, таа потреба да ми се обрнува кога беше во недоумица, го докажуваа спротивното, а тоа, признавам, ми беше дури и пријатно.

— Кому сакате да ме дадете? — ме праша таа кога ѝ пријдов.

Секогаш, своите прашања ги поставуваше некако одеднаш, за мене сосема неочекувано. Сега јас и не ја разбрав веднаш.

— Пред малку разговаравте со вашиот познат дека сакате да ме дадете во некоја куќа. Јас не сакам никаде.

Се наведнав над неа: пак беше целата во оган; пак имаше треска. Почнав да ја тешам и храбрам, ја уверував, дека ако сака да остане кај мене, нема да ја дадам никому. Зборувајќи го тоа, јас го слеков капутот и каскетот. Немав срце да ја оставам сама во ваква состојба.

— Не, одете! — рече таа штом почувствува дека сакам да останам. — Сакам да спијам; веднаш ќе заспијам.

— Но како ќе ти биде сама? — ѝ реков нерешително. — Туку, јас сигурно по два часа ќе се вратам . . .

— Па тогаш одете. Зашто кога би била цела година вака болна, вие никаде не би можеле од дома да излезете. — Тогаш таа се обиде да се насмевне па некако чудно погледна, како да се бореше со некакво добро чувство што ѝ се разбудило во срцето. Кутрата!

Нејзиното добро и нежно срце се покажуваше и покрај целата нејзина дивост и очевидна огорченост.

Првин отрчав до Ана Андреевна. Таа ме очекувала со трескава нестрпливост па веднаш фати да ми префрла. А самата беше многу вознемирена: Николај Сергеич веднаш по ручекот заминал некаде од дома, а каде — не знаеше. Јас претчувствував дека старата не можела да издржи, туку му кажала сè, како што имаше обичај, потфрлајќи му наоколу. Таа, впрочем, скоро и самата ми го призна тоа, кога ми рече дека не можела да издржи а да не ја подели со него радоста, но дека Николај Сергеич, според нејзините зборови, се смуртил како ноќ, ништо не рекол, „само молчеше, дури ни на моите прашања не одговараше", и одеднаш, по ручекот станал, и — „еве никако го нема!" Додека ми го расправаше тоа, Ана Андреевна само што не се затресе од страв и ме молеше заедно со неа да го дочекаме Николај Сергеич. Јас се извинив и ѝ реков скоро решително дека можеби ни утре нема да дојдам, туку дека и сега дојдов само колку да ѝ кажам за тоа. За малку што не се искаравме. Таа се расплака; упорно и горко ми префрлаше, и дури веќе кога излегував на врата, таа одеднаш ми се обеси на врат, силно ме прегрна со двете раце и ми рече, нејзе, „кутрата", да не ѝ се лутам и да не ги земам за зло нејзините зборови.

Наташа, и преку очекувањата, пак ја најдов сама — и чудна работа, ми се стори дека овојпат не се израдува како вчера, и воопшто како другпат. Исто како да ѝ бев здодевен во нешто или како да ѝ пречев. Кога ја прашав: дали дошол денеска Аљоша, таа одговори: — Се разбира, беше, но само за малку. Ми вети дека ќе дојде вечерва, — додаде некако замислено.

— А беше ли сноштн?

— Не. Го задржале таму, — додаде таа бргу. — Па како е, Вања, како стојат твоите работи?

Видов оти сака да го прекинеме тој разговор, па да преминеме на друго. Се загледав во неа малку подобро: очевидно беше нешто растроена. Кога забележа дека јас внимателно ја посматрам и дека сум се загле-

дал во неа, таа одеднаш бргу и некако налутено ме погледна, и тоа со таква острина што просто ме жегна со поглед. „Пак е несреќна, — си помислив, — само не сака да ми зборува за тоа".

Како одговор на нејзиното прашање, јас ѝ ја кажав целата приказна за Елена, со сите подробности. Мојата приказна необично ја заинтересира и дури ја изненади.

— Господе мој! И ти си можел, толку болна, да ја оставиш сама! — ме прекори таа.

Ѝ објаснив дека скоро и не сакав денеска да дојдам, но си помислив дека ќе ми се лути, и дека дури би можел да ѝ бидам потребен за нешто.

— Потребен, — рече таа за себе размислувајќи за нешто, — па се разбира дека си ми потребен, Вања, но подобро другпат. Беше ли кај нашите?

Јас ѝ кажав.

— Да, господ знае татко ми како ќе ги прими сите овие вести. Туку, најпосле, што има да прима . . .

— Како што има да прима? — ја прашав, — таква пресвртница!

— Па така . . . Каде ли отишол тој сега пак? Минатиот пат мислевте дека дошол кај мене. Знаеш, Вања, дојди утре ако можеш. Можеби ќе ти кажам нешто . . . Незгодно е само да те вознемирувам; а сега ќе треба да одиш дома, кај својата гостинка. Сигурно веќе поминале два часа откако си излегол од дома.

— Поминаа. Збогум, Наташа. А каков беше денеска Аљоша со тебе?

— Па каков ќе биде? Како и секогаш . . . Многу ме чуди твојата љубопитност.

— До гледање, мила моја.

— Збогум!

Таа ми ја подаде раката па некако небрежно се сврти од мојот последен проштален поглед. Заминав откај неа скоро зачуден. Туку, најпосле, си помислив, има и зошто да се замисли. Тоа не е мала работа. Но утре и самата ќе ми каже сè.

Дома се вратив натажен и бев страшно изненаден кога ја отворив вратата. Веќе беше стемнето. Видов дека Елена седи на канабето, со наведната глава на градите, целата длабоко замислена. Мене и не ми сврти глава, како да беше во некаков занес. Јас ѝ пријдов; шепотеше нешто за себе. „Да не е во несвест?“ — си помислив.

— Елена, мила моја, што ти е? — ја прашав, седнувајќи крај неа и фаќајќи ја за рака.

— Сакам да си одам одовде... Подобро ќе одам кај неа, — рече таа, не кревајќи ги очите.

— Каде? Кај кого? — ја прашав зачуден.

— Кај неа, Бубнова. Таа постојано зборува дека сум ѝ должна многу пари, дека мајка ми ја погребала на своја сметка... Јас не сакам таа да ја кара мајка ми... Сакам да работам кај неа, па сето тоа да го одработам... А после ќе заминам откај неа. Но сега пак ќе се вратам кај неа.

— Смири се, Елена, кај неа ти не смееш да одиш, — реков. — Таа сосем ќе те измачи; таа ќе те упропасти...

— Нека ме упропасти, нека ме мачи, — прифати Елена возбудено, — не сум јас единствена; другите се и подобри од мене па се мачат. Тоа ми го рече една питачка на улица. Јас сум сирота, па и ќе останам сирота. Цел живот ќе бидам сирота; така и мајка ми ми рече кога умираше. Ќе работам... Не сакам да го носам овој фустан...

— Утре ќе ти купам друг. И книгите ќе ти ги донесам. Ти ќе останеш овде кај мене... никому нема да те дадам, освен ако сакаш ти некаде; смири се.

— Ќе појдам некаде како слугинка.

— Добро, добро! Само смири се, лежи, спиј!

Но кутрото девојче гргна во плач. Малку — по малку нејзините солзи преминаа во липање. Не знаев што да правам со неа. Ѝ давав вода, ѝ ги квасев слепоочниците, главата. Најпосле, таа падна на канабето, сосем изнемоштена, и пак ѝ пролазија морници и ја

стресе. Јас ја завиткав со тоа што се нашло, и таа заспа, но немирно, секој момент се сепнуваше разбудувајќи се. Макар што тој ден не одев многу, сепак бев страшно уморен, па решив што порано да легнам. Тешки мисли ми се роеја во главата. Претчувствував дека со ова девојче ќе имам многу грижи. Но најмногу ме загрижуваше Наташа и нејзината положба. Воопшто, сега се сеќавам, ретко некогаш сум бил во таква тешка душевна расположба како кога легнав да спијам таа несреќна ноќ.

ДЕВЕТТА ГЛАВА

Се разбудив болен, доцна, околу десет изутрина. Главата ме болеше и ми се вртеше како да имав несвестица. Погледнав на креветот од Елена: беше празен. Во исто време, од мојата десна собичка се слушнаа некакви гласови како да шушка некој со метла по подот. Излегов да видам што е, Елена, држејќи ја со едната рака метлата, а со другата придржувајќи го своето парадно фустанче, кое никогаш не го симнуваше уште од онаа вечер, — го чистеше подот. Дрвата, подготвени за печката, беа ставени во аголот; масата избришана. Чајникот измиен, со еден збор: Елена средувала низ домот.

— Слушај, Елено, — викнав, — кој те тера да го чистиш подот? Јас такво нешто не сакам, ти уште си болна. Зар си дошла овде да ми бидеш слугинка?

— Па кој ќе ви го чисти подов? — одговори таа, се исправи и ме погледна право. — Јас веќе не сум болна.

— Но јас тебе, Елено, не те зедов да ми служиш. Ти како да се плашиш дека и јас ќе ти префрлам како Бубнова оти за ништо ми го јадеш лебот? И каде ли ја најде таа страшна метла? Јас немав метла, — додадов, гледајќи ја зачудено.

— Оваа е моја метла. Сама ја донесов овде. Јас и на деда ми му ја чистев собава. А метлава уште оттогаш е еве овде, под печкава.

Се вратив во мојата соба замислен. Можеби и се мамев, но мене ми се стори како да го чувствува тешко моето гостопримство и таа по секоја цена како да

сака да ми докаже оти не живее кај мене од милост. „Но, ако е така, — тогаш какво огорчено суштество е таа?“ — си помислив. По две-три минути влезе и таа, па молчејќи седна на местото каде што седеше вчера на канабето, погледнувајќи ме испитувачки. Меѓутоа, водата во чајникот зовре, јас сварив чај, ѝ турив една чаша, и ѝ ја дадов со парче бел леб. Таа го зеде јадењето молчејќи и не противејќи се. Целиот тој ден таа скоро ништо немаше каснато.

— Гледаш, и фустанчето си го извалкала со метлата, — реков, забележувајќи голема извалкана дамка на скутот од нејзиниот фустан.

Таа се погледна, па одеднаш, кое многу ме зачуди, ја остави чашата, го грабна со двете раце муслинскиот фустан, очевидно ладнокрвно и полека, па со еден потег го искина до долу. Откако го направи тоа, таа ме стрелна со својот остар поглед. Лицето ѝ беше побледено.

— Што правиш, Елено? — викнав, убеден дека пред мене се наоѓа лудак.

— Овој фустан е лош, — рече таа скоро задушувајќи се од возбуда. — Зошто рековте дека е убав фустанов? Јас не сакам да го носам, викна таа остро, потскокнувајќи од местото. — Целиот ќе го искинам. Јас не ја молев така да ме облекува. Таа сама сосила ме облече. Јас веќе еден ваков ѝ искинав, па и овој ќе го искинам! Ќе го искинам! Искинам! Искинам!...

И таа жестоко се нафрли на своето несреќно фустанче. За миг го искина во парчиња... Кога заврши, беше толку бледа што одвај стоеше на нозе. Јас зачудено ја посматрав нејзината огорченост. А и таа мене ме посматраше со некаков предизвикувачки поглед, како да сум ѝ и јас нешто виновен. Но јас сега веќе знаев што треба да правам.

Решив уште веднаш, истиот ден, да ѝ купам нов фустан. Тоа диво, огорчено суштество требаша да се припитоми со добрина. Таа изгледаше како никогаш да не видела добри луѓе. Штом таа веќе еднаш, и покрај суровата казна, на парчиња го искинала својот прв, ист ваков фустан, тогаш со каква горчина морала

да гледа на овој сега, кога ја потсетувал на оној неодамнешен ужасен настан.

Кај старинар можеше многу евтино да се купи убаво и просто фустанче. Несреќата беше во тоа што токму тогаш јас имав останато скоро сосем без пари. Но јас уште сношти, кога легнав да спијам, решив да појдам на едно место каде што се надевав дека ќе добијам пари, а и инаку морав да одам на таа страна каде што беше старинарницата. Ја зедов паларијата. Елена го следеше секое мое движење, како да очекуваше нешто.

— Ќе ме заклучите ли пак? — ме праша кога, посегнав по клучот за да го затворам по себе станот, како вчера и завчера.

— Малечка моја, — ѝ реков, приоѓајќи ѝ, — немој да се лутиш поради тоа. Јас заклучувам затоа што некој може да влезе. А ти, така болна, би можела да се исплашиш. И господ знае кој сè може да намине; може дури и на Бубнова да ѝ текне да дојде . . .

Тоа намерно ѝ го реков. Ја заклучував поради тоа што уште не можев да ѝ верувам. Се плашев дека одеднаш може да ѝ текне да си замине, па решив до извесно време да бидам попретпазлив. Елена замолчи, па така и овојпат ја заклучив.

Познавав еден книжар издавач, кој веќе трета година издаваше една голема книга, во многу томови. Јас многу често добивав кај него работа кога ќе ми беше потребно веднаш да заработам некоја пара. Плаќаше уредно. Па така сега се упатив кај него, и ми се погоди да добијам дваесет и пет рубли веднаш, со обврска за една недела да му склепам некоја статија. А јас се надевав да откинам малку време за таа статија од мојот роман. Тоа го правев кога ќе останев сосем без пари.

Кога ги добив парите, отидов на пазарот за старини. Таму бргу ја најдов познатата старичка, која продаваше секакви носени фустани. Ѝ кажав приближно колкава е Елена, а таа веднаш ми избра светол басмен, и доста добар фустан, кој не можеше да биде пран повеќе од еднаш, и тоа доста евтин. Освен тоа ѝ

зедов и шарпа. Додека плаќав, се сетив дека сепак ќе ѝ биде потребно и некакво капутче, наметка или нешто слично. Времето беше студено, а таа немаше воопшто ништо. Но, не го сторив тоа ами го одложив за другпат, зашто Елена беше толку лесно навредлива, достоинствена. Господ знае како ќе ја прими и оваа облека, макар што специјално избирав колку што е можно попросто и понеугледно, нешто сосем катадневно, какво што можеше да се најде. Сепак ѝ купив две рала памучни и едни волнени чорапи. Тоа можев да ѝ го дадам под изговор дека е слаба, а во собата е студено. Ѝ требаше кошула. Но тоа го оставив за после откако ќе се запознам малку подобро со неа. Затоа пак купив стари завеси за кревет — многу потребна работа, која можеше многу да ја израдува Елена.

Со сето тоа се вратив дома дури околу еден попладне. Бравата на станот се отклучуваше скоро нечујно, така што Елена не чу веднаш дека се вратив. Ја забележав како стои крај масата и ги превртува моите книги и хартии. Но кога ме чу, таа бргу ја затвори книгата што ја читаше и се тргна од масата, целата поцрвенувајќи. Ја погледнав книгата; тоа беше мојот прв роман, што излезе во засебна книга, а на чии корици се наоѓаше моето име.

— А додека не бевте вие овде, некој чукаше, — рече таа со таков тон како да ме предизвикуваше: ете кога ме заклучуваш!

— Да не беше докторот? — реков, — не праша ли, Елено, кој беше?

— Не прашав.

Јас не одговорив, ја зедов бовчата, ја одврзав, па ја извадив купената облека.

— Еве, мила моја, — реков, приоѓајќи ѝ; — во такви партали како што е тоа на тебе не може да се оди. Па ти купив фустан, прост, многу евтин, така што немаш зошто да се буниш. Чинеше само рубља и дванаесет копејќи. Носи го со здравје.

Го ставив фустанот покрај неа. Таа порумени па ме гледаше некое време со широко отворени очи.

Беше необично изненадена, а во исто време ми се стори дека и страшно се срамеше од нешто. Но во нејзините очи болсна нешто меко, нежно. Кога видов дека молчи, јас се свртив кон масата. Мојата постапка, очигледно, ја изненади. Но таа со напор се совлада, и седеше со наведнати очи.

Главата ме болеше и ми се вртеше сè повеќе и повеќе. Свежиот воздух не ми помогна. А покрај тоа, требаше да одам кај Наташа. Мојата загриженост за неа од вчера беше силна, и постојано се зголемуваше. Одеднаш ми се стори дека ми викна Елена. Се свртив кон неа.

— Кога излегувате, немојте да ме заклучувате, — рече таа, гледајќи настрана и чепкајќи со прстето по работ на канабето, како да се задлабочила во таа работа. — Откај вас никаде нема да побегнам.

— Добро, Елено, се согласувам. Но ако дојде некој туѓинец? Господ знае кој сè може да намине!

— Тогаш оставете ми го клучот мене, па јас однатре ќе се заклучам. А ако тропа некој, ќе му речам: нема никого дома. — И таа итро ме погледна, како да сакаше да ми каже: „Гледаш колку проста работа е тоа!“

— А кој ви ги пере алиштата? — праша таа одеднаш, пред да ѝ одговорам.

— Овде, во оваа куќа има една жена.

— И јас знам да перам алишта. Па можам и да готвам.

— Ајде, ти се молам, Елено! Што би можела ти да зготвиш? Ти само си зборуваш нешто . . .

Елена замолчи и ги спушти очите. Се виде дека со тоа ја навредив. Поминаа околу десет минути. Двајцата молчевме.

— Чорба, — рече таа одеднаш, не кревајќи ја главата.

— Каква чорба? Каква чорба? — ја прашав, чудејќи се.

— Па чорба знам да готвам. Јас и на мајка ми ѝ готвев кога беше болна. Ѝ одев и на пазар.

— Ете гледаш, Елено, колку си горда, — реков, откако ѝ пријдов и седнав на канабето до неа. — Со тебе постапувам како што ми вели срцето. Ти сега си сама, без никој свој, несреќна. Јас сакам да ти помогнам. И ти мене исто така би ми помогнала кога би ми било лошо. Но ти тоа не сакаш да го разбереш, па еве, ти е криво и тешко да примиш од мене дури и најмал подарок. Сакаш за сè веднаш да платиш и да одработиш како да сум јас Бубнова, па ќе ти префрлам. Ако е така, тогаш тоа е срамота, Елено.

Таа не ми одговори, усничките ѝ трепереа. Изгледаше како да сака нешто да ми каже; но се воздржа и ништо не рече. Јас станав да одам кај Наташа. Клучот ѝ го оставив на Елена, молејќи ја, ако намине некој да се одзове, но да праша кој е. Јас бев уверен дека на Наташа нешто многу лошо ѝ се има случено, но дека таа досега од мене криеше, како што се случуваше многупати меѓу нас. За секој случај, решив да наминам кај неа, барем малку, зашто инаку би можел да ја налутам со својата наметливост.

Така и беше. Таа ме пречека со незадоволен, ладен поглед. Требаше веднаш да ја оставам, но нозете ми откажаа.

— Дојдов колку од нога, Наташа, — почнав, — за да се посоветувам што да правам со мојата гостинка? — и набрзина почнав да ѝ кажувам сè за Елена. Наташа ме слушаше молчејќи.

— Не знам што да те советувам, Вања, — одговори таа. — Од ова што го кажуваш се гледа дека е некое чудно суштество. Сигурно, кутрата, била многу навредена и многу преплашена. Остави ја барем малку да оздрави. Ти сакаш да им ја дадеш на нашите?

— Таа постојано зборува дека не сака никаде да оди откај мене. Туку, господ знае како ќе ја примат тие таму, па затоа и јас уште не можам да се решам. А, што станува со тебе, мила моја? Вчера како да не ти беше добро? — ја прашав плашејќи се.

— Да... па и денеска малку ме боли главава, — ми одговори таа расејано. — Имаш ли видено некого од нашите?

— Не, утре ќе одам кај нив. Утре е сабота...

— Па што ако е сабота?

— Утревечер ќе ти дојде кнезот...

— Па што ако дојде? Не сум заборавила.

— Не, јас само така реков...

Таа застана право пред мене, па долго и упорно ме гледаше в очи. Во нејзиниот поглед имаше некаква настојчивост. Ја имаше опфатено некаква трескавост.

— Знаеш што, Вања, — ми рече таа, — биди добар и оди си одовде, ти сега ми пречиш.

Станав од столот, и се загледав во неа со големо чудење.

— Наташо мила! Што е со тебе? Што ти се случило? — викнав уплашено.

— Ништо не се случило! Сè, сè ќе дознаеш утре, а сега би сакала да бидам сама. Слушаш ли, Вања, излегувај веднаш. Мене ми е тешко, многу ми е тешко да те гледам!

— Но, кажи ми барем...

— Сè, сè ќе дознаеш утре! Господе мој! Па што чекаш уште и зошто не си одиш!

— Јас излегов. Толку бев изненаден што мислев дека сонувам. Мавра истрча по мене во ходникот.

— Што е, се лути? — праша таа. — Јас веќе не смеам да ѝ се доближам.

— А што се случува со неа?

— Па тоа што тој н а ш и о т уште од завчера не свирнал кај нас.

— Како од завчера? — ја прашав јас изненаден, — па таа самата вчера ми рече дека дошол изутрината, а ѝ рекол дека ќе дојде — сеошти.

— Море какво сеошти! Ни изутринава не беше! Кога ти велам од него веќе три дена нема никаков глас. Па зар ти рече вчера дека изутрината дошол?

— Самата ми рече.

— Е, — рече Мавра замислено, — сигурно тоа многу ја заболило, штом и тебе не сака да ти признае дека не дошол. Гледаш каков е!

— Ама што е тоа! — се запалив јас.

— Па ете јас сега не знам што да правам со неа, — продолжи Мавра, раширувајќи ги рацете. — Вчера уште двапати ме испрати кај него, но тој двата пати ме врати назад. Но денес, еве, ни со мене не сака да зборува. Кога би можел некако да го побараш ти. Јас сега не смеам и да се мрднам одовде.

Како избезумен слегов по скалите.

— Ќе наминеш ли кај нас квечерина? — викна по мене Мавра.

— Ќе видам, — одговорив, не задржувајќи се. — Можеби ќе ти се јавам само тебе за да ми кажеш што има ново. Но ако останам жив.

Јас навистина почувствував како да ме жегна нешто право в срце.

ДЕСЕТТА ГЛАВА

Отидов право кај Аљоша. Тој живееше кај татка му, во Мала морска улица. Кнезот имаше прилично голем стан макар што живееше сам. Аљоша имаше две прекрасни соби во тој стан. Јас многу ретко одев кај него; колку што се сеќавам, сум бил само еднаш. Тој пак доаѓаше кај мене почесто, особено во почетокот, во прво време кога почна да живее со Наташа.

Тој не беше дома. Отидов право каде што живееше тој, па му оставив вакво писмо:

„Аљоша, вие како да сте го изгубиле умот. Бидејќи во вторникот вечерта татко ви самиот ја молеше Наташа да ви направи чест да биде ваша жена, и бидејќи и вие се израдувавте поради таа молба, за што бев и јас очевидец, морате да признаете и самиот, вашето однесување во овој случај е доста чудно. Знаете ли што правите со Наташа? Во секој случај, моево писменце ќе ве предупреди дека вашето однесување кон идната жена е доста неприлегано и лекомислено. Јас многу добро знам дека немам никакво право да ве учам на ред, но тоа не ме загрижува“.

„П.С. За ова писмо таа ништо не знае, ова јас не го дознав од неа“.

Го затворив писмото и му го оставив на маса. Кога го прашав слугата, ми одговори дека Алексеј Петрович скоро и не доаѓа дома, и дека и сега ќе се врати дури ноќеска, во зората.

Одвај се вратив дома. Во главата ми се матеше, нозете одвај ме држеа и ми трепереа. Вратата од мо-

јот стан беше отворена. Кај мене седеше Николај Сергеич Ихмењев и ме чекаше. Седеше на масата и молчејќи зачудено ја посматраше Елена, која и него исто така со чудење го посматраше, макар што упорно молчеше. „Колку ли му се сторила чудна таа“, — помислив.

— Еве, брате, веќе цел час те чекам и ти признавам, никогаш не би се надевал . . . вака да те најдам, — продолжи тој, свртувајќи се по собата и незабележливо покажувајќи ја со очите Елена. Од очите му се читаше дека е зачуден. Но кога се загледав малку поодблиску во него, на него забележав загриженост и тага. Лицето му беше побледо отколку обично.

— Седи, ајде седи, — продолжи тој со загрижен и вознемирен израз, — брзав да дојдам кај тебе, имам една работа. Туку, што се случува со тебе? Што си таков во лицето?

— Нешто не ми е добро. Уште од изутрина ме фаќа несвестица.

— Жими бога, внимавај, тоа не е за шега. Да не си настинал некаде?

— Не, туку просто нервен напад. Тоа ми се случува понекогаш. Но, како сте вие со здравјето?

— Прилично добро. Тоа така, од возбудување. Туку имам јас со тебе една работа. Седни.

Го доближив столот па седнав до масата, спроти него. Старецот малку се наведна кон мене па почна, скоро шепотејќи:

— Внимавај, немој да гледаш во неа, туку прави се како да зборуваме за нешто сосем друго. Каква гостинка ти е оваа?

— После ќе ви објаснам сè, Николај Сергеич. Тоа е едно сирото девојче, сосем сираче: внука на Смит кој живееше пред мене овде и умре во слаткарницата.

— А, па тој имал внука! О, брате, многу е чудна! Како гледа, само како гледа! Право да ти кажам: да не дојдеше уште некоја минута, јас веќе не можев да издржам. Одвај ми ја отвори вратата, и оттогаш досега ни збор; просто страв ми е покрај неа, како да не е човечко суштество. Но како ја најде ти? А, знам, си-

гурно дошла кај деда си, а и не знаела дека умрел?

— Да, беше многу несреќна. Старецот ја спомна кога умираше.

— Хм! Каков дедо, таква внука. После ќе ми раскажеш за сè. Можеби ќе можеме некако да ѝ помогнеме со нешто, штом е веќе толку несреќна... Туку, можеш ли ти сега да ѝ речеш, синко, да оди некаде, зашто јас имам со тебе сериозно да разговарам.

— Па таа нема каде да оди. Таа е овде кај мене.

Му објаснив на стариот колку што можев, со два-три збора, додавајќи дека можеме пред неа да разговараме, зашто таа е уште дете.

— Па да... се разбира дека е дете. Само, брате, ти мене ме изненади. Живее тука кај тебе — господе боже!

И старецот зачудено погледна во неа уште еднаш. Бидејќи Елена почувствува дека станува збор за неа, седеше молчејќи, со наведната глава, па ги скубеше со прстињата краиштата на канабето. Таа веќе беше стасала да го облече новиот фустан, кој беше како кроен за неа. Косата ѝ беше исчешлана повнимателно, отколку обично, можеби поради новиот фустан. Воопшто, да не ѝ беше погледот така див, би била златно девојче.

— Кратко и јасно, брате, еве во што е работата, — почна пак стариот, — долга работа, важна работа...

Тој седеше со наведната глава, сериозен и замислен и, покрај целата своја забрзаност и неговото „кратко и јасно", не можеше да најде зборови за да почне. — Што ли ќе биде сега? — си помислив.

— Знаеш, Вања, јас дојдов кај тебе со голема молба. Но пред тоа... зашто јас тоа сега и сам го гледам: би морал да ти објаснам некои околности... многу деликатни околности...

Тој се накашла па набрзина ме погледна. Ме погледна и поцрвени, па се налути во себе поради својата неснаодливост. Се налути, па се реши:

— Туку, што има јас овде везден да ти објаснувам! Ти и самиот знаеш! Просто напросто, јас го по-

викувам кнезот на двобој, а тебе те молам да ја подготвиш таа работа и да ми бидеш секундант.

Јас одеднаш се тргнав назад, на потпирачот од столот, па се загледав во него, целиот избезумен.

— Што ме гледаш? Да не мислиш оти сум полудел!

— Но дозволете, Николај Сергеич! Каков е поводот, каква е целта? И, најпосле, како може да биде тоа . . .

— Повод! Цел! — викна стрецот. — Прекрасно!

— Добро, добро, знам што ќе ми кажете; но што може да помогне вашиот испад? Зар двобојот е некакво решение? Признавам, јас тука ништо не разбирам.

— Па јас и мислев дека нема ништо да разбереш. Слушај: нашиот судски спор е завршен (поправо, се свршува овие денови; останаа уште само голи формалности). Јас сум осуден. Треба да платам околу десет илјади; таква е пресудата. За исплатата ставена е забрана на Ихмењевка. Според тоа, сега тој подмолен човек е обезбеден за своите пари, а јас, отстапувајќи ја Ихмењевка, платив, па сега, така да се каже, станувам незаинтересиран. Тука сега јас кревам глава. Така и така, почитуван кнезу, вие мене цели две години ме навредувавте; вие ја валкавте мојата чест, честа на моето семејство, и јас сето тоа морав да го трпам! Јас тогаш не можев да ве предизвикам на двобој. Вие тогаш просто ќе ми речевте: „А, лукав човеку, сакаш да ме убиеш за да не ги платиш парите за кои — ти тоа веќе го претчувствуваш — ќе бидеш осуден да ми ги платиш, порано или подоцна! Не, првин да видиме како ќе се реши спорот, па после предизвикувај ме“. Па, почитуван кнезу, сега спорот е свршен, вие сте обезбеден, и, според тоа, нема никакви пречки, и затоа повелете да си го поделиме мегданот! Ете, во што е работата. Па зар мислиш дека немам право, најпосле, да му се одмаздам за себе, за сè, за сè!

Очите искри му фрлаа. Долго го посматрав молчејќи. Сакав да продрам во неговата скриена мисла.

— Слушајте, Николај Сергеич, — одговорив најпосле, решавајќи се да му го кажам најважното, без кое ние двајцата никогаш не би се разбрале. — Можете ли вие со мене да бидете сосем искрен?

— Можам, — одговори тој решително.

— Тогаш кажете ми отворено: дали само чувството за одмазда ве тера на тој предизвик, или имате предвид и друга цел?

— Вања, — одговори тој, — ти знаеш дека јас никому не му дозволувам во разговор со мене да зборува за извесни работи; но сега правам исклучок, затоа што ти со твојот бистар ум веднаш сфати дека таа работа ние сега не можеме да ја изоставиме. Да, јас имам и друга цел. Таа цел е: да ја спасам својата изгубена ќерка и да ја извлечам од злокобниот пат, на кој сега ја наведуваат последните околности.

— Но како ќе ја спасите вие неа со овој двобој, ве прашувам.

— Со тоа што ќе спречам сè што намислиле тие таму. Слушај: немој да мислиш дека сега од мене зборува некаква татковска нежност или слични слабости. Сето тоа е ветар и магла! Тоа што ми лежи в срце јас никому не му го покажувам. Тоа не го знаеш и ти. Ќерка ми ме напушти, замина од мојата куќа со љубовникот, и јас ја искорнав од моево срце, ја искорнав еднаш засекогаш, истата вечер — се сеќаваш? А тоа што ме виде како плачам над нејзината слика, тоа уште не значи дека јас сакам да ѝ простам. Јас никогаш не ѝ простив. Плачев за изгубената среќа, за неисполнетата надеж, но не за н е а каква што е сега. Можеби и често плачам; не се срамам да го признам тоа; исто како што не се срамам да признам дека некогаш го сакав тоа свое дете повеќе од сè на светов. Сето тоа изгледа не се согласува со ова што сакам да го направам. Можеш да ми речеш: ако е тоа така, ако сте рамнодушен кон судбината на таа која не ја сметате повеќе за своја ќерка, тогаш што се мешате во тоа што сакаат да го направат тие? Одговарам: пред сè затоа што не сакам да му дозволам на нискиот подмолен човек да ликува, а второ, од чувство на најобично

човекољубие. Зашто и ако не ми е повеќе ќерка, таа е сепак слабо, незаштитено и измамено суштество, кое сега сè повеќе го измамуваат, за да го упропастат. Не можам директно да се вмешам во работата, но посредно, со двобој, можам. Ако загинам или се пролее мојата крв, зар таа ќе премине преку нашата бариера, или можеби и преку моето мртво тело, па да појде со синот на мојот убиец пред олтар, како ќерката на царот (се сеќаваш, имавме една книга од која ти учеше да читаш) која со колата го прегази лешот на својот татко? И, најпосле, ако дојде до двобој, тогаш и нашите кнезови не ќе сакаат свадба. Со еден збор, јас не го сакам тој брак, и ќе направам сè што можам за да го оневозможам. Ме разбра ли сега?

— Не ве разбрав. Ако ѝ сакате добро на Наташа, тогаш како можете да го попречувате тој брак, зашто тоа е токму она што може да ѝ го врати нејзиниот добар глас? Таа отсега почнува да живее на светов па ѝ е потребно добро име.

— Нека оди по ѓаволите сето тоа јавно мислење, а така би требало и таа да мисли! Нејзе треба да ѝ биде јасно дека за неа е најголема срамота токму тој брак, самата нејзина врска со тие подмолни луѓе, со тој ништожен свет. Благородното достоинство — тоа е нејзиниот одговор на светот. Тогаш, би можело да се случи, јас да се согласам да ѝ подадам рака, и тогаш ќе видиме кој би се осмелувал да го навредува моето дете!

Таквиот незапирен идеализам ме воодушеви. Но веднаш се сетив дека тој беше избезумен и дека говореше со покачена температура.

— Тоа е премногу идеално, — му одговорив, — па затоа и немилосрдно. Вие од неа барате сила каква што можеби не сте ѝ дале кога сте ја родиле. Па зар таа се согласува на брак затоа што сака да стане кнегиња? Таа само сака! Тоа е страст, тоа е судбина. И најпосле: вие од неа барате да го презира мислењето на светот, а вие држите до тоа. Кнезот вас ве навреди, јавно се посомнева во вас дека имате ниска намера со измама да се сродите со неговата кнежевска куќа, а

вие сега резонирате: ако им откаже сега, откако го направија формалниот предлог таа да им биде невеста, тоа, се разбира, ќе биде најполно и јавно побивање на поранешните клевети. Ете што сакате вие: вие самиот му се покорувате на мислењето на кнезот; вие сакате тој сам да ја уочи својата грешка. Вас ве привлекува можноста да го исмеете, да му се одмаздите и поради тоа вие ја жртвувате среќата на својата ќерка. Па зар тоа не е себично?

Старецот седеше, мрачен и намуртен и долго време не ми одговори ни збор.

— Неправеден си кон мене, Вања, — почна тој, најпосле, а солза му болсна на клепките, — ти се колнам, неправеден си, но да го оставиме тоа! Јас сега не можам да ти го отворам срцево, — продолжи тој, станувајќи и земајќи си ја паларијата, — само ти велам: ти пред малку почна за среќата на мојата ќерка. Јас решително и буквално не ѝ верувам на таа среќа, и покрај тоа што од тој брак нема да биде ништо и без мое мешање.

— Како така! Зошто мислите така? Да не знаете нешто? — викнав јас љубопитно.

— Не, ништо особено не знам. Но тој проклет лисец не би можел да се реши за такво нешто. Сето тоа е ветар и магла, само подлост. Јас сум убеден во тоа, а ти запамети дека ќе биде така. Второ, дури и кога би се остварил тој брак, до кое би можело да дојде само во случај ако оној подмолен лисец има некои свои, тајни, никому непознати сметки, заради кои тој брак би му бил полезен, — сметки кои јас воопшто не ги разбирам, — тогаш, размисли самиот, прашај го и твоето срце: ќе биде ли таа среќна во тој брак? Префрлање, понижување, жена на еден ацамија на кого уште сега веќе нејзината љубов му е товар, а уште кога ќе се венчаат, во истиот момент ќе почне да не ја цени, да ја навредува и понижува. Во исто време, страста од нејзина страна ќе биде дотолку појака доколку тој кон неа повеќе ќе се оладува . . . Љубомора, маки, пекол, развод, можеби дури и злосторство. Не, Вања! Ако

смислиле тие таму нешто, а ти уште им помагаш, ти, ти претскажувам, ќе одговараш пред бога, само што тогаш ќе биде доцна. Збогум.

Јас го задржав.

— Слушајте, Николај Сергеич, да решиме вака: да причекаме. Бидете уверен дека многу очи ја следат таа работа, па можеби сето тоа ќе се реши на најдобар начин, само по себе, без насилни и вештачки решенија, како што е, на пример, двобојот. Времето сето тоа најдобро ќе го отплетка. А, најпосле, дозволете да ви кажам дека целиот ваш проект е сосем невозможен. Како сте можеле дури и за миг да помислите дека кнезот ќе го прифати вашиот повик за двобој?

— Како да не го прифати? Што зборуваш, освести се!

— Ви се колнам, нема да го прифати, и верувајте дека тој ќе најде сосем добар изговор. Сето тоа тој ќе го направи со педантна сериозност, а вие, на крајот на краиштата, ќе испаднете само смешен . . .

— Господи, брате, немој така! Просто ме уби со тоа! Па како тоа: нема да го прифати! Не, Вања, ти си просто некаков поет; токму вистински поет! Па зар мислиш дека е нечесно да се излезе на двобој со мене? Не сум јас полош од него? Јас сум стар, навреден татко; ти си руски писател, значи пак видна личност, — можеш да бидеш секундант и . . . и . . . Јас просто не разбирам што би сакал уште ти . . .

— Ќе видите. Тој ќе ви наведе такви причини што вие самиот, прв ќе увидите дека ви е сосем невозможно да се тепате со него.

— Хм . . . Добро, пријателе мој, нека биде така како што велиш ти! Ќе причекам — извесно време, се разбира. Да видиме што ќе направи времето. Но, уште нешто, синко: дај ми чесен збор дека ни таму а ни на Ана Андреевна ништо за овој наш разговор нема да им спомнеш.

— Ветувам.

— А потоа, Вања, многу те молам, никогаш повеќе немој да почнуваш разговор за тоа.

— Добро, ви ветувам.

— И, најпосле, уште една молба: јас знам, мил мој, тебе кај нас можеби ти е и здодевно, но доаѓај почесто, само ако можеш. Кутрата моја Ана Андреевна толку те сака... и... толку ѝ е празно без тебе... Разбираш ли, Вања?

И тој силно ми ја стегна ракава. Јас од сè срце му ветив.

— А, сега, Вања, последното незгодно прашање: имаш ли ти пари?

— Пари! — повторив, зачуден.

— Да. — Тогаш старецот поцрвени и ги наведна очите. — Гледам, мил мој, твојот стан... твоиве прилики... па кога ќе помислам дека можеби имаш и некои други, вонредни трошоци (а сега сигурно можеш и да ги имаш), и затоа... еве ти, брате, сто и педесет рубли, за прво време...

— Сто и педесет, и тоа уште за прво време, — па уште и кога го изгубивте спорот!

— Вања, ти мене, како што гледам, воопшто не ме разбираш! Можат да се појават вонредни потреби, разбери. Понекогаш парите му обезбедуваат на човека независност во однесувањето, независност во решенијата. Можеби сега и не ти треба, но зар не може да ти биде потребно подоцна. Во секој случај, ти ги оставам тебе. Тоа е сè што можев да соберам. Ако не ти бидат потребни, ти ќе ми ги вратиш. А сега, збогум! Господи, колку си блед! Па ти си сосем болен...

Не се спротивставував и ги зедов парите. Ми беше сосем јасно зошто ги остава.

— Одвај се држам на нозе, — му одговорив.

— Немој да го запоставуваш тоа, Вања, синко, немој! Денеска немој никаде да излегуваш. На Ана Андреевна така и ќе ѝ кажам дека не ти е добро. Како би било да викнеме доктор? Утре ќе те посетам; во секој случај ќе се потрудам со исти сили, само ако можам да се држам на нозе. А сега би требало да лег-

неш... Па, збогум... Збогум, малечка; ми ги свртила плеќите. Слушај, мил мој! Еве ти уште пет рубли; тие за девојчено. Но не кажувај ѝ дека сум ѝ ги дал јас, туку така, просто потроши ги за неа, — купи ѝ некои чевлиња, кошулче... Тука требаат многу нешта! Збогум, мил мој...

Јас го испратив до порта. Морав да го замолам вратарот да донесе нешто за јадење. Зашто Елена сè досега немаше ништо јадено.

ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА

Но само што се вратив во станот, ме фати несвестица, па се струполив сред соба. Се сеќавам само за извикот на Елена: таа плесна со рцете и стрчна да ме прифати. Тоа беше последниот миг што ми се задржа во сеќавање . . .

Се сеќавам за себе подоцна кога бев в постела. Елена после ми расправаше дека таа, заедно со вратарот, кој во тој момент се беше вратил од ручек, ме пренесла на отоман. Неколкупати се будев, и секогаш ја здогледував Елена загрижена и со милно лице. Но сето тоа го паметам како во сон, како во магла, и милиот лик на кутрото девојче се појавуваше пред мене, во бесвесната состојба, како привидение, како слика. Таа ми подаваше вода, ме наместуваше в постела, или седеше пред мене, тажна, преплашена, и ме мазнеше со своите прстиња по косата. Се сеќавам во еден момент на нејзиниот тивок бакнеж на моето лице. Другпат, кога се сепнав еднаш ноќе во сон, на светлината од свеќа која догоруваше пред мене на масата, доближена до канабето, ја видов Елена како го спуштила лицето на мојата перница и спие на штрек, со полуотворените бледи уснички и ставајќи ја дланката под своето топло обравче.

А сосем се освестив дури утредента рано изутрината. Свеќата сосем беше догорела; црвено-румениот зрак на првата зора веќе играше на ѕидот. Елена седеше на стол крај масата, и потпирајќи ја својата изморена главичка со левата рака што беше опрена на ма-

сата, цврсто спиеше, а јас, се сеќавам, се загледав во нејзиното детско лице, дури и во сонот полно со некаква старечка тага и некаква чудна, болна убавина; бледо, со долги клепки на мршавите образи, врамено со долгата како јаглен црна коса, која густо и тешко ѝ паѓаше настрана невешто сплетена во кок. Другата рака ѝ беше положена на мојата перница. Полека го бацив тоа мршаво раче, но кутрото дете не се разбуди, туку само како да ѝ прелета насмевка преку бледите уснички. Долго така ја гледав, па и јас заспав со мирен сон кој лекува. Тогаш спиев скоро до пладне. Кога се разбудив, почувствував дека сум речиси оздравен. Само слабоста и тежината на моето тело ме потсетуваа на скорешната болест. Јас и порано имав такви ненадејни нервни напади; ги познавав убаво. Болеста ми поминуваше скоро сосем за еден ден кое, впрочем, не пречеше за тој ден тешко и немилосрдно да ме измачи.

Беше скоро пладне. Прво што видов беа завесите што ги купив вчера, раширени во аголот на врвка. Елена работеше нешто и беше одвоила за себе еден агол во собата. Седеше пред печката и топлеше вода во чајникот. Кога забележи дека се разбудив, таа весело се насмевна, па веднаш ми дојде.

— Мила моја, — реков, фаќајќи ја за рака, — ти цела ноќ ме чуваше. Не знаев дека си толку добра.

— А од каде знаете дека ве чував; можеби и јас ја преспав ноќта — праша таа гледајќи ме со добродушна и срамежлива итрост и во ист момент поруменувајќи поради своите зборови.

— Се разбудував и сè видов. Ти дури пред зора малку си заспала . . .

— Сакате ли чај? — ме праша таа, како да ѝ беше незгодно да го продолжувам тој разговор, а така се случува со сите благородни и строги срца кога ќе почне некој некогаш пред нив да зборува пофално за нив.

— Сакам, — одговорив. — Туку, дали руча ти вчера?

— Не ручав, но вечерав. Вратарот ми донесе. Туку, подобро немојте да разговарате, ами мирно лежете:

вие уште не сте сосем здрав, — додаде носејќи ми чај и седнувајќи на мојот кревет.

— Какво лежење! До мрак, некако ќе лежам, но тогаш излегувам од дома. Бездруго морам, Леночка.

— Ете сега, — морате! А каде ќе одите? Сигурно нема да одите кај оној вчерашниот гостин?

— Не, не одам кај него.

— Добро е што нема да одите кај него. Тој вчера ве растроил. Тогаш кај неговата ќерка?

— А од каде знаеш ти за неговата ќерка?

— Сè слушав вчера, — одговори таа, наведнувајќи ги очите.

Лицето ѝ се смурти. Веѓите ѝ се собраа над очи.

— Тој е некој лош старец, — додаде после.

— А зар го знаеш ти? Напротив, тој е многу добар човек.

— Не, не, тој е лош човек; слушнав јас, — одговори таа возбудено.

— Но што чу ти?

— Па тој не сака да ѝ прости на својата ќерка . . .

— Но тој неа ја сака. Таа згрешила пред него, а тој се грижи за неа, се мачи.

— А зошто не ѝ прости? Сега, и да ѝ прости, таа не би се вратила кај него.

— Како така: Зошто?

— Затоа што тој не заслужува да го сака ќерка му, — одговори таа запалено. — Нека си оди откај него засекогаш, и подобро да пита на улица, а тој да види како му пита ќерката, и да се мачи.

Очите ѝ светкаа, образите ѝ гореа. „Таа ова не го зборува туку-така“, — си помислив во себе.

— Кај него ли сакавте да ме дадете? — додаде таа по извесна пауза.

— Да, Елено.

— Не, тогаш подобро да бидам слугинка.

— О, не е убаво што зборуваш така, Леночка. Какви глупости се тие: кај кого би можела ти да бидеш слугинка?

— Кај секој селанец, — нестрпливо одговори таа, сè повеќе и повеќе спуштајќи ги очите.

Очевидно беше возбудена.

— Не им требаат на селаните такви слугинки, — реков јас, насмевнувајќи се.

— Тогаш кај господата.

— Зар ти, со својата нарав, да живееш кај господа?

— Да, со мојата нарав.

Колку повеќе се возбудуваше толку поотсечно одговараше.

— Ти не би можела да издржиш.

— Ќе издржам. Ќе ме караат, а јас намерно ќе молчам. Ќе ме тепаат, а јас само ќе молчам, молчам, нека ме тепаат, но за ништо нема да заплачам. Тие ќе се раскинат од мака што не плачам.

— Елено, што зборуваш ти! Од каде толку пакост во тебе, и зошто си толку горда! Ти сигурно многу си препатила . . .

Станав и отидов кон мојата голема маса. Елена остана на канабето, замислено гледајќи в земја, и со прстињата ги скубеше краиштата на канабето. Молчеше. Сигурно многу се налутила поради моите зборови, — си помислив.

Стоејќи крај масата, јас механички ги отворив книгите што ги добив вчера за да напишам од нив статија, па малку — по малку се задлабочив во читање. Мене тоа често ми се случува; ќе пријдам, ќе отворам книга за момент за да погледнам нешто, па така ќе се зачитам што ќе заборавам сè.

— Што пишувате вие тука секогаш? — ме праша Елена, полека приоѓајќи кон масата со уплашена насмевка.

— Па, така, Леночка, сешто по малку. За ова јас добивам пари.

— Молби?

— Не, не молби. — И јас ѝ објаснив, колку што можев, дека опишувам разни настани и разни луѓе; од тоа излегуваат книги, што се викаат раскази и романи. Таа ме слушаше со голема љубопитност.

— А како, дали вие тука само вистина опишувате?

— Не, туку измислувам.

— А зошто го пишувате тоа што не е вистина?

— Еве прочитај ја, гледаш ли, оваа книга овде. Ти веќе еднаш ја гледаше. Ти, сигурно, знаеш да читаш?

— Знам.

— Е, па тука ќе видиш. Оваа книга ја напишав јас.

— Вие? Ќе ја прочитам . . .

Таа многу сакаше нешто да ми каже, но очигледно не знаеше како, и беше многу возбудена. Зад нејзините прашања нешто се криеше.

— А многу ли ви плаќаат за тоа? — ме праша таа, најпосле.

— Па, кога како. Некогаш многу, а некогаш сосем ништо немам, зашто таа работа не оди секогаш од рака. Знаеш, Леночка, тоа е тешка работа.

— Значи, вие не сте богат?

— Не, не сум богат.

— Тогаш и јас ќе работам, па ќе ви помагам . . .

Таа бргу ме погледна, образите ѝ пламнаа, го сведна погледот, направи два чекори кон мене, одеднаш ме прегрна со двете раце, и лицето цврсто-цврсто го притисна во моиве гради. Ја гледав со чудење.

— Јас ве сакам, јас не сум горда, — рече таа. — Вие вчера рековте дека сум горда. Не, не . . . не сум таква . . . јас ве сакам. Вие единствено на светов ме сакате . . .

Солзи ја задушуваа. Момент подоцна тие и избија од градите со таква сила, како вчера за време на нападот. Таа падна пред мене на колеици, па почна да ми ги бацува рацеве и нозеве . . .

— Вие ме сакате! . . . — повторуваше, — вие единствен, само вие! . . .

Таа грчевито ми ги прегрнуваше колеицие со своите раце. Целото нејзино чувствување, задржувано толку време, сега одеднаш изби во несовладлива побуда, и мене ми стана разбирлива таа чудна упорност на срцето, кое девствено се криеше, и тоа дотолку поупорно, дотолку порешително, доколку што му беше посилна потребата да избие на видело, да се изрази, — и сè до

онаа неизбежна побуда, кога целото битие одеднаш до самозаборав ѝ се предава на таа потреба од љубов, благодарност, нежност, солзи . . .

Таа толку липаше што доби хистеричен напад. Одвај ги тргнав нејзините раце што ме беа прегрнале. Ја кренав и ја пренесов на канабето. Уште долго време липаше, пикајќи си го лицето во перницата, просто срамејќи се да ме погледне, но цврсто стегајќи ја мојата рака во своето раче, и не одвојувајќи ја од нејзиното срце. Малку — по малку таа се смири; но уште никако не го креваше лицето кон мене. Два-трипати, бегло нејзините очи преминаа преку моево лице, а во нив имаше толку нежност и некакво плашливо чувство, кое веднаш се криеше. Најпосле целата поцрвени и се насмевна.

— Полесно ли ти е сега? — ја прашав, — ти моја чувствителна Леночка, болно чедо мое!

— Не Леночка, не . . . — прошепоти таа, сè уште криејќи го лицето од мене.

— Не Леночка? Ами како?

— Нели.

— Нели? А зошто токму Нели? Најпосле, и тоа е многу убаво име. Јас отсега така ќе те викам, штом веќе сакаш.

— Така ме викаше мама . . . И никој така не ме викал, никогаш, освен неа . . . И јас ни самата не сакав уште никој друг да ме вика така, освен мама . . . А вие викајте ме; сега сакам . . . Јас вас секогаш ќе ве сакам, секогаш ќе ве сакам . . .

„Полно со љубов и достоинствено срце“, си помислив, „и колку долго време требаше за да заслужам и за мене да бидеш Нели!“ Но сега знаев дека нејзиното срце ми е предано засекогаш.

— Слушај, Нели, — ја прашав, штом се смири. — Ти, еве, велиш дека тебе те сакала само мама и никој повеќе. Па зар твојот дедо навистина не те сакаше?

— Не ме сакаше . . .

— А ти плачеше по него, — се сеќаваш ли, овде на скаливе.

Таа за момент се замисли.

— Не, не ме сакаше... Тој беше лош; и некое болно чувство се испиша на нејзиното лице.

— Но од него и не можеше да се бара многу, Нели, — него, изгледа, разумот го имаше сосем изневерено. Тој умре како надвор од себе. Зашто јас ти расправав како умре.

— Да, но тој дури последниот месец почна да се губи. Седеше понекогаш така цел ден, и ако не му дојдев јас, тој и два и три дена ќе преседеше така, без да јаде и без да пие нешто. А порано беше многу подобар.

— Кога порано?

— Кога беше жива мама.

— Сигурно ти, Нели му носеше да јаде и да пие?

— Да, јас му носев.

— А од кого добиваше? Од Бубнова?

— Не, од Бубнова никогаш ништо не сум добивала, — упорно одговори таа со некаков треперлив глас.

— А од каде земаше кога самата ништо не си имала?

Нели помолчи и страшно побледи; а потоа долго се загледа во мене.

— Одев по улица, и питав... Ќе добиев пет копејќи па ќе му купев леб и бурмут...

— И тој дозволуваше! Нели! Нели!

— Јас прво сама одев да питам, а нему не му кажував. А после, кога дозна, почна и самиот да ме тера да питам. Јас стојам на мостот, питам од минувачите, а тој оди покрај мостот и чека; па штом ќе види дека некој нешто ми потфрлил, тој веднаш ќе дојде па ќе ми ја грабне парата, како да се плаши дека ќе го скријам тоа од него, и како да не питам за него.

Кога го рече тоа се насмевна со некоја тажна, горка насмевка.

— Сето тоа беше по мамината смрт, — додаде таа. — Тогаш тој сосем се мрдна од умот.

— Тој, значи, многу ја сакал мајка ти? Па зошто тогаш не живеел заедно со неа?

— Не, не ја сакаше тој неа... Тој беше лош, и

воопшто не сакаше да ѝ прости, исто како вчерашниот злобен старец, — проговори таа полека, скоро сосема нечујно, бледејќи во лицето сè повеќе и повеќе.

Јас затреперив. Заплетот на еден цел роман просто ми светна во фантазијата. Таа кутра жена, што умира во сутерен кај продавач на мртовечки сандаци, нејзината ќерка, сираче, кое овде-онде го посетува деда си кој ѝ ја проколнал мајка ѝ!... Безумниот старец лудак, кој умира во слаткарница, по својот пес!...

— А Азорка пред тоа бил од мама, — рече одеднаш Нели, насмевнувајќи се поради некој свој спомен. — Дедо некогаш многу ја сакал мама, а кога отишла мама од него, тогаш маминиот Азорка останал кај него. Затоа тој Азорка толку го сакаше... Тој на мама не сакаше да ѝ прости, а кога умрел песот, умрел и самиот тој, — строго додаде Нели, а насмевката ѝ исчезна од лицето.

— Нели, а што бил тој порано? — прашав, почекувајќи малку.

— Пред тоа тој бил богат човек... Но не знам што се случило, — одговори таа. — Имал, мислам, фабрика... Така ми раскажуваше мама. Таа од почетокот мислеше дека сум уште малечка, па не сакаше да ми каже сè. Често така ќе ме земе в скут, ќе ме бацува, па ми вели: сè ќе чуеш ти од мене. Ќе дојде време, па сè ќе дознаеш, кутра моја несреќнице. И секогаш ме викаше кутра и несреќна. Понекогаш ноќе, кога мисли дека спијам (а јас намерно не спијам, туку само се правам дека спијам) таа постојано плаче над мене, ме бацува и зборува: кутра, несреќна моја!

— А од што умре мајка ти?

— Од туберкулоза. Сега ќе прави шест недели.

— А се сеќаваш ли кога бил дедо ти богат?

— Па јас тогаш уште не сум била родена. Мама, пред да се родам, си отишла откај деда.

— Со кого си отишла?

— Не знам, — одговори Нели, тивко и замислено. — Таа отишла во странство, а јас таму сум се родила.

— Во странство? А каде?

— Во Швајцарија. Јас секаде сум била, сум била и во Италија, и во Париз.

Јас се зачудив.

— И ти се сеќаваш за сето тоа, Нели?

— За доста нешта се сеќавам.

— Па од каде знаеш толку убаво руски да зборуваш, Нели?

— Мама уште таму ме учеше руски. Таа беше Русинка, зашто нејзината мајка била Русинка, а дедо ми беше Англичанец, но исто како да беше Русин. А пред една година кога се вративме јас и мама, тогаш сосем добро научив. Мама тогаш веќе беше болна. Од нашето доаѓање ние станувавме сè посиромашни и посиромашни. Мама постојано плачеше. Таа најпрвин долго го бараше деда овде низ Петроград, секогаш зборуваше дека му згрешила и постојано плачеше . . . Толку плачеше, толку плачеше. А кога дозна дека дедо осиромашил, тогаш уште повеќе плачеше. Таа често му пишуваше писма, но тој никогаш не ни одговараше.

— А зошто се вратила мама ти ваму? Само заради дедо ти?

— Не знам. А таму ни беше убаво! — И тука на Нели очите ѝ болснаа. — Мама живееше сама, со мене. Таа таму имаше еден пријател, многу добар како вас . . . Тој неа ја познавал уште овде. Но тој таму умре, а мама тогаш се врати . . .

— Па поради него ли отишла мама ти откај дедо ти?

— Не, не поради него. Мама отишла откај дедо ми со некој друг, но тој ја оставил . . .

— А кој е тој, Нели?

Нели ме погледна, но ништо не ми одговори. Очигледно беше дека таа знаеше со кого отишла нејзината мама, тој, по сè изгледа, беше и нејзиниот татко. Нејзе ѝ беше тешко дури и мене да ми го изговори неговото име . . .

Не сакав да ја мачам со прашување. Таа беше чуден карактер, нервозна и избувлива, но ја задушуваше својата избувливост. Симпатична, но се затвораше во своето достоинство и непристапност. За целото време, колку што ја знаев, таа, — макар што од сè срце ја сакаше со најсветла и најчиста љубов, скоро исто како и својата покојна мајка, за која сега без болка дури

и не можеше да се сети, — и покрај сето тоа таа ретко беше доверлива и, освен овој ден, ретко некогаш чувствуваше потреба да зборува со мене за своето минато. Уште повеќе, некако сето тоа строго го криеше од мене. Но тој ден, за овие неколку часови, во маки и грчевито липање, со што се прекинуваше нејзиното расправање, таа ми раскажа сè што ја болеше најмногу во нејзините спомени, и јас никогаш нема да ја заборавам таа страшна исповед. Но нејзината главна животна повест допрва има да дојде . . .

Тоа беше страшна историја; тоа е историја на напуштена жена која ја надживеала својата среќа; болна, измачена и од сите оставена; отфрлена и од последното суштество во кое уште можела да се надева — од сопствениот татко, кого таа некогаш го навредила, и кој подоцна се штукнал поради неподносливите страдања и понижувања. Тоа е историја на жена доведена до очај; која одела со своето ќеркиче (кое таа уште го сметала за дете) по студените, нечисти петроградски улици, па питала милостина; која после со месеци умирала во влажен сутерен, и на која таткото не сакал да ѝ прости до крајот на нејзиниот живот, и дури во последниот момент се свестил и дотрчал да ѝ прости, но тогаш нашол веќе само студен леш наместо таа која ја сакал повеќе од сè на светот.

Тоа беше чудна историја за таинствените, дури одвај разбирливи односи меѓу изветреаниот старец и неговата млада внука, која веќе го разбираше; која и покрај своите детски години, веќе сфаќаше многу работи кои некои не можат да ги сфатат ни во многу постара возраст во својот обезбеден и лесен живот. Тоа е мрачна историја — една од оние мрачни и болни истории кои толку често и незабележливо, скоро таинствено се случуваат под тешкото петроградско небо, во темните и таинствени катчиња на огромниот град, во луничавата животна трка, тапата себичност, спротивните интереси, суровиот разврат, скриените злосторства, во целиот тој преполнет пекол на бесмислен и застранет живот.

Но таа историја допрва треба да дојде.

КНИГА ВТОРА

ТРЕТ ДЕЛ

ПРВА ГЛАВА

Одамна веќе беше стемнето, беше вечер, и јас дури тогаш се освестив од мрачниот кошмар и се сетив за сè.

— Нели, — реков, — ти, еве, сега си болна и растроена, а јас морам да те оставам сама, вознемирена и уплакана. Мила моја! Прости ми и знај дека има уште едно мое драго суштество на кое не сакаат да му простат, кое е несреќно, навредено и напуштено. Тоа сега ме чека. А и мене самиот сега, по таа твоја приказна, ме влече срцево кај неа, па ми се чини дека не би останал жив ако не ја видам веднаш, во овој момент . . .

Не знам дали Нели разбра сè што ѝ реков. Бев возбуден и од приказната и од неодамнешната болест; но јас се стрчав кај Наташа. Беше веќе доцна, околу девет часот, кога влегов кај неа.

Уште на улица, пред портата на куќата каде што живееше Наташа, забележав кочија, па ми се стори како да е кнезот. Кај Наташа се влегуваше од дворот. Само што почнав да се качувам по скалите, слушнав пред себе, за еден кат погоре, како некој човек се качуваше внимателно и алкајќи, зашто ова место, очигледно, му беше непознато. Помислив дека тоа може да биде кнезот, но набргу почнав да се разуверувам. Непознатиот мрмореше и го проколнуваше овој влез, и тоа сè пожестоко и поенергично, колку што се качуваше погоре. Навистина, скалите беа тесни, нечисти, стрмни и секогаш неосветлени; но вакви пцости какви што почнаа да се разлеваат на вториот кат ни-

когаш не би можел да му ги припишам на кнезот; господинот што се качуваше пцуеше како кочијаш; од вториот кат веќе почнуваше да биде светло; пред Наташината врата гореше мала светилка. Пред самата врата го стасав непознатиот, но моето изненадување беше големо кога го препознав во него кнезот. Како да му беше многу непријатно за тоа што толку неочекувано наиде на мене. Во првиот момент тој и не ме позна; но одеднаш целото лице му се преобрази. Неговиот прв поглед на мене, лут и полн со омраза, одеднаш стана љубезен и весел, и тој со некаква необична радост ми ги подаде двете раце.

— Ах, тоа сте вие? А јас само што сакав да клекнам па да го молам бога за спас на животот. Слушнавте ли како пцуев?

Тука тој многу простодушно се засмеа. Но одеднаш доби сериозен и грижлив израз.

— И како ли можел Аљоша Наталија Николаевна да ја пикне во ваква визба! — рече тој, нишкајќи со главата. — Еве тие таканаречени ситници и го карактеризираат човека. Тој просто ме загрижува. Тој е добар, има благородно срце, но еве пример: ја сака до лудило, а дозволува таа која толку ја сака да живее во ваква дупка! Дури сум чул дека понекогаш и леб немала, — додаде тој со шепот, барајќи ја дршката од ѕвончето; главава ќе ми прсне кога ќе помислам за неговата иднина, а особено за иднината на Ана Николаевна, штом веќе ќе стане негова жена . . .

Тој го погреши името на Наташа, но не забележа, очигледно бидејќи беше налутен затоа што не можеше да го најде ѕвончето. Но ѕвонче немаше. Јас штракнав со рачката, а Мавра веднаш ни отвори, забрзано пресретнувајќи нè. Во кујната, која од малечкото претсобје беше одвоена со преграда од штици, можеше низ отворената врата да се види дека нешто се готви. Сè беше некако поинаку отколку обично, избришано и исчистено; во печката гореше оган; на масата стоеја некои нови садови. Се гледаше дека нè чекаат. Мавра притрча да ни ги задржи капутите.

— Тука ли е Аљоша? — ја прашав.

— Нема дојдено, — ми шепна таа некако таинствено.

Ние влеговме кај Наташа. Во нејзината соба немаше никакви особени подготовки; се беше како порано. Најпосле, кај неа секогаш сè беше толку чисто и пријатно што немаше потреба нешто да се суредува. Наташа нè пречека стоејќи кај вратата. Мене ме изненади нејзината нездрава мршавост и необичната бледост на нејзиното лице, макар што за момент ѝ изби руменило на безживотните образи. Очите ѝ беа трескави. Таа молчејќи му ја подаде раката на кнезот, очигледно збунета. Во мене и не погледна. Стоев и чекав молчејќи.

— Еве ме и мене! — пријателски и весело проговори кнезот, — само што се вратив пред неколку часови. За целото тоа време вие од главава не ми излегувавте (тој нежно ѝ ја баци раката); и колку, колку размислував за вас! Колку само мислев да ви кажам, да ве известам... Туку, ќе имаме кога да се назборуваме! Пред сè, оној мојон ветрушка, кого, како што гледам, овде уште го нема...

— Простете, кнезу, — го прекина Наташа поцрвенувајќи и збунувајќи се, — морам да му кажам два збора на Ивана Петрович. Вања, ела... само два збора...

Таа ме фати за рака и ме тргна зад параванот.

— Вања, — прошепоти таа, носејќи ме во најмрачниот агол, — ќе ми простиш ли?

— Ајде остави, Наташа!

— Не, не, Вања, ти мене премногу често и премногу си ми проштавал, но секоја стрпливост мора да има крај. Ти мене никогаш нема да престанеш да ме сакаш, јас знам, но ќе мораш да си речеш дека сум неблагодарна, зашто вчера и завчера навистина бев кон тебе неблагодарна, себична, немилосрдна...

Таа одеднаш гргна во плач, и го допре нејзиното лице на моево рамо.

— Остави, Наташа, — побрзав да ја разуверам. — Јас бев навистина болен цела ноќ; дури и сега одвај се држам на нозе, затоа не дојдов, ни сношти, ни де-

неска, а ти мислиш дека се лутам... Добра моја Наташа, па зар јас не знам како ти е тебе сега во душата?

— Тогаш добро... Значи, ми прости, како и секогаш, — рече таа насмевнувајќи се низ солзи и стегајќи ми ја раката толку многу што скоро ме заболи. — За другото после ќе видиме. Имам многу да ти кажувам, Вања. А сега да одиме кај него...

— Само побргу, Наташа; го оставивме така одеднаш...

— Ќе видиш, ќе видиш, што ќе биде, — ми шепна таа бргу. — Јас сега знам сè; насетив сè. За сè е виновен тој. Оваа вечер многу ќе се реши. Да одиме!

Јас не разбрав, но не стасав да ја прашам. Наташа излезе пред кнезот со ведро лице. Тој сè уште стоеше со шапката в раце. Таа весело му се извини, му ја позеде паларијата, сама му подаде стол па сите тројца седнавме околу нејзиното мало масиче.

— Јас почнав да зборувам за тој мој ветрушка, — продолжи кнезот, — само набрзина го видов на улица, — како седеше во кола и одеше кај графицата, Зинаида Фјодоровна. Многу брзаше и, замислете, дури и не сакаше да слезе од колата па да влезе со мене дома по четиридневната разделба. И, ми се чини, Наталија Николаевна, дека јас сум виновен што не е тој сега овде кај вас, и што дојдовме ние пред него. Искористив прилика, па бидејќи денеска не можев да стасам кај графицата, ѝ испратив преку него една порака. Но, тој веднаш ќе дојде.

— Дали ви рече дека денеска сигурно ќе дојде? — праша Наташа, гледајќи во кнезот со најпростодушен израз.

— О, господе боже, па како да не дојде! Како прашувате така! — викна кнезот, гледајќи ја со чудење. — Туку, јас ве разбирам: вие му се лутите. А и не е добро од него последен да дојде. Но повторувам за тоа сум виноген јас. Нему немојте да му се лутите. Тој е лекомислен, ветерничав, јас не сакам да го бранам, но некои особени причини бараат не само тој да не ја напушта ќерката на графицата и некои други врски,

туку, напротив, да оди таму колку што е можно почесто. А бидејќи тој сигурно сега не се одвојува од вас, па има заборавено сè на светов, јас ќе морам да ве замолам да не се лутите ако го земам за час-два — не повеќе — да ги изврши моите пораки. И јас сум уверен дека ни еднаш од онаа вечер не отишол кај кнегињата Креставска, и толку ми е криво што не стасав пред малку да го прашам за тоа!...

Погледнав во Наташа. Таа го слушаше кнезот со лесна подбивна насмевка. Но тој зборуваше толку отворено, толку природно. Изгледаше дека е невозможно дури и најмалку да се посомнева човек во него.

— Зар вие навистина не знаете дека тој целово ова време ни еднаш не бил кај мене? — го праша Наташа со тивок и немирен глас, како да зборуваше за некој најобичен настан.

— Што? Зар ни еднаш не бил кај вас? Ве молам, што зборувате! — рече кнезот, божем необично изненаден.

— Вие бевте кај мене во вторникот, доцна вечерта. Утредента изутрина намина тој кај мене едно половина час, а оттогаш никогаш не сум го видела.

— Вистина? Тоа е неверојатно! (Тој се чудеше сè повеќе и повеќе). А јас, гледате, мислев дека тој просто не се дели од вас. Простете, тоа е толку чудно... просто неверојатно.

— Но сепак е точно. И толку ми е жал; а јас токму вас ве очекував; мислев дека барем вие ќе можете да ми кажете каде се наоѓа тој.

— О, господе мој! Па тој ќе дојде овде! Но тоа што ми го рековте, толку ме вчудовиди што јас... признавам, дека сè друго од него сум очекувал, но такво нешто... такво нешто!

— Колку се чудите вие! А јас сè мислев дека вие не само што нема да се чудите, туку дека уште однапред сте знаеле оти така и ќе биде.

— Сум знаел! Јас сум знаел? Но, ве уверувам, Наталија Николаевна, дека само за малку денеска го

видов, и дека кај никого повеќе не се распрашував за него. И мене ми е чудно што вие како да не ми верувате, — продолжи тој, погледнувајќи нè двајцата.

— Бог да чува, — прифати Наташа, — сосем сум уверена дека ја кажавте вистината.

Таа пак му се засмеа на кнезот право в очи, така што тој просто се стресе.

— Објаснете ми, — рече тој збунет.

— Па овде нема што да се објаснува. Јас зборувам многу просто. Вие и самиот знаете колку е тој ветерничав, заборавен. Па еве, бидејќи сега му е дадена полна слобода, тој се заборавил.

— Но не е можно човек толку да се заборави, тука мора да има нешто! И штом ќе дојде ќе го принудам да ми ја објасни целата работа. Туку, мене најмногу ме зачудува што вие токму мене како да ме обвинувате за ова, а јас дури и не бев овде. Најпосле, Наталија Николаевна, гледам дека вие нему многу му се лутите, и тоа е сосем разбирливо. Вие имате полно право за тоа, и... и... се разбира, јас сум прв виновен, ако не за нешто друго, тоа барем затоа што јас сега прв овде ви се најдов под рака. Зар не е така? — продолжи тој, свртувајќи се кон мене, со злобна насмевка.

Наташа пламна.

— Дозволете, Наталија Николаевна, продолжи тој со својот достоинствен тон, признавам дека сум виновен, но дотолку што веднаш утредента по нашето запознавање отпатував така што вие, по извесна сомнителност, што ја забележувам во вашиот карактер, веќе сте го измениле вашето мислење за мене, дотолку побргу што и околностите придонеле за тоа. Да не отпатував, вие подобро ќе ме запознаевте, а и Аљоша не ќе смееше да биде толку ветерничав под моја контрола. Денеска вие самата ќе чуете каква лекција ќе му одржам.

— Поточно, ќе направите јас да почнам да му бидам здодевна. Не е возможно вие, со вашиот ум, навистина да помислите оти со тоа би ми помогнале.

— А да не сакате со тоа можеби да кажете дека јас ова свесно го правам за да му станете здодевна? Вие ме навредувате, Наталија Николаевна.

— Јас се трудам што помалку да употребувам алузии, без разлика со кого зборувам, — одговори Наташа. — Напротив, секогаш се трудам да зборувам колку што е можно поискрено, и вие, можеби уште денеска, во тоа ќе се уверите. Немам намера да ве навредувам, ниту имам причина за тоа. А не би можела да сакам такво нешто и затоа што моите зборови вас не можат да ве навредат, и што било да ви кажам. Во тоа сум сосем уверена, зашто сосем јасно ги разбирам нашиве меѓусебни односи; вие на нив и не можете да гледате сериозно. Не е ли така? Но ако сум ве навредила сериозно, јас сум готова да молам за извинување, па да ги исполнам кон вас сите обврски на... гостољубивоста.

И покрај сиот слободен, па дури и шеговит тон со кој ја изговори Наташа оваа реченица, со насмевка на усните, јас уште никогаш не сум ја видел до таа мера налутена. Дури сега можев да видам колку морало да препати нејзиното срце за овие три дена. Нејзините загадочни зборови: дека таа веќе сè знае и дека јасно гледа во што е работата, ме уплашија; тие се однесуваа на кнезот. Таа го изменила за него своето мислење и гледаше на него како на свој непријател, — тоа беше очигледно. Се гледаше дека на неговото влијание му ги припишуваше сите свои незгоди со Аљоша, и можеби имаше за тоа и некои причини. Се плашев меѓу нив да не избувне некаква сцена. Нејзиниот подбивен тон беше и премногу видлив, и премногу неприкриен. А нејзините последни зборови на кнезот: дека тој не може да гледа на нивните односи сериозно; нејзиниот предизвик заради правилата на гостољубивоста; нејзиното ветување во вид на закана дека уште таа вечер ќе му докаже оти таа умее и отворено да зборува, — сето тоа беше во толкава мера луто и отворено што беше просто невозможно кнезот тоа да не го забележи. Јас видов дека се измени во лицето, но тој умееше да владее со себе. Тој веднаш се направи

дека не ги забележал тие зборови, дека не ја разбрал нивната вистинска смисла и, се разбира, сè сврти на шега.

— Бог да чува, јас да барам извинување! — забележа тој, смеејќи се. — Јас и не сум помислил на такво нешто, ниту имам обичај од жена да барам извинување. Јас уште при првата наша средба ве предупредив донекаде за мојот карактер, па сега, веројатно, нема да се најдете навредена поради една моја забелешка, со тоа што таа ќе се однесува на сите жени воопшто. И вие, веројатно, ќе се согласите со таа моја забелешка, — продолжи тој, љубезно обрнувајќи ми се мене. — Јас, поточно, сум забележал дека во женскиот карактер постои таква особина што ако, на пример, жената нешто скривила, ќе се согласи после да ја покрие својата вина со илјада љубезности отколку во даденият момент, кога несомнено ќе се докаже нејзината вина, ќе ја признае грешката и ќе моли за прошка. И затоа, само кога би претпоставиле дека сум јас од вас навреден, — јас сега, во овој момент, намерно не барам извинување; мене ќе ми биде пријатно подоцна, кога ќе ја увидите својата грешка па ќе посакате да ја покриете... со илјада љубезности. А вие сте толку добра, толку чиста, свежа, толку искрена, што моментот кога ќе се каете — јас тоа го претчувствувам — ќе биде прекрасен. Туку, наместо извинување, подобро да ми кажете: дали би можел јас уште денеска со што било да ви докажам дека многу искрено и поотворено постапувам кон вас отколку што мислите вие за мене?

Наташа поцрвени. И мене ми се стори дека во одговорот на кнезот се чувствува некако премногу лесен, дури и небрежен тон, некаква нескромна шеговност.

— Вие би сакале да ми докажете дека сте кон мене искрен и простодушен, — го праша Наташа, погледнувајќи го со предизвикување.

— Да.

— Ако е така, тогаш исполнете ја мојава молба.

— Уште сега ви ветувам.

— Еве што би сакала јас да ве замолам: со ниеден збор, со ниедна забелешка за мене да не го вознемирувате Аљоша, ни денес, ни утре. Ни еден прекор за тоа што ме заборавил; никаква молитва. Јас сакам да го пречекам така како меѓу нас ништо да не било, па и ништо да не забележи. Мене тоа ми е потребно. Ќе ми дадете ли таков збор.

— Со најголемо задоволство, — одговори кнезот. — И дозволете ми уште од сѐ срце да додадам дека ретко сум сретнувал вакви разбрани и јасни погледи за вакви работи . . . Но, еве, како да доаѓа и Аљоша.

И навистина, во претсобјето се слушна некаква врева. Наташа затрепери и како да се подготви за нешто. Кнезот седеше со сериозен израз и очекуваше што ќе стане. Тој грижливо со поглед ја следеше Наташа. Тогаш вратата се отвори и во собата влезе Аљоша.

ВТОРА ГЛАВА

Тој навистина втрча целиот светнат, радосен, весел. Се гледаше дека весело и среќно ги поминал тие четири дена. Од лицето му се читаше дека сака нешто да нè извести.

— Еве ме и мене! — викна тој, така што одекна во собата. — Еве ви го тој што требаше да биде овде пред сите. Но сега ќе дознаете сè, сè, сè! Пред малку јас и ти, тато, не стасавме ни два збора да прозбориме, а имав многу нешта да ти кажам. Тој мене само во добри мигови ми дозволува да му зборувам со ти, — прекина тој, обрнувајќи ми се мене, — верувајте, а инаку ми забранува. И само каква тактика има тој: туку ќе почне да ми зборува вие. А јас сега би сакал тој од денеска секогаш да има добри мигови, па тоа и ќе го остварам! Јас воопшто целиот се изменив за овие четири дена, сосем, сосем се изменив и ќе ви раскажам сè. Но тоа малку подоцна. А сега најважното: еве ја неа, еве ја неа! Пак! Наташа, душо, здраво, ангеле мој! — зборуваше тој седнувајќи пред неа и страсно бацувајќи ѝ ја раката. — Тешко ми беше овие денови без тебе! Но што да се прави! Не можев! Не можев да стасам. О, мила моја! Нешто како да си ми ослабила, види како си побледила . . .

Тој, целиот восхитен, ја опсипа нејзината рака со бакнежи, желно ја гледаше со своите прекрасни очи, како да не можеше да ѝ се нагледа. Погледнав во Наташа и по нејзиното лице погодив дека двајцата имаме иста мисла: тој беше сосем невин. А кога и како би можело тоа невино суштество да биде винов-

ник? Силно руменило наеднаш ги преплави бледите Наташини образи, како целата крв што се беше собрала во нејзиното срце да ѝ гргна наеднаш во главата. Очите ѝ заблескаа и таа достоинствено погледна во кнезот.

— Но... каде си жити бога... толку време? — проговори таа со задушлив и прекинат глас. Дишеше тешко и нерамномерно. Господе мој, колку го сакаше!

— Па во тоа е и целата работа, што изгледа како да сум јас виновен пред тебе; но што зборувам јас овде: и з г л е д а! Се разбира, сум згрешил, јас тоа и сам го знам; и затоа и дојдов бидејќи знам. Катја вчера и денеска ми зборуваше дека жената не може да прости толкаво невнимание (зашто таа знае сè што се случи овде во вторникот; јас тоа веднаш утредента ѝ го раскажав). Се расправав со неа, ѝ докажував, и реков дека таа жена се вика Н а т а ш а, и дека на целиот свет можеби има само една што е еднаква со неа — Катја. И дојдов ваму, се разбира, знаејќи дека сум ја кажал вистината. Зар таков ангел каков што си ти би можел да не прости? „Го нема — значи, сигурно нешто го спречило, а тоа не значи дека престанал да ме сака", ете, како ќе мисли мојата Наташа! А како би можел човек да престане да те сака тебе? Зар е можно тоа? Срцево ме болеше од желба за тебе. Сепак сум виновен! Но кога ќе дознаеш сè, ти прва ќе ме оправдаш! Сега ќе раскажам сè, морам да ја излеам душава пред сите вас, затоа и дојдов. Сакав во еден здив денеска — имав еден слободен миг — да ти долетам па така во лет да те бацам, но и тука излезе пречка: Катја ме викна веднаш да појдам заради многу важни работи. Тоа беше уште пред да ме видиш ти, тато, кога седнав во пајтонот; тогаш јас по вторпат, на втор повик одев кај Катја. Кај нас сега по цел ден летаат гласници со писма таму и назад. Иване Петрович, јас вашето писмо дури сношти стасав да го прочитам, и вие имате сосем право за сè што сте ми напишале. Но што да правам: физичка неможност! Затоа помислив: утревечер ќе се оправдам за сè зашто вечерва веќе не можев да не дојдам кај тебе, Наташа.

— Какво е тоа писмо? — го праша Наташа.

— Тој бил кај мене, не ме затекол, се разбира и многу ме искарал во писмото што ми го оставил поради тоа што не доаѓам кај тебе. Сосем имаше право. Тоа беше вчера.

Наташа погледна во мене.

— Па кога си имал достатно време од утро до мрак да седиш кај Катарина Фјодоровна . . . — се вмеша во разговорот кнезот.

— Знам, знам што сакаш да кажеш, — го прекина Аљоша. — „Кога си можел да седиш кај Катја, тогаш би требало со многу повеќе причини да бидеш овде". Сосем се согласувам со тебе, и дури од своја страна додавам: не многу повеќе, туку милионпати повеќе причини! Но, пред сè, се случуваат чудни, неочекувани настани во животот, кои збркуваат и превртуваат сè. Но, и мене ми се случија такви настани. Јас убаво ви реков дека за овие неколку денови сосем се изменив, целиот, од глава до петици; значи, постоеја некои важни околности!

— О, господе мој, па што ти се случило! Не мачи нè, те молам! — викна Наташа, насмевнувајќи се поради забрзаноста на Аљоша.

Тој навистина беше малку смешен; брзаше, зборовите му излетуваа бргу, често без ред, како некоја брканица. Тој постојано сакаше да зборува, да зборува, да каже. Но, зборувајќи, тој сепак не ја испушташе раката на Наташа и постојано ја принесуваше кон устата, како да не можеше да се набацува.

— Па во тоа е и работата, што ми се случи, — продолжи Аљоша. — Но, мили мои! Што видов јас, што правев јас, какви луѓе запознав! Во прв ред — Катја. Таа е едно совршенство! Јас неа ни трошка, ама ни трошка, досега не сум ја познавал. Па ни тогаш, во вторникот, кога ти зборував за неа, Наташа, се сеќаваш ли со каква восхитеност ти зборував за неа, е па дури ни тогаш скоро ни малку не сум ја познавал. Таа самата се криела од мене, сè до последниве денови. Но сега сосем се запознавме еден со друг. Ние

сега веќе еден на друг си велиме ти. Туку, да почнам отпрвин. Прво, Наташа, само да можеше да чуеш што ми зборуваше за тебе кога јас утредента, во средата, ѝ раскажав што се случи овде меѓу нас... А, навистина, сега се сеќавам каков глупак сум морал да изгледам во твоите очи кога дојдов онојпат кај тебе, утрината, во средата! Ти ме дочекуваш со восхит, целата си воодушевена од нашата нова положба. Сакаш да зборуваш со мене за сето тоа. И тажна си, а во исто време и се шегуваш и играш со мене. А јас пак изигрувам некаков којзнае каков важен човек! Будала, вистински будала! Зашто, жими бога, јас сакав малку да се покажам, да се пофалам дека ќе станам наскоро маж, солиден човек, и токму сум погодил пред кого да се фалам, — пред тебе! Ах, колку си морала тогаш да ми се смееш, и колку сум заслужил да ми се смееш!

Кнезот седеше молчејќи и со некаква иронична насмевка што ликува го посматраше Аљоша. Токму како да му беше мило што му се прикажува синот од таа лекомислена, дури и смешна страна. Целата таа вечер внимателно го посматрав, и сосем се уверив дека тој воопшто и не го сака сина си, макар што раскажуваше за неговата силна татковска љубов.

— Откај тебе отидов кај Катја, — ја истураше Аљоша својата приказна. — Јас веќе ти кажав дека дури тоа претпладне ние сосем се запознавме еден со друг, но тоа некако чудно се случи... не се сеќавам... Неколку огнени зборови, неколку чувства, искрено изречени мисли и — ние засекогаш се зближивме. Ти мораш да се запознаеш со неа, Наташа! Како ми зборуваше таа, како те објасни тебе! Како ми разјасни какво благо си ти за мене. Малку — по малку, таа ми ги објасни сите свои идеи и погледи за животот; таа е толку сериозна, толку возвишена девојка! Таа зборуваше за нашите должности и повик, за тоа дека сите треба да му служиме на човештвото, па, бидејќи сосем се спријателив за тие пет-шест часови разговор, завршивме со тоа што си се заколнавме еден на друг за вечно пријателство, и дека целиот живот ќе работиме заедно!

— На кое поле ќе работите? — го праша кнезот зачудено.

— Јас толку се изменив, татко, што сето тоа, се разбира, тебе мора да ти изгледа чудно. Дури однапред ги чувствувам сите твои забелешки, — свечено одговори Аљоша. — Сите вие сте практични луѓе, па имате толку сериозни правила, сериозни, строги, на сè што е ново, на сè младо, свежо, вие гледате недоверливо, непријателски, подбивно. Но јас сега веќе не сум оној што ме познаваше пред неколку денови. Јас сум друг човек. Јас смело му гледам в очи на сè и на секого на светов. Кога знам јас дека моето убедување е правилно, јас го спроведувам до последната крајност; и ако успеам да се одржам на тој пат, тогаш сум чесен човек. Од мене доста е тоа. Зборувајте вие после што сакате, но јас во себе сум сигурен.

— Охо! — рече кнезот подбивно.

Наташа внимателно ме погледна. Таа се плашеше за Аљоша. Често се случуваше тој, незгодно за себе, да се занесе во разговорот, и таа за тоа знаеше. Таа не сакаше Аљоша од својата смешна страна да се покаже пред нас, а особено пред татка си.

— Што зборуваш ти, Аљоша! Па тоа е веќе некаква филозофија, — рече таа, — сигурно некој те научил... Подобро да ни кажуваш...

— Па јас, еве, кажувам! — викна Аљоша. — Еве гледаш: Катја има двајца подалечни роднини, некои братучеди, Љовинка и Боринька; едниот е студент, а другиот едноставно млад човек. Таа со нив се дружи, а тие се — просто необични луѓе! На грофицата тие скоро и не и доаѓаат, од принцип. Кога зборувавме јас и Катја за човековата определба, за позивот и за тие работи, таа ми ги спомна нив, и веднаш ми даде и писменце за нив. Јас веднаш се стрчав да се запознам. Истата вечер со нив сосем се спријателив. Таму имаше околу дванаесет сосем разновидни лица: студенти, офицери, уметници; имаше и еден книжевник... Сите ве знаат, Иване Петрович, поправо ги читале вашите дела, и многу очекуваат од вас во иднина. Така тие сами ми рекоа: Јас им расправав дека се знам со вас,

и им ветив дека ќе ве запознам со нив. Сите тие ме примија братски, со раширени раце. Јас веднаш им реков дека најскоро ќе бидам оженет човек, па и ме сметаа како оженет човек. Тие живеат на четвртиот кат, под самиот покрив; се собираат колку што можат почесто, но главно во среда, кај Љовинка и Боринька. Тоа е целата свежа младеж; сите тие силно го сакаат целото човештво; сите ние зборувавме за нашава денешница, за иднината, за науките, за литературата, и зборувавме толку убаво, толку искрено и просто... Таму доаѓа и еден гимназист. Па да видите како се однесуваат еден кон друг, колку се сите благородни! Јас никогаш не сум видел такви луѓе. А и каде сум одел јас досега? Што сум можел да видам? Како сум израснал? Единствено ти, Наташа, што си ми зборувала во таа смисла. А, Наташа, ти бездруго мораш да се запознаеш со нив! Катја веќе ги познава. Тие за неа зборуваат скоро со страхопочит, и Катја веќе зборувала со Љовинка и Боринька, дека, кога ќе располага со својот имот, задолжително ќе им даде милион рубли за општи потреби.

— А старатели на тој милион сигурно ќе бидат Љовинка и Боринька, и целата нивна дружина? — праша кнезот.

— Не е вистина, не е вистина. Треба да ти биде срам, татко, што зборуваш така! — му викна Аљоша силно, — јас ја насетувам твојата мисла. А за тој милион навистина зборувавме и долго расправавме како да го употребиме. Најпосле решивме на прво место да го дадеме за народно просветување...

— Да, јас навистина одблиску не сум ја познавал Катарина Фјодоровна, забележа кнезот, како за себе, постојано со неговата подбивна насмевка; јас, навистина, од неа сум очекувал многу нешта, но тоа...

— Што тоа? — го прекина Аљоша. — Што ти е тебе толку чудно? Затоа што донекаде излегува од вашиот вообичаен ред? Затоа што досега никој не приложил милион, а таа прилага? Тоа ли е тоа, а? Но што да се прави кога не сака таа да живее на туѓа сметка; зашто да се живее од тие милиони тоа значи да се

живее на туѓа сметка (јас дури овие денови го дознав тоа). Таа сака да ѝ биде полезна на татковината и на сите, и за општо добро да го даде својот прилог. За тој прилог ние уште некаде, во буквагот, сме читале, а сега, тој прилог кога замириса на милион, веднаш тоа е нешто друго? И само на што ли се држи целата таа фалена животна мудрост во која толку сум верувал? Што ме гледаш така, татко? Исто како да гледаш пред себе шут или будала! Па што ако сум и будала! Само да слушнеше, Наташа, што зборуваше Катја за тоа: „Не е главно умот, туку тоа што управува со умот — карактерот, срцето, благородните особини, развитокот". Но што е најважно, за тоа постои една генијална изрека од Безмигин, Безмигин е познаник со Љовинка и Боринька, и, меѓу нас, добра глава, навистина генијална глава! Ете токму вчера рече тој во разговор: будалата, кога ќе признае дека е будала, не е повеќе будала. Колку е тоа вистинито! Такви изреки кај него се многу чести. Тој ги истура како од ракав.

— Навистина генијално! — забележа кнезот.

— Ти секогаш се смееш. Но јас од тебе не сум чул никогаш такво нешто; па и од целото ваше друштво не сум чул такво нешто. Вие уште, напротив, само некако криете, само гледате дека е некако поблиску до земјата, сите луѓе да бидат со иста висина, сите носеви задолжително да бидат по некаква мера, по некои правила, — како да е можно тоа! Како да не е тоа илјадапати поневозможно отколку она за што зборуваме ние и за што мислиме. Па уште нè нарекуваат утописти! Само да слушнеше што ми зборуваа тие мене сноштн.

— Па добро, за што мислите вие таму? Раскажи ни, Аљоша, јас тоа уште некако не го разбирам, — рече Наташа.

— Воопшто за сè што води кон напредок, човечност, љубов! За сето тоа се зборува по повод современите прашања. Ние зборуваме за слобода на зборот и собирот, за новите реформи што се воведуваат, за љубов кон човештвото, за современите јавни работници, ние ги проучуваме, читаме. Но главно е тоа што

си дадовме еден на друг збор меѓу себе да бидеме сосем искрени и еден на друг отворено да си зборуваме сè за себе, без какво било стеснување. Зашто само искреноста, само отвореноста можат да доведат до цел-та. Тоа особено го застапува Безмигин. Јас тоа ѝ го кажав на Катја и таа сосем се согласува со Безмигин. Затоа сите ние, на чело со Безмигин, дадовме збор дека ќе работиме чесно и искрено цел живот, па што и да се зборува за нас, како и да се суди за нас, — дека нема со ништо да се збуниме, дека нема да се срамиме од своето воодушевување, својот занес, своите грешки, и дека ќе одиме по прав пат. Ако сакаш други да те почитуваат, пред сè, и главно, почитувај се себеси. Само со тоа, само со такво самопочитување ќе ги принудиш и другите да те почитуваат. Така вели Безмигин, и Катја со него сосем се согласува. Ние сега воопшто се разбираме во поглед на своите убедувања, и решивме да се посветиме на изучување на себеси посебно, а сите заедно меѓу себе да си се објаснуваме еден на друг.

— Каква збрка е таа! — викна кнезот вознемирен; — и, и кој ви е тој Безмигин? Не, тоа не може така да се остави.

— Што не може да се остави? — прифати Аљоша. — Слушај, татко, зошто јас сево ова го зборувам сега овде, пред тебе? Затоа што сакам и се надевам дека и тебе ќе те воведам во нашето друштво. Јас веќе таму и за тебе дадов збор. Ти се смееш, ништо, јас знаев дека ќе се смееш! Но слушај ме! Ти си добар, благороден, ти ќе го разбереш тоа. Зашто ти не ги познаваш, ти никогаш не си ги видел тие луѓе, не си ги чул лично. Да го земеме само тоа дека ти за сето тоа си слушал, сето тоа си го изучил; ти си страшно учен; но нив лично ти не си ги видел, ти не си бил кај нив, па како можеш за нив точно да судиш! Ти само воо-бразуваш дека ги знаеш. Но дојди малку до нив, ислушај ги, а тогаш — тогаш, јас давам збор за тебе, дека и ти ќе бидеш наш! А што е главно, јас сакам да ги употребам сите средства да те спасам од пропаст, во

тоа твое друштво, за кое толку си се залепил, и да те спасам од твоите убедувања.

Молчејќи и со пакосна насмевка ги слушаше кнезот тие зборови; на неговото лице се гледаше злоба. Наташа го посматраше со нескриена одвратност. Тој тоа го виде, но се правеше како да не го забележува. Но штом заврши Аљоша, кнезот одеднаш гргна во смев. Тој дури се потпре на потпирачот на столот, како да не беше во состојба да се задржи. Но тој смев очигледно беше извештачен. И премногу паѓаше в очи дека тој се смееше единствено за колку што е можно повеќе да го навреди и понижи својот син. Тоа Аљоша, навистина, многу го огорчи; целото негово лице изразуваше необична жалост. Но тој стрпливо дочека да заврши татковото весело расположение.

— Татко, — почна тој тажно, — зошто ми се потсмеваш? Ти пријдов искрено и отворено. Според твое мислење, ако зборувам глупости, ти опамети ме, а немој да ми се смееш. А на што има да ми се смееш? На тоа што ми е денеска свето и благородно? Па добро нека, нека сум јас во заблуда, нека е сето тоа неточно, погрешно, нека сум будала, како што си ме нарекол ти неколкупати; но јас, иако се мамам, јас сум сепак искрен, чесен; јас не сум ја изгубил мојата благородност. Јас се воодушевувам од идеи. Можеби се тие и погрешни, но нивната основа е света. Но јас сум ти кажал дека ни ти, ниту некој од твоите, никогаш не сте кажале ништо што би ми дало правец, што би ме повлекло по вас. Ти побиј ги нив, кажи ми нешто што би било подобро од нивното, па јас и по тебе ќе дојдам, но немој да ми се потсмеваш, зашто тоа многу ме боли.

Аљоша тоа го изговори вонредно благородно и со некакво сериозно достоинство. Наташа со сочувство се загледа во него. Кнезот дури и со чудење го ислуша синот, па веднаш го промени тонот.

— Јас ни малку не сакав да те навредувам, драги мој — одговори тој; — напротив, мене ми е жал за тебе. Ти се готвиш за таков пат во животот на кој веќе би било време да престанеш да бидеш толку лекомис-

лено детиште. Тоа е мојата мисла. Јас се смеев и несакајќи, но воопшто немав намера да те навредувам.

— Па зошто мене тогаш така ми се стори? — продолжи Аљоша со горчливо чувство. — Зошто мене веќе одамна ми се чини дека ти во мене гледаш непријателски, со ладен подбив, а не како татко во син. Зошто мене ми се чини дека, кога би бил на твое место, јас не би го исмевал толку лошо својот син, како ти сега мене. Слушај, сега отворено да се објасниме засекогаш, така што да не остануваат повеќе никакви недоразбирања. И... јас сега ќе ја кажам целата вистина: пред малку кога дојдов овде, мене ми се стори дека и овде дошло до некакво недоразбирање, некако не се надевав дека ќе ве затекнам вас така овде. Така ли е или не? Ако е така, тогаш зар не е подобро секој да ги искаже своите чувства? Колку лошотии можат да се отстранат со искреност!

— Зборувај, зборувај, Аљоша! — рече кнезот. — Тоа што ни го предлагаш е многу паметно. Можеби веднаш требаше да се почне со тоа, — додаде тој погледнувајќи во Наташа.

— Но немој да се лутиш поради мојата целосна искреност, — почна Аљоша, — ти сам ја сакаш, ти ја предизвикуваш. Значи слушај. Ти се согласи со мојата женачка со Наташа; ти ни ја даде таа среќа, и поради тоа се победив самиот себе. Ти беше великодушен, и ние сите ја оценивме твојата благородна постапка. Но зошто сега ти мене постојано, со некаква радост ми спомнуваш дека сум јас едно смешно момче, па дека не сум дораснал да бидам маж; а не само тоа, туку токму како да сакаш да ме исмееш, да ме понижиш, па дури некако да ме оцрниш во очите на Наташа. Ти секогаш си сакал кога си можел во кој било поглед да ме покажеш од смешната страна. И тоа јас не сум го забележал дури сега туку одамна. Изгледа како специјално да се трудиш, не знам од кои причини, да ни докажеш дека овој наш брак е смешен, бесмислен и дека ние не сме еден за друг. Навистина, ти како ни самиот да не веруваш во тоа што ни го готвиш. Како да гледаш на сево ова како на шега, на

интересна досетка, на некаква смешна лакрдија... И јас тоа не го заклучувам само од твоиве денешни зборови. Уште онаа вечер, уште во вторникот, кога се вратив одовде кај тебе, — чув од тебе некакви чудни изрази, кои ме изненадија, па дури и растажија. И во средата, тргнувајќи на пат, ти, исто така, направи неколку чудни алузии на нашава сегашна положба; рече два-три збора за неа, — не навредливо, напротив, но некако не така како би сакал да чујам од тебе, зборуваше некако сосем лесно, некако без љубов, без почит кон неа... Тоа е тешко да се раскаже, но тонот е јасен. Срцето чувствува. Кажи ми дека се мамам. Разувери ме, охрабри нè и мене и неа, зашто ти и неа ја навреди. Јас на прв поглед го почувствував тоа, веднаш штом влегов овде...

Аљоша тоа го изговори со жар и решително. Наташа го слушаше некако свечено, па целата возбудена, со зажарено лице, двапати проговори за себе и во текот на неговиот говор: „Да, да, тоа е вистина!" Кнезот се збуни.

— Драги мој, — одговори тој, — јас, се разбира, не можам да се сетам за сè што сум ти рекол; но многу е чудно што си ги разбрал така моите зборови. Готов сум да те разуверам со сè што можам. Тоа што се смеев сега — и тоа е разбирливо. Ќе ти кажам дури дека со тој мој смев сакав да го прикријам своето болно чувство. Само кога ќе помислам дека ти се готвиш наскоро да станеш маж, мене тоа ми се чини како нешто сосем неизводливо, бесмислено, прости ми, па дури и смешно. Ти мене ми префрлаш поради овој смев, а јас ти велам дека сето тоа е заради тебе. Вистина, и јас сум виновен: можеби и јас самиот во последно време малку внимание ти обрнувам тебе, па затоа дури сега, вечерва, дознав што си во состојба да направиш. Мене сега веќе ме фаќа страв кога ќе помислам за твојата иднина со Наталија Николаевна. Јас многу сум побрзал: гледам дека сте многу различни. Секоја љубов поминува, а разликата засекогаш останува. Не сакам ни да зборувам за твојата судбина, но помисли си те молам, ако се твоите намери чесни:

ти така, освен себе, ќе ја упропастиш уште и Наталија Николаевна, сосем ќе ја упропастиш! Еве, ти нам цел час ни расправаше за љубовта кон човештвото, за благородноста на убедувањето, за благородните луѓе со кои си се запознал. А прашај го Ивана Петрович што му реков јас пред малку кога се качивме на третиов кат по овие одвратни скали, па чекавме да ни ја отворат вратата, и му се заблагодарувавме на господа, што останавме здрави и живи, и ние и нашиве нозе. Знаеш ли ти каква мисла во тој момент и несакајќи ми светна во главава? Се зачудив како си смеел, ти, и покрај толквата љубов кон Наталија Николаевна, да дозволиш таа да живее во ваков стан. Како да не се сетиш дека кога немаш средства, кога немаш можности да ги исполнуваш своите обврски, тогаш немаш право ни да бидеш маж, немаш право да земаш на себе никакви обврски. Самата љубов не е доста; љубовта се изразува во дела. А ти како да велиш: „Макар и да се мачиме, но живеј со мене“. Но тоа не е човечно, тоа не е благородно! Да зборуваш за сеопшта љубов, да се воодушевуваш од општочовечките проблеми, и во исто време да правиш такви злосторства кон љубовта, па и да не ги забележуваш — тоа е неразбирливо. Не прекинувајте ме Наталија Николаевна, оставете ме да завршам. Мене сево ова премногу ме боли, па морам да кажам што ми лежи на срце. Ти Аљоша, велиш дека овие денови си се воодушевувал од сè што е благородно, убаво, чесно, а ми префрлаш мене што во нашето општество нема љубов за тие добродетели, туку сè е само трезвена практичност. Размисли: се занесуваш со благородното и убавото, а после сето она што беше овде во вторникот, четири дена ја запоставуваш таа што треба да биде најмила на светот! Па ти дури и си признал во својот разговор со Катарина Фјодоровна како Наталија Николаевна тебе толку те сака, како е таа толку великодушна што ќе ти го прости твоето злосторство. Но какво право имаш ти да сметаш на таа прошка и дури да се обложуваш дека таа ќе ти прости? И зар ти ни еднаш не си помислил колку маки, колку горчливи мисли, колку

сомневања и насетувања си ѝ задал за овие неколку денови на Наталија Николаевна? Зар ти со тоа што таму си се загреал за некакви нови идеи имаше право да ја запоставиш својата најважна должност? Ве молам, простете ми, Наталија Николаевна, што го прекршив мојот збор. Но оваа работа е поважна од мојот збор: вие тоа и сама ќе го разберете... Знаеш ли ти, Аљоша, дека ја затекнав Наталија Николаевна во таква тешка состојба што веднаш ми беше јасно во каков пекол си ги претворил за неа овие четири денови, кои, напротив, би требало да бидат најубави денови во нејзиниот живот. Такви постапки од една страна а зборови и зборови од друга страна... па зар немам право? И по тоа ти уште смееш да ме обвинуваш мене, макар што ти си прекумера виновен?

Кнезот заврши. Тој дури и се воодушеви од својата красноречивост и не можеше да го скрие од нас неговото задоволство. Кога чу Аљоша за Наташините страдања, тој болно ја погледна, но Наташа веќе беше се решила.

— Доста, Аљоша, не тагувај, — рече таа, — зашто има и такви кои се многу повиновни од тебе. Седни па слушај што ќе му кажам сега на татко ти. Време е да се заврши со тоа.

— Објаснете, Наталија Николаевна, — прифати кнезот, — многу ве молам! Јас еве веќе два часа слушам за тоа само загатки. Тоа станува веќе несносно и, морам да ви кажам, јас не се надевав на таков пречек овде.

— Можеби; затоа што сте сметале со вашето зборување да нè маѓепсате, така што да не ги забележиме вашите скриени намери. Што да ви се објаснува? Вие и самиот знаете и разбирате. Аљоша има право. Вашата прва желба е да нè разделите. Вие уште однапред, скоро напамет, знаевте сè што ќе се случи овде, онаа вечер, во вторникот, — па сè, како на прсти, пресметавте. Јас веќе реков дека вие не гледате сериозно ниту на мене ниту на чекорот што го презедовте јас да се омажам за вашиот син. Вие се шегувате со нас; вие си играте и имате некоја тајна цел. А вашата игра

е сигурна. Аљоша имаше право кога ви префрли дека вие на сево ова гледате како на некаква лакрдија. Вие, напротив, би можеле да се радувате, а не да го прекорувате Аљоша, зашто тој, не знаејќи ништо, исполни сè што очекувавте вие од него, можеби дури и повеќе.

Јас се вчудовидов од изненадување. Очекував дека оваа вечер ќе се случи некаква катастрофа. Но и премногу непријатната искреност од Наташа и очигледниот презирен тон на нејзините зборови ме изненадија во најголема мера. Таа, значи, навистина нешто знаела, — си помислив, — па веднаш се решила на прекин. Таа можеби одвај го чекала кнезот веднаш да му каже в очи сè.

Кнезот малку пребледи. На лицето од Аљоша се појави наивен страв и потиштено очекување.

— Сетете се за што ме обвинивте сега, — викна кнезот, — па макар малку размислете за своите зборови... Јас ништо не разбирам.

— А! Вие значи не сакате да разберете од два-три зборови, — рече Наташа. А еве, дури и тој, дури и Аљоша ве prospe, исто како и јас, макар што порано не сме се договарале, — дури и не сме се виделе! И нему му се сторило дека вие со нас играте недостојна, навредлива игра, а тој вас ве сака и верува во вас како во бога. Вие не сте нашле за потребно да бидете со него малку повнимателен и полукав; сте сметале дека тој нема ништо да забележи. Но тој има чувствително, нежно, впечатливо срце, и вашите зборови, вашиот тон, како што вели тој, го жегнале в срце...

— Ништо, ништо не разбирам! — повтори кнезот, обрнувајќи ми се мене, со израз на најголемо изненадување, како да ме повикува за сведок. Беше лут и вознемирен.

— Вие се сомневате, вие сте возбудена, — продолжи тој, свртувајќи ѝ се нејзе, — или просто речено: вие сте љубоморна на Катарина Фјодоровна, па затоа сте готова да го обвините целиот свет, а прво мене... дозволете да ви кажам сè: чуден поим може човек да добие за вашиот карактер... Не сум научен на вакви сцени; јас во ниеден момент не би останал овде по сето

ова, кога овде не би биле во прашање интересите на мојот син... Јас сè уште очекувам дека ќе бидете толку добра да се изјасните.

— Вие, значи, сепак и натаму сте упорен па не сакате да разберете кога ќе ви се каже во два збора макар што сето тоа добро го знаете? Вие бездруго сакате сè отворено да ви кажам?

— Јас би го сакал тоа.

— Е па добро, тогаш слушнете, — викна Наташа налутено светнувајќи со очите. — Сега ќе ви кажам сè, сè!

ТРЕТА ГЛАВА

Таа стана па почна да зборува стоејќи, и не забележувајќи го тоа од возбуда. Кнезот слушаше, па и тој стана од место. Целата таа глетка стануваше премногу свечена.

— Сетете се самиот на своите зборови во вторникот, — почна Наташа. — Рековте: мене ми требаат пари, разгазен пат, углед во светов, — се сеќавате ли?

— Се сеќавам.

— Па затоа, за да дојдете до тие пари, за да ги постигнете сите тие успеси што ви се оттргнуваа од раце, вие затоа и дојдовте овде, во вторникот, па го измисливте тоа за женачката, сметајќи дека таа лакрдија ќе ви помогне да го уловите тоа што досега не ви поаѓаше од рака.

— Наташа, — викнав јас, — помислете што зборувате.

— Лакрдија! Сметка! — повтори кнезот со израз на крајно навредено достоинство.

Аљоша седеше строшен од јад, па ги посматраше скоро ништо не разбирајќи.

— Да, да, не прекинувајте ме, јас се заколнав сè да искажам, — продолжуваше огорчено Наташа. — Сетете се и самиот: Аљоша не сакаше да ве слуша. Цела половина година се мачевте вие околу него, како да го одбиете од мене. Но тој не ви попушташе. И, одеднаш, кај вас дојде моментот кога повеќе не можеше да се чека. Зашто, ако го пропуштите, тогаш кандидатката за мажење, а што е главно, парите, цели три милиони мираз, би ви се оттргнале од рака. Ви останува-

ше само едно: Аљоша да ја засака таа која вие му ја одбравте за невеста. Вие сметавте: навистина ако ја засака, можеби и ќе ме остави мене . . .

— Наташа, Наташа, — тажно викна Аљоша, — што зборуваш!

— Вие така и направивте, — продолжи таа, не запирајќи се на извикот од Аљоша, — но, и тука сега пак истата поранешна историја! Сето тоа би можело некако да се нареди, — но пак јас пречам! Едно само можеше да ви даде надеж: вие, како искусен и досетлив човек, можеби уште тогаш забележавте дека на Аљоша понекогаш како да му е тешко неговото поранешно чувствување. Не можевте да не забележите дека тој мене почнува да ме запоставува; дека некогаш му е здодевно кај мене; дека и по пет денови не доаѓа кај мене. Како да си велевте: можеби таа ќе му здодее, па и ќе ја остави. Но одеднаш во вторникот, решителната постапка на Аљоша сосем ве изненади. Што ќе правите сега?

— Дозволете, — викна кнезот, — напротив, токму тој факт . . .

— Јас велам, — упорно го прекина Наташа, — вие моравте да се запрашате онаа вечер: „Што да се прави сега?“ — па решивте да му дозволите да се ожени со мене, но не вистински, туку така, на зборови, само за да го смирите. Рокот на венчавањето, си помисливте, може да се одложува колку што ќе биде потребно, а меѓутоа, неговата нова љубов веќе беше започнала — вие тоа го забележавте. И еве, на тој почеток од новата љубов вие и засновавте сè.

— Романи, вистински романи, — одговори кнезот, полугласно, како за себе, — самотија, фантазија и читање на романи!

— Да, на таа нова љубов вие засновавте сè, — повтори Наташа, не слушајќи го и не обрнувајќи му внимание на кнезовото зборување, целата во трескав жар, и сè повеќе и повеќе палејќи се, — и тоа доста поволни можности за таа нова љубов! Зашто таа љубов започна кога тој уште убаво и не ги познаваше сите убави особини на таа девојка! Во истиот момент кога тој,

онаа вечер, ѝ се исповеда на таа девојка дека не може да ја сака, зашто поранешна обврска и друга љубов тоа му го забрануваат, — таа девојка, одеднаш покажува пред него толку благородност, толку чувствување кон него и кон својата соперничка, толку искрено прошта-вање, што тој, макар што верувал во убавината на нејзината душа, сепак и не помислувал до тој момент дека таа би можела да биде толку прекрасна. — Тогаш тој дојде и кај мене, — па за ништо друго не ми зборуваше освен за неа; таа премногу го пленила. Да, тој веќе бездруго морал да ја почувствува незапирливата потреба утре пак да го види тоа прекрасно суштество, па макар тоа да е само од благодарност. А зашто да не оди кај него? Зашто таа, поранешната, повеќе не страда, нејзината судбина е сигурна: нејзе ѝ се дава целиот живот, а таму само некој момент . . . И колку неблагодарна би била таа Наташа кога би била љубоморна дури и на тој еден момент! И така незабележливо ѝ се одзема на таа Наташа, наместо еден момент, по еден ден, два, три . . . А, меѓутоа, во тоа време таа девојка му се покажува во сосем неочекуван, нов вид; таа е толку благородна, ентузијастка и, во исто време, толку наивно дете, и со тоа по карактерот, толку слична со него. Тие се колнат дека еден на друг ќе си бидат само добри пријатели, брат и сестра, сакаат додека се живи да не се разделат. „За околу пет-шест часови разговор“, целата негова душа се отвора за нови чувства, а неговото срце целото се предава . . . Ќе дојде, најпосле, време, — си мислите вие, — кога тој ќе ја спореди својата поранешна љубов со новата, со свежите чувства: таму сè познато, старо; таму толку сериозност, толкави барања; таму е љубомора, префрлање, плач. А таа дури и ако почне со него да се шегува, да си игра, тогаш токму како со некој кој не е за неа, туку како со дете . . . а што е главно: сè така старо, познато . . .

Солзи и горчлив грч ја задушуваа, но Наташа уште за момент се совлада.

— А што натаму? Натаму, времето го прави своето, зашто денот на венчавањето со Наташа уште не

е закажан; има доста време па сето тоа ќе се измени... А тука се и вашите зборови, алузии, разјаснување, вашата красноречивост... Може нешто дури и да се измисли против таа здодевна Наташа. Може и да се прикаже во некаква неповолна светлина па... штом се сврши тоа — не се знае, но победата е ваша! Аљоша! Немој да ме обвинуваш, златен мој! Не зборувам дека не ја разбирам твојата љубов и дека доволно не ја ценам. Зашто јас знам дека ти и сега ме сакаш и дека во овој момент можеби и не ги сфаќаш моите жалби. Знам дека многу, многу лошо направив што го кажав сега сето ова. Но, што да правам, кога јас сето тоа го сфаќам, а тебе сè повеќе и повеќе те сакам... просто до лудило!

Таа го покри лицето со рацете, падна на столот, па како дете заплака. Аљоша извика и се спушти кон неа. Тој никогаш не можеше да ги види нејзините солзи а самиот да не заплаче.

Нејзиниот горчлив плач токму добро му дојде на кнезот; целиот занес од Наташа во текот на тоа долго објаснување, целата жестокост на нејзините испади против него, на кои тој, само од пристојност, требаше да се навреди, сето тоа сега очигледно можеше да се сфати како избезумен настап на љубомора, како навредена љубов, дури и како болна состојба. Дури би требало да се покаже сочувство...

— Смирете се, смирете се, Наталија Николаевна, — ја тешеше кнезот, — сето тоа е само претераност, фантазија, — последица на вашата самотија... Вие толку сте биле навредена со неговото лекомислено однесување... Но тоа е само една лекомисленост од негова страна. Најважниот факт кој вие особено го нагласивте, оној случај во вторникот, побргу би требало да ви ја докаже целата безграничност на неговата преданост кон вас, а вие, напротив, сте помислиле...

— О, не зборувајте ми, не мачете ме барем сега! — го прекина Наташа горко липајќи. — Мене веќе срцево ми кажа сè и одамна ми кажало! Па зар мислите дека јас не гледам оти неговата поранешна љубов помина... Овде, во оваа соба сама... кога ме остава-

ше така сама и ме забораваше . . . јас сето тоа го преживував . . . за сè размислував . . . А што можев друго и да правам! Јас тебе ништо не те обвинувам, Аљоша . . . што ме измамувате вие. Зар вие мислите дека не сум се обидувала и самата да се измамувам! О, колкупати, колкупати! Зар јас не сум го наслушувала секој звук на неговиот глас? Зар не сум се научила од лицето да му читам, од неговиот поглед? Сè пропадна, сè е закопано . . . Тешко мене, несреќница!

Аљоша плачеше пред неа на колена.

— Да, да, за тоа сум виновен јас! Сето тоа е поради мене! . . . — повторуваше силно липајќи.

— Не, не обвинувај се самиот, Аљоша . . . Има тука други . . . наши непријатели. Тоа се тие . . . тие!

— Но, дозволете, најпосле, — почна кнезот малку нестрпливо, — поради што ми ги припишувате вие мене сите тие . . . злосторства? Зашто тие се само ваши нагаѓања, со ништо недокажани . . .

— Докази! — викна Наташа, бргу исправајќи се на столот — вам ви требаат докази, подмолен човеку! Па зар можевте да се однесувате поинаку кога дојдовте овде со вашиот предлог! Вам ви беше потребно да го смирите вашиот син, да ја заспиете неговата совест, за да може побезгрижно и послободно целиот да ѝ се предаде на Катја; зашто инаку тој постојано би се сеќавал за мене, не би ви се подавал, а вам би ви се здодеало да чекате. Кажете дали е така?

— Признавам, — одговори кнезот со злобна насмевка, — да имав цел да ве измамам, јас навистина ќе пресметав така. Вие сте многу . . . остроумна, но сето тоа првин треба да го докажете па дури тогаш да ги навредувате луѓето со такви прекори.

— Да се докаже! А сето ваше поранешно однесување, кога го одбивавте од мене! Тој што го учи синот да ги запоставува и да се шегува со таквите обврски заради великосветска полза, заради пари, — тој го одвраќа! Ги спомнавте пред малку нечистите скали и лошиов стан. Па зар не му го одзедовте издржувањето што му го дававте порано за да нè принудите да се разделиме поради сиромаштија и глад? Поради вас

ние спаднавме на ваков стан, на нечисти скали, а вие уште смеете за тоа да му префрлите, вие лицемерен човеку! И од каде вам, одеднаш, онаа вечер ви се појави таков жар и такви нови вам несвојствени уверувања? И зошто сум ви затребала толку? Одев по собава овие четири денови; за сè размислував, сè измерив, секој ваш збор, израз на вашето лице, па се уверив дека сето тоа беше наместено, лакрдија, подбив, навредливо, ниско и недостојно... Јас ве знам, уште одамна ве знам! Секогаш кога доаѓаше Аљоша откај вас јас на лицето му читав сè што сте му туриле во главата; сите ваши влијанија на него јас сум ги проучила! Не, нема да ме измамите. Можеби вие имате уште некакви сметки, а можеби јас и не сум го кажала најважното. Но сеедно! Вие ме измамувавте — тоа е главно! А токму тоа сакав да ви го речам в очи.

— Дали тоа што го кажавте е сè? Овие ли се сите ваши докази? Но помислете вие, луничава жено, со тој истап (како што го нарековте вие мојот предлог во вторникот) јас и премногу се врзував и самиот. Тоа би било премногу лекомислено од мене.

— Со што, со што сте се врзувале вие? И што е тоа за вас: мене да ме измамите? И воопшто, што значи да се навреди една девојка! Зашто таа е една бегалка, од татка си отфрлена, без заштита, која самата се и з в а л к а л а, н и к а к в и ц а! Има ли смисла да се стеснувате кон неа, кога таа ш е г а може да донесе каква било, макар и најмала корист?

— Во каква положба се доведувате вие самата, Наталија Николаевна, помислете! Вие постојано тврдите дека од моја страна ви била нанесена навреда. Но таа навреда е толку важна, толку понижувачка, што јас не разбирам како можете и да претпоставите такво нешто, а особено уште и натаму да го тврдите тоа. Треба да се биде научен на многу нешта, за да може толку лесно, простете ми, да се помисли тоа. Јас имам право да ве прекорам затоа што вие го буните против мене мојот син; иако тој сега уште не станал против мене поради вас, неговото срце е веќе против мене...

— Не, татко, не! — викна Аљоша, — ако не сум станал против тебе, тоа значи дека верувам оти ти не си можел да ја навредиш, а не би можел ни да помислам дека е воопшто и возможно така човек да се навредува!

— Слушате ли? — викна кнезот.

— Наташа, за сè сум виновен јас, а него немој да го обвинуваш. Тоа е погрешно и ужасно.

— Слушаш ли, Вања, тој е веќе против мене! — викна Наташа.

— Доста, — рече кнезот, — треба веќе еднаш да се заврши оваа тешка сцена. Тој слеп и разјарен излив на љубомора ги преминува сите граници и го прикажува вашиот карактер во сосем нова светлина за мене. Јас сега сум предупреден. Ние премногу сме побрзале, навистина сме побрзале. Вие дури и не забележувате колку ме навредивте; за вас тоа не е ништо. Сме побрзале... побрзале... се разбира, мојот збор треба да биде светол, но... јас сум татко и му сакам среќа на својот син...

— Вие го повлекувате вашиот збор, — викна Наташа, избезумена, — вие се израдувавте и се фаќате за случајот! Но знајте дека јас сама уште завчера, овде во самотија, се решив да го ослободам од даденият збор, а сега тоа овде пред сите и го потврдувам. Јас се одрекувам!

— Поправо, можеби вие со тоа сакате да го оживеете во него поранешното неспокојство, чувство на должност, целиот „копнеж за своите обврски“ (како што се изразивте вие самата пред малку), за да го врзите повторно за себе како што беше порано. Зашто токму тоа излегува по вашата теорија. Јас затоа зборувам вака, но доста; времето ќе реши. Јас ќе очекувам некој спокоен момент со вас да се објаснам. Се надевам дека ние нашите односи дефинитивно не ги прекинуваме. А се надевам дека со времето ќе се научите подобро да ме цените. Уште денеска сакав да ве запознам со својот план во поглед на вашата фамилија, од што ќе се уверевте... Но доста! Иване Петрович! — додаде тој, приоѓајќи ми мене, — сега повеќе отколку порано

ќе ми биде драгоцено со вас одблиску да се запознам, а и да не зборуваме дека јас тоа одамна сум го сакал. Се надевам дека вие ќе ме разберете. Овие денови ќе дојдам кај вас; ќе ми дозволите ли?

Јас му се поклонив. Мене ми се стори дека сега веќе не можев и натаму да го избегнувам запознавањето со него. Тој ми ја стегна ракава, молчејќи ѝ се поклони на Наташа, па излезе со израз на навредено достоинство.

ЧЕТВРТА ГЛАВА

Неколку минути никој од нас не проговори ни збор. Наташа седеше замислена, ужалена и како убиена. Целата нејзина енергија одеднаш ја снема. Таа се загледа право пред себе, но се гледаше дека таа ништо не забележува, и како што знаете, ја држеше раката од Аљоша во својата рака. Тој полека го доплакуваше својот јад, овде-онде погледнувајќи во неа со уплашена љубопитност.

Најпосле почна плашливо да ја теши, ја молеше да не се лути и се обвинуваше самиот. Се гледаше дека многу сака да го оправда татка си и дека тоа особено му лежи на срце. Неколкупати започнуваше да зборува за тоа, но не смееше јасно да се изрази, плашејќи се да не ја налути пак Наташа. Тој ѝ се колнеше дека вечно, непроменливо ќе ја сака, и многу се правдаше поради својата оданост кон Катја. Постојано повторуваше дека ја сака Катја како сестра, како мила, добра сестра, која тој никако не може да ја остави; дека тоа дури би било грубо и сурово од негова страна, и постојано ја уверуваше Наташа дека кога ќе се запознае таа со Катја, оти тие веднаш ќе се спријателат, така што никогаш нема ни да се разделуваат, а тогаш веќе никакви недоразбирања нема да постојат. Таа мисла особено му се допадна. Тој не го разбра стравот на Наташа, а и воопшто не разбра добро што му зборуваше таа пред малку на неговиот татко. Виде само дека тие се искараа, и тоа особено, како камен, го тиштеше во срцето.

— Ти мене сега ме обвинуваш поради татко ти? — го праша Наташа.

— А како би можел да те обвинувам, — ѝ одговори тој со горчливо сочувство, — кога сум самиот јас причина за сè и виновен за сè? Јас и те доведов до таково огорчување, а ти, така лута, го обвини, зашто сакаше да ме оправдаш; ти секогаш ме оправдуваш, макар што јас тоа не го заслужувам. Требаше да се пронајде виновникот, а ти помисли дека е тој. А тој, навистина, навистина не е виновен! — викна Аљоша, воодушевувајќи се. — И зар тој со ваква помисла доаѓал ваму! Зар тоа го очекувал!

Но кога виде дека Наташа го гледа тажно и прекорно, тој веднаш се збуни.

— Но, нема, нема, прости ми, — рече тој. — Јас сум виновен за сè.

— Да Аљоша, — продолжи таа со болка во душата. — Сега, еве, тој се испречи меѓу мене и тебе, па ни го наруши мирот за цел живот. Ти секогаш си веруал во мене повеќе отколку во кого било друг. А сега тој влеа во твоето срце сомневање и недоверба кон мене. Тој ми зеде половина од твоето срце. Ц р н а м а ч к а претрча меѓу нас.

— Не зборувај така, Наташа! Зошто велиш, „црна мачка“? — него го огорчи тој израз.

— Тој со неговата лажна добрина и лажна великодушност те привлече кон себе, — продолжи Наташа, — и отсега сè повеќе ќе те буни против мене.

— Ти се колнам дека не ме привлекол, — викна Аљоша со уште поголем жар. — Тој само во лутина рече дека сме „побрзале“, — ти и самата ќе го видиш тоа, уште утре, овие денови, тој ќе се покае поради тој збор. Но, ако се налутил во толкава мера што вистински да не се согласува со нашиот брак, јас, ти се колнам, нема да го послушам. Јас можеби ќе најдам во себе сила за тоа . . . А знаеш кој ќе ни помогне во тоа? — викна тој одеднаш, целиот восхитен со својата идеја. — Катја ќе ни помогне! И ќе видиш какво прекрасно суштество е таа! Ќе видиш дека таа за ништо нема да се согласи да ти биде соперница, ниту да нè разделува

нас! И колку беше неправедна пред малку кога рече дека јас сум еден од оние што веќе првиот ден по свадбата ќе престане да сака. Колку ми падна тешко кога го чув тоа! Не, јас не сум таков, а тоа што сега одев малку почесто кај Катја . . .

— Доста, Аљоша, оди слободно кај неа кога сакаш. Јас пред малку не мислев на тоа. Ти не си ме разбрал добро. Биди среќен со кого сакаш. Не можам да барам јас од твоето срце повеќе отколку што може да ми даде.

Влезе Мавра.

— Што е, да ви донесам ли чај? Што мислите, веќе два часа самоварот врие. Веќе е единаесет часот.

Таа праша грубо и налутено. Се гледаше дека е многу лута и дека ѝ замерува на Наташа. Работата беше во тоа што таа сите овие денови, уште од вторникот, беше толку восхитена што се мажи нејзината госпоѓица (која многу ја сакаше), така што раструби по целата куќа, по сите соседи, во бакалницата, кај куќниот настојник. Таа се фалеше, и со триумф расправаше дека кнезот — голем господин, генерал, и страшно богат — лично дошол да моли за согласност од нејзината госпоѓица, а таа, Мавра, дека го чула тоа со своите уши, а сега, одеднаш, сето тоа отиде по ѓаволите. Кнезот си замина дома лут; чај не се послужи, а, се разбира, за сè е виновна госпоѓицата. Мавра чу колку надмено разговараше таа со кнезот.

— Па добро . . . донеси, — ѝ одговори Наташа.

— Да донесам ли и закуска?

— Па можеш и закуска.

Наташа се збуни.

— Приготвивме, приготвивме, — мрмореше натаму Мавра, — ми паднаа нозеве уште од вчера! По вино дури на Невски отрчав, а сега . . .

И таа излезе налутено треснувајќи ја вратата.

Наташа целата порумени и некако чудно погледна во мене. Меѓутоа, Мавра донесе чај, па веднаш потоа и закуска. Тука имаше дивеч, некаква риба, две шишиња сортно вино од Елисеева.

„Зошто ли приготвила олку“? — си помислив.

— Еве, Вања, каква сум ти јас! — рече Наташа, приоѓајќи кон масата и збунувајќи се дури и пред мене. — Насетував дека денеска сè ќе сврши токму вака како што беше, па сепак мислев дека и не мора така да сврши. Аљоша ќе дојде, ќе почне да се мири, ќе се смириме; сите мои сомневања ќе се покажат неосновани; тие ќе ме разберат, — па, еве, за секој случај, приготвив и закуска. Па што, помислив, ќе се расприкажеме, ќе останеме подолго време и ќе заседнеме...

Кутра Наташа! Целата црвенееше додека го зборуваше тоа.

Аљоша се воодушеви.

— Еве гледаш, Наташа! — викна тој. — Ти и самата себеси не си верувала. Пред два часа уште не си им верувала на твоите сомневања. Не, сето тоа треба да се поправи. Јас сум виновен, јас сум причина за сè, јас ќе го поправам сето тоа. Наташа, дозволи ми веднаш да одам кај татко ми. Морам да го видам; тој е навреден; треба сега да се утеши. Јас ќе му кажам сè, само во мое име, само во мое име; ти тука нема да бидеш смешана. Па сето тоа убаво ќе го доведам во ред. Не лути ми се мене што сакам да одам кај него и што ќе те оставам. Ова е сосем друго нешто. Мене ми е жал за него. Тој ќе се оправда пред тебе; ќе видиш... Утре, штом ќе се раздени, јас сум кај тебе, и цел ден сум кај тебе, а кај Катја нема да одам...

Наташа не сакаше да го задржи, туку дури и самата го посоветува да оди. Таа многу се плашеше дека Аљоша сега намерно, с о с и л а, ќе седи кај неа по цели денови, па дека ќе му стане здодевна. Таа само го молеше тој во нејзино име ништо да не зборува, па се трудеше на разделбата што повесело да се насмевне. Тој веќе сакаше да излезе, но одеднаш ѝ дојде, ја зеде за двете раце, па седна крај неа. Со неискажана нежност се загледа во неа.

— Наташа, мила моја, ангеле мој, не лути ми се мене, и немој никогаш повеќе да се караме. И дај ми чесен збор дека секогаш ќе ми веруваш, а и јас тебе. Еве што ќе ти кажам сега, ангеле мој. Еднаш јас и ти, сега не знам околу што, се скаравме. Се сеќавам дека

бев јас виновен. Не зборувавме еден со друг. Јас воопшто не сакав да те молам за прошка, но ми беше страшно тешко. Одев низ град: каде не отидов, наминував кај пријатели, а на срцево ми беше тешко, претешко . . . И тогаш ми текна: што би било кога ти на пример, одеднаш, би се разболела и би умрела? А кога го помислив тоа, мене одеднаш ме фати таков очај како да сум те изгубил навистина, засекогаш. Мислите ми стануваа сè потешки, сè пострашни. И така, малку — по малку, јас почнав во себе да замислувам како да сум ти дошол на гробот, сум паднал на него, целиот избезумен, сум го прегрнал, и сум умрел од тага. Замислував како би го бацувал јас тој гроб, како би те викал од гробот, барем само за еден миг, и би го молел господа за чудо, ти макар за еден миг да воскреснеш пред мене. Просто се гледав самиот како ќе се спуштам да те прегрнам, како ќе те стегнам во себе, како ќе те бацувам, па, ми се чини, би умрел од среќа што барем за еден миг, како и порано, сум можел да те прегрнам. И додека замислував така, мене одеднаш ми дојде мисла: ете, тогаш само за миг би му се молел за тебе на бога, а меѓутоа, ти беше со мене цели шест месеци, и за тие шест месеци колкупати се искаравме, колку денови еден со друг збор не прозборувавме! По цели денови бевме скарани, ја презиравме својата среќа, а сега само за еден миг те викам од гроб, а за тој миг готов сум да платам со целиот мој живот . . . Кога го помислив во себе сето ова, јас не можев да издржам, туку во истиот момент побрзав кај тебе, дотрчав овде, а ти веќе ме чекаше, па кога се прегрнавме по расправијата, се сеќавам, колку силно те притискав на градиве, како навистина да треба да се лишам од тебе. Наташа! Да не се караме повеќе никогаш! Мене тоа секогаш толку тешко ми паѓа! И зар е можно, господе боже, и да се помисли дека јас тебе би можел да те оставам!

Наташа плачеше. Тие силно се прегрнаа, а Аљоша уште еднаш ѝ се заколна дека никогаш нема да ја остави. Потоа стрча кај татка му. Тој беше силно уверен дека сега ќе поправи сè и сè ќе доведе во ред.

— Сè е готово! Сè пропадна, — рече Наташа грчевито стегајќи ми ја раката. — Тој ме сака, и никогаш нема да престане да ме сака; но тој ја сака и Катја, а по извесно време ќе ја сака повеќе отколку мене. А и онаа змија, кнезот, нема да дреме, а тогаш...

— Наташа! Јас и самиот верувам дека кнезот овде не постапува чисто, но сепак...

— Ти не веруваш во сето тоа што му го кажав? Го забележав тоа на твоето лице. Но причекај па и самиот ќе видиш дали имам право, или не. Зашто јас сето ова само воопшто го зборував, а господ знае што му се крие уште во мислите! Тој е ужасен човек. Одев овие четири денови овде низ собава, па сфатив сè. Нему точно му требало да го ослободи, да го олесни срцето на Аљоша од неговата тага по мене, која му пречеше да живее, од обврската да ме сака. Тој ја измудрува свршувачката уште и за да се впика меѓу нас со своето влијание и да го плени Аљоша со своето благородство и великодушност. Тоа е вистина, вистина, Вања! Зашто Аљоша е токму таков карактер. Тој на таков начин би се смирил во поглед на мене. Би му поминала грижата поради мене. Тој би помислил: „Па таа е сега моја жена, засекогаш со мене“, и поради тоа и несакајќи повеќе би ѝ обрнувал внимание на Катја. Кнезот очигледно добро ја проучил таа Катја па почувствувал дека таа му одговара на Аљоша, па дека таа ќе може посилно да го занесе отколку јас. Ох, Вања! Ти сега си целата надеж моја: кнезот сега поради нешто сака да се зближи со тебе. Не отфрлај го тоа, и гледај, жити бога, што побргу да стасаш до грофицата. Запознај се со Катја, разгледај ја одблиску, па да ми кажеш: која е таа и каква е. Мене ми е потребно таму да биде твоето око. Зашто никој мене не ме разбира така како ти, и ти единствен ќе сфатиш што ми треба мене сега. И разгледај уште во колкав степен веќе се зближиле тие, што има меѓу нив, за што зборуваат. Катја, Катја пред сè да ја запознаеш!... Докажи ми го уште овојпат, мил, драги мој Вања, докажи ми го уште еднаш твоето пријателство! Ти си сега целата моја надеж!...

Кога се вратив дома, беше еден часот по полноќ. Нели ми ја отклучи вратата целата сонлива. Таа се насмевна и благо ме погледна. Кутрата, многу се косеше затоа што заспала. Таа сакала будна да ме дочека. Ми рече дека доаѓал некој, прашувал за мене, седел со неа и ми оставил на масата писменце. Тоа беше од Маслобоев. Тој ме викаше да појдам кај него утре, во еден часот. Сакав од Нели да чујам нешто повеќе, но оставив за утре, настојувајќи таа веднаш да легне да спие. Таа, кутрата, и без тоа беше се изморила чекајќи ме, а беше заспала само половина час пред моето доаѓање.

ПЕТТА ГЛАВА

Утрината Нели ми кажа за синоќешниот посетител доста чудни работи. Најпосле, чудно беше и самото тоа што му паднало на памет на Маслобоев таа вечер да дојди кај мене, зашто тој добро знаеше дека нема да бидам дома. Јас и самиот го предупредив за тоа при последното наше виѓавање, — за ова многу добро се сеќавав. Нели ми раскажа дека таа од почетокот не сакала да му отвори, зашто се плашела — било веќе осум часот вечерта. Но тој ја измолил низ заклучената врата, уверувајќи ја, дека ако не ми остави сега писменце, утре тоа за мене ќе биде голема штета. Кога го пуштила во станот, тој веднаш напишал писменце, потоа ѝ пристапил па седел до неа на канабето. „Јас станав и не сакав да зборувам со него, — ми расправаше Нели, — многу се плашев од него. Тој почна да ми зборува за Бубнова — како се лути таа сега, но дека таа сега веќе не смее да ме земе назад, па почна вас да ве фали. Ми рече дека вие двајцата сте добри пријатели, и дека тој ве знаел уште како младо момче. Тогаш почнав со него да разговарам. Тој извади бонбони, па ме молеше и јас да земам. Не сакав. Тој тогаш почна да ме уверува дека е добар човек, дека знае да пее и да игра. Скокна па почна да игра. Мене тоа ми беше смешно. Потоа рече дека ќе поседи уште малку. — „Ќе го причекам — вели — уште малку Вања, сигурно ќе дојде“ — па почна многу да ме моли да не се плашам од него и да седнам до него. Јас седнав, но не сакав ни-

што да зборувам со него. Тогаш тој ми рече дека ги познавал мама и дедо и . . . тогаш почнав да зборувам. И долго време си поседи . . .

— А за што разговаравте?

— За мама . . . За Бубнова . . . па за дедо . . . Се задржа можеби околу два часа.

Нели како да не сакаше да расправа за што разговарале тие двајца. Не сакав многу да ја распрашувам, сметајќи дека сето тоа и така ќе го дознам од Маслобоев. Мене само ми се стори дека Маслобоев намерно наминал во мое отсуство за да ја затече Нели сама. „Зошто му е тоа?“ — си помислив.

Таа ми покажа три бонбони што ѝ ги дал тој. Тие беа карамели во зелени и црвени книвчиња, многу лоши и, по сè изгледа, купени од уличен продавач. Нели се засмеа кога ми ги покажа.

— Па ти изгледа не си ги јадела?

— Не сакам, — одговори таа сериозно, смуртувајќи ги веѓите. — Не сакав ни да ги земам, — тој самиот ги остави овде на канабево . . .

Тој ден имав да одам на многу места. Почнав да се разделувам од Нели.

— Тебе ти е здодевно сама?

— Па и ми е, и не ми е. Здодевно ми е затоа што вас толку долго време ве нема . . .

И дури ми го зборуваше тоа таа ме погледна толку нежно. Целото тоа утро ме гледаше со таков поглед и ми изгледаше толку весела, толку милозлива, но во исто време кај неа имаше нешто срамежливо, дури уплашено — исто како да се плашеше да не ми здодева со нешто да не ја изгуби мојата наклоност и . . . да не ми се исповеди премногу, — исто како да се срамеше од тоа.

— А зошто не ти е здодевно? Оти ти рече дека „и ти е и не ти е здодевно“? — ја прашав и не сакајќи ѝ се насмевнав и, така ми дојде мила и драга.

— Знам зошто, — одговори таа насмевнувајќи се, па пак се засрами.

Ние тоа го зборувавме на прагот, на отворена врата. Нели стоеше пред мене, со сведнати очи, со едната

рака држејќи се на моето рамо, а со другата скубејќи ми го ракавот од капутот.

— А тајна ли е тоа? — ја прашав јас.

— Не... ништо... Јас... јас вашата книга, кога отидовте вие, почнав да ја читам, — проговори таа полугласно, па ме погледна со продорен нежен поглед и целата порумени.

— А, тоа е! Па ти се допаѓа ли?

Бев збунет, како писател кога го фалат в очи; но би дал којзнае што да можев во тој момент да ја бацам. Само, тоа би било незгодно.

Нели молчеше.

— Зошто, зошто умре тој? — праша таа со израз полн со длабока тага, погледнувајќи ме попатно, па пак го спушти погледот.

— Кој?

— Па ете, момчето, од офтика... во книгава?

— Па што можам јас тука — така мораше да биде, Нели.

— А зошто да умре? — одговори таа скоро шепотејќи, но некако одеднаш, бргу, скоро налутено собирајќи ги усничките и уште поупорно сведнувајќи го погледот.

Помина уште една минута.

— А таа... но, па и тие другите... девојката и оној чичкото, — шепотеше таа некако сè повеќе скубејќи ми го ракавот; — ќе живеат ли тие после заедно? Ќе бидат ли сиромаси?

— Не, Нели, таа ќе отпатува далеку; ќе се омажи за благородник; а тој ќе остане сам, — ѝ одговорив со голема жалост, навистина и самиот жалејќи што не можам да ѝ кажам нешто поутешно.

— Значи, ете... Ете како оди тоа! Их, какви се! Нема сега повеќе ни да читам...

Тука таа налутено ја турна мојата рака, бргу се сврти од мене, отиде до масата па се сврти со лицето кон аголот, со наведнат поглед. Таа целата поцрвени и нервозно дишеше, како да е од некого страшно огорчена.

— Ама, што ти е, Нели? Ти се налути! — почнав, приоѓајќи ѝ. — Па тоа што го пишува таму не е вистина — сето тоа е измислено. Па зошто да се лутиш! Чувствително девојче!

— Па јас не се лутам, — проговори таа, плашливо кревајќи го на мене погледот — толку сјаен и полн со љубов. Потоа одеднаш ми ја фати раката, го притисна на моите гради нејзиното лице, па потоа заплака.

Но во истиот момент и се засмеа; и плачеше и се смееше во исто време. Мене ми дојде и смешно и некако . . . слатко. Но таа воопшто не сакаше да ја крене главата кон мене, и штом почнав веќе да го тргам нејзиното лице од моиве гради таа сè повеќе и повеќе се впиваше во нив, и сè повеќе и погласно се смееше.

Најпосле заврши таа чувствителна сцена. Се простивме; јас брзав. Нели, целата вцашена и просто посрамена, со очи сјајни како ѕвездички, истрча по мене до скалите, и ме молеше да се вратам што побргу. Ѝ ветив дека ќе се вратам на ручек и колку што е можно порано.

Првин отидов кај старите. Двајцата беа нешто слаби. Ана Андреевна беше сосема болна; Николај Сергеич седеше во својот кабинет. Слушна дека дојдов. но јас знаев дека тој, како и обично, нема да излезе пред да помине четврт час: да нè остави да се изнаприкажеме. Не сакав многу да ја растажувам Ана Андреевна; па затоа, колку што можев, го ублажив тоа што ѝ го кажав за сношната вечер. Но ѝ ја кажав вистината. За мое изненадување, старичката, макар што беше огорчена, сепак веста за можноста за разделба ја прими без чудење.

— Па јас, баќушка, одамна го очекувам тоа, — рече таа. — Онојпат кога си отидовте, јас долго време размислував, па дојдов до заклучок дека од тоа нема да биде ништо. Не сме го заслужиле ние тоа од господа бога, а и тој човек е некаков подлец. Кој би можел да очекува некакво добро од него? Зашто, не е шега: десет илјади зеде од нас за ништо. И знае дека е за ништо, па сепак ги зеде. Последното парче леб

ни го грабнува! Ќе ја продаде Ихмењевка. А Наташенка има право, и паметна е што не им поверувала. А знаете ли вие, баќушка, — продолжи таа, спуштајќи го гласот. — Овој мојов, овој мојов! Сосем е против тој брак. Понекогаш и ќе се отпушти: „Не сакам, вели, ни да чујам!“ Јас во прво време мислев дека тој само така, но не — тој сериозно го вели тоа. Па што ќе биде сега со неа, со гулабицата моја? Зашто тој неа тогаш сосем ќе ја проколни. Да, а оној, Аљоша, што ли мисли тој?

И уште долго време така ме прашуваше и, по својот обичај, издишуваше и при секој мој натамошен одговор уште повеќе се растажуваше. Воопшто имав забележано дека таа во последно време некако сосем беше збунета. Секоја вест ја потресуваше. Жалоста за Наташа ѝ ја убиваше и душата и здравјето.

Влезе и стариот во домашен мантил и со влечки. Се жалеше дека има треска, но со нежност погледна во жената и за цело време додека бев кај нив ја служеше како негувателка, ѝ се загледуваше в очи, дури се стеснуваше пред неа. Во погледите имаше многу нежност. Тој беше уплашен од нејзината болест; чувствуваше дека ќе остане без ниеден свој во животот ако ја изгуби уште неа.

Преседев кај нив можеби еден час. Кога се поздравувавме; тој излезе по мене до претсобјето, па почна да зборува за Нели. Имаше вистинска намера да ја земе кај него дома, наместо ќерка. Почна да се советува со мене како да ја придобие за тоа Ана Андреевна. Со особено љубопитство ме распрашуваше за Нели, и дали сум дознал уште нешто ново за неа. Тоа што го знаев му го кажав на брза рака. Моето кажување му остави впечаток.

— Пак ќе разговараме за тоа, — рече тој решително. — А засега . . . Туку, јас и самиот ќе дојдам кај тебе, само малку да заздравиме. Па тогаш и ова ќе го решиме.

Точно во дванаесет часот бев кај Маслобоев. Бев многу изненаден, што тука го видов кнезот. Тој во претсобјето го облекуваше капутот, а Маслобоев се

врткаше околу него; му помагаше да се облече и му го подаваше стапот. Тој веќе ми имаше зборувано дека се познава со кнезот, но сепак овој состанок необично ме изненади.

Кнезот просто се збуни кога ме виде.

— А, тоа сте вие! — викна тој некако премногу запален. — Замислете, каде се сретнавме. Впрочем, јас токму сега чув од г. Маслобоев дека вие се познавате со него. Мило ми е, мило ми е, особено ми е драго што се видовме. Јас сакав да се видам со вас и се надевам дека што поскоро ќе ве посетам, ако дозволите. Сакав да ве замолам: помогнете ми, разјаснете ја нашава сегашна положба. Вие, сигурно, ме разбирате: јас мислам на она вчерашното. Зашто вие кај неа сте свој човек, пријател, вие го следевте целиот тек на работите; вие имате влијание... Страшно ми е жал што не можам веднаш сега... Работи! Овие денови, па можеби и порано, ќе имам задоволство да дојдам кај вас. А сега...

Тој некако премногу силно ми ја стегна раката, му намигна на Маслобоев, па си отиде.

— Кажи ми, жити бога... — почнав јас, влегувајќи во собата.

— Ништо нема да ти кажам, — ме прекина Маслобоев забрзано грабнувајќи го својот каскет и упатувајќи се во претсобјето, — задоцнив.

— Па ти самиот си пишал во дванаесет часот да...

— Па што ако сум ти пишал? Вчера ти пишав; а денеска други ми пишале мене, но така што главава ми пука, — такви се тие работи. Ме чекаат... Прости, Вања. Сè што можам да направам за да те задоволам, тоа е убаво да ме измаваш што сум те вознемирил полусто. Значи ако сакаш да се задоволиш, удри, брате! Но, жити бога, што побргу! Не задржувај ме имам работа. Ме чекаат!

— А зошто да те мавам? Штом е во прашање работа, побрзај, секој има по нешто непредвидено. Тука само...

— Не, за тоа само јас веќе ќе ти кажам, — ме прекина тој излегувајќи во претсобјето и навирајќи го капутот (по него почнав и јас да се облекувам). Јас имам работа и со тебе; поради тоа и те викнав; се однесува на тебе и на твоите интереси. А бидејќи сега тоа за една минута не може да се каже, тогаш дај ми збор, жити бога, дека ќе дојдеш кај мене вечерва, точно во седум часот, ни порано ни подоцна. Ќе бидам дома.

— Вечерва? — реков нерешително. — Ама, брате, јас вечерва сакав да наминам . . .

— Па намини, соколе мој, сега веднаш таму каде што си сакал да наминеш, а вечерва да си кај мене. Зашто ти, Вања, не можеш ни да си замислиш какви работи ќе ти кажам.

— Е, тогаш добро, добро; но што би можело да биде тоа? Ти признавам, многу ме заинтересира.

Во тој момент излеговме од порта и стоевме на тротоарот.

— Значи, ќе дојдеш ли? — прашуваше тој упорно.

— Реков дека ќе дојдам.

— Не, дај чесен збор.

— Их, каков си! Добро чесен збор.

— Кавалерски и благородно. На која страна ќе одиш ти?

— Наваму, — му одговорив, покажувајќи вдесно.

— А јас наваму, — рече тој покажувајќи влево.

— Збогум, Вања! Запамети: во седум часот.

„Интересно", си помислив гледајќи по него.

Таа вечер сакав да одам кај Наташа. Но бидејќи сега му дадов збор на Маслобоев, решив кај неа да одам веднаш. Бев убеден дека кај неа ќе го затечам и Аљоша. И навистина, тој беше таму, и многу се израдува кога влегов.

Тој беше многу мил, необично нежен кон Наташа, па многу се расположи кога дојдов. Наташа, вистина, се трудеше да изгледа весела, но се гледаше дека ѝ е тешко. Лицето ѝ беше болникаво и бледо; лошо спиела последната ноќ. Кон Аљоша беше некако особено милозлива.

Макар што Аљоша зборуваше многу, многу расправаше, очигледно сакајќи да ја разведри и да измами насмевка од нејзините усни, на кои, и против нејзината волја немаше насмевка, тој сепак забележливо избегнуваше во разговорот да ги спомне Катја и татка си. Неговиот синоќешен обид за помирување веројатно не му успеал.

— А знаеш што? Тој сега одвај чека да си оди откај мене, — бргу ми шепна Наташа кога излезе тој за малку за да ѝ каже нешто на Мавра, — но се плаши. А и јас, пак, се плашам да му кажам да си оди, зашто тогаш намерно нема да си оди, а најмногу ми е страв да не станам здодевна, па поради тоа сосем ќе се олади кон мене! Што да правам?

— О, господе, во каква положба самите се ставате! И колку се сомневате, како се демнете еден со друг! Просто објаснете се — и готово. А поради ваквата состојба, можеби навистина ќе му станете здодевна.

— Па што да правам сега! — викна таа уплашено.

— Чекај, јас ќе ви средам сè... — па излегов во кујната, божем да ја замолам Мавра да ми ја исчисти галошата што ми се искалави многу.

— Само повнимателно, Вања! — викна таа по мене.

Тукушто влегов кај Мавра, Аљоша ми се стрчна во пресрет како да ме чекал.

— Иване Петрович, мил мој, што да правам? Дајте ми совет: сноштн ѝ дадов збор на Катја дека ќе појдам денес, и тоа токму сега. Воопшто не смеам да не појдам! Јас Наташа ја сакам не знам колку; готов сум просто во оган да се фрлам за неа, но признајте и самиот дека не оди и да прекинам таму сè!

— Па одете...

— Но како ќе реагира Наташа? Зашто тоа ќе ја огорчи. Иване Петрович, спасете ме некако...

— Според мене, најдобро е да одите. Вие знаете колку ве сака таа; а вака нејзе сè ќе ѝ се чини дека ви е здодевно со неа, а дека овде седите затоа што морате. Подобро е да се биде природен. Најпосле, ајде, јас ќе ви помогнам.

— Златен мој Иване Петрович, колку сте добар! — Влеговме. По малку јас му реков:

— Се видов пред малку со вашиот татко.

— Каде? — викна тој уплашен.

— На улица, случајно. Застана со мене за малку, пак ме молеше подобро да се запознаеме. Ме прашуваше за вас: дали знам каде сте. Многу му било потребно да ве најде и да ви каже нешто.

— Ах, Аљоша, оди, јави му се, — прифати Наташа, која разбра што мислам.

— Но каде да го најдам сега? Дома ли е?

— Не, тој како да рече дека ќе биде кај грофицата.

— Па како да . . . — наивно изговори Аљоша тажно погледнувајќи во Наташа.

— Ах, Аљоша, па што тогаш! — рече таа. — Зар да го прекинеш сега тоа познанство, само за да ме смириш? Тоа би било сосема детински. Пред сè, тоа е и невозможно, а потоа, ти така би испаднал просто нечесен кон Катја. Вие сте добри пријатели; па зар би било добро толку грубо да се прекинуваат врските? Најпосле, ти мене просто ме навредуваш ако мислиш дека сум толку љубоморна . . . Оди, веднаш оди, јас те молам! А и татко ти ќе се смири.

— Наташа, ти си ангел, а јас не чинам ни колку твојот мал прст! — викна Аљоша целиот возбуден и со каење. — Ти си толку добра, а јас . . . јас . . . па, еве, знај! Јас сега молев, таму во кујната, го молев Ивана Петрович да ми помогне да си одам одовде. Тој ова го измисли. Но не осудувај ме, ангеле Наташо! Јас не сум сосем виновен, зашто јас тебе те сакам илјадапати повеќе отколку сите на светот, па затоа ми текна и нова мисла: сè да ѝ кажам на Катја и веднаш да ѝ ја објаснам целава наша положба и сè што се случи сноштн. Таа нешто ќе смисли за нашиот спас, таа ни е предана со целата душа . . .

— Па оди, — му одговори Наташа насмевнувајќи се. — И знаеш што, мил мој, јас и самата сакав да се запознам со Катја. Како би можело тоа да се изведе?

Аљоша беше восхитен безгранично. Тој веднаш фати да прави планови како да се запознаат тие. Според неговото сфаќање тоа излегуваше многу лесно: Катја веќе нешто ќе смисли. Тој ја развиваше својата идеја со жар, загреан. Уште за денеска ветуваше и одговор да ѝ донесе — дури по два часа — и дека вечерта ќе ја помине кај Наташа.

— Ќе дојдеш ли навистина? — го праша Наташа испраќајќи го.

— Зар ти уште се сомневаш? Збогум, Наташа, збогум, сакана моја, засекогаш сакана моја! Збогум, Вања! Ах, господе мој, јас сосем случајно ве викнав Вања. Слушајте, Иване Петрович, јас толку ве сакам — па зошто тогаш да не сме на ти? Да бидеме на т и.

— Да бидеме на т и.

— Е, му благодарам на господа! Зашто тоа веќе стопати ми доаѓало в глава. Но сè некако не смеев да ви кажам. Еве, и сега ви велам в и. А навистина, и многу е тешко туку-така одеднаш да се премине на ти. Тоа, некако, некаде кај Толстој фино е изведено: двајца си дале еден на друг збор дека ќе си зборуваат на т и, па никако не можат, и постојано ги избегнуваат фразите во кои се овие заменки. Ах, Наташа, да го прочитаме еднаш Толстоевото Д е т с т в о и М л а д е ш т в о; колку е убаво тоа.

— Ама оди, оди веќе, — го тераше Наташа смеејќи се, — колку се раздрдори од радост...

— Збогум! За два часа пак сум кај тебе.

Тој ѝ баци рака, па бргу излезе.

— Гледаш, гледаш, Вања! — проговори таа па горко заплака.

Останав кај неа два часа. Ја тешев, и некако успеав сосем да ја смирам. Се разбира, таа за сè имаше право, за сè што се плашеше. Срцето ми беше тажно кога помислував за нејзината сегашна положба. Се плашев за неа. Но што можев?

Чуден ми беше и Аљоша: тој ја сакаше не помалку од порано, дури можеби и повеќе, поболно, поради каење и благодарност. Но, во исто време, новата љубов му се вселуваше во срцето. Како ќе заврши тоа

не можеше да се предвиди. И мене самиот страшно ме интересираше да ја видам Катја. Пак ѝ ветив на Наташа дека ќе се запознам со неа.

Пред крајот таа дури како да се разведри. Меѓу другото, јас ѝ кажав сè за Нели, за Маслобоев, за Бубнова, за мојата денешна средба со кнезот кај Маслобоев, и за договорениот состанок во седум часот. Сето тоа страшно ја заинтересира. За старите малку зборував со неа а за Ихменьевата посета молчев за некое време. Проектираниот двобој на Николај Сергеич со кнезот би можел да ја уплаши. И нејзе ѝ се сторија многу чудни односите на кнезот со Маслобоев, па и необичната желба на кнезот да се запознае со мене, макар што сето тоа беше доста разбирливо во сегашнава положба . . .

Во три часот јас се вратив дома. Нели ме пречека со своето ведро, весело лице . . .

ШЕСТА ГЛАВА

Точно во седум часот вечерта веќе бев кај Маслобоев. Тој ме пречека со гласни извици и со раширени раце. Само по себе се разбира, беше поднапиен. Но најмногу ме зачудија необичните подготовки за моето доаѓање. Се гледаше дека ме очекувале. Убавиот, прекрасно измиен самовар вриеше на тркалезното масиче, покриено со фин скапоцен чаршаф. Приборот за чај блескаше; беше од кристал, сребро и порцелан. На другата маса, покриена со поинаков, но исто така скапоцен чаршаф, имаше чиничиња со многу добри бонбони, киевско слатко, шеќерисано овоштие, мармалад, овошно желе, француско овоштие во шеќер, портокали, јаболка и три или четири разни видови ореви и лешници, — со еден збор, цела овоштарска продавница. На третата маса, покриена со чаршаф бел како снег, стоеја разновидни закуски: ајвар, сирење, паштета, колбаси, сува шунка, риба и цела низа шлифувани шишиња со разни видови ракии и во прекрасни бои, — зелени, рубински, циметести, златести. Најпосле на мало масиче настрана, пак покриено со бел чаршаф, стоеја две ведренца со шампањско. На масата пред канабето беа наредени три шишиња: токајско, бургундсхо и коњак-шише многу скапи Елисееви шишиња. До чајната маса седеше Александра Семјоновна, навистина во едноставен фустан скромно украсен, но очигледно елегантен и со вкус избран. Таа многу добро знаеше што ѝ стои убаво, па очигледно и така се носеше. Пречекувајќи ме, таа потстана некако свечено. Задоволство и веселост блескаа на нејзиното

свежо лице. Маслобоев беше во фини кинески влечки, во скапоцен домашен мантил и во чиста гизделинска кошула. На кошулата му се гледаа, секаде каде што можело да се зашијат, модерни копчиња. Косата му беше исчешлана, намачкана и со кос патец, по модата.

Јас толку се изненадив што застанав среде соба и гледав со отворена уста ту во Маслобоев, ту во Александра Семјоновна, чие задоволство се граничеше со блаженство.

— Ама што е ова, Маслобоев? Гости ли очекуваш вечерва? — викнав најпосле вознемирено.

— Не, само тебе, — ми одговори тој свечено.

— Па што ти е тогаш ова (јас ги покажав закуските)? Па со ова можеш да нахраниш цела војска!

— И да напијам, — главното го заборави: да напијам, — додаде Маслобоев.

— Па зар сево ова само за мене?

— И за Александра Семјоновна. Сево ова таа сакаше да го приготви.

— Ете ти! Знаев јас! — викна Александра Семјоновна поцрвенувајќи, но ни малку не губејќи го својот задоволен израз. — Не можеш ни гости да пречекаш како што треба како да е тоа некаков грев.

— Уште рано изутрината, замисли си, од рана зора, штом чу дека ти ќе ни дојдеш на вечера, се растрча низ дома, целата беше загрижена...

— И со тоа измами! Кој вели од изутрина, кога уште сношти почнав да приготвувам. Кога дојде, сношти веднаш кажа дека оваа вечер ќе ни биде гостин.

— Не сте ме чуле добро...

— Како не сум те чула добро, кога токму така рече! Јас никогаш не лажам. А зошто да не пречекам гостин убаво? Живееме сами, никој не ни доаѓа, а сè имаме. Па нека видат добрите луѓе дека и ние знаеме да живееме како луѓе.

— А што е најважно, нека се знае каква сјајна домаќинка сте вие, — додаде Маслобоев. — Замисли си, пријателе, што направи со мене! Ми навре холандска кошула, ми изнакачи некакви копчиња, па влеч-

ки, па кинески домашен мантил. Косата сама ми ја исчешла, со брилјантин ми ја намачка и уште сакаше да ме попрска со некаков парфем крем-бриле, но тогаш јас не издржав, се побунив, ја покажав својата сопружничка власт . . .

— Каков брилјантин! Најдобар француски крем, од порцеланска тегличка со слика! — прифати Александра Семјоновна, целата вцрвувајќи се. — Размислете самиот, Иване Петрович: ниту некогаш ме однесол на театар, ниту ме пушта некогаш на игранка; само фустани ми купува, а каква корист од фустаните? Ќе се облечам, и така си шеткам низ дома овојпат одвај го молев, па веќе сосем се подготвивме за на театар. Но, додека се свртив да го закопчам брошот, ете го тој пред орманчето: па една, па две, и се натреска. Поради тоа не отидовме. Никој, никој, токму никој не ни доаѓа во посета; само, секое претпладне ќе му доаѓаат некои луѓе по работа; и мене веднаш од соба ме истеруваат. А, меѓутоа, имаме самовар, и сервис, и убави филџани — сè имаме, сите тие се подароци. И продукти ни носат, единствено вино што купуваме, или некаков крем, или закуски — паштета, шунка и слатки работи сега за вас купивме. Па барем да види некој како живееме! Цела година мислев кога ќе ни дојде гостин, вистински гостин, па сево ова да му го покажеме и да го почестиме, па и светот ќе нè пофали, а и нас самите ќе ни биде мило. А тоа што го намачкав, будала, тој тоа не го заслужува; тој секогаш би одел нечист. Ене гледате, домашниот мантил на него: и тој му е подарок. А дали е тој за таков мантил? Нему прва грижа му е да се налока ракија. Ете гледате, ќе видите дека и пред чајот со ракија ќе ве понуди.

— Па што тогаш? Така и ќе направам — ајде, Вања, да испиеме златна и сребрена, па после, откако ќе ја освежиме душата, и на другата пијачка да ѝ пријдеме.

— Ете, знаев!

— Не грижете се, Сашењка, и чај ќе пиеме, со коњак, за ваше здравје!

— Ете, нели ви реков! — викна таа удирајќи со рацете, — ханскиот чај, по шест рубли, онојпат бакалот ни го подари, а тој сака да го пие со коњак! Не слушајте го, Иване Петрович. Еве, да ви турам... да видите каков чај е тој!

Па се зафати со самоварот.

Беше јасно дека сметале да ме задржат цела вечер. Александра Семјоновна цела година очекувала гостин, па сега се готвела да се задоволи со мене. Но тоа не се согласуваше со моите планови.

— Слушај, Маслобоев, — реков седнувајќи, — јас не дојдов за на гости; јас сега дојдов само по работа. Ти и самиот ме викаше нешто да ми кажеш...

— Па, работата си е работа, а пријателскиот разговор нема да пречи...

— Не, душо моја, на тоа не сметај. Во осум и половина јас одам! Имам една работа; дадов збор...

— Не верувам. Господи, што правиш ти со мене? И што правиш ти со Александра Семјоновна? Погледај ја: целата премре. Па зошто тогаш таа ме мачкаше со кремови, еве ова на мене е брилјантин. Замисли си!

— Ти секогаш се шегуваш, Маслобоев. Но јас ќе ѝ се заколнам на Александра Семјоновна дека идната недела, еве, да речеме, во петок, ќе дојдам на ручек. А сега, братче, дадов збор, или, подобро да речам, мене ми е просто потребно да бидам вечерва на едно место. Туку, подобро кажи ми што сакаше да ме известиш?

— Па зар само до осум и половина! — викна Александра Семјоновна со несигурен и жаловит глас, скоро плачејќи и подавајќи ми ја чашата со прекрасен чај.

— Не плаши се, Сашењка; тој само си зборува, — прифати Маслобоев. — Ќе остане тој. Тоа е глупост. Туку, подобро да ми кажеш, Вања: каде одиш постојано? Какви се тие работи? Може ли да се знае тоа? Зашто ти секој ден некаде одиш, а не работиш...

— А зошто ти е тоа? Најпосле, можеби еднаш и ќе ти кажам... Туку, подобро ти мене сега да ми об-

јасниш зошто си дошол кај мене вчера, кога ти реков. се сеќаваш ли, дека нема да бидам дома?

— Дури после се сетив, а вчера заборавив. За една работа навистина сакав да разговарам со тебе, но, во прв ред, требаше да и се погоди на Александра Семјоновна. „Еве, ми вели таа, се најде со тој човек, пријател ти е, па зошто не го поканиш?“ И така, брате, веќе четири денови ме тегне заради тебе. А за брилјантинот, се разбира, на оној свет ќе ми бидат простени сто гревови. Но пак реков: зошто да не поседам пријателски со човекот една вечер? Па така употребив воено лукавство: ти напишав дека е работата таква што, ако не дојдеш, сите галии ќе ни пропаднат.

Го замолив во иднина да не прави така, туку отворено да ми каже. Најпосле, тоа негово објаснување не ме задоволи сосем.

— Добро, а денеска, зашто побегна од мене? — го прашав.

— А денеска навистина имав една работа, тука ни малку не лажам.

— Со кнезот ли?

— Како ви се допаѓа нашиов чај — ме праша со нежен глас Александра Семјоновна.

Таа, кутрата, веќе пет минути чекаше да ѝ го пофалам чајот, а јас никако не се сеќавав.

— Вонреден, Александра Семјоновна, прекрасен. Ваков уште не сум пиел.

Александра Семјоновна од уживање целата порумени, па побрза уште да ми притури.

— Кнезот! — викна Маслобоев. — Кнезот, брате, е таков угурсуз, таков никаквец . . . знаеш! — Јас, брате, еве што ќе ти кажам: макар што и самиот сум угурсуз, просто и поради невиноста не би сакал да бидам во негова кожа! Туку, доста за тоа; молк! Единствено тоа можам да ти го кажам за него.

— А јас, како специјално, дојдов кај тебе, меѓу другото, и за да те прашам за него. Туку, за тоа после. А зошто сноштн, кога не бев јас дома си ѝ давал бонбони на мојата Елена и си играл пред неа? И за што си можел да разговараш со неа половина час.

— Елена, таа е мало девојче, на дванаесет или единаесет години, живее кај Иван Петрович, — објасни Маслобоев, одеднаш свртувајќи се кон Александра Семјоновна. — Погледај ја, Вања, погледај ја само, — продолжи тој покажувајќи ја неа со прстот, — види како поцрвени кога чу дека сум му давал бонбони на непознато девојче. Целата порумени, па затрепери, исто како одеднаш да си пукал од пиштол... Па погледни ѝ ги само очичкине, како жарчиња светкаат! Па сега веќе не вреди, Александра Семјоновна, — не вреди да се крие! Љубоморни сме. Да не ѝ објаснев сега дека е тоа единаесетгодишно девојче, веднаш ќе ме зграпчеше за коса, ни брилјантинот не ќе ми помогнеше!

— Но, тој и така нема да ти помогне!

И со тие зборови Александра Семјоновна во еден скок се најде кај нас, па пред да стаса Маслобоев да ја тргне главата, таа го фати за перчето, па добро го заниша.

— На ти, на ти! Да не зборуваш пред гостинот дека сум љубоморна! Не смееш, не смееш, не смееш!!

Таа дури целата поцрвени и, макар што се смееше, Маслобоев тука добро си доби.

— Така тој ја расправа секоја срамота! — сериозно додаде таа, свртувајќи се кон мене.

— Еве каков е, Вања, мојов живот! Поради тоа мораме да се напиеме ракиичка! — реши Маслобоев, дотерувјќи ја косата и скоро со трчање упатувајќи се кон шишето.

Но Александра Семјоновна го претече: притрча кон масата, сама тури, му даде, па дури милозливо го чукна по образот. Маслобоев достоинствено ми намигна, шмркна со јазикот, па свечено ја испразни својата чашка.

— Што се однесува до бонбоните, тешко ми е да објаснам, — почна тој, седнувајќи до мене на канабето. — Јас ги купив завчера, во пијана состојба, во продавница за зеленчук, ни самиот не знам зошто. Впрочем, можеби за да ја помогнам домашната трговија и производството, — не знам сигурно. Се сеќавам само дека

тогаш одев по улица напиен; паднав во кал; си ја кубев косата и плачев што не сум способен за ништо. Бонбоните, се разбира, сум ги заборавил, па така и ми останале в џеб до сноштн, кога ги згмечив, седејќи на твоето канабе. Колку до моето играње, — тука ти е пак мојата нетрезвена состојба: вчера жестоко бев натрескан, а јас кога сум пијан, па уште кога сум задоволен со судбината, — понекогаш и играм. И тоа е сè. А кај мене предизвика сожалување; освен тоа, таа со мене и не сакаше да зборува, како да се лутеше. А јас тогаш почнав да играм за да ја расположам, па и со бонбони ја почестив.

— А да не си ја поткупувал за да можеш нешто да извлечеш од неа? И признај искрено: намерно ли намина кај мене, бидејќи знаеше дека не сум дома, па да разговараш со неа во четири очи, и нешто да извлечеш, или не? Зашто знам дека ти со неа си преседал цел половина час, си ѝ кажувал дека ја знаеш нејзината покојна мајка, и нешто си ја испитувал.

Маслобоев тука замижа, па итро се насмевна.

— Па, да видиш, таа идеја не би била лоша, — рече тој. — Но, не, Вања, не е тоа. Зошто да не прашам кога ми се дала можност? Но не погоди. Туку слушај, стар пријателе, макар што сум сега доста напиен, како и обично, знај дека твојот Филип никогаш з л о н а м е р н о нема да те измами — никако з л о н а м е р н о.

— Добро, а без зла намера?

— Па... па и без зла. Но по ѓаволите, да се напиеме, па на работа. А работата е безначајна, — продолжи тој, испразнувајќи пак една чашка. — Бубнова немала никакво право да го држи тоа девојче; сè дознав. Тука немало никакво присвојување, ниту нешто слично. Мајката од малечката и била нешто должна, а оваа го зела девојчето. Бубнова, макар што е крадец и злосторник, сепак е глупава, како сите жени. Покојната мајка на малечката имала сосем исправен пасош; и според тоа сега сè е во ред. Елена сега може да остане кај тебе, макар што би било добро кога би се нашле некако некои фамилијарни луѓе со добро срце,

па да ја земат кај себе, да ја воспитаат. Но засега, нека седи кај тебе. Тоа не е ништо! Јас ќе ти го средам сето тоа. А Бубнова не смее повеќе да се покаже. За покојната мајка пак ништо не разбрав сигурно. Таа е нечија вдовица Залцман.

— Така е, мене така и Нели ми кажа.

— И така сега и тоа го свршивме. А сега, Вања, — почна тој некако свечено, — сега би имал јас една молбичка до тебе. Кажи ми, по можност што поподробно, какви се тие твои работи, каде одиш, каде поминуваш, цели денови? Макар што нешто разбрав и знам, сепак ми е потребно да знам многу поподробно.

Таквиот свечен тон ме зачуди, па дури и ме вознемири.

— Но што ти е сега? Зошто ти е да го знаеш тоа? Ти толку свечено ме распрашуваш . . .

— Еве што е, Вања, без многу зборови: јас сакам да ти направам услуга. Гледаш ли, кога би имал подли намери, јас тоа од тебе и без оваа свеченост би знаел да го исполнам. А ти се плашиш дека ти подметнувам. Она пред малку за бонбоните, тоа го сфатив. Но бидејќи сега говорам олку свечено, не сум заинтересиран за себе, туку за тебе. Значи, ништо не сомневај се, зборувај, отворено, кажи ја вистината . . .

— Но каква услуга? Слушај, Маслобоев, а зошто не сакаш ништо да ми кажеш за кнезот? Мене тоа ми е потребно. Ете, тоа би била услуга.

— За кнезот? Хм! . . . Е, па добро, да ти кажам: сега се распрашувам токму поради кнезот.

— Како така?

— Па, еве како: јас, брате, забележав дека тој нешто многу се смешал во твоите работи; меѓу другото, ме распрашуваше и за тебе. А од каде знае дека се познаваме јас и ти, тоа тебе не те интересира. Туку, главно ти е ова: пази се, Вања, од кнезот! Тој е Јуда Искариотски, па дури и полош. И затоа кога видов дека тој и во твоите работи го пика носот, се уплашив за тебе. Најпосле, јас ништо не знам; затоа те молам да ми кажеш, па да можам да судам . . . Јас, затоа и те вик-

нав денеска. Ете, тоа е таа моја важна работа; отворено ти кажувам.

— Па сигурно барем нешто ќе сакаш да ми кажеш, барем тоа: зошто треба да се пазам од кнезот?

— Убаво, кога е така, тогаш еве ти. Мене воопшто ми се доверуваат некои работи. Но размисли и самиот: мене некои работи ми се доверуваат токму затоа што не сум дрдорко. Па како да ти кажувам сега? И тогаш немој да замериш ако сега ти раскажам само површно, само колку да ти покажам каков подлец испаѓа тој. Но, сега почни го првин твоето.

Почувствував дека немам што да кријам од Маслобоев. Работата на Наташа и не беше тајна; а освен тоа можев да се надевам и на некаква корист за неа од Маслобоев. Се разбира, во моето кажување, по можност, јас некои работи премолчив. Маслобоев особено внимателно слушаше сè што се однесуваше на кнезот. На многу места ќе ме задржеше, многупати и по втор-пат ќе ме прашаше, така што доста подробно раскажав. Моето кажување траеше околу половина час.

— Хм, мудра главичка ти е таа девојка! — рече Маслобоев. — Ако можеби таа не го прозрела кнезот сосем, но барем е добро што уште на првиот чекор намирисала со кого има работа, па ги прекинала сите односи. Јунак е Наталија Николаевна. За нејзино здравје! (Тој пак ја испразни чашката.) — Не само интелигенција, туку тука и срце било потребно за да не се даде да ја слизга на тенок лед. А срцето не ја изневерило. Се разбира, нејзината работа е пропадната: кнезот ќе остане при своето, и Аљоша ќе ја остави. За едно ми е жал: за стариот Ихмењев. — Не е шега: десет илјади да му плати на тој подлец! Но кој му го водел спорот? Сигурно сам! Ех, брате! Такви ти се сите тие запаленковци и благородни! Таков свет за ништо не е! Со кнезот требало поинаку да се оперира. Јас би му нашол на Ихмењев таков адвокат, — ех! — и тој налутено тресна со дланката на маса.

— Добро, а што бара сега кнезот?

— А ти пак за кнезот? Но зошто и да се зборува за него? Немав друга работа, туку ти се понудив! За-

што сакав само да те предупредам во поглед на тој ајдук, така да се рече, да те заградам од неговото влијание. Тој што ќе фати оро со него, тој ќе настрада! И затоа, Вања, убаво отвори ги очите; тоа ти е сè. А ти сигурно си мислел дека јас тебе господ знае какви париски тајни ќе ти кажам! Веднаш се гледа дека си пишувач на романи! Но што да зборуваме за тој нерани-мајко? Подлецот останува подлец. Но, ете, на пример, ќе ти кажам една негова работа, се разбира, без место, без град, без лица, поправо без календарска точност. Ти знаеш дека тој уште во раната младост кога бил принуден да живее од чиновничка плата се оженил со ќерка на богат трговец. И, се разбира, со таа трговска ќерка не постапувал многу отмено и, макар што не станува сега збор за неа, патем ти споменувам, Вања, дека тој целиот свој живот најмногу би сакал да се занимава со такви работи. А еве уште еден случај. Отишол тој еднаш во странство. Таму . . .

— Чекај, Маслобоев, за кој негов пат зборуваш? Која година?

— Токму пред деведесет и девет години и три месеци. Значи, таму тој одвлекол некоја ќерка од некој татко, па ја однесол со себе во Париз. И да знаеш само како го извел тоа! Таткото бил нешто како некаков фабрикант или учествувал во некое такво претпријатие. Посигурно не умеам да ти кажам. Зашто јас, и ако ти го кажувам ова, тоа е по мои претпоставки и заклучоци врз основа на други податоци. Значи, му подметнал нему кнезот па и тој, покрај дедото, сам влегол во претпријатието со него. Го измамува сосем и позајмува од него пари. Стариот, се разбира, за позајмените пари имал некои документи. Но кнезот сакал така да позајми за да не врати, по наше, напросто да украде. Старецот имал ќерка, а таа ќерка била убавица, а во оваа убавица бил заљубен некој идеален човек, некој Шилеров брат, поет, а во исто време и трговец, млад занесенко, со еден збор, вистински Германец, некаков Феферкухен.

— Поправо, презимето му е Феферкухен?

— Но, можеби и не е Феферкухен — ѓавол нека го земе! Не е во него работата. Кнезот ѝ се добрал на ќерката, но така ѝ се добрал што таа како луда се заљубила во него. Тогаш кнезот две работи посакал: прво да ја освои ќерката, а второ да ги добие назад расписките што му ги дал на старецот за добиениот износ. Клучевите од сите фиоки на старецот биле кај ќерката. Старецот таа ќерка ја сакал до лудило — толку што за никого не сакал да ја омажи. Сериозно. На секој младоженец бил љубоморен не можел да замисли да се раздели од ќерка си, па го истерал Феферкухен — некаков чуден Англичанец...

— Англичанец? Па каде се случувало тоа?

— Јас тоа само така ти го реков: Англичанец, заради споредба а ти за тоа се фати. А тоа се случило во градот Санта-фе-де-Богота, а можеби и во Краков, но уште побргу ќе биде во Фирстентум Насау, знаеш она што го пишува во селтерската вода, поправо во Насау. Доста ли ти е тоа? Значи, кнезот ја збрлавил девојката и ја украл од татка ѝ. Но, на негово настојување, девојката понесла и некакви документи. Зашто има и такви љубови, Вања. Еј, господе мој, а девојката била чесна, благородна, возвишена! Вистина, таа можеби не разбирала многу од тие документи. Неа само едно ја тиштело: да не ја проколне татко ѝ. Но кнезот и тоа го средил: и дал формална обврска дека ќе се ожени за неа. И на тој начин ја уверил дека тие така ќе отпатуваат, по некој ден, за малку да прошетаат, а кога ќе се смири гневот на стариот, ќе му се вратат венчани, па тие тројца век ќе векуваат, благо ќе тече, и така натаму до крај на векот. Таа тргнала со кнезот, стариот ја проколнал а самиот банкротирал. По неа дошол во Париз и Фрауенмилх, оставил сè, дури и дуќанот; бил заљубен прекумера.

— Чекај! Каков Фрауенмилх?

— Ама оној, како беше! Фаербах... их, по ѓаволите! Та Феферкухен! Е па ете така, кнезот, се разбира, не можел да се ожени, оти што ќе кажела за тоа графицата Хљестова? И што би рекол на тоа баронот Помојкин? — Значи, морал да ја измами. Но, ја изма-

мил навистина дрско. Прво, само што не ја тепал, а второ, тој сега намерно го повикал кај себе Феферкухен, па почнал овој да им доаѓа дома, и им станал пријател; се разбира, кукале заедно, по цели вечери седеле, своите јадови ги јадосувале, овој ја тешел: вистински божји луѓе. Тука кнезот настапил со специјален план: ги затекол еднаш така доцна навечер, па измислил дека двајцата се во недозволени врски, се закачил којзнае за што: со своите очи, вели, видел. Ги истерал тој нив двајцата на улица, а самиот за неколку дена отпатувал во Лондон. А таа веќе била бремена. Кога ја истерал, таа родила ќерка . . . поправо не ќерка, туку син, да, синче. И Волоѓка на крштавањето го нарекле. Феферкухен ѝ го крстил. И таа отпатувала со Феферкухен. Тој имал уште некои пари. Ја обиколиле Швајцарија, Италија . . . биле во сите тие поетски земји, како што следува. Таа постојано плачела, а и Феферкухен се лигавел. И многу години така поминале и девојчето пораснало. Само едно не чинело за кнезот: останала обврската дека ќе ја земе за жена. „Подлец еден и никаквец, — му рекла таа на разделбата, — ти ме опљачка, ме обесчести, а сега ме оставаш! Збогум, но обврската нема да ти ја вратам. Не поради тоа што би сакала некогаш да појдам за тебе туку затоа што ти се плашиш од тој документ. Е па остави ја нека стои така вечно во моиве раце“. Се растажила, со еден збор, но кнезот, се разбира не се збунил. Воопшто, за такви подли луѓе прекрасно е да имаат работа со таканаречени возвишени души. Тие се толку благородни што лесно е да се измамат, а второ, тие секогаш се свети само на своето возвишено и благородно презирање, наместо да се послужат со примена на законот, кога е можно да се примени. Па така било и кај оваа мајка: се пресметала со него со гордо презирање па, макар што го оставила кај себе документот, кнезот знаел дека таа побргу ќе се обеси отколку што ќе го употреби на суд, па така некое време бил мирен. А таа, макар што му плукнала во подлиот образ, Волоѓка сепак ѝ останал на раце: ако умре таа, што ќе биде со детето? Туку, за тоа не мислеле. Брудершафот исто така ја храбел, но

и тој ништо не мислел: Шилера го читале. Најпосле Брудершафт од нешто се разболе и умре . . .

— Поправо Феферкухен?

— Па да, ѓавол да го земе! А таа . . .

— Чекај! Колку години патувале?

— Точно две столетија! И така таа се вратила во Краков. Таткото не ја примил, ја проколнал, таа потоа умрела, а кнезот повторно како да се родил од радост. А сега . . . јас таму бев и рујно вино пиев, ми ги исквасиси мустаќиве, но в гуша не стаса, тие мене трес, а јас на порта клис . . . Да испиеме уште една, брате Вања!

— Јас насетувам дека ти поради тие работи одиш кај него, Маслобоев.

— А ти бездруго би го сакал тоа?

— Но, не разбирам што можеш ти тука да направиш?

— Па еве гледаш: бидејќи се вратила во Мадрид, по десетгодишно шетање во странство под туѓо име, тој требало да се распраша за сè и за Брудершафт, и за старецот, и дали навистина се вратила, и за детето, дали умрело, а нема ли некакви документи и така натаму, до бесконечност. И уште за некои други работи. Кнезот е многу поган човек; чувај се од него, Вања, а за Маслобоев еве што да мислиш: никогаш и за ништо немој да го нарекуваш подлец! Зашто тој, макар што е подлец (според мое мислење просто и нема човек неподлец), не е против тебе! Јас добро подвлеков, но слушај: ако некогаш, било блиску, или далеку, било денеска или по една година ти се стори дека Маслобоев во што било те измамил (и те молам не заборавај го тој збор и з м а м и л), — знај дека тоа било без лоша намера. Маслобоев бдее над тебе. И затоа не верувај им на сомневањата, туку подобро дојди и отворено и братски со самиот Маслобоев објасни се. А сега, сакаш ли да се напиеме?

— Јас не сакам.

— А малку да поткаснеш?

— Не, брате, извини . . .

— Тогаш оди си, уште малку па ќе биде девет, а те знам колку си нестрплив. Сега веќе време ти е.

— Што е сега! Се натреска па го тераш гостинот! Секогаш е таков! Их, гаду ниеден! — викна Александра Семјоновна скоро плачејќи.

— Не може да се тепа комарец со бивол! Александра Семјоновна, јас и ти остануваме заедно, па еден со друг ќе се обожаваме. А овој е генерал! Не, Вања, јас тоа така го треснав; ти не си генерал, а јас сум подлец! Види на што личам? Што сум јас наспрема тебе? Прости ми, Вања, не осудувај ме, и дај да излеам...

Тој ме прегрна во солзи. Јас станав да си одам.

— Ах, господе мој! А ние и вечера приготвивме! — рече Александра Семјоновна целата очаена. — А ќе ни дојдете ли во петок?

— Ќе дојдам, Александра Семјоновна. Чесен збор, ќе дојдам.

— Но вие можеби се згадивте дека е, тој еве ваков... пијан. Немојте да се гадите, Иване Петровичу, тој е добар, многу добар, а вас многу ве сака! Тој сега и дење и ноќе само за вас зборува. И вашите книги ми ги купи. Јас уште не сум ги прочитала — утре ќе почнам. А јас ќе бидам најсреќна кога ќе ни дојдете. Зашто, еве, никогаш со никого не се гледаме, никој не ни доаѓа малку да поседиме. Сè ни дал господ, а секогаш сме сами. А сега еве, седев, па само ве слушав додека зборувавте, — милина... Значи, довидување до петок.

СЕДМА ГЛАВА

Си одев дома брзајќи: зборовите од Маслобоев просто ме вчудовидоа. Господ знае што не ми доаѓаше в глава... Како за инает, дома ме очекуваше еден настан што ме потресе како гром од ведро небо.

Токму спроти портата од куќата во која живеев, имаше фенер. Само што влегов во портата, одеднаш откај самиот фенер ми притрча една чудна силуета, така што дури викнав, некое живо суштество, уплашено, треперливо, скоро луничаво, списка и ме фати за рака. Ужас ме опфати. Тоа беше Нели.

— Нели! Што ти е? — викнав. — Што се случува со тебе?

— Таму, горе... тој седи... кај нас...

— Ама кој? Ајде; ајде со мене.

— Не идам, не идам! Јас ќе причекам додека не си оди тој... во ходникот... не идам.

Јас се качив во мојот стан со некакво чудно претчувство. Ја отворив вратата и — го видов кнезот. Тој седеше на масата и го читаше романот. Барем книгата пред него беше отворена.

— Иване Петрович! — викна тој радосно. — Толку ми е мило што се вративте најпосле. Веќе сакав да си одам. Повеќе од еден час ве чекам. Денеска дадов збор, по настојување и голема молба од графицата, дека вечерва ќе појдам кај неа со вас. Таа толку ме молеше, толку сака да се запознае со вас. Па бидејќи веќе ми ветивте, јас решив да наминам кај вас самиот, малку порано, додека не сте отишле некаде, па да ве однесам. Замислете ја мојата жалост: јас доаѓам, а вашата слу-

гинка ми кажува дека не сте дома. Што ќе правам сега? Зашто јас таму дадов чесен збор дека ќе појдам со вас. Па така седнав да причекам едно четврт час. Но ете го мојот „четврт час“: го отворив вашиот роман па се зачитав, Иване Петрович! Па ова е совршенство! Па вас, просто, не ве разбираат! Па вие солзи ми предизвикавте. Плачев, а јас не плачам толку лесно . . .

— Вие, значи, сакате да дојдам? Но, гледате ли, јас во овој момент . . . макар што инаку не би имал ништо против, но . . .

— Ве заколнувам во господа, дојдете. Во каква положба ќе ме доведете? Зашто јас овде ве чекам час и половина! . . . А освен тоа, мене ми е многу потребно, многу потребно да разговарам со вас, — вие веќе знаете за што? Вие целата работа ја знаете подобро отколку јас . . . Можеби нешто ќе решиме, ќе смислиме. Помислете! Живи бога, не одбивајте ме.

Видов оти, порано или подоцна, сепак ќе морам да појдам. Навистина, Наташа сега е сама, јас сум ѝ потребен, но и таа специјално ми рече што побргу да се запознам со Ктаја. А покрај тоа, можеби е таму и Аљоша . . . Знаев дека Наташа не ќе може да се смири додека не ѝ однесам извештај за Катја, па сепак се решив да одам. Но ме загрижуваше Нели.

— Почекајте, — му реков на кнезот, па излегов на скалите.

Нели стоеше таму, во мрачниот агол.

— А зошто не сакаш да влезеш, Нели? Што ти направил тој? Што ти зборуваше?

— Ништо . . . јас не влегувам, не влегувам . . . — повтори таа, — се плашам од него.

Колку и да ја молев — ништо не помагаше. Се разбравме со неа, штом ќе излеземе јас и кнезот, таа веднаш да влезе и да се заклучи.

— И не пуштај никого внатре, Нели, колку и да те моли.

— А вие со него ќе одите?

— Со него.

Таа целата се стресе, ме фати за рака, како да сакаше да ме замоли да не одам, но не кажа ни збор. Решив утре подробно да ја распрашам.

Откако го замолив кнезот да ми извини, почнав да се облекувам. Тој почна да ме уверува дека за таму не треба никакво специјално облекување, никакви тоалети.

— Само нешто почисто! — додаде тој, инквизиторски измерувајќи ме од глава до петици. — Знаете, сепак тие светски предрасуди... Зашто сепак не може човек сосем да се ослободи од нив. Таа слобода уште долго време не ќе можете да ја најдете во нашиов свет, — довврши тој, со задоволство гледајќи дека јас сепак имам фрак.

Излеговме. Но јас го оставив на скалите, се вратив во собата, каде што Нели веќе беше вовлечена, па уште еднаш се простив со неа. Беше страшно возбудена. Лицето ѝ беше помодрено. Јас се исплашив за неа; тешко ми беше сега да ја оставам.

— Некаква чудна слугинка имате вие, — ми рече кнезот, слегувајќи по скалите. — Слугинка ли ви е девојчено?

— Не... таа само така... живее кај мене засега.

— Чудно девојче! Уверен сум дека е умоболна. Замислите само: во почетокот убаво ми одговараше, но после кога ме виде одблиску, стрчна кон мене, писна, затрепери, ме стегна со рацете... нешто сакаше да ми каже, но не можеше... Ви признавам, јас се уплашив, веќе сакав да избегам од неа, но таа, фала му на бога, и самата од мене побегна. Бев просто вчудовиден. Како излегувате вие накрај со неа?

— Таа има падавица, — одговорив јас.

— А, така! Е, тогаш и не е чудо... ако има напади.

Јас уште веднаш се сетив дека вчерашната посета на Маслобоев кај мене, иако знаеше дека не сум дома; денешната моја посета кај Маслобоев, денешната при-

казна од Маслобоев, која тој и несакајќи во пијана состојба ми ја раскажа; неговата покана да го посетам во седум часот; неговата молба да не верувам дека ме мами и, најпосле, кнезот, кој ме чекал час и половина, и кој, можеби, знаел оти сум кај Маслобоев, додека Нели побегнала од него на улица, — дека сетоа тоа мора да има некаква врска меѓу себе. Имаше зошто да се замислам.

Пред портата нè чекаше неговата кола. Седнавме и заминавме.

ОСМА ГЛАВА

Не требаше многу да се возиме — до Трговскиот мост. Во почетокот некое време молчевме. Јас само си размислував: како ли ќе го почне разговорот со мене. Мислев дека ќе ми се подбива, ќе ме провоцира, ќе ме испитува. Но тој почна без заобиколување, веднаш мина на работата.

— Мене сега необично ме загрижува една работа, — Иване Петрович, — почна тој, — за која би сакал пред сè со вас да разговарам и вас да ве замолам за совет. Јас веќе одамна решив да не го користам добиениот спор и спорните десет илјади да му ги отстапам на Ихмењев. Па како да постапам?

„Не може да биде ти да не знаеш како да постапиш“, — ми мина во главата. — „Ти овде, изгледа, мене ми се потсмеваш!“

— Не знам, кнезу, — му одговорив колку што можев попростодушно. — За нешто друго, поправо, што се однесува за Наталија Николаевна, готов сум да ви дадам податоци, потребни и вам и нам, но за таа работа вие, се разбира, знаете повеќе отколку јас.

— Не, не, се разбира, помалку. Вие со него сте добро познат, па можеби и самата Наталија Николаевна многупати ви ги кажувала своите мисли во тој поглед. А тоа сега за мене е главно раководство. Вие тука можете многу да ми помогнете, зашто таа работа е страшно заплеткана. Јас сум готов и да попуштам, па дури и сум решил на секој начин да попуштам, без оглед на тоа како ќе завршат другите работи. Разбирате ли? Но како, во каква форма да го направам тоа, — ете во

што е работата. Стариот е горд и упорен. Може и да ме навреди за таа моја добродушност и тие пари назад да ми ги фрли...

— Но дозволете, како ги сметате вие тие пари: како ваши или како негови?

— Спорот го добив јас, значи како мои.

— А по совест?

— Се разбира дека ги сметам за мои, — ми одговори тој засегнат што го прашав така без завиткување. — Најпосле, вие како да не ја знаете целата таа работа. Јас не го обвинувам старецот за намерна измама и, ви признавам, никогаш за тоа и не сум го обвинувал. Кој му е виновен што самиот си ја натовари на себе таа незгода! Тој е виновен за своето недоволно внимание, поради негрижата во поглед на работите што му беа доверени, а според нашиот бивш договор, за такви работи тој требаше да одговара. Но, гледате, работата не е дури ни во тоа, туку целата работа е во нашата расправија, во тогашните меѓусебни навреди, со еден збор за нашето заедничко навредено достоинство. Зашто јас можеби не би му обрнувал внимание на тој ситнеж од десетина илјади; но сигурно вам ви е познато поради што и како почна целата работа. Признавам, јас се сомневав, можеби и немав право (поточно, тогаш немав право), но не го забележував тоа, па, така лут, навреден од неговите грубости, не сакав да испуштам прилика и почнав спор. Вас уште може да ви се стори дека сето тоа од моја страна не е токму сосем благородно. Но јас и не се правдам. Ќе ви кажам само толку дека гневот и, главно, навреденото достоинство — тоа уште не е недостаток на благородство, туку тоа е само природна, човечка работа и, признавам, ви повторувам јас скоро и не го познавав Ихмењев, па сосем им верував на сите тие гласови во поглед на Аљоша и неговата ќерка, па така, се разбира, можев да поверувам дека и кражбата на тие пари била намерна... Туку, тоа настрана. Главната работа е во ова: што да правам сега? Да се откажам од парите; но ако во исто време кажам дека и сега своето побарување го сметам за оправдано, тогаш тоа би значело дека тие пари му ги

подарувам. А тука уште додајте ја и деликатната положба во поглед на Наталија Николаевна. Тој сигурно ќе ми ги фрли тие пари назад . . .

— Ете гледате, и вие самиот велите: дека ќе ви ги фрли. Значи, го сметате за чесен човек, па затоа можете да бидете сосем уверен дека тој не ги крадел вашите пари. А штом е така, тогаш зошто да не одите кај него, па отворено да му изјавите дека своето побарување го сметате за неоправдано? Тоа би било благородно, и Ихмењев можеби тогаш не би се стеснувал да ги прими своите пари.

— Хм! . . . Своите пари. Па во тоа е и работата. Па што би сакале од мене? Да одам да му изјавам дека тоа мое побарување го сметам за неоправдано. А зошто тогаш си побарувал кога си знаел дека бараш нешто неоправдано? — тоа целиот свет в очи ќе ми го каже. А јас тоа не сум го заслужил, бидејќи барав врз основа на законот; јас никаде не зборував, ниту пишував дека тој крадел, но во неговата немарност, во лекомисленоста и неопитноста во водењето на работите и денес сум убеден. Тие пари без збор се мои, и затоа ми е тешко да ја фрлам вината на мене, и најпосле, ви повторувам, стариот самиот си ја натовари таа навреда, а вие сега ме терате мене за таа навреда да барам прошка од него, — не, тоа е тешко.

— Мене ми се чини, дека кога двајца луѓе искрено сакаат да се смираат, тогаш . . .

— Тогаш ништо полесно, си мислите вие?

— Па, се разбира.

— Не, понекогаш тоа и не е толку лесно, а особено . . .

— Особено ако во врска со тоа има и други работи. Ете, во тоа јас се согласувам со вас, кнезу. Работата со Наталија Николаевна и вашиот син треба вие сами да ја изведете на чистина во сите оние точки што зависат од вас, но работата да биде така изведена што тоа сосем ќе ги задоволи Ихмењеви. Само на тој начин вие можете сосем искрено да се објасните со Ихмењеви ѝ за спорот. Сега пак, додека не сте решиле уште ништо, вие имате само еден пат: да ја признаете неправда-

та на своето побарување, и тоа да признаете отворено, а ако биде потребно, тогаш и јавно, — тоа е моето мислење. Зборувам отворено, бидејќи вие и ме прашавте за моето мислење и, веројатно, не сакавте да бидам неискрен. А тоа ми дава смелост да ве прашам: зошто се грижите вие како ќе му ги вратите тие пари на Ихмењев? Ако сметате дека имате право, зошто да ги враќате? Простете ми за љубопитноста, но тоа е врзано за други околности.

— А како мислите вие? — ме праша тој одеднаш, како воопшто да не го чул моето прашање. — Уверен ли сте вие дека стариот Ихмењев не ќе сака да ги прими тие десет илјади кога би му ги дал јас парите без секакви огради... и... и... и... сите тие ублажувања?

— Се разбира дека нема да ги прими.

Јас тука целиот пламнав и затреперив од гнев. Тоа дрско скептичко прашање ми направи таков впечаток како да ми плукна кнезот в лице. На навредата ѝ се придружи и нешто друго: грубиот манир на големите господа со кој тој, не одговарајќи на моето прашање, и често, како и да не го забележува, ми се уфрлуваше во зборот со друго свое прашање, веројатно давајќи ми со тоа на знаење дека премногу сум се затрчал, па сум преминал на фамилијарен тон штом сум се осмелил да му поставувам такви прашања. Јас страшно го мразев тој манир кај големите господа, па со сите сили и Аљоша од тоа го одучував.

— Хм!... Вие сте премногу избувлив, — а во животот некои работи не се прават така како што си замислувате вие, — спокојно забележа кнезот по мојот извик. — Туку, јас мислам дека и Наталија Николаевна, во извесна мера, би можела да ја реши оваа работа. Вие речете ѝ. Таа би можела овде да даде совет.

— Ни најмалку! — одговорив доста остро. — Вие не заповедавте да дослушате пред малку што почнав да ви зборувам јас, туку ми упаднавте во зборот. Ако ги враќате вие тие пари неискрено и без сите тие, како што велите, у б л а ж у в а њ а, Наталија Николаевна ќе

сфати дека вие на тој начин му плаќате на таткото за ќерката, а нејзе за Аљоша, — со еден збор, плаќате, со пари.

— Хм!... ете како ме сфаќате вие, добар мој Иване Петрович! — Кнезот се засмеа. А зашто се засмеа? — А, меѓутоа, — продолжи тој, — ние имаме уште толку еден со друг да разговараме. А сега немаме кога. Само ве молам, разберете едно: оваа работа непосредно се однесува на Наталија Николаевна и целата нејзина иднина. А сево ова донекаде зависи од тоа јас и вие сега како ќе го свршиме и на што ќе останеме. Вие сте овде потребен, — и сам ќе увидите. И затоа, ако сте ѝ и натаму предан на Наталија Николаевна, тогаш вие не ќе можете да се откажете од објаснувањето со мене, без обзир колку малку симпатии чувствувате спрема мене... Туку, ние стигнавме... à bientôt.[1]

---

[1]) Ќе продолжиме подоцна.

ДЕВЕТТА ГЛАВА

Графицата живееше прекрасно. Собите ѝ беа наместени удобно и вкусно, макар што ни малку раскошно. Но сето тоа носеше печат на привремен престој. Тоа беше само пристоен стан за некое време, а не постојан, всушност наместен дом на богата фамилија, со цел замав и барања кои кај богатиот свет се сметаат како нешто без кое не може да се биде. Се зборуваше дека графицата за време на летото оди на својот имот (крајно запоставен и веќе по второпат заложен), во Сибирската губернија, и дека кнезот таму ќе оди со неа. Јас за тоа веќе имав чуено, па грижливо размислував: што ќе прави Аљоша кога ќе му отпатува Катја со графицата? Со Наташа уште немав разговарано за тоа: се плашев. Но по некои знаци можев да забележам како да ѝ е позната таа работа. Само, таа молчеше и трпеше во себе.

Графицата ме пречека многу убаво, љубезно ми подаде рака и потврди дека одамна сакала да дојдам кај неа. Таа самата ни тури чај од прекрасниот сребрен самовар, крај кој седнавме — јас, кнезот и уште еден отмен господин од високото друштво, веќе во години, со некаков поголем орден, целиот колосан, со дипломатско однесување. Тој гостин овде, ми изгледаше, многу го ценеа.

Графицата, по своето враќање од странство, уште немаше стасано таа зима да си создаде во Петроград големи врски, па да ја утврди својата положба како што сметаше и сакаше таа. Освен тој гостин немаше никој друг, ниту некој ѝ дојде целата таа вечер. Јас

со поглед ја барав Катарина Фјодоровна. Таа беше во другата соба со Аљоша, но штом чу дека сме дошле ние, веднаш дојде кај нас. Кнезот галантно ѝ бацѝ рака, а графицата ѝ покажа на мене. Кнезот веднаш ме претстави. Јас со нестрпливо внимание се загледав во неа: таа беше нежна русокоса, облечена во бел фустан, сниска, со тивок и прибран израз на лицето, сосем сини очи и, како што рече Аљоша, со младешка убавина, и ништо повеќе. Јас се надевав дека ќе видам некакво совршенство од убавина, но убавина тука немаше. Правилна, нежно оцртана овалност на лицето, доста правилни линии, густа и навистина прекрасна коса, едноставно исчешлана, тивок, внимателен поглед. Да се сретнев со неа некаде, јас би поминал покрај неа без да ѝ обрнам некакво посебно внимание. Но тоа така изгледаше на прв поглед, па таа вечер можев да ја посматрам и да ја разгледам дури подоцна. Судејќи само по тоа како ми ја подаде раката, со некакво наивно-засилено внимание, загледувајќи ми се и натаму в очи, ме изненади со својата необичност, па којзнае зошто и не сакајќи ѝ се насмевнав. Веројатно веднаш почувствував дека пред мене се наоѓа човечко суштество со чисто срце. Графицата внимателно ја посматраше неа. Откако ми ја стисна раката, Катја со некаква забрзаност се тргна откај мене, па седна на другиот крај од собата, заедно со Аљоша. Поздравувајќи се со мене, Аљоша ми пришепна: „Јас сум овде само за малку, но веднаш одам таму".

„Дипломатот" — не му го знам името на гостинот па го викам дипломат, само за да го именувам како било — зборуваше спокојно и важно изнесувајќи некаква своја идеја. Графицата жедно го слушаше. Кнезот со одобрување ласкаво се насмевнуваше. Говорникот често му се обрнуваше, веројатно ценејќи го во него достојниот слушател. Ми дадоа чаша чај па ме оставија на мир, што ми беше многу пријатно. Меѓутоа, јас внимателно се загледав во графицата. На прв поглед таа некако веднаш ми се допадна. Таа можеби и не беше веќе млада, но мене ми остави впечаток дека нема повеќе од дваесет и осум години. Лицето уште ѝ беше

свежо, а некогаш, во првата младост, мора да била вистинска убавица. Нејзината темно-костенлива коса беше уште доста густа; погледот вонредно добар, но некако ветерничав и немирно-подбивен. Но сега таа поради нешто очигледно се воздржуваше. Во нејзиниот поглед имаше многу интелигенција, но најмногу добрина и веселост. Мене ми се стори дека нејзината главна особина беше некаква лекомисленост, желба за уживања и некаков добродушен егоизам, можеби дури и поголем. Таа беше под власта на кнезот, кој имаше врз неа силно влијание. Знаев дека имаа врска, имав чуено исто така дека тој не беше ни премногу љубоморен љубовник за време на неговиот престој во странство; но сè ми се чинеше, па и денес ми се чини, дека нив ги врзуваше, освен поранешните односи, и нешто друго, во извесна мера таинствено, нешто како заемна обврска, заснована врз некаква сметка . . . со еден збор, мораше да има такво нешто. А го знаев и тоа дека во овој момент таа му беше на кнезот товар, но и покрај тоа, нивните односи не се прекинуваа. Можеби во тоа време особено ги врзуваа плановите во врска со Катја, кои, се разбира, во основа потекнуваа од кнезот. Од таа причина кнезот и се извлекол од женидба со графицата, која тоа порано навистина го барала, убедувајќи ја да се заложи за брак на Аљоша со нејзината пештерка. Барем така јас можев да заклучам од поранешното простодушно расправање на Аљоша, кој сепак можеше по нешто да забележи. Мене секогаш ми се чинеше и тоа — донекаде пак според расправањето на Аљоша — дека кнезот и покрај сето тоа што графицата му беше сосем покорна, сепак имаше причина да се плаши од неа. Тоа дури и Аљоша го забележал. Дознав после дека кнезот многу сакал да ја омажи графицата за некој, па поради тоа тој сега и ја испраќал во Сибирската губернија, со надеж дека ќе ѝ најде соодветен маж во провинција.

Седев и го слушав општиот разговор не знаејќи како би можел што побргу да зборувам насамо со Катарина Фјодоровна. Дипломатот одговараше на некои прашања од графицата за современата политичка си-

туација, за реформите што почнаа да се воведуваат, и за тоа дали треба да се плашат од нив. Тој зборуваше многу и долго, спокојно, како човек што има власт. Својата мисла ја развиваше фино и паметно. Но самата мисла беше одвратна. Тој нагласуваше дека целиот дух на реформата и измените премногу бргу ќе донесат извесни резултати; дека меродавните, кога ќе ги видат тие резултати, ќе се вразумат, и дека не само во општеството — се разбира во извесен негов дел — ќе го снема тој нов дух, туку на дело ќе ја увидат својата грешка, па тогаш со двојна енергија ќе почнат да го помагаат старото. Дека тој обид, макар и жалосен, сепак ќе биде корисен, зашто ќе научи како да се поддржува тоа спасоносно старо и ќе донесе за тоа нови податоци; па, значи, дека би требало дури и да се сака што побргу да се дојде до последниот степен на невнимателност. „Без нас не се може", заврши дипломатот, „без нас уште некогаш ни едно општество не постоело. Ние ништо нема да изгубиме, туку напротив, само ќе добиеме. Ние ќе испливаме, ќе испливаме, а нашата девиза во денешниов миг мора да биде: „Pire ça va, mieux ça est".[1] Кнезот му се насмевна нему со одвратно сочувство. Говорникот беше сосем задоволен со себе. Бев толку непаметен што сакав да противречам. Крвта ми зовре. Но ме задржа остриот поглед на кнезот. Тој поглед прелетувајќи падна на моја страна, и мене ми се стори дека кнезот и очекува некаков чуден и младешки испад од моја страна. Тој такво нешто можеби дури и сакаше, па после да ужива откако ќе се посрамотам. Во истиот момент бев тврдо уверен дека дипломатот бездруго не ќе сака ни да го забележи моето мислење, па дури ни самиот мене. Ми беше одвратно да седам со нив; но ме извлече Аљоша.

Тој полека ми пријде, се допре до моето рамо и ме замоли за два збора. Јас се сетив дека така го посоветувала Катја. Така и беше. По една минута веќе седев до неа. Од почетокот целиот внимателно ме измери со погледот, како да си зборува себеси: „Таков си, значи",

[1] Колку полошо, толку подобро.

и во прво време ние двајцата не можевме да најдеме збор да го почнеме разговорот. Но јас бев уверен оти таа, штом ќе почне еднаш, после нема да застане ни до зора. „Околу пет-шест часови разговор“ за кои ми расправаше Аљоша, сега се сетив. Аљоша сега седеше со нас, па нестрпливо очекуваше како ќе почнеме.

— Па што молчите сега? — почна тој, посматрајќи нè со насмевка. — Се состанале, па молчат!

— Ах, Аљоша, каков си . . . па еве, веднаш ќе почнеме, — одговори Катја. — Зашто ние двајцата, Иване Петрович, имаме за многу нешта да разговараме така што просто не знам од кој крај да почнам. Ние многу доцна се запознаваме; требаше порано, макар што јас вас веќе одамна ве познавам. А колку сакав да ве видам! Јас дури мислев и да ви пишам . . .

— За што? — прашав јас и несакајќи се насмевнав.

— Па зар за малку нешта? — одговори таа сериозно. — Еве, да речеме, дали е вистина тоа што го кажува овој за Наталија Николаевна, дека таа не се чувствува навредена што овој во вакво време ја остава сама? И, добро ли е тоа човек да постапува така како него? Ете, зошто си ти сега овде, кажи ми, те молам?

— О, господе боже, па веднаш ќе си одам. Зашто јас реков дека ќе дојдам овде само за малку, за да видам како ќе разговарате вие двајца, а ваму излегува друго.

— А што има да нè гледаш нас! Еве, седиме, — нè виде ли? И секогаш е таков, — додаде таа, малку поцрвенувајќи и покажувајќи ми го него со прстот. — „Само за малку, вели, само за малку, а кога ќе погледнеш, тој се задржал и до половина ноќ, а после, се разбира, веќе е доцна. Таа, вели тој не се лути; таа е добра“, ете како резонира тој. Па убаво ли е тоа, и дали е чесно?

— Па добро, да си одам ако е така, — тажно одговори Аљоша. — Само, јас би сакал ако може да останам со вас . . .

— А што ќе правиш ти со нас? Напротив, нас ни е потребно за многу нешта насамо да разговараме. Но

послушај ме, немој да ти биде жал, така е потребно, — убаво разбери ме.

— Ако е потребно, тогаш веднаш ќе си одам... Што има да се лутам. Јас ќе појдам само за малку кај Љовинка, па после веднаш кај неа. Туку, еве што е, Иване Петрович, — продолжи тој, земајќи си ја паларијата, — вие сигурно знаете дека татко ми сака да се откаже од парите што ги доби во спорот од Ихменьеви?

— Знам, ми кажуваше.

— Колку е убаво тоа од него! Еве Катја не верува дека тој тука благородно постапува. Разговарајте со неа за тоа. Збогум, Катја, и те молам, не сомневај се во мојата љубов кон Наташа. А зошто сите вие ми ги наметнувате тие услови, ме прекорувате, секој чекор ми го следите, како да сум под ваша присмотра! Таа знае колку ја сакам неа, и сигурна е во мене, и јас сум уверен дека таа не се сомнева во мене. Јас неа ја сакам и без тоа, без сите тие обврски. Не знам ни да кажам колку ја сакам. Просто, ја сакам. И затоа нема смисла да ме прашувате како некаков виновник. Еве, прашај го Ивана Петрович, сега тој веќе е овде, па ќе ти потврди дека Наташа е љубоморна; па макар што ме сака многу, во таа нејзина љубов има многу себичност, зашто не е во состојба ништо за мене да жртвува.

— Како така? — го прашав зачудено, просто не верувајќи им на моиве уши.

— Ама, што зборуваш, Аљоша? — скоро викна Катја, плескајќи со рацете.

— Па се разбира. Што има тука чудно? Иван Петрович знае. Таа би сакала јас да бидам вечно кај неа. И макар што таа ова не го бара, но се гледа дека тоа би го сакала.

— Па зар не ти е срам, зар не се срамиш! — рече Катја целата пламнувајќи од гнев.

— А зошто да ми е срам? Их, каква си ти, Катја! Па јас ја сакам повеќе отколку што мисли таа, а кога би ме сакала и таа мене како што треба, вака како што ја сакам јас неа, таа би ми го жртвувала своето задо-

волство. Таа, вистина, и самата ме пушта, но јас од очите ѝ читам дека ѝ е тешко тоа, а мене тогаш ми е исто како и да не ме пушта.

— Не, тоа ти не го зборуваш туку-така, — викна Катја пак обрнувајќи ми се мене со поглед кој светкаше од гнев. — Признај, Аљоша, веднаш да ми признаеш, сево ова татко ти ти го влеал в глава. Зборуваше ли денеска со него? И, те молам, немој да се извлекуваш: јас веднаш ќе дознам сè. Зборувај: зборувавте или не?

— Да, зборував, — одговори Аљоша збунето. — Па што тогаш? Тој денеска со мене зборуваше толку љубезно, толку пријателски, а неа постојано ми ја фалеше така што дури се чудев; таа толку го навреди; а тој сега ја фали.

— А вие бргу на сето тоа сте му поверувале, — реков јас, — вие, кому Наташа му дала сè што можело да се даде. Па дури и сега, и денеска непрестајно се грижеше за вас, да не ви биде здодевно, да не ве лиши некако од можноста да се видите со Катарина Фјодоровна! Таа ова сама ми го зборуваше денеска. А вие, одеднаш, сте му поверувале на тоа лажно оговарање! Зар не ви е срам!

— Неблагодарник еден! Но зар вреди да се говори кога тој никогаш од ништо не се срами! — изговори Катја, замавнувајќи кон него со рака, како кон човек од кој и господ кренал рака.

— Ама што ви е! — продолжи Аљоша со натажен глас. И секогаш си ти таква, Катја! Ти секогаш кај мене го гледаш само најлошото . . . А веќе и да не зборуваме за Ивана Петрович. Вие мислите дека јас Наташа не ја сакам. Не го мислев тоа кога реков оти е таа себична. Сакав да кажам дека таа мене веќе премногу ме сака, така што просто претерува, па од тоа и мене и нејзе ни станува тешко. А татко ми мене никогаш нема да ме измами па дури и да сака. Нема да му се дадам. Тој не рече дека е таа себична во лоша смисла на зборот. Јас тоа го почувствував. Тој, од збор до збор, рече така како што ви реков вам сега: дека таа мене толку претерано ме сака, толку силно, што тоа

веќе преминува во себичност, па и мене и нејзе ни е тешко, а подоцна ќе ми биде уште потешко. Мислам дека тој ја кажа вистината, од чиста љубов кон мене, и тоа ни најмалку не значи дека ја навредуваше Наташа. Напротив, тој гледа кај неа само многу силна љубов, љубов без граници, до неможност...

Но тука Катја го прекина и не му даде да заврши. Таа почна жестоко да го кори; да му докажува дека неговиот татко само затоа и почнал да ја фали Наташа за да го замами со својата добрина, а сето тоа со цел да ја раскине нивната врска незабележливо и неосетно да го подбуни против неа самиот Аљоша. Таа живо и паметно донесе заклучок дека Наташа го сака, и дека никаква љубов не би го простила тоа што го прави тој со неа, — па дека е вистински егоист тој, Аљоша. Малку — по малку, Катја го доведе до тешка тага и до целосно каење. Седеше покрај нас загледувајќи се в земја, повеќе ништо не одговарајќи, како убиен, и со страдалнички израз на лицето. Но Катја беше неумолива. Јас со крајна љубопитност се загледав во неа. Сакав што побргу да ја запознам таа чудна девојка. Таа беше вистинско дете, но некакво чудно, уверено дете, со утврдени правила и страсно вродена љубов кон доброто и правдата. Ако можеше човек навистина да ја нарече уште дете таа спаѓаше во редот на задуманите деца, што е доста често во нашите фамилии. Се гледаше дека таа веќе размислувала за многу нешта. Интересно би било да се наспе во таа мисловна главичка и да се погледне како во неа наполно детските мисли и претстави се мешаа со сериозни, преживеани впечатоци и посматрања (зашто Катја дотогаш веќе живеела), а во исто време и со идеите кои нејзе не ѝ се познати, кои уште не ги доживеала, но кои ја поразиле апстрактно, книшки, а кои таа сигурно многу ги имаше и кои веројатно, ги имаше примано како нешто што веќе и самата го преживуваше.

Во текот на таа вечер, и подоцна, ми се чини, јас доста добро ја проучив. Таа имаше избувливо и чувствително срце. Во некои прилики како да ја запоставуваше вештината на однесување над себеси, истакну-

вајќи ја секогаш на прво место вистината, а секое животно совладување го сметаше за условна предрасуда, па, уште како да се гордееше со таквото свое убедување, што се случува со многу избувливи луѓе, па дури и кога не се млади. Но токму тоа ѝ даваше некаква привлечност. Таа многу сакаше да мисли и да ја изнаоѓа вистината, но ни малку не беше ситничарка, имаше некои свои детски испади, заради кои уште на прв поглед веднаш ќе почнете да ги сакате сите нејзини оригиналности и да се помирувате со нив.

Јас се сетив за Љовињка и Боринька па ми се стори дека е сето тоа на свое место. И интересно: нејзиното лице, на кое на прв поглед не забележав ништо особено убаво, уште истата вечер, со секој час, ми стануваше сè поубаво и попривлечно. Тоа наивно двојство на дете и жена која размислува; таа детска и во најголема мера правдољубива жед за вистина и правда, и непоколебливата вера во своите настојувања, — сето тоа го осветлуваше нејзиното лице со некаква прекрасна светлина на искреност, му даваше некоја повисока, духовна убавина, и вие би почнале да гледате дека не може толку бргу да се исцрпи целото значење на таа убавина која не му е веднаш сфатлива на секој обичен, незаинтересиран поглед. И јас разбрав дека Аљоша морал страсно да се приврзи за неа. Тој не умееше самиот да размислува па токму затоа ги сакаше тие што би мислеле наместо него, па дури и би сакале, — а Катја веќе беше го зела под свое старателство. Неговото срце беше благодарно и сосем целото му се предаваше на сè што беше чесно и убаво, а Катја веќе многу и со целата искреност и детски симпатии беше се искажала пред него. Тој во себе немаше ни ронка сопствена волја; таа имаше многу, упорна, силна, и огнена волја, а Аљоша можеше да се приврзи само со тој кој би можел со него да владее, па дури и да му заповеда.

Со тоа донекаде и Наташа го приврза кон себе во почетокот од нивната врска; но Катја имаше големо предимство над Наташа, — тоа што уште и самата беше дете и што изгледаше дека ќе остане дете уште

долго време. Тоа детско во неа, нејзиниот сјаен ум, и во исто време извесен недостаток на расудување, — сето тоа на Аљоша му беше некако посродно. Тој тоа го чувствуваше, па поради тоа Катја сè повеќе го привлекуваше. Убеден сум, кога зборуваа меѓу себе насамо, тогаш, паралелно со сериозното „пропагаторско" Катјино излагање, кај нив доаѓаше можеби дури и до играчки. Па макар што Катја, веројатно, често на Аљоша му читаше „лекции" и веќе го држеше в раце, тој во нејзино друштво, очигледно, се чувствуваше полесно отколку во Наташино. Тие во поголема мера беа двојка што си одговара, а тоа беше главно.

— Е, е, Катја, доста! Секогаш испаѓа дека ти имаш право, а јас никогаш! Доста е тоа што е твојата душа почиста од мојава, — рече Аљоша, станувајќи и подавајќи ѝ ја раката на разделба. — Сега ќе одам кај неа, а кај Љовинька нема да наминам . . .

— И немаш никаква работа кај Љовинька; а многу си златен дека ме послуша сега и си одиш.

— А ти илјадапати од сите си позлатна, — ѝ одговори натаженият Аљоша. — Иване Петрович, јас би сакал само два збора да ви кажам.

Ние се повлековме два чекора.

— Јас денеска лошо постапив, — прошепоти тој, — постапив ниско, виновен сум пред сите на светов, а пред нив двете најмногу. Денеска по ручекот татко ми ме запозна со Александрина (една Францускинка) — занесна жена. — Јас . . . ја изгубив главата и . . . но, што има сега да ви кажувам, не сум веќе достоен да бидам заедно со нив . . . Збогум, Иване Петрович!

— Тој е добар, тој е благороден, — забрзано почна Катја кога седнав пак до неа, — но ние за него после многу ќе зборуваме, а сега јас и вие треба да се спогодиме: што мислите вие за кнезот?

— Мислам дека е многу лош човек.

— И јас, исто така. Ние, значи, во тоа се согласуваме, и затоа ќе ни биде полесно да разговараме. А сега за Наталија Николаевна . . . Знаете ли, Иване Петрович, јас сум сега како во темница, па ве чекав вас како светлина. Вие сето тоа ќе ми го разјасните, зашто

за најважната работа јас судам според моето мислење, врз основа на тоа што ми го расправал Аљоша. А нешто повеќе не сум имала од кого да дознам. Па кажете ми, пред сè, (тоа е главно), што мислите вие: дали ќе бидат среќни Аљоша и Наташа, или не? Тоа, пред сè, ми е потребно да го знам, поради моето дефинитивно решение, па потоа сама знам како да се држам.

— А кој може за тоа нешто сигурно да каже? . . .

— Па, се разбира, не сосем сигурно, — ме прекина таа, — но сепак, како ви изгледа? Затоа што вие сте многу паметен човек.

— Според мене, тие не можат да бидат среќни.

— А зошто?

— Не се еден за друг.

— Истото го мислев и јас.

И тука таа ги склопи рацете, просто длабоко ужалена.

— Изложете ми поподробно. Слушајте: јас страшно сакам да ја видам Наташа, зашто имам за многу нешта да разговарам со неа, и ми се чини дека сè ќе решиме ние двете. А сега постојано си ја замислувам: таа мора да е многу паметна, сериозна, искрена и прекрасна. Така ли е?

— Така е.

— Во тоа бев уверена. А, кога е таква, како можела да го засака Аљоша, такво момче? Објаснете ми го тоа; јас често размислувам за тоа.

— Тоа не може да се објасни, Катарина Фјодоровна, како и зошто може човек некого да засака. Да, тој е вистинско дете. А знаете ли вие како може човек дете да засака? (Срцево ми се разнежи посматрајќи ја неа и нејзините очи кои жедно, со длабоко, сериозно и нестрпливо внимание беа управени во мене.) — И колку повеќе самата Наташа не личи на дете, — продолжив, — колку што е посериозна, дотолку повеќе можела да го засака. Тој е привлечен, искрен, страшно наивен, а понекогаш мило наивен. Таа можеби го засакала — како да ви кажам? . . . Како од сожалување. Великодушното срце е кадро да засака од сожалува-

ње . . . Најпосле, јас чувствувам дека вам ништо не можам да ви објаснам, но затоа ќе ве прашам — дали го сакате и вие.

Јас смело ѝ го поставив тоа прашање зашто чувствував дека поставувајќи го тоа прашање не можам да ја заматам безграничната, детска чистота на нејзината ведра душа.

— Жими бога, уште ни самата не го знам тоа, — тивко ми одговори таа, отворено гледајќи ми в очи, — но ми се чини дека многу го сакам . . .

— Така, ете гледате. А можете ли да ми објасните зошто го сакате толку?

— Зашто кај него нема лага, — ми одговори таа, размислувајќи. — И кога ќе ми погледне право в очи, и притоа нешто ми зборува, мене тоа многу ми се допаѓа . . . слушајте, Иване Петрович, еве со вас јас зборувам за тоа, јас сум девојка, а вие сте машко; убаво ли е тоа што го правам јас сега или не е?

— Па што има лошо во тоа?

— Да, да. Се разбира, што има лошо во тоа? А ете тие (таа ја покажа групата што седеше околу самоварот), тие сигурно би рекле дека тоа не е добро. Имаат или немаат право?

— Немаат! Бидејќи вие не чувствувате во срцето дека правите нешто лошо, па затоа . . .

— Јас секогаш така и правам, — ме прекина таа, очевидно брзајќи што повеќе да се наразговара со мене. — Штом ќе се збунам со такво нешто, јас веднаш го прашувам моето срце, па ако е тоа мирно, мирна сум и јас. Така секогаш и треба да се прави. И јас сега ова со вас вака искрено ви го зборувам, како и со себеси. Затоа што сте вие, во прв ред, прекрасен човек, и јас ја знам вашата поранешна историја со Наташа пред Аљоша, а јас плачев кога ми расправаа.

— А кој ви расправал?

— Се разбира, Аљоша, а и тој самиот со солзи ми кажуваше. Тоа беше многу добро од негова страна, и мене тоа многу ми се допадна. Мене ми се чини дека тој вас повеќе ве сака отколку вие него, Иване Петрович. Ете поради такви работи тој ми се допаѓа. Да, а

второ, јас со вас зборувам отворено, како самата со себеси, бидејќи вие сте многу паметен човек и можете да ми дадете многу совети и да ме поучите.

— А од каде знаете вие дека јас сум толку паметен за да можам дури и вас да ве учам?

— Ама, ама... Што зборувате така! — Таа се замисли. — Па јас само така почнав; туку да зборуваме за најважното. Научете ме, Иване Петрович: јас, еве, сега чувствувам дека сум соперничка на Наташа и јас тоа го знам, па што да правам сега? Затоа и ве прашував вас дали би биле среќни тие двајца. Јас за тоа дење и ноќе размислувам. Положбата на Наташа е страшна, страшна! Зашто тој веќе сосем престанал да ја сака, а мене сè повеќе и повеќе ме сака. Зар не е така?

— Па скоро така е.

— И тој неа ја измамува. Тој ни самиот не знае дека веќе престанува да ја сака, но таа јасно го гледа тоа. Колку ли ѝ е тешко!

— Па што мислите сега да правите, Катарина Фјодоровна?

— Јас имам многу планови, — одговори таа сериозно, — па сепак постојано се бунам. Затоа вас и ве очекував со таква нестрпливост, сето тоа да ми го изведете начисто. Вие сето тоа многу подобро го знаете, зашто вие сега за мене сте како некаков бог. Слушајте, јас од почетокот размислував вака: ако се сакаат тие двајца, тогаш треба да бидат среќни; и затоа требаше да се жртвувам и ним да им помагам. Зар не е така?

— Јас знам дека вие и сте се жртвувале.

— Да, се жртвував, но после, кога почна тој да доаѓа кај мене и сè повеќе и повеќе да ме сака, почнав да размислувам, и постојано ми се врти во главата: дали да се жртвувам или не? А тоа е многу лошо? Нели?

— Па тоа е природно, — ѝ одговорив, — така мора да биде... и вие не сте виновна.

— Не би рекла... Вие така зборувате затоа што сте многу добар. А јас мислам дека моево срце не е сосем чисто. Да е чисто, јас би знаела како да решам. Туку, да го оставиме тоа! Потоа повеќе дознав за нив-

ните односи од кнезот, од maman, па од самиот Аљоша, и оценив дека тие двајцата не се еден за друг; а вие сега, еве, и ми го потврдивте тоа. Тогаш уште повеќе се замислив: а што сега? Зашто ако бидат несреќни, подобро е да се разделат; а потоа решив да се распрашам кај вас за сè подробно, па да појдам кај самата Наташа, и ние двете да ја решиме целата работа.

— Но како да се реши, тоа е прашање.

— Јас просто ќе ѝ речам: „Вие го сакате повеќе од сè на светов, па затоа и неговата среќа треба да ја сакате повеќе од својата; според тоа, треба да се разделите од него".

— Да, но како ќе ѝ биде нејзе кога ќе го чуе сето тоа? А и ако се согласи таа со вас, дали ќе биде способна така да постапи?

— Па, за тоа, еве, јас и мислам и дење и ноќе, па . . . па . . .

И таа одеднаш гргна да плаче.

— Вие нема да верувате колку ми е жал за Наташа, — прошепоти таа со усничките што трепереа од солзи.

Тука веќе немаше ништо да се додаде. Молчев и гледајќи ја неа и јас сакав да заплачам, така, од некаква љубов. Колку златно беше тоа дете! Јас веќе не ја прашав зошто смета дека е таа способна да го усреќи Аљоша.

— Вие како да сакате музика? — ме праша таа, откако се смири но, уште замислена.

— Сакам, — ѝ одговорив просто чудејќи се.

— Кога би имале време, јас би ви го отсвирала третиот концерт од Бетовен. Јас сега го свирам. Таму се сите тие чувства . . . токму овие што ги чувствувам сега. Барем така ми се чини. Но тоа можеме другпат; а сега треба да разговараме.

Почнавме да се договараме како да се види таа со Наташа и како да се нареди сето тоа. Таа ме извести дека ја чуваат, и дека макар што маштеата ѝ е добра и ја сака, никако не би ѝ дозволиле да се запознае со Наталија Николаевна. И затоа таа сега реши да ги измами. Наутро таа понекогаш излегува на прошетка, но

скоро секогаш со грофицата. Но понекогаш грофицата не оди со неа, туку ја пушта со Французинката, која сега е нешто болна. А тоа се случува кога ја боли грофицата глава, па мора да се чека додека не ја заболи глава. А дотогаш таа ќе ја придобие својата Французинка (некој вид придружничка, старичка), зашто Французинката е многу добра. На крајот излегуваше дека воопшто не може однапред да се утврди денот за посета на Наташа.

— Кога ќе се запознаете со Наташа, нема да се каете, — ѝ реков. — Таа и самата сака да се запознае со вас, и тоа е потребно и за да знае барем во чии раце го предава Аљоша... А за тие работи немојте многу да се натажувате. Времето ќе го реши тоа и без вашите грижи. А вие, изгледа ќе одите в село?

— Да, наскоро, можеби по еден месец, — одговори таа, — и јас знам дека тоа е по желба на кнезот.

— Па како мислите: и Аљоша ли ќе дојде со вас?

— И јас токму за тоа размислував! — изговори таа, внимателно загледувајќи се во мене. — Мислам дека ќе дојде и тој.

— Ќе дојде.

— Господе мој, па што ќе стане со сето тоа, — не знам. — Слушајте, Иване Петрович! Јас ќе ви пишам за тоа, често ќе ви пишувам и многу. Јас уште сега веќе почнав да ви здодевам. Вие често ќе доаѓате кај нас?

— Не знам, Катарина Фјодоровна, — тоа зависи од приликите. Можеби и воопшто нема да доаѓам.

— А зошто?

— Тоа ќе зависи од разни причини, а што е најважно, од моите односи со кнезот.

— Тој е нечесен човек — рече Катја решително. — А знаете ли што, Иване Петрович? Што велите, кога би дошла јас кај вас? Дали би било добро тоа?

— А што мислите вие?

— Јас мислам дека би било добро. Така, би ве посетила... — додаде таа насмевнувајќи се. — Јас го зборувам ова зашто не само што ве ценам високо, ами и многу ве сакам... И од вас може многу да се научи.

А јас ве сакам... И сигурно, не е срамота што ви го зборувам сето ова.

— А зошто да е срамота? И вие сте ми толку мила, како родена.

— Па вие ќе ми бидете пријател?

— О, да, да! — одговорив јас.

— Да, а тие сигурно би рекле дека е срамота, и дека млада девојка не смее да прави такво нешто, — забележа таа, пак покажувајќи ми го друштвото околу чајната маса. — Патем забележувам дека нас кнезот намерно нè има оставено сами да се изнаразговараме.

— Зашто јас многу добро знам, — додаде таа, — кнезот би ги сакал моите пари. За мене мислат дека сум вистинско дете, па дури тоа отворено и ми го велат. Но јас не мислам така. Јас не сум веќе дете. Чуден свет се тие: и самите се како деца. И зошто толку се загрижиле.

— Катарина Фјодоровна, заборавив да ве прашам кои се тие Љовинька и Боринька кај кои Аљоша толку често оди?

— Тие се некои мои далечни роднини. Тие се многу интелигентни и многу чесни, но страшно многу зборуваат... Јас ги знам...

И таа се насмевна.

— Вистина ли е дека сте сакале да им подарите еден милион?

— Ете гледате! И тој милион: тие толку расправаат за него, што веќе станува неподносливо. Јас, се разбира, со задоволство ќе приложам за сè што е корисно, зошто ми се толку пари, нели? Но кога ќе го подарам јас, — а тие, ете, веќе го делат, расправаат, дигаат врева, се расправаат: за што е најдобро да се употреби. Дури и се караат поради тоа, а тоа навистина е смешно. И премногу се брзоплети. Но сепак се толку искрени и... паметни. Студираат. А тоа е сепак подобро, отколку животот на другите. Нели?

И уште многу разговаравме ние двајца. Таа ми го раскажа скоро целиот свој живот и желно ги слушаше моите приказни. Постојано бараше, пред сè, да ѝ расправам за Наташа и Аљоша. Веќе беше полноќ кога

ми пријде кнезот па ми даде знак дека треба да се простам. Јас се простив. Катја силно ми ја стегна раката и ме погледна со посебен израз на лицето. Грофицата ме замоли да им доаѓам. Јас и кнезот излеговме заедно.

Не можам да се воздржам од една напомена, чудна, и која можеби воопшто и не ѝ припаѓа на оваа работа. Тричасовниот разговор со Катја, меѓу другото, создаде кај мене некакво чудно, но во исто време длабоко уверување дека е таа во толкава мера уште вистинско дете што воопшто не ја знае целата тајна на односите меѓу мажот и жената. Тоа им даваше необична комичност на некои нејзини објаснувања и воопшто на сериозниот тон со кој таа зборуваше за многу важни работи . . .

ДЕСЕТТА ГЛАВА

— А знаете ли што? — ми рече кнезот седнувајќи со мене во колата, — како би било сега да вечераме, а? Што мислите вие?

— Жими бога, не знам, кнезу, — му одговорив колебајќи се; јас никогаш не вечерам . . .

— Па, се разбира, и ќе **поразговараме** додека вечераме, — додаде тој, гледајќи ме право в очи внимателно и лукаво.

Кој не би го разбрал тоа! Тој сака да се довери, — си помислив — а мене тоа и ми требаше. Јас се согласив.

— Во ред. На Великата морка улица, кај Бапков.

— Во ресторанот? — го прашав малку збунет.

— Да, а зошто? Јас воопшто ретко вечерам дома. Зар нема да ми дозволите да ве поканам?

— Па веќе ви реков дека никогаш не вечерам.

— Но еднаш може. А освен тоа, сега јас ве поканувам . . . Поправо плаќам. — Уверен сум дека тој ова намерно го додаде. Се согласив да ме однесе, но решив во ресторанот својата сметка сам да си ја платам. Стасавме. Кнезот зеде засебна соба, па со вкус, и како вистински познавач избра две-три јадења. Јадењата беа скапи, исто како и шишето фино десертно вино, кои тој ги порача. Сето ова не е за мојот џеб. Јас ја погледнав листата на јадења па порачав половина еребица и чашка лафит. Кнезот се побуни.

— Вие не сакате со мене да вечерате! Па тоа е дури смешно. Пардон, mon ami, но тоа е . . . веќе неподнослива деликатност. Тоа е веќе најситно честољу-

бие. Тука се вмешаа скоро сталешките интереси, и се обложувам дека е така. Ве уверувам дека со тоа ме навредувате.

Но јас останав при своето.

— Најпосле, како што сакате, — додаде тој. — Јас не ве принудувам... Кажете, Иване Петрович, би можел ли јас да разговарам со вас сосем пријателски?

— Јас ве молам за тоа.

— Но, според моето мислење, толку претераната деликатност ви штети вам. А исто така тоа им штети и на сите ваши. Вие сте писател, вие треба да имате друштво; а вие од сè се отуѓувате. Јас сега не зборувам за еребицата; но вие сте готов да се откажете сосем од секое општење со нашиот круг, а тоа е сосем штетно. Покрај тоа што вие на тој начин многу губите, — со еден збор, кариерата, — покрај тоа, во прашање е и тоа што треба да го запознаете она што го опишувате, зашто таму, во вашите романи има и грофови, и кнезови, и будоари... Најпосле, зошто го зборувам јас ова! Кај вас таму сега е вистинска беда: загубени шинели, ревизори, убијци, офицери, чиновници, стари времиња и животот на Раскољников, знам, знам.

— Но вие се мамите, кнезу. Ако не доаѓам во вашиот, како што го нарекувате вие „виш круг", тоа го правам затоа што таму, пред сè, е здодевно, а второ, таму немам што да правам! Па, сепак доаѓам...

— Знам кај кнезот Рахлеев, — еднаш годишно. Таму и ве сретнав. А сето друго време чмаете во својата демократска гордост и пропаѓате по вашите мансарди, макар што сите ваши не прават така. Меѓу вас има такви авантуристи што дури и мене мака ме фаќа...

— Би ве замолил, кнезу, да го промените тој разговор и да не се враќате на мансардите.

— Ах, господе боже, па вие веќе се навредивте! Најпосле вие самиот ми дозволивте пријателски да разговарам со вас. Но, простете, јас уште со ништо не сум го заслужил вашето пријателство. Туку, доста добро им е ова вино. Пробајте го.

Тој ми тури половина чаша од своето шише.

— Ете гледате, драги мој Иване Петрович, јас и самиот увидувам дека не прилега да му се наметнува на некого своето пријателство. Но не сме сите толку груби кон вас како што си замислувате вие. А после, и јас многу добро разбирам дека вие сега седите со мене не од некоја наклоност кон мене, туку затоа што ви ветив оти ќе разговарам. Зар не е така?

Тој се засмеа.

— А бидејќи вие ги штитите интересите на извесна личност, вие би сакале да го чуете тоа што ќе го кажам. Така ли е? — додаде тој со злобна насмевка.

— Не сте се измамиле, — го прекинав нестрпливо (јас почувствував дека е тој еден од оние кои, кога ќе видат дека е човек и најмалку во нивна власт, веднаш му даваат да го почувствува тоа. А јас сега бев во негова власт, зашто не можев да заминам додека не чујам сè што имаше намера да ми каже, и тој многу добро го знаеше ова. Неговиот тон одеднаш се измени, и сè повеќе и повеќе преминуваше во дрско-фамилијарен и подбивен). — Вие не сте се измамиле, кнезу; токму затоа и дојдов. Инаку, верувајте, не би седел . . . олку доцна.

Ми дојде да му речам: инаку јас за ништо на светот не би седел овде со вас. Но тоа не го реков, туку го свртив разговорот на друга страна, не од страв, туку од проклетата своја слабост и деликатност. Зашто, навистина, како ќе му ја кажете на човека грубоста право в очи, па дури и да го заслужил тоа, и макар што посебно сакав да му ја кажам грубоста? Ми се чини дека кнезот го забележа тоа во моите очи, па подбивно ме посматраше во текот на целиот мој одговор, просто наслаДувајќи се од мојата несмелост и како да ме предизвикуваше со својот поглед. „Значи, не се осмели, се премисли, тоа ти е братче!“

Сигурно така и беше, зашто кога завршив, тој се чукна по колено.

„Не знаеш колку си смешен братче“, прочитав во неговите очи. — „Ако, ако!“ си помислив во себе.

— Јас сум вечерва многу расположен, — викна тој, — а, верувајте, ни самиот не знам зошто. Да, да, драги мој, да! Јас токму за таа личност и сакав да зборувам. Треба сосем да се изјаснам, да д о ј д а м до некој резултат, а се надевам дека овојпат сосем ќе ме разберете. Онојпат почнав со вас да зборувам за тие пари и за тој сметеник таткото, шеесетгодишното дете... Но! Сега не вреди ни да се спомнува. Зашто јас тоа само т а к а го реков! Ха, ха, ха! Па вие сте писател, требаше да ви текне.

Го гледав изненадено. Ми се чинеше дека уште не беше пијан.

— Да, а што се однесува до таа девојка, жими бога, јас ја почитувам, дури и ја сакам, ве уверувам. Малку е на своја глава, но „нема ружа без трн", како што се велело пред педесет години. И имаме право: трнот боцка, но токму тоа и е примамливо, па макар што мојот Алексеј е глупак, јас, во извесна смисла, веќе му простив, — зашто покажа дека има вкус. Со еден збор, мене тие девојки ми се допаѓаат, и јас дури — (тој значително ги собра усните) имам специјални планови... Туку, за тоа после...

— Кнезу! Слушајте кнезу! — викнав, — јас не ја разбирам таа толку брза промена кај вас но... променете го разговорот, ве молам.

— Вие пак се лутите! Па добро... Ќе го променам, ќе го променам! Само, еве што сакам да ве прашам, мил мој пријателе: дали многу ја почитувате неа?

— Се разбира, — му одговорив грубо и нестрпливо.

— Па... па и ја сакате? — продолжи тој одвратно клештејќи ги забите и мижуркајќи.

— Вие се заборавате! — викнав јас.

— Добро, нема, нема! Смирете се! Денеска сум необично добро расположен. Толку ми е пријатно, како што не ми било одамна. Да испиеме чаша шампањско? Што мислите, поету мој!

— Јас нема да пијам, не сум за пиење.

— Не сакам ни да чујам. Вие денеска морате да ми правите друштво. Јас се чувствувам прекрасно, па

бидејќи сум добар до сентименталност, тогаш не можам сам да бидам среќен. Којзнае, можеби уште ќе дојдеме дотаму што и на ти ќе пиеме, ха, ха, ха! Не, млад мој пријателу, уште вие мене добро не ме знаете! Уверен сум дека ќе ме засакате. Би сакал вие со мене денеска и радост и жалост да делите, и веселба и солзи, макар што се надевам дека барем јас нема да се расплачам. Но што е значи, Иване Петрович? Но добро размислете, ако не биде тоа што го сакам јас, тогаш ќе ми помине сета оваа инспирација, ќе се изветрее и ќе пропадне, и вие ништо нема да чуете. А вие сте овде само за да чуете нешто. Зар не е така? — додаде тој, пак намигнувајќи ми безобразно, — значи, избирајте.

Заканувањето беше сериозно. Јас се согласив. „А да не наумил тој да ме опијани?“ си помислив. Токму овде е згодно да се спомне една приказна за кнезот, приказна која уште одамна стаса и до мене. Се расправаше за него, дека тој — инаку секогаш толку гладок и пристоен во друштво — знае понекогаш ноќе да се опијани како земја, и тогаш скришно се оддава на блуд, одвратен и потаен. Јас сум слушал за него застрашувачки работи. Велат дека Аљоша знаел оти татко му понекогаш пие, па се трудел да го крие тоа од сите, а особено од Наташа. Еднаш пред мене некако се пушти, но бргу го замачка разговорот и не одговараше на моите натамошни прашања. Впрочем, јас од него го чув тоа и, признавам, отпрвин не можев да верувам. А сега чекав да видам што ќе биде.

Донесоа вино. Кнезот наполни две чаши, нему и мене.

— Златна, златна девојка, макар што така ме искара! — продолжи тој шмркајќи го виното со големо уживање, — но тие златни суштества токму тука и се златни, во такви моменти... А таа сигурно мислеше дека ме засрамила — се сеќавате онаа вечер — и дека ме сомлела во прав! Ха, ха, ха! Па колку убаво изгледа кога ќе порумени! Се разбирате ли вие од жени? Понекогаш толку ненадејно руменило страшно убаво им стои на бледи образи, сте го забележале ли тоа? Ах, господи, па вие пак како да се лутите?

— Да, се лутам! — викнав јас, не воздржувајќи се повеќе. — И не сакам сега да зборувате за Наталија Николаевна... поправо да зборувате со таков тон. Јас... јас тоа нема да ви го дозволам!

— Охо! Најпосле, добро! Да направам како што сакате ќе ја променам темата. Зашто јас сум попустлив и мек како памук. Ќе зборуваме за вас. Јас ве сакам, Иване Петрович. Кога би знаеле колку искрено и од сè срце ве симпатизирам.

— Кнезу, зар не е подобро да зборуваме за работите? — го прекинав.

— Поправо за н а ш а т а работа, сакате да кажете. Јас ве разбирам со половина збор mon ami но вие и не сонувате колку одблиску ќе се доближиме до самата работа ако го почнеме сега разговорот за вас, и, се разбира, ако вие не ме прекинувате пак. Значи, јас продолжувам. Сакав да ви кажам, драги мој Иване Петрович, дека да се живее така како што живеете вие значи просто да се упропастувате самиот себеси. Вие веќе ќе ми допуштите да се осврнам на таа деликатна тема, — јас тоа го правам од пријателство. Вие сте сиромав вие претходно земате пари од вашиот издавач, ги плаќате вашите ситни долгови а со тоа што ќе ви преостане од нив, живеете по половина година само од чај и штраката во вашата студена мансарда очекувајќи кога ќе го завршите романот за списанието на вашиот издавач. Зар не е така?

— Макар што е така, сепак тоа е...

— Почесно отколку да се краде, да се понижува, да се прима мито, да се интригира, и слично. Знам, знам што сакате да кажете, сето тоа уште одамна е и напечатено.

— Па, според тоа, нема никаква смисла ни да се зборува за моите прилики. Зар јас, кнезу, да ве учам на пристојност?

— Па, секако не. Само, што да се прави кога мораме да се осврнеме токму на оваа деликатна тема. Зашто, сигурно нема да ја заобиколуваме. Туку, најпосле, да ги оставиме мансардите на мир. Јас и самиот не сум нивни љубител, освен можеби во извесни при-

лики (тој тука одвратно се закикоти). — Туку, еве што ме изненадува мене: како не ве мрзи вас да играте улога на споредно лице? Се разбира, еден ваш писател дури, се сеќавам, некаде има речено: дека можеби најголемиот човеков подвиг е тоа ако умее во животот да се ограничи на улогата на второ лице... Ми се чини така некако! За тоа слушав некаде и еден разговор. Но Аљоша, ете, ви ја презеде свршеницата, зашто јас тоа го знам, а вие, како некој Шилер, сакате заради нив од кожа да излезете, им служите, уште малку па ќе трчате по нивните работи... Драги мој, простете, но тоа е некаква доста гадна игра со великодушни чувства... Како не ви се здодеа, навистина? Срамота? Јас, ми се чини, на ваше место би пресвиснал од јад, а што е главно: срамота е, срамота!

— Кнезу, вие како да ме намамивте овде за да ме навредувате! — викнав целиот избезумен од бес.

— О, не, пријателе, не, јас во овој момент сум едноставно деловен човек, и ви сакам среќа. Со еден збор, сакам целата работа да ја доведам во ред. Но засега да ја оставиме ц е л а т а р а б о т а, па убаво ислушајте ме докрај, но гледајте да не се нервирате, барем околу две-три минути. Но што мислите: кога би се ожениле вие? Гледате, јас сега зборувам за нешто д р у г о. А зошто ме гледате толку зачудено?

— Чекам да го завршите сето тоа, — му одговорив, гледајќи го навистина изненадено.

— Па немам повеќе што да зборувам. Јас само сакав да знам што би кажале вие кога некој од вашите пријатели, тие што навистина ви сакаат вистинска среќа, а не што поминува, би ви понудил девојка, млада, убава, но... која веќе по нешто доживеала. Јас зборувам алегорично, но вие ме разбирате, но, како, да речеме, Наталија Николаевна, — се разбира, и со пристојно надоместување... Обрнете внимание, јас сега зборувам за нешто друго, а не за н а ш а т а работа. Но, што би рекле вие за тоа?

— Јас би рекол дека вие сте... полуделе.

— Ха, ха, ха! Охо! Па вие уште малку и ќе ме тепате?

Јас навистина бев готов да го грабнам за гуша. Натаму повеќе не можев да трпам. Тој ми оставаше впечаток на некаков ползавец, некаков огромен пајак, кого многу сакав да го здробам. Тој уживаше во тоа што ми се подбива, тој играше со мене како мачка со глушец, сметајќи дека сум сосем во негови раце. Мене ми се чинеше (и јас тоа го гледав) дека тој наоѓа некакво задоволство, некаква, можеби дури сладострасност во својата дрскост, во таа безобразност, во тој цинизам со кој, најпосле, ја симнуваше пред мене маската од неговото лице. Тој сакаше да се наслади од мојата скаменетост, мојот ужас. Тој искрено ме презираше и ми се потсмеваше.

Јас уште од самиот почеток претчувствував дека тој сето ова го прави намерно и дека тоа има некаква цел. Но јас бев во таква положба што морав по секоја цена, докрај да го ислушам. Тоа беше во интерес на Наташа, па морав на сè да се решам и сè да поднесам, зашто во тој момент можеби се решаваше целата работа. Но, како да ги слуша човек тие цинички, подмолни испади во однос на неа, и како да го поднесува тоа ладнокрвно? А тој покрај тоа многу добро знаеше дека јас не можам да не го слушам, и тоа уште повеќе ја засилуваше навредата. „Најпосле, па и јас сум му потребен“ си помислив, па почнав да му одговарам остро и бунтовно. Тој тоа веднаш го почувствува.

— Значи, еве, што е, млад мој пријателе, — почна тој сериозно посматрајќи ме, — јас и вие не смееме да продолжуваме, па затоа подобро да се разбереме. Јас, гледате ли, сакав нешто да ви кажам, па затоа би требало да бидете толку љубезен да се согласите да слушате сè што ќе речам. Јас зборувам како што сакам и како што ми се допаѓа мене, а всушност така и треба. Па, значи, млад мој пријателе, ќе бидете ли стрплив?

Јас се совладав и замолчив, и покрај тоа што ме гледаше со таков пакосен потсмев како да сакаше сам да ме предизвика на остар протест. Но тој виде дека сепак се согласив да останам, па продолжи:

— Не лутете ми се, пријателе! Зошто сте се разлутиле? Единствено поради мојот начин, нели? Најпо-

сле вие од мене, во самата работа ништо друго и не очекувавте, без обзир како ќе зборувам: било со парфимирана измазнетост, или вака како сега; според тоа, сепак резултатот би бил ист како сега. Вие мене ме презирате, така ли е? Гледате ли колку пријатна едноставност, искреност, па bonhomie[1]) имате во мене. Јас еве, сè ви признавам, дури и моите детски каприци. Да, mon cher,[2]) да, малку повеќе bonhomie и од ваша страна па ќе се согласиме, ќе се договориме сосем, па, најпосле, докрај ќе се разбереме. И немојте да ми се чудите. Зашто мене, најпосле, толку ми здодеаја сите тие невиности, сите тие Аљошини идили, целата таа шилеровштина, сите тие возвишености во таа проклета врска со таа Наташа (инаку многу мила девојка), што јас, така да се каже, и не сакајќи одвај дочекав прилика сето тоа да го исмеам. А таа прилика еве сега ми се даде. А, освен тоа, јас сакав пред вас да ја излеам мојава душа. Ха, ха, ха!

— Вие ме изненадувате, кнезу, просто не можам да ве познам. Вие запаѓате во комедијантски тон; таа ваша неочекувана искреност . . .

— Ха, ха, ха! А тоа донекаде и ви е точно! Многу убава споредба! Ха, ха, ха! Јас сега л у м п у в а м, драги мој, јас л у м п у в а м! Мило ми е, и целиот сум среќен, да, а вие, поету мој, морате да бидете кон мене што повеќе снисходлив. Туку, подобро да пиеме, — заклучи тој, сосем задоволен со себе и турајќи уште во чашата. — Ете, пријателе, онаа глупава вечер, се сеќавате ли, кај Наташа, — ме дотолчи сосем. Вистина, самата таа беше многу златна, но јас тогаш си отидов страшно налутен, и јас нема да го заборавам тоа. Нема ниту да го заборавам ниту да го кријам. Се разбира, ќе дојде и нашиот час, и тој дури бргу се приближува, но сега тоа ќе го оставиме настрана. Туку, меѓу другото, сакав да ви објаснам дека имам уште една особена црта во својот карактер, која вие уште не сте ја забележале, — тоа е омраза кон сите тие излитени, без-

---

[1]) Простосрдечност.

[2]) Драги мој.

вредни наивности и идили. А едно од најпикантните уживања за мене секогаш било и самиот во почетокот таков да се направам, да влезам во тој тон, да поттикнам, да го окуражам некој вечно млад Шилер, па после одеднаш да го поклопам; одеднаш пред него да ја симнам маската, па восхитувањето на моево лице да го сменам во гримаса, да му го покажам јазикот токму во оној момент кога тој најмалку можел да очекува такво изненадување. Што велите? Вие не го разбирате тоа, вам тоа ви изгледа лошо, глупаво, неблагородно, а?

— Па се разбира.

— Вие сте искрен. Но што да правам кога и мене ме мачи? И јас сум глупаво искрен, но таков ми е карактерот. Најпосле, еве да ви раскажам некои случки од мојот живот. Така подобро ќе ме запознаете, а ќе ви биде и многу интересно. Да, јас навистина можеби денеска личам на пајак, но пајакот е искрен, така ли е?

— Слушајте, веќе е доцна, па би . . .

— Што? О, господи, колку сте нестрплив! А каде имате да одите што брзате? Останете уште малку да поседиме, па да поразговараме пријателски, искрено, вака со чаша вино, како добри пријатели. Вие мислите дека сум пијан: ако, уште подобро. Ха, ха, ха! Навистина, овие пријателски средби човек после долго ги памти, со такво уживање после се сеќава. Туку, вие не сте добар човек, Иване Петрович! Немате сентименталност, немате чувствителност. Но, што би ви недостигало да жртвувате час-два за таков пријател каков што сум јас? А освен тоа, ова спаѓа во работата . . . Па како не го гледате вие тоа? А уште и писател! Па би требало да ја благословите приликава. Зашто вие сега, според мене, можете да создадете тип, ха, ха, ха! Господи, колку прекрасно искрен сум денеска!

Виното очигледно го совладуваше. Лицето му се измени и доби некаков граблив израз. Тој очевидно сакаше да предизвикува, да боцка, да укасува, да се потсмева. „Донекаде и подобро што е пијан“, си помислив: „пијаниот секогаш побргу ќе се издрдори“. Но тој беше претпазлив.

— Пријателу, — почна тој, очигледно уживајќи сам во себе, — јас сега ви направив една исповед, дури можеби неумесна, бидејќи кај мене понекогаш се јавува незапирлива желба во извесна прилика на некого да го покажам јазикот. Поради таа моја наивна и простодушна искреност вие ме споредивте со пајак, што, пак, мене искрено ме насмеа. Но ако ми забележите или ако не можете да ми се начудите што сум кон вас груб, па можеби и непристоен како простак, со еден збор, што така одеднаш го изменив кон вас тонот, тогаш во овој случај сте сосем неправеден. Прво, јас така сакам, второ, јас не сум дома туку со в а с . . . поправо, сакам да кажам дека ние сега л у м п у в а м е како добри пријатели, а трето — јас страшно сакам каприци. Ќе ми верувате ли дека некогаш од пусти каприц дури бев метафизичар и филантроп и за малку што не се занимавав со исти идеи како вас. Туку, тоа беше гос-под зна-е кога, во златните денови на мојата младост.

Се сеќавам, јас тогаш дојдов на мојот имот со хумани цели и, се разбира, просто скапував од здодевност. И вие нема да ми верувате што ми се случи тогаш. Од здодевност јас почнав да се запознавам со убави девојки . . . А вие пак како да правите гримаса на лицето? О, млад мој пријателе! Па ние сме сега на другарска средба! Па кога ќе се провеселиме малку и да ѝ дадеме на душата мир? Зашто јас сум руска природа, вистинска руска природа, патриот, сакам така широко да се расположам. А после, треба да го грабиш секој миг и да се насладуваш од животот. Кога ќе умреме — таму ништо нема! Значи, така јас љубев. Се сеќавам, една моја пастирка имаше маж, убав, млад селанец. Заповедав да го измаваат во коњушницата и сакав да го испратам војска (некогашни палавости, поету мој!), но не морав да го давам во војска: умре в болница . . . Зашто јас во селото имав и болница, со дванаесет кревети, убаво наместена, чиста, со паркет. Да, таа болница одамна ја имам затворено, но тогаш со неа се гордеев: бев филантроп. Да, а тој мој селанец, за малку, поради жената, во тепањето што не ми ум-

ре... Но, што ви е, вие пак правите гримаса? Одвратно ви е да слушате? Тоа ги буни вашите благородни чувства? Но, но, смирете се! Сето тоа е минато. Тоа го направив кога бев романтичен, кога сакав да бидам добротвор на човештвото, да основам филантропско друштво... во такви води тогаш запливав. Тогаш тепав селани во коњушницата. Сега не сакам да тепам; сега треба преправање; сега сите ние се преправаме, — такво време дојде... Но сега најмногу ме тера да се смеам будалана Ихмењев. Уверен сум дека тој го знаеше целиот случај со мојот тепан селанец... Па што? Тој, според добрината на својата душа, која како да беше направена од лимонада, и поради тоа што тогаш се беше заљубил во мене, па сам во своите очи прекумерно ме издигаше — тој се реши да не верува во ништо, и не веруваше, поправо не му веруваше на фактот, и дванаесет години поради мене се фаќаше за гол нож сè додека не дојде и неговата работа во прашање. Ха, ха, ха! Туку, тоа се глупости! Да пиеме, млад мој пријателе! Слушајте, сакате ли вие жени?

Јас ништо не му одговорив. Само го слушав. Тој го отвори и второто шише.

— А јас сакам за нив да зборувам вака на вечера. Ако сакате да ве запознам по вечерата со една m-lle Philiberte, — а? Што велите? Ама што ви е! Не ме гледате!

Тој тука како да се засмеа. Но одеднаш ја крена главата, некако важно погледна во мене па продолжи:

— Знаете што, поету мој? Сакам да ви откријам една природна тајна која можеби ви е сосем непозната. Уверен сум дека вие мене во овој час ме нарекувате грешник, можеби дури и подлец, чудовиште од разврати и пороци. Но еве што ќе ви кажам! Само кога би можело тоа да биде (што, впрочем, според човечката природа, никогаш не може да биде) кога би можело секој од нас да го опише својот живот, но така до ситници што да не се плаши да го изнесе не само она што не смее да го каже, и кое не би им го кажал на луѓето по никоја цена, и не само тоа што се плаши

да им го признае на своите најдобри пријатели, туку дури и она што се плаши понекогаш и себеси да си го признае, — тогаш по светов би се растурила таква смрдеа што сите би морале да се задушиме. Ете, зошто, патем речено, толку се добри нашиве светски условности и правила за ред. Во нив лежи длабока мисла, не би рекол морална, туку просто превентивна, удобна, што е, се разбира, уште подобро, зашто моралот навистина е пак само удобност, поправо измислен е единствено заради удобност. Туку, за тој општествен ред после, зашто вака ја губам врската на моето излагање, потсетете ме после. А ќе завршам вака: вие ме обвинувате заради порок, заради разврат и неморал, а јас сум можеби виновен само затоа што сум п о и с к р е н од другите и ништо повеќе, што не го кријам тоа што другите го кријат дури и од себеси, како што реков пред малку . . . Тоа за мене не е добро, но сега јас така сакам. Најпосле, немојте да се вознемирувате, — додаде тој со подбивна насмевка, — реков дека сум „виновен", но јас не барам прошка од никого. А обрнете внимание уште и на ова: јас не сакам да ве доведувам во незгода, не ве прашувам дали и вие имате некои такви тајни па со вашите тајни да се оправдам себеси . . . Јас постапувам пристојно и благородно. Јас воопшто секогаш благородно постапувам.

— Вие просто не знаете што зборувате, — реков јас, гледајќи го презирно.

— Не знам што зборувам, ха, ха, ха! А сакате ли да кажете за што мислите? Вие мислите: зошто ли сум ве донесол овде па одеднаш, туку-така, толку искрено се расприкажав со вас? Така ли е?

— Така е.

— Но, тоа ќе го дознаете после.

— А и не е чудно: испивте скоро две шишиња, па ве фати виното . . .

— Подобро речено: се напи. И тоа може да биде. „Го фати виното!" — тоа излегува малку поблаго отколку — пијан. О, мој фин и префин човеку! Туку . . . пак, ми се чини, како да почнавме да се караме, а фа-

тивме да зборуваме за толку интересен предмет. Да, поету мој, ако има на светот нешто што е убаво и слатко, тоа се жените.

— Знаете ли, кнезу, јас сепак не разбирам од каде ви текна токму мене да ме изберете за човек на кој ќе му ги доверите вашите тајни и љубовни потреби?

— Хм... Па јас ви реков дека ќе чуете после. Не грижете се; најпосле, нека биде и така, без секаква причина; вие сте писател, па ќе ме разберете, а јас веќе ви зборував за тоа. Има една особена сладострасност во тоа исфрлање на маската од лицето, во тој цинизам со кој човекот одеднаш се разголува пред другите во таков вид што дури и не го удостојува да се срами пред него.

Да ви раскажам една случка. Имаше така во Париз еден полуден чиновник. После го пикнаа в лудница, кога се уверија сосем дека е луд. Но тој кога почнал да полудува заради свое задоволство измислил вакво нешто: се соблекувал дома гол, сосем како Адам, ги оставал на себе само чевлите, префрлувал преку себе широка наметка, до земја, се завиткувал во неа, па со важен израз на лицето излегувал на улица. Кога би го погледнал некој отстрана — човекот како и сите други; шета во широката наметка заради свое уживање. Но штом би се случило да сретне некој минувач, некаде насамо, така што околу нив да нема никој, тој молчејќи се упатувал кон него, со најсериозен и задлабочен израз; одеднаш така застанувал пред него, ја разгрнувал својата наметка, па се покажувал себеси така... како што го родила мајка му. Тоа би потрајало еден момент, потоа пак би се завиткал, па молчејќи, не мрднувајќи ни со еден мускул на лицето, минувал покрај скаменетиот гледач, достоинствено, полека, токму како духот во Хамлет. Така постапувал со сите, со мажи, со жени и деца, и тоа му било единствено уживање. Е па, ете, еден дел од тоа задоволство може човек да најде ненадејно кога ќе го поклопи некој Шилер, па ќе му го покаже нему јазикот тогаш кога овој

најмалку го очекува тоа. „Поклопи“, што велите за тој израз? Го прочитав некаде токму во вашата современа литература.

— Но тој бил лудак, а вие . . .

— Имам некоја задна мисла?

— Па да.

Кнезот се засмеа.

— Вие правилно судите, мил мој, — додаде тој со најбесрамен израз на лицето.

— Кнезу, — му реков, разлутувајќи се на неговата бесрамност, — вие нè мразите, меѓу другите и мене, и се одмаздувате за сè и за секого. Сето тоа кај вас е заради вашето ситно честољубие. Вие сте лош, и тоа ситничарски лош. Ние вас ве разлутивме, и вие, можеби, сте најмногу бесен поради онаа вечер. Се разбира, вие со ништо не би можеле подобро да ми се одмаздите отколку со тоа крајно презирање кон мене. Вие се ослободувате самиот дури и од обичната и за секого задолжителна пристојност, која ние сите си ја должиме еден на друг. Вие јасно сакате да ми покажете дека дури не ме удостојувате ни да се срамите пред мене, штом сега толку отворено и толку ненадејно ја отфрливте од вашето лице гадната маска, па ми се покажавте во ваков морален цинизам . . .

— Зошто ми го зборувате сето тоа? — ме праша тој, погледнувајќи грубо и злобно. — Можеби затоа што сакате да ми ја покажете вашата проникливост?

— За да ви покажам дека сосем ве гледам, и за да ви го кажам тоа в очи.

— Quelle idée, mon cher,[1] продолжи тој, променувајќи го тонот пак како порано весел и дродорливо добродушен. — Вие само ме оддалечивте од работите. Buvons, mon ami,[2] дозволете да ви турам. А јас само што сакав да ви раскажам еден прекрасен и необично интересен настан. Но сепак ќе ви го раскажам во општи црти. Во свое време познавав една дама; но таа не беше во првата младост, туку, така, околу дваесет

[1] Што ви паѓа на памет, драги мој.

[2] Да пиеме, пријателе.

и седум-осум години. Првокласна убавица; какви гради, какво однесување, каков ôд. Гледаше продорно, како орлица, но секогаш сериозно и строго; се однесуваше лошо и непристапно. Општото мислење беше дека е студена како зима кај Водици, и го одбиваше секого со своите недостижни, со своите стравотни добродетели. Навистина стравотни. Во целата нејзина околина немаше толку строг судија како неа. Таа ги осудуваше не само пороците, туку дури и најмалата слабост кај жените, и осудуваше неодменливо, без поговор. Во својот круг таа имаше огромно значење. Најлошите и поради своите особини најстрашните старици ја почитуваа, па дури гледаа да ѝ се додворат. А таа на сè гледаше бестрашно немилосрдно, како игуманија од средновековен манастир. Младите жени трепереа од нејзиниот поглед и суд. Една нејзина површна забелешка, една нејзина напомена можеше да упропасти добар глас, — таква положба таа имаше стекнато во општеството. Од неа се плашеа дури и мажите. Најпосле се оддаде на некаков спекулативен мистицизам, впрочем, исто така мирен и важен . . . Па што мислите? Немаше блудница поразвратна од таа жена, а мене ми падна таа среќа да ја заслужам нејзината полна доверба. Со еден збор, јас бев нејзин таен и таинствен љубовник. Нашите состаноци беа правени толку вешто што никој дури ни меѓу нејзините домашни не можеше ништо да се посомнева; само една нејзина вонредно убава собарка, Францускинка, беше упатена во сите нејзини тајни. Но на таа собарка човек можеше сосема да ѝ се довери, зашто и таа исто така земаше учество во оваа работа, а на кој начин — тоа засега ќе го изоставам.

Таа госпоѓа беше во толкава мера сладострасна што самиот маркиз де Сад би можел кај неа да учи. Но што беше најсилно, најмногу што вчудовидуваше и потресуваше во таа наслада, — беше нејзината таинственост и дрскост во измамата. Тоа нејзино исмевање на сè за што таа постојано расправаше во друштво како за нешто високо, недостапно и несоборливо и, најпосле, внатрешно, ѓаволско исмевање и свесно га-

зење на сè што не смее да се гази — и сето тоа без граница доведено до краен степен, до таков степен за кој ни најголемата фантазија не би смеела да помисли, — ете во тоа, што е најглавно, се содржеше најостратa линија на тоа уживање. Да, тоа беше ѓавол во човечко тело, но несопирливо привлечен. Ни денеска не можам да се сетам за неа без восхитување. Во моментот на најголемата наслада, таа одеднаш ќе се закикотеше како луда, и јас го разбирав, сосем го разбирав, тој кикот, па и самиот се кикотев . . . Јас дури и сега губам здив кога ќе се сетам за неа, макар што тоа беше многу одамна. По една година таа ме замени со друг. Но јас дури и да сакав, ништо не можев да ѝ напакостам. Зашто кој би можел да ми верува? Но што велите за тој карактер, млад пријателе?

—Ту, каква нискост! — одговорив, ислушувајќи ја со гнасење таа исповед.

— Па вие не би биле мој млад пријател кога би ми одговориле поинаку! Знаев дека ќе го речете тоа. Ха, ха, ха! Чекајте само, mon ami. Вие допрва треба да живеете, па нешто и самиот да искусите, а сега, — вие уште со шеќерчиња, се задоволувате. Вие не сте поет штом велите така. Таа жена знаеше што е животот и умееше да го користи.

— Но зошто да се оди до такво животинство?

— До какво животинство?

— Па до тоа до кое одела таа жена, и вие со неа.

— А, вие тоа го викате животинство, — сигурен доказ дека сè уште ви треба цуцла. Се разбира, јас признавам дека самостојност може да се појави во сосем спротивен правец, но . . . да зборуваме попросто, пријателе . . . Признавате самиот: сето тоа е ветар.

— А што не е ветар?

— Не е ветар — својата личност, јас. Сè постои заради мене и целиот свет е создаден за мене. Слушајте, момче, јас уште верувам во тоа дека на овој свет може да се проживее. А тоа е најдобра вера заради тоа што без неа дури и лошо не може да се живее: инаку човек би морал да се отруе. Велат дека некој будала така и направил. Тој дотогаш филозофирал,

разурнал сè, сè, дури и законитоста на сите нормални и природни човечки должности, па дотаму дотерал што веќе ништо не му останало. Му останала нула како резултат и тој прогласил дека најдобра работа во животот е цијанкалиумот. Вие ќе речете: тој е Хамлет, тоа е грозно очајување, со еден збор, нешто толку големо што ние не го ни претпоставуваме. Но вие сте поет, а јас обичен човек, и затоа велам дека треба да се гледа на работите од најпростата практична точка. Јас, на пример, веќе одамна сум се ослободил од сите окови па дури и обврски. Се сметам за обврзан само тогаш кога знам дека тоа ќе ми донесе некаква корист. Вие, се разбира, не можете така да гледате на работите: вашите нозе се сопнати, а вкусот болен. Вие копнеете по идила, по добродетели. Но, мил мој, па јас и самиот сум готов да признам сè што ќе заповедате, но што да правам кога јас, еве, сигурно знам дека во основата на сите човечки добродетели лежи најдлабока себичност. И колку што е работата почестита, толку повеќе себичност има тука. Сакај се себеси, — тоа е единственото правило што го признавам јас. Животот е трговска работа; попусто пари не фрлајте, но, во краен случај, платете за направената услуга, па сте ги исполниле сите свои обврски кон блискиот, — тоа е мојот морал, ако веќе го барате бездруго макар што, ви признавам, според моето сфаќање, подобро е да не му плаќаш на својот близок, туку да умееш да го натераш сè да прави без плаќање. Идеали јас ниту имам, ниту сакам да ги имам; стремеж за нив никогаш не сум чувствувал. Зашто на овој свет може толку весело, толку пријатно да се проживее и без идеали... и en somme[1], мене ми е многу мило што можам да поминам и без цијанкалиум. Зашто кога би бил барем малку п о м о р а л е н, јас без него можеби не би можел да минам, како ни оној будалата-филозоф (сигурно некој Германец). Не! Во животот има уште толку многу пријатно. Јас сакам положба во општеството, сакам чин, хотел, сакам да играм карти на големи из-

[1]) На крајот од краиштата.

носи (картите ми се страст). Но главно, главно се жените... И тоа жени во сите форми. Јас дури сакам скриен, мрачен разврат, колку што може понеобичен и пооригинален, и дури со малку нечистотија, да биде поразновиден... Ха, ха, ха! Го гледам вашето лице: со каков презир ме гледате вие сега мене!

— Па се разбира, — му одговорив.

— Најпосле, вие можеби и имате право, но во секој случај подобро и таква нечистотија отколку цијанкалиум. Нели?

— Не, тогаш подобро цијанкалиум.

— Јас намерно ви го поставив прашањето „нели?“ за да уживам во вашиот одговор; а го знаев пред тоа. Не, пријателе, ако сте вистински човекољубец, тогаш треба да им пожелате на сите паметни луѓе ист вкус како мојов, па дури и со нечистотија, инаку паметниот човек уште малку па не ќе има што да прави на овој свет и ќе останат само будали. Ех, колку ќе се науживаат! Зашто, еве, и сега постои поговорка: додека мудрите мудруваат, будалите ќе се наживеат. И, знаете ли, нема ништо попријатно отколку да се живее со будали па да им се плеска, — вистинска згода! Не гледајте оти јас полагам на предрасуди и се држам за извесни општествени правила, се грабам за углед; зашто јас гледам дека живеам во еден празен свет, но во него засега ми е топло, па му одобрувам, му покажувам дека сум готов за него да одам во вода и огин а во прва прилика ќе го оставам на цедило. Јас ги знам сите тие ваши нови идеи, макар што никогаш не сум страдал поради нив, а немам ни зошто. Никогаш за ништо не сум почувствувал грижа на совеста. Јас со сè се согласувам, само да ми е мене добро, а такви има колку што сакаш и навистина ни е добро. Сè на светов може да пропадне, но ние никогаш нема да пропаднеме. Ние постоиме откако постои светот. Целиот свет може некаде да се синдилиса, но ние ќе испливаме, зашто ние секогаш испливуваме на површина. Навистина, погледајте макар само на тоа — како живееле такви луѓе какви што сме ние. Бидејќи ние, да знаете, за чудо сме жилави; зар вас тоа некогаш не ве вчу-

довидело? Сите ние живееме до осумдесет години! Значи, и самата природа е на наша страна, хе, хе, хе! Јас задолжително сакам да доживеам деведесет години. Не ја сакам смртта и се плашам од неа. Зашто ѓаволот би знаел како ќе мора да се умира. Но зошто да се зборува за тоа? На тоа мене ме потсикна филозофот што се отру. По ѓаволите со тој филозоф! Buvons, mon cher! Зашто ние почнавме да зборуваме за убави девојки... Ама каде сте тргнале?

— Јас си одам, а време е и за вас...

— Море оставете! Јас, скоро, го отворив пред вас целово мое срце, а вие дури и не го чувствувате таквиот сјаен доказ на пријателство. Ха, ха, ха! Малку љубов има кај вас, поету мој! Па чекајте, јас уште едно шише ќе...

— Зар и трето?

— И трето. За добродетелта, мој млад питомец (вие ќе ми дозволите да ви го дадам тоа слатко име: којзнае, можеби овие мои поуки сепак ќе ви користат)... Значи, питомец мој, за добродетелите веќе ви кажав: „Колку што е добродетелта подобродетелна, толку повеќе во неа има себичност". Токму на таа тема да ви раскажам една анегдота. Еднаш сакав една девојка, и ја сакав скоро искрено. Таа дури и многу жртвуваше за мене.

— Да не е таа онаа што сте ја опљачкале? — грубо го прашав не сакајќи повеќе да се воздржувам.

Кнезот се стресе, одеднаш целиот во лицето се измени, па се загледа во мене со своите вжарени очи. Во неговиот поглед имаше недоумица и бес.

— Чекајте, — проговори тој како за себе, — чекајте, оставете ме да се приберам. Навистина сум пијан и тешко ми е сега јасно да си претставам...

Тој замолчи, па испитувачки со истата омраза се загледа во мене, придржувајќи ми ја раката со неговата, просто плашејќи се да не си заминам. Уверен сум дека во тој момент размислуваше за тоа од каде би можел јас да ја знам таа работа, скоро никому непозната, и има ли во тоа некаква опасност. Така потраа еден миг; но одеднаш лицето бргу му се измени:

поранешниот подбивен, пијано-весел израз му се појави пак во очите. Тој гласно се засмеа.

— Ха, ха, ха! Талеран, вистински Талеран! Па што, јас навистина стоев пред неа како исплукан кога ми плесна в очи дека сум ја опљачкал! Како викаше таа тогаш, колку ме караше! Бесна жена беше таа и... без никаков такт. Но судете и самиот: пред сè, јас не ја опљачкав, како што се изразивте вие сега. Таа самата ми ги подари нејзините пари, па тие пари веќе беа мои. Ете, да речеме, вие сега ми го подарувате вашиот најубав фрак (велејќи го тоа, тој го погледна мојот единствен и доста мизерен фрак што ми го сошиј пред три години шивачот Иван Скорњагин), јас сум ви благодарен, го носам, кога одеднаш, по една година, јас и вие нешто се скаруваме и вие го барате назад, а јас веќе сум го износил. Тоа не е убаво: тогаш зошто сте ми го подарувале? Второ, и покрај тоа што парите беа мои јас задолжително би ѝ ги вратил, но, размислете и самиот од каде да ѝ создадам одеднаш толку голем износ? А што е најважно, не можам да трпам идила и шилеровштина, веќе реков, — а токму тоа и беше причината за сè. Нема да верувате каква се прикажуваше пред мене, викајќи дека таа мене ми ги подарува тие (впрочем веќе мои) пари. Ме опфати бес, но сепак одеднаш можев да размислам сосем правилно, зашто присуството на духот мене никогаш не ме остава. Заклучив дека кога би ѝ ги вратил сега парите, со тоа уште би ја направил несреќна. Би ја лишил од уживањето да се чувствува несреќна исклучиво поради мене и целиот свој век да ме колне. Верувајте ми, пријателе, во несреќите од таков вид има дури некое повисоко уживање, зашто се чувствуваш сосема прав и великодушен; и сосем имаш право својот злосторник да го нарекуваш подлец. Таква опијанетост со омраза се излива кај шилеровските природи, се разбира; таа после можеби немала што да јаде, но јас сум уверен дека била среќна. Затоа не сакав да ја лишам од таа среќа и не ѝ ги испратив парите. На тој начин сосем е оправдано и моето правило дека колку што е побучна и покрупна човечката великодушност,

толку повеќе има во неа најодвратна себичност... Па зар тоа не ви е јасно? Но... вие сакавте да ме фатите, ха, ха, ха! Па, признајте, нели сакавте да ме фатите? О, Таљеране!

— Збогум! — реков, станувајќи.

— Еден момент! Два завршни збора! — викна тој, заменувајќи го одеднаш својот гнасен тон во сериозен. — Ислушајте го уште овој последниов: од сè што кажав следува чисто и јасно (мислам дека вие тоа и самиот го забележавте) дека јас никогаш и за ничија љубов нема да ја жртвувам мојата полза. Јас ги сакам парите и тие ми се потребни. Катарина Фјодоровна ги има многу: нејзиниот татко десет години бил закупец на алкохолни пијалаци. Таа има три милиони, и тие три милиони многу добро ќе ми дојдат. Аљоша и Катја се одлична двојка; не знаеш кој е поголем будала; а мене тоа и ми треба. И затоа бездруго мислам и сакам тие двајца да се земат, и тоа што побргу. За две-три недели грофицата и Катја патуваат в село, а и Аљоша ќе оди со нив да ги испрати. Кажете ѝ на Наталија Николаевна: да не бара никакви идили ниту шилеровштини, да не се буни против мене. Зашто јас сум одмаздољубив и лош; јас своето го бранам и не го давам. Од неа не се плашам; без сомневање, сè ќе биде како што сакам јас, и тоа што ја предупредувам сега, тоа е скоро токму поради неа самата. И внимавајте да не се случуваат какви било глупости, туку нека се однесува паметно. Инаку таа ќе помине лошо, многу лошо. Таа треба да ми биде благодарна и само за тоа што не постапував со неа како што требаше по законот. Знаете ли, поету мој, дека законите го штитат семејниот мир; тие му ја гарантираат на таткото покорноста од синот и не им одобруваат на тие што ги одвлекуваат децата од светите должности кон родителите. А, најпосле, имајте го на ум и тоа дека јас имам врски, а таа никакви, па... зар не гледате што би можел да направам со неа?... Но јас не го направив тоа бидејќи таа досега се однесуваше паметно. Не плашете се: секој момент, секое нивно движење го демнеа будни очи цела половина година, и јас знаев сè до

најмала ситница. И затоа мирно чекав додека не ја напушти Аљоша самиот, кое еве и почнува: а дотогаш таа му е пријатна разонода. Јас пак во неговите очи останав хуман татко, а мене ми е потребно тој така да мисли за мене. Ха, ха, ха! Само кога ќе се сетам дека за малку што нè ѝ правев комплименти онаа вечер за тоа што беше толку великодушна и несебична па не се омажи за него. Би сакал да видам како би се омажила таа! Што се однесува пак до моето доаѓање кај неа, тоа беше само поради тоа што веќе беше крајно време да се заврши нивната врска. А мене ми беше потребно за сè да се уверам со свои очи, со моево сопствено искуство... Но, доста ли ви е? Или вие, можеби, сакате да чуете уште нешто: зошто ве намамив овде, зашто вака се клештев пред вас и така целава моја душа ја изнесував на пазар, кога сето ова можеше да се искаже без какви било исповеди, — нели?

— Да. — Јас го стегнав срцето, па желно го слушав. Немав повеќе што да му одговорам.

— Единствено затоа, пријателе, што кај вас забележав малку повеќе разумност и јасен поглед на работите отколку кај оние наши двајца будали. Вие можевте и порано да знаете кој сум јас, можевте да претпоставувате, да правите претпоставки за мене, но јас сакав да ви го заштедам целиот тој ваш труд, па решив очигледно да ви покажам со кого имате работа. Непосредниот впечаток е голема работа. Разберете ме, mon ami вие знаете со к о г о имате работа; вие ја сакате неа, па затоа, јас сега се надевам, вие ќе го употребите целото ваше влијание, (зашто вие можете да влијаете врз неа) да ја спасите од некои непријатности. Инаку ќе има главоболија, и тоа, ве уверувам, не толку мали. И, најпосле, третата причина на мојата искреност кон вас е... (вие веќе тоа го почувствувавте, драги мој) дека јас навистина сакав да ја исплукам малку целава оваа работа, и да ја занишам токму пред вашите очи...

— И вие ја постигнавте целта, — реков тресејќи се од возбуда. — Признавам дека со ништо не можевте да ја изнесете пред мене на видело целата ваша

омраза и сето ваше презирање кон мене и кон сите нас како со тие ваши признавања. Вие не само што не се плашевте дека тие ваши признавања можат да ве компромитираат пред мене, туку дури и не се срамевте пред мене... Вие навистина личевте на оној ваш лудак во наметка. Вие мене воопшто не ме сметавте за човек.

— Погодивте, млад пријателе, — рече тој стануваjќи, — вие погодивте: вие не сте попусто писател. Се надевам дека ќе се разбереме како пријатели. А за спријателувањето нема ли да пиеме?

— Вие сте пијан, и јас само поради тоа не ви одговарам како што би требало...

— Пак стилска фигура на премолчување, — не изговоривте докрај како што би требало да одговорите, ха, ха, ха! Да платам за вас, ќе ми го дозволите ли тоа?

— Немојте да се трудите: ќе платам самиот.

— Да, знаев. Ние, изгледа, не одиме по ист пат?

— Јас нема да одам со вас.

— Збогум, поету мој! Се надевам дека ме разбравте...

Тој тргна тетеравејќи се по малку во одот и не обрнувајќи се кон мене. Лакејот го качи во кочијата. Јас тргнав по својот пат. Беше речиси три часот по полноќ. Врнеше дожд, ноќта беше мрачна...

ЧЕТВРТИ ДЕЛ

ПРВА ГЛАВА

Нема да ја опишувам мојата огорченост. Макар што човек можеше сешто да очекува, сепак бев изненаден како тој сосем ненадејно да се појави пред мене со целата своја грубост. Најпосле, се сеќавам дека моите чувства беа нејасни: како да бев со нешто зашеметен, некаква тешка тага сè повеќе и повеќе ме тиштеше во срцето. Се плашев за Наташа. Претчувствував дека ја очекуваат многу страдања, па тешко се загрижив како да ги заобиколиме, како да ѝ ги олеснам последните часови пред дефинитивниот расплет на целата работа. А дека беше неизбежен расплетот, за тоа немаше сомневање. Тој се приближуваше, и лесно можеше да се насети каков ќе биде!

Јас и не почувствував како дојдов до дома, макар што дождот плискаше врз мене по целиот пат. Беше веќе околу три часот изутрина. Уште не стасав да чукнам на вратата од мојот стан, а оттаму слушнав некакво јачкање, и вратата бргу почна да се отвора, Нели како да не легнала, туку цела ноќ ме чекала на прагот. Свеќата гореше. Јас ја погледнав Нели в лице и се уплашив: лицето ѝ беше сосем изменето, очите ѝ гореа како пламенчиња и гледаше некако вчудоневидена, како да не можеше да ме познае. Имаше многу температура.

— Нели, што се случува со тебе? Да не си болна? — ја прашав наведнувајќи се кон неа и фаќајќи ја со рака.

Таа цела се стресе, се впи во мене, како да се плашеше од нешто, нешто и како да рече, бргу, одеднаш, како да ме чекала само затоа што побргу да ми го каже тоа. Но зборуваше без врска и чудно; јас ништо не ја разбирав, беше во треска.

Бргу ја однесов в постела. Но таа не сакаше на никој начин да се одвои од мене, се лепеше силно крај мене, како да се плашеше од нешто, и како да ме молеше да ја заштитам од некого. И дури кога легна в постела, сè уште се фаќаше за мојата рака и силно ме стегаше плашејќи се да не излезам пак. Толку бев потресен и со растроени нерви што, гледајќи ја, заплакав. И самиот бев болен. Кога ме виде дека плачам, таа долго неподвижно се загледа во мене со зголемено и напрегнато внимание, како да се трудеше нешто да разбере и сфати. Се гледаше дека тоа ѝ бараше големи напори. Најпосле, нешто како мисла се појави на нејзиното лице. По силен настап на падавица таа обично за извесно време не можеше да ги прибере своите мисли и разбирливо да ги изговара зборовите. Така беше и сега; правејќи вонреден напор да ми каже нешто, но гледајќи дека јас не разбирам, таа го подаде рачето па почна да ми ги брише солзите од очите, потоа ме прегрна околу вратот, ме тргна кон себе, па ме бацн.

Беше јасно: таа за време на моето отсуство имала напад, а тој се случил токму во моментот кога стоела кај вратата. Откако се повратила од нападот, таа, веројатно, долго време не можела да дојде на себеси. Во тоа време стварноста се меша со визијата, а таа сигурно во својата фантазија видела нешто ужасно, некакви стравотии. Во истиот момент таа била магловито свесна дека јас веќе треба да се вратам и дека ќе чукам на врата, па затоа, лежејќи кај самиот праг на подот, будно го очекувала моето враќање, и така станала штом тропнав на вратата.

Но од каде токму крај вратата да се најде — си помислив, и одеднаш забележав дека таа беше во бундичка (тие денови ѝ ја купив кај познатата баба старинарка, која намина во мојот стан, а понекогаш ми

даваше стока и на вересија). Значи, таа се готвела да излезе некаде од дома, па, веројатно, веќе ја отклучувала вратата кога одненадеж ѝ дошол епилептичниот напад. Но каде сакала да оди? Да не била уште тогаш во бесвесна состојба?

Меѓутоа, температурата не минуваше, и таа набргу падна во несвест. Веќе двапати таа имаше епилептичен напад кај мене, но тој секогаш среќно завршуваше, а овојпат како да имаше треска. Додека поседив крај неа околу половина час, јас ги наместив до нејзиниот отоман столовите, па и самиот легнав, така облечен, за да се разбудам што полесно ако ме вика. Свеќата не сакав да ја згаснам. Уште многупати ја погледнав пред да заспијам. Таа беше бледа; усните ѝ се запекле од температура и беа искрвавени, веројатно од паѓањето; од лицето не ѝ се тргнуваше изразот на страв и некаква болна тага која изгледа ни во сонот не ја оставаше. Решив изутрината што побргу да одам кај лекар, ако ѝ се влоши состојбата. Се плашев да не падне во вистинска треска.

„Кнезот ја исплашил олку!“ си помислив со страв, и се сетив за неговото раскажување за жената која му ги фрлила в лице нејзините пари.

ВТОРА ГЛАВА

... Поминаа две недели. Нели заздраве. Треска не ја фати, но беше многу болна. Таа стана од постела на крајот од април, во еден убав сончев ден. Беше Страсна недела.

Кутрата! Јас не можам да ја продолжам мојава исповед со поранешниот ред. Помина веќе многу време до овој момент кога запишувам сè што помина, но и досега, со тешка мака, со длабоко врежана тага, се сеќавам за тоа бледо, исушено лице, за тие долги продорни погледи од нејзините црни очи кога останувавме така насамо, а ме гледаше од својата постела, ме гледаше, долго ме гледаше, како да ме предизвикува да погодам што има во умот. Но кога ќе видеше дека не погаѓам и дека сè уште сум во поранешната недоумица, таа тивко и чисто за себе ќе се насмевнеше, па наеднаш милозливо ќе ми ја подадеше својата жешка рачичка со танките, исушени прстиња. Сега помина сè, веќе е познато сè, а јас и сега уште не ја знам тајната на тоа болно, напатено и навредено младо срце.

Чувствувам дека ќе се оддалечам од мојов расказ, но јас во овој момент би сакал да мислам само за Нели. Чудна работа: сега кога лежам в постела болен и сам, оставен од сите кои некогаш многу и силно ги сакав, — сега, понекојпат, некаква ситна црта од она време, која јас тогаш скоро и не сум ја забележувал и бргу сум ја заборавил, одеднаш ми доаѓа на ум, ненадејно добива во мојава свест сосем поинакво значење, целосно, кое сега ми го објаснува тоа што порано не сум можел да го сфатам.

Првите четири денови од нејзината болест ние, јас и лекарот многу се плашевме за неа, но петтиот ден докторот ме тргна малку настрана, и ми рече дека нема причини да се плашиме, зашто таа сигурно ќе оздрави. Тој беше истиот лекар, одамна познатиот стар ерген, добар и особен човек, кого го викнав уште првиот пат кога се разболе Нели, а кој толку ме изненади со својот страшно голем Станиславов орден на вратот.

— Значи немам од што да се плашам, — реков радувајќи се.

— Да, таа сега ќе оздрави, но по многу кусо време ќе умре.

— Како ќе умре? Ама зошто? — викнав скаменет од таквата пресуда.

— Да, таа бездруго многу бргу ќе умре. Болната има органска мана на срцето, при најмали неповолни услови таа ќе падне повторно в постела. Можеби пак малку ќе позаздрави, но после пак ќе падне в кревет и најпосле ќе умре.

— Па зар нема никакви можности да се спаси. Не, тоа не може да биде.

— Тоа мора да биде. Меѓутоа, ако се отстранат неповолните услови, кога би можела да има мирен и безгрижен живот, и ако има повеќе пријатности, болната може да се оддалечи од смртта, па дури, стануваат случки... неочекувани... ненормални и чудни... со еден збор, болната дури би можела да биде спасена, во ситуација на многу поволни услови, но сосем спасена — никогаш.

— О, боже мој, па што да се прави сега?

— Да се слушаат советите, да живее мирен живот и токму навреме да ги пие прашоците. Јас сум забележал дека тоа девојче е ќудливо, со неурамнотежена природа, па дури и зајадлива; таа не сака редовно да ги пие прашоците и, еве, пред малку решително ги одбива.

— Да, докторе, таа е навистина чудна, но јас сето тоа ѝ го припишувам на нејзината болна чувствителност. Вчера беше многу послушна; а денес, кога ѝ да-

дов лек, таа го турна лажичето божем случајно, и целото се истури. А кога сакав да ѝ подготвам друг прашок, таа ми го тргна од раце целото кутиче, па го тресна на земја и горко заплака... Но, ми се чини, не е таква затоа што ја тераме да пие лекови, — додадов замислувајќи се.

— Хм! Раздразнетост на нервите. Поранешните големи несреќи (јас на докторот подробно и искрено му раскажав многу нешта од Нелината животна историја, и мојата приказна му оставила силен впечаток), сето тоа е поврзано и оттаму и болеста. Засега единствено средство е да пие прашоци, и таа мора да ги пие. Јас одам, па уште еднаш ќе се обидам да ја убедам дека мора да ги слуша лекарските совети и... всушност, зборувајќи воопшто... да ги пие прашоците.

Двајцата излеговме од кујната (во која разговаравме) и докторот пак се приближи до постелата на болната. Но Нели, изгледа, беше чула што зборувавме ние двајца, зашто ја имаше кренато главата од перницата и, свртувајќи го увото кон нас, постојано жедно наслушнуваше. Тоа го забележав низ полуотворената врата; кога појдовме кај неа, таа, непрокопсаница, бргу се пикна под јорган, и оттаму потсмешливо нè посматраше. Таа, кутрата, многу ослабе за овие четири денови боледување: очите ѝ пропаднаа, а ни температурата уште не престануваше. Дотолку почудно ѝ стоеше тој немирен изглед и предизвикувачки врелите очи, кои многу го зачудија лекарот, најдобар од сите петроградски Германци.

Трудејќи се што повеќе да го ублажи гласот, тој сериозно, со благ и нежен тон и ја изложи потребата и спасоносноста на прашоците, па според тоа и должноста на секој болен да ги пие. Нели веќе ја поткрена главата, но одеднаш, со навидум сосем случајно движење го турна лажичето, па целиот лек сосем се истури на земја. Уверен сум дека таа ова го направи намерно.

— Ова е многу непријатна невнимателност, — мирно ѝ рече стариот, — и јас би рекол дека вие тоа на-

мерно го направивте, што не е ни малку пофално. Но... сè може да се поправи па ќе разматиме уште еден прашок.

Нели му се насмеа право в очи.

Докторот ладно ја заниша главата.

— Тоа ни малку не е убаво, — рече тој, подготвувајќи ѝ нов прашок, — ни малку, ни малку не е убаво.

— Немојте да ми се лутите мене, — му одговори Нели, одвај задржувајќи се пак да не гргне во смев, — сега сигурно ќе го испијам... А ме сакате ли вие мене?

— Ако се однесувате добро, јас многу ќе ве сакам.

— Многу?

— Многу.

— А сега не ме сакате?

— И сега ве сакам.

— А би сакале ли да ме баците ако посакам јас да ве бацам?

— Се разбира, само ако заслужите.

Тука Нели не издржа, туку пак гргна во смев.

— Нашата болна има весел карактер, но сега тоа се нерви и каприц, —ми шепна докторот со најсериозен израз.

— Па убаво, јас ќе го испијам прашокот, — викна одеднаш Нели со своето слабо гласче, — но кога ќе пораснам и ќе бидам голема, ќе сакате ли да ме земете за жена?

Нејзе сигурно многу ѝ се допадна што ја измисли таа нова лакрдија. Очите ѝ гореа, а усните ѝ трепереа од смев додека очекуваше одговор од доста збунетиот лекар.

— Па добро — ѝ одговори тој и не сакајќи му се насмевнуваше на тој нов каприц, — па добро, ако бидете добра и убаво воспитана девојка и ако...

— Ако ги пијам прашоците? — прифати Нели.

— Охо! Па да, ако ги пиете прашоците. Добро девојче, — ми пришепна тој пак, — кај неа има многу, многу... добро и паметно, но сепак... да се оженам со неа... Каков чуден каприц!

И тој пак ѝ го принесе лекот. Но овојпат таа дури и не ја скри својата измама, туку просто ја удри ла-

жицата одоздола нагоре, а лекот цел се истури право на градите и на лицето на кутриот старец. — Нели гласно се закикоти, но сега веќе не со оној доброду-шен и весел смев. На лицето ѝ изби нешто дивјачко, злобно. За целото време таа како да го избегнуваше мојот поглед, гледаше само во докторот, па со насмев-ка во која сепак избиваше немир, очекуваше што ќе прави сега тој „смешен" чичко.

— О! Вие пак!... Каква несреќа!... Добро... ќе разматиме уште еден прашок, — изговори старецот, бришејќи ги со шамиче лицето и кошулата.

Тоа страшно ја вчудовиде Нели. Таа мислеше дека ние ќе се разлутиме, мислеше дека ќе почнеме да ја караме, прекоруваме, па можеби и несвесно во тој мо-мент тоа и го сакаше, за да има причина веднаш да се расплаче, да липа како во хистерија, пак да ги фрла прашоците како пред малку, па дури од јад нешто да скрши, па со сето тоа да го смири своето ќудливо болно срце. Такви ќудливи испади се јавуваат не само кај болен, и не само кај Нели. Повеќепати и јас сум шеткал напред-назад по собата со несвесна желба што побргу некој да ме навреди, или да ми каже збор што би можел да го земам за навреда, за што побргу го истурам срцево. Жените пак, „истурајќи" го така сво-ето срце почнуваат да плачат со најискрени солзи, но најчувствителните меѓу нив доаѓаат и до хистерија. Работата е многу проста, најобична и најчесто се ја-вува во животот кога во срцето те притиска некој друг, често никому непознат, товар кој би сакале а немате кому да му го доверите.

Но наеднаш, изненадена од ангелската добрина на чичкото кого го навреди и од стрпливоста со која тој го подготвуваше и третиот прашок, не кажувајќи ѝ ни еден прекорен збор, Нели наеднаш се смири. Под-бивот ѝ исчезна од усните, руменило ѝ се разлеа по лицето, очите ѝ се насолзија; бегло ме погледна, но веднаш се сврти. Лекарот ѝ подаде лек. Таа мирно и уплашено го проголта, ја фати црвената, полна рака од старецот, па нежно му погледна в очи.

— Вие се лутите што сум толку пакосна? — почна таа, но не заврши, се пикна под јорган, се покри преку глава, па гласно и хистерично залипа.

— О, дете мое, не плачете... Тоа не е ништо... Тоа се нерви: напијте се малку вода.

Но Нели не го слушаше.

— Смирете се... Немојте да се возбудувате, — продолжи тој скоро и самиот плачејќи над неа, зашто беше многу чувствителен човек, — јас ви проштавам, и ќе ве земам за жена, ако отсега се однесувате добро како добра девојка, и ако...

— Ако ги пијам редовно прашоците, — се чу глас од под јорганот, со танок, како ѕвонче, нервозен смев, измешан со липање, смев кој толку добро го познавав.

— Добро, благодарно дете! — рече докторот свечено и скоро со солзи во очите. — Кутро девојче!

И од тоа време меѓу него и Нели почна некаква необична, чудна симпатија. А кон мене, напротив, Нели стануваше сè помрачна, понервозна и полута. Не знаев на што да му го припишам сево ова, па само се чудев гледајќи ја, дотолку повеќе што таа промена стана некако ненадејно. Првите денови од болеста таа беше кон мене необично нежна и блага. Изгледаше дека не може доволно да ми се нагледа, воопшто не ме пушташе од собата, ја фаќаше мојава рака со својата врела рака и ме тераше да седнам до неа, а кога ќе забележеше дека сум смуртен или возбуден, ќе настојуваше да ме разведри се шегуваше, си играше со мене и ми се насмевнуваше, очигледно совладувајќи ги своите сопствени јадови. Таа не сакаше јас и ноќе да работам или да седам, да бдеам над неа, и жал ѝ стануваше кога ќе видеше дека не ја слушам. Понекогаш забележував на неа дека е загрижена. Ќе започнеше да ме прашува за да дознае за што сум невесел, за што мислам. Но, чудна работа, штом ќе ја спомневме во разговорот Наташа, таа веднаш замолчуваше и започнуваше да зборува за нешто друго. Таа како да избегнуваше да зборува за Наташа, и тоа ме изненади. Кога доаѓав, беше радосна, но кога ќе ја земав паларијата за да излезам, таа некако чудно и тажно, како со прекор, ме испраќаше со погледот.

Четвртиот ден од нејзината болест јас цела вечер, па дури и долго по полноќ останав кај Наташа. Тогаш имавме за што да разговараме. Излегувајќи од дома, јас ѝ реков на мојата болна дека веднаш ќе се вратам, како што навистина и мислев. Бидејќи се задржав, скоро ненадејно, малку подолго кај Наташа, бев сосем спокоен во поглед на Нели: таа не остана сама. Со неа беше Александра Семјоновна, зашто чула од Маслобоев, кој намина кај мене за малку, дека е Нели болна и дека имам многу работа, и дека сум без секаква помош. Господе мој, колку од срце ѝ се предаде на работата добрата Александра Семјоновна!

— И тој сега нема да дојде ни да руча кај нас!... О, господе боже! Па уште сам е таму, кутриот, таму. Тогаш, барем сега да покажеме колку сме му пријатели. Ни се даде прилика, не треба да ја пропуштиме.

И веднаш побрза да дојде кај нас, носејќи со себе на пајтон цела бовча. Изјавувајќи веднаш дека таа нема ни да си оди откај мене и дека дошла да ми помогне во работата, таа ја одврза бовчата. Во неа имаше разни сирупи, слатко за болната, пилиња и кокошка, за во случај ако почне болната да се поправа; јаболка, портокали, киевско шеќерисано овоштие (за во случај ако дозволи лекарот), и најпосле, преслека, чаршафи, салфети, женски кошули, завои, облоги, — за една цела болница!

— Ние го имаме сето ова, — ми зборуваше бргу и загрижено изговарајќи го секој збор, како да брза за некаде, — а вие овде живеете како ерген. Вие малку вакви работи имате. Па затоа дозволете ми... и Филип Филипович така ми заповеда. Но, што да правиме сега... бргу, бргу! Што треба да работиме сега? Како е таа? При себе ли е? Ах, колку незгодно лежи! Зглавјето треба да ѝ се намести, главата малку пониско да ѝ дојде... Зар не би била подобра кожна перница? Кожната перница разладува. Ах, колку будала сум јас! Не ми текна да ја донесам. Веднаш ќе одам по неа... А дали треба оган да се запали? Ќе ви испратам една моја баба. Имам една позната старичка. Зашто вие немате никаква женска послуга... Но што ќе правиме

сега првин? Што е ова? Трева . . . Докторот ли ѝ го препиша ова? Сигурно некој чај за гради.

Но јас ја смирив, и таа многу се зачуди, па дури и се растажи кога виде дека и нема толку многу работа. Тоа сепак не ја загрижи многу. Таа веднаш се спријатели со Нели и многу ми помагаше цело време додека беше Нели болна. Нѐ посетуваше скоро секој ден, и обично секогаш доаѓаше со таков израз како да пропаднало или се изгубило нешто, и треба што побргу да се врати. А секогаш ќе додадеше дека и Филип Филипович така заповедал. На Нели таа многу ѝ се допадна. Тие се засакаа како родени сестри. И јас мислам дека Александра Семјоновна многу прилегаше на дете какво што беше Нели. Таа ѝ расправаше разни приказни, ја засмејуваше, па на Нели после тешко ѝ минуваше времето кога ќе појдеше таа дома. Но нејзиното прво доаѓање кај нас ја зачуди мојата болна, а таа веднаш се сети зошто дошла таа неканета гостинка, па по својот обичај дури и се смурти, стана молчалива и нељубезна.

— А зошто дојде таа? — праша Нели скоро нерасположена кога си отиде Александра Семјоновна.

— Па да ти помогне, Нели, да ти се најде во болеста.

— Од каде тоа? . . . Поради што? Па јас никогаш никакво дбро не сум ѝ направила?

— Добрите луѓе и не чекаат најпрвин ти да им направиш нешто, Нели. Тие и без тоа сакаат да им помагаат на оние на кои им е потребна помош. Немој, Нели; на светов има многу добри луѓе. Само твојата несреќа е што и порано, кога ти било потребно, не си ги сретнала нив.

Нели замолча. Јас се оддалечив од неа. Но по четврт час таа самата ме викна в соба со слабиот глас, ме замоли да ѝ дадам вода, па одеднаш силно ме претрна, се впи во моиве гради и долго време не ме пушташе од својата прегратка. Утредента, пак кога дојде Александра Семјоновна, Нели ја пречека со радосна насмевка, но сѐ уште просто срамејќи се од неа заради нешто.

ТРЕТА ГЛАВА

Токму тој ден цела вечер ја поминав кај Наташа. Се вратив веќе доцна. Нели спиеше. И на Александра Семјоновна ѝ се спиеше, но таа седеше кај болната и чекаше да се вратам јас. Веднаш со забрзан шепот почна да ми расправа како Нели во почетокот била многу весела, дури многу се смеела, но после нешто се снеселила, па кога видела дека мене ме нема, замолчила и се замислила. Потоа почнала да се жали дека ја боли глава, се расплакала, па така липала што Александра Семјоновна веќе не знаела што да прави со неа. — Потоа почна да ме прашува за Наталија Николаевна, но јас за неа ништо не можев да кажам. Таа тогаш престана веќе да ме прашува, но постојано плачеше, па така уплакана и заспа. А сега збогум Иване Петрович! Нејзе сега сепак ѝ е подобро, како што можев да забележам, а јас морам дома, — така заповеда и Филип Филипович. Зашто, ви признавам, тој овојпат ме пушти само два часа, а јас на своја рака се задржав. Но ништо не е тоа; не грижете се вие за мене; не смее тој да се лути... Единствено ако е... Ах, боже мој, драги Иване Петрович, што да правам: секогаш сега пијан доаѓа дома! Со нешто е многу зафатен, со мене не разговара, нешто му е тешко, има некоја важна работа во главата. Јас тоа го гледам, но навечер сепак е пијан... И само кога ќе помислам: се вратил дома, а кој ќе го стави в постела. Но, одам, одам, збогум. Збогум останете, Иване Петрович. Ги разгледав вашите

книги: колку книги има кај вас, тие мора да се некои учени книги, а јас, будала, никогаш ништо немам читано . . . Но, до видување, до утре . . .

Но утредента Нели се разбуди меланхолична и нерасположена, и многу тешко ми одговараше. Со мене некако не почнуваше разговорот, како да ми се лутеше поради нешто. Само забележав неколку нејзини погледи фрлени на мене бегло и како со страв. Во тие погледи имаше некаква потајна душевна болка, но во нив сепак се чувствуваше некоја нежност која ја немаше кога ќе ме погледнеше право. И токму тој ден се случи сцената со докторот, при давањето лекови; не знаев што да мислам.

Но Нели кон мене сосем се измени. Нејзиното чудно однесување, каприцот, некогаш скоро омраза кон мене, — сето тоа непрекинато траеше до оној ден кога престана да живее кај мене; сè до катастрофата, што беше расплет на целиот наш роман. Но за тоа после.

Туку, се случуваше понекогаш таа одеднаш за неколку часови да биде љубезна кон мене како порано. Нејзината нежност во тие часови како да се удвојуваше, а најчесто во тие моменти горко плачеше. Но таквите моменти бргу поминуваа, па пак ја опфаќаше онаа тага, и пак ме гледаше непријателски, или беше своеглава, како тогаш со докторот, или наеднаш, забележувајќи дека ми е непријатна некоја нејзина недобра работа, ќе почнеше да се кикоти, и скоро секогаш завршуваше со солзи.

Еднаш се искара дури и со Александра Семјоновна и ѝ рече дека нејзе ништо не ѝ треба од неа. Кога почнав за тоа да ја прекорувам пред самата Александра Семјоновна, таа пламна, почна да ми одговара со некаква избувлива, насобрана лутина, но одеднаш замолча, па после цели два дена ни збор не проговори со мене, не сакаше да пие никаков лек, не сакаше да пие дури ни вода, ниту да јаде, и само стариот доктор беше во состојба да ја наговори и вразуми.

Веќе реков дека меѓу неа и докторот од денот кога почна да пие лекови се појави некоја необична симпатија. Нели многу го засака, и секогаш го дочекуваше

со весела насмевка, колку и да беше тажна пред неговото доаѓање. Од своја страна стариот почна да доаѓа кај нас секој ден, а понекогаш и по двапати дневно, дури и тогаш кога Нели веќе можеше да оди по собата и кога веќе оздрави сосем. Изгледаше дека таа докторот толку го маѓепса што ни еден ден не можеше да преживее да не ја чуе нејзината насмевка и шега, што ги правеше со него, а кои често беа многу занимливи. Тој почна да ѝ носи книги со слики, повеќето поучни. Една купи специјално за неа. Потоа почна да ѝ носи слатки работи, во фини кутичиња. Во такви моменти тој обично влегуваше со свечен израз на лицето, а Нели веднаш ќе познаеше дека дошол со подарок. Но тој подароците не ѝ ги покажуваше веднаш, туку само итро се смешкаше, ќе седеше покрај неа, па ќе ѝ навестуваше дека, некоја госпоѓица ако се однесува добро за време на неговото отсуство и ако заслужи пофалба, ќе заслужи убава награда. Притоа тој така простодушно и благо ја гледаше што во израдуваните очи на Нели, макар што таа очевидно му се смееше, сепак во тој момент сјаеше искрена, милозлива наклоност. Најпосле, старецот свечено ќе станеше од столот, ќе ја извадеше кутијата со слатки па, ќе ѝ ја подаваше на Нели, и секогаш ќе додадеше: „Ова на мојата идна и мила сопруга“. Во тој момент тој сигурно беше посреќен и од Нели. По тоа почнуваа разговори, и тој секогаш сериозно и убедливо ја молеше да го чува здравјето и прижливо ѝ даваше лекарски совети.

— Пред сè треба да се чува своето здравје, — зборуваше тој со догматичен тон, — и тоа, прво а и најважно, за да остане човек жив; а второ, секогаш да биде здрав, па на тој начин да постигне среќа во животот. Вие, драго мое дете, ако имате некакви незгоди, заборавете ги, или, уште подобро, гледајте за нив и да не мислите. Ако пак немате никакви незгоди, тогаш... пак за нив не мислете, туку трудете се да мислите за пријатни работи... за нешто весело, смешно...

— А за што весело и смешно да мислам? — ќе го прашаше Нели.

Докторот тука веднаш ќе се збунеше.

— Па, ете... за каква било невина игра, што им прилега на вашите години; или можеби... ете, такво нешто...

— Јас не сакам да играм; јас не сакам да играм, — зборуваше Нели. — Туку повеќе би сакала нови фустани.

— Нови фустани! Хм! Но, тоа веќе не е толку убаво. Треба секогаш да се задоволувате со скромна судбина во животот. Впрочем... што велите... човек може да сака и нови фустани.

— А ќе ми направите ли многу фустани кога ќе се омажам за вас?

— Каква идеја! — зборуваше докторот, па и не сакајќи се смуртуваше.

Нели лукаво се насмевнуваше, па дури еднаш, заборавајќи се, со насмевка погледна и во мене.

— Најпосле... — додаде докторот, — ќе ви купам и нов фустан, ако го заслужите со вашето однесување.

— А ќе морам ли секој ден да пијам прашоци и кога ќе се омажам за вас?

— Но, тогаш не ќе морате секој ден да ги пиете. — И докторот ќе почнеше да се насмевнува.

Нели го прекинуваше разговорот со смеење. Стариот веднаш и самиот ќе се засмееше, па со љубов ја посматраше нејзината веселост.

— Жива фантазија! — ќе речеше тој обрнувајќи ми се мене. — Но секогаш се гледа каприц и некаква ќуд и прекумерна чувствителност.

Тој имаше право. Јас навистина не разбирав што станува со неа. Таа воопшто како да не сакаше да зборува со мене, како да сум ѝ направил нешто лошо. Мене тоа многу тешко ми паѓаше. Дури и самиот многу се натажив, па еднаш цел ден со неа не стапував во разговор. Но утредента ми беше срам. Таа често плачеше, и јас веќе не знаев како да ја утешам. Но еден ден таа го прекина своето молчење со мене.

Еднаш се вратив дома предвечер и забележив како Нели бргу скри под перницата некоја книга. Тоа беше мојот роман, кој таа го зела од масата па го читала додека не бев дома. Што ѝ требаше да го крие од ме-

не? Како да се срами од нешто, си помислив, но не покажав дека сум забележал нешто. По четврт час, кога излегов за момент од кујната, таа брзу скокна од постелата па го остави романот на поранешното место. Кога се вратив, го затекнав веќе на маса. Не потраа долго, таа ме викна кај себе. Во гласот ѝ се чувствуваше некаква возбуденост. Веќе поминаа четири дена како со мене не проговори скоро ни збор.

— Ќе одите ли вие.. денеска... кај Наташа? — ме праша таа со испрекинат глас.

— Да, Нели, многу ми е потребно да се видам денес со неа.

Нели помолчи.

— А вие неа... многу... ја сакате? — ме праша таа пак со слаб глас.

— Да, Нели, многу ја сакам.

— И јас ја сакам, — додаде таа тивко. Потоа пак молчење. — Јас толку би сакала да бидам кај неа па и да останам кај неа, — почна пак Нели погледнувајќи ме уплашено.

— Тоа не може да биде, Нели, — ѝ одговорив малку зачудено. — А зар тебе не ти е добро кај мене.

— А зошто не може да биде? — пламна таа одеднаш. — Па вие ме советувате да одам кај нејзиниот татко, а јас не сакам таму да одам. Има ли таа слугинка?

— Има.

— Тогаш нека ја отпушти слугинката, јас ќе ѝ помагам. Сè ќе ѝ работам и никаква плата не ми треба. Јас ќе ја сакам и јадење ќе ѝ готвам. Вие така кажете ѝ денеска.

— Но зошто така? Што ти текна сега тоа, Нели? И што си мислиш ти за неа? Зар ти мислиш дека таа би се согласила да те земе наместо готвачка? Зашто ако веќе те земе, таа ќе те прими како еднаква со себеси, како своја сестра.

— Не, јас не сакам како еднаква. Јас така сакам...

— А зошто?

Нели замолчи. Усните ѝ затреперуваа. Сакаше да заплаче.

— Тој што го сака таа сега ќе побегне од неа и ќе ја остави сама? — праша таа најпосле.

Јас се зачудив.

— А од каде го знаеш тоа, Нели?

— Па вие и самиот го кажавте сето тоа, и завчера, изутрината, кога дојде мажот ѝ на Александра Семјоновна јас го прашав. Тој ми кажа сè.

— Па зар Маслобоев беше тука изутрината?

— Дојде, — одговори таа наведнувајќи ги очите.

— Па зошто не ми кажа дека дошол?

— Така...

Јас се замислив за момент. „Гос-под ќе го зна-е тој Маслобоев што се влечка толку таинствено. Какви врски овде фатил". Ќе морам да го побарам.

— Па што те интересира, Нели тебе, ако ја остави тој?

— Па вие неа многу ја сакате, — одговори Нели не кревајќи ги очите кон мене. — А штом ја сакате, тогаш ќе се ожените за неа кога ќе си оди оној.

— Не, Нели, таа мене не ме сака толку колку што ја сакам јас неа. А и јас... Не, тоа нема да биде, Нели.

— А јас вас двајцата би ве служела како ваша слугинка, а вие би живееле и би се радувале, — проговори таа скоро со шепот не гледајќи во мене.

„Што ѝ е, што ѝ е!" — си помислив јас, а сета душа се размати во мене. Нели замолчи и цела вечер ни еден збор не кажа. А кога си отидов јас, таа заплака па целата вечер преплакала, како што ми расправаше Александра Семјоновна, и така уплакана и заспала. Дури и ноќта, во сонот липаше. И нешто во сонот зборуваше. Од тој ден таа стана нерасположена и молчалива, и со мене повеќе не стапуваше во разговор. Навистина, јас забележав два-три нејзини погледи, што ги фрли кон мене скришум, а во тие погледи имаше толку нежност. Но тоа минуваше заедно со моментот што ја предизвикуваше таа ненадејна нежност, и како да се спротивставува на тоа, Нели скоро секој час стануваше сè постушена, дури и кон лекарот, кој се чудеше поради нејзиниот карактер. Таа, меѓутоа, веќе скоро сосем заздрави и лекарот, најпосле, ѝ дозволи да излегува на

свеж воздух, но да не се задржува долго. Времето беше ведро, топло. Беше страстна недела, која таа година се паѓаше многу доцна. Јас излегов рано изутрината. Морав на секој начин да појдам до Наташа, но мислев порано да се вратам дома, да ја изнесам Нели на прошетка. А дотогаш ја оставив дома сама.

Но не можам да опишам каков удар ме очекуваше дома. Брзав да си дојдам дома. Доаѓам и гледам дека клучот стрчи надвор во вратата. Влегувам: никого нема. Целиот остинав. Погледнувам: на масата хартиичка и на неа напишано со молив, со крупен, неправилен ракопис:

„Јас заминав откај вас и веќе никогаш нема да ви дојдам, но вас многу ве сакам.

Вашата верна Нели“

Викнав од ужас и трчаница излегов од станот.

ЧЕТВРТА ГЛАВА

Уште немав ни истрчано на улица, и не стасав ни да смислам што да правам сега, кога одеднаш забележав дека кај нашата порта застанува пајтон и од него излегува Александра Семјоновна, водејќи ја за рака Нели. Таа цврсто ја држеше како да се плашеше да не ѝ побегне. Јас стрчнав кон нив.

— Нели, што ти е тебе? — викнав, — каде си отишла? Зошто?

— Чекајте, не брзајте. Ајде кај вас, па таму сè ќе чуете, — списка Александра Семјоновна. — Имате што да чуете, Иване Петрович! — шепотеше патем бргу. — Човек не би можел да верува. Ајде, сега ќе дознаете сè.

На лицето ѝ се читаше дека има необично важни новости.

— Ајде, Нели, ајде, па легни малку, — рече таа кога влеговме в соба, — зашто ти си изморена. Не е шега, колку си претрчала; а после болеста тоа не било лесно; легни, душо. А јас и вие за малку ќе излеземе да не ѝ пречиме кога ќе заспие. — И таа со око ми даде знак да излеземе во кујната.

Но Нели не легна, туку седна на канабето па со двете раце си го покри лицето.

Ние излеговме, а Александра Семјоновна бргу ми кажа во што е работата. После дознав и повеќе подробности. Еве што било.

Кога си отишла од мојот стан два часа пред моето враќање и ми оставила писменце, Нели отишла првин кај чичко лекарот. Неговата адреса таа некако ја дознала уште порано. Докторот ми расправаше дека це-

лиот се вчудовидел кога ја видел кај себе Нели, и цело време додека била кај него тој „не им верувал на своите очи". — Јас и сега не верувам, — додаде тој при крајот на својата приказна, — и никогаш во тоа не би поверувал. Па сепак Нели навистина била кај него. Тој мирно седел во својот кабинет, во домашна наметка пиејќи кафе, кога таа одеднаш влегла во кабинетот, па му се обесила на вратот без да успее да се прибере. Целата била уплакана, го прегрнувала и го бацувала, му ги бацувала рацете, па срдечно, макар што возбудено, го молела да ја прими кај него. Му рекла дека не сака и дека не може веќе да остане кај мене, па дека затоа заминала од мојот стан; дека ѝ е многу тешко; дека сега повеќе нема да му се подбива ниту да му здодева со новите фустани, туку убаво ќе се однесува, ќе учи, ќе научи да му ги „пере и пегла кошулите" (таа сигурно својот говор го смислила патем, а можеби и порано) и дека, најпосле, ќе биде послушна, па макар секој ден и прашоци да мора да пие. И дека кога му велела порано оти сака да се омажи за него, само се шегувала, и дека за тоа и не мислела. Стариот Германец тоа толку го вчудовидело што цело време седел со отворена уста; ја кренал раката во која држел цигара и ја заборавил цигарата, така што му угаснала.

— Mademoiselle, — проговорил тој најпосле, повраќајќи ја пак некако моќта за говор: — mademoiselle колку што можев да ве разберам вас, вие сакате да ви дадам место кај мене. Но тоа не е можно! Вие гледате, мене и така ми е многу тесно, а немам ни некои големи приходи... И, најпосле така одеднаш, без претходно размислување... Тоа е страшно! И, најпосле, вие, колку што гледам сте побегнале од дома. Тоа е за голема осуда и не е убаво... И, најпосле, јас ви дозволив само по малку да излегувате, кога е убав денот, под контрола на вашиот добротвор, а вие еве го напуштате својот добротвор па бегате кај мене, иако би морале да се пазите и... и... да пиете лекови. И најпосле... најпосле, јас ништо не разбирам...

Нели не му дала да изговори. Таа пак грнала во плач, почнала да го моли, но ништо не ѝ помогнало.

Стариот сè повеќе и повеќе се изненадувал и сè повеќе ништо не разбирал. Најпосле Нели го оставила, извикувајќи: „Ах, господе мој“ — па истрчала од собата. — Целиот тој ден бев болен, — додаде лекарот завршувајќи го своето раскажување, — па ноќта морав да пијам декокт...

А Нели се стрчала кај Маслобоеви. Таа ја имаше нивната адреса па сега ги пронашла, макар што не толку лесно. Маслобоев бил дома. Александра Семјоновна плеснала со раце од чудо кога чула дека Нели моли да ја земат кај нив. А на нивните прашања: зошто го бара тоа, да не ѝ е тешко кај мене — Нели ништо не им одговорила, туку липајќи се фрлила на столот. „Таа толку липаше, толку липаше, — ми расправаше Александра Семјонова, — така што мислев дека веќе ќе умре од тага!“ Нели молеше да ја земеме било за собарка, било за готвачка. Ни ветуваше дека ќе ни ги чисти собите, дека ќе научи и кошули да пере. (Во тоа перење кошули таа полагаше некакви особени надежи и којзнае зошто сметаше дека ние ќе ја земеме токму поради тоа). Мислењето на Александра Семјоновна било да ја задржат кај нив додека не се види во што е работата, а и мене да ме известат. Но Филип Филипович решително се спротивил на тоа, па заповедал бегалката веднаш да се врати. Патем Александра Семјоновна ја прегрнувала и ја бацувала, поради што Нели уште повеќе плачела. Гледајќи ја таква, и Александра Семјоновна се расплакала. И така двете цел пат плачеле.

— Но зошто, зошто ти, Нели, не сакаш да останеш кај него? Да не ти прави нешто лошо? — ја прашувала Александра Семјоновна и самата цела уплакана.

— Не, не ми прави...

— Добро, а зошто тогаш?

— Така не сакам да бидам повеќе кај него... не можам... Јас сум секогаш лоша спрема... а тој е добар... а кај вас нема да бидам лоша, туку ќе ви работам, — рекла таа липајќи како во хистерија.

— А зошто си ти кон него толку лоша, Нели?

— Така...

— И тоа „така“ беше сè што можев да дознам од неа, — заврши Александра Семјоновна бришејќи ги солзите. — Зошто ли е ова дете толку несреќно? Да не има некоја мана? Што мислите вие, Иване Петрович?

Влеговме во собата кај Нели. Таа лежеше со лицето нурнато во перницата и плачеше. Клекнав крај неа ѝ ја зедов раката, па почнав да ѝ ја бацувам. Таа ја тргна од мене раката, па залипа уште посилно. Веќе не знаев што да ѝ речам. Во тој момент влезе стариот Ихменьев.

— Кај тебе идам по една работа, Иване, здраво! — рече тој гледајќи нè сите и чудејќи се што клечам. Стариот во последно време беше болен. Беше блед и ослабен, но, како да му се спротивставува некому, не ѝ обрнуваше внимание на својата слабост, не ги слушаше опомените од Ана Андреевна, не сакаше да легне в постела, туку и натаму одеше по своите работи.

— Па останете со здравје засега, — рече Александра Семјоновна, внимателно погледнувајќи го стариот. — Мене Филип Филипович ми заповеда што побргу да се вратам дома. Имаме некоја работа. А штом ќе се стемни, пак ќе дојдам кај вас, па ќе останам околу два часа.

— Која е таа? — ми шепна стариот, очигледно мислејќи за нешто друго. Јас му објаснив.

— Хм! Дојдов по работа, Иване...

Јас знаев по каква работа, па и се надевав на неговата посета. Тој дојде да разговара со мене и со Нели, за да ја земе Нели кај себе. Ана Андреевна, најпосле, се согласила да ја земе сиротичката дома. А тоа се случи по нашите тајни разговори. Јас ја имав уверено Ана Адреевна и ѝ кажав: кога на стариот постојано ќе му биде пред очи сирачево, чија мајка исто така била проколната од таткото, тоа можеби ќе го преврти срцето на нашиот старец и ќе го упати поинаку да мисли. Јас толку јасно ѝ го изнесов мојот план што тогаш таа веќе и самата почна по малку да настојува кај мажот да го земе ова сираче. Стариот се-

срдно ја прифати оваа работа; сакаше, пред сè, да ѝ угоди на својата Ана Андреевна, а второ, тој тука имаше и некои свои планови. Но сето тоа јас после подробно ќе го објаснам . . .

Веќе реков дека Нели не го сакаше стариот уште од првата негова посета. Потоа забележав дека можеше дури и некоја омраза да се види на нејзиното лице штом ќе се спомнеше пред неа самото име на Ихмењев. Стариот сега веднаш премина на работата, без заобиколување. Тој веднаш ѝ пријде на Нели, која уште лежеше, нурната во перницата, па земајќи ја за рака, ја праша дали би сакала да дојде кај нив наместо негова ќерка.

— Јас имав ќерка, ја сакав повеќе од себеси, — заврши стариот, — но сега веќе ја немам. Таа умре. Сакаш ли ти да го заземеш нејзиното место во мојот дом и . . . во моево срце?

И во неговите очи, суви и вжарени од треската и од температура, надојдоа солзи.

— Не, не сакам, — одговори Нели не кревајќи ја главата.

— А зошто, чедо мое? Ти немаш никого. Иван Петрович не ќе може вечно да те чува кај себе, а кај мене ќе бидеш токму како во своја куќа.

— Не сакам затоа што вие сте лош човек. Да, лош, лош! — додаде таа поткревајќи ја главата и седејќи в постела свртена кон стариот. — И јас сум лоша и полоша од сите, но вие сте полош од мене! . . . Зборувајќи го тоа, Нели побледе, очите ѝ светкаа. Дури и нејзините треперливи усни побледија и се искривија од прилив на некое силно чувство. Стариот збунето гледаше во неа.

— Да, полош сте од мене затоа што на својата ќерка не сакате да ѝ простите. Вие сакате сосем да ја заборавите, па си земате за себе туѓо дете, а зар може да се заборави своето родено дете? И зар ќе можете вие да ме сакате? Зашто секогаш кога ќе ви падне погледот на мене, вие веднаш ќе се сетите дека сум ви туѓа, и дека сте имале ќерка која сте ја отфрлиле, затоа што вие сте бездушен човек. А јас не са-

кам да живеам кај бездушни, не сакам, не сакам!... — Нели залипа и бегло погледна во мене. — Задутре е Велигден; сите се бацуваат и се прегрнуваат, сите се мират, сите грешки се простуваат... Јас го знам тоа... Само вие... единствено вие... ух, бездушник! Одете си!

Таа гргна во плач. Тој говор таа како да го имаше одамна смислено и научено напамет, за во случај ако уште еднаш ја вика стариот кај себе. Стариот се изненади и побледи. Болно чувство му се испиша во лицето...

— И зошто, зошто, поради што сите вие толку се грижите за мене? Јас не сакам и не сакам! — писна одеднаш Нели во некаква лутина. — Ќе излезам на улица па ќе питам!

— Нели, ама што ти е?... Нели, златна моја! — викнав не сакајќи, но со својот извик само дотурив бензин во огнот.

— Да, јас побргу ќе излезам на улица, и ќе питам, отколку да останам овде! — викаше таа задушувајќи се од плач. — И мајка ми питаше, а кога беше на умирање ме заколна: остани сирота, зашто подобро ти е да питаш, отколку да... Не е срамота да се пита милостина зашто јас не питам од еден човек, туку од сите, а сите не се еден човек. Од еден ми е срам, а од сите не ми е. Така ми рече една питачка. Јас сум уште млада, не можам да дојдам до пари. И затоа од сите ќе питам. А овде не сакам, не сакам — јас сум лоша, јас сум полоша од сите; еве колку сум лоша!

И Нели сосем ненадејно ја грабна чашата од масичката, па ја тресна на подот.

— Ете, се скрши! — додаде таа некако инаетливо и победнички гледајќи во мене. — Имаме само две чаши, — додаде таа, — па и онаа вторана ќе ја скршам... А од што ќе пиете чај?

Таа како да се штукнала, и како да чувствуваше некакво уживање во својот бес, како да чувствуваше самата дека е тоа срамота и дека не е убаво, но во исто време просто се распалуваше за нови испади. —

— Таа е болна, Вања, ете што е, — рече стариот, — или . . . или јас просто не разбирам какво е ова дете Збогум!

Тој си ја зеде капата и се ракува со мене. Беше како отепан. Нели страшно го навреди, и мене тоа многу ме налути.

— Па зар не ти е жал за него, Нели? — викнав кога останавме сами. — И зар не ти е срам! Не, ти не си добра, ти си, навистина, лоша! — и така гологлав, отрчав по стариот. Сакав да го испратам до порта и да му кажам барем два утешни збора. Трчајќи по скалите, мене уште пред очи ми беше лицето на Нели, страшно побледено од моите прекори.

Навреме го стасав мојот старец.

— Кутрото девојче е огорчено; таа има свои јадови, верувај ми, Иване, и јас ѝ разврзав за моите, — рече тој горко насмевнувајќи се, — па ја чепнав во старата рана. Знаеш како велат: ситиот на гладниот не му верува; а јас, Вања, уште ќе додадам дека ни гладен гладниот не може секогаш да го разбере. Но, збогум!

Почнав да зборувам за нешто друго; но стариот само одмавна со рака.

— Немој да ме тешиш; подобро гледај да не ти побегне пак. Зашто така ми изгледа, — додаде тој луто, па замина од мене со брзи чекори, и удирајќи со својот стап по тротоарот.

Но тој и не се надеваше дека ќе биде пророк.

Како ми беше кога се вратив во станот, и за големо свое изненадување пак не ја затеков Нели. Стрчнав во ходникот, ја побарав на скалите, викав по неа, чукав на вратите дури и кај соседите и ги прашував за неа; воопшто не можев, ниту сакав да верувам дека побегнала пак. И како можела да побегне пак? Една порта има на куќава; таа би морала да помине покрај нас додека разговарав со стариот. Но веднаш, за мое големо жалење, се сетив дека таа првин би можела да се скрие некаде на скалите и да причека додека се вратам во станот, па после да побегне, така што вооп-

што да не се сретнам со неа. Во секој случај, таа не можела да побегне далеку.

Многу возбуден истрчав пак да ја барам, оставајќи го за секој случај станот незаклучан.

Првин отидов кај Маслобоеви. Но нив не ги затеков дома, ни него ни Александра Семјоновна. Откако им оставив писменце, со кое ги известив за мојата нова незгода и ги молев, ако дојде Нели кај нив, веднаш да ми јават, — отидов кај лекарот. Но ни лекарот не го затеков дома, а слугинката ми рече дека Нели, по првата посета кај докторот, не дошла повеќе. Што можев да правам? Отидов кај Бубнова, па дознав од жената што ја познавав — жената на трговецот со погребна опрема — дека газдарицата уште од вчера поради нешто е притворена во полицијата, а Нели кај неа од она време не ја виделе. Изморен, измачен, пак отрчав кај Маслобоеви. И тука ист одговор: никој не дошол, а ни тие самите уште не беа вратени. Моето писменце стоеше на масата. Што да правам сега?

Тажен и очаен, се враќав дома веќе доцна вечерта. Требаше таа вечер да бидам кај Наташа. Таа самата ме викаше уште изутрината. Но тој ден уште ништо немав каснато; помислата на Нели ми ја јадоса душава. „Па што е ова? — размислував. — Да не е ова некаква комплицирана последица од нејзината болест? Да не е веќе полудена, или можеби губи разум? И, боже мој, каде ли е таа сега, каде ќе ја најдам“?

Само што го викнав тоа, кога одеднаш ја здогледав Нели на неколку чекори од мене во Василевскиот мост. Таа стоеше кај уличниот фенер и не ме забележа. Сакав да стрчнам кон неа но застанав. „Што ли прави сега овде?“ — си помислив во недоумица, па, уверен дека сега повеќе нема да ја изгубам, решив да чекам и да ја следам. Поминаа десетина минути, а таа постојано стоеше гледајќи ги минувачите. Најпосле помина еден чичко, убаво облечен, и Нели му пријде; не запирајќи се, тој извади нешто од џебот, и ѝ даде. Таа му се поклони. Не можам да искажам што почувствував во тој момент. Срцево болно ми се стегна; како нешто драгоцено, што сум го сакал, над кое сум бдеел,

во тој час да беше посрамено и исплукано пред мене. Но во истиот момент и солзи ми нагрнаа во очи.

Да, солзи поради кутрата Нели, макар што во исто време чувствував непомирливо негодување: таа не питаше од неволја; таа не беше напуштена ни препуштена на волјата на судбината. Побегна не од сурови мачители, туку од своите пријатели кои ја сакаа и ја чуваа. Таа како да сакаше некого да вчудовиди или уплаши со своите подвизи; како да се инаетеше пред некого! Но нешто таинствено созреваше во нејзината душа... Да, точно рече стариот: таа е огорчена од нешто, нејзината рана нема лесно да зарасти, и таа сега како да се трудеше намерно да ја залекува својата рана со таа таинственост, со таа недоверба кон сите нас. Како да уживаше во својата болка, во себичноста на страдањето, ако може така да се каже. Тоа повредување на болката и тоа уживање во него ми беа разбирливи: тоа е уживање на многу понижени и навредени, од судбината прегазени, кои се свесни за нејзината неправичност. Но на каква неправда од наша страна би можела да се пожали Нели? Таа како да сакаше да нè исплаши и зачуди со тие свои подвизи, со своите каприци и други испади, навистина како да се фалеше со сето тоа пред нас... Но не! Таа сега е сама, никој од нас не гледа дека пита. Сигурно не наоѓа за себе некакво уживање во тоа? Зошто ѝ е милостина, зошто ѝ се пари?

Кога доби милостина таа слезе од мостот па прије до силно осветлените излози на една продавница. Тука почна да брои колку насобрала. Стоев на десетина чекори од неа. Имаше веќе доста пари во раката: сигурно уште од изутрината питала. Откако ги стисна парите во дланката, таа премина преку улицата, па влезе во една ситничарска продавница. Бргу се добрав до ширум отворената врата на продавницата, па застанав да видам што ли ќе прави таму.

Видов како ги стави на тезгето парите и како ѝ дадоа чаша за чај, многу слична на таа што ја скрши дента, кога сакаше мене и на Ихменьев да ни покаже колку е лоша. Чашата можеби чинеше петнаесетина

копејќи, а можеби дури и помалку. Трговецот чашата ја завитка во хартија, ја врза и ѝ ја даде на Нели, а таа бргу, задоволна, излезе од продавницата.

— Нели, — викнав јас кога дојде спроти мене, — Нели!

Таа целата затрепери, ме погледна, чашата ѝ се слизна од раката, падна на калдрмата и се скрши. Нели беше бледа; но откако погледна во мене и откако се увери дека видов сè и дека знам, одеднаш поцрвени. Тоа руменило сведочеше за неиздржливиот мачен срам. Ја зедов за рака, па ја поведов дома. Не моравме да одиме далеку. Патем не проговоривме ни збор. Кога дојдовме дома, седнав. Нели стоеше пред мене, замислена и збунета, бледа како порано, со наведнати очи. Не смееше в очи да ме погледне.

— Нели, ти питаше на улица?

— Да! — прошепоти таа, па уште повеќе ги наведна очите.

— Ти со тоа сакаше да насобериш пари за да ја купиш скршената чаша?

— Да...

— Па зар ти префрлив нешто, зар те карав за таа чаша? Зар ти не гледаш, колку лошо, многу лошо, има во таа твоја постапка? Убаво ли е тоа? Зар не ти е срам? Зар...

— Срам ми е... — прошепоти таа со одвај чуен глас и солза ѝ се истркала по образот.

— Срамота... — повторив по неа. — Нели, мила моја, ако сум ти згрешил нешто, прости ми, па да се смириме.

Таа ме погледна, солзи ѝ гргнаа од очите, и ми се фрли на гради.

Во тој момент втрча во собата Александра Семјоновна.

— Што? Зар е дома? Пак! Ах, Нели, Нели, па што е ова со тебе? Но, добро е штом си дома... Каде ја најдовте, Иване Петрович?

Ѝ дадов знак на Александра Семјоновна да не прашува натаму и таа ме разбра. Нежно се простив со Нели, која непрекинато горко плачеше, и ја замолив

добрата Александра Семјоновна да остане со неа дури да се вратам, а јас брзо се упатив кај Наташа. Бев задоцнет, па затоа многу брзав.

Таа вечер се решаваше нашата судбина; јас и Наташа имавме да разговараме за многу нешта, но јас сепак фрлив збор-два за Нели и ѝ кажав сè што се случи, со сите поединости. Моето расправање многу ја заинтересира па дури и зачуди Наташа.

— Знаеш што, Вања, — ми рече таа, размислувајќи, — мене ми се чини дека таа те сака.

— Што велиш!... Како така? — прашав зачудено.

— Да, тоа е почеток на љубов, женска љубов...

— Ама што зборуваш ти, Наташа! Таа е уште дете!

— Дете кое уште малку ќе има четиринаесет години. Таа нејзина огорченост доаѓа оттаму што ти не гледаш дека е таа заљубена во тебе... Таа можеби ни самата уште не се сфаќа; тоа е огорченост во која има многу детско, но сепак сериозно и болно. А што е главно, таа е љумоборна на мене. Ти мене толку ме сакаш што сигурно и дома само за мене мислиш и зборуваш, па затоа нејзе малку ѝ обрнуваш внимание. Таа го има забележано ова, и тука е сега болката. Таа можеби сака да зборува со тебе, чувствува потреба да го отвори пред тебе нејзиното срце, но не знае како да го направи тоа, се срами. Таа не се разбира себеси, чека прилив, а ти наместо да дадеш можност, се оддалечуваш, бегаш од неа кај мене, па дури и кога е болна, ти по цели денови ја оставаш сама поради тоа таа плаче; нејзе ѝ недостигаш ти и најмногу ја боли што не го забележуваш тоа. Ти, еве, и сега, во таков час, си ја оставил поради мене сама. Но тоа таа утре ќе го боледува. И како си можел да ја оставиш? Сега бргу оди кај неа...

— Па јас не би ја оставил, но...

— Па да, јас те молев да дојдеш. Но сега оди си.

— Си одам, но, се разбира, јас воопшто не верувам во тоа.

— Затоа што сето ова не личи на други. Сети се само на нејзиното минато. Земи сè предвид, па ќе веруваш. Таа не израснала како мене и тебе . . .

Но јас сепак доцна се вратив дома. Александра Семјоновна ми кажа дека Нели пак како онаа вечер, многу плачела, „па така во солзи и заспала", како тогаш.

— А јас сега си одам, Иване Петрович, така ми рече и Филип Филипович. Ме чека, кутриот.

Ѝ се заблагодарив, па седнав до глава на Нели И мене ми беше тешко што ја оставав во ваков час сама. До длабоко, длабоко во ноќта седев над неа замислен . . . Тоа беше судбоносно време.

Но треба да се раскаже што сè се случи за тие две недели.

ПЕТТА ГЛАВА

По незаборавната вечер што ја поминав со кнезот во ресторанот, неколку денови едноподруго бев во постојан страв за Наташа. „Со што ли ѝ се закануваше проклетиот кнез и всушност како мисли да ѝ се одмазди?“ — се прашував секој час и се губев во разни претпоставки. Најпосле, дојдов до заклучок дека неговите заканувања не беа ни наивни, ни фалбациски и оти додека живее со Аљоша, кнезот, навистина можеше да ѝ направи многу непријатности. Тој е ситничар, чувствителен, злобен и сметкација — си мислев. Таквите не ги забораваат навредите ниту ќе испуштат згодна прилика да се одмаздат. Во секој случај, тоа ми укажа на една точка во целата таа работа, и во тој поглед се изјасни доста јасно: тој упорно бараше прекин меѓу Аљоша и Наташа, а се надеваше дека јас ќе ја подготвам за тој скорешен прекин, но така што да нема „сцени, идили и шилеровштини“. Се разбира, нему му беше најмногу до тоа Аљоша да биде задоволен со него, па и натаму да гледа во него нежен татко. А тоа му беше потребно на кнезот за да може после што полесно да дојде до парите на Катја. И така, мене ми преостануваше да ја подготвам Наташа за скорешната разделба.

Но кај Наташа забележав голема промена: од нејзината поранешна искреност кон мене сега немаше ни трага; и не само тоа, туку таа како да стана недоверлива. Моите утехи само ја мачеа; моите прашања сè повеќе ѝ здодеваа, дури се лутеше поради нив. Седам

понекогаш така кај неа, ја гледам. Таа шетка со скрстени раце ваму-таму по собата, смуртена, бледа, просто занесена, понекогаш дури и заборавајќи дека сум тука, кај неа. А кога ќе ни се сретнеа погледите, случајно, (зашто таа сега дури и моите погледи ги избегнуваше), веднаш нестрплива лутина ќе се нацрташе на нејзиното лице, па бргу ќе се свртѐше од мене. Чувствував дека таа сама можеби смислуваше некој свој план за блискоста, претстојна разделба а дали можеше без болка, без горчина да размислува за тоа? Но јас бев уверен дека таа веќе беше решена за разделба. Па сепак ме мачеше и ме заплашуваше тој нејзин мрачен очај. А покрај тоа јас и не смеев да зборувам со неа, да ја тешам па затоа со страв очекував како ќе заврши сето тоа.

Што се однесува до нејзиното остро и непристапно држење кон мене, макар што ме вознемируваше, макар што ми паѓаше тешко, сепак бев уверен во срцето на мојата Наташа: видов дека ѝ е многу тешко и дека е премногу потресена. Секое туѓо мислење кај неа предизвикуваше само нерасположба и јад. Во такви прилики нам мешањето, особено од нашите пријатели кои ни ги знаат тајните, ни станува понепријатно од сѐ. Но многу добро го знаев и тоа дека Наташа во последниот час ќе дојде кај мене, па во моево срце ќе бара олеснување.

Мојот разговор со кнезот јас, се разбира, го премолчив, зашто моето расправање само уште повеќе би ја вознемирило и јадосало. Само ѝ реков, така попатно, дека бев со кнезот кај грофицата и се уверив оти тој е страшен подлец. Но таа не ни прашуваше за него, што ми беше многу мило. Но затоа многу желно ислуша сѐ што ѝ кажував за мојот состанок со Катја. Откако го ислуша тоа, таа ништо не рече ни за неа, но руменило ѝ се разлеа по бледото лице, и скоро целиот тој ден беше особено вознемирена. Јас не ѝ скрив ништо за Катја, и отворено ѝ признав дека Катја дури и мене ми направи најдобар впечаток. А и зошто да кријам? Зашто Наташа веднаш би почувствувала дека нешто кријам, па само би ми се налутила за тоа. И затоа спе-

цијално ѝ расправав колку што е можно поподробно гледајќи однапред да ги насетам сите нејзини прашања, дотолку повеќе што нејзе самата, во нејзината положба, ѝ беше тешко да ме распрашува: зар е тоа лесно, во вид на рамнодушност да се распрашува за карактерните особини на својата соперничка?

Јас мислев дека таа не знае оти Аљоша, по неотповикливата заповед на кнезот, ќе мора да ја придружува грофицата и Катја в село, а и самиот бев на мака како да ѝ го откријам тоа, и, по можност, да го ублажам ударот. Но големо беше моето изненадување кога Наташа уште при првите мои зборови ме задржа, па ми рече дека не е потребно да ја т е ш а м, зашто таа ова го дознала уште пред пет дена.

— Господе! — викнав, — а кој ти го кажал тоа?

— Аљоша.

— Што? Зар веќе ти кажа?

— Да, и јас на сè се решив, — додаде таа со таков израз кој јасно и некако остро ме предупреди да не го продолжувам тој разговор.

Аљоша сепак доаѓал кај Наташа, но секогаш за малку. Само еднаш останал кај неа неколку часови, но тоа било кога не бев таму. Влегувал, обично, невесел, ќе се загледал во неа плашливо и нежно. Но Наташа толку мило и нежно го пресретнувала што тој во истиот момент заборавал сè и се развеселувал. И кај мене почна да доаѓа многу често, скоро секој ден. Навистина, тој многу се мачеше, но не можеше ни миг да остане сам со својата тага, па наминуваше кај мене да го утешам.

Но што можев јас да му кажам? Тој ми префрлаше за тоа што бев ладен, па дури и остар кон него. Тагуваше, плачеше, одеше кај Катја и таму наоѓаше утеха.

Дента кога ми рече Наташа дека знае за нивното заминување (тоа беше една недела по мојот разговор со кнезот), тој се втурна кај мене целиот очаен, ме прегрна, ми падна на гради, па како дете заплака. Молчев и очекував што ќе ми каже.

— Јас сум низок и подол човек, Вања, — почна тој, — спасувајте ме од мене самиот! Но јас не плачам за тоа што сум низок и подол човек, туку што ја унесреќив Наташа. Зашто јас ја оставам, а неа сега ја очекува несреќа... Вања, пријателе, кажи ми, реши ти наместо мене, која ја сакам повеќе од нив двете: Катја или Наташа?

— Не можам јас да го решам тоа, Аљоша, — одговорив, — ти треба подобро да го знаеш тоа од мене...

— Не, Вања, не станува збор за тоа; зашто јас не сум толку глупав да поставувам такви прашања; туку во тоа е целата работа што овде ни самиот не знам ништо. Јас сега се прашувам самиот и не можам да одговорам. А ти сега посматраш отстрана, па можеби побрзо знаеш од мене... Најпосле, и ако не знаеш, барем кажи ми како што ти се чини!

— Мене ми се чини дека ти повеќе ја сакаш Катја.

— Тебе тоа само ти се чини! Не, не никако! Воопшто не погоди. Јас безгранично ја сакам Наташа. Јас за ништо на светот и никогаш не можам да ја оставам. Тоа ѝ го кажав и на Катја и Катја во тоа сосем се согласува со мене. А зошто молчиш сега? Еве, видов, ти сега се насмевна. Е, Вања, никогаш не си сакал да ме тешиш кога ми било премногу тешко, како сега... Збогум!

Тој истрча од собата, оставајќи ѝ впечаток на зачудената Нели, која молчејќи го слушаше нашиот разговор. Таа тогаш уште беше слаба, лежеше в постела и пиеше лек. Аљоша никогаш не ѝ се обрнуваше и при своите посети нејзе скоро и не ѝ обрнуваше внимание.

По два часа тој дојде повторно, и јас се зачудив поради неговото радосно лице. Тој пак ми се обеси на врат и ме прегрна.

— Свршена работа! — викна тој. — Сите сомневања се решени. Откај вас отидов право кај Наташа: бев потресен и не можев без неа. Кога влегов во собата паднав пред неа на колена, па ѝ ги бацував нозете; мене ми беше потребно тоа, го сакав тоа; без тоа би умрел од тага. Таа без збор ме прегрна и заплака. Тука отворено ѝ реков дека Катја ја сакам повеќе отколку неа.

— А таа?

— Таа ништо не одговори, само ме милуваше и ме тешеше. Таа знае да теши, Иване Петрович! О, јас го исплакав пред неа целиот свој јад, ѝ искажав сè. Отворено ѝ реков дека Катја многу ја сакам, но колку и да ја сакам, сепак без неа, без Наташа, не можам, и ќе умрам без неа. Да, Вања, јас без неа ни ден не можам, јас тоа го чувствувам, да. И затоа решивме сега веднаш да се венчаме; но бидејќи тоа не може да се направи до моето заминување, зашто сега се големи пости и никој нема да нè венча, оставивме за по моето враќање, а тоа ќе биде околу први јуни. Татко ми ќе ми го дозволи тоа, за тоа нема сомневање. Што се однесува пак до Катја, што има тука? Зашто јас не можам без Наташа... Ќе се венчаме, па и ќе појдеме кај Катја...

Кутрата Наташа, како ли ѝ било кога го тешела момчето, кога го бодрела, кога слушајќи ја неговата исповед морала и да му измисли на наивниот егоист, заради неговото спокојство, бајка за среќен брак. Аљоша, навистина, за некое време беше се смирил. Тој и доаѓаше кај Наташа токму затоа што неговото слабо срце немаше сила само да ја поднесе жалоста. Но сепак, кога почна да се ближи времето за разделба, тој пак се вознемири, почна да плаче, и пак дотрчуваше кај мене да ми се поплакува. Во последно време толку се врза за Наташа што не можеше да биде без неа ни еден ден, а не цели шест недели. Тој сепак сосема беше уверен до последниот час дека ја остава само за месец и половина и дека по неговото враќање ќе биде свадбата. А што се однесува до Наташа, таа од своја страна, сосем гледаше дека сега целата нејзина судбина се менува; дека Аљоша никогаш веќе нема да ѝ се врати, но дека тоа така и треба да биде.

Дојде и денот на нивната разделба. Наташа беше болна — бледа, со вжарен поглед, со врели поткорени усни. Одвреме навреме сама со себе разговараше, понекогаш брзу и продорно ќе ме погледнеше. Не плачеше, не одговараше на моите прашања, а целата како ливче на гранка ќе затрепереше кога ќе се чуеше гласот на

Аљоша. Таа пламнуваше како оган, па брзо одеше кон него; грчевито го прегрнуваше, го бацуваше, се смееше . . . Аљоша се загледуваше во неа, понекогаш грижливо ќе ја прашаше дали е здрава, ќе ја тешеше дека само за кусо време заминува, дека после ќе се венчаат. Наташа очигледно се изнасилуваше си го стегаше срцето и си ги задушуваше солзите. Пред него таа не плачеше.

Еднаш тој спомна дека треба да ѝ остави пари за сето време на неговото отсуство и таа за ништо да не се грижи, зашто татко му му ветил дека ќе му даде многу за пат. Наташа се смурти. А кога останавме сами, јас ѝ реков дека имам за неа сто и педесет рубли, за секој случај. Таа не ме праша од каде се тие пари. Тоа беше два дена пред заминувањето на Аљоша, а спроти првиот и последниот состанок на Наташа со Катја. Катја испрати по Аљоша писменце во кое ја молеше Наташа да ѝ дозволи утре да ја посети. А во исто време ми пиша и мене: ме молеше да присуствувам на нивниот состанок.

Јас на секој начин решив да појдам напладне (како што закажа Катја) кај Наташа, не осврнувајќи се на никакви пречки. А грижи и пречки имаше многу. И да не ја спомнувам Нели, во последно време имав многу работа кај Ихменьеви.

Таа работа почна уште една недела пред тоа. Ана Андреевна едно утро испрати по мене човек со молба да оставам сè па без колебање брзо да одам кај неа заради една многу важна работа која не трпи ни најмало одложување. Кога дојдов кај неа, ја затеков сама: шеткаше по собата, целата во трескава возбуда и страв, со трепет очекувајќи го Николај Сергеич. Како обично, долго време не можев да дознам од неа во што е работата и поради што таа толку се уплашила, меѓутоа, очигледно, секој момент беше скап. Најпосле, по жестоки и излишни прекори: „зошто не одам кај нив, туку така ги оставам како сирачиња, сами со нивната жалост“, така што „господ знае што се случува овде

без мене“, — таа ми кажа дека Николај Сергеич последниве три дена бил во таква возбуда „што не може да се опише“.

— Не е веќе таков каков што беше, — ми рече таа, — постојано има треска. Ноќе, скришно од мене, клечејќи пред иконата, му се моли на бога, во сонот блада, а најаве како да е штукнат; кога седнавме вчера да ручаме, тој лажицата крај себе не може да ја најде; јас едно го прашувам, тој друго ми одговара. Од дома почна секој час некаде да оди. Вели: „Одам по работа; морам кај адвокатот“. Најпосле, изутринава се заклучи во својот кабинет, „морам, вели, да напишам акт потребен за спорот.“ Но, реков, би сакала да го видам тој акт што ќе го напишеш ти сега, кога ни лажицата покрај чинијата не си кадар да ја најдеш! После кога погледнав низ клучницата: седи, пишува, а целиот се задушува со солзи. Каков ли акт за спор, реков, пишува тој? Или, можеби, толку му е жал за Ихмењевка. Сигурно ни пропаднала неповратно нашата Ихмењевка. Јас тоа го помислив, а во тој момент тој одеднаш скокна од масата, го тресна перото од масата, поцрвене, очите му светкаа, ја грабна капата и влезе кај мене. „Јас Ана Андреевна, веднаш ќе се вратам“ — рече. Па така излезе, а јас веднаш кај неговата маса за пишување. Таму олкав куп акти од нашиот спор лежат а тој не ми дава ни да ги пипнам. Колкупати го молев: „Дај барем еднаш тие хартии да ти ги средам, па прашина од масата да избришам“. Не сака ни да чуе, почнува да вика, да мавта со раце: стана толку прав откако е овде во Петроград, само вика. Значи, приоѓам така, кон неговата маса, па барам: која ли му е таа хартија што ја пишуваше сега? Зашто сигурно знам дека не ја зеде со себе, туку кога стануваше од масата, ја пикна меѓу другите хартии. Е, па еве да видиш, драги Иване Петрович, што најдов, погледај само.

И таа ми го подаде листот хартија за писма, до половина напишан, но со толку прецртувања што на некои места ништо не можеше да се разбере.

Кутриот старец! Уште од првите редови можеше

да се види што е и кому му е пишано. Тоа беше писмо за Наташа, неговата сакана Наташа. Тој почнуваше топло и нежно; ѝ се обрнуваше со проштавање и ја викаше да му се врати. Тешко беше да се разбере целото писмо, напишано нескладно и испрекинато, со безбројни прецртувања. Се гледаше само дека топлото чувство што го натерало да земе перо и да ги напише првите срдечни редови, бргу по тие први редови се претворило во нешто друго: старецот почнуваше да ја кори ќерката со силни бои ѝ го опишуваше нејзиниот грев, со негодување ја потсетуваше на нејзиното упорство, и ѝ префрлаше за нечувствителност, дека можеби ниеднаш и не помислила што направила од татка си и мајка си. За нејзината лошотија ѝ се заканувaше дека ќе ја казни и проколне, а завршуваше со барање веднаш и покорно да се врати дома, и тогаш, можеби, по покорниот и примерен нов живот „под закрила на семејството" ние ќе се решиме да ти простиме, — ѝ пишуваше тој. Се гледаше дека тој своето првобитно великодушно чувство, по неколку реда, го сфатил како слабост, почнал да се срами од него, па, најпосле, почувствувал болка поради навреденото достоинство, и завршил со гнев и заканување. Старичката стоеше пред мене со скрстени раце и плашливо очекувајќи што ќе кажам јас кога ќе го прочитам писмото.

Ѝ кажав отворено сè што мислев. Поточно: дека стариот веќе не е кадар да живее без Наташа и дека сега дури може сигурно да се зборува за неизбежната потреба од нивното скорешно измирување; но дека сепак сè уште зависи од приликте. Притоа ја кажав својата претпоставка: дека, во прв ред, лошиот крај на спорот многу го огорчил и потресол, а и да не зборуваме за тоа колку болно е погодено неговото достоинство со победата на кнезот над него, и каква огорченост морала да избие кај него по таквиот крај на спорот.

Во такви часови човековата душа не може да не побара сочувство; и тој посилно ја почувствувал потребата за таа која отсекогаш ја сакал над сè на светов. Најпосле, можеби и ова: тој сигурно чул (зашто

тој следи и сè знае за Наташа) дека Аљоша скоро ќе ја остави. Тој разбрал како мора да ѝ е сега нејзе во душата, и по себе почувствувал колку ѝ е потребна утеха. Но сепак не можел да се совлада себеси, гледајќи дека ќерката го навредила и понижила. Нему сигурно му текнувало дека Наташа сепак не му доаѓа нему прва; дека таа можеби и не се сеќава за нив, ниту чувствува потреба за измирување. Така мора да мислел тој, — заклучив јас на крајот — и ете зошто не го завршил писмото; и можеби од сето ова ќе излезат и нови навреди што ќе бидат уште поболни од првите и, којзнае, можеби измирувањето уште за долго време ќе се одложи . . .

Старичката плачеше слушајќи ме. Најпосле, кога реков дека морам сега веднаш да одам кај Наташа, и дека веќе сум задоцнил, таа се сепна и ми рече дека г л а в н о т о го заборавила. Вадејќи го писмото од под хартијата, таа и не сакајќи истурила на него мастило. И навистина, цел еден агол од писмото беше измачкано со мастило, и старичката сега страшно се плашеше дека стариот по таа дамка ќе познае оти таа додека не бил тој дома, пребарувала по неговите хартии и дека го прочитала неговото писмо за Наташа. Нејзиниот страв беше сосем оправдан: и само поради тоа што ние знаеме за неговата тајна, тој сега од срам и јад би можел да ја продолжи својата лутина па од пуста гордост и натаму да остане упорен и да не прости.

Но, размислувајќи за сето, јас ја уверив старичката воопшто да не се грижи. Тој го прекинал своето писмо толку возбуден така што е можно и да не се сеќава за сите подробности, па веројатно ќе помисли дека самиот истурил мастило и заборавил. Откако ја смирив така Ана Андреевна, ние внимателно го оставивме писмото на поранешното место а мене ми дојде мислата, најпосле, сериозно да поразговарам со неа за Нели. Мене ми се чинеше дека оставеното сираче, чија мајка, исто така, роденият татко ја проколнал, би можело со тажното, трагично раскажување за својот поранешен живот и за смртта на својата мајка да го трогне стариот и да го побуди на великодушни чувства.

Зашто сè е готово, сè е веќе созреано во неговото срце; тагата за ќерката веќе почна да ја надвладува неговата гордост и навредената суета. Недостигаше уште само поттик, уште последната згодна прилика, а таа прилика би можела да биде Нели.

Старичката ме слушаше со необично внимание: целото лице ѝ светна од надеж и восхитување. Таа веднаш почна да ме прекорува што не сум ѝ го рекол ова одамна. Нестрпливо почна да се распрашува за Нели, па завр ши и со свечено ветување дека сега и самата ќе го моли стариот да го земе тоа сираче дома. Таа почна веќе искрено да ја сака Нели; жалеше што е малечката болна, подробно се распрашуваше за неа, ме тераше да ѝ однесам на Нели тегла слатко, по кое сама отрча во шпајз, ми донесе пет рубли, сметајќи дека не ќе имам за лекар, а кога не ги примив, таа одвај некако се смири и се утеши со тоа што Нели нема фустани и кошули, па дека можеби ќе ѝ биде од полза, поради што веднаш почна да превртува во својот ковчег, разгледувајќи ги сите свои фустани и избирајќи меѓу нив кој би можела да му го даде на „сирачето".

Јас отидов кај Наташа. Качувајќи се на последното скалило, кое, како што реков веќе, свртуваше, кај вратата на Наташа забележав човек кој како да сакаше да зачука, но кога ги чу моите чекори, застана. Најпосле, веројатно по некое колебање, одеднаш се премисли па тргна надолу. Јас се судрив со него на скалите и толкаво беше моето изненадување кога видов дека е Ихменьев. На тие скали дури и дење беше многу темно. Тој се потпре крај ѕидот за да ме пропушти, и јас сега се сеќавам за чудниот сјај на неговите очи кои внимателно ме посматраа. Ми се стори дека тој страшно поцрвене. Барем страшно се збуни и се најде во голема незгода.

— Ах, Вања, ти ли си! — проговори тој со несигурен глас. — А јас овде кај еден човек... писар... поради спорот... Неодамна се досели некаде ваму... туку, како да не живее овде. Сум згрешил. Збогум.

Па брзу се спушти по скалите.

Решив засега да не ѝ кажувам на Наташа за оваа средба, ами тоа на секој начин да ѝ го кажам штом ќе остане сама, кога ќе замине Аљоша. Зашто таа во овој миг беше толку растроена, така што, и кога би го сфатила и кога наполно би го видела значењето на овој факт, сепак не би можела така да го прими и почувствува како подоцна, во часот на длабока, тешка тага и очај. А сега уште не беше дојден тој момент.

Тој ден јас можев да појдам до Ихмењеви, и нешто како да ме тераше на тоа, но сепак не отидов. Ми се чинеше дека сега на стариот ќе му биде тешко да се види со мене; тој дури би можел да помисли дека сум дошол намерно заради средбата. И затоа кај нив отидов дури по два дена. Стариот беше жалосен, но ме пречека доста отворено и цело време зборуваше за работите.

— Навистина, кај кого одеше ти онојпат толку високо, се сеќаваш, кога се сретнавме, — кога ли беше тоа? Изгледа, завчера? — праша тој одеднаш доста небрежно, но сепак некако криејќи го погледот.

— Таму живее еден мој пријател, — одговорив, исто така, криејќи го погледот.

— А! А јас го барав мојот писар, Астафјев. На таа куќа ме упатија . . . но се измамив . . . Но, значи, ти зборував за спорот: во сенатот решиле . . . итн., итн.

Тој дури поцрвене кога почна да зборува за спорот.

Истиот ден ѝ кажав сè на Ана Андреевна, да ја израдувам старичката, молејќи ја, меѓу другото, да не му загледува на стариот многу в лице со особен израз, да не воздивнува, да не прави никакви алузии и, со еден збор, на никој начин да не му даде да дознае оти знае за тој негов последен чекор. Старичката толку се изненади и се израдува што во првиот момент не сакаше дури ни да верува. Од своја страна, таа мене ми раскажа дека веќе му спомнувала на Николај Сергеич за сирачето, но дека тој замолчил, додека порано самиот постојано молеше да го земат детето дома. Решивме таа утредента за ова отворено да го замоли, без

какви било уводи и заобиколувања. Но утредента двајцата бевме во голем страв и грижа.

Работата беше во тоа што Ихмењев се видел тоа утро со чиновникот што ја водеше неговата работа. Чиновникот му рекол дека се видел со кнезот, и дека кнезот, макар што Ихмењевка ја задржува за себе, сепак, „заради некои фамилијарни причини", решил на стариот, на име отштета, да му даде десет илјади рубли. Откај тој чиновник стариот дотрча право кај мене, страшно растроен; очите му светкаа од гнев. Тој не знам зошто ме извика, од станот на скалите, па почна енергично да бара веднаш да одам кај кнезот и да му го предадам неговиот предизвик за двобој.

Бев толку вчудовиден што долго време не знаев што да мислам. Почнав да го смирувам. Но старецот го опфати таков гнев што одеднаш му се слоши. Скокнав по чаша вода, но кога се вратив, Ихмењева веќе не го најдов на скалите.

Утредента отидов кај нив, но него веќе го немаше дома: исчезна некаде цели три дена.

Третиот ден дознавме сè. Откај мене отрчал право кај кнезот, не го нашол дома, но му пишал дека ги чул зборовите што му ги кажал кнезот на чиновникот и дека нив ги смета за срамна навреда, а кнезот за подлец, па заради тоа го повикува на двобој, предупредувајќи го да не се осмели да се извлекува од двобојот, оти ќе биде јавно обесчестен.

Ана Андреевна ми расправаше дека тој се вратил дома толку возбуден и растроен што дури паднал в постела. Кон неа бил многу нежен, но на прашањата слабо ѝ одговарал, и се гледало дека очекувал нешто со трескава нестрпливост. Утредента изутрината поштарот им донесол писмо. Кога го прочитал, стариот офнал, па се фатил за глава. Ана Андреевна целата премрела од страв. Но тој веднаш си ја зел паларијата и стапот, па истрчал надвор.

Писмото било од кнезот. Суво, кусо и учтиво го известувал Ихмењева дека тој за своите зборови што му ги рекол на чиновникот никому не мора да му полага сметка. Па макар што го жалел Ихмењева за из-

губениот спор, сепак и покрај целото свое жалење воопшто не можел да види дека тој што го изгубил спорот има право заради одмазда својот соперник да го изведува на двобој. Што се однесува пак до „јавното обесчестување" со кое му се заканувал, кнезот го молел Ихмењева да не се грижи за тоа, бидејќи никакво јавно обесчестување нема и не може да има, зашто неговото писмо веднаш ќе се дадело каде што треба, а задутрето полицијата сигурно ќе била во состојба да преземе соодветни мерки, за да се обезбедат јавниот ред и спокојството.

Ихмењев со писмото в раце веднаш дотрчал кај кнезот. Кнезот пак не бил дома. Старецот успеал да дознае од лакејот дека кнезот сега веројатно е кај грофот Астахов. Не размислувајќи долго тој отрчал кај грофот. Вратарот на грофот го задржал кога се качувал по скали. Разјарен до последна мера, стариот го удрил со стапот. Веднаш го грабнале, го истуркале низ врата, па им го предале на жандармите кои го спровеле в полиција. На грофот му јавиле што се случило. Кнезот, кој се нашол тука, кога му објасниле на сладострасниот старец дека тој е Ихмењев, ѝ е татко на Наталија Николаевна (а кнезот често му услужуваше на грофот во **такви работи**), тогаш стариот велможа само се засмеал, па го променил гневот со милост: била издадена наредба да го пуштат Ихмењев да оди каде што го водат очите. Но го пуштиле дури третиот ден, при што (сигурно по наредба на кнезот) му рекле на старецот дека самиот кнез го молел грофот да му прости.

Стариот се врати дома како безумен, се фрли в постела и цел час лежеше неподвижен. Најпосле стана и, на ужас од Ана Андреевна свечено изјави дека засекогаш ја проколнува својата ќерка и ја лишува од својот родителски благослов.

Ана Андреевна ја опфати ужас, но требаше да му се помага на стариот, па сега таа, и самата скоро надвор од себеси, целиот тој ден и скоро цела ноќ го служеше, му ја триеше главата со киселина и му ставаше ладни облоги. Беше со температура и бладаше. Ги ос-

тавив после два часот по полноќ. Но изутрината Ихмењев стана па уште дента дојде кај мене за дефинитивно да ја земе Нели кај нив. Меѓутоа, за неговата сцена со Нели веќе зборував; таа сцена до крајни граници го потресе. Кога се врати дома, тој пак падна в постела. Сето тоа се случуваше на Велики петок, кога беше закажан состанок на Катја со Наташа, спроти заминувањето на Аљоша и Катја од Петроград. На тој состанок бев и јас: тој беше рано изутрината, пред да дојде стариот кај нас и пред првото бегство на Нели.

ШЕСТА ГЛАВА

Аљоша дојде цел час пред состанокот за да ѝ јави на Наташа. Јас пак дојдов во часот кога кочијата на Катја застана пред нашата порта. Со Катја дојде и старата Францускинка, која, по долго молење и колебање, се согласила најпосле да ја придружува, па дури и да ја пушти сама горе кај Наташа, но не поинаку, туку со Аљоша, а самата остана долу да ја причека во колата. Катја ме повика и, не излегувајќи од колата, ме замоли да го викнам Аљоша. Наташа ја затекнав целата уплакана; и Аљоша и таа, двајцата плачеа. Кога чу дека е Катја веќе тука, стана од столот, ги избриша солзите, па возбудена застана до вратата. Тоа утро целата беше облечена во бело. Нејзината костенлива коса беше мазно исчешлана и назад собрана во цврст кок. Таа фризура многу ми се допаѓаше. Кога забележа дека останав со неа, Наташа ме замоли да ѝ излезам на гостинката во пресрет.

— Еве досега не можев да дојдам кај Наташа, — ми рече Катја качувајќи се по скалите. — Толку ме шпионираше што тоа е веќе страшно. М-me Алберт ја молев цели две недели, и најпосле ја измолив. А вие, а вие, Иване Петрович, воопшто не дојдовте! Не можев ни да ви пишам, а и немав волја, зашто со писмо ништо не може да се објасни. А колку ми беше потребно да се видам со вас... Господи, колку ми чука сега срцево...

— Скаливе се стрмни, — ѝ одговорив.

— Па да... и скаливе... А што мислите: ќе ми се лути ли Наташа?

— Не, зошто би се лутела?

— Па да... се разбира, зошто би се лутела? Сега самата ќе видам... Што има да прашувам?

Ја водев подрака. Таа дури побледе, ѝ како да се плашеше многу. На последниот свијок таа застана да здивне, но погледна во мене, па решително се качи горе.

Уште еднаш застана на врата, па ми шепна: — Јас просто ќе влезам, па ќе ѝ речам дека имав толку доверба во неа што без каков било страв дојдов... Најпосле, што зборувам јас овде кога сум уверена дека Наташа е најблагородната душа. Не е ли така?

Таа влезе уплашено, како некаков виновник, па внимателно се загледа во Наташа, која веднаш ѝ се насмевна. Тогаш Катја бргу ѝ приjде, ја зеде за раце, па ги допре нејзините усни со своите полнички уснички. Потоа, уште пред да ѝ каже нешто на Наташа, сериозно, па дури и строго му се обрна на Аљоша и го замоли да нè остави за половина час сами.

— Немој да се лутиш, Аљоша, — додаде таа, — ова го правам поради тоа што имам многу да зборувам со Наташа за нешто многу сериозно и важно кое ти не треба да го чуеш. Значи биди паметен и излези. А вие, Иване Петрович, останете. Вие треба да го чуете целиот наш разговор.

— Да седнеме, — ѝ рече таа на Наташа кога излезе Аљоша. — Јас вака спроти вас да седнам. Сакам право да ве гледам.

Таа седна скоро сосем спроти Наташа па неколку моменти добро се загледа во неа. Наташа и не сакајќи на тоа ѝ одговори со насмевка.

— Јас имам видено ваша фотографија, — рече Катја, — ми ја покажувал Аљоша.

— А личам ли на фотографијата?

— Поубава сте, — одговори Катја решително и сериозно. — Па јас и мислев дека сте поубава.

— Навистина? А јас, пак, не можам да ги одвојам очиве од вас. Колку сте убава!

— Ама што зборувате? Зар јас убава!... Златна моја! — додаде Катја земајќи ја со треперливата рака раката на Наташа, па двете пак замолчија загледувајќи се една во друга. — Еве што, ангеле мој, — го прекина Катја молчењето, — ние имаме само половина час да бидеме заедно; m-me Алберт и за толку одвај се согласи, а имаме доста да разговараме... Сакам... морам... но, просто ќе ве прашам: многу ли го сакате Аљоша?

— Да, многу го сакам.

— Па кога е така... кога го сакате многу Аљоша... тогаш... вие треба да ја сакате и неговата среќа... — додаде таа уплашено и шепотејќи.

— Да, јас сакам тој да биде среќен...

— Па, се разбира... Но, еве, во што е прашањето: дали ќе можам јас да го усреќам? Имам ли јас право така да зборувам кога го земам од вас? Ако ви се чини вам, и ако ние сега решиме дека тој со вас ќе биде посреќен, тогаш... тогаш...

— Тоа е веќе решено, мила Катја, па вие и самата гледате дека е решено сè, — одговори полека Наташа, па ја наведна главата. Нејзе очигледно веќе и беше тешко да разговара за тоа.

Катја како да беше готова да води малку подолг разговор за темата: која меѓу нив двете Аљоша побргу би го усреќила и која би требало да го отстапи. Но после одговорот на Наташа таа веднаш разбра дека веќе сè е одамна решено и дека веќе нема за што да се зборува. Отворајќи ги наполу своите убави уснички, таа нерешително и растажено се загледа во Наташа, сè уште држејќи ја нејзината рака во својата.

— А вие многу го сакате? — ја праша одеднаш Наташа.

— Да, туку, сакав да ве прашам и за ова па затоа и дојдов, — кажете ми, зошто го сакате вие, всушност?

— Не знам, — одговори Наташа и како да се почувствува горчлива нестрпливост на нејзиниот одговор.

— А што мислите, паметен ли е тој? — ја праша Катја.

— Не, јас така, просто го сакам...

— И јас, исто така. Мене ми е скоро секогаш жал за него...

— И мене, — одговори Наташа.

— Па што да правиме сега со него? И како можел тој зарди мене да ве остави? Не разбирам! — викна Катја. — Еве, кога ве видов, јас тоа просто не можам да го разберам.

Наташа не ѝ одговори, туку го сведна погледот. Катја малку помолча, па одеднаш, станувајќи од столот, нежно ја прегрна. Обете, така прегрнати, заплакаа. Катја седна над потпирачот од фотељата на Наташа, не пуштајќи ја од својата прегратка, па почна да ѝ ги бацува рацете.

— Кога би знаеле вие колку ве сакам! — проговори Катја целата насолзена. — Да бидеме сестри, и секогаш да си пишуваме една на друга... А јас секогаш ќе ве сакам, јас многу ќе ве сакам...

— Дали ви зборуваше нешто за нашето венчавање во јуни? — ја праша Наташа.

— Ми зборуваше. Ми рече дека и вие се согласувате. Но вие само т а к а, колку да го смирите, нели?

— Се разбира.

— Јас така и си мислев. Јас многу ќе го сакам, Наташа, и за сè ќе ви пишувам. Тој сега наскоро, изгледа, ќе биде мој маж; натаму оди. И таму сите така зборуваат. Мила Наташенька, вие сигурно ќе се вратите во вашата куќа?

Наташа не ѝ одговори, но молчејќи од срце ја бацн.

— Бидете среќна! — рече.

— И... и вие... и вие, исто така, — рече Катја.

Во тој момент се отвори вратата и влезе Аљоша. Тој не беше во состојба да го дочека половина час и откако ги виде двете во прегратка и со солзи, — целиот папса, јадосан и натажен, падна на колена пред Наташа и Катја.

— А што плачеш ти сега? — му рече Наташа. — Дали затоа што се разделуваш со мене? Па нема да биде долго. Ти во јуни пак ќе дојдеш?

— Па и ќе се венчаш тогаш, — рече бргу Катја низ солзи, пак тешејќи го Аљоша.

— Но јас не можам, јас не можам ни еден ден да те оставам, Наташа. Ќе умрам без тебе... Ти не знаеш колку си ми сега драга! Особено сега!

— Па еве што да правиш, — му рече Наташа разведрувајќи се наеднаш, — графицата, изгледа сепак ќе се задржи некое време во Москва?

— Да, скоро една недела, — прифати Катја.

— Една недела! Па што сакаш подобро: ти утре допрати ги до Москва, тоа е само еден ден, па тогаш веднаш врати се ваму. А кога ќе сакаат тие да тргнат од Москва, ние тогаш за еден месец ќе се простиме и ти пак ќе се вратиш во Москва за да им се придружиш.

— Па да... Вие, значи, сепак уште цели четири дена ќе поминете заедно! — викна восхитената Катја значајно погледнувајќи се со Наташа.

Не можам да го опишам восхитот на Аљоша од тој нов проект. Тој наеднаш целиот се утеши. Лицето му светна од радост, ја прегрнуваше Наташа, ги бацуваше рацете на Катја, ме прегрнуваше мене. Наташа го гледаше со меланхоличен поглед. Но Катја не можеше повеќе да издржи. Таа ме погледна мене со вжарен, блескав поглед, ја прегрна Наташа, па стана од столот за да си оди. Францускинката, како да знаела, во тој момент беше го испратила лакејот со молба што побргу да го свршат разговорот, зашто договорениот половина час веќе изминал.

Наташа стана. Двете стоеја една кон друга, држејќи се за раце и трудејќи се со поглед да искажат сè што им се собрало во душата.

— Ние веќе никогаш нема да се видиме?

— Никогаш, Катја, — ѝ одговори Наташа.

— Но, да се простиме. — Тие се прегрнаа.

— Не колнете ме, — прошепоти бргу Катја, — а јас... секогаш... бидете уверена... тој ќе биде срекен... Ајде, Аљоша, испрати ме! — изговори таа бргу, земајќи го Аљоша за рака.

— Вања! — ми рече возбудената и јадосана Наташа кога излегоа тие, — оди по нив и ти и... не враќај се. Кај мене Аљоша ќе остане до осум часот. А вечер

не може, зашто мора да си оди. Тогаш ќе останам сама... Дојди во девет часот, те молам!

Во девет часот, ја оставив Нели (по скршената чаша) со Александра Семјоновна кога дојдов; кај Наташа, таа веќе беше сама и нестрпливо ме чекаше. Мавра го донесе самоварот. Наташа ми тури чај, седна на канабето па ме повика поблиску до неа.

— Еве, сè се сврши! — рече таа, внимателно загледувајќи се во мене. Никогаш тој поглед нема да го заборавам.

— Се сврши, ете, нашата љубов. По половина година живот! А за цел живот, — додаде таа стегнувајќи ми ја раката.

Раката ѝ беше врела. Почнав да ја молам потопло да се облече и да легне в постела.

— Веднаш, Вања, веднаш, добар мој пријателе. Остави ме малку да разговарам и да се сетам... Јас сега сум како убиена. Уште утре последен пат ќе го видам, во десет часот... п о с л е д е н п а т!

— Наташа, ти имаш треска, ќе се разболиш. Чувај се...

— Но, Вања те чекав сега, овој половина час откако отиде тој и, што мислиш, за што размислував, за што се прашував себеси? Се прашував: дали сум го сакала или не? И каква беше таа наша љубов? Што, тебе ти е смешно, Вања, што се прашувам јас за ова дури сега?

— Не вознемирувај се толку, Наташа...

— Гледаш, Вања, јас сега дојдов до убедување дека не сум го сакала како обично, така како што сака жена маж. Јас го сакав како... скоро како мајка. Мене дури ми се чини дека на светов воопшто и нема таква љубов двајца да се сакаат еден со друг како еднакви. Што мислиш ти?

Јас загрижено ја посматрав и се плашев да не почнува да ја тресе треска. Како да ја занесе нешто; чувствуваше некаква особена потреба да зборува; понекои зборови како да ѝ беа без врска, а понекогаш дури ги изговараше и неразбирливо. Многу се уплашив за неа.

— Тој беше мој, продолжи таа. — Скоро веднаш

по првото виѓавање кај мене се појави несопирлива желба да биде м о ј, што побргу м о ј и никого да не гледа, ниту да се познава со некого, освен со мене, единствено со мене... Катја пред малку добро рече: јас сум го сакала како да го жалев поради нешто секогаш... Имав секогаш несопирлива и дури болна желба, кога останував сама, да биде тој страшно и вечно среќен. Јас во неговото лице (ти го знаеш изразот на неговото лице, Вања) не можев мирно да гледам: таков израз н и к о ј н е м а; а кога се смее тој, мене студени морници ми лазат... Верувај!...

— Ама слушај, Наташа...

— Тие, ете, велат, — ми се вмеша таа во зборот, — а и ти тоа го кажа, дека е тој слабак и... дека не е обдарен со некој особен ум, како дете. А јас, гледаш, токму тоа најмногу го сакав кај него... ќе ми веруваш ли? Не знам, најпосле, дали токму само тоа кај него го сакав, туку така, просто целиот го сакав. И да имаше макар малку поинаков карактер или да беше попаметен, јас, можеби, и не би го сакала толку. Знаеш, Вања, јас нешто ќе ти признам: се сеќаваш, пред околу три месеци јас и тој се искаравме, кога беше кај онаа, како се викаше таа, кај онаа Мина... Дознав, ја испитав работата и, ќе ми веруваш ли, мене тоа страшно ме заболи, а во исто време и ми беше просто пријатно... ни самата не знам зошто... Веќе самата помисла дека тој се разонодува... или не, не е тоа: туку, ете и тој, како в о з р а с е н ч о в е к, заедно со другите луѓе, им оди на убавиците, и дека со Мина отишол... Колку уживав тогаш во нашата кавга... Па дури после, кога му простив!... О, мил мој!

Таа ми се загледа в лице, па некако чудно се насмевна. Потоа просто се замисли, како да се сеќаваше уште за нешто. И долго така стоеше, со насмевка на усните, пренесувајќи се со мислите во минатото.

— Јас многу сакав да му проштавам, Вања, — продолжи таа, — и знаеш што: кога ме оставаше така сама, јас одам овде по собава, се мачам, плачам, а некогаш туку ќе помислам: колку повеќе е тој пред мене крив, толку подобро... Да! И знаеш: мене секогаш ми

чинеше како да е тој некое мало дете: јас седам, а тој ми ја ставил главата в скут, заспал, а јас полека по главата го мазнам и милувам. Секогаш така сум го замислувала кога не ќе беше кај мене... Слушај, Вања, — додаде таа одеднаш, — колку е прекрасна Катја.

Мене ми се чинеше дека таа сама намерно си ја чепка раната, чувствувајќи за тоа некаква потреба, потреба за очај и страдање... И тоа често така бидува со срцата кои многу изгубиле.

— Катја, ми се чини, може да го усреќи, — продолжи таа. — Таа има карактер и говори со цврсто убедување, а кон него е толку сериозна, достоинствена, — зборува само за сериозни работи исто како возрасна. А кога ќе ја погледнеш, — вистинско дете! Но колку е златна! О, само нека бидат среќни! Нека, нека, нека!

И горчливи солзи и липање одеднаш ѝ гргнаа од срцето. По тоа цел половина час не можеше да се прибере, колку-толку да се смири.

Мил ангел Наташа! Уште истата вечер, и покрај сите свои јадови, таа можеше уште и во моите грижи да земе учество, кога јас, за да се смири малку, или подобро да се каже, да стивне, па сакајќи да ја разонодам, ѝ раскажав за Нели... Се разделивме таа вечер доцна. Причекав додека не заспа таа и, заминувајќи, ја замолив Мавра да не се мрднува од својата болна госпоѓица, цела ноќ.

— О, бргу, бргу, — извикував, враќајќи се дома, — што побргу нека им дојде крајот на овие маки. Со што било и како било, само што побргу!

Утредента претпладне, точно во девет часот, веќе бев кај неа. Во истото време дојде и Аљоша... да се прости. Нема сега да зборувам, нема да се сеќавам за таа глетка. Наташа како да си дала себеси збор дека ќе биде со тврдо срце, дека ќе изгледа весела, рамнодушна, но не можеше. Таа го прегрна Аљоша грчевито, силно. Малку зборуваше со него, но гледаше во него долго, загрижено, страдалнички и чисто со занесен поглед. Желно го фаќаше секој негов збор, но ништо како да не разбираше од тоа што ѝ зборуваше. Се сеќа-

вам, тој ја молеше да му прости, да му ја прости и оваа љубов и сè со што ја навредувал за тоа време, со неговото неверство, неговата љубов кон Катја и заминувањето... Зборуваше без врска, солзи го задушуваа. Понекогаш туку наеднаш ќе почнеше да ја теши, ќе ѝ зборуваше дека оди само за еден месец, или најмногу за пет недели, дека ќе се врати налето, а тогаш ќе биде нивната свадба; и татко му ќе се согласи со тоа, и најпосле, што е главно, тој задутре ќе се врати од Москва, па тие двајца уште цели четири дена заедно ќе поминат, значи, тие сега се разделуваат само за еден ден...

Чудна работа: само тој беше сосем уверен дека зборува вистина, дека бездруго задутре ќе се врати од Москва... Па зошто тогаш толку плачеше и се мачеше?

Најпосле часовникот удри единаесет. Јас одвај можев да го натерам да си оди. Московскиот воз тргнуваше точно во дванаесет. Му оставаше уште еден час. Наташа после ми зборуваше дека не се сеќава како го погледнала за последен пат. Се сеќавам дека го прекрсти, го бацн, и покривајќи го лицето со раце, се врати назад в соба. А јас морав да го испратам Аљоша до колата, инаку тој бездруго ќе се вратеше и никогаш немаше да слезе по скалите.

— Сега само во вас се надевам, — ми рече тој слегувајќи по скали. — Пријателе драги, Вања. Јас сум многу крив пред тебе и никогаш не сум можел да ја заслужам твојата љубов, но остани ми докрај брат: сакај ја, не оставај ја, пиши ми за сè колку што е можно поподробно и поситно, колку што е можно поситно за да може што повеќе да се напише во писмото. Задутре јас сум овде пак, бездруго, бездруго! Но после, кога ќе си одам сосем, пиши ми!... Јас го сместив во пајтонот.

— До задутре! — ми викна тој од колата, — но бездруго!

Со отрпнато срце се вратив горе кај Наташа. Таа стоеше среде собата, со скрстени раце, и ме погледна отсутно, како да не ме познаваше. Косата целата беше

ѝ паднала на една страна; погледот ѝ беше матен и нејасен. Мавра, како изгубена, стоеше на врата, уплашено гледајќи во неа.

Очите на Наташа одеднаш заблескаа.

— А! Тоа си ти! Ти! — ми викна таа мене. — Сега, само ти остана. Ти го мразеше! Ти никогш не можеше да му простиш што го засакав... Сега си пак кај мене! Па што! Пак дојде да ме т е ш и ш, да ме увериш дека треба да се вратам кај татко ми кој се откажа од мене и ме проколна. Јас тоа уште вчера го знаев, уште пред два месеци!... Оди си откај мене, не можам да те гледам! Оди си, оди си!...

Видов дека е надвор од себеси, дека мојата појава предизвикува кај неа гнев до безумство; разбрав дека тоа сега така мора да биде, и најдов дека е најдобро да се тргнам. Седнав надвор, на скалите, на првото скалило и чекав. Понекогаш ќе станев, ќе ја подотворев вратата, ќе ја викнев Мавра, и ја прашував; Мавра плачеше.

Така помина час и половина. Не можам да искажам што претрпив за тоа време. Срцево ми се кинеше и ми премираше. Одеднаш вратата бргу се отвори, а Наташа истрча на скалите, со шапка и пелерина. Таа беше како занесена, па после и самата ми кажа дека одвај се сеќава за тоа, и дека не знае каде и со каква цел сакала да бега.

Јас уште не стасав да скокнам од моето место и да се тргнам некаде од неа, кога таа ме забележа одеднаш и, изненадена, застана пред мене вкочанета. — Мене одеднаш ми дојде на ум, — ми рече таа после, — како сум можела безумна, бездушна да го истерам пријателот, мојот брат, мојот спасител! Па кога видов дека ти, кутриот, навреден од мене, седиш кај мене на скали, не си одиш, туку чекаш додека јас пак не те викнам, — господи, кога би знаел ти, Вања, како ми беше мене тогаш! Исто како да ми забодил некој нож в срце...

— Вања, Вања! — викна таа подавајќи ми рака, — па зар ти си овде? — па ми падна во прегратка.

Јас ја прифатив и ја однесов в соба. Беше во несвест.

„Што ќе правам сега? — си помислив. — Сега сигурно ќе ја стресе?“

Решив брзо да одам по лекар; требаше да се спречи болеста. Вчас до него можев да појдам со кочија; до два часот мојот старец Германецот обично е дома. Брзо отидов кај него, змолувајќи ја Мавра да не се мрда ни за момент, ни за миг од Наташа и никаде да не ја пушта. И господ ми помогна: да стасав само малку подоцна, не ќе го затечев старецот дома. Со него се сретнав веќе на улица кога излегуваше од дома. Бргу го пикнав во пајтонот, и тој уште не стаса ни да се прибере, а ние веќе летавме назад кај Наташа.

— Да, бог ми помогна! Во половината час кога бев отсутен се случил кај Наташа настан кој можел сосем да ја убие, ако јас и докторот не стасавме навреме. Не поминал ни четврт час по моето заминување, а кај неа дошол кнезот. Тој ги испратил своите на станица, па оттаму веднаш дошол право кај Наташа. Таа посета тој, веројатно, одамна ја смислил. Наташа после сама ми расправаше дека во првиот момент таа дури и не се зачудила поради доаѓањето на кнезот „Мене веќе беше почнало да ми се мати во главата“, расправаше таа.

Тој седнал спроти неа, гледајќи ја со љубезен сожалувачки поглед.

— Мила моја, — рекол тој воздивнувајќи, — јас ја разбирам вашата болка: знаев колку тешко ќе ви биде во овој час, па затоа сметав дека сум должен да ве посетам. Утешете се, ако можете, макар со тоа што, одрекнувајќи се од Аљоша, направивте да биде среќен. Но вие тоа го разбирате подобро од мене, штом сте се решиле на таков великодушен подвиг.

— Јас седев и слушав, — ми кажуваше Наташа, — но од почетокот, жими бога, како да не го разбирав. Се сеќавам само дека внимателно се загледав во него. Тој ја зеде мојава рака па почна да ја стега во неговата. Тоа како да му беше многу пријатно. Јас пак во

толкава мера не бев присебна што ни на памет не ми дојде да ја тргнам мојава рака.

— Вие разбравте, — продолжил тој, — кога би се омажиле за Аљоша, вие подоцна би можеле да предизвикате кај него омраза кон себе, и кај вас се нашло толку благородно достоинство што сте го почувствувале тоа, па сте се решиле да... Туку, не дојдов да ве фалам. Јас само сакав да изјавам пред вас дека вие никогаш и никаде нема да најдете и подобар пријател од мене. Јас сочувствувам со вас и ве жалам. Во целата оваа работа јас зедов учество и не сакајќи: но јас тука ја вршев само својата должност. Вашето прекрасно срце ќе го разбере тоа и ќе се помири со моето... А мене ми беше потешко од вас, верувајте?

— Доста, кнезу, — рекла Наташа. — Оставете ме на мир.

— Бидете без грижа, јас веднаш ќе си одам, — одговорил тој, — но јас вас ве сакам како свое дете, и вие ќе ми дозволите да ве посетувам понекогаш. Отсега гледајте во мене како во свој татко и дозволете да ви бидам од полза.

— Мене ништо не ми треба, оставете ме, — го прекинала Наташа.

— Значи, вие сте достоинствена... Но јас ви зборувам искрено, од срце. Што мислите сега да правите? Да се помирите со родителите? Тоа би било многу убаво; но вашиот татко е неправеден, лош и своеглав. Извинете, но тоа е така. Во вашата куќа вие сега би имале постојани префрлања и нови мачења... А меѓутоа, вас ви е потребно да сте независна, и моја должност е, моја света должност е — да се погрижам сега за вас и да ви помогнам. Аљоша ме молеше да не ве оставам и да ви бидам пријател. Но и покрај мене има луѓе што ви се длабоко предани. Вие сигурно ќе ми дозволите да ве запознам со грофот Астахов. Тој има прекрасно срце. Тој многу направи за Аљоша. Аљоша многу го цениеше и сакаше. Тој е многу влијателна личност, со голем углед, веќе постар, па вие, како девојка, можете да го примите. Јас веќе му зборував за вас. Тој вас може да ве обезбеди и, ако сакате, ќе ви најде и многу

добро место . . . кај една од неговите роднини. Јас уште одамна отворено и искрено му ја објаснив целава наша работа, и тој во толкава мера се загреа со своето добро и најблагородно чувство што сега дури и самиот ме моли што побргу да го запознам со вас . . . Тој е човек кој чувствува за сè што е убаво, верувајте ми, — со издатлива рака, уважен стар човек, способен да го цени угледот на секого. Па дури, сега неодамна, на благороден начин постапи со вашиот татко во еден случај.

Наташа станала како да ја каснало змија. Сега веќе го сфатила.

— Оставете ме, оставете ме веднаш! — писнала таа.

— Но, мила моја, па вие заборавате: грофот може да му биде од полза и на татко ви . . .

— Татко ми нема од вас ништо да прими. Ќе ме оставите ли веќе еднаш! — викнала уште еднаш Наташа.

— О, боже, колку сте нестрплива и недоверлива! Со што го заслужив јас ова! — изговорил кнезот, свртувајќи се околу себе со извесна вознемиреност. — Во секој случај, вие ќе ми дозволите, — продолжил тој вадејќи од џебот поголемо топче, — вие ќе ми дозволите да го оставам кај вас овој доказ на моето соучество, а особено на соучеството на грофот Астахов, кој ми даде идеја за ова. Овде во оваа топче има десет илјади рубли. — Чекајте, мила моја, — продолжил тој, гледајќи дека Наташа гневно скокнала од своето место, — и слушајте стрпливо сè: вие знаете дека вашиот татко го изгуби спорот против мене, и овие десет илјади нека послужат како надоместување кое . . .

— Одете си — писнала Наташа, — одете си со тие пари! Јас ве презирам . . . О, низок, низок и подол човеку!

Кнезот станал од столот, целиот позеленет од омраза. Тој, веројатно, дошол овде затоа што сакал да го испита теренот, да ја види ситуацијата, па, веројатно, многу полагал на дејството на тие десет илјади над сиромашната и од сите оставена Наташа . . . Подлец и

груб, тој повеќепати му правел услуги од таков вид на развратниот старец, на грофот Астахов. Но тој ја мразеше Наташа, па кога почувствувал дека работата не му оди од рака, веднаш го сменил тонот и со злобна радост побрзал да ја навреди за да *не си оди сосем напразно*.

— Ами, не ви чини тоа, мила моја, што се нервирате така, — изговорил тој некако со треперлив глас, од нестрпливоста на уживањето што побргу да го види ефектот на својата навреда, — тоа воопшто не ви чини. Вам ви се нуди покровителство, а вие го кревате носето... А не знаете дека треба да ми бидете благодарна, зашто одамна можев да ве испратам од другата страна на катинарот, како татко на момче кое вие го вовлековте во разврат и го пљачкавте. Но јас тоа не го направив... хе, хе, хе!

Но ние веќе влегувавме. Кога чув од кујната гласови, јас за малку го задржав докторот, па со внимание ја ислушав последната кнезова реченица. Потоа се разнесе неговото гнасно клештење, и очајничкиот повик на Наташа: „Ох, боже мој!“ Во тој момент ја отворив вратата и му се нафрлив на кнезот.

Му плукнав в лице и со сета сила го удрив по образ. Тој сакаше да се спушти по мене, но кога виде дека сме двајца, фати да бега, претходно грабнувајќи го од масата топчето пари. Да, тој го направи тоа; го видов тоа со моиве очи. Јас го фрлив на него сукалото, што го дофатив во кујната од масата... Потоа отрчав в собата и видов дека докторот ја смирува Наташа, која се тргаше од неговите раце, како споулавена. Долго не можевме да ја смириме. Најпосле некако успеавме да ја ставиме в постела. Таа беше како во треска и надвор од себеси.

— Докторе! Што е ова кај неа? — прашав вчудовиден од страв.

— Причекајте, — одговори тој, — треба уште малку болеста да се посматра, а после ќе се види... Но зборувајќи воопшто, добро никако не е. Може дури и во треска да премине. Најпосле, ќе преземеме мерки...

Но мене веќе ми се јави друга мисла. Го замолив докторот да остане со Наташа уште два-три часа, а тој ми даде збор дека нема да се мрда откај неа ни за еден момент. Тој ми вети, а јас отрчав дома.

Нели седеше во аголот, смуртена и возбудена, и чудно ме погледна. Сигурно и јас сум изгледал необично.

Јас ја зедов в раце, седнав на канабето, ја ставив в скут, па топло ја бацив. Таа зарумени.

— Нели, злато мое! — ѝ реков, — сакаш ли да ни бидеш спас? Сакаш ли да нѐ спасиш сите?

Таа ме погледна со недоумица.

— Нели, целата надеж сега е во тебе. Имам еден татко; ти си го видела и го знаеш. Тој ја проколна својата ќерка и вчера дојде да те моли да живееш кај него наместо ќерка. Сега неа, Наташа (а ти рече дека ја сакаш), ја остави тој кого таа го сакаше и за чија љубов отиде од татко си. Тој му е син на оној кнезот што дојде, се сеќаваш, вечерта овде, па те најде дома сама, а ти побегна од него и после се разболе . . . Па ти го познаваш. Тој е лош човек.

— Го познавам, — одговори Нели, па затрепери и побледе.

— Да, тој е лош човек. Тој ја мразеше Наташа затоа што неговиот син, Аљоша, сакаше да ја земе за жена. Денеска Аљоша отпатува, а по еден час кај неа дојде неговиот татко, ја навреди, ѝ се закануваше дека ќе ја стави в затвор и ѝ се подбиваше. Разбираш ли, Нели?

Црните очи на Нели заблескаа, но веднаш ги наведна.

— Разбирам, — прошепоти одвај чујно.

— Сега Наташа е сама, болна; јас ја оставив со нашиот доктор, па дотрчав кај тебе. Слушај, Нели, ајде да одиме сега кај татко ѝ на Наташа. Ти не го сакаш, ти не сакаш да одиш кај нив, но ајде сега да одиме заедно кај него. Ќе влеземе па ќе му речам дека ти сакаш да бидеш кај нив наместо нивната ќерка, наместо Наташа. Стариот сега е болен, затоа што ја проколна

Наташа и затоа што татко му на Аљоша пред некој ден смртно го навреди. Тој сега не сака ни да чуе за ќерка му, но тој неа ја сака, ја сака, Нели, и не знае како да се смири со неа. Јас тоа го знам. Тоа е точно!... Слушаш ли, Нели? . . .

— Слушам, — изговори таа пак шепотејќи.

Јас тоа ѝ го зборував задушувајќи се во солзи. Таа уплашено погледна во мене.

— Веруваш ли во ова што ти го кажувам?

— Верувам.

— Значи, јас ќе влезам со тебе, ќе седнеш, тие убаво ќе те пречекаат, ќе ти искажат внимание, и ќе почнат да се распрашуваат. Тогаш јас ќе го насочам разговорот така што тие ќе почнат да те прашуваат за мајка ти за дедо ти. Раскажи им, Нели, сè онака како што ми кажуваше мене. Сè, сè раскажи им, ништо немој да криеш. Кажи им како твојата мајка ја оставил оној никаквец, како умрела во сутеренот кај Бубнова, како ти и мајка ти сте оделе заедно по улици и сте питале; што ти зборувала таа и што те молела кога умрела . . . Раскажи им тука и за дедо ти. Кажи им како не сакал да ѝ прости на твојата мама, и како таа во часот на умирањето те праќала кај него за да дојде тој кај неа да ѝ прости, и како не сакал . . . и како умре таа. Сè, сè раскажи им! Па кога ќе го раскажеш сето тоа, стариот сето тоа ќе го почувствува во своето срце. Зашто тој знае дека денеска Аљоша ја остави Наташа, па сега остана понижена и посрамена, сама, без ничија помош и заштита, за подбив на својот непријател. Тој сето ова го знае, Нели! Спаси ја Наташа! Сакаш ли да појдеме?

— Сакам, — одговори таа целата задишена, загледувајќи се во мене упорно и долго со некаков чуден поглед. Нешто како прекор имаше во тој поглед, и јас го почувствував тоа во моево срце.

Но не можев да ја напуштам мојата замисла. Многу верував во неа. Ја зедов Нели за рака па излеговме. Беше поминато веќе два часот попладне. Беше

облачно. Во последно време беше припек и омарнина, а сега некаде во далечината се зачу првото пролетно грмење. Ветер дувна по прашните улици.

Се качивме во пајтон. Целиот пат Нели молчеше, одвреме навреме само ќе погледнеше во мене со истиот тој чуден и загадочен поглед. Градите ѝ се накреваа; придржувајќи ја на пајтонот, чувствував како под мојата дланка чука нејзиното мало срценце, како да сакаше да излезе надвор.

СЕДМА ГЛАВА

Патот ми се стори како да нема крај. Најпосле стасавме, и јас влегов кај моите стари со лед на срцето. Не знаев како ќе излезам од нивната куќа, но знаев дека по секоја цена морам да излезам со прошка и смирување.

Веќе беше скоро четири часот. Старите седеа сами, како и секогаш. Николај Сергеич беше многу расстроен и болен па наполу лежеше, испружен во својата згодна фотелја, блед и изнемоштен, со главата завиткана во крпа. Ана Андреевна седеше покрај него; одвреме навреме со киселина му ги мокреше слепоочниците, па постојано, со испитувачки и страдалнички израз, му се загледуваше в лице кое стариот како да го вознемируваше многу, па дури му беше и непријатно. Тој упорно молчеше, а таа не се осмелуваше да почне разговор. Нашето ненадејно доаѓање ги изненади двајцата. Ана Андреевна, кога не виде мене и Нели, наеднаш од нешто се уплаши, па, во првите моменти, гледаше во нас како одеднаш да почувствува оти е виновна за нешто.

— Еве, ви ја донесов мојата Нели, — реков влегувајќи. — Таа се премисли, па сега самата посака да дојде. Примете ја, сакајте ја . . .

Стариот сомнително ме погледна, па уште по тој поглед можеше да се види дека сè му е познато, дека е Наташа сега веќе сама, оставена, напуштена, а можеби и навредена. Тој многу сакаше да проникне во тајната на нашето доаѓање, па прашално погледна во мене и во Нели. Нели се тресеше, силно стискајќи ја

мојата рака со својата, гледаше вземи, па одвреме навреме, како уловено sверче, фрлаше околу себе уплашен поглед. Но Ана Андреевна бргу се прибра и се сети: таа просто летна кон Нели, ја баци, ја помилува, дури и заплака, и со нежност ја седна крај себе, не пуштајќи ја од својата рака раката на Нели. Нели љубопитно и со некакво чудење ја посматраше отстрана.

Но откако ја помилува и ја седна Нели крај себе, старата веќе не знаеше што да прави, па со наивно исчекување почна да гледа во мене. Старецот се стуши, скоро погодувајќи зошто ја доведов Нели. Кога виде дека го забележив неговиот незадоволен израз и смуртеното чело, тој си ја стави раката на глава па отсечно ми рече:

— Главата ме боли, Вања.

Ние само седевме и молчевме; јас смислував како да почнам. Во собата беше полутемно; наидуваше густ облак и повторно се чу далечен одглас од грмеж.

— Еве грмежи; колку рано оваа пролет, — рече стариот. — А триесет и седма година, се сеќавам, имаше во нашиот крај уште порано.

Ана Андреевна воздивна.

— Како би било да го приготвиме самоварот? — праша таа уплашено, но никој не ѝ одговори; таа пак ѝ се обрна на Нели. — Како се викаш ти, чедо мое? — ја праша.

Нели со слаб глас ѝ го кажа своето име, па уште повеќе ги наведна очите. Стариот внимателно погледна во неа.

— Тоа значи Елена? — продолжи старата, живнувајќи.

— Да, — одговори Нели па пак продолжи молчење.

— Мојата шурнеа Прасковја Андреевна имаше внука Елена, — проговори Николај Сергеич, — па и неа ја викаа Нели. Се сеќавам.

— А ти, чедо мое, ни татко, ни мајка, никакви роднини ли немаш? — ја праша пак Ана Андреевна.

— Немам, — одеднаш и плашливо прошепоти Нели.

— Сум чула за тоа, сум чула. А одамна ли ти е умрена мама?

— Не е одамна.

— Златна моја, сирота! — продолжи старата гледајќи ја со жалење.

Николај Сергеич нестрпливо тропкаше на масата со прстите.

— Туѓинка ли беше мајка ти? Вие така како да рековте, Иване Петрович? — продолжуваа уплашените испитувања од старичката.

Нели бегло ме погледна со своите црни очи, просто повикувајќи ме на помошта. Таа дишеше некако нерамномерно и тешко.

— Нејзината мајка, Ана Андреевна, — почнав јас, — била ќерка на еден Англичанец и Русинка, така што повеќе била Русинка. А Нели се родила во странство.

— Па зошто отишла нејзината мама со својот маж во странство?

Нели одеднаш целата пламна. Старичката веднаш виде дека не требаше да прашува за тоа па затрепери пред лутиот поглед од стариот. Тој прекорно ја погледна па се сврти кон прозорецот.

— Нејзината мајка ја измамил еден непрокопсан и подмолен човек, — рече тој, свртувајќи ѝ се наеднаш на Ана Андреевна. — Таа отишла со него од татка си и му ги предала татковите пари на љубовникот; овој ја измамил за парите, па ја однесол во странство, ја опљачкал и ја оставил. А некој друг чесен човек не ја оставил, туку ѝ помагал до својата смрт. А кога умрел тој, таа пред две години се вратила кај татка си. Така како да расправаше, Вања? — праша тој одеднаш.

Целата возбудена, Нели стана од местото па сакаше веќе да тргне кон вратата.

— Дојди ваму, Нели, — рече стариот подавајќи ѝ ја најпосле раката. — Седни овде, седни крај мене, еве овде, — седни! — Тој се наведна, ја бацн в чело, па

почна полека да ја милува по главата. Нели целата затрепери, — но се совлада. Ана Андреевна, возбудена, со радосна надеж посматраше како нејзиниот Николај Сергеич, најпосле, ја прегрна сиротата.

— Јас знам, Нели, дека мајка ти ја унесреќи еден лош човек, лош и расипан, а знам уште дека таа својот татко го сакала и го почитувала, — изговори стариот, целиот возбуден, милувајќи ја и натаму Нели по главата и не издржувајќи да не ми префрли во овој час за тоа предизвикување. Лесно руменило ги облеа неговите образи; но тој се трудеше да не гледа во нас.

— Мама деда повеќе го сакала отколку дедо неа, — одговори Нели, плашливо, но решително, исто така трудејќи се да не погледне во никого.

— А од каде го знаеш ти тоа? — остро ја праша стариот, не можејќи, како дете, да се совлада, просто и самиот срамејќи се од својата нестрпливост.

— Знам, — бргу одговори Нели. — Тој не ја прими мајка . . . ја истера . . .

Видов дека Николај Сергеич сакаше нешто да каже, да противречи, да прозбори, на пример, дека стариот со причини не ја примил ќерката, но погледна во нас и замолча.

— Па како, каде живеевте кога не ве прими дедо ти? — праша Ана Андреевна, кај која одеднаш се појави упорност и желба да продолжи токму таа тема.

— Кога дојдовме, долго време моравме да го бараме деда, — одговори Нели, — но воопшто не можевме да го најдеме. Тогаш мама ми рече дека дедо некогаш бил богат и дека сакал да изгради фабрика, но дека е сега многу сиромав, зашто тој со кого побегнала мама ги зел од неа сите дедови пари, па не ги вратил. Таа ова сама ми го кажа.

— Хм . . . — се одзва стариот.

— И уште ми кажа мама, — продолжи Нели сè повеќе и повеќе оживувајќи и сакајќи да му одговори на Николај Сергеич, но обрнувајќи ѝ се на Ана Андреевна, — таа ми кажа дека дедо ѝ е многу лут, и дека таа нему многу му згрешила, но дека таа сега

никого на светот повеќе нема освен деда. И кога ми го кажуваше тоа, плачеше... „Тој не сака да ми прости", — велеше уште кога се враќавме ваму, — „но можеби ќе те види тебе, па ќе те засака, па за љубов твоја и мене ќе ми прости". Мамица многу ме сакаше и додека ми го зборуваше тоа, постојано ме бацуваше, а многу се плашеше да оди кај деда. А и мене ме учеше да се молам за деда, па и самата за него се молеше, и уште многу ми расправаше како живеела некогаш кај деда, и како дедо многу ја сакал, повеќе од сè. Таа му свирела на клавир и навечер му читала книги, а дедо ја бацувал и ѝ донесувал многу подароци... секогаш нешто ѝ подарувал, така што еднаш, на именденот на мама и се искарале; зашто дедо мислел дека мама уште не знае каков подарок ѝ купил тој, а мама веќе одамна знаела. Мама сакала обетки, а дедо намерно ја замамувал, па ѝ велел дека нема да ѝ купи обетки, туку брош. А кога ѝ донесол обетки, па кога видел дека мама веќе знае оти ќе бидат обетки, а не брош, тој се разлутил што дознала мама, па половина ден не сакал да зборува со неа, туку после сам дошол, ја бацил и ја молел да му прости.

Нели расправаше со воодушевување, па дури и руменило ѝ пламна на бледите, болни обравчиња.

Се гледаше дека нејзината мама многупати зборувала со својата малечка Нели за нејзините некогашни среќни денови, седејќи во нејзиниот агол, во сутеренот, прегрнувајќи ја и бацувајќи ја својата ќеркичка (единствена радост што ѝ имаше уште останато во животот), плачејќи над неа, а во исто време и не насетувајќи со каква силина ќе одекнат тие приказни во премногу приемливото и прерано развиеното срце на болното дете.

Но занесената Нели одеднаш просто се сепна, недоверливо се сврте околу себе, па се смири. Стариот го смурти челото па пак почна да тропка на масата. На Ана Андреевна солзи ѝ нагрнаа во очите, и таа молчејќи ги бришеше со шамиче.

— Мама дојде овде многу болна, — додаде Нели со тивок глас. — Градите многу ја болеа. Ние долго го

баравме деда, но не можевме да го најдеме, а стан најдовме во сутерен, еден агол во соба.

— Во заедничка соба, па уште болна! — викна Ана Андреевна.

— Да... во заедничка... — одговори Нели. — Мама беше сиромашна. Таа ми велеше, — рече Нели, живнувајќи, — дека не е грев да се биде сиромав, туку дека е грев да се биде богат и да се навредува... и дека неа господ ја казнува.

— А каде сте нашле вие стан, на Василевско ли? Таму ли е таа Бубнова? — ја праша стариот, обрнувајќи ми се мене и сакајќи да покаже извесна небрежност во своето прашање. А праша како да му беше незгодно да седи молчејќи.

— Не, не таму... туку првин во Мештанска, — одговори Нели. — Таму беше многу мрачно и влажно, — продолжи таа, помолчувајќи, — и на мама ѝ стана многу лошо, но тогаш уште можеше да оди. Јас ѝ ги перев алиштата, а таа плачеше. Таму живееше и една старичка, капетаница, а живееше таму и еден бивш чиновник, па секогаш дома доаѓаше пијан, и секоја ноќ викаше и креваше врева. Јас многу се плашев од него. Мама ќе ме земеше кај неа в постела, па ќе ме прегрнуваше, а ваму самата цела се тресеше, а тој чиновник вика и секогаш некого кара. Еднаш сакаше да ја истепа капетаницата, а таа беше стара бабичка, и секогаш одеше со патерица. Мама се сожали на неа, па почна да ја брани; а чиновникот ја удри мама, а јас чиновникот...

Нели стана. Тој спомен многу ја возбуди; очите почнаа да ѝ светкаат.

— Господе боже! — извика Ана Андреевна, во најголема мера заинтересирана од раскажувањето и не одвојувајќи го погледот од Нели, која главно нејзе ѝ се обрнуваше.

— Тогаш мама излезе од таа куќа, — продолжи Нели, — па и мене со себе ме поведе. Тоа беше дење. Непрестајно одевме по улица, до темен мрак, а мама постојано плачеше и непрестајно одеше, и мене за рака ме водеше. Јас бев папсана. Целиот тој ден ништо не

јадовме. А мамица постојано сама со себе разговараше и непрестајно ми велеше: „Биди сиромашна, Нели, и кога ќе умрам, никого и ништо не слушај. Кај никого не оди; остани сама, сиромашна, работи, а кога не ќе најдеш работа, питај, но кај нив не оди". Веќе во мракот минувавме преку една голема улица. Наеднаш мама туку викна: „Азорка! Азорка!" — кога наеднаш, еден голем пес, целиот излитен, ѝ притрча на мама, почна да квичи, да скока на неа, а мама се уплаши, побледе, писна и падна на колена пред еден висок старец, кој одеше со стап и гледаше вземи. А тој висок старец беше дедо, страшно слаб... во лоша облека. Тогаш првпат го видов деда. И дедо многу се уплаши и целиот побледе, па кога виде дека мама клечи пред него, и му ги прегрнува нозете, — тој се истргна од неа, ја оттурна мама, удри со стапот по каменот, па брзу замина откај нас. Азорка уште остана и постојано виеше, ѝ ги лижеше рацете и лицето на мама а потоа отрча кај деда, го дофати за полата од капутот, па почна да го влече назад, но дедо го удри со стапот. Азорка пак потрча кај мама, но дедо го викна и тој отрча по деда, но постојано квичеше. А мама лежеше на калдрмата како мртва, народ се собра од сите страни, дојдоа полицајци. Јас цело време плачев и ја кревав мама. Таа стана, се обѕрна околу себе, па тргна по мене. Јас ја поведов дома. Луѓе долго нè гледаа и постојано нишкаа со главите.

Нели замолча малку за да здивне и да се прибере. Беше многу бледа, но решителност ѝ се гледаше во погледот. Се гледаше дека се решила, најпосле, сè да искаже. Во неа во тој момент имаше дури нешто предизвикувачко.

— Па се разбира, — забележа Николај Сергеич со изменет глас, некако инаетливо и луто. — Се разбира, твојата мајка го навредила нејзиниот татко и тој имал право да ја отфрли...

— И мама истото тоа ми го велеше, — остро прифати Нели, — додека одевме дома, постојано ми зборуваше: тој е твојот дедо, Нели, јас сум виновна пред него, но ете, ме проколнал, па сега самиот бог ме каз-

нува. — И целата таа вечер и сите идни денови постојано истото ми го зборуваше. А кога зборуваше, како да беше надвор од себеси . . .

Старецот замолча.

— А како преминавте после во друг стан? — праша Ана Андреевна, која и натаму нечујно плачеше.

— Мама таа ноќ се разболе, а капетаницата ни најде стан кај Бубнова, па по два дена се преселивме кај неа, па и капетаницата дојде со нас. Но кога се преселивме, мама сосем падна в кревет, па три недели прележа болна, а јас ја гледав. Останавме сосем без пари, но ни помагаа капетаницата и Иван Александрич.

— Продавачот на погребна опрема, станодавецот, — им објаснив јас.

— А мама кога позаздраве и почна да станува, ми расправаше за Азорка.

Тука Нели застана. Стариот просто се израдува што премина разговорот на Азорка.

— А што ти кажуваше за Азорка? — праша тој наведнувајќи се уште повеќе во својата фотелја, како да сакаше уште повеќе да го скрие лицето и да гледа долу.

— Таа секогаш ми расправаше за деда, — одговори Нели, — и додека беше болна само за него ми зборуваше, и кога бладаше, пак за него расправаше. И кога почна да заздравува, пак почна да ми расправа како живеела порано . . . па тогаш ми раскажа и за Азорка. Ми раскажуваше како еднаш, некаде на реката зад градот, дечишта го влечеле Азорка со врвка за да го удават, а мама им дала пари, па го откупила кучето од нив. Дедо, кога го видел Азорка, почнал многу да му се смее. Но Азорка тогаш побегнл. Мама почнала да плаче; дедо се уплашил, па рекол дека ќе му даде сто рубли на тој што ќе го доведе Азорка. Третиот ден им го довеле. Дедо му дал сто рубли на тој што го довел и од тоа време и тој многу го сакал Азорка. А мама веќе толку го сакала што дури и в постела кај себе го земала. Таа ми расправаше дека Азорка порано одел по улица со циркузанти, умеел да послужува, мајмун

на себе носел, и со пушка умеел да ракува, и уште многу нешта знаел... А кога си заминала мама откај деда, тогаш дедо Азорка го задржал кај себе, па постојано одеше со него, така што на улица, штом ќе го видеше Азорка, мама веднаш знаеше дека е тука и дедо...

Стариот очигледно не очекуваше да чуе такво нешто за Азорка, па сега сè повеќе и повеќе се мултеше. Тој повеќе ништо не прашуваше.

— Па како, вие после и не сте го виделе деда? — праша Ана Андреевна.

— Не, кога почна мама да заздравува, јас пак се сретнав на улица со деда. Одев во продавница за леб; одеднаш го видов кутриот човек со Азорка, го погледнав и го познав деда. Се тргнав настрана па се залепив до ѕидот. Дедо ме погледна, долго време ме гледаше, но беше толку страшен што многу се преплашив од него. Тој помина крај мене. Но Азорка ме запаметил па почна да скока околу мене и рацете да ми ги лиже. Јас бргу тргнав за дома, се обрнав, а дедо влезе в продавница. Помислив: сигурно се распрашува за нас, па уште повеќе се исплашив, а кога дојдов дома, на мама ништо не ѝ кажав, за да не се разболи пак. А утредента не одев в продавница: реков дека ме боли глава. А кога појдов другиот ден, тогаш никого не сретнав и многу се плашев, па трчав колку што можев побргу.

Уште еден ден подоцна, одеднаш, јас одам, па само што свртив на аголот, а дедо пред мене, и Азорка со него. Отрчав па свртив во другата улица од другата страна за да влезам во продавницата. Но тука пак наидов на него и толку се преплашив, што застанав, па не можев да се мрднам од место. Дедо застана пред мене па пак долго гледаше во мене, а после ме помилува по главата, ме зеде за рака па ме поведе, Азорка по нас мавташе со опашката. Тука видов дека дедо не можел убаво да оди, туку постојано се потпира на стап, а рацете постојано му се тресат. Тој ме доведе до уличниот трговец, кој тука, на аголот, продаваше шеќерчиња, колачиња и јаболка. Дедо ми купи петле

и рипче, и една голема бонбона, и јаболко, и кога вадеше пари од кожното ќесенце, рацете многу му се тресеа, па испушти петак, а јас му го кренав. Тој ми го даде петакот, и колачињата ми ги даде, и ме погали по главата, но ништо не ми рече, туку си отиде дома.

Тогаш дојдов кај мама и ѝ раскажав сè за деда, и како најпрвин се плашев и се криев од него. Мама отпрвин не сакаше да ми верува, но после толку се израдува што цела вечер се распрашуваше, ме бацуваше и плачеше. А кога ѝ раскажав сè, таа тогаш ми рече да не се плашам повеќе од деда, зашто тој сигурно ме сака штом ми приоѓа на улица. И ми рече да бидам внимателна со деда и да разговарам со него. А утредента ме испрати да одам неколкупати уште изутрината, макар што реков дека дедо доаѓа дури квечерина. А и таа идеше по мене, и се криеше зад аглите, па утредента пак, но дедо не дојде, а тие денови врнеше дожд, па мама многу настина, зашто постојано излегуваше на порта со мене и пак падна в постела.

А дедо дојде после, другата недела, па пак ми купи едно рипче и јаболко, но ни сега ништо не ми рече. А кога си отиде јас полека тргнав по него, зашто уште порано имав решено да дознам каде живее дедо, па да ѝ кажам на мама. Одев оддалечена од него, од другата страна на улицата, така што дедо не ме забележа. Тој живееше многу далеку, не таму каде што живееше после и каде што умре, туку на Граховска, пак во едно големо куќиште, на третиот кат. Сето тоа го дознав и доцна се вратив дома. Мама се беше уплашила многу, зашто не знаеше кај сум била. А кога ѝ кажав, таа пак многу се израдува, па веднаш сакаше да оди кај деда, уште утредента. Но утредента почна да се премислува, да се плаши, и постојано се плашеше, цели три дена; па така и не отиде. А после ме викна и ми рече: „Знаеш што, Нели, јас сега сум болна, па не можам да одам, туку му напишав на дедо ти писмо. Оди кај него па дај му го писмово. Но внимавај. Нели, како ќе го прочита, и што ќе каже, и што ќе прави. А ти

клекни, бацувај го и моли го да ѝ прости на твојата мама...“ И мама многу плачеше, па постојано ме бацуваше и ме благословуваше кога тргнував, и на бога му се молеше, па заедно со мене клекна пред иконата. И макар што беше многу слаба, сепак излезе да ме допрати до порта, а кога се свртив, таа сè уште стоеше таму и гледаше по мене...

Јас дојдов кај деда и ја отворив вратата, а вратата беше без рачка. Дедо седеше до масата и ручаше леб и компир, а Азорка стоеше пред него, го гледаше како јаде, и мавташе со опашката. Кај деда во тој стан прозорците беа ниски, мрачни, а имаше само една маса и еден стол. Живееше сам. Влегов, а тој толку се уплаши што целиот пребледе и почна да се тресе. И јас се уплашив но ништо не му реков, туку само пријдов до масата и го ставив писмото. Кога го виде дедо писмото, толку се налути што скокна, го грабна стапот па замавна по мене, но не ме удри, туку само ме изведе во ходникот и ме турна. Уште не стасав ни до првото одморалиште на скалата, кога пак ја отвори вратата па го исфрли по мене писмото, неотворено. Јас дојдов дома и сè раскажав. Тогаш мама пак падна в постела...

ОСМА ГЛАВА

Во тој момент силно загрми, и крупни капки почнаа да удираат во прозорските окна. Старата просто се уплаши и се прекрсти. Сите наеднаш замолчивме.

— Сега ќе престане, — рече стариот, откако погледна во прозорците. Потоа стана па почна да шета ваму-таму по собата. Нели косо го следеше со погледот. Беше во необично, болно возбудување. Го видов тоа; но таа како да избегнуваше да ме гледа.

— Добро и што се случи натаму? — праша стариот, откако седна пак во својата фотелја.

Нели уплашено погледна околу себе.

— Ти после сигурно веќе не го виде дедо ти?

— Не, го видов . . .

— Ајде, расправај ми, душо моја, расправај, — прифати Ана Андреевна.

— Три недели не го видов, — почна Нели, — сè до зимата. Тогаш дојде зимата и падна снег. Кога го сретнав пак деда на истото место, многу се израдував . . . зашто мама многу тагуваше што не доаѓа тој. А јас, штом го видов, намерно претрчав на другата страна на улицата за да види тој како бегам од него. Кога се свртив, гледам дедо брза по мене, а после и почна да трча за да ме стаса, па почна да ми вика: „Нели, Нели!“ А Азорка трчаше по него. Мене ми беше жал за него па застанав. Дедо ми пријде, ме фати за рака па ме поведе, а кога виде дека плачам, застана, погледна во мене, се наведна па ме баци. Тогаш виде дека чевлите ми се искинати, па ме праша дали имам

други. Веднаш му реков дека мама остана сосем без пари и дека станодавците од сожалување ни даваат да јадеме.

Дедо ништо не рече, туку ме одведе на пазар па ми купи чевли, и ми рече веднаш да ги обујам; а после ме одведе во својот стан, на Граховска, а патем намина в продавница па купи пити и две бонбони, па кога дојдовме во неговата куќа, ми рече да ја изедам питата, па ме гледаше додека ја јадев, а после ми ги даде и бонбоните. А Азорка ги ставил шепите на маса па и тој сакаше пита. Му дадов, а дедо се насмеа. Потоа ме зеде, ме стави до него, почна да ме гали по глава и да ме прашува дали сум учела нешто и дали знам нешто. Му кажав, а тој ми рече, ако можам, секој ден да доаѓам кај него во три часот, па тој ќе ме учи самиот. Потоа ми рече да се свртам па да гледам во прозорецот додека не ми каже пак да му се свртам. Така и стоев, но полека се свртив најпосле па видов како го распарува неговиот душек, на долниот крај, па извади четири рубли. Кога ги извади, ми ги донесе и ми рече: „Ова е само за тебе". Јас ги зедов, но после се премислив па му реков: „Ако е само за мене, тогаш не сакам да ги примам". Дедо одеднаш се разлути па ми рече: „Па добро, земи ги како знаеш, оди". Јас излегов, а тој не ме баци.

Кога дојдов дома, сè ѝ рскажав на мама. А на мама ѝ беше сè полошо и полошо. Кај продавачот на погребна опрема доаѓаше еден студент; тој ја лекуваше мама и ѝ кажа какви лекови да зема.

А јас одев кај деда често; така сакаше мама. Дедо ми го купи Новиот завет и географија, па почна да ме учи. Често ми расправаше какви земји има на светот, и какви луѓе живеат таму, и какви мориња има, и што било некогаш, и како на сите Христос ни простил. Кога ќе го прашав нешто, нему тоа му беше многу мило. Затоа почнав често да го прашувам, а тој секогаш ќе ми кажуваше, и за бога многу ми зборуваше. А понекогаш не учевме, туку си играв со Азорка. Азорка многу ме засака, а јас го научив да прескока преку стап, а дедо се смееше и постојано ме галеше

по главата. Туку, дедо ретко се смееше. Понекогаш многу зборуваше, па туку наеднаш ќе замолчи, и седи како да заспал, а очите му се отворени. И така ќе седеше до мрак, а кога ќе се стемни, тој изгледаше толку страшен, толку стар . . . А понекогаш ќе дојдам кај него, а тој седи на својот стол, се замислил и ништо не слуша, Азорка крај него лежи. Јас чекам, чекам, ќе се накашлам; дедо воопшто не се свртува. Па така и ќе си одам. А дома мама одвај ме чека да се вратам. Таа лежи а јас ѝ расправам сè, сè, така што веќе и ќе се стемни а јас уште ѝ расправам, а таа непрестајно слуша за деда: де што правел денес, де што ми зборувал, за што и што ми задал да учам. А кога ќе почнам за Азорка, како сум го терала стап да прескока, и како се смееше дедо, тогаш таа одеднаш ќе почне да се смее па така долго се смее и се радува, па пак ќе ми каже да повторам, а после ќе почне да се моли. А јас секогаш си мислев: како така мама толку го сака деда, а тој неа воопшто не ја сака, па кога дојдов пак кај дедо, јас намерно почнав да му расправам колку го сака мама. Тој слушаше, секогаш налутен, само слушаше, но ни збор не велеше. Тогаш го прашав: како мама него толку да го сака и секогаш за него се распрашува, а тој никогаш за мама не прашува? Дедо тогаш се разлути па ме истера од соба. Јас малку стоев зад врата, а тој пак наеднаш ја отвори па ме викна внатре, но уште се лутеше, и само молчеше. А после кога почнавме да читаме веронаука, јас пак го прашувам зошто Исус Христос рекол: сакајте се еден со друг и проштавајте ми навредите, а тој не сака да ѝ прости на мама? Тогаш тој скокна па се развика дека така ме научила мама, ме истурка и по вторпат надвор, па ми рече повеќе да не се осмелувам да доаѓам кај него. А јас му реков дека и самата повеќе нема да доаѓам кај него па така и си заминав. А дедо утредента се преселил од тој стан.

— Јас реков дека дождот скоро ќе престане, па еве, престана, а еве и сонце . . . погледај, Вања, — рече Николај Сергеич, свртувајќи се кон прозорецот. Ана Андреевна погледна во него ненадејно, и одеднаш

гнев светна во очите на досега мирната и застрашена старица. Молчејќи ја фати таа Нели за рака, па ја стави кај себе в скут.

— Кажувај ми ти само мене, чедо мое, — ѝ рече таа на Нели, — јас ќе те слушам. А тие што им е срцето од камен нека . . .

Таа не доизговори и заплака. Нели прашално погледна во мене, ги собра рамениците, но веднаш се сврти.

— Продолжи, Нели, — реков.

— Три дена не одев кај деда, — почна пак Нели, — а во тоа време болеста на мама ѝ се влоши. Останавме сосем без пари, лекови немавме со што да купиме, а немавме ни што да јадеме, зашто ни станодавците ништо немаа, па почнаа да ни префрлаат дека живееме на нивна сметка. Тогаш јас третиот ден изутрината станав па почнав да се облекувам. Мама ме праша каде одам. А јас ѝ реков: кај деда, да барам пари. А таа се израдува, зашто порано ѝ кажав како ме истера, дека никогаш повеќе нема да одам кај деда, макар што таа плачеше и ме убедуваше сепак да одам. Кога дојдов, дознав дека дедо се преселил, па отидов да го побарам неговиот нов стан.

Само што дојдов во неговиот нов стан, тој скокна, се пушти по мене па почна да тропа со нозете, а јас веднаш му реков дека мама е многу болна, дека ни требаат пари за лекови, педесет копејки, а дека немаме ни што да јадеме. Дедо почна да вика па ме истера на скали и со колкот ја затвори вратата по мене. Но додека ме туркаше надвор, јас му реков дека ќе седам на скалите и дека нема да си одам сè додека не ми даде пари. Така седев на скалите. По некое време тој ја отвори вратата, виде дека уште седам па пак ја затвори. Потоа долго време не зиркаше. После пак ја подотвори вратата, пак ме виде и пак ја затвори. И после многупати така ја отвораше и гледаше. Најпосле излезе со Азорка, ја заклучи вратата па помина покрај мене и си отиде некаде без да ми проговори. Ни јас нему не му реков ни збор па така останав седејќи, па седев до квечерина.

— Чедо мое, — викна Ана Андеевна, — па тебе сигурно ти било студено на скалите!

— Бев во бундичка, — одговори Нели.

— Пуста твоја бундичка... Душо моја, колку си се напатила! А што направи тој, дедо ти?

Усничките на Нели почнаа да потреперуваат, но таа направи необичен напор да се совлада.

— Тој дојде кога беше веќе сосем темница, па влегувајќи наиде на мене и викна: кој е тука? Му реков дека сум јас. А тој сигурно мислел дека одамна сум отишла, и кога виде дека сум уште тука, многу се зачуди, па долго време стоеше пред мене. Наеднаш удри со стапот по скалите, отрча, ја отклучи својата врата па бргу ми изнесе бакарни пари, само петаци, и ми ги фрли на скалите.

— Еве ти, — викна тој, — земи ги, тоа ми е сè што имам, и кажи ѝ на мајка ти дека ја проколнувам, — па ја тресна вратата. А петаците се истркалаа по скалите. Почнав да ги собирам во мракот, а дедо сигурно се сетил дека ги расфрли петаците па дека, така во мракот нема да можам да ги соберам, ја отвори вратата, изнесе свеќа, па со свеќата бргу ги собрав. И дедо собираше заедно со мене, и ми рече дека вкупно треба да бидат седумдесет копејќи, па си замина. Кога дојдов дома, ѝ ги дадов парите и сè ѝ кажав на мама, а на мама ѝ беше уште полошо, па и јас цела ноќ бев болна, а утредента пак имав температура, но само за едно мислев, зашто му бев лута на деда, па кога заспа мама, излегов на улица, и отидов во дедовиот стан, а пред да стасам, застанав на мостот. А тогаш намина о н о ј...

— Тоа бил Архипов, — реков јас, — тој за кого ви зборував, Николај Сергеич. Тој што беше кај Бубнова со трговецот и кого го истепаа таму. Нели првпат таму го видела... Расправај ни натаму, Нели.

— Јас го запрев па го замолив да ми даде пари, рубла во сребро. Тој ме погледна па ме праша: „Рубла во сребро?“ Јас му реков: „Да“. Тогаш тој се насмевна, па ми рече: „Ајде со мене“. Не знаев дали да појдам. Одеднаш пријде еден чичко со златни очила; тој

чу кога молев за рубла во сребро, се наведна кон мене и ме праша зошто токму толку барам. Реков дека ми е мама болна и дека толку треба за лек. Тој ме праша каде живеам, па запиша и ми даде рубла во сребро. А о н о ј, кога го виде стариот со очилата, бргу се изгуби и повеќе не ме викаше со него. Отидов во бакалницата па ја раситнив рублата. Триесет копејки завиткав во хартија па ги оставив за мама, а седумдесетте не ги завиткав, туку намерно ги стиснав в рака, па отидов кај деда. Кога дојдов кај него, ја отворив вратата, застанав на прагот, замавнав со рака, па со сета сила му ги фрлив сите пари, а тие се растркалаа по подот.

— Еве ви ги вашите пари! — му реков. — Не ѝ требаат на мојата мама од вас, зашто вие ја проколнувате! — Ја треснав вратата и веднаш побегнав.

Очите ѝ светнаа, и таа со наивно-предизвикувачки израз погледна во стариот.

— Така и му треба! — рече Ана Андреевна, не гледајќи во Николај Сергеич и силно стегајќи ја во себе Нели. Така и му треба; твојот дедо бил лош и немилосрден . . .

— Хм, — се одзва Николај Сергеич.

— И, што се случи потоа? — нестрпливо праша Ана Андреевна.

— Не одев повеќе кај деда, а тој престана да доаѓа кај мене, — одговори Нели.

— Добро, а како поминувавте после ти и мама? Ох, кутрата моја, кутрата!

— А на мама ѝ беше уште полошо, па веќе ретко стануваше од постела, — продолжи Нели, а гласот ѝ затрепери и се прекина. — Пари веќе воопшто немавме, па почнав да одам со капетаницата. А капетаницата одеше по куќи, а и на улица добри луѓе запираше и питаше, па од тоа живееше. Ми велеше дека таа не е питачка, дека има документи каде што е нејзиното звање напишано и дека е сиромашна. Тоа уверение тоа го покажуваше, за затоа ѝ даваа пари. Таа ми кажа дека не е срамота кога се пита од сите. Па така одев со неа, и ни даваа, и од тоа живеевме. Мама

дозна за тоа, зашто станарите почнаа да ѝ префрлаат дека е питачка, а Бубнова сама доаѓаше кај мене, па мама зборуваше дека би било подобро да ме даде кај неа, а не да питам. Таа порано дојде кај мама и ѝ донесе пари. А мама не сакаше од неа да прими, па Бубнова ѝ рече: „Што сте толку горда!“ И јадење ѝ испраќаше. Но кога го рече тоа за мене, мама заплака, се уплаши, а Бубнова почна да ѝ се дере, зашто беше пијана, па ѝ рече дека јас и така сум питачка, зашто одам со капетаницата, па уште таа вечер ја истера капетаницата од дома.

Мама, кога дозна за сè, почна да плаче, потоа одеднаш стана од постела, се облече, ме фати за рака, па ме поведе со себе. Иван Александрич почна да ја задржува, но таа не го слушаше, па излеговме. Мама одвај можеше да оди, па секој час седнуваше да се одмори, а јас ја придржував. Мама постојано велеше дека сака да оди кај деда и да ја одведам кај него, а веќе одамна беше стемнето. Наеднаш дојдовме во некоја голема улица. Тука пред една куќа се беа запреле кочии, и излегуваше многу свет, сите прозорци беа осветлени, и се слушаше музика. Мама застана, ме прегрна и ми рече: „Нели, остани сирота, целиот свој век биди сирота, не оди кај нив, кој и да те вика, кој и да дојде. И ти би можела таму, да бидеш, богата и во убав фустан, но јас тоа не го сакам. Тие се лоши и немилосрдни и еве ти го мојот завет: остани сирота, работи или питај, а ако дојде некој по тебе, речи: не сакам кај вас!...“ Тоа ми го велеше мама кога беше болна, и јас цел век сакам да ја слушам, — додаде Нели, целата возбудена, со вжарено лице, — и цел живот ќе служам и ќе работам па, еве, и кај вас дојдов да служам и да работам, а не сакам да ви бидам наместо ќерка...

— Немој така, немој, дете мое! — викна старата силно прегрнувајќи ја Нели. — Па твојата мајка била болна кога ти го велела тоа.

— Безумна била! — остро забележа стариот.

— Па нека е и безумна! — прифати Нели обрнувајќи му се остро. — Нека е и безумна, но таа мене

така ми рече, па така ќе правам додека сум жива. И кога ми го рече тоа, таа дури и во несвест падна.

— Господе боже! — викна Ана Андреевна. — Болна, на улица, зима...

— Сакаа да нѐ одведат во полиција, но еден господин се зазеде, ме праша каде ни е станот, ми даде десет рубли, и заповеда да ја однесат мама во нашиот стан со неговата кола. Потоа мама веќе не стана од постела, а по три недели умре...

— А татко ѝ не ѝ прости? — викна Ана Андреевна.

— Не ѝ прости, — одговори Нели, со тешка мака совладувајќи се. — Една недела пред смртта мама ме викна, па ми рече: „Нели, оди уште еднаш кај деда ти, последен пат, па замоли го да дојде кај мене да ми прости. Кажи му дека јас по некој ден ќе умрам, и дека тебе сама ќе те оставам на светов. И речи му дека ми е тешко што умирам вака...“ Јас тогаш отидов, чукнав на дедовата врата, тој ми отвори, но кога ме виде, сакаше веднаш пред нос да ми ја затвори вратата, но јас се фатив за вратата со двете раце, па му викнав: „Мама е на умирање, дојдете, ве вика!“ Но тој ме турна и ја тресна вратата. Јас се вратив кај мама, легнав покрај неа, ја прегрнав и ништо не ѝ реков... И мама мене ме прегрна и ништо не ме праша.

Тука Николај Сергеич тешко се потпре со рака на масата, па стана, но откако премина со некаков чуден, отсутен поглед преку нас сите, како изнемоштен се спушти во фотељата. Ана Андреевна повеќе не го гледаше, туку липајќи ја прегрнуваше Нели.

— И последниот ден, пред да умре, мама предвечер ме викна кај неа, ме фати за рака, па ми рече: „Јас денеска ќе умрам, Нели, сакаше уште нешто да каже, но не можеше. Јас ја гледам, а таа веќе како да не ме гледа, само во своите раце мојава рака цврсто ја држеше. Јас полека ја извлеков раката, истрчав од дома, па цел пат трчав колку што можев побргу, и дотрчав до кај дѐда. Кога ме виде, тој скокна од столот, погледна во мене и толку се уплаши што побледе како крпа и целиот почна да се тресе. Го фатив за

рака и само изговорив: „Сега ќе умре“. Тој тука одеднаш се вознемири, го грабна својот стап па отрча по мене. Дури и паларијата ја заборави, а беше студено. Јас ја зедов паларијата, па му ја ставив на глава и заедно истрчавме. Јас му велев да брза и да земе пајтон, зашто мама сега ќе умре, но дедо имаше само седум копејќи. Тој запираше пајтони, се погаѓаше, но пајтонџиите само се смееја, па и на Азорка му се смееја, а Азорка трчаше со нас, и ние трчавме понатаму. Дедо многу се измори, па одвај дишеше, но постојано брзаше и трчаше. Одеднаш падна, а му падна и паларијата од главата. Јас го кренав и му ја ставив паларијата, па почнав со една рака да го водам, и дури во темен мрак стасавме дома. Но мама веќе лежеше мртва. Кога ја виде, дедо плесна со рацете, целиот затрепери, па застана над неа, но ништо не велеше. Тогаш ѝ пријдов на мојата мртва мама, го фатив дедa за рака па му викнав: „Еве, бездушен и лош човеку, еве, види!... Види!“ Тука дедо писна и падна на подот, како мртов...

Нели скокна, се извлече од прегратката на Ана Андреевна, па застана меѓу нас бледа, измачена и уплашена. Но Ана Андреевна стрча кон неа, па прегрнувајќи ја повторно, викна сета расчувствувана:

— Јас, јас сега ќе ти бидам мајка, Нели, а ти — мое дете! Да, Нели, ајде; да ги оставиме сите нив, — тие немилосрдни и лоши! И натаму нека проколнуваат луѓе, господ, господ ќе им плати... Ајде, Нели, ајде одовде, ајде!...

Јас никогаш, ни порано ни после не сум ја видел во таква состојба, ниту пак би помислил дека таа некогаш би можела да биде толку возбудена. Николај Сергеич се исправи во фотељата, стана, па со испрекинат глас ја праша:

— Каде ќе одиш, Ана Андреевна?

— Кај неа, кај ќерката Наташа! — викна таа па ја повлече и Нели по себе кон вратата.

— Стој, стој, чекај!

— Што има да чекам, ти бездушен и лош човеку. Јас долго време чекав, а и таа долго чекаше, а сега збогум...

Откога го изговори тоа, старичката се обврна, го погледна мажот, па се изненади: Николај Сергеич стоеше пред неа, ја грабнал паларијата па со треперливите, немоќни раце забрзано си го облекуваше капутот.

— И ти... и ти со мене! — викна таа, склопувајќи си ги рацете и нерешително гледајќи го, просто не смееше да поверува во таква среќа.

— Наташа! Каде е мојата Наташа? Каде е таа? Каде е детето мое? — му се испушти, најпосле, од градите на стариот. — Дајте ми ја мојата Наташа! Каде е, та каде е таа? — па откако го зеде стапот што му го подадов јас, се втурна кон вратата.

— Ѝ прости! Ѝ прости! — викна Ана Андреевна.

Но стариот не стаса до прагот. Вратата одеднаш се отвори, и во собата втрча Наташа, бледа со сјајни очи, како во треска. Облеката ѝ беше истуткана и скоро мокра од дождот. Шамијата со која се врзала ѝ беше падната на вратот, а на несредените густи кичери од нејзината коса блескаа крупни дождовни капки. Таа стрча, го виде татка си, па со писок падна пред него на колена, подавајќи ги кон него рацете.

ДЕВЕТТА ГЛАВА

Но тој веќе ја држеше в раце.

Ја зеде пак, кревајќи ја како мало дете, ја однесе во својата фотелја, ја стави во неа, па и самиот падна пред неа на колена. Ѝ ги бацуваше рацете и нозете, сакаше што побргу да ѝ се изнабацува, брзаше да ѝ се нагледа, просто не верувајќи дека е таа пак со него, дека тој пак ја гледа и слуша — неа, својата ќерка, својата Наташа! Ана Андреевна, липајќи, ја прегрна, ја притисна нејзината глава на своите гради па како да премре во таа прегратка, не можејќи да каже ни еден збор.

— Чедо мое... Животе мој!... Радост моја!... — викаше стариот испрекинато, грабајќи ѝ ги рацете на Наташа и, како зљубен, гледајќи во нејзиното бледо, слабо но прекрасно лице, во нејзините очи, во кои блескаа солзи. — Среќо моја, чедо мое! — повторуваше, па пак ќе замолчеше и со побожен восхит гледаше во неа. — Па зошто ми рекоа дека ослабела! — проговори тој со забрзана, просто детска насмевка, обрнувајќи ни се нам и сè уште клечејќи пред неа. — Навистина, малку ослабела, малку е бледа, но погледај колку е убава!... Уште поубава отколку што беше, да! — додаде тој, и без да сака замолчувајќи од душевната болка, радосната болка, која како да му ја кинеше душата надве.

— Станете тато! Та станете! — му зборуваше Наташа. — Па и јас вас сакам да ве бацам!...

— О, мила моја! Слушаш ли, слушаш ли, Анушка, колку убаво го рече таа ова, — и тој грчевито ја прегрна.

— Не, Наташа, јас, јас треба да клечам кај твоите нозе сè додека не ми почувствува срцево дека си ми простила, зашто јас сега никогаш, никогаш не можам да заслужам од тебе прошка! Јас те отфрлив, јас те проколнував, слушаш ли, Наташа, те проколнував, — и јас можев тоа да го направам!... А ти, а ти, Наташа, па зар можеше да повеpуваш дека сум те проколнал! И поверувала, навистина поверувала. Не си смеела да веруваш, просто не требало! Немилосрдно срце! А зошто не сакаше да ми дојдеш? Зашто ти знаеше како би те пречекал!... О, Наташа, па ти знаеш колку те сакав порано! А сега, и за целото ова време, јас те сакав двапати, илјадапати повеќе отколку порано! Со крваво срце те сакав! Душава моја полна со рани би ја извадил, срцево мое би го исекол па би го положил пред твоиве нозе!... О, радост моја!

— Па бацете ме веќе еднаш, вие немилосрден човеку, в уста, в лице бацете ме, како што ме бацува мама! — викна Наташа со болен, изнемоштен глас, полн со радосни солзи.

— И во очињата, и во очињата! Се сеќаваш, како што правев порано, — повторуваше стариот по долгата, слатка прегратка со ќерката. — О, Наташа! Па нè сонуваше ли некогаш? А јас скоро секоја ноќ те сонував, и секоја ноќ ми доаѓаше, и јас плачев над тебе, а еднаш како мала ми дојде, — се сеќаваш, кога имаше десет години, и ти само што почна да учиш клавир, — па како да ми дојде во некое кусо фустанче, во убави чевлички и со румени рачиња... зашто нејзините рачиња тогаш беа румени, се сеќаваш ли Анушка? — дојде кај мене, в скут ми седна па ме прегрна... И ти, и ти, лошо девојче, и ти си помислила дека би можел јас да те проколнам, дека не би те примил кога би ни дошла!... Па јас... слушај, Наташа, јас често доаѓав кај тебе, тоа ни мајка ти не го знаеше, никој не знаеше. Па ту под твојот прозорец стојам, ту пак чекам; понекогаш по половина ден те чекав некаде на трото-

арот кај твојата порта: за да те видам ако излезеш, барем оддалеку да те видам! Или навечер кај тебе на прозорецот често свеќа ќе гореше; и колкупати јас, Наташа, така навечер доаѓав кај тебе барем на свеќата твоја да погледнам, барем сенката твоја на прозорецот да ја видам, пред спиење да те благословам. А дали ме благословуваше ти мене за ноќе? Дали мислеше за мене? Дали чувствуваше твоето срценце дека сум јас тука под прозорецот? А колкупати, зиме, доцна ноќе ќе се качев на твоите скали, па стоев во мрачниот ходник, на вратата ти наслушнував: ќе го слушнам ли твојот глас, ќе се насмееш ли? Проколнал? . . . Па јас уште веднаш вечерта дојдов кај тебе, сакав да ти простам, па се вратив од пред самоти врата . . . О, Наташа!

Тој стана, ја крена малку од фотељата, па силно ја стисна со рацете.

— Таа е овде, пак на моево срце! — викна тој. — О, ти благодарам, боже, за сè, за сè, и за гневот твој и за милоста твоја! . . . И за сонцето твое кое по невреме пак нè огреа! За сиов овој миг ти благодарам! О, па нека сме и понижени, нека сме и навредени, но пак сме заедно, па нека, нека ликуваат сега лошите и надуените кои нè понижија и навредија! Нека фрлат камен по нас! Не плаши се, Наташа . . . Ние ќе тргнеме заедно, сложно, а јас ќе им викнам: оваа е мојата мила, мојата сакана, оваа е мојата безгрешна ќерка која вие ја навредивте и пониживте, но која јас, јас ја сакам, и која ја благословувам засекогаш! . . .

— Вања! Вања . . . — проговори Наташа со слаб глас подавајќи ми рака од татковата прегратка.

О, никогаш нема да заборавам дека во тој момент таа се сети за мене и ме викна!

— А каде е Нели? — праша стариот обрнувајќи се.

— Ах, ама каде е таа? — викна старата. — Чедо мое! А ние така сама ја оставивме.

Но неа ја немаше во собата; таа незабележливо се пикнала во спалната. Сите отидовме таму. Нели стоеше во аголот, зад врата, и плашливо се криеше од нас.

— Нели, што се случува со тебе, чедо мое! — викна стариот, па појде да ја прегрне. Но таа некако долго се загледа во него...

— Мама, каде е мама? — проговори таа како без свест. — Каде е мојата мама? — викна таа уште еднаш подавајќи ги своите треперливи раце кон нас. И одеднаш еден страшен, морничав писок излезе од нејзините гради; грчеви ѝ поминаа преку лицето, и таа во страшен напад падна на подот...

ЕПИЛОГ

ПОСЛЕДНИ СПОМЕНИ

Половината на јуни... Врел и задушлив ден; во градот не може да се опстане; прашина, малтер, поправка на куќи, врел камен, загаден воздух од испарувања... Но, ете ти радост! — затрешти негде грмеж. Малку по малку небото се стуши; дувна ветер, гонејќи пред себе облаци градска прашина. Неколку крупни капки тешко паднаа на земја, а по нив одеднаш како да се истури целото небо па цело море се излеа над градот. По половина час, пак кога огреа сонце, го отворив прозорецот од моето сопче, па желно, со измрените гради, почнав да ја дишам таа свежина. Воодушевен, сакав веќе да го фрлам перото, и сите свои работи, па и самиот издавач, и да летнам кај нашите на Василевско. Но макар што искушението беше големо, јас сепак успеав да се совладам и со некаква разјареност пак се фрлив на пишување: на секој начин требаше да се заврши! Издавачот бара завршен ракопис, — инаку ќе нема пари. Мене, вистина, тие таму ме чекаат, но затоа вечер ќе бидам слободен, сосем слободен како ветар, па денешнава вечер ќе ме награди за овие последни два дена и две ноќи, за кое време напишав три и пол печатени табаци.

И, еве, најпосле, работата е завршена; го фрлам перото и станувам, чувствувам болка во коските и градиве, во главава ми се мати. Знам дека во овој момент нервите во голема мера ми се растроени и просто како да ги слушам последните зборови што ми ги рече мојот стар доктор: „Не, такви напори никакво здравје не може да издржи, зашто тоа е просто невозможно!“

Меѓутоа, засега тоа е возможно! Главава ми се врти и јас одвај се држам на нозе; но радост, безгранична радост го преполни моето срце! Мојот расказ е сосем завршен, а издавачот, макар што и така сум му многу должен, сепак нешто ќе ми даде кога ќе го види пленот во свои раце, — барем педесет рубли, а јас и не паметам кога сум имал толкава сума в раце! Слобода и пари!... Воодушевен ја грабнав паларијата, ракописот под мишка, па летам како без душа, само да го затекнам дома нашиот драг Александар Петрович.

Го затеков, но тој веќе се готвеше да оди некаде. Тој, што се однесува до него, токму пред малку завршил една нелитерарна, но затоа доста доходна работа, па откако испратил најпосле некаков калеш Евреин, со кој цели два часа преседил во неговиот кабинет, љубезно ми ги подаде рацете, па со својот мек пријатен бас ме прашуваше за моето драгоцено здравје. Тој е златен човек и јас, без шега, имам зошто да му бидам благодарен. Што е тој виновен оти целиот свој век во литературата бил с а м о издавач? Тој почувствувал дека за литературата е потребен и издавач, и почувствувал во вистинско време, секоја чест и слава за тоа, — се разбира издавачка.

Тој со пријатна насмевка дозна дека мојата повест е завршена и дека идниот број од неговото списание, неговиот главен дел, е обезбеден, па, божем се исчудува како воопшто сум можел јас нешто да з а в р ш а м, а притоа многу љубезно се шегува со мене. Потоа ги вади од својата железна кутија и ми ги дава ветените педесет рубли, па патем ми подава и едно друго противничко месечно списание, и ми покажува со прст неколку реда во одделот критиката, каде што со неколку зборови се спомнува и мојот последен расказ.

Гледам: тоа е статија на некој „препишувач“. Мене тука, да кажам, не ме кудат, но и не ме фалат многу, и јас сум многу задоволен. Но „препишувачот“ меѓу другото вели дека моите дела воопшто „смрдат на пот“, поправо дека јас околу ниѵ толку се потам и се мачам, толку ги сечам и ги делкам што на читателот мора да му се смачи.

Јас и издавачот слатко се смееме. Му соопштувам дека мојот последен расказ беше напишан за две ноќи, а и сега за два дена и две ноќи напишав три и пол печатени табаци, — и кога би го знаел тоа „препишувачот", кој ми префрла за претерано ситничарење и тешка бавност во мојата работа!

Сепак, вие сам сте виновен, Иване Петрович. Зошто секогаш така задоцнувате, па, еве, морате, да работите дури и ноќе.

Александар Петрович, се разбира, е прекрасен човек, макар што има една особена слабост: да се фали со својот литерарен суд токму пред тие кои, — како што насетува и самиот, — сосем го гледаат. Но јас не сакам со него да претресувам литературни прашања, јас ги примам своите пари и си ја земам паларијата. Александар Петрович беше тргнал да оди на Острови во својата летна вила, па кога чу дека јас ќе одам на Василевско, тој срдечно ми понуди да ме вози во својата кочија.

— Имам нова кочија. Не сте ја виделе? Вонредна е!

Излегуваме пред куќа. Кочијата навистина е прекрасна, а Александар Петрович во овие први денови откако ја купил, чувствува необично задовослтво, па дури и некаква душевна потреба да ги п о в о з и во неа своите познати.

Во кочијата Александар Петрович пак неколкупати се впушта во разгледување на современата литература. Пред мене не се стеснува и комотно повторува разни туѓи мисли што ги чул овие денови од некој писател на кого тој му верува и чие мислење го цени. Притоа му се случува понекогаш да цени чудни работи. Му се случува и да преврти туѓо мислење или неумесно да го примени, така што испаѓа сешто. Јас седам, молчејќи го слушам, па само се чудам поради разновидноста и карактерите на човечките страсти. „Еве овој човек! — си мислам во себе, — би можел да собира пари, но нему му е потребна уште и слава, литературна слава, слава на добар издавач и критичар!"

Во овој момент тој се мачи подробно да ми изложи една литературна мисла што ја чул пред некој ден од мене, а поради која тој тогаш се расправаше со мене, а сега ја кажува како своја! Но кај Александар Петрович таква заборавност се случува секој час, и тој е веќе познат по таа невина слабост меѓу сите свои познати. Колку му е мило сега кога зборува во својата сопствена кочија, колку е задоволен со судбината, колку е расположен! Тој води научно-литерарен разговор, па дури во неговиот мек, отмен бас одекнува нешто учено. Малку по малку, тој се впушта во либерализам, па доаѓа до невино-скептичко уверување дека во нашата литература, па воопшто и во секоја друга, никогаш никој не може да има чесност и скромност, туку постои само „заемно удирање по вилици“ — особено кога се собира претплата. Јас мислам во себе дека Александар Петрович е дури готов секој чесен и искрен писател заради неговата чесност и искреност да го смета ако не за будала, тогаш барем за наивен. Се разбира, таквото мислење потекнува токму од необичната наивност на Александар Петрович.

Но јас веќе не го слушам. На Василевскиот остров слегувам од неговата кочија, и брзам кај нашите. Еве ја и тринаесеттата линија, еве ја и нивната куќичка! Ана Андреевна, кога ме виде, ми се закануваше со прст, ми мавташе со рака и ми даваше знак да не зборувам гласно.

— Нели само што заспа, кутрата! — ми шепоти таа бргу. — Живи бога внимавајте да не ја разбудите! Само, чедо мое, нешто ми е многу слаба. Многу се плашам за неа. Докторот вели дека ова засега уште не е опасно. Но од него тешко може да се извлече нешто сигурно, од тој ваш доктор. А убаво ли е тоа од вас, Иване Петрович! Ве чекавме, ве чекавме на ручек... Ве нема цели три дена!...

— Па јас вам ви реков уште завчера дека овие два дена не ќе можам да доаѓам, — и шепотам јас на Ана Андреевна. — Морав да ја завршам работата...

— Па ни вети дека ќе дојдеш денеска на ручек! Па каде си? Уште Нели специјално стана од кревет,

ангелче мое, па убаво ја наместивме во фотељата, ја изнесовме да руча со нас. „Сакам, заедно со вас да го пречекам Вања“ — велеше. А нашиот Вања го нема! Па скоро е шест часот! Каде скиташ? Ех, грешнику мој! Па вие толку ја натаживте што не знаев како да ја смирам... За среќа заспа, злато мое. А покрај тоа, Николај Сергеич отиде в град (ќе се врати за ужина); па сама се мачам... Изгледа ќе добие некоја служба, Иване Петрович. Но кога ќе си помислам дека тоа е дури во Перма, просто страв ме фаќа...

— А каде е Наташа?

— Во градината е, мила моја, во градината! Оди кај неа... Туку, и таа ми е нешто... не можам да бидам паметна што се случува со неа... Ох, Иване Петрович, тешко ми е на душава! Ме уверува дека е весела и задоволна, но јас не ѝ верувам... Оди, Вања, кај неа, па после кажи ми скришум што ѝ е нејзе... Слушаш ли?

Но јас веќе не ја слушам Ана Андреевна, туку летам во градината... Таа градина ѝ припаѓа на куќата; таа е долга околу дваесет и пет чекори а исто толку е и широка, и целата е обрасната во зеленило. Во неа има три високи стари, разгранети дрвја, неколку млади брезички, неколку џбунови јоргован, орлови нокти. Во еден агол има малини, две леи јаготки и две тесни, кривулести врвици, долж и попреку. Стариот е восхитен од таа градина и нè уверува дека скоро во неа ќе има и печурки. Но главно е тоа што Нели ја засака оваа градинка, па често ја изнесувавме со фотељата во градинката, а Нели сега е љубимица на целата куќа. Но еве ја и Наташа. Таа радосно ме пречекува и ми подава рака. Колку ослабела, колку е бледа! И таа одвај заздрави по болеста.

— Дали заврши сосем, Вања? — ме праша таа.

— Сосем, сосем! И целава оваа вечер сум сосем слободен.

— Ех, му благодарам на господа! Многу ли брзаше? Трескаше?

— Па што да правам! Впрочем, не е тоа ништо. Кај мене во време на таква напрегната работа се јавува не-

која особена возбуденост на нервите; јас тогаш појасно смислувам, поживо и подлабоко чувствувам, па дури и стилот сосема ми се потчинува, така што во таква напрегната работа уште подобро излегува сè. Сè е добро...

— Ех, Вања, Вања!

Јас забележувам дека Наташа во последно време станала страшно љубоморна на моите литературни успеси, на мојата слава. Таа чита сè што напишав оваа година, постојано се распрашува за моите натамошни планови, се интересира за секоја критика што ќе се појави за мене, се лути поради некои и бездруго сака високо да се издигнам во литературата. И своите желби таа ги искажува толку енергично и упорно што јас просто се чудам поради нејзиното сегашно држење.

— Така ќе се „преизнапишеш", Вања, — ми вели таа мене, — ќе се присилуваш самиот, па ќе се „преизнапишеш" а освен тоа и здравјето ќе го запустиш. Земи го Тургенева, тој на две години напишува по еден расказ, а Гончаров за десет години напиша само еден роман. Но затоа колку е кај нив сè изделкано, обработено! Никаде никаква немарност не ќе најдеш.

— Да, но тие се материјално обезбедени и не пишуваат за определен рок; а јас сум поштенско коњче! Туку сето тоа е ветар! Да го оставиме тоа, мила моја! Што има ново кај тебе?

— Многу. Пред сè, писмо од н е г о.

— Зар пак?

— Пак. — И таа ми го подаде писмото од Аљоша. Тоа е веќе трето откако се разделија. Првото го пишал од Москва, и го пишувал како во некој занес. Тој ја известува дека такви биле околностите што воопшто не му било можно да се врати од Москва во Петроград, како што мислеше на разделбата. Во второто писмо брзаше да ја извести дека ќе дојде овие денови за што побргу да се венча со Наташа, дека е тоа свршена работа и дека тоа со никаква сила не може да се спречи. А, меѓутоа, од тонот на целото писмо беше јасно дека тој очајува, дека е сосем под власта на туѓи влијанија, и дека веќе самиот себеси не си верува. Тој спом-

нуваше, меѓу другото, дека Катја е негово провидение, и дека само уште таа го храбри и поддржува. Јас нестрпливо го отворив неговото сегашно, т р е т о писмо.

Тоа беше на два листа, пишано испрекинато, без ред, на брза рака и нејасно, измачкано со мастило и солзи. Почнуваше со тоа дека Аљоша се одрекува од Наташа и ја моли да го заборави. Тој правеше напори да ѝ докаже дека нивната заедница е невозможна; дека туѓи, непријателски влијанија надвладале, и дека, најпосле, така и мора да биде, инаку тој и Наташа би биле несреќни зашто не се еден за друг. Но тој не издржа па одеднаш, отфрлајќи ги своите причини и докажувања, во исто време, без секакво заобиколување, не кинејќи ја и не фрлајќи ја првата половина на писмото признаваше дека е тој злосторник кон Наташа, дека е тој пропаднат човек, па дека не е способен да стане против волјата на татка си, кој исто така стасал в село.

Потоа пишуваше дека не е кадар да искаже колку страда; признаваше, меѓу другото, дека му е наполно јасно оти не би можел да ја усреќи Наташа; па туку наеднаш почнува да докажува како тие двајца се создадени еден за друг. Упорно и налутено ги побиваше татковите причини; во очајот црташе слика на среќата за целиот нивни живот, која ги очекува нив двајцата, и него и Наташа, ако се земат... Се проколнуваше себеси поради малодушноста и се простуваше засекогаш! Писмото беше пишувано со мака; тој очевидно го пишувал надвор од себеси. Мене ми надојдоа солзи во очите. Наташа ми подаде друго писмо од Катја. Тоа писмо дошло во ист плик со Аљошиното, но посебно запечатено. Катја доста кусо, во неколку ретчиња, известуваше дека на Аљоша навистина му е многу тешко; дека често плаче и често е очаен, дури нешто болен, но дека е т а а со него, и дека тој ќе биде среќен. Меѓу другото, Катја се трудеше да ја разувери Наташа, дека таа и не помислувала оти Аљоша можел толку бргу да се утеши, па дека неговата тага можеби и не е сериозна. „Тој вас никогаш нема да ве заборави“, — додаваше Катја, — „а и не може вас никогаш

да ве заборави, зашто такво е неговото срце; тој вас безгранично ве сака, вечно ќе ве сака, така што, ако престане вас кога било да ве сака, и ако престане некогаш да жали за вас, тогаш и јас поради тоа веднаш ќе престанам да го сакам . . .“

Ѝ ги вратив на Наташа обете писма; ние само се погледнавме, но ни збор не рековме. Така беше и по првите две писма. И воопшто, ние сега избегнувавме да зборуваме за минатото, како да сме се договориле. Нејзе ѝ беше неиздржливо тешко, јас тоа го видов, но не сакаше никому, па дури ни мене, да му се доверува. По враќањето во родителскиот дом, таа три недели прележа во треска, и сега одвај малку пристана. Ние дури и за блиската наша промена слабо зборувавме, макар што таа знаеше дека татко ѝ добива место, па дека ќе мораме скоро да се разделиме. И покрај сето тоа, таа кон мене беше толку нежна, внимателна, во толкава мера ја интересираше, за целото тоа време, сè што се однесуваше за мене; со такво постојано и упорно внимание слушаше сè што морав да ѝ расправам за мене, така што во првиот момент тоа ми беше скоро тешко: ми се чинеше дека со тоа сака да ме награди за минатото. Но таа тежина бргу ја снема: почувствував дека таа има сосем поинаква желба, таа п р о с т о ме сака, ме сака бескрајно, не може да живее без мене и уште се грижи за сè што се однесува за мене; и мислам дека никогаш сестра свој брат не сакала толку колку што ме сакаше Наташа мене. Јас многу добро знаев дека нашата престојна разделба го тиштеше нејзиното срце, дека тоа ја мачеше Наташа. И таа знаеше оти ни јас без неа не ќе можам да живеам. Ние сега не зборувавме за тоа, макар што инаку подробно разговаравме за претстојните настани.

Јас ја прашав за Николај Сергеич.

— Тој, мислам, скоро ќе се врати, — одговори Наташа, — вети дека ќе се врати на чај.

— За тоа место ли оди тој цело време?

— Да. Туку, тој тоа место сега без сомневање и ќе го добие; а ми се чини дека немаше зошто да оди денеска — додаде таа замислено. — Можеше и утре.

— Па зошто отиде тогаш?

— Па, поради тоа што добив писмо. Тој толку се мачи поради мене, — додаде Наташа помолчувајќи малку, — што тоа веќе тешко ми паѓа, Вања. Тој, изгледа, и на сон само мене ме сонува. Уверена сум дека тој сега за ништо друго и не мисли, освен: што станува со мене, како живеам, за што мислам сега? Секоја моја жал наоѓа одзив и во неговата душа. Зашто јас гледам како понекогаш тој невешто се труди да се совлада себеси и да покаже дека не тагува поради мене, се прави весел, се труди да се смее, па и нас да нè насмее. Мама во такви моменти е како изгубена, па и таа не му верува на неговиот смев и воздивнува... Таа е толку невешта... Искрена душа! — додаде таа со насмевка. — Ете, денеска кога дојдоа овие писма, тој веднаш најде да побегне некаде, само за да не ни се сретнуваат погледите... Јас него го сакам повеќе од мене, повеќе од сè на светов, Вања, — додаде таа наведнувајќи го погледот и стегајќи ми ја ракава, — дури повеќе и од тебе...

Поминавме двапати во градината пред да почне таа да зборува.

— Денеска беше кај нас Маслобоев, и вчера беше, — рече таа.

— Да, тој во последно време нешто многу намину-ва кај вас.

— А знаеш ли зошто доаѓа? Мама верува во него како ретко во кого. Таа е уверена дека тој толку знае за сè (за законите и сите тие работи), — што секоја работа може добро да ја сврши. Па што мислиш каква мисла ѝ дојде сега во главата? Неа сега во душата многу ја боли и жал ѝ е што не станав кнегиња. Таа мисла не ѝ дава мир, па сега како да му се доверила сосема на Маслобоев. Со татко ми се плаши да зборува за тоа, — па — мисли дека можеби Маслобоев ќе ѝ помогне нешто тука, дека можеби некако тоа по закон ќе може да се изведе. Маслобоев, изгледа, не ѝ противречи, а таа го чести со ракија, — додаде Наташа смејќи се.

— Тој угурсуз и тоа би го направил. А од каде знаеш?

— Па мама самата ми кажа, со некои алузии.

— А што ѝ е на Нели, како е таа? — прашав.

— Јас дури ти се чудам, Вања, досега за неа не праша! — ми рече Наташа прекорно.

Нели беше општ идол во оваа куќа. Наташа страшно ја засака, и Нели, најпосле, ѝ се предаде со сето срце. Кутро дете! Таа и не се надеваше дека некогаш ќе сретне вакви луѓе, дека ќе најде толку љубов кон себе; и јас со радост видов како нејзиното огорчено срце омекна, а душата ѝ се отвори за сите нас. Таа со некаков болен жар се одзиваше на општата наша љубов со која беше опколена, спротивно на сето нејзино минато кое кај неа порано предизвикуваше недоверливост, огорченост и тврдост кон луѓето. Најпосле, Нели и сега знаеше да биде упорна, долго намерно ги криеше од нас солзите на измирување што ѝ надоаѓаа, додека не ни се предаде најпосле сосем.

Таа многу ја засака Наташа, потоа стариот Ихменьев. А јас некако ѝ станав толку потребен што болеста ќе ѝ се влошеше кога не ќе дојдев подолго време. Последниот пат, разделувајќи се со нив за два дена, за да ја завршам еднаш запоставената работа, морав многу да ја смирувам... се разбира по заобиколен начин. Нели сè уште се срамеше од премногу отворено, премногу интимно искажување на своите чувства.

Таа на сите ни создаде големи грижи. Молчејќи и без секакви разговори беше решено таа засекогаш да остане во домот на Николај Сергеич. Меѓутоа, заминувањето се приближуваше, а нејзе ѝ беше сè полошо и полошо. Таа се разболи уште оној ден кога јас и таа дојдовме кај старите, на денот на измирувањето на Наташа со татко ѝ. Најпосле, што е тоа? Таа отсекогаш беше болна. Нејзината болест полека се засилуваше и порано, но сега почна да се влошува со необична брзина. Не знам, ниту би можел токму да ја одредам нејзината болест. Настапите, навистина, кај неа се повторуваа малку почесто отколку порано; но, што е најважно, некаква истоштеност, омалодушеност, постојана трескава и напрегната состојба — сето тоа во последно време ја доведе дотаму што и не стануваше повеќе од

постела. И, чудна работа, колку што повеќе ја совладуваше болеста Нели толку повеќе стануваше поблага, понежна и поискрена кон нас. Пред три дена ме фати за рака, кога поминував покрај нејзиното креветче, па ме повлече кон себе. Во собата немаше никого. Лицето ѝ гореше (страшно беше ослабена), очите ѝ гореа. Таа грчевито, страсно се подаде кон мене, а кога се наведнав кон неа, ме прегрна со своите потемнети слаби рачиња, па силно ме бацци, а потоа веднаш побара да дојде кај неа Наташа. Јас ја викнав. Нели бездруго сакаше да седне Наташа кај неа на постела и да ја гледа.

— Сакам да ве гледам, — ѝ рече таа. — Вчера ве сонував, а ноќеска пак ќе ве сонувам... Јас често ве сонувам... секоја ноќ...

Таа очигледно сакаше нешто да искаже, некое чувство ја тиштеше, но таа ни самата не ги сфаќаше своите чувства, па не знаеше како да ги изрази...

Таа Николај Сергеич, по мене, можеби најмногу го сакаше. А треба да се каже дека и Николај Сергеич тешко да не ја сакаше како што ја сакаше Наташа. Тој имаше необична способност да ја развесели и насмее Нели. Само што ќе ѝ пријде, веднаш ќе се чуе смев, па дури и шеги. Болното девојче како дете ќе се развеселеше, ќе кокетираше со стариот, ќе му се насмевнуваше, ќе му расправаше што сонувала, и секогаш нешто ќе измислуваше, го тераше да ѝ раскажува, а стариот во сето тоа толку уживаше, толку беше среќен гледајќи ја својата „мала ќеркичка Нели", што секој ден сè повеќе се восхитуваше со неа.

— Самиот бог ни ја испратил како надополнување за сите наши страдања, — ми рече тој еднаш заминувајќи откај Нели и прекрстувајќи ја, по обичај, пред спиење.

Секој ден, навечер, кога ќе се соберевме (и Маслобоев доаѓаше скоро секоја вечер), ќе дојдеше и чичко докторот, кој Ихмењеви од сè срце ги засака. Ќе ја изнесевме и Нели во фотељата меѓу нас, околу тркалезната маса. Вратата од балконот ќе ја отворевме. Зелената градинка, осветлена од зајдисонцето, целата уба-

во се гледаше. Од неа допираше мирис на свежо зеленило и штотуку расцветан јоргован. Нели ќе седеше во својот стол, милозливо сите нè посматраше и го слушаше нашиот разговор. Понекогаш ќе се расположеше, па и самата незабележливо ќе почнеше да ни расправа... Но во такви моменти ја слушавме сите, зашто во нејзините спомени имаше работи што не требаше да се допираат. И јас, и Наташа, и Ихмењеви, чувствувавме и бевме свесни за својата вина пред неа поради оној ден кога таа, растреперена и измачена, мораше да ни ја расправа својата животна повест. Докторот секогаш беше особено против тие спомени, па, обично, гледавме тој разговор да го промениме. Во такви прилики Нели се трудеше ние да не забележиме дека таа ги разбира нашите намери, па и самата ќе почнеше да се шегува со докторот или со Николај Сергеич.

Па сепак ѝ беше сè потешко и потешко. Стана необично чувствителна. Срцето ѝ чукаше неправилно. Докторот дури ми рече дека таа може да умре многу бргу.

Јас за тоа не им зборував на Ихмењеви, за да не ги натажувам. Николај Сергеич беше сосем уверен дека таа ќе оздрави пред да отпатуваат.

— А, ене и тато ни се врати! — рече Наташа кога го чу татковиот глас. — Ајде, Вања.

Николај Сергеич уште и не пречекори преку прагот а веќе почна по својот обичај гласно да зборува. Ана Андреевна бргу му даде знак со рака. Стариот веднаш замолчи и, кога ме виде мене и Наташа, со шепот и забрзано почна да ни расправа за резултатите од своите потфати. Местото што го барал го добил, и целиот беше среќен.

— За две недели можеме и да тргнеме, — рече тој триејќи си ги рацете, па грижливо, откосо, погледна во Наташа. Но таа му одговори со насмевка и го прегрна, така што неговите сомневања веднаш ги снема.

— Патуваме, патуваме, мил мој, патуваме, — проговори тој, целиот израдуван. — Сѐмо уште ти, Вања, само со тебе ни е жал да се разделиме... (Морам да кажам дека тој ни еднаш не ми предложи да одам со нив, што тој, судејќи по неговиот карактер, бездруго би го направил... во други прилики, поправо кога не би знаел за мојата љубов кон Наташа).

— Но што се може тука, мил мој, што се може тука! Тешко ми е, Вања, но промената на местото сите ќе нѐ оживее... Промената на местото значи промена на сѐ! — додаде тој уште еднаш погледнувајќи во ќерка му.

Тој веруваше во тоа и беше задоволен со својата вера.

— А Нели? — рече Ана Андреевна.

— Нели — Па што... таа сега, чедо мое, уште е малку слаба, но дотогаш таа бездруго ќе оздрави. Нејзе и сега ѝ е подобро. Што мислиш ти, Вања? — проговори тој, речиси уплашен, па грижливо ме погледна, како да морав токму јас да ги разбијам неговите сомневања.

— Па како и е? Како спиеше? Да не се случило нешто? Да не се разбуди сега? А знаеш што, Ана Андреевна: ајде масичево веднаш да го пренесеме на терасата па нека се донесе самоварот. Ќе дојдат нашите па сите ќе се собереме, а и Нели ќе дојде со нас... Фантастично! А да не се разбуди? Одам кај неа. Само ќе ја погледнам... нема да ја разбудам, не плаши се! — додаде тој, гледајќи како Ана Андреевна пак почна да му мавта со раце.

Но Нели веќе се разбудила. По четврт час веќе сите, како обично, седевме околу масата, за вечерен чај.

Нели ја донесоа во нејзиното столче. Дојде докторот, се појави и Маслобоев. Тој ѝ донесе на Нели голема китка јоргован, но нешто беше загрижен и некако нерасположен.

Патем кажано, Маслобоев сега доаѓаше скоро секој ден. Јас веќе говорев дека сите, а особено Ана Андреевна, необично го засакаа, но неговата Александра

Семјоновна обично никој не ја спомнуваше. Ни самиот Маслобоев не ја спомнуваше. Ана Андреевна, кога чу од мене дека Александра Семјоновна уште не е негова **законска** жена, заклучи во себе дека неа не треба ни да ја примаат ниту да ја спомнат во куќата. Така и беше, а во тоа можеше да се види карактерот на самата Ана Андреевна. Најпосле, да ја немаше Наташа, а што е најважно, да не се случеше тоа што се случи, таа можеби и не би била толку строга.

Нели таа вечер беше некако особено невесела и дури нешто загрижена. Како да сонувала нешто лошо, па сега се замислила за тоа. Но многу се израдува, поради подарокот од Маслобоев, па со уживање гледаше во цвеќето што го ставија пред неа во чаша.

— А ти многу сакаш цвеќе, Нели, — ѝ рече стариот. — Е, па чекај тогаш! — додаде тој воодушевено, — утре ќе ти . . . туку, ќе видиш! . . .

— Сакам, — одговори Нели, — и се сеќавам мојата мама како ја дочекувавме со цвеќе. Мама, уште кога бев **таму** (таму значеше во странство) еднаш цел месец беше болна. Јас и Хенрик се договоривме, кога ќе пристане па првпат ќе излезе од својата спална соба, од која цел месец не излегуваше да ги искитиме сите соби со цвеќе. Па така и направивме. Мама ми кажа спроти тој ден дека утре изутрина ќе излезе заедно со нас да појадува. Ние тоа утро станавме многу рано. Хенрик донесе многу цвеќе, па целата соба ја украсивме со зеленило и венци. Тука имаше и бршлен и уште некакви крупни украсни лисја, сега веќе не знам како се викаат, и уште некои лисја кои се зафаќаат за сè, имаше и крупни бели цвеќиња, и зеленики имаше, и такви прекрасни ружи, и многу, многу цвеќиња. Сето тоа ние го изобесивме во венци, и црепчиња наредивме, и уште други цвеќиња имаше, цели дрвја, во големи крбли. Нив ги разместивме по аглите и кај фотељата на мама, па кога влезе, мама се изненади и многу се израдува, а Хенрик беше целиот среќен . . . Јас сега се сеќавам за тоа . . .

Таа вечер Нели беше некако особено слаба и возбудена. Докторот загрижено ја погледна. Но таа сака-

ше многу да зборува. И долго, до мрак, ни расправаше за својот поранешен живот т а м у. Ние не ја прекинувавме. Таму и таа и мама и Хенрик често се возеле во кочија, и поранешните спомени живо изникнуваа во нејзиното сеќавање. Таа со возбудување зборуваше за синото небо, за високите планини со снег и мраз што ги видела на поминување, за планинските водопати; потоа за езерата и долините на Италија, за цвеќињата и дрвјата, за селските жители, за нивната облека и нивните поцрнети лица и црните очи. Расправаше и за разни средби и доживувања што ги имале таму. Потоа за големите градови и дворци, за високата црква со кубе која наеднаш ќе светнела во разнобојни огнови. Потоа за топлиот јужен град со сино небо и сино море . . . Никогаш уште Нели не ни ги расправала своите спомени толку подробно. Ние ја слушавме со напрегнато внимание. Сите досега знаевме само за нејзините други спомени — за мрачниот, тегобен град, со задушлива, нездрава атмосфера, со заразен воздух, со раскошни, но со кал извалкани палати, со бледо и матно сонце, со лоши и луничави луѓе, од кои и таа и нејзината мајка толку препатиле. Мене ми се стори како да ги гледам и двете во нечистиот сутерен, во влажната тешка вечер, прегрнати на нивната сиромашна постела, како се сеќаваат за своето минато, за покојниот Хенрик и убавината на другите земји . . . Ми излезе пред очи и Нели, која се сеќаваше за сето тоа, веќе сама, без мајка, кога Бубнова со тепање и ѕверска немилосрдност сакаше да ја сломи и да ја принуди да тргне по лош пат . . .

Но на Нели после ѝ се слоши, па ја вративме в соба. Стариот лекар многу се исплаши и ни се лутеше што ја пуштивме толку многу да зборува. Таа доби некаков напад, ја опфати некаква отрпнатост. Тој напад се јавуваше кај неа веќе неколкупати. Кога ѝ помина тоа, Нели енергично побара да појдам кај неа. Имаше нешто да ми каже насамо. Таа толку молеше што овојпат и самиот лекар бараше да ѝ се задоволи желбата, па сите излегоа од собата.

— Знаеш што, Вања, — ми рече Нели кога останавме сами: — јас знам, тие мислат дека и јас ќе одам со нив; но јас нема да одам, зашто не можам, па затоа ќе останам кај тебе, и тоа сакав да ти го кажам.

Јас почнав да ја убедувам. Ѝ реков дека неа сите Ихмењеви толку ја сакаат, што ја сметаат за своја ќерка. Дека тие сите ќе жалат за неа. Дека кај мене, напротив, ќе ѝ биде тешко да живее, и дека макар што јас многу ја сакам, нема каде: сепак ќе мораме да се разделиме.

— Не, тоа е невозможно! — упорно одговори Нели, — зашто јас сега често ја сонувам мама, па и таа ми вели да не одам со нив, туку овде да останам. Таа ми вели оти многу сум згрешила што сум го оставила дека сам и секогаш плаче кога ќе ми го каже тоа. Јас сакам да останам овде, па да го гледам деда, Вања.

— Па твојот дедо умре, Нели, — ѝ реков, откако ја ислушав со чудење.

Таа се замисли па грижливо се загледа во мене.

— Раскажи ми, Вања, уште еднаш, — рече таа, — како умре дедо ми. Сè раскажи ми, немој ништо да изоставаш.

Бев скаменет од тоа нејзино барање, но сепак почнав да ѝ кажувам сè како што беше. Насетував дека таа сега не е сосем при свест или дека во најдобар случај, по тој напад, уште не ѝ се разбистрило во главата.

Таа внимателно го ислуша моето кажување, и се сеќавам како нејзините црни очи, што блескаа трескаво, упорно и непрекинато ме следеа цело време додека го расправав тоа. Во собата веќе беше мрак.

— Не, Вања, тој не е умрен! — рече таа решително, откако ислуша сè докрај. — Мама често ми кажува за дедо и вчера кога ѝ реков: „па дедо е умрен“, таа многу се натажи, заплака, и ми рече дека не е умрен, дека мене тоа намерно ми го рекле, и дека тој сега оди да пита „исто така како што питавме јас и ти порано“, — ми вели мама, — „и постојано оди по она место каде што го видовме ние двете првпат, онојпат кога паднавме пред него, и кога ме позна Азорка . . .“

— Тоа е сон, Нели, болен сон, затоа што сега и самата си болна, — ѝ реков јас.

— Па јас и самата мислев дека е тоа само сон, — рече Нели, — па не сакав никому ни да му кажувам. Само тебе еднаш, ете, ти кажав. Но денес, кога заспав бидејќи ти не беше дојден, јас во сонот го видов и дека. Тој седеше дома, па ме очекуваше, и беше толку страшен, слаб, ми кажа дека веќе два дена ништо не каснал, и Азорка, исто така, и многу ми се лутеше и ме караше. Ми рече дека сега нема ни трошка бурмут, а дека тој без бурмут не може да живее. Тој, Вања, навистина тоа уште порано ми го велеше, кога бев еднаш кај него откако умре мама. Тогаш беше сосем болен, и веќе скоро ништо не знаеше. Па денеска кога го чув тоа пак од него, јас си помислив: ќе одам да застанам на она место, па ќе питам милостина. Ќе насоберам пари па ќе му купам леб, компири и бурмут. Па како да сум застанала таму, питам и гледам дека дедо таму иде. Малку застана па ми дојде, виде колку сум насобрала па ми зеде сè. Ова ми е, вели, за леб, а сега уште и за бурмут питај. Јас пак питам, а тој туку ќе дојде, па ќе земе. Јас му велам дека и така сè ќе му дадам, и ништо нема да скријам за себе. „Не, — вели, — ти по малку ми крадеш, мене и Бубнова ми кажа дека си крадачка, затоа никогаш нема да те земам кај мене. Каде ти е уште еден петак?“ Јас заплакав кога видов дека не ми верува, а тој не гледа оти плачам, туку само вика: „Петак си ми украла!“ Па почна да ме тепа, тука на мостот, и многу ме тепаше. А јас многу плачев . . . Па затоа, Вања, помислив дека е тој можеби жив, па некаде живее и чека да појдам кај него.

Јас пак почнав да ја разуверувам и да ја убедувам, и најпосле, како да ја разуверив. Таа ми одговори дека се плаши сега да заспие, зашто пак ќе го види деда. Најпосле силно ме прегрна.

— Па сепак, јас не можам да те оставам, Вања! — ми рече таа допирајќи се до моето лице со нејзиното лице. — И кога не би бил дедо жив, јас од тебе не сакам да се разделувам.

Во куќата сите се уплашија од нападот на Нели. Јас полека му ги раскажав на лекарот сите нејзини визии, па го прашав што мисли тој дефинитивно за нејзината болест.

— Уште ништо не може да се каже, — ми одговори тој, замислувајќи се, — јас засега уште претпоставувам, посматрам и размислувам, но . . . уште ништо не е јасно. Сигурно е невозможно да оздрави. Таа ќе умре. Јас ним нема да им го кажам тоа, зашто вие така ме молевте, но мене ми е жал, па утре ќе предложам конзилиум. Можеби по конзилиумот ќе настапи некоја пресвртница во нејзината болест. Но за ова девојче многу ми е жал како за мое дете . . . Златно, златно девојче! И со весел ум!

Николај Сергеич беше особено возбуден.

— Знаеш, Вања, за што се сетив, — рече тој, — таа многу сака цвеќе. Па знаеш што? Ајде да ѝ подготвиме утре, кога ќе се разбуди, ист таков пречек со цвеќе, како што ѝ подготвила таа со Хенрик на својата мајка, како што ни расправаше денеска . . . Таа со такво возбудување го зборуваше тоа . . .

— Да, да, со возбудување, — одговорив јас. — Но секое возбдување сега за неа е убиство.

— Да, но пријатните возбудувања, пак, се друга работа! Верувај ми, синко, на искуството мое верувај му: пријатните возбудувања можат дури и да излекуваат, да влијаат врз здравјето.

Со еден збор, таа замисла стариот толку си ја бендиса самиот што од неа го опфати восхитување. Невозможно беше да му се спротиви човек. Јас го прашав лекарот за совет, но пред да може тој нешто да смисли, стариот ја грабна капата па стрча да подготви што требаше за својот план.

—Слушај, — ми рече тој заминувајќи, — овде во близина има една зимска градина, богата зимска градина. Цвеќарите сега продаваат цвеќиња, може човек за мали пари да ги набави. Многу евтино! . . . Гледај да ја убедиш за тоа и Ана Андреевна, зашто инаку веднаш ќе се налути што трошиме . . . Но, значи . . . Да, и знаеш уште што, синко: каде ќе одиш сега? Ја

симна неволјата од глава, ја заврши работата, зошто толку брзо да си одиш дома? Остани кај нас да ноќеваш горе во собичкана. Се сеќаваш, како некогаш. И душекот твој, и креветот — сè ти стои таму на старото место, не е ни гибнато. Ќе спиеш таму како француски крал. А? Остани! Па утре ќе станеме порано, ќе ни донесат цвеќе, па до осум часот целата соба ќе ја искитиме. И Наташа ќе ни помогне: таа има повеќе вкус отколку ние двајца . . . Па, се согласуваш ли? Сакаш ли да ноќеваш кај нас?

Решивме да останам да ноќевам. Стариот ја нареди работата. Докторот и Маслобоев се простија и си заминаа. Кај Ихменьеви навечер се легнуваше рано, во единаесет. Заминувајќи, Маслобоев беше замислен, сакаше нешто да ми каже, но остави за другпат. Но јас, простувајќи се со старите, кога се качив во својата собичка, за големо мое изненадување го видов пак. Седеше и ме чекаше на масичето прелистувајќи некоја книга.

— Се вратив, Вања, зашто сепак е подобро веднаш да ти кажам. Ајде седни. Гледаш, целата работа е глупава, така што дури се јадосувам . . .

— Па што е?

— Па тој твој подлец кнезот ме разлути уште пред две недели; но така што како и сега да сум отруен.

— Што има, што? Какви врски сè уште имаш со кнезот?

— Но, ете гледаш — ти веднаш „па што има, што има?“ — како да се случило таму господ знае што. Ти си, брате Вања, ни земи, ни остави, ист како мојата Александра Семјоновна, и воопшто како сета таа здодевна женштија . . . Со очи не можам да ги видам . . . Чавка ќе гракне, а тие веднаш „што има, што има?“

— Па зошто се лутиш!

— Но не се лутам јас, туку на секоја работа треба да се гледа обично, без зголемување . . . Ете што.

Тој малку помолчи, како уште да ми се лутеше мене. Јас не го прекинав.

— Гледаш ли, брате, — почна тој пак, — нагазив на една трага... поправо, уште не сум ја нагазил, ниту тука имаше некаква трага, туку така ми се стори... Поточно, врз основа на некои претпоставки јас имав заклучено дека е Нели... можеби... Па со еден збор, законска ќерка на кнезот!

— Море што зборуваш?

— Ете, ти веднаш свика: „Што зборуваш!" Просто човек не може за ништо да разговара со вакви луѓе! — викна тој како луничав, одмавнувајќи со рака. — Ти реков ли јас нешто определено, лекомислена главо? Дали ти реков дека е д о к а ж а н о оти е таа з а к о н с к а ќерка на кнезот? Ти реков ли или не ти реков?

— Слушај, пријателе, — го прекинав јас со голема возбуда, — жити бога, не викај, туку објасни сè точно и јасно. Ти се колнам дека ќе те разберам. Сфати колку важна работа е таа и какви сè последици...

— Ете пак: последици, а од што? Каде се докажите? Така тоа не се прави, јас ова ти го зборувам во доверба. А зошто покренав јас разговор за ова со тебе — тоа ќе ти го објаснам после. Значи, требаше. Молчи, слушај и знај дека сè е тајна...

Еве како беше. Уште зимоска, уште пред да умре Смит, само што се врати од Варшава, кнезот ја започна оваа работа. Поправо, таа беше почната уште многу порано, уште минатата година. Но тогаш тој истражуваше една работа, а сега почна да трага по друга. Главната работа е во тоа што ја изгубил нишката. Има тринаесет години откако се разделил тој со Смитовата ќерка во Париз, па ја напуштил; но сите тие тринаесет години тој будно ја следел, знаел дека живее со Хенрик, за кого стана денеска збор; знаел дека таа ја има Нели; знаел дека е болна. И, со еден збор, знаел сè, само наеднаш ја изгубил нишката. А тоа се случило изгледа набргу по смртта на Хенрик, кога Смитовата ќерка тргнала за Петроград. Во Петроград кнезот, се разбира, бргу би ја пронашол, без обзир под какво име би се вратила во Русија; но работата е во тоа што неговите задгранички агенти го измамиле со лажни податоци; го увериле дека таа живее во некоја зафрлена

паланка во Јужна Германија; тие и сами се измамиле од невнимание: ја замениле со друга. Така тоа потраа една година, или нешто повеќе. Кога помина една година, кнезот почна да се сомнева: според некои факти нему уште порано му се сторило дека не е таа. Сега се поставува прашањето каде ли отиде вистинската Смитова ќерка? Па му дојде во главата (така, дури без причина): а да не е таа во Петроград? Па додека во странство едно истражување беше во тек, тој овде веќе презеде второ, но се гледа дека не сакал да употреби премногу официјален пат, па се запозна со мене. Мене ме препорачаа кај него: така и така, му велат, човекот се занимава со тоа, љубител, — но, и така натаму, и така натаму . . .

Значи, тој ми ја објасни работата, само некако нејасно ми ја објасни, ѓавол, — нејасно и двосмислено. Грешки имаше многу; неколкупати сè повторуваше, во ист момент ми изнесуваше факти во различен вид . . . Но, се разбира, колку и да измрдуваше, сите конци не ги скри. Јас, се разбира, почнав со понизност и простодушност, со еден збор, ропски предан; но по правилото кое еднаш засекогаш сум го усвоил, а во исто време и по природниот закон (зашто тоа е природен закон), си помислив прво: дали ми го кажа токму тоа што треба? Второ: Дали под тоа не се крие нешто друго, недоречено? Во овој последниов случај, тоа веројатно и ти, драги мој, со својата поетска глава ќе можеш да го сфатиш, — тој мене ме поткраднуваше: зашто една услуга, да речеме, чини рубла, друга четирипати по толку. Па тогаш јас би бил будала кога би му го дал за рубла тоа што вреди за четири. Почнав да се задлабочувам и да размислувам, па, малку по малку, нацапав на трагите. Едно од него самиот извлеков, второ — од другите, а до третото дојдов со мојава глава. Ти можеш да ме прашаш од каде ми падна на памет токму така да постапам. Ќе ти одговорам: па, ете, поради тоа што кнезот нешто премногу се растрча, од нешто многу се потплашуваше. А навистина, од што има тој така да се плаши? Љубовницата ја зел откај татка ѝ, таа останала трудна, па ја напуштил. И, што има тука не-

обично? Безопасна, пријатна забава, и ништо повеќе. Зар таков човек како кнезот да се плаши од тоа? Но тој се плашеше... И тоа, ете, ми падна сомнително. Јас, брате, наидов на некои многу интересни траги, меѓу другото, преку Хенрик. Тој, се разбира, умрел, но од една меѓу неговите братучеди (сега омажена за еден пекар овде во Петроград), која била порано страсно залубена во него, па и натаму го сакала цели петнаесет години, и покрај својот дебел чичко пекар, со кој патем изродила осум деца, — од таа братучеда, ти велам, успеав, со посредство на разни заплеткани маневри, да дознам една важна работа: Хенрик ѝ пишувал, по нивниот германски обичај, писма и дневници, а пред да умре ѝ испратил некои свои хартии. Таа, будала, тоа најважното во тие писма не го разбрала, туку ги разбрала во нив само оние места, каде што се зборува за месечината, за мајн либер Августин и, изгледа, уште за Виланд. Но јас тука ги добив потребните податоци, па преку тие писма наидов на нова трага. Тука дознав, на пример, за господин Смит, за парите што му ги дигнала ќерка му, за кнезот што ги приграбил тие пари; најпосле меѓу разните извици, завиткувања и алегории, ми сиркаше од тие писма и вистинската суштина: поправо, Вања, разбираш, ништо позитивно... Тој будала, Хенрик, посебно го криел тоа, па само површно напомнува, но од тие негови површни алузии, од сето заедно земено, почна за мене да се плете небеска хармонија: кнезот бил венчан со Смитовата ќерка! Каде се внечал со неа, како, точно кога, дали во странство, или овде, каде се документите, за тоа никој ништо не знае. Поправо, брате Вања, јас од јад косата од главата ја искорнав, барав и барав, дење и ноќе намирисував!

Најпосле јас го пронајдов и Смита, а тој наеднаш умре. Дури не стасав ни да го видам жив. Меѓутоа, еднаш дознавам, наеднаш, дека умрела една што можела да биде во прашање на Василевскиот остров. Се распрашувам, и сретнувам трага. Без одлагање летам на Василевско и, се сеќаваш ли, таму тогаш и се видовме.

Многу податоци насобрав тогаш. Со еден збор, тука многу ми помогна и Нели.

— Слушај, — го прекинав јас, — па зар ти мислиш дека Нели знае . . .

— Што?

— Дека му е ќерка на кнезот?

— Па ете и ти знаеш дека му е ќерка на кнезот, — одговори тој гледајќи ме со некаков налутен прекор. — Но, зошто ти се тие слободни прашања, ти, несериозен човеку! Не е главната работа тука, туку во тоа дека таа знае оти не му е просто ќерка на кнезот, туку *законска* ќерка на кнезот, го разбираш ли ти ова?

— Тоа не може да биде! — викнав јас.

— Па јас и самиот си велев „не може да биде“ — во почетокот. Дури и сега понекогаш велам „не може да биде“. Но, работата е во тоа што ова *може да биде*, и по сè изгледа дека и е така.

— Не, Маслобоев, тоа не е така, ти тука си се занесол! — викнав јас. — Таа не само што не го знае ова, туку таа е навистина вонбрачно дете. Зар ти мислиш дека една мајка, имајќи каков било документ в раце, би можела да поднесува таква тешка немаштија, како овде во Петроград и, освен тоа, да го остави своето дете без никој никаде? Остави! Тоа не може да биде!

— Па и јас размислував за тоа, поправо тоа и до овој момент стои пред мене како нешто нејасно. Но сепак работата е во тоа што таа Смитовица сама по себе била една од најќудливите и најнеурамнотежените жени на светов. Необична жена била таа. Имај ги предвид само овие околности: па тоа е, брате, романтика, — сите тие се надсвездени глупости во најневозможни и најбудалести размери. Земи го само ова: од самиот почеток таа сонувала за некое небо на земја и за ангели. Се заљубила безгранично, поверувала во него како во бога и, уверен сум, полудела после не затоа што престанал да ја сака, ја напуштил, туку затоа што се измамила во него, што *бил тој кадар* да ја измами и напушти; затоа што нејзиниот ангел се претворил во небидник, — плукнал на неа и ја понижил. Нај-

зината романтична и егзалтирана душа не можела да ја поднесе таа промена. А на сето тоа уште и навреда: разбираш ли, каква навреда? Вцашена и, што е најважно, достоинствена, таа се оттргнала и побегнала од него со безграничен презир. Ги прекинала сите врски, ги искинала сите документи; плукнала на парите, дури и заборавила дека парите не се нејзини, туку таткови, се откажала од парите како од кал, како од прашина, за да може измамникот со својата душевна величина да го уништи и да стекне право да го смета за ајдут и цел век да го презира, па тука веројатно уште и додава дека смета оти е срамота да се кажува негова жена. Кај нас нема разводи, но, всушност, тие се развеле. Па зар таа него после да го моли за помош! Имај на ум дека таа, избезумена, дури на претсмртната постела ѝ рекла на Нели: не оди кај нив, работи, загини, но не оди им, без обзир кој те вика (поправо, таа уште тука сонувала дека ќе ја викаат, па дека ќе ѝ се даде прилика уште еднаш да се одмазди, со презирање да го строши тој што вика, со еден збор, таа, наместо со леб, се хранела со злобна фантазија). Многу, брате, дознав и од Нели, дури и сега уште по нешто дознавам. Се разбира, мајка ѝ била болна од офтика; а таа болест посебно развива огорченост и секаков јад. Но, сепак, јас сигурно знам, преку една кума кај Бубнова, дека таа му пишала на кнезот; да, на кнезот, лично на кнезот . . .

— Му пишала! И тој го примил тоа писмо? — викнав со нестрпливост.

— Па токму во тоа е и работата што јас не знам дали го добил. Еднаш ќерка му на Смит се состанала со таа кума (се сеќаваш, кај Бубнова, онаа набелената жена, сега таа е в затвор), е, па преку неа сакала да го испрати писмото и веќе го напишала, туку не ѝ го дала, ами го вратила назад. Тоа било три недели пред нејзината смрт . . . Значаен факт: зашто кога еднаш се решила да му пише, тогаш е сосем сеедно дали писмото го зела назад, — можела другпат да го испрати. Значи, дали го испратила писмото или не, јас не знам; но има една причина за претпоставка дека не го прати-

ла, зашто кнезот сигурно дозна оти таа е во Петроград, и каде е точно, изгледа дури по нејзината смрт. Можеш да си помислиш колку морал да се израдува!

— Да, се сеќавам, Аљоша ми кажуваше за некакво писмо кое кнезот многу го израдувало, но тоа беше сосем неодамна, можеби само пред два месеца. А, што се случи натаму: како си ти сега со кнезот?

— А што имам јас со кнезот? Сфати: сево ова кај мене е само најполна морална увереност, а ни еден вистински доказ, — ни еден, колку и да ја чукав главата. Критична положба! Требаше во странство да се изнаоѓаат податоци, но каде во странство — којзнае? Јас, се разбира, разбрав дека ми претстои борба, дека можам да го заплашувам само со претскажувања, да се направам дека божем знам повеќе отколку што знам вистина . . .

— И што потоа?

— Не оди тој на лепило! Но инаку сепак се преплаши, толку се преплаши што и сега се плаши од мене. Ние двајцата имавме неколку состаноци. Само да видеше каков страшливец се покажа! Еднаш, божем од пријателство, почна самиот сè да ми расправа. Тоа беше кога мислеше дека јас знам сè. И убаво ми расправаше, со чувство, искрено, — но, се разбира, лажеше немилосрдно. И ете, тука видов колку се плашеше од мене. Пред него едно време се правев ужасно наивен, а навидум покажував дека сакам да го измамам. Невешто го застрашував, поправо, намерно невешто, намерно му зборував дрскости, почнав божем да го плашам, — но за да ме смета тој за наивен, па некако да ми се довери. Но подмолникот се сети! Другпат, пак, се направив дека сум пијан, пак ништо, препреден е. Можеш ли ти да го разбереш тоа, Вања: мене ми требаше да дознам во колкава мера се плаши тој од мене; и второ: да му покажам дека знам повеќе отколку што знам, всушност . . .

— И, што се случи најпосле?

— Ама, ништо не испадна. Требаше да имам докази, факти, а јас ги немав. Едно само забележа тој,

дека јас сепак би можел да му направам скандал. Се разбира, тој само од скандал се плашеше, дотолку повеќе што овде почна да создава врски. А сигурно знаеш дека ќе се ожени?

— Не...

— Догодина. Девојка уште лани си натокмил. Девојка; тогаш имала само четиринаесет години, а сега веројатно веќе има петнаесет, уште е во престилка, кутрата! А родителите среќни, пресреќни! Па сега сигурно гледаш колку му беше потребно да му умре жената! Генералска ќерка, па — миразџивка! Јас и ти, брате Вања, никогаш нема да се ожениме така... Но јас додека сум жив нема да си простам нешто, — викна Маслобоев, силно удирајќи со тупаница по масата, — тоа е што пред две недели тој подлец ме врза.

— Како така?

— Еве како. Гледам дека тој сфати оти јас немам ништо позитивно и, најпосле, чувствувам дека колку што ја развлекувам работата, тој толку побргу, разбираш ли, ќе ја почувствува мојата немоќ. Па така се согласив да примам од него две илјади.

— Му зеде две илјади!...

— Во сребро, Вања. Со тешко срце зедов. Зар две илјади за таква работа! Со понижување ги примив. Стојам пред него како исплукан, а тој ми вели: „Јас вас, Маслобоев, за поранешниот труд ваш уште не сум ви платил (а за поранешниот тој одамна ми плати сто и педесет рубли, како што се погодивме). Јас сега, вели, патувам, па еве ви ги овие две илјади, и сега сметам дека целата наша работа со ова е сосема завршена". А јас му велам: „Сосем завршена, велам", и не смеам да му ја погледнам муцката. Мислам во себе: Ете, просто, како да му го читам од лицето прашањето: „Мислиш, си ме надмудрил? Тоа само од добродушност му го давам на еден коњ". Веќе не се сеќавам како си заминав тогаш откај него.

— Па тоа е подмолно, Маслобоев! — викнав јас. — Што си направил со Нели!

— Море не е тоа само подмолно, тоа е одвратно... Тоа е... тоа е... но тука веќе ни збор не може да се каже!

— Господи! Па тој би морал барем да ја згрижи Нели.

— Ех, би морал! А како да го натераш? Да го заплашиш со нешто? Сега веќе не може да се уплаши зашто, ете, примив пари. Самиот, самиот в очи му признав дека треба да се плаши од мене само додека не ми покаже некои две илјадарки — самиот, ете, се проценив себеси за толкава сума! Па со што да го заплашиш сега?

— Па зар, зар работата на Нели е сосем пропадната? — викнав скоро во очај.

— Воопшто! — викна Маслобоев запалено, па некако самиот се сепна. — Не, нема тоа така да му го оставам! Јас пак одново ќе почнам, Вања: јас веќе се решив! Па што тогаш и ако сум ги зел тие две илјади? Голема работа! Јас — така доаѓа — заради навреда ги примив, зашто тој, несреќникот, ме измами, значи ме мислеше за будала! Ме измами, па уште и се шегачи со мене! Нема, брате, ќе запаметиш ти кого си го сметал за будала!... Туку сега јас, Вања, целата работа од самата Нели ќе ја почнам. По некои мои забележувања, јас сум сосем уверен дека во неа се крие целиот расплет на оваа работа. Таа знае, сè... Нејзе ѝ раскажала мајка ѝ. Во треска, во тага можела да ѝ раскаже. Немала кому да му се пожали, се погодила тука Нели и таа ѝ раскажала. А можеби и на некакви документи ќе нагазиме, — додаде тој со слатко восхитување, триејќи ги рацете...

— Разбираш ли сега, Вања, зошто јас овде се вртам постојано? Пред сè, од пријателство кон тебе, тоа и да не ти го зборувам: но, најважното е: ја посматрам Нели; а трето, брате Вања, сакал не-сакал, но ти сега мораш да ми помогнеш, затоа што имаш влијание врз Нели!...

— Бездруго, ти се колнам, — викнав јас, — и се надевам, Маслобоев, дека ти овде, во прв ред, за Нели

ќе се грижиш, — за едно, кутро навредено девојче, а не само за својот џеб . . .

— А што ти е тебе грижа за чија корист ќе се грижам, божји човеку? Само да се нареди работата, тоа е главно! Се разбира, во прв ред, сиротата да ја помогнеме, тоа ни го налага и човекољубивоста. Но ти, Вањушка, немој најпосле да ме осудуваш ако се погрижам и за себе. Јас сум сиромав човек, а тој кон сиромасите, нели знаеш како постапуваше. Тој мене ми го зема моето, па, неранимајко, покрај тоа уште и ме измами. Па тогаш, според твоето разбирање, јас би морал тоа низ прсти да му го гледам? Не сте го нашле таквиот човек!

* * *

Но нашиот цветен празник утредента не ни успеа. На Нели ѝ стана многу лошо, па веќе не можеше да излезе од собата.

И никогаш веќе не излезе од таа соба.

Умре по две недели. За тие две недели борба со смртта таа не можеше ни еднаш сосем да дојде на себе, ниту да се ослободи од своите чудни визии. Нејзиниот ум како да се помати. Беше тврдо уверена до самата смрт дека ја вика дедо ѝ кај него и дека ѝ се лути што не доаѓа, удира со стапот и ѝ заповеда да оди од добрите луѓе да пита за леб и бурмут. Често ќе почнеше да плаче во сон, а кога ќе се разбудеше, ќе расправаше дека ја видела мама.

Само понекогаш како да ѝ се враќаше сосем свеста. Еднаш јас и таа останавме сами. Таа се подаде кон мене, па ми ја фати раката со својата сува рачичка, врела од голема температура.

— Вања, — ми рече таа, — кога ќе умрам, ожени се со Наташа!

Тоа, изгледа, беше нејзина постојана и одамнешна мисла. Јас молчејќи ѝ се насмевнав, а таа со немирен израз ми се закани со своето слабичко прсте, па веднаш почна да ме бацува.

На три дена пред смртта, една прекрасна летна вечер, таа ме замоли да ја дигнеме завесата па да отвориме прозорец во нејзината соба. Прозорецот гледаше во градинката. Таа долго време гледаше во густото зеленило, во заоѓањето на сонцето, па одеднаш замоли да нè остават сами.

— Вања, — рече таа со одвај чуен глас, зашто силите веќе сосем ја имаа изневерено, — јас скоро ќе умрам. Многу бргу, па сакам да ти кажам да се сеќаваш за мене. За спомен ти го оставам еве ова (и таа ми покажа голема амајлија што ѝ висеше на градите, заедно со крвче). Тоа ми го даде мама кога умираше. Па ете, кога ќе умрам јас, симни ја од мене амајлијава, земи ја кај себе и прочитај што пишува во неа. А јас денеска на сите ќе им кажам да не ја даваат на никој друг, туку само тебе. И кога ќе прочиташ што пишува, појди кај н е г о и кажи му дека умрев, но дека не сум м у простила. И кажи му дека сега бргу го читав Евангелието. Таму пишува: проштавајте им на сите свои непријатели. Па ете, јас тоа го прочитав, но н е м у сепак не му простив, зашто и мама кога умираше и кога можеше уште да зборува, последно што кажа беше г о п р о к о л н у в а м, па, ете, и јас сега го проколнувам, не поради себе, туку поради мама . . . И уште да му кажеш како умре мама, како останав јас сама кај Бубнова, раскажи му како ме виде ти кај Бубнова, сè, сето тоа да му го раскажеш, па уште речи му дека сакав дури и кај Бубнова да бидам, но кај него не отидов . . .

Зборувајќи го тоа, Нели пребледи, очите ѝ сјаеја, а срцето почна да ѝ чука толку силно што постана на перницата, па веројатно две минути ни збор не можеше да проговори.

— Викни ги, Вања, — рече таа најпосле со тивок глас, — сакам да се простам и со сите нив. Збогум, Вања! . . .

Таа топло ме прегна за последен пат.

Влегоа сите. Стариот никогаш не можеше да сфати дека таа е на умирање. Тој не сакаше ни да допушти таква помисла. Тој до последниот час се расправаше

со сите нас и нѐ уверуваше дека Нели бездруго ќе оздрави. Тој целиот се прецеди од жал; по цели денови па дури и цели ноќи преседуваше кај постелата на Нели. Последната ноќ не мигна. Се трудеше однапред да го почувствува и најмалото нејзино барање, најмалата желба на Нели па кога ќе излегуваше откај неа, горко плачеше но по еден миг пак почнуваше да се надева, пак ќе нѐ уверуваше дека ќе оздрави. Целата соба ѝ ја наполни со цвеќиња. Еднаш ѝ донесе цела китка прекрасни ружи, бели и црвени; некогаш одеше далеку по нив, па ѝ ги носеше на својата Нелица... Со сето тоа тој неа многу ја возбудуваше. Таа не можеше со сето срце да не се одзвие на таква општа љубов. Таа вечер, вечерта на нејзиното проштавање со нас, стариот воопшто не сакаше да се прости со неа зсекогаш. Нели му се насмевна, па целата таа вечер се трудеше да изгледа весела, се шегуваше, дури и ќе се насмееше... Ние сите излеговме откај неа скоро со надеж, но утредента таа веќе не можеше да зборува. По два дена почина.

Се сеќавам како го украсуваше стариот нејзиниот мал сандак со цвеќиња и со очај гледаше во нејзиното измршавено мртво лице, во нејзината мртва насмевка, во нејзините рачиња прекрстени на градите. Плачеше за неа како за свое родено дете. Наташа, јас — сите ние го тешевме, но тој беше неутешен и сериозно се разболе по нејзиниот погреб.

Ана Андреевна самата ми ја предаде амајлијата што ја симна од градите на Нели. Во таа амајлија имаше писмо од мајка ѝ до кнезот. Го прочитав на денот од смртта на Нела. Таа се обрнуваше кон кнезот проколнувајќи го, зборуваше дека не може да му прости, го опишуваше својот живот во последно време, сите тие стравотии во кои ја остава Нели, па го молеше да направи барем нешто за детето. „Детето е ваше, — пишуваше таа, — таа е ваша ќерка, и вие самиот знаете дека е таа вистинска ваша ќерка. Јас ѝ реков да дојде кај вас кога ќе умрам и да ви го предаде в рака ова писмо. Ако не ја оттурнете Нели, јас можеби и ќе ви простам таму и на судниот ден

ќе застанам пред престолот божји, па ќе го молам Судијата да ги прости вашите гревови. Нели ја знае содржината на моево писмо. Јас ѝ го читав, и сè ѝ објаснив, таа знае сè, сè . . .“

Но Нели не го исполни заветот: таа знаела сè, но не отиде кај кнезот и умре непомирена.

Кога се вративме од погребот на Нели, јас и Наташа излеговме во градината. Денот беше топол, целиот блескаше во светлост. Тие патуваа по една недела. Наташа ме погледна долго, со чуден поглед.

— Вања, — рече таа, — Вања, па тоа беше сон!

— Што беше сон? — ја прашав јас.

— Сè, сè, — одговори таа, сè целата оваа година. Вања, зошто ја уништив твојата среќа?

А во очите ѝ прочитав:

„Ние заедно би можеле да бидеме засекогаш среќни!“